Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2021 – 2025



СЕКРЕТАРИЈАТ
ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА





Јуни, 2021

# СОДРЖИНА


## ВОВЕД 14 - 15

0.1 ЦЕЛ И СТРУКТУРА НА НПАА 16
0.2 ОСВРТ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ССА 21

## КЛАСТЕР 1 : ТЕМЕЛИ 34 - 35

### I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ 38 - 39

1.1 ДЕМОКРАТИЈА 40
Избори 40
Собрание 45
Владеење 54
Граѓанско општество 62
Реформа на безбедносните и разузнавачките служби 65
Граѓански надзор 66
1.2 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 68
Стратешка рамка 69
Креирање на политики и координација 70
Управување со човечки ресурси 72
Транспарентност и отчетност 74
Испорака на услуги 79
3.23. ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА 82
3.23.1 Функционирање на правосудство 84
3.23.2 Антикорупциска политика 90
3.23.3 Темелни права 96
ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП) 98
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ 98
ЗАТВОРСКИ СИСТЕМ 100
СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ 101
ПРАВА НА ДЕТЕТО 103
ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА 103
АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 104
СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 107
ПРОЦЕС НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА 109
ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО 110

ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНА И ДРУГ ВИД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ НА ДЕЦА 112
ПРАВА НА ЗАЕДНИЦИТЕ 113
ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ 114
3.24 ПРАВДА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ 116
3.24.1. Миграција 118
3.24.2 Азил 120
3.24.3 Визна политика 122
3.24.4 Надворешни граници и граници на Шенген зоната 124
3.24.5 Судска соработика во граѓански и кривични предмети 126
3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал 128
3.24.7 Борба против тероризам 135
3.24.8 Борба против дрога 138
3.24.9 Царинска соработка 140
3.24.10 Фалсификување на евро 142
II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ 144 - 145
2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА 148
Макроекономска стабилност 149
ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ 149
МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА 151
ИНФЛАЦИЈА 152
ПАЗАР НА ТРУД 152
НАДВОРЕШЕН СЕКТОР 153
ЈАВНИ ФИНАНСИИ 155
Слободно взаемно дејство на пазарните сили 157
ДРУШТВА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ (ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРУШТВА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ) 157
Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот 159
ВЛЕЗ НА ПАЗАРОТ 159
СТЕЧАЈ И ИЗЛЕЗ ОД ПАЗАРОТ 160
Правен систем 160
РЕГУЛИРАЊЕ НА ИМОТНИ ПРАВА 160
Одржување катастар на недвижности 160
Регистар на преземени недвижности наменети за продажба 160
Дистрибутивен систем на АКН 160

# СОДРЖИНА


Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП) 162
Ласерско скенирање на целата територија 162
Воспоставување и ставање во примена на Европскиот терестрички референтен систем- ETRS89 163
Внес на податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и одржување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви 163
Доволно развиен финансиски сектор 165
БАНКАРСКИ СИСТЕМ 165
ОСИГУРУВАЊЕ 168
ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ 170
ПАЗАР НА КАПИТАЛ 172
ЛИЗИНГ 174
ФИНАНСИСКИ ДРУШТВА 175
2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ 176
Доволно количество на човечки и физички капитал 177
ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ 177
ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ФИЗИЧКИ КАПИТАЛ 181
Влијание на државата врз конкурентноста 186
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 186
СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА (С3) 188
ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА 190
ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ ВО ТУРИЗМОТ 191
ПОЛИТИКА НА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА 193
Трговска интеграција со ЕУ 194
3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ 196
3.05.1 Општи принципи 198
3.05.2 Доделување јавни договори 203
3.05.03 Правни лекови 206
3.18 СТАТИСТИКА 208
3.18.1. Статистичка инфраструктура 210
ДИСЕМИНАЦИЈА 212
3.18.2. КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ 215
КЛАСИФИКАЦИИ 215
РЕГИСТРИ 216
3.18.3 Секторски статистики 219

ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА 219
ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ 222
СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО 224
СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 225
МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА 226
МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС 230

**3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА 236**

3.32.1 Јавна внатрешна финансиска контрола и надоворешна ревизија 238
ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА 238
ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА 242
ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА 244

3.32.2 Заштита на финансиските интереси на Европската Унија 247

Ревизија на средства од ИПА 250

3.32.3 Заштита на еврото од фалсификување 254

# КЛАСТЕР 2 : ВНАТРЕШЕН ПАЗАР 256 - 257

**3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ 260**

3.01.1 Општи принципи 262

3.01.2 Хоризонтални мерки 263
СТАНДАРДИЗАЦИЈА 263
АКРЕДИТАЦИЈА 265
МЕТРОЛОГИЈА 267
ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (ПРОВЕРКА, СЕРТИФИЦИРАЊЕ И КОНТРОЛА) 269
НАДЗОР НА ПАЗАРОТ 270

3.01.3 Стар приод на законодавството за производи 271
ВОЗИЛА 271
ХЕМИКАЛИИ 272
ЃУБРИВА 272

3.01.4 Нов и глобален приод на законодавството за производи 273

3.01.5 Процедурални мерки 274
ОРУЖЈЕ 274
ТЕКСТИЛ 275
ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ 275

# СОДРЖИНА


**3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ** 278
3.02.1 Општи принципи 280
3.02.2 ЕУРЕС 281
3.02.3 Координација на системите за социјално осигурување 282
3.02.4 Европска картичка за здравствено осигурување 284
**3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ** 286
3.03.1 Право на основање 288
3.03.2 Слобода на давање на услуги 291
3.03.3 Поштенски услуги 293
3.03.4 Заемно признавање на професионални квалификации 296
**3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ** 298
3.04.1 Движења на капитал и плаќања 300
3.04.2 Платен систем 302
3.04.3 Спречување на перење пари и финансирање на тероризам 305
**3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА** 310
3.06.1 Право на трговски друштва 312
3.06.2 Сметководство и ревизија 314
**3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ** 316
3.07.1 Авторско право и сродни права 318
3.07.2 Права на индустриска сопственост 320
**3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА** 324
3.08.1 Антитруст вклучувајќи и спојувања 326
3.08.2 Државна помош 329
**3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ** 332
3.09.1 Банки и финансиски конгломерати 334
3.09.2 Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување 341
3.09.3. Инфраструктура на финансиските пазари 348
3.09.4 Хартии од вредност и инвестициски услуги 349
**3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ** 354
3.28.1 Заштита на потрошувачите 356
3.28.2. Јавно здравје 371
КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ 372

ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ 373
НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ 374
БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ 375
ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА 376
СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО 377
БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ 381
ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА 382
СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО 383

# КЛАСТЕР 3 : КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ 384 - 385

**3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ 388**
3.10.1. Електронски комуникации и информатичко општество 390
3.10.2. Услуги на информатичко општество 396
3.10.3. Аудиовизуелна политика 404
**3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ 410**
3.16.1 Индиректно оданочување 412
ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ 412
АКЦИЗИ 415
3.16.2 Директно оданочување 418
ДАНОК НА ДОБИВКА 418
ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД 418
3.16.3 Административна соработка и меѓусебна помош 420
3.16.4 Оперативен капацитет и компјутеризација 423
**3.17 ЕМУ 430**
3.17.1 Монетарна политика 432
3.17.2 Економска политика 439
**3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ 444**
3.19.1 Трудово право 446
3.19.2 Здравје и безбедност при работа 451
3.19.3 Социјален дијалог 457
3.19.4 Политика на вработување и Европскиот социјален фонд 459
3.19.5 Социјална вклученост 470

# СОДРЖИНА


3.19.6 Социјална заштита 478

3.19.7 Заштита од дискриминација и еднакви можности 485

**3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА 491**

3.20.1.Принципи на претпријатија и индустриска политика 492

3.20.2 Инструменти на претпријатија и индустриска политика 496

3.20.3 Секторски политики 504

**3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ 506**

3.25.1 Политика на истражување 508

3.25.2 Рамковни програми 514

3.25.3 Европска истражувачка област 516

**3.26 ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И МЛАДИ 522**

3.26.1 Образование 524

ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ 524

ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 529

СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА 536

ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ 539

КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 542

ЕУ ПРОГРАМИ 547

МЛАДИ 548

СПОРТ 550

3.26.2 Култура 552

КРЕАТИВНА ЕВРОПА (КУЛТУРА И МЕДИА) 552

УНЕСКО 556

ЗАКОНОДАВСТВО 558

КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ 561

РЕФОРМИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ВО НАСОКА НА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА КУЛТУРА 2018-2022 562

**3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА 566**

3.29.1 Законодавство од областа на царина 568

3.29.2 Административен и оперативен капацитет 571

# КЛАСТЕР 4 : ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВО ПОВРЗУВАЊЕ 586-587


| | |
|---|---|
| **3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА** | **588** |
| 3.14.1. Патен сообраќај | 590 |
| 3.14.2. Железнички сообраќај | 595 |
| 3.14.3. Внатрешен воден сообраќај | 600 |
| 3.14.4. Комбиниран сообраќај | 604 |
| 3.14.5 Воздушен сообраќај | 607 |
| **3.15 ЕНЕРГЕТИКА** | **612** |
| 3.15.1 Сигурност во снабдувањето | 614 |
| 3.15.2 Внатрешен пазар | 619 |
| 3.15.4 Обновливи извори на енергија | 628 |
| 3.15.5 Енергетска ефикасност | 637 |
| 3.15.7 Нуклеарната сигурност и радијациона заштита | 643 |
| **3.21 ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ** | **648** |
| 3.21.1 Трансевропски транспортни мрежи | 650 |
| **3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | **662** |
| 3.27.1 Хоризонтално законодавство | 664 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 666 |
| УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ (УХМР) | 667 |
| ЦИВИЛНА ЗАШТИТА | 673 |
| КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ | 679 |
| 3.27.2 Квалитет на воздух | 683 |
| 3.27.3 Управување со отпад | 698 |
| 3.27.4 Квалитет на водата | 704 |
| 3.27.5 Заштита на природата | 714 |
| 3.27.6 Контрола на индустриското загадување и управување со ризици | 723 |
| 3.27.7 Хемикалии | 725 |
| 3.27.8 Генетски модифицирани организми | 733 |
| 3.27.9 Бучава | 734 |
| 3.27.10 Шумарство | 737 |

# СОДРЖИНА

## КЛАСТЕР 5 : ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РЕСУРСИ И КОХЕЗИЈА 740 - 741


**3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ** 744

3.11.1 Хоризонтални прашања 746

3.11.2 Заедничко уредување на пазарите 750

3.11.3 Рурален развој 753

3.11.4 Органско земјоделство 759

3.11.5 Политика на квалитет 760

**3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА** 760

3.12.1 Општи начела 764

3.12.2 Ветеринарна политика 766

3.12.3 Ставање во промет на храна, храна за животни и нус производи од животинско потекло 770

3.12.4 Правила за безбедност на храната 772

3.12.5 Посебни правила за добиточна храна 774

3.12.6. Фитосанитарна политика 775

**3.13 РИБАРСТВО** 780

**3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ** 792

3.22.1 Законодавна рамка 794

3.22.2 Институционална рамка 802

3.22.3 Административен капацитет 806

3.22.4 Програмирање 810

3.22.5 Следење и оценување 814

3.22.6 Финансиско управување и контрола 816

**3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ** 818

3.33.1 Традиционални сопствени ресурси 820

# КЛАСТЕР 6 : НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ 826 - 827

**3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ** **830**
3.30.1 Заедничка трговска политика 832
3.30.2 Билатерални договори со трети земји 835
3.30.3 Развојна политика 836
3.30.4. Хуманитарна помош 837
**3.31 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА** **840**
3.31.1 Заедничка, надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) 842
3.31.2 Заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) 847



# ВОВЕД



# ЦЕЛ И СТРУКТУРА НА НПАА

**Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)** е најкоплексниот и еден од најобемните стратешки и програмски документи на Северна Македонија за насочување на процесот на европска интеграција, ги дефинира приоритетите, стратегиите, динамиката и потребните ресурси за усогласување на националното законодавство со европското право, како и активностите за прилагодување на националните институции кон европските административни структури. Клучната цел на НПАА е да ја исцрта националната траекторија до нашето членство во Европската Унија, рефлектирајќи ја со тоа политичката заложба и одлучност за длабоки реформи.

Правниот основ за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ се извлекува од членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (2001), заклучоците од Европскиот совет од 19-20.06.2003 година во Солун со кои се воведува принципот на партнерство со земјите од Западен Балкан со перспектива за нивно членство во Европската Унија, Регулативата 533/2004 со кои се воспоставуваат правилата на Партнерството (Пристапно партнерство за земјите кандидати и Европско партнерство за земјите со пред-кандидатски статус) во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација, Одлуката на Советот 2004/518 за Европско партнерство со Северна Македонија, заменета со Одлуката на Советот 2006 (57) и заменета со Одлуката за Пристапно партнерство со Република Северна Македонија 80/32 од 2008 година. Овие одлуки се важечки и се составен дел од Процесот за стабилизација и асоцијација.

Во рамките на Пристапното партнерство, утврдени се **принципите, приоритетите и условите** по кои треба да се насочуваат и динамизираат реформските процеси и усогласувањето со политиките и законодавството на Европската Унија. Во точка 8 од Преамбулата на Партнерството е наведено дека се очекува земјата да развие план со временска рамка и конкретни мерки со цел натамошна интеграција во Европската Унија. Имплементацијата се следи преку механизмите на процесот за стабилизација и асоцијација и преку телата на ССА, а оцenките за успешноста и напредокот се изнесуваат низ годишните извештаи на ЕК.

Првата Национална програма за усвојување на правото на ЕУ беше подготвена и усвоена од страна на Владата 2005/2006, и од тогаш наваму речиси секоја година, врз основа на Извештаите на Европската комисија за статусот и напредокот

на земјата се врши и ревизија на НПАА. Во услови на две децении незивесност и постојано исчекување за почеток на пристапните преговори, НПАА имаше извонредно важна улога да ја одржи позитивната тензија во процесот и да обезбеди институционална инволвираност и без почеток на преговорите. Последната ревизија на НПАА беше направена во 2017 година.

Оваа ревизија на НПАА не е стандардна и битно се разликува од сите претходни верзии - прво, заради тоа што во март 2020 година земјите членки на Европската Унија донесоа Одлука за почеток на пристапните преговори, со што очекувањата се дека земјата ќе биде поамбициозна во динамиката, но и ќе носи подобри стратешки дефинирани цели;- второ, заради тоа што процесот во иднина ќе се движи според правилата на Новата методологија за зајакнати пристапни преговори со посилна политичка одговорност и значително зголемен интерес од страна на земјите членки; и трето, заради тоа што ова е прв пат НПАА да биде целосно преструктуирана според новата кластерска структура, и тоа не само технички, туку и суштински.

Клучните документи кои се основа за дефинирање на реформските приоритети се годишните извештаи на ЕК, обврските од состаноците на телата на ССА, извештаите од оценски мисии и извештаите на други меѓународни тела. Оваа НПАА особено ги зема предвид и правните акти на ЕУ презентирани на објаснувачките состаноци за секое поглавје, во 2018 и 2019 година, кои претставуваат основа за нашата подготовка за билатералниот скрининг и за градење на идните преговарачки позиции.

Во оваа ревизија на НПАА, даден е и краток преглед на резултатите од **спроведувањето на ССА** во изминатиот **дваесетгодишен период**, и реформите, кои се исто така вградени во приоритетите на НПАА, со што се обезбедува **континуитет** во процесот на пристапување.

**НПАА, како документ на Владата**, има јасно зацртани **стратешки и реформски приоритети**, со што Владата ја демонстрира својата политичка заложба и посветеност, но презема и одговорнст за мобилизација на сите капацитети и ресурси потребни за спроведување на реформите во **процесот на пристапување и одржливиот развој** на земјата.

Во координација на Секретаријатот за европски прашања (СЕП), НПАА е подготвена со активно учество и соработка на околу **800** државни службеници, експерти од сите релевантни институции вклучени во процесот на европска интеграција. НПАА претставува и **заедничка визија на администрацијата**, која го носи **најголемиот товар на процесот**, која планира, но и ги спроведува зацртаните приоритети, мерки и активности.

Администрација од околу 150 институции, со околу 1500 експерти, е соочена со **предизвикот на темелна анализа** на околу 15,000 ЕУ акти и усогласување на околу 2,000 национални акти, но и да планира ресурси, да изгради структури, системи и капацитети за правилна примена, и ефикасно да го спроведува хармонизираното законодавсто. СЕП ги дава сите методолошките насоки, алатки и целокупната помош, за оваа **исклучително сложена задача** на администрацијата, која ќе продолжи и во наредниот период.

Затоа, НПАА не е, ниту може да биде, ниту пак треба да биде, совршен документ, туку е **„жив”документ**, кој во наредниот период ќе се ревидира и надоградува, зависно од степенот на реализацијата на реформите и динамиката на процесот на пристапување и преговорите.

НПАА не служи само како план за координација на реформите и информирање на ЕК, туку и како транспарентна информација за планираните реформи, наменета исто така и за јавноста, како и за економските оператори во планирањето на своите приоритети.

По објавувањето на новата Методологија за преговори, **НПАА е соодветно прилагодена**, додека наративниот дел концептуално е реорганизиран преку групирање на поглавјата во шест тематски кластери - стратешки области:

Кластер 1 **ТЕМЕЛИ**
Кластер 2 **ВНАТРЕШЕН ПАЗАР**
Кластер 3 **КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ**
Кластер 4 **ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВО ПОВРЗУВАЊЕ**
Кластер 5 **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РЕСУРСИ И КОХЕЗИЈА**
Кластер 6 **НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ**

Методолошки и технички, **стратешката рамка на НПАА** е усогласена со стратешките приоритети, Програмата за работа и Годишната програма за работа на Владата, Програмата за економски реформи (ПЕР), среднорочната буџетска рамка, Акција 21, Агенда: Европа дома, Акцискиот план за борба против корупција, тематските прозорци од ИПА 3, целите на ОН за одржлив развојод Агенда 2030 и други релевантни секторски стратешки документи.

За секој **Кластер**, даден е **воведен дел**, во кој се наведени клучните стратешки документи и приоритети, и поврзувања со стратешките приоритети на Владата (8), ПЕР (20), ИПА 3 (5 стратешки прозорци и тематски приоритети) и целита на ОН за одржлив развој (17), како и проектираните буџетски средства и донорска помош (вклучително и кредити).

Наративниот дел дава осврт на постигнувањата во претходната година и осврт на краткорочните и среднорочните приоритети, како и програми и проекти за поддршка на приоритетите.

Внатрешната структура на документот, за секое **поглавје/подрачје** генерално ги содржи следните делови:

- Наодите и препораките дадени од последниот Извештај на ЕК
- Кратко резиме на приоритетите за следниот период
- Тековна состојба (постигнувања во однос на претходниот период)
- Краткорочни и среднорочни приоритети (во некои поглавја и долгорочни)
- Правна рамка (стратешка рамка и хармонизација на правната рамка)
- Институционална рамка (јакнење на капацитетите и имплементација)
- Програми и проекти (буџетски програми, ИПА и друга странска помош)

НПАА ги содржи следните стандардни анекси:

- Матрицата на цели и активности, предвидени со НПАА 2021-2025, како и институции носители, институции учесници и рокови за реализација;
- АНЕКС 1
  Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодавството на ЕУ (со ЕУ мерките и меѓународните стандарди), со индикативни рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување;
- АНЕКС 2
  Дистрибуција на работни места и потреби од јакнење на административните капацитети;
- АНЕКС 3
  Проектирани буџетски средства;

- АНЕКС 4
  Инструментзапретпристапна помош (ИПА) и друга странска помош, и TAIEX обуки. Дополнително, во овој анекс дадена е врската на стратешките области на донорската помош, Кластерите, ИПА 3 стратешките прозорци и НПАА поглавјата.

Согласно заложбите за транспарентност и инклузивност на процесот на креирање на политики, НПАА беше предмет на широки консултации и со граѓанските организации.

НПАА ќе се претстави и следи во Собранието, согласно воспоставента пракса на редовно информирање на Комисијата за европски прашања и Националниот совет за европска интеграција.

Следењето и известувањето за реализацијата на планираните активности ќе се врши преку постојниот координативен механизам за процесот на европска координација, при што ќе се користи и интегрираната НПАА платформа која е во фаза на надградба на постојните бази и развивање на функционалности и интероперабилни системи за поддшка на процесот на пристапување и преговори.

# ОСВРТ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ССА

Склучувањето на **Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА)** е од исклучително значење за развојот на односите помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, со што се внесе **нов квалитет**, во меѓусебните односи и предвидуваше да се постигне асоцијација во текот на максимум 10 години, во две последователни фази. Иако оваа временска перспектива не се постигна, ССА останува **единствената правна рамка** која ги регулира односите меѓу двете страни и која придонесува за политиката и економската и стабилност на земјата, консолидација на демократијата и владеење на правото. Со ССА се воспостави формална рамка за политички дијалог, на билатерално и регионално ниво, слободна трговска зона со ЕУ, а воедно се обезбеди економска, социјална, образовна, научна, технолошка, енергетска и културна соработка како и соработка во областа на животната средина. ССА останува на сила сè додека Република Северна Македонија не пристапи кон Унијата.

Оваа година се навршија **20 години** од потпишувањето на ССА и 17 години од нејзиното стапување во сила, при што земјата во континуитет ги исполнува преземените обврски. По тој повод, Секретаријатот за европски прашања подготви краток преглед на клучните области и резултати во имплементацијата на ССА, кои се исто така **вградени во реформските приоритети во кластерските поглавја на НПАА** за наредниот период:

ГЛАВАТА I од Спогодбата за стабилизација и асоцијација ги уредува **основните начела** како што се почитувањето на демократските принципи и човековите права, почитувањето на меѓународниот мир и стабилност како и градењето на добрососедските односи. Република Северна Македонија во континуитет и доследно ги почитува и применува овие принципи како клучни стожери на секое демократско општество и во согласност со определбата за членство во евро-атлантските структури. Се вложуваат значителни напори за исполнување на обврските од меѓународните конвенции, унапредување на законодавната рамка за заштита на човековите права и јакнење на институциите кои се надлежни во оваа област. Во контекст на придонесот кон одржување на меѓународниот мир и стабилноста во регионот, Северна Македонија направи **исклучителен исчекор** во затворањето

на отворените билатерални спорови и продлабочување на добрососедските односи.

ГЛАВАТА II е фокусирана на аспектите поврзани со воспоставување и водење на **политичкиот дијалог** меѓу страните, со цел да се обезбеди зголемена конвергентност на ставовите на Страните за меѓународните прашања, но и во контекст на регионалната соработка, како и за прашања од доменот на европската безбедност и стабилност, вклучувајќиги и областите опфатени со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Земјата одржува редовен политички дијалог со ЕУ и на билатерална и на мултилатерална основа. Политичкиот дијалог меѓу двете страни се одвива на исклучително високо ниво, вклучително и преку состаноците на Советот за стабилизација и асоцијација, Мешовитиот парламентарен комитет и Комитетот на региони. Претставници на земјата учествуваат на неформалните состаноци организирани од ЕУ на различни теми. Северна Македонија има високо ниво на усогласеност од преку **93%** со позициите на ЕУ во заедничката надворешна и безбедносна политика.

ГЛАВАТА III ги предвидува обврските за унапредување на **регионалната соработка** со земјите од процесот за стабилизација и асоцијација и тоа преку потпишување на договори за соработка со земјите од регионот и преку учество во регионални иницијативи.Северна Македонија останува целосно посветена на унапредување на **билатералната соработка** со земјите од регионот и активно учество во **регионалните инцијативи**. Земјата учествува во Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), Јадранско-јонска иницијатива (ЈЈИ) и ЕУ Стратегијата за јадранско јонскиот регион (ЕУСАИР), Фондот за Западен Балкан (ФЗБ) и Канцеларијата за регионалната младинска соработка (РИКО). Продолжува учеството и во Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ), во Секретаријатот на Здравствената мрежа на ЈИЕ и во МАРРИ сите со седиште во Скопје. Истовремено, Северна Македонија има статус на набљудувач во Дунавскиот процес. Во ноември 2020 година Северна Македонија официјално стана 13 земја-членка на Организацијата за Црноморска економска соработка (БСЕК).

**Берлинскиот процес** се покажа како многу ефикасен механизам за продлабочување на регионалната соработка. Северна Македонија учествуваше на сите самити, на последниот одржан во Софија во ноември 2020г. земјата беше ко-претседавач со Бугарија. Во рамките на заложбите за поблиска регионална интеграција се спроведуваат активности за олеснување на слободното движење на стоки, услуги, лица и капитал во регионот. Исто така, земјата ги спроведува активностите кои се поврзани со **Дигиталната агенда**, а веќе од **1 јули 2021** година почнува со примена и Договорот за **укинување на трошоцитеза роаминг во регионот.**

Односите со **Република Албанија** ги карактеризира континуитет во соработката и конструктивниот дијалог. Во февруари 2021, МНР на Северна Македонија оствари посета на Албанија. За време на средбите беа отворени бројни теми од взаемен интерес со фокус на соработката во НАТО, европската перспектива, регионалните иницијативи и за унапредување на соработка и во рамките на останатите секторски политики. Беше подвлечена и потребата од реализација на проекти за инфраструктурно и енергетско поврзување, но и интензивирање на соработката во други области, како трговијата, туризмот, културата, образованието. Посебен фокус беше ставен и на Иницијативата 8, како вреден форум за унапредување на трилатералната соработка, Бугарија-Северна Македонија-Албанија. Земјата се залага за реализација на приоритетите од заемен интерес за двете земји, како што се: поефикасното искористување на европските фондови, заедничкото учество во проекти во рамките на ИПА 2 компонентата за прекугранична соработка, продлабочувањето на економската соработка, промоцијата на стопанските потенцијали и реализација на инфраструктурните проекти од значење за двете држави и за регионот. Во таа насока се планира одржување на Втората заедничка седница на Владите на двете земји, одржување на редовни политички консултации меѓу двете министерства за надворешни работи и проширување на договорната рамка. Се очекува реактивирање на Мешовитиот комитет за економска соработка и одржување на состанок на Заедничкиот комитет за консултации во областа на европските интеграции помеѓу МНР на двете земји, согласно обврските од ССА.

Односите со **Република Косово** ги карактеризира конструктивен и отворен дијалог. Се планира одржување на Првата заедничка седница на Владите на двете земји, по претходно одржување на политичките консултации меѓу двете министерства за надворешни работи. Заемен е интересот за заеднички настап пред ЕУ и меѓународните фондови со заеднички проекти за добивање финансиска помош за инфраструктурно поврзување. Се планира

одржување на Четврта седница на Мешовитиот комитет за економска соработка како и проширување на договорната рамка со нови договори и документи.

Со потпишувањето на спогодбата за надминување на проблемот околу името се создадоа сите предуслови за целосно нормализирање на односите со **Република Грција**. Во изминатиот период значително беше интензивирана севкупната билатерална соработка, како во рамки на регионалните иницијативи, така и во меѓународните организации. Оваа година се интензивираа разговори со грчката страна за воспоставување рамка за следните активности, согласно Акциониот план за соработка и имплементација на Договорот од Преспа. Покрај темите за интензивирање и унапредување на економската соработка, преку поголема соработка на стопанските комори, во делот на инфраструктурата, за меѓу граничните олеснувања на движењето на граѓаните, енергетиката, се разговара и за понатамошно продлабочување на политичкиот дијалог, за пријателството и добрососедските односи, како политики на градење заедничка европска иднина. Се потпишаа три Меморандуми за разбирање меѓу двете држави за соработка во областа на инвестициите и надворешна трговија меѓу претпријатијата „Грција СА" и „Инвест Северна Македонија", за соработка меѓу министерствата за надворешни работи во едукацијата на дипломатите и за соработка во областа на цивилната заштита. Северна Македонија изрази интерес за гасно поврзување со Грција, односно се вклучи во изградбата на терминалот за течен природен гас во близина на Александрополис (Грција), како нова независна влезна точка за снабдување со природен гас на земјите од ЈИЕ. Започна соработката во рамките на Меморандумот за соработка за забрзување на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија кој се спроведува меѓу МНР на Грција и Секретаријатот за европски прашања. Се планира зачестено одржување на средби на Заедничкиот интердисциплинарен комитет на експерти за историски, археолошки и образовни прашања, Комитетот за бизнис дијалог и Меѓународната група на експерти, како и одржување на втора седница на Заедничкиот совет за соработка.

Во фокусот на односите со **Република Бугарија** е натамошното унапредување на политичкиот дијалог, како и на секторската и договорната соработка по прашања од билатерален и регионален интерес. Потпишувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка (ДПДС) од 2017 година, претставуваше значителен позитивен исчекор кон воспоставувањето на нова и позитивна динамика во билатералните односи.И покрај новонастанатата состојба во билатералните односи со противењето на Бугарија да даде

зелено светло за усвојување на преговарачката рамка на Северна Македонија и одржување на Првата меѓувладина конференција за пристапни преговори, фокусот на соработката останува на продолжување на напорите за надминување на разликите, како и динамизирање на практичната секторска соработка во сите области од заеднички интерес. Историската комисија формирана во јули 2018г. досега има одржано 12 официјални и 2 неформални состаноцишто претставува позасилена динамика, споредено со компаративните искуства на вакви слични заеднички комисии на други држави (пр. германско-полската комисија, германско-француската комисија итн.).Интензивирани се активностите за рехабилитација, реконструкција и изградба на патните делници долж Коридорот 8. Неодамна е реализирано ре-емитување на програмите на националните телевизии во двете држави, и вклучување во Т-ХомеМакс ТВ на уште 2-3 приватни бугарски телевизии, а отворени се и дописништва на МИА во Софија и на Бугарската телеграфска агенција во Скопје.

Северна Македонија е заинтересирана за изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија за откочување на пристапниот процес, засновани на европските вредности и взаемно почитување.

Билатералните односи и соработката со **Република Србија** се добри и во нагорен тренд. Политичкиот дијалог се одвива непречено. Реафирмирана е подготвеноста за реализација на Третата заедничка седница на двете Влади, за натамошен развој и интензивирање на односите и севкупната соработка меѓу двете земји во економијата, инфраструктурата, енергетиката, регионалната соработка и ЕУ интеграциите. На експертско ниво, дијалогот и соработката бележат континуитет кој е присутен и во регионалната и мултилатералната соработка. На Третата меѓувладина седница планирано е потпишување на нови билатерални договори со цел зајакнување на соработката во сите области од заемен интерес. Се очекува во наредниот период, акцентот во соработката на билатерален и регионален план да биде ставен на реализацијата на инфраструктурните проекти како и зајакнување на прекуграничната соработка. Република Северна Македонија и Република Србија потпишаа Договор и започнаа да спроведуваат заеднички контроли на граничниот премин Табановце – Прешево.

Билатералните односи со **Република Турција** се одвиваат во духот на пријателство и партнерство. Соработката е динамична на сите нивоа, а се очекува нивно дополнително продлабочување со членството на Северна Македонија во НАТО. Двете земји изразуваат меѓусебна поддршка на аспирациите за полноправно членство во Европската Унија. Воспоставена

е солидна соработка во сите области од заемен интерес со изразени заложби за нивно натамошно проширување.

Одличните и пријателски билатерални односи меѓу Северна Македонија и **Црна Гора** беа дополнително збогатени во изминатите две години, со фреквентни посети на високо и највисоко ниво. Беше одржана Заедничка седница на Владите на МК и ЦГ и Бизнис форум во ко-организација и учество на стопанските комори на двете земји, со што, на највисоко ниво беше афирмирана и поддржана B2G соработката на која беа потпишани 4 меѓународни документи.

Билатералните односи со **Босна и Херцеговина** се карактеризираат со континуиран политички дијалог и конструктивна соработка во различни области, а се очекува истата да продолжи и во претстојниот период. Соработката во областа на ЕУ интеграциите се одвива во рамките на Спогодбата за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министрите на БиХ во процесот на пристапување во ЕУ. Северна Македонија целосно ги поддржува НАТО аспирациите на БиХ. Двете земји имаат добра регионална и мултилатерална соработка и постои заемен интерес за нивно интензивирање. Во тек е постапка за отворање на културно-информативни центри во Скопје и Сараево. Постои заемен интерес за натамошно продлабочување на соработката, пред сè во областа на економијата, за што има простор и неискористени можности од двете страни, меѓу кои и реафирмирање на иницијативата за воведување авио линија Скопје – Подгорица – Сараево, одржување Бизнис форум и др. Заемни се и заложбите за натамошно унапредување на соработката во областа на: внатрешните работи, преку потпишување на Меморандум за соработка меѓу ресорните Министерства и формирање оперативна работна група за унапредување на билатералната соработка во делот на одбраната, образованието и културата.

ГЛАВАТА IV од ССА се однесува на **слободното движење на стоки** преку уредување на условите за воспоставување на **слободна трговска зона** меѓу страните и постепено укинување на царинските стапки за индустриски производи, трговијата со земјоделски и рибни производи, виното, но и одредби за заштита на домашната индустрија од прекумерен увоз на определени производи.Во првата фаза од спроведување на ССА во областа на царинската унија, во овој транзиционен период се постигна либерализација на увозот на индустриски производи. Сите обврски кои произлегуваат за производи од железо и челик успешно се реализирани.

За **земјоделските и рибни производи** со потекло од Република Северна Македонија при увоз во Европска Унија се укинати сите давачки, освен за живи говеда, говедско месо-свежо или разладено, говедско месо-замрзнато и вино, а за зеленчук и овошје е укината царинската стапка, но не и специфичната давачка. Од 2011, со донесување на соодветните Регулативи за извоз на зелечукот и овошјето со потекло од Северна Македонија во Унијата, не се наплаќа специфична царинска давачка (односно изнесува 0%). Предвидени се посебни квоти за телешко месо (babybeef). Во 2006 година со Дополнителен Протокол кој е составен дел на ССА, утврдена е квота за извоз на шеќер со потекло од Република СевернаМакедонија во Европската унија.

Увозот во Република Северна Македонија на земјоделски и рибини производи со потекло од Европската Унија е дефиниран во повеќе анекси и за одредени производи царинските стапки прогресивно се намалуваат (за некои производи во 2011 година царинските стапки се укинаа, а за некои стоки во 2011 година и понатаму се 50%, 70% или 100% од редовната царинска стапка).

Трговијата со **вино** меѓу двете страни е уредена со Дополителниот протокол со кој се приспособуваат трговските аспекти на ССА за да се земе предвид исходот од преговорите меѓу страните за реципрочни преференцијални концесии за одредени вина, реципрочното признавање, заштита и контрола на имињата на вината, и реципрочно признавање, заштита и контрола на ознаките за алкохолни пијалаци и ароматизираните пијалаци. За извозот на вино со потекло од Република Северна Македонија во Европската Унија исто така се утврдени квоти за извоз на вино во шишиња и извоз на наливно вино.

Составен дел на Спогодбата за стабилизација и асоцијација е **Протоколот за потекло на стоки.** Со овој протокол се дефинирани правилата за потекло кои е потребно да бидат исполнети за производите да се стекнат со преференцијално потекло. Во изминатиот период одредбите во протоколот за потекло неколку пати се изменети земајќи го во предвид проширувањето на Европската унија со нови членки во 2004, 2007 и 2013 година и од првичната билатерална кумулација постепено е воведена **дијагонална кумулација на потекло на стоки** (на 1 јули 2009 година за прв пат започна примената на дијагонална кумулација помеѓу Европска унија, Република Турција и Република Северна Македонија).

Регионалната конвенција за **Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло (ПЕМ Конвенција)**, како систем на пан-евро-медитеранска кумулација на потекло, овозможува примена на дијагонална кумулација помеѓу ЕУ земјите, ЕФТА земјите, ЦЕФТА страните, Турција, земјите потписнички на Декларацијата од Барселона и Фарските Острови. Во сите договори за слободна трговија меѓу овие страни кумулацијата се применуваше преку идентични протоколи за потекло. По воведувањето на ПЕМ конвенцијата, овие протоколи за потекло се заменија со упатување на примена на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло (ПЕМ Конвенција). Целтабеше/е со помош на единствена конвенција да се олесни тековната ревизија на правилата за потекло на ПЕМ со цел нивно модернизирање и поедноставување.

Република Северна Македонија официјално пристапи кон ПЕМ Конвенцијата во 2012 година, а со нејзина примена започна по завршување на интерната ратификациона постапка во 2015 година.

**ПЕМ Конвенцијата** е основа за примена на **преференцијалните правила** за потекло во трговијата помеѓу Република Северна Македонија и останатите земји со кои земјата применува Договори за слободна трговија. По добивањето на Предлог одлуката за измена на Протокол 4 од ССА, Северна Македонија ја извести ЕУ дека истата е прифатлива. Текстот на Предлог одлуката беше усогласен меѓу двете страни, во тек е финална проверка на преводот, по што ќе следи постапка за потпишување и ратификација од двете страни. Истата ќе започне да се применува од **01.09.2021 година**. Истовремено е започната постапка за измена на сите останати договори за слободна трговија со цел примена и на ревидираните правила на ПЕМ конвенцијата, како што се менува и ССА (освен ЕФТА и Украина, и ЦЕФТА и Турција).

ГЛАВАТА V ги регулира обврските за **либерализација на движењето на работници, основањето и давањето услуги и движењето на капитал**, кои се тесно поврзани и со преминот во **втората фаза од ССА** која меѓу другото предвидува и примена на **принципот на реципроцитет.** Суштината на законодавството на ЕУ во оваа сфера е да обезбеди непречено вршење на економските активности на компаниите и самовработените лица на целата територија на ЕУ со примена на подеднакви правила. Под „компании или фирми" се подразбираат компании или фирми основани според граѓанското или деловното право, вклучително и здруженија и други правни лица кои се регулирани со јавното или приватното право, со

исклучок на непрофитните организации. Терминот „услуга"се однесува на било која економска активност која вообичаено се врши заради добивање надоместок. Услугите особено вклучуваат активности од индустриска и комерцијална (трговска) природа, активности на занаетчии и активности на регулирани професии.

Во првата фаза се обезбеди целосна слобода на движење на стоките, а спроведени се активности и во однос на другите слободи на движење. Во оваа смисла донесени се и систематски понатаму се усогласуваат повеќе закони како Законот за услуги, Законот за признавање на професионалните квалификации, Законот за трговски друштва, воспоставен е Национален портал за услуги, поштенските услуги се целосно либерализирани, се планираат фазите на капитално-финансиска либерализација, итн. Иако формалниот премин во втората фаза на имплементација на ССА започна во 2019, Северна Македонија има постигнато **висок степен на исполнетост на обврските,** иако нема системски и информации за примената на обврските од страна на Унијата.

ГЛАВА VI предвидува обврска за **усогласување на националното законодавството со правото на ЕУ** и негово спроведување, особено во поглавјата од внатрешниот пазар, со посебен фокус на конкуренција, интелектуална, индустриска и трговска сопственост, јавни набавки, стандардизација, акредитација и оценка на сообразност. Согласно обврската произлезена од **член 68 од ССА**, за постепено усогласување во сите други области од „заедничките придобивки", како и Регулативите и Одлуките за Пристапното партнерство, се подготвува **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)**.

Како резултат на долгогодишната имплементација на ССА, земјата има исклучително задоволително ниво на усогласеност со релевантното право на ЕУ од **40-45%,** споредливо, а во одредени области и повисоко, од земјите коишто веќе преговараат.

ГЛАВА VII предвидува зајакната соработка во областа на **владеење на правото,** особено преку зајакнување на институциите и примената на правото, зајакнување на правосудните институции, соработката во визната политика, гранична контрола, азил и миграција, борбата против криминалот и недозволената трговија со дроги, борбата против тероризмот, против перење пари, против корупција, како и реформата на јавната администрација.

Земјата има постигнато особено **значителен напредок** во воспоставување на законската, стратешката и институционалната рамка за независност на правосудните органи, зајакната борба против корупцијата и организираниот криминал. Изминативе години преземени се значителни напори за подобрување на законската рамка која овозможува професионалност, ефикасност и независност на правосудните институции. Зајакнати се капацитетите на органите на прогонот и во континуитет се работи на подобрување на резултатите во справувањето со случаите на корупција и организиран криминал, особено кај случаи од висок профил. Земјата ги почитува обврските кои произлегуваат од договорите за реадмисија, а редовно презема и активности за спречување на обидите за нелегалнана миграција и следење на миграциските текови. За време на мигрантската криза 2015-2016 година, Северна Македонија имаше клучна улога и се покажа како кредибилен партнер на ЕУ во затворањето на т.н. Западнобалкнска рута.

ГЛАВА VIII ги регулира аспектите на **политиките на соработка** и јакнење на **економската соработка** меѓу Северна Македонија и Унијата во насока на зајакнување на економските врски и поддршка на економскиот развој на земјата, и соработката со соседите, вклучувајќи ги и земјите-членки, како придонес за регионалната стабилност.

Од 2007 година се имплементира **Договорот за изменување и пристапување во Централно европскиот Договор за слободна трговија (ЦЕФТА)**, земјата во континуитет ја спроведува трговската политика во согласност со преземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Во насока на креирање на економските политики, се подготвува **Програмата за економски реформи** како стратешки документ во економскиот дијалог со ЕУ. Овој документ претставува подготовка за учество во процесот на економски и фискален надзор на земјите членки на ЕУ, односно за вклучување во процесот на европскиот семестар за координација на економските политики во ЕУ, а се подготвува согласно заклучоците од Заедничкиот економско-финасиски дијалог. Во рамките на механизмот за социјално-економскиот дијалог кој се фокусира  на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика, се подготвува **Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика** која се фокусира

на три приоритетни области: пазар на труд и вработување, човечки капитал и вештини и социјална инклузија и социјална заштита. Исто така, земјата подготвува **Стратегија за паметна специјализација (С3)** како сеопфатен модел за одржлив економски раст, заснован на капацитетите на индустријата, науката и општеството, која треба да се поврзе со постојните стратегии за конкурентност иновации и стратегијата за истражување и развој.

ССА предвидува **соработка во низа области** како банкарство, осигурување, индустриска соработка, мали и средни претпријатија, туризам, царина и даноци; социјалните политики и платформата за сиромаштија, еднакви можности, заштита од дискриминација, родова еднаквост; соработка во образование, наука и истражување и технолошки развој, култура, аудиовизуелна политика, електронски комуникации и информатичко општество итн.

Северна Македонија тековно ги исполнува и обврските кои произлегуваат од **Енергетската заедница** и **Транспортната заедница** и вложува значителни напори за подобрување на **енергетската ефикасност**, и користење на **обновливи изворина енергија**, и во **сите области на животната** средина со цел достигнување на целите на **Зелената агенда, одржливиот развој**, како и **рамномерниот регионален и локален одржлив развој**. Владата исто така, ја започна првата фаза на подготовка на **Национална развојна стратегија (2021-2041)**.

ГЛАВА IX се однесува на можностите за користење на неповратна **финансиска помош** и заеми од Унијата кои ќе се користат за спроведување на реформите поврзани со процесот на европска интеграција особено во контекст на процесот на хармонизација, но и доделувањето на макро-финасиска помош во исклучителни ситуации.

Помошта која земјата во континуитет ја добива од Унијата е особено важна за спроведување на реформите од ЕУ агендата. Земјата ги користеше средствата од програмите КАРДС и ФАРЕ, а последователно и на помошта обезбедена преку Инструментот за претпристапна помош ИПА. Паралелно со користењето на средствата се вложуваат и напори за јакнење на административните капацитети на ИПА структурата. Во очекување на **ИПА 3**, се подготвија **Стратешкиот одговор** на ниво на тематски приоритет и Акциски фишеа за годишните акциски програми за 2021 и за 2022 година.

Земјата исто така активно учествува во **програмите и агенциите на Унијата**, програмата Еразмус+, Европа за граѓаните, Програмата на ЕУ за вработување и социјална иновација

(ЕаСИ), Механизмот за цивилна заштита, Европската агенција за фундаментални права, КОСМЕ, Хоризонт 2020, Царина 2020, Фискалис и Креативна Европа.

За време на пандемијата со КОИВД-19, ЕУ обезбеди макро-финасиска помош во висина од 160 милиони евра.

ГЛАВА X ги дефинира телата кои се формирани за следење на **спроведувањето на ССА**, и тоа:

### СОВЕТ НА ССА

Ова највисоко тело на политичко ниво воспоставено со Спогодбата за стабилизација и асоцијација се одржува еднаш годишно. Советот од страна на Северна Македонија го води министерот за надворешни работи. Од страна на Европската Унија е министерот за надворешни работи на земјата претседавач. Комисијата ја претставуваат високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика, комесарот за проширување или негов заменик и претставник на наредното претседателство. Советот низ политички дијалог разговара за најважните политички прашања и регионални прашања и се информира за состојбите и плановите на Унијата.

### КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА (КСА)

Се одржува еднаш годишно и тоа наизменично во Скопје и во Брисел. Со него раководат двајца ко-претседавачи од Република Северна Македонија и од Европската комисија. Станува збор за оперативен форум на кој се разгледуваат постигнувањата во сите подрачја и се даваат натамошни насоки за потребните реформи.

### ПОТКОМИТЕТИ НА КСА

Постојат седум поткомитети кои опфаќаат подрачја од ССА и претставуваат тела или оперативни форуми на експертско ниво на кои се разговара за постигнатите резултати во изминатата и плановите за идната година. Улогата на поткомитетите е да се презентираат достигнувањата во остварување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Тие се основен коректив и начин на следење на процесот на пристапување. На седмиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација формирана е Специјална група за Реформа на јавната администрација со цел следење на оствареniот напредок во процесот на реформа на јавна администрација.

Досега успешно се одржани 17 циклуси на состаноци, а состаноците успешно се реализираа и за време на пандемијата.



# КЛАСТЕР 1



# ТЕМЕЛИ



Во **Кластерот Темели** се опфатени краткорочните и среднорочните реформски приоритети кои се во поглавјата и областите, како што се демократските институции, поглавјата од областа на владеење на правото, реформата на јавната администрација и економските критериуми, јавни набавки, финансиска контрола и статистика. Станува збор за области кои се тесно поврзани со политичките критериуми, функционирањето на демократските институции и правната држава, професионална администрација, како и економските критериуми, доброто економско владеење, управување со јавните финансии и борбата против корупција.

Согласно новата методологија на ЕУ за пристапни преговори, овој кластер има клучна улога во пристапниот процес бидејќи **се отвора прв, а се затвора последен**, а напредокот во реформите во овој кластер ќе **влијае врз динамиката на отворање и затворање на останатите кластери.**

Во **сите поглавја и области во овој кластер**, се спроведуваат или надоградуваат **постојните стратегии и акциски планови** кои обезбедуваат континуитет и насоки за наредниот **среднорочен и долгорочен период**, меѓу кои: Стратегија за реформа на правосудниот сектор, Стратегија спречување на корупција и судир на интереси, Стратегија за реформа на јавната администрација, Стратегија за управување со јавните финасии, Стратегија за регионален развој и локален одржлив развој, Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор, Стратегија и реформи во безбедносниот сектор, затворскиот систем, миграциската политика, борбата против организиран криминал, Стратегија за дроги, Стратегија за Роми, Стратегија за родова еднаквост, Стратегија за еднаквост и недискриминација, Стратегија за заштита на децата, Стратегија за деинституционализација, Стратегија за паметна специјализација, и многу други, како и Стратегија за развој на системот на јавни набавки, Политики на системот за внатрешна контрола, и понатамошен развој на статистичките системи, кои се вградени во сите поглавја и кластери.

Во насока на обезбедување поголем **фокус на реформите** во одделни приоритетни области, Владата ги подготви и Акцискиот план за борба против корупција - **Агенда 21**, **Агенда ЕУ дома**, фокусирана на изборните реформи, правосудството, борбата против криминалот и корупцијата, основните човекови права, реформите во медиумската сфера, економското владеење, реформата на јавната администрација, како и во областа на животната средина и климатските промени. Владата презема и низа иницијативи за постигнување на **целите на одржлив развој на Агенда 2030 на ОН** и **Зелената агенда на ЕУ.** Стратешките насоки на Владата во следниот период се целосно усогласени со политиките на ЕУ, и јасно го демонстрираат реформскиот капацитет на Владата во процесот на пристапување.

Кластерот Темели е поврзан со сите други кластери/поглавја, при што се утврдени околу **130 директни врски** во и помеѓу кластерските поглавја. Борбата против корупција хоризонтално е поврзана во сите кластерски поглавја/ сектори.

Приоритетите од кластерот Темели се поврзани со стратешките приоритети на Владата во однос на владеењето на правото, независноста на правосудството, неселективната борба против криминалот и корупцијата, креирање на модерна и ефикасна администрација и успешно водење на пристапните преговори.

Во делот на економско владеење, кластерот е поврзан со **стратешките приоритети** на Владата во однос на забрзан и одржлив економски раст, повисоки стандарди и квалитет на живеење, справување со КОВИД-19 кризата, квалитетно образование достапно за сите и Зелената агенда. Клучен стратешки документ во овој дел е Програмата за економски развој (ПЕР).

Исто така, Владата подготви **интервентен План за инвестиции 2021-2027**,и започната е првата фаза на подготовка на **Национална развојна стратегија 2021-2041**, која ќе го отслика **долгорочниот консензус за приоритите**

**на државата**, и вистинско партнерство и заедничка борба на сите во справувањето со предизвиците, со цел обезбедување на достоинствен, инклузивен, зелен, и одржлив развој, но и преземање **одговорност на сегашните генерации**, за наследството што ќе го оставиме на **идните генерации.**

Од аспект на Инструментот за претпристапна помош **(ИПА-3),** реформите се поврзани со Стратешкиот прозорец СП1: Владеење на правото, фундаментални права, демократија, СП2: Добро владеење, acquis, добрососедски односи и стратешка комуникација и СП4: Конкурентност и инклузивен раст.

Стратешките развојни цели на **ОН (СРЦ)** за градење инклузивно општество и одржлив развој, пристап до правда за сите, градење на ефективни и одговорни институции на сите нивоа, еднакви можности и градење партнерства,како и развој на работни места, намалување на сиромаштијата и гладот, здравје на населението и безбедни живеалишта, снабдување со вода и комунална инфраструктура и иновативност, се исто така адресирани преку реформите во овој кластер.

Во однос на планираните **финансиски ресурси**, за реформите во овој кластер предвидени околу 345 милиони евра од националниот Буџети околу 400 милиони евра од ИПА и друга донаторска помош за следните пет години (вклучително и кредити).



# I

# ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

# ДЕМОКРАТИЈА

## Избори

### Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Генерално, правната рамка е погодна за организирањето демократски избори. Постигнат е одреден напредок во спроведувањето на препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Поради појавата на КОВИД-19, предвремените избори првично предвидени за 12 април беа одложени за 15 јули 2020 година. Треба навремено и инклузивно да се финализира сеопфатниот преглед на изборното законодавство за да се спроведат претходните и претстојните препораки на ОБСЕ/ОДИХР и на Венецијанската комисија. Државните институции и тела, особено Министерството за внатрешни работи и Државната изборна комисија, треба да направат понатамошни напори за систематско ажурирање на избирачкиот список.



## Тековна состојба

Во 2020 година се продолжи со реформата на изборното законодавство. Врз основа на препораките во Конечните извештаи на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР претседателските избори во 2019 година, беа извршени неколку измени во Изборниот законик, кои имаа за цел подобрување на законските решенија согласно споредбените анализи на европското законодавство и се предвидоа соодветни активности за доследна примена на законите поврзани со изборите:

- Се воведе обврска за ДИК и ОИК (при спроведување на локални избори) да бараат по службена должност по електронски пат, податоци од надлежните судови и другите институции, за предложените кандидати, пред да се потврдат истите. Надлежните судови и другите институции имаат обврска податоците за кандидатите да ги доставаат до ДИК и/или ОИК по електронски пат во рок од 24 часа од приемот на барањето.
- Се предвиде и податоците од Централниот регистер на население да се користат при составувањето на Избирачкиот список.
- Се воведе обврска за МВР да достави до ДИК листа на државјани кои поднеле барање за нов личен документ, сметано од денот на распишувањето на изборите па до завршувањето на јавниот увид и листа на лица кои ќе наполнат 18 години до денот на изборите.
- Се овозможи на државјаните кои се сместени во домови за вон семејна грижа да можат своето избирачко право да го остварат во институцијата каде се сместени, по претходно поднесена пријава. Оваа обврска ја реализираат ДИК, МТСП и управите на домовите за вон семејно згрижување.
- Се воведе обврска за органот надлежен за извршување на санкции, преку управите на затворите да им овозможат на лицата кои се на издржување казна затвор или се во притвор да извршат увид во избирачкиот список и да поднесат барање за издавање на нов документ за идентификација и барање за запишување или бришење во Избирачкиот список.
- Државјаните на МК кои на денот на изборите се во странство се пријавуваат за гласање преку посебна апликација развиена од ДИК.
- Се овозможи потписите за поддршка на листа/и на кандидат/и предложени од група граѓани да се собираат и пред Нотар.
- Се продолжи рокот за поднесување на листа/и на кандидати на 35 дена пред денот на изборите.
- Се прецизира поимот „изборна кампања”.

- ДКСК стана надлежна за постапување по сите приговори кои се однесуваат на непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања.
- Сепрецизирадекарадиодифузеритеиелектронските медиуми се должни да обезбедат, без надомест, простор за емитување на кампањите на ДИК, кои не се сметаат за платено политичко рекламирање.
- Сепрецизиравреметраењетонаплатенотополитичко рекламирање кај телевизиите и радиодифузерите во дополнителни девет минути на еден реален час емитување програма и поделбата на ова време помеѓу учесниците во изборниот процес.
- Се прецизира рокот и потребните документи кои медиумите треба да ги достават до ДИК во прилог на барањето за упис во регистарот на медиуми, доколку ќе учествуваат во емитување на платено политичко рекламирање.
- Се прецизира максимално дозволената цена за емитувањана платено политичко рекламирање.
- Се утврди максималниот износ на средства од Буџетот на Република Северна Македонија кои можат да се искористат за платено политичко рекламирање и тоа во висина од 2 евра по запишан гласач, како и поделбата на овие средства помеѓу учесниците во изборите.
- Се дозволи политичко рекламирање на учесниците во изборите на билборди при што обврската за нивниот закуп е на товар на учесникот на изборите а не на товар на Буџетот.
- Се прецизираа изворите на средства од кои може да се финансира политичката кампања како и од кои извори не смее да се финансира политичката кампања.
- Се прецизираа роковите во кои учесниците во изборната кампања се должни да достават извештаи до ДИК, ДКСК и ДЗР.
- Се предвиде можност ДИК да воведе биометриска идентификација на гласачите преку користење на технички средства и начинот на спроведување на гласањето преку користење на технички средства.
- Се дефинира начинот на гласање во установите за вон семејна грижа.
- Се прецизира постапката за поднесување на приговори за заштита на избирачкото право на

гласачите и заштита на избирачкото право на подносителите на листите на кандидат/и.

- Се дефинира содржината и прилозите за евентуално поднесените приговори.
- Се воведе обврска ОИК да одлучува по приговорите за заштита на личното избирачко право на гласачите, се продолжи рокот во кој ДИК треба да одлучува по поднесените приговори за заштита на избирачкото право на подносителите на листа/и на кандидат/и, односно во рок од 72 часа и Управниот суд, кој во рок од 60 часа треба да одлучува по поднесени тужби.
- Се изврши промена на изборната единица 5 и изборната единица 6 на начин што општините Дебар и Маврово и Ростуша се префрлија во изборната единица 5.
- Се воведоа нови глоби.

Во април 2021 со консензус се донесоа нови измени на Изборниот законик со кои се овозможува на следните избори да се користат отпечатоци од прсти за идентификација на гласачите. Обезбедени се 12 милиони евра за набавка на софтвер и опрема.

Донесен е нов Стратешки план на ДИК за периодот 2021 – 2023 година, како и подготовка за организирање на повеќе on-line работилници за евалуација на Изборите и работата на изборните органи.

## Краткорочни приоритети

Во пресрет на редовните локални избори, кои ќе се одржат во 2021 година ДИК ќе продолжи да обезбедува услови за веродостоен изборен процес, како што се активности за спречување и истражување на заплашување на гласачи, обезбедување поделеност на државните и партиските активности, балансирано медиумско известување и др. Избирачкиот список континуирано ќе се ажурира, во интензивна соработка со МВР, МНР, МТСП, МП и МИОА. Ќе продолжи спроведувањето на препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Ќе се вложат дополнителни напори за зајакнување на капацитетите на ДИК, согласно усвоената нова систематизација на работни места.

За ефикасна организација и спроведување на Локалните избори 2021 година, ДИК ќе воведе нов пристап во едукација

на изборните органи како и кампања за информирање и едукација на гласачите. Активностите вклучуваат едукација на изборните органи преку обуки испорачани од тренери обучени од ДИК, континуирани обуки за изборниот процес, онлајн-обуки и семинари и надгледување на процесот на едукација на изборните органи. Ќе бидат изготвени брошури, информативни материјали и видео-спотови за едукација и информирање на гласачите, запознавање со изборниот процес на гласачите кои прв пат гласаат. Ќе се подготват и дистрибуираат упатства за правата и обврските на овластените претставници на подносителите на листи, и ќе се развијат континуирани обуки за изборите за сите државни службеници во Република Северна Македонија при вработување.

## Среднорочни приоритети

ДИК ќе продолжи со извршување на своите надлежност. Во тој контекст, ќе се продолжи со активности за усовршување на електронскиот систем за управување со предмети и приговори, како и со имплементација на алатка за управување со ризици со цел идентификација на можните ризици кои претставуваат закана за правилно спроведување на изборниот процес и изнаоѓање мерки за превенција на истите. Претставници од ДИК ќе бидат активно вклучени во работната група за изготвување на нов Изборен законик.

Ќе продолжат активностите за континуираната едукација на изборните органи преку организирање на обуки вон изборен процес за членовите на изборните органи, објавување на нов оглас за регрутација на тренери и организирање и спроведување на обуки за тренинг на тренери, онлајн - обуки, како и организирање на семинари и печатење на брошури и информативни материјали, подготовка на видео-прирачници, проекти за запознавање со изборниот процес на гласачите кои прв пат гласаат и друго.

# Собрание

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Собранието ја подобри својата улога како примарен форум за конструктивен политички дијалог и ги исполни своите **законодавни функции**, вклучително и со донесување клучни закони поврзани со ЕУ. Сепак, употребата на скратената постапка треба да биде ограничена. Собранието продолжи да ги обновува контролите и рамнотежите над извршната власт, користејќи ги неговите **надзорни функции** и со работа со поголема транспарентност. Сите страни придонесоа во два успешни круга на „Дијалогот Жан Моне” со Европскиот парламент. Продолжи да се утврдува одговорноста за оние кои организираа и извршија насилство на 27 април 2017 година. Собранието ја промовираше заштитата на човековите права и ја продлабочи соработката со внадворешните надзорни чинители. Се очекува новата законодавна власт да работи на инклузивен начин за да се надоврзе на претходните постигнувања, истовремено подобрувајќи го нејзиното функционирање. Политичките партии треба да ги зајакнат своите внатрешни демократски процеси и да ја подобрат транспарентноста на нивното финансирање.



# Тековна состојба

На конститутивната седница на десеттиот парламентарен состав на Собранието одржана на 04.08.2020г. се верификуваа мандатите на 120 пратеници избрани на предвремените парламентарни избори одржани на 15.07.2020г. На продолжението на конститутивната седница на 21.08.2020 година се избра претседател на Собранието. Во десеттиот пратенички состав на Собранието (2020-2024) во периодот на подготовка на ревизијата на НПАА[1] застапени се 20 политички партии од кои дел настапуваат како коалиции, а дел самостојно и еден независен пратеник.

Во актуелниот состав на Собранието застапени се 73 пратеници и 47 пратенички. Од вкупниот број на пратеници 120, според етничката припадност 80 пратеници се Македонци, 32 се Албанци, 1 пратеник е Ром, 3 се Турци, 1 е Бошњак, 2 се Срби и 1 пратеник е Влав. Собранието на седницата одржана на 30.08.2020 избра Влада на Република Северна Македонија. На седницата на 14.09.2020 Собранието донесе Одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието.

Претседателот на Собранието на 16.11.2020 поднесе Предлог на Деловник за дополнувања на Деловникот на Собранието (по скратена постапка) чија основна цел е зголемување на ефикасноста на Собранието и работните тела кога пратеник заради здравствената состојба е спречен физички да присуствува во Собранието имајќи ја предвид состојбата предизвикана од вирусот COVID-19.

На третиот Жан Моне Дијалог меѓу Собранието и Европскиот парламент одржан на 31.01.2020 - 01.02.2020 политичките групи и раководството на Собранието се договорија за измените на Деловникот кои ќе осигурат Парламентот во новиот состав да биде ефикасен, транспарентен и ефективен во реализирањето на аспирациите на граѓаните, вклучително и во унапредувањето на членството во ЕУ. Претседателот на Собранието на 03.11.2020 остваривиртуелна консултативна средба со европратеници од Жан Моне Дијалогот, на која учествуваа и координатори на пратеничките групи и претставници на политичките партии застапени во Собранието.

Согласно Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на 07.02.2020 донесе Упатство за примена на Кодексот кое е објавено на веб страната на Собранието. Во Собранието, во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ) на 30.01.2020 се одржа работна средба на пратеници, за пренесување на искуства од САД за законодавни

1. 26.11.2020.

инструменти за борба против корупцијата, транспарентност и етика на избрани и именувани лица на централно и локално ниво. Во тек е постапката со потпишување на изјави за прифаќање на етичкиот кодекс, од страна на пратениците во новиот парламентарен состав.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието донесен на 16.01.2020 формиран е Советот на собраниската служба како и Парламентарната буџетска канцеларија која започна да подготвува стручни финансиски и буџетски анализи за потребите на пратениците и работните тела.

Собранието продолжи да ја спроведува Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) според планираните активности и средства за 2020 Програмата се спроведува од: НДИ, Центарот за управување со промени и Институтот за демократија Социетасцивилис, со институционални партнерства со Швајцарското Федерално собрание, Европскиот парламент, Естонскиот Риигикогу, Германскиот Бундестаг и организацијата Мана Балслв од Рига. Врз основа на Меморандумот и Договорот за спроведување на ПСП, Собранието формираше Управувачки совет кој во ноември 2020 даде стратешки насоки за програмирање на средствата од програмата за 2021. ПСП ги подржува целите и активностите од Стратешкиот план на Собранието 2020-2023, како и од други документи за планирање како Акцискиот план кон Партнерството за отворена власт.

Во однос на креирањето на Планот на Собранието во контекст на отворено владино партнерство (ОВП), во ноември 2020 Собранието донесе Одлука за формирање на работна група составена од пратеници, службата на Собранието и граѓански организации. Дополнително, Собранието подготви нацрт-акциски план за ОВП 2021-2023 кој го достави на консултации до граѓанските организации.

Комисиите во Собранието продолжија со работа во рамки на своите надлежности. Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите во новиот парламентарен состав усвои Деловник за работа на Комисијата и донесе одлука за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата. На седница на комисијата во ноември 2020 година беа разгледани две точки на дневен ред: Предлог-упатство за начинот и постапката за вршење на надзор над мерките за следење на комуникациите; и Административна проверка на пријавите од Јавниот повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка. Комисијата за финансирање и буџет во ноември

2020 година започна надзорна расправа на тема „Утврдување на причините и завршување на законите во постапката за доведување во стечај на Еуростандард банка АД Скопје". Комисијата за европски прашања во новиот парламентарен состав [2] одржа 4 седници на кои разгледа 5 предлог - закони од НПАА. Собранието во периодот јануари-ноември 2020 година донесе 9 закони [3] од НПАА предложени од Владата со цел усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ. Комисијата за европски прашања и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во октомври 2020 одржаа заедничка јавна расправа за Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација, со учество на претставници на граѓанското општество.

На седницата одржана на 27.10.2020, Собранието го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, а на седницата на 20.11.2020 донесе Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата се избра на 25.01.2021г. и е составена од седум членови, од кои две жени и пет мажи. Од членовите четворица се Македонци, еден Албанец, еден Турчин и еден Ром. На 11.02.2021 година еден член поднесе оставка, која Собранието ја констатира. Предлог - одлука за објавување јавен оглас за избор на член на Комисијата за спречување и заштита на дискриминацијата е на дневен ред на тековната 39-та седница на Собранието.

Собранието на 22 седница одржана на 26.11.2020 донесе Одлука за распишување оглас за избор на Народен правобранител, а на 25.1.2021 го избра новиот Омбудсман со мандат од девет години. Воедно, Собранието донесе и Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за Агенцијата за електронски комуникации.

Со цел зајакнување на капацитетите на Постојаната анкета комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот започнаа активности и обуки во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и Партнерство за демократија на американскиот Конгрес.

Комитетот за односи меѓу заедниците на првата седница одржана на 16.11.2020г. избра претседател и заменик претседател на комитетот.

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, на седницата на 03.12.2020 усвои Упатство за начинот и постапката за вршење на надзор над мерките за следење на комуникациите и спроведе административна проверка на пријавите од Јавниот повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка на Комисијата.

2. Заклучно со 26.11.2020.

3. Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија; Закон за меѓународно приватно право; Закон за енергетска ефикасност; Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени; Законот за управување со движењето на предметите во судовите; Закон за заштита на лични податоци; Закон за јавното обвинителство; Закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители; Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Клубот за младински прашања и политики одржа конститутивна седница на 04.12.2020.

Парламентарниот институт на Собранието во периодот јули-ноември 2020г. одговори на 20 барања поднесени од корисници на истражувачките услуги и изработи 12 истражувачки работи по сопствена иницијатива. Парламентарниот институт започна виртуелни едукативни активности за промовирање на култура на отвореност на законодавната власт. Вебинарите за ученици и студенти и организираните обиколки на зградата на Собранието се спроведуваат преку софтверска апликација за виртуелна тура http://vtour.sobranie.mk/, каде учествуваа 1.261 граѓани во периодот јули-ноември 2020г.

ЕУ Центарот на Собранието подготви 3 месечни публикации ЕУ весник, во електронска и печатена форма, за пратениците од новиот парламентарен состав.

## Краткорочни и среднорочни приоритети

Согласно приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Собранието (2021-2023), клучен приоритет ќе биде продолжување на работата на Собранието врз база на конструктивен политички дијалог и зајакнување на претставничката, законодавната и надзорната функција.

Претседателот на Собранието ќе продолжи со одржување на редовни координативни средби со координаторите на пратеничките групи, особено заради програмирање на работата на Собранието. На средбите ќе учествуваат и определени претставници на Владата.

Ќе продолжат активностите за подобрување на Деловникот на Собранието, особено одредбите за конститутивната седница, зајакнат надзор над Владата, јавните расправи, буџетски календар и процедура за законите со европско знаменце. Жан Моне Дијалогот останува важен форум на соработка на Собранието со Европскиот парламент, за имплементација на европската агенда и особено постигнување консензус меѓу политичките партии за клучните области од реформите на Собранието.

Собранието ќе преземе напори за ограничување на употребата на скратените постапки при донесување на законите заради овозможување на соодветно учество на релевантни заинтересирани страни во законодавниот процес и демократска дебата.

Консензусот за прашањата поврзани со спроведувањето на Охридскиот рамковен договор ќе се обезбедува во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието и координаторите на пратеничките групи.

Актите за етичко однесување на пратениците во Собранието ќе продолжат да се применуваат со цел превенирање на ситуации во кои можат да се најдат пратениците при вршење на функцијата како и за подигање на свеста на пратениците за доследно почитување на етичките начела и правила на однесување.

Функционалноста на Комитетот за односи меѓу заедниците ќе се одвива согласно законските одредби и одржување на седници.

Собранието ќе продолжи да ја зајакнува комуникацијата со граѓаните преку канцелариите на пратениците за контакт со граѓаните во единиците на локалната самоуправа.

Реформите во Собранието за парламентарна независност (финансиска, административна и безбедносна) ќе продолжат да се спроведуваат и во 2021г. со цел законодавниот дом да биде центар на политички дијалог, отчетен и транспарентен парламент и со вистинска надзорна улога. Ќе продолжи имплементацијата на измените на Законот за Собранието.

Швајцарската Програма за парламентарна поддршка ќе продолжи да се спроведува преку активности за институционален развој, дијалог за политики, надзорната и законодавната улога, транспарентност и отчетност на Собранието.

Во рамки на учеството на Собранието во ОВП, ќе се спроведуваат активности за подготовка на Акциски план 2021-2023 за утврдени области во консултации со граѓанското општество, како и за спроведување на планот кој предвидува 3 заложби: Собранието со отворен одговор и отворено опоравување од пандемијата Ковид 19; Подобрена ИКТ инфраструктура и Учество на граѓани/Отворен Парламент.

Со цел зајакнување на капацитетот на парламентарниот надзор над безбедносно-разузнавачките служби, во 2021 ќе продолжат активностите на надлежните парламентарни тела, преку одржување на седници и работни посети. Капацитетите на парламентарните комисии за надзор над работата на разузнавачките служби, ќе продолжат да се зајакнуваат со поддршка на стратешкото партнерство со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ). Согласно одлуката на Комисијата за надзор над

спроведувањето на мерките за следење на комуникациите ќе се ангажираат технички експерти за помош на работата на комисијата. Ќе се преземат напори за измени на законската регулатива и создавање на основ за користење на средствата за функционирање на Советот за граѓански надзор.

Со цел зајакнување на парламентарниот надзор над работата на Владата и вклученост на граѓанското општество во работата на Собранието, работните тела ќе одржуваат надзорни и јавни расправи, како и седници за извештаите на регулаторните тела избрани од Собранието. Ќе продолжат активностите на неформалните внатрепартиски парламентарни групи со активно учество на претставници на граѓанското општествои преку други тековни активности како: Акцискиот план на Собранието за учеството во Партнерството за отворена власт 2021-2023, како и активностите од Програмата за парламентарна поддршка која ги поддржува целите и активностите од Стратешкиот план на Собранието. Прашањето за поактиовно идно вклучување на граѓанските организации во Собранието се разгледува и во рамки на тековниот процес на Дијалогот Жан Моне меѓу пратениците од Собранието и пратениците од Европскиот парламент, каде продолжија активностите за подобрување на Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

Подобрување на капацитетот за следење на заштитата на човековите права и фундаментални слободи во земјата - Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот ќе одржува редовни седници согласно надлежностите и јавни расправи во соработка со граѓанскиот сектор. Со поддршка на Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и Партнерство за демократија на американскиот Конгрес, ќе се спроведат активности за јакнење на капацитетите на Анкетната комисија

Ќе се преземат активности за подобрување на соработката меѓу Собранието и Државниот завод за ревизија, за следење на извештаите како и напори за разгледување на конечните ревизорски извештаи со цел да се подобри парламентарниот надзор на наодите во ревизорските извештаи.

Обезбедување консензус во Собранието за прашањата поврзани со пристапувањето во Европската Унија останува клучен приоритет за Собранието. За целосно спроведување на НПАА, Собранието ќе даде приоритет на донесување на законите со кои се усогласува националното со европското законодавство, со обем и динамика во зависност од овластените предлагачи на закони.

Комисијата за европски прашања ќе го поттикнува и унапредува усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ, преку разгледување на предлог-закони од НПАА, и ќе врши контрола дали предлог-законите се правилно вградени во домашното законодавство. Комисијата задолжително ќе расправа за сите закони со ЕУ знак, од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство. Комисијата ќе ја следи реализацијата на НПАА преку разгледување на квартални извештаи доставени од Секретаријатот за европски прашања до Собранието, во однос на динамиката на усогласувањето на законодавството со правото на ЕУ, како и во однос на степенот на исполнување на обврските од Договорите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ и остварување на програмите и другите акти на институциите на ЕУ, вклучувајќи ги и програмите за финансиска помош. Комисијата ќе одржува седници во поширок состав, заедно со владини претставници надлежни за секое од поглавјата на европското законодавство, на кои ќе ги повикува и претседателите на надлежните собраниски комисии за предметната област на преговорите. Комисијата исто така ќе го повикува и главниот преговарач на седниците, за да ја известува Комисијата за сите значајни прашања во текот на преговарачкиот процес, со цел КЕП да даде мислење и препорака по нив. Комисијата редовно ќе го информира Собранието за сите прашања во однос на европската интеграција. На седниците, за прашања поврзани со ЕУ, Комисијата ќе настојува да обезбеди консензус помеѓу позицијата и опозицијата, како и со претставниците на граѓанското општество, академската заедница и другите заинтересирани субјекти кои ќе бидат поканувани на седниците. Комисијата ќе организира надзорни и јавни расправи за важни теми од евроинтегративниот процес.

Националниот совет за евроинтеграции како платформа од инклузивен карактер ќе продолжи да обезбедува широк форум за дебата за клучни прашања во процесот на европската интеграција, со учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на европската интеграција на државата. Националниот совет ќе даде придонес за унапредување на политичкиот дијалог во Собранието и во одржувањето на широк национален консензус за членство на државата во ЕУ. Согласно надлежностите, Националниот совет како клучно тело во Собранието во пристапните преговори, ќе дава мислења и насоки за подготовките за започнување на преговорите, а по отворањето на преговорите ќе дава мислења и насоки за преговарачките позиции на државата како и за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговорите. Националниот совет, во текот на преговорите ќе соработува и остварува постојани консултации со преговарачките структури, за сите поглавја за кои ќе се преговара.

Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија ќе одржува редовни состаноци и редовен парламентарен дијалог меѓу пратеници од Собранието и од Европскиот парламент. МПК ќе продолжи да издава билтен кој има за цел информирање на пратениците од Европскиот парламент, надлежните служби на Европската комисија и до претседателите на комисиите за европски прашања од националните парламенти на земјите членки на ЕУ, за активностите во Собранието поврзани со процесот на евроинтеграциите[4].

Собранието ќе продолжи со мултилатералната и билатералната соработка преку интензивна меѓународна соработка и активностите на Претседателот на Собранието, на пратеничките групи за соработка со парламенти на одделни држави и преку постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, ќе се унапредуваат и продлабочуваат севкупните билатерални односи со земјите од регионот и земјите-членки на ЕУ.

ЕУ центарот на Собранието ќе продолжи на пратениците да им обезбедува пристап до информации поврзани со ЕУ прашања преку издавање на месечна информативна публикација - ЕУ вести[5], во електронска и печатена форма, како и со проактивно информирање на пратениците за актуелни теми од законодавството и политиките на ЕУ.

4 Од јануари 2010 до февруари 2020. издадени се 61 електронски изданија на Билтенот на МПК-РСМ и ЕУ.

5 Од јуни 2014г. до ноември 2020г. ЕУ Центарот подготви 55 месечни публикации - ЕУ вести.

# Владеење

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Демократското владеење **продолжи да се консолидира**, со фокус на агендата за реформи на ЕУ и членството во НАТО. И покрај повремените тензии, техничката влада го исполни својот мандат да организира предвремени избори, истовремено справувајќи се со последиците од пандемијата на КОВИД-19, вклучувајќи и за време на вонредната состојба. Во овој период беа активирани постојните механизми за да се осигурат контроли и рамнотежи, вклучително и од Уставниот суд. Се очекува новата Влада да работи заедно со сите делови на општеството за понатамошно унапредување на реформите и приоритетите на ЕУ, истовремено решавајќи ги последиците од кризата од КОВИД-19. Меѓуетничката состојба остана мирна и продолжија напорите за зајакнување на меѓуетничките односи и за спроведување на Охридскиот рамковен договор.



# ВЛАДА

Новата Влада е избрана на 31 август 2020 година, по предвремените парламентарни избори одржани во јули 2020 година. Тоа е коалициска влада од три политички партии - Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Демократската унија за интеграција (ДУИ) и Движењето Беса. Овие политички партии имаат мнозинство 62/120 во Собранието.

Во рамките на Владата, 4 од вкупно 20 члена се министерки (20%) и тоа во Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за одбрана. Премиерот има 4 заменици, од кои ниту една е жена. Дополнително, жените се заменици министерки во две министерства, во Министерството за надворешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање. Во 2021 година, 6 од вкупно 37 лица на извршни позиции во Владата беа жени, што претставува учество од 16,2%.

Според Регистарот на институции во јавниот сектор (2019), 55% од вработените се жени и 45% мажи, но жените имаат само околу 36% од раководните позиции во јавниот сектор. Во јавните институции, жените се побројни, особено во трудот и социјалата, здравството и образованието, додека мажите се побројни во администрацијата, комуналните работи и локалната самоуправа. Жените се позастапени во судските институции, додека мажите се позастапени во безбедносниот сектор. Најголема родова нееднаквост е забележана кај јавните претпријатија, каде мажите претставуваат 83,36% од вработените, а жените 16,64%. Само 29% од управителите на јавните претпријатија се жени; само 5% жени се директорки на институции.

# КООРДИНАЦИЈА НА ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Секретаријатот за европски прашања продолжи да ја врши клучната улога во координација на процесот на европска интеграција согласно законските надлежности поврзани со координација на планирањето, следењето и известувањето за напредокот во реформите во сите поглавја и области. Овие активности ќе се спроведуваат согласно НПАА, планирањето и следењето на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и планирањето и евалуацијата на европските фондови и другата билатерална помош за спроведување на реформските активности, јакнењето на административните капацитети за приспаниот процес и активностите за прилагодување на националните институции кон европските административни структури, подготовка на националната верзија на acquis и координација и обезбедување поддршка на преговарачката структура во процесот на пристапни преговори и комуникацијата со јавноста и другите засегнати страни.

НПАА останува клучен стратешки документ на Владата кој ги интегрира плановите и визијата за динамиката на реформскиот процес вклучително и плановите за усогласување и хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ, при што фокусот е ставен на актите на ЕУ кои беа презентирани за време на објаснувачите состаноци за сите поглавја (спроведени во периодот октомври 2018-декември 2019г.) како и планираната динамика, потребните човечки и финансиски ресурси и донаторската помош. НПАА исто така ги вклучува и приоритетите од годишните извештаи на Европската комисија, обврски од ССА, оценски и други технички состаноци со ЕК. НПАА е усогласена со стратешките приоритети и Годишната програма за работа на Владата, Програмата за економски реформи, среднорочната буџетска рамка, Акција 21, Агенда: Европа дома, Акцискиот план за борба против корупција, тематските прозорци од ИПА 3, стратешките развојни цели на ОН и другите релевантни секторски стратешки документи.

Со објавувањето на новата методологија за пристапни преговори НПАА е реструктурирна со групирање на поглавјата согласно кластерите од методологијата, но концептуално ги содржи стандардните анекси: матрица на активности, законодавен анекс, анекс финансиски ресурси, анекс – човечки ресурси и анекс – ИПА и друга билатерална помош. Следењето и известувањето за НПАА ќе се врши преку веќе воспоставените механизми на квартално ниво.

Во насока на обезбедување на поголем фокус на реформите во одделни приоритетни области, Владата на 9.3.2021 година ја усвои Агенда Европа дома со кој фокусот се става на областите од кластерот Темели, како кластер што ја диктира и динамиката на самите преговори: изборните реформи, правосудството, борбата против криминалот и корупцијата, основните човекови права, реформите во медиумската сфера, економското владеење и реформата на јавната администрација. Дополнително, документот вклучува и приоритети во областа животна средина и климатски промени, бидејќи политиките во оваа област се едни од најважните за квалитетот на животот на сите граѓани и се директно поврзани со Зелената агенда на ЕУ. Овој документ е комплементарен со клучните стратешки документи на Владата, вклучително и Акција 21 и АП за борба против корупција. Напредокот во реализацијата на мерките се следи на неделна основа, а СЕП ќе подготвува редовни извештаи.

Согласно мерките од Агенда Европа дома, СЕП започна со ревизија на механизмот за управување и координација на пристапните преговори, потреба која произлегува од новата методологија за пристапни преговори. Овој процес ќе се спроведува на транспарентен начин во консултација со сите учесници во општеството, со цел преку отворен и инклузивен процес да се утврдат механизмите за вклучување и соработка со сите засегнати страни, вклучително и граѓанските организации, академската заедница, стопанските комори и синдикалните здруженија.

# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

За да се обезбеди поефикасна координација на агенциите за спроведување на законот во борбата против корупцијата и организираниот криминал, Владата воспостави нова функција на заменик претседател на Владата за борба против корупција, одржлив развој и човечки ресурси, а во март 2021 г. донесе и Акциски план за борба против корупција.

Согласно Планот се воспостави пракса на редовни двонеделни состаноци помеѓу ЗПВ задолжен за борба против корупцијата и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) за да се обезбеди соодветно и ефикасно следење на препораките на ДКСК до органите на државната управа. Од воведувањето на овој механизам за координација тековно се одржуваат состаноци и постапено е по сите препораки на ДКСК дадени

до април 2021 г. Собранието ја усвои новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 изработена од ДКСК.

Донесен е нов Етички кодекс за членовите на Владата и носителите на функции за да се обезбеди почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста, лојалноста, отчетноста и транспарентноста. Над 300 назначени службеници го потпишаа Кодексот. Етичкиот кодекс се однесува на сите функционери неселективно, без изоставање на одредени функционери.

Првиот циклус обуки се одржа во ноември 2020 година, посебно за членовите на Владата. Владата ја потврди својата посветеност во борбата против корупцијата со разрешување на неколку носители на јавни функции кои го прекршиле Етичкиот кодекс.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Вбр. 101/2019) се прошири опфатот на иматели на информации, кој сега покрај органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, ги опфаќа и установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.Секој имател на информации е должен на својата веб-страница да ги објави и редовно да ажурира сет од 22 документи кои се однесуваат пред сè на организационото и финансиско работење. Продолжи имплементацијата на Стратегијата за транспарентност и отчетност 2019-2021 година.

На 23 јуни 2020 година беше промовирана алатката Фискална транспарентност, со која се надгради веб страницата https://koronavirus.gov.mk/. Станува збор за алатка преку која јавноста ги има на увид сите информации за средствата кои се слеваат и трошат од Буџетот, како и евиденција на сите нефинансиски донации добиени како помош, а се наменети за справување со кризата КОВИД-19. Со поврзување на базите на институциите со Електронскиот систем за јавни набавки, овозможено е од едно место јавноста да се информира за сите трошења поврзани со кризата предизвикана од КОВИД-19.

Се воведе Фискалниот бројач како алатка за транспарентност на Министерството за финансии со високофрефентни податоци, која на дневна основа ги прикажува приходите, расходите во буџетот и извршувањето на капиталните расходи, додека на месечна основа го прикажува државниот долг. Целта на оваа алатка, објавена на веб-страната на министерството, е понатамошна отвореност на буџетот кон јавноста, за да се постигне уште повисоко ниво на фискална транспарентност.

Со приклучувањето кон иницијативата за Отворено владино партнерство, Владата на Северна Македонија потпиша Декларација со која се обврза заедно со граѓанските организации и граѓаните во најмалку двогодишен период да подготвува и спроведува конкретни заложби за промовирање на транспарентноста, поддршка на граѓанското учество, борба против корупцијата и искористување на новите технологии во јавната администрација и надвор од неа за поддршка на иновациите, итн.

Во изминатиот период, спроведенисе четири Национални акциски планови за ОВП (2012-2014, 2014-2016, 2016-2018 и 2018-2020). Процесот е под координација на МИОА. Во тек е подготовка на Национален акциски план за ОВП за 2022-2023. Во септември 2020 се одржа е-конференцијата „Отворено владино партнерство – дијалог за Националниот акциски план 2021-2023", со цел да се промовира иницијативата ОВП меѓу граѓанските организации, подетално да ги информира за придобивките и остварениот прогрес и да создаде простор за дискусија за следните чекори во ко-креирањето на новиот акциски план.

За унапредување на спроведувањето на ОВП формирани се Совет за ОВП и Мрежа за ОВП, тела во кои членуваат претставници на граѓански организации и државни институции. Од неодамна е отворена и посебна веб страна за ОВП – http://www.ovp.gov.mk.

# ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

## Тековна состојба

По донесувањето на Законот за рамномерен регионален развој во јануари 2021 година (Сл.В. 24/21) и Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 (Сл.В. 76/21), Владата ја усвои Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 со Акциски план, со што ја заокружи нормативната и стратешка рамка и обезбеди предуслови за побрз и подинамичен развој на локално и регионално ниво. Главната цел на Програмата и понатаму е насочена кон создавањето на економски посилни, развојно ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа, способни да обезбедат сеопфатен, иновативен и одржлив локален раст и развој на подрачјето на кое делуваат.

На стратешко ниво, од измените на Програмата се очекува да придонесат за:

- консолидирање на систем на локалната самоуправа;
- поефикасна координација на политиките и институциите на национално и локално ниво заради поголема ефикасност на политиките за одржлив локален развој;
- поинклузивно планирање и следење на одржливиот развој на локално ниво;
- поефикасно обезбедување на услугите за граѓаните и деловните субјекти;
- поодговорно управување и контрола на јавните финансии на локално ниво;
- користење на алтернативни извори на финансирање од страна на локалните власти;
- зголемување на капацитетите на националните и локалните власти за креирање, имплементација и евалуација на одрживиот развој на локално ниво согласно Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026.

Програмата согласно заложбите ги предвидува следниве специфични цели:

- Ефективно опоравување на општините од кризата предизвикана од Ковид – 19;
- Доволност на финансиски средства за спроведување на пренесените и новите надлежности;
- Намалени диспаритети помеѓу урбаните и руралните општини, преку воспоставување интегриран, транспарентен и предвидлив систем на дотации со вградена компонента за финансиско воедначување;
- Премин од претежно институционална кон функционална децентрализација;
- Систематично зајакнати капацитети на општините со цел ефикасно да се апсорбираат зголемени финансиски средства и обврски, и
- Доследна примена на принципите за добро владеење (инклузивност, транспарентност, отчетност и партиципативност) на локално ниво.

Приоритетите за постигнување на главната цел и специфичните цели се групирани во четири компоненти на Програмата и тоа:

- Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа;

- Иновативен и инклузивен локален економски развој;
- Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението, и
- Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа.

Спроведувањето на активностите од Акцискиот план е предвидено да се врши со средства од Буџетот, грантови од Европската унија и Швајцарската агенција за развој и соработка, како и заеми од Светската Банка, KfW Банката и Банката за развој при Советот на Европа.

Со оглед на комплексноста на Програмата и Акцискиот план, Владата воспостави трослоен институционален механизам за следење на реализацијата на Програмата. Министерството за локална самоуправа врши стручни и административно-технички работи поврзани со следењето и изготвува текстови на нацрт – извештаите, врз основа на информации доставени од раководни административни службеници од органите на државна управа надлежни за реализација на одделни активности од Акцискиот план. Годишните и завршниот извештај за спроведување на Програмата се усвојуваат од колегиумот на државни секретари, а потоа и од Владата.

## Краткорочни приоритети

Ќе се изготви Методологија за следење на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година. Ќе биде спроведена Анализа на правната рамка со која се уредува положбата, надлежностите и функционирањето на локалната самоуправа во земјата. Согласно системот за следење, ќе се подготви Извештај за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 – 2020 за 2019/2020; како и за 2021 и 2022 година.

Ќе биде изготвен и Извештај за користење на средства од Буџетот за 2019 за поддршка на имплементација на Стратегија за Ромите на општините во кои е застапено ромското население за креирање на локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите.

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година и изготвувањето и спроведувањето на Акциски планови за 2021-2026, за 2024-2026 година; Согласно системот за следење, ќе се подготват и усвојат Извештаи за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 за 2023, 2024, 2025, 2026 последователно. Ќе се обезбеди поддршка на општините за креирање на Локални акциски планови.



# Граѓанско општество

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Опкружувањето во кое функционира граѓанското општество **продолжи да се подобрува**, вклучително и со спроведувањето на Стратегијата 2018-2020 и на Акцискиот план за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество. Граѓанското општество остана активно и играше клучна улога во процесите на креирање политики и одлуки. Сепак, потребни се напори за да се обезбеди позначаен и навремен процес на консултации. И владините и невладините чинители треба да осигурат дека се утврдени услови за соодветни контроли и рамнотежи. Правната и финансиска рамка треба сè уште да се подобри и да се спроведе во практика.

## Тековна состојба

Согласно определбите за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, Владата воспостави континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки. Продолжи да се спроведува **Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор** (2018-2020).

Воспоставен е независен, репрезентативен и ефективен **Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор** (Понатаму Советот), како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор. Од формирањето во април 2018 година, до ноември 2020 година, Советот одржа вкупно 24 седници. Спроведувањето на стандардите за учество на јавноста во креирањето политики има значителен напредок, пред сè, со вклучување на граѓанските организации уште во почетните фази на креирањето на законите и на политиките на различен начин, особено преку иницијативи како придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата и учество во работни групи, како и со почитување на роковите за електронски консултации на ЕНЕР. Се надгради платформата на ЕНЕР за зголемување на транспарентност и учество на засегнатите страни во процесот на креирање политики. Со цел вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на преговарачките позиции и преговори со Европската Унија, по спроведен консултативен процес, Советот утврди Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија.

Зголемена е транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Во декември 2019 година донесена е нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, а во работата на Комисијата за распределба на средствата учествуваат и два члена на Советот, од редот на граѓанските организации.

Во насока на воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти, во октомври 2020 година, Советот достави до Владата Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти.

## Краткорочни приоритети

Препознавајќи ја значајната улога на граѓанските организации како партнери во дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција, Владата ќе воспостави структурен дијалог со граѓанското општество, ќе обезбеди редовно консултирање и вклучување на граѓанските организации во сите фази на креирањето на политиките и подготовката на законите, вклучително и како членови на работни групи и ќе го поддржи граѓанското општество да креира модел за учество на граѓанските организации во идната

преговарачка ЕУ структура на земјата. Ќе се пристапи кон измена на деловниците за работа на Секторските работни групи за да се гарантира учество на граѓанските организации во процесите на планирање, програмирање и следење на искористеноста на фондовите за претпристапна помош на Европската Унија.

За обезбедување средина која ќе го поттикне развојот на граѓанскиот сектор, врз основа на оценка на актуелноста на нереализираните мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) и во консултации со граѓанските организации ќе се пристапи кон подготовка и донесување на нова Стратегија со Акциски план за периодот 2021-2023.

Ќе се изменат Законот за здруженија и фондации и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и сеопфатно ќе се реформира системот на државно финансирање на граѓанското општество. Ќе се подобри програмската поддршка на граѓанските организации преку независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност. Преку Фондот за поддршка и развој на граѓанското општество ќе се овозможи ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската унија.

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи обезбедувањето средина за развој и унапредување на граѓанскиот сектор, преку континуирано спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2021-2023.

# Реформа на безбедносните и разузнавачките служби

## Тековна состојба

Се донесоа Законот за Агенцијата за национална безбедност[6] и Законот за координација на безбедносно разузнавачката заедница на МК[7]. Донесени се подзаконски и интерни акти со кои се регулираат процедурите и постапувањата на Агенцијата. Во консултација со академската заедница и специјализираните служби на НАТО и ЕУ изготвен е предлог Закон за Агенција за разузнавање и започната е постапката за негово донесување.

Агенција за национална безбедност, која како посебен државен орган е оперативна од септември 2019 година се етаблира како професионална, независна и отчетна институција која постапува согласно законската регулатива, високи етички и професионални стандарди. Постапката за кадровско зајакнување во Агенцијата се спроведува на инклузивен начин, преку преземање на кадри од Министерството за внатрешни работи (МВР) и другите институции, како и преку селекција на најдобрите студенти од македонските универзитети. Спроведени се тематски обуки во соработка со стратешките партнери кои се во насока на постојана професионална надоградба на вработените во Агенцијата. Во насока на подобрување на меѓуинституционалната соработка Агенцијата склучи меморандуми за соработка со повеќе институции, како и со универзитети во Северна Македонија. Изготвена е интернет страница на Агенцијата[8] преку која се информира јавноста за прописите и извештаите за работа на Агенцијата.

Со цел обезбедување на координација на безбедносно-разузнавачките служби одржани се повеќе состаноци на Советот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница[9], Формирана е и Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница која е составена од претставници од аналитичките организациски единици во безбедносно-разузнавачките служби.

6 Сл.В бр.108/2019.

7 Сл.В бр.108/2019.

8 www.anb.gov.mk

9 Во Советот членуваат Претседателот на Владата, заменик на Претседателот на Владата и Министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерот за внатрешни работи, Министер за одбрана, Министер за надворешни работи, Директор на Агенција за национална безбедност, Директор на агенцијата за разузнавање и раководителот на надлежната организациска единица за воена безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана.

## Краткорочни приоритети

Ќе се спроведе административна постапка за физичко одвојување на Агенцијата за национална безбедност од МВР. Агенцијата ќе продолжи да соработува со странски партнерски безбедносни и разузнавачки служби, пред се од земјите членки на НАТО и соседните земји, на билатерално и мултилатерално ниво. Ќе се спроведува континуирана надоградба на кадровските, нормативните и информатичко-техничките капацитети.

Во тек е изготвување на национална проценка на ризик од тероризам, од страна на Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, која ќе биде усвоена од Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница. Ќе се донесе Законот за Агенцијата за разузнавање, со што од правен аспект ќе се заокружи реформата на безбедносно-разузнавачките служби.

Во насока на јакнење на парламентарниот надзор, ќе бидат назначени двајца технички експерти за постојана поддршка на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите. Ќе се финализира и листата на дополнителни национални или меѓународни експерти кои може да бидат акредитирани како експерти за ефективно спроведување на надзорот.

# Граѓански надзор

Во однос на надворешниот механизам за контрола на работењето на лицата со полициски овластувања, за да се постигне целосна оперативност на механизмот за граѓанска контрола кај Народниот правобранител (втора компонента од надворешниот механизам), се избраа три граѓански организации[10] чии претставници ќе учествуваат во овој механизам. Реформата на полицијата се спроведува согласно утврдените активности во Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020.

Во насока на исполнување на препораките на ГРЕКО, МВР донесе Акциски План за имплементација на обврските МВР кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација -Петти круг на тема „Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот”.



Во наведениот Акциски План се утврдени обврските кои произлегуваат од Извештајот, целите (препораките) за реализација на истите, активности кои произлегуваат од обврските, носителите на активностите, временска рамка за нивна реализација и статус на реализација.

## Краткорочни/среднорочни приоритети

Во наредниот период Народниот правобранител ќе склучи договор со избраните граѓански организации со што целосно ќе се заокружи втората компонента од надворешниот механизам за граѓанска контрола. За јакнење на првата компонента од надворешниот механизам, ќе се ангажираат истражители во Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

По изборот на новиот Народен правобранител одржан е консултативен состанок со граѓанските организации околу начинот на операционализација на механизмот.

Ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи и Законот за полицијата во насока на исполнување на препораките на ГРЕКО. Ќе се донесе Стратегија за обука за вработените во МВР, а ќе се изврши и евалуација на постигнатите резултати од Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020. Ќе се имплементираат обврските од Стратегијата за управување со човечките ресурси за период од 2020-2022 година, Стратегијата за развој на Центарот за обука за периодот 2020-2022 година и Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата за периодот 2020-2022 година.

10 Здружение за кривично право и криминологија на Северна Македонија, Македонско здружение за млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права.



# РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** во однос на реформата на својата јавна администрација. Постигнат е **одреден напредок** во подобрувањето на транспарентноста, со донесување на Стратегијата за транспарентност 2019-2021, операционализацијата на порталот за отворени податоци на Владата и објавувањето на податоци за владините финансии. Извештаите за следење за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии беа изготвени и придружени со адекватни активности за видливост. Се подобри процесот на јавна консултација, со зголемен број коментари за нацрт-прописите и поголема вклученост на граѓанското општество во креирањето политики. Останува од суштинско значење обезбедувањето почитување на начелата на транспарентност, заслуги и правична застапеност. Државната комисија за спречување на корупцијата продолжи да ги решава случаите на непотизам, блискост и политичко влијание во процесот на вработување на вработените во јавниот сектор. Треба да се обезбеди соодветно следење на извештаите и на препораките на Државната комисија. Во однос на отчетноста, по долго одложување, на крајот на 2019 година и во јануари 2020 година конечно беа именувани директорите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државниот завод за ревизија. Новата Влада треба да обезбеди дека реформата на јавната администрација останува приоритет, да покаже целосно почитување на начелата на реформата на јавната администрација и да ги следи реформските напори на претходната Влада.

Потребни се дополнителни напори за решавање некои од препораките од 2019 година. Во наредниот период, земјата треба, особено:

- да воспостави законодавна рамка што обезбедува целосно почитување на вработувањето засновано на заслуги за високи државни служби и други позиции;
- да го финализира хоризонталниот функционален преглед и да почне да го спроведува за да се обезбедат јасни граници на одговорност меѓу институциите;
- да обезбеди целосно спроведување на Законот за општа управна постапка.

# Стратешка рамка

## Тековна состојба

Имплементацијата на **Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 - 2022** со Акциски план (во натамошниот текст: СРЈА) продолжи врз основа на ревидираниот Акциски план од декември 2019 година. Беше изготвен годишен **Извештај за спроведување на Акцискиот план на СРЈА за 2019 година** и во тек е подготовката на **Извештај за 2020 година.**

Во однос на **управувањето со јавни финансии** во јули 2020 се усвоија Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за 2019 година, како и Акциски план за 2020 година. Се изготви и Извештајот за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - август 2020 година, кој се разгледа на петтиот Дијалог за политики за управување со јавни финансии во октомври 2020 година.

Дополнително, беа подготвени Извештај за напредок за спроведување на **Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор**, за периодот јануари - јуни 2020 година, како и Акциски план за периодот од 2019 до 2021 година од Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.

## Краткорочни приоритети

Ќе продолжи спроведувањето и следењето на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 со Акциски план, во координација со имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018 – 2021.
На почетокот на 2022 година ќе се започне со подготовка на нова Стратегија за реформа на јавната администрација со Акциски План, додека на почетокот на 2021 година ќе започне подготовка на нова Програма за реформа на управувањето

со јавни финансии 2022-2027 година, под координација на Министерството за финансии (МФ), и истата ќе се усвои до крајот на јануари 2022. Ќе продолжи со реализација **Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор** со Акциски план за периодот 2019 - 2021 година.

## Среднорочни приоритети

Ќе започне имплементацијата на новата СРЈА (2023-2026) со АП. Министерството за финансии и другите надлежни институции ќе продолжат со имплементација на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2022 - 2027.

# Креирање на политики и координација

## Тековна состојба

Генералниот секретаријат на Владата продолжи даобезбедува координацијата на процесот на стратешко планирање. **Електронскиот систем** за стратешко планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата (воведен во октомври 2019 година) е функционален и овозможува електронско подготвување и следење на Годишната програма за работа на Владата, подобрено планирање и транспарентно и ефикасно следење на степенот на реализација.

МИОА спроведе низа активности за унапредување на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и оценка на спроведувањето на регулативата (ОСР). Изработени се работни текстови на новата Методологија за ПВР и ОСР, нова форма и содржина на Извештајот за ПВР, како и работни текстови на Прирачник за ПВР и ОСР и Програма за обука за ПВР и ОСР.

За унапредување на квалитетот на процесот на ПВР, во соработка со СИГМА отпочнати се активности за методолошка и практична поддршка на три министерства[11], која ќе обезбеди подобрување на знаењето за процесот за ПВР, техниките

11 Министерство за правда - Закон за парнична постапка, Министерство за економија - Закон за концесии и јавно приватно партнерство и Министерство за труд и социјална политика - Закон за работни односи.

и методите за проценка, унапредување на вештините за спроведување на ПВР и подобрување на квалитетот на извештаите за ПВР.

## Краткорочни приоритети

По усвојувањето на **новиот Закон за буџети** ќе се подготви нова **Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**,согласно новините содржани во законот. Генералниот секретаријат ќе спроведе обуки за министерствата и органите на државната управа за практична примена на Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата. Ќе се подготви **Методологија за начинот на подготвување, следење на спроведувањето, оценување и известување на секторските стратегии** како стратешки плански документи, како и обуки за министерствата и органите на државната управа за практична примена на оваа Методологија.

Владата ќе донесе **нова Методологија за ПВР и ОСР,** нова форма и содржина на Извештајот за ПВР како и нов Прирачник за ПВР и ОСР и Програма за обука за ПВР и ОСР.

МИОА ќе продолжи да го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и Методологијата за ПВР, и да подготвува Годишни извештаи за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата. Со поддршка на СИГМА, МИОА ќе продолжи со спроведување на активностите за унапредување на квалитетот на процесот на ПВР со практична поддршка на министерства. Дополнително, со цел зајакнување на капацитетите на административните службеници одговорни за спроведување на ПВР, ќе се спроведе основна и напредна обука за ПВР.

## Среднорочни приоритети

МИОА како надлежна институција за координација на процесот на ПВР, ќе ги продолжи активностите за унапредување на овој процес, како и за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата, непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите страни во процесот на креирање на политики.



# Управување со човечки ресурси

## Тековна состојба

Со поддршка на СИГМА, во текот на 2019 МИОА изработи предлог-текст на **Закон за висока раководна служба (ЗВРС)**, со кој за првпат ќе се направи разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво во администрацијата. Продолжија активностите за подобрување на правната рамка за јавна служба и управување со човечки ресурси **(Законот за административни службеници – ЗАС и Законот за вработените во јавниот сектор- ЗВЈС)**, кои ќе бидат усогласени со предлог - ЗВРС.

Продолжија активностите за подобрување и тековното одржување на постојниот Информационен систем за управување со човечки ресурси **(ИСУЧР)**, во рамки на Договор за модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси склучен во септември 2019 година. Со имплементација на веб-сервисот за проверка на усогласеноста на податоците за вработените во институциите од јавниот сектор во постапката за пресметка на плата се забележува зголемување на внесените податоци во ИСУЧР за 12,84% до октомври 2020 година.

## Краткорочни приоритети

Во насока на унапредување на севкупната рамка за управување со човечки ресурси во јавниот сектор, ќе се донесат **ЗАС, ЗВЈС и ЗВРС** од страна на Собранието и ќе се формира **Комисијата за Висока раководна служба** за спроведување на постапки за именување, односно назначување на високи раководители.

**Ќе се воспостави Академија за обука и развој** како орган во состав на МИОА, за сеопфатен, одржлив и стабилен систем за обука и развој на административните службеници, високите раководители и сите останати групи вработени во јавниот сектор.

Ќе продолжат активностите за модернизација на **ИСУЧР.** Поконкретно, ќе се имплементира Модулот за Извештаи за сите вработени во јавниот сектор со миграција на податоци за овој модул, како и Модулот за управување со процеси. Ќе се организираат обуки за овластените вработени од институциите за работење со новиот ИСУЧР.



Врз основа на направената анализа на правната рамка на системот на плати во јавниот сектор, методологијата за собирање на податоци за системот на плати во државната администрација и јавниот сектор и споредбена анализа за системот на плати во јавната администрација и јавниот сектор во селектирани земји членки на ЕУ, ќе се иницира подготовка на **нов Закон за плати за јавниот сектор.**

## Среднорочни приоритети

Во насока на разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на државната администрација и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрацијаќе продолжи имплементацијата на ЗВРС.

Ќе продолжи имплементацијата на ЗАС и ЗВЈС во насока на целосна имплементација на транспарентни постапки за вработување и унапредување врз основа на заслуги (мерит), преку унапреден концепт на планирање на вработување и ефикасна трансфер листа и постапки за мобилност.

Агенцијата за администрација активно ќе објавува Извештаи за постапките за вработување и унапредување на административни службеници.

Академијата за обука и развој со комплетна екипираност вклучувајќи технички услови и човечки капацитети непречено ќе функционира. Континуирано ќе се спроведуваат обуки за административни службеници, високите раководители и за сите останати групи вработени во јавниот сектор.

За овој период еден од важните приоритети ќе биде зголемување на бројот на институции корисници на модулот за пресметка на плата како и користењето на работните процеси за човечки ресурси. На среден рок се предвидува донесување на новиот Закон за плати за јавниот сектор.

# Транспарентност и отчетност

## Тековна состојба

Во ноември 2019 година, отпочна со реализација ИПА проектот за поддршка на државната реорганизација. Хоризонталната функционална анализа се заврши во половина од институциите кои се дел од опфатот на проектот и се изготвија нацрт-предлози за организациски рамки на области за политики кои се во надлежност на три министерства: Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за транспорт и врски и Министерство за економија.

Во однос на примената на ЗОУП, МИОА продолжи да дава поддршка на институциите и граѓаните во врска со начелата од законот, преку „Точката за информирање за ЗОУП". Едновремено, продолжи и спроведувањето на заеднички обуки за сите овластени лица за водење на управната постапка, врз основа на Меморандумот за соработка помеѓу МИОА, Министерство за Правда и Академија за судии и јавни обвинители континуирано се спроведуваа во текот на 2019.

Во јануари 2020 година започна со реализација и ИПА проектот „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација". Се изготви функционална анализа и нова Систематизација за Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (АЗСПИЈК), со цел јакнење на нејзините капацитети. Се презентираше **Извештајот за мерење на јавната свест во однос на слободниот пристап до информации од јавен карактер.** Со поддршка на УСАИД се спроведе обука за обучувачи за вработените во АЗСПИЈК за имплементација на новините од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Се ажурираше листата на иматели на информации според новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што вкупниот број на иматели на информации порасна на 1418. Се подготви курикулум и план за обука за имателите на информации од јавен карактер од Скопје. Се донесе **Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (Сл.В бр. 60/2020), чија основна цел е правилно спроведување на законот. Се изготви Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог (Сл.В бр. 177/2020) и **внатрешни упатства за прекршочна постапка за членовите**

**на Прекршочната комисија** во АЗПСПИЈК. Прекршочната комисија прими и постапи по неколку прекршочни предмети, изрече предупредување за два од случаите, а два случаи беа ослободени од санкција.

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), во јануари 2020 година ја донесе **„Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план за нејзино спроведување 2020-2024 година"** и истата ја поднесе до Собранието на Северна Македонија за усвојување. Поради предвремените парламентарни избори, претходниот состав на Собранието не ја разгледа и усвои Националната стратегија, поради што ДКСК пристапи кон ажурирање на Националната стратегија со фокус на роковите предвидени во Акцискиот план, по што повторно ќе ја достави до Собранието за усвојување. Стратегијата конечно беше усвоена на 32-та седница на Собранието која се одржа на 18 април 2021 година.

Се изготви **Компаративна анализа за ранливост во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам, и клиентелизам**, како и **Извештај со препораки за идно постапување.** Се започна со подготовка на предлог концепт за развивање на систем на интегритет во локалната самоуправа.

Се спроведоа низа активности за јакнење на човечките и ИТ капацитетите на ДКСК, меѓу кои: обуки за вработените во Одделението за антикорупциска проверка на легислативата и надградување на Методологијата за антикорупциска проверка на законодавството. Со донаторска поддршка, ДКСК реализирање и активности за јакнење на јавната свест за важноста на етичкото однесување и интегритетот, како и за антикорупциска едукација на учениците од средните училишта. Се изготвија спотови соодветни за возраста на учениците, Прирачник за наставниците и Прирачник за учениците од средните училишта.

## Краткорочни приоритети

Ќе се финализираат активностите во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација". Ќе се изготват Извештаи од спроведената хоризонтална функционална анализа, како и предлози за нова организациска поставеност. Ќе се донесе **Законот за организација на органите на државната управа** и ќе се започне со усогласување на посебните закони, како и подготовка на измените и дополнувања на Деловникот

за работа на Владата на Република Северна Македонија. Ќе се пристапи кон изработка на посебна методологија за проценка на влијанието на регулативата (ПВР) за создавање/ спојување/ укинување на нови институции.

Едновремено, ќе се изготват **Извештаи од функционална анализа на локалната самоуправа** (пилотирана во шест општини), со препораки за потребниот број и видови на институции по општини според населението, вклучувајќи ги подрачните единици на ресорите: здравство, земјоделство и шумарство, образование, труд и социјална политика, информатичко општество и други.

Ќе продолжат заедничките обуки за сите овластени лица за водење на управната постапка, врз основа на Меморандумот за соработка помеѓу МИОА, Министерство за правда и Академија за судии и јавни обвинители.

За регулирање на раководната отчетност во институциите од јавниот сектор, ќе се донесе нов **Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.**

Заради остварување на **правото на слободен пристап до информациите** од јавен карактер, АЗПСПИЈК во текот на 2021 – 2022 ќе продолжи да постапува согласно надлежностите делегирани во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

АЗПСПИЈК ќе продолжи со континуирана поддршка и консултации со имателите на информации при нивното постапување со барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер, како и со барателите на информации.

Ќе се развијат ИТ алатки и веб модули за модернизација на статистичките податоци во АЗПСПИЈК и ќе се спроведат 10 обуки за имателите на информации, службените лица и одговорните раководни лица на институциите на локално и регионално ниво. Ќе се спроведат активности за подигнување на јавната свеста за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По усвојување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Собранието, ДКСК ќе започне активности за изготвување на софтвер за следење на нејзината реализација.

Во однос на **антикорупциски политики,** ќе се изработат предлози за **унапредување на системите за контрола,** вклучително и законски измени, ќе се пристапи кон **развој на релевантни постапки за вршење дискрециони овластувања и процедури** што ќе обезбеди транспарентност во примената на дискреционите овластувања и ќе се подготват препораки и упатства за интеграција на процедурите во институционалниот систем на постапки (дозволување внатрешна ревизија и контрола). Во континуитет ќе продолжат активностите за анализа на законите и другите прописи во кои се предвидуваат дискрециони овластувања на функционерите, формирана со решение на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

Ќе се спроведе кампања за јакнење на свеста на граѓаните за интегритет, укажување, антикорупција; ќе се изготват софтверски решенија за унапредување на работата на ДКСК и комуникацијата со другите институции; унапредување на имплементацијата на законот за укажување и воведување на системот на интегритет во институциите на централно ниво.

Ќе продолжи имплементацијата на системот на интегритет на локално ниво во 5 општини, а ќе бидат обезбедени и обуки за 15 општини и промоција **на Документ за јавна политика за вградување на родовиот аспект во имплементација на антикорупциските политики и развивање на акциски план за имплементација и мониторинг.**

Ќе започне со имплементација проект програмиран во рамки на ИПА 2020, со активности за зајакнување на мандатот на ДКСК, подобрена проверка и контрола на имотните листови на избраните и именуваните лица, примена на законот за лобирање и рестрикција на подароци, подобрување на транспарентноста во финансирање на политички партии, спречување на корупцијата во постапките на јавните набавки.

## Среднорочни приоритети

Со новата организациска поставеност на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби ќе биде утврдена јасна дистинкција помеѓу институциите и нивните улоги како креатори на политики (министерства), имплементатори на политики (агенции), и надзор на спроведување на законите (инспекторати) и регулатори (регулаторни тела). Ќе бидат утврдени надлежности и јасни линии на отчетност на институциите, со цел поефикасно и поефективно работење на институциите и давање на услуги на граѓаните. Ќе се зајакне

рамката за практикување на дискреционите овластувања преку изготвување и воспоставување на процедури и критериуми за донесување на одлуки согласно внатрешните системи за контрола, со цел да се овозможи овие права да бидат предмет на внатрешна и надворешна ревизија и надзор на независните институции како што се Народниот правобранител или Државниот завод за ревизија.

Врз основа на новиот Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ќе биде изготвен **Правилник за начинот на примена на раководната отчетност и принципите за делегирање на надлежностите и за одговорностите при спроведување на клучните процеси на управување со финансиите.**

МИОА ќе продолжи континуирано да ја следи имплементацијата на ЗОУП и да дава поддршка на институциите и граѓаните преку Точката за информирање за ЗОУП. Во зависност од тековната примената на Законот, МИОА ќе изготвува соодветни предлози и насоки со цел унапредување на неговата примена. Ќе продолжи спроведувањето на заеднички обуки за унапредување на имплементацијата на ЗОУП, согласно Меморандумот за соработка помеѓу МИОА, МП и Академија за судии и јавни обвинители.

Ќе продолжи унапредувањето на проактивната транспарентност на институциите и зголемувањето на податочни сетови достапни на порталот за отворени податоци. АЗПСПИЈК ќе продолжи со зајакнување на соработката со сродни институции на национално и меѓународно ниво, со постојните и нови потенцијални соработници преку реализација на проекти и активности и извршување на законски утврдените надлежности.

ДКСК ќе продолжи со активностите за следење на имплементација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Исто така, согласно активностите во рамките на ИПА 2020 – ЕУ во поддршка на владеење на правото, ќе се продолжи со реализација на истите по утврдена динамика и приоретизација.

# Испорака на услуги

## Тековна состојба

Во 2020 година се зголеми бројот на електронски услуги достапни на Националниот портал за е-услуги и тоа за: аплицирање за упис на давател на обука во листата на даватели на обуки за дигитални вештини, аплицирање на млади лица за ваучери за обуки за дигитални вештини, аплицирање за дозвола за движење за време на забрана за движење од страна на правни лица, за нивните вработени, аплицирање за дозвола за движење за време на забрана за физички лица. Е-услугите за физичките лица се поврзаа со Централниот регистер на население. Воедно, се развија Стандарди за давање на услуги, Методологија за вклучување на крајни корисници во процесот на развој и измена на услуги и Насоки за оптимизација на услугите (реинженеринг).

Продолжи воспоставувањето и опремување на деловни простории - Центри за услуги, визуелно препознатливи и брендирани како „Една точка за услуги" (ЕТУ), преку кои им се овозможува на граѓаните на едно место да добијат услуги и информации од различни државни и јавни институции. Се трансформираше центарот за услуги во Скопје согласно новиот концепт од визуелното брендирање, се отвори и ЕТУ во Тетово, а се финализираат градежните работи за опремување на ЕТУ во Охрид, Куманово, и Битола.

Согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Централниот регистар стави во употреба Регистар на вистински сопственици за структурно идентификување и проверка на идентитетот на вистинските сопственици. Овој Регистар ќе обезбеди јасен преглед на сопственоста во деловниот сектор и ќе придонесе кон зголемена безбедност на правните трансакции во земјата. Сопствениците на компаниите ќе мораат да внесуваат податоци за сопственост на сите правни лица во земјата и странство - пред се офшор компании.

## Краткорочни приоритети

Во континуитет ќе се работи на зголемување на бројот на електронски услуги достапни на Националниот портал за е-услуги. Националниот портал ќе обезбедува функционалност за идентификација и автентикација на правни лица, со што ќе

се овозможи давање на е-услуги на едно место и за граѓаните и за бизнисите. Ќе се работи на развој на нови е-услуги или интеграција на постоечки: упис на деца во градинка, упис на деца во основно училиште, нострификација на дипломи од странство, ученички и студентски стипендии, закажување за услуги и слично.

Со поддршка на проект во рамки на ИПА 2017 ќе се развијат нови 85 е-услуги за граѓани и бизниси кои ќе бидат достапни на Националниот портал за е-услуги, а ќе се дигитализираат регистрите кои не се во електронска форма а се потребни за новите е-услуги. Ќе се развие Методологија за мерење на квалитетот на испорака за е-услуги со градење на институционални капацитети за дигитализација на услугите (развој, планирање, одржување, давање, надградба и слично).

Ќе се воспостави електронски систем за инспекција „Е-инспектор”, кој што ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби со што ќе се намали субјективното влијание на инспекторот за време на вршење на надзорот.

Во периодот од 2021 година до 2022 година ќе се отворат два нови центри – ЕТУ.

## Среднорочни приоритети

Во континуитет ќе се работи на зголемување на бројот на електронски услуги за граѓаните и бизнисите, достапни на Националниот портал за е-услуги.Ќе бидат дигитализирани регистри кои не се во електронска форма а се потребни за новите е-услуги на Националниот портал. Дополнително, ќе се пилотира развиената Методологија за мерење на квалитетот на испорака за е-услуги со градење на институционални капацитети за дигитализација на услугите (развој, планирање, одржување, давање, надградба и слично) во 5 институции и ќе се дадат препораки за подобрување и идно користење. Во периодот од 2023 година до 2025 година ќе се отворат ЕТУ во сите градови над 25.000 жители, со цел истите да бидат достапни за граѓаните и на целата територијата на земјата.


products: storeProduct
render() {
return (
<React.Fragment>
<div className
<div class
<Title
<div c
</div>
</div>
</React.Fragment>

# ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата **има одреден степен на подготвеност / е умерено подготвена** да ги примени правото на ЕУ и европските стандарди во оваа област. Севкупно, постигнат е **добар напредок**, вклучително и преку зајакната независност на правосудството и преку решавање случаи на полициска неказнивост. Донесени се нови реформи, вклучително и Законот за јавното обвинителство, обезбедувајќи одговорност за злосторствата кои произлегуваат од и се поврзани со незаконските прислушувања. Во тек е спроведувањето на претходно донесените мерки во рамките на стратегијата на правосудството. Државната комисија за спречување на корупцијата ги искористи своите засилени овластувања и продолжи да дава резултати, вклучително и за случаи на високо ниво. Корупцијата е распространета во многу области и останува прашање на загриженост. Имаше ограничен напредок во однос на фундаменталните права. Што се однесува до законската и политичката рамка, по нејзиното укинување од Уставниот суд, приоритет на новата законодавна власт ќе биде повторно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација и формирање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Народниот правобранител има дополнителен персонал и средства за извршување на својата улога. Потребни се постојани напори за понатамошно подобрување на состојбата со човековите права во практика. Од суштинско значење е да се заврши именувањето членови на независни и регулаторни тела врз основа на заслуги. Функционалната независност на овие тела мора да биде гарантирана во секое време, вклучително и преку соодветна распределба на средства.



# ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРАВОСУДСТВОТО

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Правосудниот систем на Северна Македонија има **одреден степен на подготвеност/е умерено подготвен.** Постигнат е **добар напредок** во спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, притоа осврнувајќи се на „Итните реформски приоритети" и препораките од Венецијанската комисија и Високата експертска група за системски прашања за владеењето на правото. Сè уште се потребни напори за да се обезбеди систематско спроведување на ажурираниот Акциски план на Стратегијата за реформи во правосудството. Правосудните институции спроведуваат нови правила за именување, унапредување, дисциплина и разрешување судии, а Судскиот совет проактивно ја извршува својата улога. Како резултат на своите реформски напори во последниве години, Северна Македонија воспостави механизми за да се обезбеди независност и одговорност на правосудството, како што се правила за именувања засновани на заслуги, проверка на имотот и судир на интереси и дисциплински постапки. Треба да се обезбеди нивна решителна и конзистентна употреба пред да се предвидуваат понатамошни промени во оваа област. Законот за јавното обвинителство влезе во сила во јуни 2020 година. Целта на законот е, меѓу другото, да се обезбеди одржливо решение за случаите на Специјалното јавно обвинителство и да се утврди одговорност за злосторствата кои произлегуваат од и се поврзани со незаконските прислушувања. Исто така, беше донесен ревидираниот Закон за Советот на јавните обвинители. Ефективното спроведување на законската рамка, како и зголемените напори на сите засегнати страни да бидат пример, ќе придонесат за зголемување на довербата на јавноста во правосудството.

Во наредната година, земјата треба, особено:

- да продолжи со конзистентното спроведување на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и ажурираниот Акцискиот план на инклузивен начин, и да покажеа цврста посветеност на независноста на правосудниот систем, заштитувајќи го кој било ризик од политичко мешање, вклучително и со употреба на достапни механизми за да се провери професионализмот и интегритетот на судиите и на обвинителите;
- да ги финализирање и да започне со спроведување на стратегиите за човечки ресурси за правосудството и за обвинителството и да го подобри информатичкиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС) за да се обезбеди дека тој е целосно функционален и веродостоен;
- да продолжи да ја спроведува новата правна рамка поврзана со реформата на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и новиот Закон за јавното обвинителство.

# Тековна состојба

**Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 и Стратегијата за ИКТ** во правосудниот систем континуирано се имплементираат. Во декември 2020 година, Советот за следење на имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор одржа online состанок на кој беше усвоен Извештајот за период 2019-2020.

Во ноември 2020 година Судскиот совет ја усвои Стратегијата за управување со човечки ресурси во судството, додека во декември Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ја усвои Стратегијата за човечки ресурси во обвинителството [12].

Во 2020 година Судскиот совет избра пет нови члена (тројца од Собранието и двајца члена на непосредни избори од страна на судиите, од кои еден од редот на малцинствата и еден член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола). Во 2020 година Судскиот совет избра вкупно 14 судии во основните судови, 6 судии во Апелационите судови, 4 судии во Врховен суд и 5 претседатели на судови [13]. На 22.04.2021 година, Судскиот совет избра шест судии од шестата генерација на кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители[14].

Во јуни 2020 година Советот на јавните обвинители избра четири нови члена од редот на подрачјето на Вишите јавни обвинителства (ВЈО) во Битола, Гостивар, Скопје, како и од посебната листа на кандидати на јавните обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во земјава со изборни места како за општата листа. Во 2020 година, Советот на јавни обвинители избра 3 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје од редот на завршените слушатели на АСЈО.

На 22.04.2021 година, Советот на јавните обвинители избра пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и пет јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.

---

12 Стратегијата за управување со човечки ресурси во судството е усвоена 11 ноември 2020 година од Судскиот совет. Стратегијата за управување со човечки ресурси во обвинителството со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

13 12судии во основните судови од кандидатите од АСЈО, 2 судии беа избрани од еден во друг основен суд, по пат на хоризонтално прераспоредување, 6 судии се избрани во Апелационен суд (АС) Скопје, 4 судии се избрани во Врховен суд, претседатели на судови (АС Битола, Основен суд (ОС) Струмица, ОС Радовиш, ОС Охрид и ОС Кочани).

14 3 судии во Основен кривичен суд Скопје и 3 судии во Основен граѓански суд Скопје.

Судскиот совет донесе нов Деловник за работа, како и Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд, Методологијата за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиско работење и Методологијата за квалитативно оценување на претседателите на судовите. Во октомври 2020 година Советот на јавните обвинители донесе нов деловник за работа.

Поради КОВИД -19, Планот за надзор над АКМИС системот за 2020 година беше изменет и до крајот на годината се планира да се изврши надзор над 9 судови. Во април оваа година усвоен е вториот полугодишен извештај од надзорот над функционалноста на АКМИС системот за периодот септември - декември 2019 година.

Новиот Закон за управување со движење на предмети во судовите[15], започна да се применува од мај 2020 година, истиот предвидува заштитни мерки за непречено функционирање на системот со задолжителна употреба на АКМИС при доделување и управување со предмети.

На 30 јуни 2020 започна примената на новиот Закон за Јавно обвинителство[16] и измените и дополнувањата на Законот за Советот на јавните обвинители[17].

На 16 септември започна почетната обука за седмата генерација на 60 слушатели на АСЈО, а се објави и огласот за осмата генерација за 97 слушатели.

Просечната стапка на ефикасност во 2020 е 99,44 %. Просечно време на решавање на предметите во 2020 е 81,96, денови.

Во однос на постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, во 2020 година:

- од страна на Судскиот совет се разрешени пет судии
- за 5 судии се потврдени првостепените одлуки на Судскиот совет, од страна на Советот за жалба при Врховниот суд на РСМ;
- за 1 судија е изречена писмена опомена;

Во периодот јануари-март 2021 година, разрешени се тројца судии од страна на Судскиот совет, со што вкупниот број на разрешени судии во последните три години од страна на Судскиот совет е 12 судии.

15 Сл.В бр. 42/2020 од 16.02.2020 г.
16 Сл.В бр. 42/2020 од 16.02.2020 г.
17 Сл.В бр. 42/2020 од 16.02.2020 г.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

**Советот за следење на имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022)** ќе продолжи да одржува седници за следење на имплементација на Стратегијата, имплементацијата на донесените системски закони (измените во Законот за судовите, новиот Закон за судски совет, новиот Закон за јавното обвинителство и измените на Законот за Советот на јавни обвинители), измената на законите во областа на правосудството и разни други активности (пример track record на дисциплински постапки), како основ за зголемена доверба на граѓаните во правосудниот систем. Ќе се изготви годишен извештај за имплементација на Стратегијата. ИКТ Советот ќе ја следи реализацијата на Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија. Судскиот совет и Јавното обвинителство ќе започнат со имплементација на Стратегиите за управување со човечки ресурси во судството односно обвинителството.

Во насока на усогласување на казнената област со најновите европски директиви и меѓународни стандарди во областа, како и редефинирање на казнената политика во пропишувањето на казните за кривичните дела ќе се изготви и усвои **нов Кривичен законик.**

За натамошно усогласување со новите директиви во кривично правната област, прецизирање на одредбите во однос на определување, продолжување и укинување на мерката притвор и прецизирање на одредбите за спогодување за кривична санкција и други измени ќе се донесе нов **Закон за кривична постапка.**

Во 2021 година ќе се донесе **Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.** Законското решение во целост ќе биде усогласено со повеќе директиви на Европската унија и меѓународни акти[18].

Во 2021 година ќе продолжи надзорот над работата на судовите во насока на примената на АКМИС системот, за што ќе бидат изготвени два полугодишни извештаи. Заради усогласување со новиот Закон за управување со движење на предметите во судовите и процесите на дигититализација на судството, ќе се подготват измени и дополнувања на Судскиот деловник.

---

18 Директивата на Советот 2004/80/ЕЗ од 2004 година за надоместок на жртвите на кривично дело, Директивата 2011/36/ ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2011 година за превенција, борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите, Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела и Препораката Rec (2006) 8 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите членки за помош на жртвите од криминал.

Согласно Планот за дигитализација во судството за 2021 година, усвоен на 20 април 2021 година од страна на Владата ќе се дигитализираат 34 судови и над 120 судници, како и ќе се направат промени во процесните закони со цел одржување на онлајн судења.

Ќе се донесе новиот Закон за **Академија за судии и јавни обвинители,** во кој се имплементираат голем дел од препораките од Оценската мисија за судска обука.

Во вториот квартал од 2021 година ќе се донесе нов **Закон за адвокатура** со цел јакнење на адвокатската професија, по што ќе следи подготовка на анализа на состојбите со примената на адвокатската тарифа од 2016 година со цел детектирање на проблемите преку испитување на задоволството на корисниците од квалитетот и трошоците за адвокатските услуги.

Заради зголемување на примената на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, ќе се усвои **нов Закон за медијација**. Со новиот закон, под определени услови ќе се овозможи субвенционирање- на дел од трошоците на медијацијата. Исто така, ќе се организираат промотивни трибини за промоција на медијацијата и користа од истата како алтернативен начин на решавање на споровите.

Во 2021 година ќе продолжи да се работи на реформа на граѓанско правниот систем која преставува дел од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022). Во таа насока ќе се усвои нов **Закон за парнична постапка, нов Закон за облигационите односи** кој ќе се усогласи со сите најнови директиви во областа, нов **Закон за сопственост и други стварни права**, како и осовременување на системот на наследување преку донесување на нов **Закон за наследување.** Во насока на подобрување на системот на вештачење, ќе се донесе и нов **Закон за вештачење.**

Заради уредување на правата, обврските и одговорностите, како и подобрување на положбата на судските и јавно обвинителските службеници ќе се пристапи кон измени и дополнувања на **Законот за судска служба и Законот за јавно обвинителска служба.** Заради целосна имплементација на Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители ќе се донесат подзаконските акти за овие две законски решенија.

Ќе се усвои нов **Закон за судски буџет**, заради надминување на констатираните слабости во постојниот, како и доследно почитување на законската обврска за процентуално

издвојување на средства од Буџетот за финансирање на судскиот систем. Конечно, се планира носење на нов **Закон за плати во правосудството и Уставниот суд**, со што ќе се надминат проблемите во однос на додатоците на плата на судиите и обвинителите.

Судскиот совет ќе донесе Методологија со индикатори за сложеност на предметите и Правилник за оценување на судиите и претседателите на судовите[19].

Ќе се продолжи со следењето на ефикасноста на работењето на судовите врз основа на индикаторите за стапка на решени предмети и време на решавање на предметите.

Ќе се работи на зајакнување на човечките и финансиските ресурси на Советот на јавните обвинители, неопходни за негово непречено извршување на задачите, како и на зајакнување на кадровските капацитети во судовите и обвинителствата. Судскиот совет и Советот на јавни обвинители континуирано ќе известуваат за постапките за избор, унапредување и нестручно и несовесно вршење на судиската односно обвинителската функција и дисциплинска одговорност, со детални образложенија на нивните одлуки.

Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со спроведување на почетната обука за  седмата генерација на слушатели, а исто така ќе ја заврши постапката за прием и ќе започне со почетна обука на осмата генерација на слушатели на Академијата. Ќе продолжи спроведувањето на континуирана обука за судии, јавни обвинители и судски односно јавно обвинителски службеници.

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи да се следи имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) и Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството (2019-2024). Ќе се започне постапка за надградба на компјутерскиот систем за управување со судски предмети, и на системот за управување со предмети во обвинителството. Континуирано ќе се работи на зголемување на судскиот буџет, како и на буџетот на Јавното обвинителство.

Ќе се воспостави систем за управување со предмети во Уставниот суд.

19 изготвена со поддршка на Кралството Холандија, имплементирана преку Центарот за правни истражувања и анализи, а во координација со ИПА проект за поддршка на реформите во правосудниот сектор.

# АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија **има одредено ниво на подготовка/е умерено подготвена** во превенцијата и борбата против корупцијата. Постигнат е **добар напредок**, бидејќи земјата го консолидираше своето досие во истрагата, гонењето и судењето во предмети на корупција на високо ниво. Државната комисија за спречување на корупцијата е особено проактивна во спречувањето на корупцијата и отвори голем број предмети, вклучително и оние со високи функционери од целиот политички спектар, во согласност со минатогодишната препорака. Напорите продолжија да напредуваат со случаите на Специјалното јавно обвинителство, со што се утврдува одговорност за нелегалните прислушувања. Таканаречениот случај „рекет" предизвика сериозна загриженост. Поранешниот главен специјален јавен обвинител беше осуден во јуни 2020 година со првостепена пресуда. По истекот на мандатот на обвинителите на Специјалното јавно обвинителство, случаите беа пренесени.

Во наредната година, земјата особено треба:

- да ја спроведе новата законска регулатива за пренесување на некои од надлежностите на поранешното Специјално јавно обвинителство во канцеларијата на јавниот обвинител за гонење организиран криминал и корупција и регулирање на статусот на прислушувањето, така што ќе продолжи одговорноста за кривичните дела што произлегуваат од и во врска со прислушувањето;
- да ја зголеми евиденцијата за конечни пресуди за случаи на корупција на високо ниво, вклучително и со понатамошно одземање на криминални средства;
- да демонстрира политичка волја за борба против корупцијата преку поддршка на релевантни тела со натамошни финансиски и човечки ресурси и преку обезбедување јасни политички упатства за сите државни институции за тоа како да се справат со корупцијата во согласност со препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата.

## Тековна состојба

Во 2020 година, започна проценка на усогласеноста на Законот за заштита на укажувачи со Директивата на ЕУ 2019/1937 и Препораката на Советот на Европа CM / REC (2014) 7[20].

Во април 2021 година, Собранието ја усвои „Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план за нејзино спроведување (2021-2025)". Со Одлука на Владата на ДКСК и е доделена информатичка опрема и обезбедени се нови просторни капацитети, со вкупна површина од 2429,5 m2. Со одлука на Влада од 22.12.2020 на ДКСК им се одобрија 48,9 милиони денари за набавка за изработка на **Регистар на избрани и именувани лица,** електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем. Добиена е согласност за објавување на огласи и согласно Годишниот план на ДКСК на 08.04.2021 год. објавен е јавен оглас за вработување на 8 административни службеници, во тек е постапката за прием. Дополнително, предвидено е и унапредување на седум тековно вработени. Буџетот на ДКСК за 2021 година е значително зголемен во споредба со претходните години и изнесува 60,9 милиони денари (споредено со 37,7 милиони денари во 2020 година и 35,6 милиони денари во 2019 година).

Во 2020 година до ДКСК доставени се вкупно 418 пријави за постоење елементи за корупција од граѓани, правни лица и други, од кои во 378 предмети донесени се одлуки. ДКСК има покренато Иницијатива за кривично гонење до ОЈО за 2 предмети, додека во 11 предмети поднесена е Иницијатива за утврдување на одговорност на раководни и службени лица до надлежните институции. Изминатата година до ДКСК се доставени 6 пријави од укажувачи, во 1 случај донесена е одлука за отфрлање на пријавата, во 2 предмети, ДКСК утврди дека нема законска надлежност да постапува и истите се доставени до Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи како надлежни институции за постапување, а за другите 3 пријави постапките се во тек. ДКСК постапи по 19 предмети оформени по пријави од укажувачи во 2019 годинаод кои во 15 предмети беше донесена одлука за запирање на постапката[21], 1 предмет беше прераспореден во редовна постапка на ДКСК,

20 ЕУ-CoE Проектот против економски криминал.

21 Во 13 предмети беше утврдено дека наводите не се потврдени додека пак во 2 предмети беше утврдено дека ДКСК нема законска надлежност.

22 Иницијатива за утврдување на негова одговорност до Владата и достави Иницијатива за поведување кривично гонење против истото лице до Основното јавно обвинителство Скопје.

согласно ЗСКСИ по барање на подносител. Во 1 предмет против пријавеното лице беа доставени 2 Иницијативи за утврдување на одговорност[22] и за 1 предмет беше доставено Укажување со насоки за постапување до раководното лице на државна институција посочена во пријавата за преземање конкретни мерки и дејствија. За останатите 2 предмети постапката е во тек.

Согласно Годишниот план за 2020 година, ДКСК изврши проверка на анкетните листови на сите претседатели на основни и апелациони судови, и на поранешни јавни обвинители во Специјалното Јавно Обвинителство, од кои се оформени 42 предмети[23] и тоа: 27 за судии, 4 за претседатели на апелациони судови и 11 за поранешни јавни обвинители во СЈО. Во јуни 2020 година, ДКСК го усвои Годишниот извештај за работа за 2019 година ДКСК постапи и по предмети од областа на спречување на корупцијата за време на предвремените парламентарни избори 2020 година[24] и во октомври 2020 година достави до Собранието Посебен извештај за утврдените злоупотреби на финансирањето на изборната кампања - Предвремени избори за пратеници во Собранието за 2020 година.

Во 2020 година, Државниот завод за ревизија (ДЗР) покрена постапки пред Министерството за правда против 13 политички партии кои не доставиле годишна сметка, годишен финансиски извештај и извештај од регистарот на примени донации за 2019 година, за кои беше изречена суспензија на исплатата на средства за редовно годишно финансирање.

Во септември 2020 година, во новиот состав на Владата, за прв пат именуван е заменик претседател на Владата задолжен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси и утврден е нов Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Во март 2021 година беше донесен **Акциски план за борба против корупција**, со следниве активности:

- Екипирање и дигитализација на јавното обвинителство, како и истражните центри во основните јавни обвинителства;
- Усогласување на законодавството во областа на дигитализацијата како механизам во борбата против корупцијата;
- Зголемување на употребата на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупција;

23 6 предмети се затворени и нема основ за понатамошно постапување, за 10 предмети е покрената прекршочна постапка за недоставување на анкетен лист и образец за промена на имотна состојба. Исто така, за овие предмети не е утврдено несразмерно зголемен имот иза 2 предмети е донесен заклучок за покренување на постапка за испитување на имотна состојба. Постапувањето по останатите 24 предмети постапката е во тек.

24 До ДКСК беа доставени: 5 приговори од учесници во изборната кампања за повреда на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, 6 пријави доставени како приговори по кои ДКСК постапуваше како по редовни предмети бидејќи истите не беа поднесени од организатор на изборна кампања, 21 пријави од граѓани, политички партии и други субјекти во кои беше укажано сомневање за повреди на истите закони и 1 предмет оформен по сопствена иницијатива на ДКСК.

- Измена и дополнување на Законот за спречување корупција и судир на интереси;
- Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи; и
- Изготвување на годишна антикорупциска програма.

Донесен е нов Етички кодекс за членовите на Владата и носителите на функции за да се обезбеди почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста, лојалноста, отчетноста и транспарентноста. Над 300 назначени службеници го потпишаа Кодексот. Етичкиот кодекс ќе се применува кон сите функционери неселективно.

Реализацијата на ГРЕКО препораките во борбата против корупцијата од страна на надлежните институции беше забележан и се констатираше напредок, со што во Времениот извештај за усогласеност од Четвртиот круг на евалуација на ГРЕКО земјата ја напушти групата на држави со статус „глобално незадоволителни” (”globally unsatisfactory”).

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во насока на имплементација на ГРЕКО препораките од четвртиот и петтиот круг на евалуација и усогласување со препораката на Совет на Европа CM/Rec (2017), ќе се донесе **Закон за лобирање** со кој се уредува лобирањето кај законодавната и извршната власт на централно ниво. Ќе се продолжи со натамошна имплементација на преостанатите препораки од ГРЕКО, согласно новиот рок, за што ќе се достави Извештај до ГРЕКО до крајот на септември 2021 година.

Во текот на 2021 ќе отпочнат активности за подготовка на апликација/софтвер за следење на **Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси** ДКСК со поддршка на ИПА 2017 проект „Зајакнување на транспарентноста и отчетност на јавната администрација”[25].

Ќе се работи на подготовка и имплементација на ново софтверско решение за **Регистарот на избрани и именувани лица**, електронско доставување на образец за имотна состојба и интереси, нивно објавување, модул за прибирање на податоци од други институции преку националната платформа за интероперабилност за автоматска проверка на имотна состојба и интереси и модул за менаџирање со документи. Соработката со ОБСЕ мисијата во Скопје во 2021

---

25 Во рамки на проект ќе се реализираат следните активности: Изработка на комуникациски портал кој ќе обезбеди поврзување на ДКСК со околу 1300 институции на локално и централно ниво, унапредување на имплементацијата на Законот за заштита на укажувачите преку воспоставување на алатка за заштитено електронско пријавување, воведување на е-архива и систем за менаџирање со документи (DMS), развивање и имплементација на мобилна апликација за информирање, анкетирање и јакнење на свеста на граѓаните и развивање на софтверско решение за антикорупциска проверка на легислативата и развивање софтверско решение за следење на имплементација на системот на интегритет во институциите на централно ниво.

година ќе продолжи во насока на имплементација на системот на интегритет на локално ниво (планирани 5 општини) и обезбедување на обуки за општините (15 општини).

ДЗР ќе продолжи континуирано да го следи работењето на политичките партии. Во однос на финансиските извештаи на учесниците во изборната кампања, ДЗР ќе изготви конечен преглед на утврдени системски слабости и ќе го достави до Министерството за правда, Владата, други надлежни органи и Меѓународната фондација за изборни системи – ИФЕС. При тоа ќе ги земе предвид и Извештајот за утврдените состојби на ДКСК за спроведување на предвремените парламентарни избори во 2020 година и Извештајот за утврдени состојби и дадени препораки на ОБСЕ/ОДИХР за изборниот процес.

Во текот на 2021 и 2022 година ќе се спроведат активности за унапредување на механизмите за заштитеното пријавување и заштита на укажувачи преку усогласување на Законот за заштита на укажувачи со ЕУ директивата 2019/1937 и спроведување активности за обука на овластените лица за прием на пријави од укажувачи, и јакнење на јавната свест во областа. Ќе се спроведуваат активности во рамки на ЕУ-РАИ Проектот за зајакнување на политиките и културата за заштитено пријавување и заштита на укажувачи во земјите од Западен Балкан и Молдавија[26].

До крајот на првата половина на 2021 година, ќе се донесе **Стратегија на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап** до информации од јавен карактер (2021-2025) со Акциски план.

Ќе започне спроведувањето на Акцискиот план на Стратегија на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (2021-2025).

26 Имплементацијата на Проектот ќе трае до 2023 година. Иституции-корисници на овој проект се Министерството за правда, Државната комисија за спречување на корупцијата и Министерството за образование и наука.

## Среднорочни приоритети

ДКСК ќе продолжи со активностите за следење на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен План (2021-2025). Ќе се следи реализација на препораките на ГРЕКО од Петтиот круг на евалуација.

ДЗР континуирано ќе го следи работењето на политичките партии, како и постапувањето на организаторите на изборните кампањи и ќе презема мерки и активности согласно надлежностите утврдени со закон. Ќе се продолжи со континуирана обука на државни ревизори со цел зајакнување на капацитетите на ДЗР во Секторот за ревизија на политичките партии.

Ќе се преземаат континуирани активности во насока на унапредување на анти-корупциската правна рамка, јакнење на институционалниот интегритет, институционалната надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата за финансиско разузнавање (УФР), одржување на ефикасен систем на меѓу институционална и меѓународна соработка заради обезбедување на ефикасност на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам. За непречена и олеснета работа на ДКСК, а во контекст на потребата од централизирање на анти-корупциските превентивни мерки во контекст на новата методологија за проширување, ќе се обезбеди целосна функционалност на дигиталното поврзување на ДКСК со други институции.

# ТЕМЕЛНИ ПРАВА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Законската рамка за заштита на темелните права **во голема мера е во согласност** со европските стандарди. Процесот на деинституционализација е во тек и се спроведува преселување на деца во установи за згрижување. Министерството за труд и социјална политика инвестира во услуги во заедницата, вклучително и за поддршка на жртвите на родово насилство. Од суштинско значење е овие услуги да продолжат да бидат достапни. Потребни се дополнителни напори за решавање на препораките на европските и меѓународните тела за човекови права, особено во врска со третманот на притворени и осудени лица. Одлуката на Уставниот суд за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација на процедурална основа значи дека земјата во моментов нема сеопфатна законска рамка за недискриминација и тело за еднаквост. Овој сериозен јаз треба да го реши новата законодавна власт. Исто така е важно за земјата да го зајакне спроведувањето на законодавството за говорот на омраза и националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција. Додека поставувањето на надворешниот механизам за надзор на полицијата е завршено, отсуството на вистински независни истражувачи може да ја попречи работата на единицата за ефикасно решавање на неказнивоста на полицијата. Земјата треба да преземе итни мерки за понатамошно подобрување на состојбата во затворите и да ги поддржи алтернативите на притвор.

Во наредната година, земјата особено треба:

- брзо повторно да го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, осигурувајќи дека тој е во согласност со **правото на ЕУ** и европските стандарди за недискриминација и дека ќе се зачуваат одредбите од претходно донесениот закон, вклучително и списокот на заштитени основи, и ќе се воспостави Комисија за спречување и заштита од дискриминација;
- да ги забрза напорите за примена на препораките на меѓународните тела за набљудување, особено во врска со правата на лицата во притвор/затвор; промовирање, заштита и гарантирање на правата на лицата со попреченост, децата и жените;
- да ги подобри услугите на заедницата за идентификување на децата во ризик и поддршка на децата жртви на насилство, децата и возрасните Роми[27] и децата со попреченост, вклучително и преку подобрување на меѓуагенциската соработка.

27 Во согласност со терминологијата на европските институции, заштитниот израз „Роми" се користи овде за да се однесува на повеќе различни групи без да се негираат специфичностите на овие групи.

Земјата има **одредено ниво на подготвеност/е умерено подготвена** во областа на слободата на изразување и постигна ограничен напредок за време на извештајниот период. Целокупната состојба и климата во која работат медиумите остануваат генерално погодни за слободата на медиумите и овозможуваат критичко известување за медиумите, иако имаше некои зголемени тензии за време на кризата од КОВИД-19 и во контекст на изборите. Потребно е да се интензивираат напорите за саморегулација за да се поддржи напредувањето во професионалните стандарди и квалитетот на новинарството. Важно е да се обезбеди поголема транспарентност на рекламирањето во медиумите од страна на државните институции, политичките партии и јавните претпријатија. Потребни се одржливи решенија за да се обезбеди независност на јавниот радиодифузен сервис, професионални стандарди и финансиска одржливост. Од суштинско значење е да се продолжи со поддршка на плурализмот во медиумите, промовирање на професионализам, непристрасно известување и истражувачко новинарство и градење флексибилност за ефикасна борба против дезинформациите. Финансиската одржливост на независните медиуми и условите за работа на новинарите остануваат предизвик. Некои од препораките од минатата година остануваат валидни.

Во наредната година, земјата особено треба:

- да даде приоритет на реформите на јавниот радиодифузен сервис, да обезбеди негова финансиска одржливост и независност и да ги финализира назначувањата за програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис и за регулаторниот совет за медиуми;
- да ги зголеми напорите за борба против дезинформациите и градење флексибилност на медиумите;
- да обезбеди брзо и ефикасно следење од страна на органите за спроведување на законот и судските органи на сите случаи на физичко и вербално насилство врз новинари.

# ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП)

## Тековна состојба

Во јуни 2020 година беше изготвен **Четвртиот периодичен извештај на земјата по Конвенцијата противтортура и друг груб, нехуман и деградирачки третман или казнување.** Во јули 2020 година, МНР организираше тркалезна маса посветена на Извештајот на Агенцијата за фундаментални права на ЕУ (FRA) од 2020 година. Во октомври 2020 година, беше изготвен Преглед на статус на имплементација на Глобалниот договор за миграција од страна на земјата.

Комитетот на министри донесе финални резолуции за вкупно 8 предмети, со кои го затвори надзорот над извршувањето од кои 7 се однесуваат на пресуди на ЕСЧП против земјата (4 се водечки случаи, 3 случаи кои се повторуваат), а во 1 случај се работи за одлука за спогодбено решавање на предмет пред ЕСЧП.

## Краткорочни приоритети

Бирото за застапување на земјата пред ЕСЧП ќе продолжи да известува за извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија преку акциски планови и извештаи. Во извршување под надзор на Комитетот на министри во моментов има вкупно 42 предмети од кои 16 се водечки случаи, 23 случаи кои се повторуваат, а во 3 случаи се работи за одлуки за спогодбено решавање на предметите пред ЕСЧП.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

## Тековна состојба

Во 2020 година Народниот правобранител (НП) донесе препораки за постапување со лицата лишени од слобода во услови на Ковид-19 пандемија, за заштита на ранливите категории, како и за правата на детето, и изготви Посебен извештај за начините на реализација на онлајн наставата во услови на пандемија.

Со поддршка на УСАИД во мај 2020 година се реализираше промотивна кампања за новите надлежности „Пријател на судот". Во 2020 година поднесени се 4 претставки во кои се бара НП да дејствува во својство на пријател на судот, од кои 3 се за кривични и 1 е претставка за граѓанска постапка. Една кривична постапка е завршена, додека останатите 3 се активни. Во рамки на Механизмот за граѓанска контрола, во јануари 2020 година се избраа три граѓански организации: Хелсиншки комитет, Македонско здружение на млади правници и Здружението на криминолози. За спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Факултативниот протокол, како и Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027), до МОН дадени се мислења за правата на децата/лицата со попреченост и тоа за новиот Закон за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование, наставата во услови на далечинско учење и Концептот за развивање систем за образование од далечина во основните и во средните училишта. Дадено е Соопштение да се ратификува Маракешкиот договор со кој ќе се обезбеди пристап до печатена литература за лицата со оштетен вид, како и Иницијатива до Град Скопје за уредување на централното градско подрачје со тактилни патеки и звучни семафори. Извршен е увид во повеќе јавни установи, како и одредени институции чии корисници се деца/лица со попреченост[28]. Изготвени се неколку Посебни извештаи[29]. Во октомври 2020 година Народниот правобранител достави до Комитетот на ОН за правата на детето. Алтернативен извештај за состојбата со правата на детето во земјата со осврт на III, IV, V и VI извештај на Република Северна Македонија.

## Краткорочни приоритети

Со поддршка од УНОПС и Нордискиот фонд за поддршка, во текот на 2021 година Народниот правобранител ќе спроведе проект за анализа и проценка на капацитетите на Народниот правобранител, како и обуки за развој и јакнење на институцијата. Ќе продолжи реализацијата на проектот Промовирање на системот за правна заштита по однос на азил и натурализација, со поддршка на УНХЦР.

28 ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „Ранка Милановиќ" – Скопје, Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско поле, Мали групни домови (МГД) на ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение Скопје (посетени сите 5 МГД од „25 Мај" и 1 МГД од „Ранка Милановиќ", сите во Скопје), Мали групни домови на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола (посетени 2 МГД во Битола), Мали групни домови од ЈУ Специјален Завод Демир Капија (посетен 1 МКД во Скопје), Дневниот центар за деца со церебрална парализа „Славе Георгиевски Шнајдер", и ВПД Тетово (во Охрид).

29 За состојбата со остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби во основните училишта (март, 2020 год.),За остварувањето на правото на бесплатен превоз на учениците со телесна инвалидност (кои користат инвалидски колички) по спроведеното истражување во средните училишта на територијата на град Скопје, во учебната 2019/20 година (април, 2020 год.), За предизвиците, проблемите и предностите на реализираната онлајн настава за учениците со попреченост (август 2020 год.), За правата на деца и лица сместени во институционална и вонинституционална форма на згрижување и обезбедената заштита во време на пандемија од ковид-19, во периодот, крај на март и почеток на септември 2020 (септември, 2020 год.).

# ЗАТВОРСКИ СИСТЕМ

## Тековна состојба

Во периодот февруари – октомври 2020 година завршија неколку градежни активности со што Затвор Прилеп се трансформираше во КПД Прилеп, се заврши изградбата на судница во КПД Идризово, како и реконструкцијата на Затвор Битола[30], а во октомври 2020 година децата од Затвор Охрид се преместени во новите објекти на ВПД Тетово.

Во 2020 година донесени се 26 подзаконски акти кои се однесуваат на подобрување на третманот на осудени лица и условите за работна на затворскиот персонал, изготвена е драфт верзија на Стандардни Оперативни Процедури за подготовка и отпуст на радикализирани осудени лица во КПУ, Програма за третман на радикализирани осудени лица, и работна верзија на Куќен ред за деца, со поддршка на ОБСЕ. Во тек се обуки за стручно оспособување за осудените лица. Во текот на 2020 година во надлежност на пробациската служба има вкупно 192 предмети[31].

## Краткорочни приоритети

Ќе продолжи имплементацијата на **Стратегијата за нулта толеранција за несоодветно постапување со лицата** лишени од слобода и случаи на корупција во КПУ и ВПУ и **Стратегијата за развој на систем на обуки на затворски персонал**. Во првиот квартал од 2021 година ќе се донесат Стратегијата за развој на пробациска служба и новата **Национална стратегија за развој на пенитенцијарен систем** (2021-2025). Ќе продолжи реализацијата на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Република Северна Македонија".

## Среднорочни приоритети

На среден рок ќе бидат имплементирани активности од Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем (2021-2025), како и Стратегијата за развивање на пробациска служба (2021-2025) за натамошно зајакнување на истата. Ќе продолжи реализацијата на проектот „Реконструкција на Казнено поправните установи" [32].

30 во рамки на ИПА 2014 проектот

31 15 предмети се за изработка на Процена на ризик на обвинет во тек на судска постапка, 26 предмети се спроведување на заштитен надзор изречен со условна осуда, 7 предмети се надзор над спроведување на општокорисна работа и 144 предмети се надзор над условно отпуштени осудени лица од издржување казна затвор.

32 Реконструкција, изградба и опремување на КПД Идризово (втора фаза), предвидена до 2025 година

# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година беа усвоени законските измени и дополнувања на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги.

Во март година, Програмскиот совет на МРТ ја усвои Стратегијата за развој на македонската радио-телевизија за период 2020-2025, која ги опфаќа следниве области: развој на јавни медиумски услуги во областа на техниката и технологијата, управување со човечки ресурси, стратешка програма за наредните пет години, развој на нови програмски услуги, цели на стратешката програма, стратешко планирање на програмата, организациска стратегија и реформи во управувањето, финансиските проекции и начините на спроведување на петгодишната стратегија на МРТ.

Согласно Меморандумот[33] за Програмата за јавни обвинители и криминал од омраза (ПАХТ), во соработка со ОБСЕ и Меѓународната асоцијација на обвинители во 2020 година се реализираа 5 обуки на тема: „Трговија со луѓе" со учество на 10 јавни обвинители. До крајот на годината планирано е да се одржат уште две обуки на тема: „Криминал од омраза" и „Трговија со луѓе" преку Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР).

Во февруари 2020 година во рамки на регионалниот проект „Охрабрување на општеството - Техничка помош за медиуми за јавни услуги во Западен Балкан", се одржа јавна дебата за финансирање, управување и регулирање на јавните сервисни медиуми на која беше презентиран документот „Заеднички принципи за финансирање на јавните медиуми во Западен Балкан". Во јули 2020 година, беше објавена публикација „Дезинформации и изборни кампањи", во рамки на проектот на Советот на Европа и Европската Унија „ЈУФРЕКС". Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (АВМУ) на медиумите за информирање на граѓаните за превенцијата од ширењето на коронавирусот им додели финансиска помош во вкупен износ од 103.000.000,00 денари (околу 1.675.000,00 евра)[34].

Во 2020 година, МВР во соработка со Мисијата на ОБСЕ и ЗНМ изработи „Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик" за непречено и безбедно извршување на новинарската професија, а претходно беа

33 Склучен во мај 2019 помеѓу АСЈО, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Канцеларијата на ОБСЕ.

34 Од нив, 73.000.000,00 денари (околу 1.187.000,00 евра) се доделени на комерцијалните и непрофитни радиодифузери и 30.000.000,00 денари (околу 487.800,00 евра) на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија".

одржани шест работилници на тема „Безбедноста на новинарите при известување од настани со висок ризик, слободата на изразувањето и подобрување на комуникацијата на новинарите и полицијата.”

Во 2020 година, МВР и ЗНМ потпишаа Меморандум за соработка за преземање на активности за подобрување на состојбите, а воедно во МВР е назначено лице задолжено за итна реакција поврзани со проблемите со кои се соочуваат новинарите и прашања од нивен интерес. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2020 год. регистрираше пет случаи на навредливи изјави или закани упатени од политичари кон новинари. Осудувајќи ги истите, Агенцијата укажа дека заканите за тужби претставуваат директен притисок врз работата на медиумите и обид за цензура, а со тоа и загрозување на слободата на информирање.

## Краткорочни приоритети

Ќе се донесат измени и дополнувања на **Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.** Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) ќе продолжи со спроведување на обуки за судиите кои постапуваат во предмети за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Исто така, АСЈО заедно со Јавното обвинителство и ОБСЕ ќе продолжи со имплементацијата на Програмата ПАХТ за едукација на јавни обвинители за препознавање и процесирање на криминал од омраза. Ќе продолжат активностите за јакнење на редакциската култура, независноста на уредувачката политика и почитување на професионалните стандарди кај медиумските професионалци, особено во контекст на избалансирано и непристрасно покривање на изборни процеси и во однос на родовите прашања.

Во насока на целосно усогласување со правото на ЕУ во областа на аудиовизуелни медиумски услуги, конкретно со ЕУ Директивата за аудио-визуелни медиумски сервиси, МИОА ќе отпочне измени на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги.

# ПРАВА НА ДЕТЕТО

## Тековна состојба

Во 2020 година беа одржани обуки за обучувачи на згрижувачки семејства и беше подготвен Прирачник за насоки и стандарди за унапредување на процесот на згрижување.

## Краткорочни приоритети

Ќе се донесе нов **нов Закон за правда за децата,** усогласен со европските директиви. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) ќе продолжи со унапредување на системот на заштита на правата на децата. Во првата половина на 2021 година предвидено е отворање на центри за поддршка на згрижувачките семејства и центри за мајки и деца во Скопје и Битола. Се прават напори да се обезбеди соодветна поддршка на семејствата на деца со попреченост, како на пример, воведувањето на одменско згрижување (respite).

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи имплементацијата на активности за подобрување на социјалната заштита на децата преку развојот на социјални услуги во заедницата. Ќе се преземат активности за плурализација на давателите на социјални услуги кои преку директна работа и поддршка на семејствата во ризик ќе овозможат семејствата да добијат соодветна грижа за своите деца.

# ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА

## Тековна состојба

Континуирано се работеше на социјалната вклученост на Ромите согласно **Стратегијата за Роми и Националните акциски планови**. Во однос на пристапот до предучилишно образование, во училишната 2019/2020, заклучно со јуни 2020 година, беа опфатени 481 деца во 18 општини (18 градинки). Ромските информативни центри (РИЦ) обезбедиле 126 услуги со фокус на социјалните услуги и информирање на заедниците по однос на мерките и програмите за вработување.

Во согласност со **Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени,** беше формирана работна група за следење и имплементација на **Акцискиот План за мерките и активностите за спроведување на Законот за лица без регулиран граѓански статус.** Беа донесени подзаконски акти за водење на евиденција на лицата кои не се запишани во матичната книга на родените и за вадење на посебна идентификациона исправа. Поради состојбите предизвикани од пандемијата, со Уредба со законска сила беше одложен рокот за поднесување на барање до надлежните институции за добивање на посебен извод од матична книга на родените и посебен документ за идентификација. Во текот на 2020 година, 15 семејства (101 лица, 35 возрасни и 66 деца) беа дислоцирани и сместени во привремените живеалишта во Визбегово.

## Краткорочни приоритети

Националното координативно тело за координација и следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми ќе продолжи да ги извршува своите надлежности. Ќе се подготви **нова Стратегија за Ромите** и **нов Закон за**

**социјално домување.** Ќе се работи на имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, имајќи предвид дека до крајот на декември 2020 година сите регистрирани лица на терен треба да поднесат барање за издавање на привремен извод од матична книга на родени со кој ќе може да добијат привремена лична карта. Ќе се спроведе **ревизија на Стратегијата за реинтеграција на повратници** од Западен Балкан и континуирано следење на вклучувањето на Ромите и Ромите бегалци.

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжат активностите за социјалната инклузија на Ромите, меѓу кои вклучување на децата Роми во предучилишното образование, поддршка на вработувањето на Роми, како и активности за социјално домување. Ќе се работи на имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени.

# АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## Тековна состојба

Во октомври 2020 година беше **усвоен Законот за спречување и заштита од дискриминација,** усогласен со ЕУ директивите и меѓународните стандарди.

Во јануари 2021 година, од страна на Собранието избрани се седум члена на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, во меѓувреме еден член се откажа од позицијата и започната е процедура за избор на нов член. Националното координативно тело за недискриминација и еднаквост, со поддршка на ОБСЕ, согласно новиот закон за спречување и заштита од дискриминација изготви неколку документи: Измена на Кодексот на државни службеници, Упатство за должностите на јавниот сектор и Методологија за собирање на статистички податоци.

## Еднакви можности

Во тек е евалуација на Стратегијата за родова еднаквост (2013-2020), која ќе послужи за подготовка на нова **Стратегија за родова еднаквост.** Во јануари 2021 година Собранието го усвои **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.** Во април 2020 година, АВМУ го објави годишното истражување за родот во медиумите, во кое за првпат се прави квантитативна и квалитативна анализа на третманот на родот во емисиите за деца[35]. Дополнително, во септември 2020 година АВМУ објави анализа „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува[36]?", која ја опфаќа родовата структура на сопственоста и на вработените во радијата и телевизиите. Во декември годинава, во рамки на проектот „ЈУФРЕКС" планирано е да се одржи обука за вработените на АВМУ и Советот за етика во медиумите за мониторинг на примената на новинарските стандарди во случаите со родово базирано насилство.

# Краткорочни приоритети

## Антидискриминација

Континуирано ќе се работи на промоција и унапредување на еднаквоста со цел да се надминат разликите во пристапот до правата меѓу граѓаните. За таа цел, ќе продолжи усогласување на законодавството[37] со новиот **Закон за спречување и заштита од дискриминација.**

Ќе се подготви **Методологија за собирање податоци** согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација врз основа на кои може да се идентификува, мери и следи дискриминацијата, но и да се дизајнираат и спроведуваат ефективни мерки.

Во текот на 2021 година, Националното координативно тело за недискриминација и еднаквост ќе подготви **нова Стратегија за еднаквост и недискриминација и Национален план за акција.**

Ќе се подготви **Национален акциски план за правата на ЛГБТИ заедницата** во областа на вработување, здравство, образование и пристап до правда. Ќе продолжи континуирано спроведување на обуки за недискриминација и против говор на омраза за државни и јавни службеници. Во 2021 година, во обуките ќе се вклучат и полициски службеници, наставници и здравствени работници.

35 Опфатени се 520 емисии за деца, од домашно и странско производство, емитувани од 15 септември до 15 октомври 2019 година, на 7 национални телевизии. Родовата анализа е спроведена врз 4.553 лица од кои 2.657 женски, 1.842 машки, а преостанатите немаа родови маркери.

36 Вкупно 68 радиодифузери, од кои 28 телевизии и 40 радија се во целосна сопственост на мажи, додека 23 радиодифузери, односно 3 телевизии и 20 радија, се во целосна сопственост на жени.

37 Постојат над 20 закони во надлежност на повеќе министерства што треба да се усогласат со Законот за спречување и заштита од дискриминација до 30.10.2022 година и тоа: Закон за работните односи, Закон за заштита од вознемирување на работно место, Закон за волонтерството Закон за агенциите за привремени вработувања, Забрана на дискриминација, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за вработување на инвалидни лица, Закон за вработување и работа на странци, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за минимална плата, Закон за бирото за развој на образованието, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за просветната инспекција, Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Закон за здравствена заштита, Закон за здравственото осигурување, Закон за бесплатна правна помош, Кривичен законик, Закон за кривичната постапка, Закон за административни службеници, Закон за вработените во јавниот сектор, Изборен законик, Закон за правда за децата, Закон за еднакви можности на жените и мажите.

## Еднакви можности

Во насока на унапредување на родовата еднаквост, ќе се донесе нов Закон за родова еднаквост. Законот ќе биде доставен на консултација до Венецијанската комисија.

Ќе се донесат **измените на Законот за еднакви можности на жените и мажите** во насока на унапредување на националната родова машинерија и поефективна имплементација на законот, Ќе се работи на подготовка на измените на **Закон за заштита од вознемирување на работно место.** Ќе се воспостави **Ресурсен центар и центар за обуки** на државните службеници за родово одговорно буџетирање и креирање на политики. Ќе се подготви нова **Стратегија за родова еднаквост (2021-2026)** и **Национален план за акција за родова еднаквост (2021-2023).** (2021-2023). Ќе се подготви и **посебен Национален акциски план за жени и климатски промени.**

Ќе започне пресметка на нов индекс за родова еднаквост за 2020 година. Со поддршка на ЕУ ќе се работи на развој и имплементација на решенија за усогласување на семејниот и професионалниот живот и намалување на дискриминацијата на работното место врз основа на пол. Во таа насока, ќе се донесе нов Закон за работни односи во којшто ќе се транспонира Директивата на ЕУ 2019/1158 за рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот од аспект на заштита на работничките кои работат со договори на определено време за време на бременост, раѓање и родителство. Со новиот Закон за работните односи ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете. Исто така, ќе бидат уредени и нетипичните договори за вработување.

За заштита од родово базирано насилство, ќе бидат донесени подзаконски акти и стандардни оперативни процедури за имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во согласност со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените. Ќе се усвои посебен Протокол за постапување со жртви на родово базирано насилствои ќе се подготви Програма за реинтеграција на жртви на родово базирано насилство.

Во 2021 година АВМУ во рамки на проектот „ЈУФРЕКС", ќе се изработи Прирачник за мониторинг на известувањето за родово базираното насилство, и ќе се спроведат анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

---

Засега усогласени се Законот за социјална заштита (Службен весник на бр. 104/2019), Законот за детска заштита (Службен весник, бр. 104/2019) и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник, бр. 24/2021). Во тек е подготовка на нов Закон за работните односи, Закон за еднакви можности на мажите и жените и Закон за измени и дополнување на Законот за заштита од вознемирување на работно место што, меѓу другото, ќе бидат усогласени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Среднорочни приоритети

### Антидискриминација

Ќе продолжат активности за зајакнување на институционалните механизми за спречување, заштита од дискриминација и унапредување на еднаквите можности. Ќе се заокружи процесот на усогласување на сите релевантни закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### Еднакви можности

Ќе продолжат активностите за примена на родовото одговорно буџетирање во стратешкото планирање, креирање политики и процеси на буџетирање на Владата, ќе се работи на зајакнување на капацитетите на административните службеници во ресорните министерства за инкорпорирање на родовата перспектива во политиките и буџетите. Ќе се работи и на зајакнување на механизмите за промовирање на родовата еднаквост на локално ниво.

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## Тековна состојба

Во 2020 година беа донесени подзаконски акти кои го регулираат давањето на социјалните услуги и лиценцирањето на стручните работници од областа на социјалната заштита. Продолжија и активностите за воспоставување нови социјални услуги во заедницата, вклучително и за лицата со попреченост.

Во јануари 2020 година, Советот на Европа и АВМУ одржаа работилница во рамки на ЈУФРЕКС проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија", за радиодифузери и даватели на аудио визуелни медиумски услуги, за изготвување на документ за обезбедување пристапност до аудио визуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

Во декември 2020 година, Советот на Агенцијата ја усвои Политиката за обезбедување пристапност до аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година ќе продолжат активностите за зајакнување на достапноста на социјалните услуги, градење на капацитетите на давателите на социјалните услуги, како и јакнење на свеста за придобивките од социјалните услуги. Ќе се продолжи со обезбедување техничка и финансиска поддршка за развој на социјалните услуги во единиците на локалната самоуправа. Ќе се имплементира ЕУ проект за поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги.

Ќе продолжи процесот на деинституционализација со трансформација на установите ЈУ Завод за рехабилитација „Бања Банско”- Струмица, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје и ЈУ Специјален завод „ Демир Капија”.

Се планира подготовка на **нов Закон за вработување на лицата со попреченост** со кој ќе се воведе професионалната рехабилитација. АВМУ во текот на 2021 година ќе работи на поттикнување на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост.

## Среднорочни приоритети

Ќе заврши процесот на трансформација на резиденцијалните социјални институции во даватели на современи социјални услуги. Ќе се работи на воспоставување на нови социјални услуги во заедницата и вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување. Посебно внимание ќе се посвети на зајакнување на системот за следење, надзор и контрола на квалитетот на социјалните услуги на лицата со попреченост.

# ПРОЦЕС НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА

## Тековна состојба

Во 2020 година беше подготвен извештај за спроведувањето на **Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027)** „Тимјаник", во периодот 2018 - март 2020 година.

Во завршна фаза се подготовките за отворање центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола, кои ќе функционираат во рамките на поранешните институции за долгорочно згрижување деца. Во Специјалниот завод Демир Капија привршуваат подготовките за воспоставување на услугата одмена на семејната грижа. Во октомври и ноември 2020 година, потпишани се договори за финансиска поддршка (грантови) од страна на МТСП со 24 општини за воспоставување нови социјални услуги во заедницата. Услугите ќе бидат финансирани од државниот буџет согласно новиот Закон за социјалната заштита.

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година ќе продолжи имплементацијата на Национална стратегија за деинституционализација (2018-2027), со приоритет воспоставување нови услуги во заедницата и намалување на бројот на лица згрижени во резиденцијалните социјални установи за лица со попреченост. Во 2021 година ќе се направи оценка на имплементацијата на првиот Акциски план за спроведување на Национална стратегија за деинституционализација (2018-2027) и ќе се подготви нов Акциски план за спроведување на Стратегијата за периодот по 2021 година.

Во првото тримесечје од 2021 година, ќе започнат со работа првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола и ќе биде воспоставена услугата одмена на семејната грижа во Демир Капија, како дел од трансформацијата на резиденцијалните социјални установи. Услугата помош и нега во домот ќе започне да се обезбедува за најмалку 200 лица до крајот на годината.

Бројот на корисници на услугата лична асистенција се очекува да биде зголемен за најмалку 20% до крајот на 2021 година (во споредба со 146 корисници во ноември 2020 година).

Ќе продолжи преселбата на возрасните корисници од институциите за долгорочно згрижување возрасни лица со попреченост – најмалку 50 лица ќе се преселат од институциите во заедницата и ќе добијат соодветна грижа.

Со поддршка на ИПА проектот „Модернизација на деинституционализацијата на услугите на социјална заштита", ќе се обезбеди јакнење на капацитетите на чинителите во социјалната заштита, ќе биде зајакнат системот за мониторинг и супервизија на социјалните услуги. Новите решенија ќе започнат да се спроведуваат од 2022 година.

## Среднорочни приоритети

Среднорочните и долгорочните приоритети се утврдени во Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027) и Акцискиот план за имплементација. Клучните определби се во насока на креирање социјални услуги во заедницата преку плурализација и децентрализација на системот за социјални услуги. Согласно Националната стратегија, преселбата на сите корисници сместени во резиденцијалните социјални установи во заедницата ќе заврши до крајот на 2023 година.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## Тековна состојба

На територијата на Северна Македонија функционираат 13 специјализирани центри за згрижување на жртви на семејно насилство и родово базирано насилство во шест плански региони и тоа: Скопски, Југозападен, Источен, Вардарски, Југоисточен и Пелагониски регион, од кои осум се отворени од Министерството за труд и социјална политика, три финасирани од Министертво за труд и социјална политика, а управувани од граѓански сектор, еден финансиран од локална самоуправа, а управуван од граѓанска организиацијa и еден финансиран од сопствени средства на здруженија. Покрај тоа, функционираат

и 10 специјализирани услуги кои обезбедуваат психосоцијална помош и поддршка на жртви од семејно насилство и СОС линиите за навремена и доверлива информација за заштита на жртвите. Дистрибуирани се над 1300 комплети храна и хигиена како итен одговор на жртвите на семејно насилство, најпогодени од кризата и истите беа иземени од забраните и санкциите за време полициски час. Се спроведе и кампања за пријавување на семејно насилство преку социјалните медиуми и националниот радиодифузен сервис. На сите полициски станици им беа обезбедени контакт телефони на советодавните центри за работа со жени жртви на родово/ семејно насилство, на граѓанските организации и телефонски броеви на Националната служба за спроведување на повеќе мерки за заштита[38]. Беа изложени и постери и брошури на Служба за правна и психосоцијална поддршка на ранливи жртви на насилни злосторства, во рамките на проектот „Правна поддршка на ранливи жртви на насилни кривични дела".

Собранието го донесе Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство во согласност со Истанбулската конвенција (Сл.В бр. 24/21).

## Краткорочни приоритети

За заштита од родово базирано насилство, ќе бидат донесени подзаконските акти и стандардни оперативни процедури за имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во согласност со Истанбулската конвенција. Ќе се усвои посебен Протокол за постапување со жртви на родово базирано насилство. Ќе се спроведат обукизаполициските службеници со цел зајакнување на нивото на професионално постапување со жртвите на родово-засновано насилство, како и обуки за сторители, жени и деца и за подигнување на свеста за родово базирано насилство согласно Истанбулската конвенција.

Во 2021 година ќе продолжи унапредувањето на системот за превенција и заштита на жртвите на семејно насилство. Ќе се воспостават најмалку 10 нови специјализирани услуги. Ќе продолжи и финансирањето на граѓански организации кои даваат услуги во специјализирани центри за жртви на семејно насилство и градење на нивните капацитети.

38 сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство, здравствена заштита, психо-социјална интервенција и третман, психо-социјален третман во советодавен центар,семејна поддршка за редовно школување на дете, правна помош и застапување и економско зајакнување на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

## Среднорочни приоритети

Во насока на унапредување на системот за заштитата на жртвите на семејно насилство ќе продолжи имплементација на активностите предвидени во Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција (2018-2023). Ќе се воспостави систем за интегрирано прибирање на податоци за жртвите на родово базирано и семејно насилство и ќе се обезбеди континуирано зајакнување на капацитетите на институциите и давателите на услуги за жртвите на разни облици на насилство.

# ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНА И ДРУГ ВИД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ НА ДЕЦА

## Тековна состојба

Во декември 2019 година Владата ја донесе **Националната стратегија за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025) и Акцискиот план (2020-2022.** Во тек е назначување на претседател и членови на Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, кое има задача да го следи спроведувањето на Стратегијата.

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување ќе изготви Извештај за состојбата во однос на заштитата на децата од злоупотреба и занемарување за 2018-2020 година согласно креираните индикатори. Во текот на 2022 година ќе се подготви нов Акциски план за превенција и заштита на децата од насилство (2023-2025).

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи имплементацијата на Националната стратегија (2020-2025) и Акцискиот план (2023-2024) за превенција и заштита на децата од насилство.

# ПРАВА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

## Тековна состојба

Во 2020 година, Агенцијата за остварување на правата на заедниците изготви анализа за потребите на секоја од заедниците на локално ниво, и тоа: за потребите на образованието на мајчин јазик, вклучувањето на заедниците во културниот живот, употребата на јазик, симболи, медиуми и информирање, како и правичната застапеност на немнозинството во институциите на национално и на локално ниво. Во рамки на ЕУ проектот „Зајакнување на демократијата преку унапредување и заштита на правата на заедниците", беа поделени над 7.000 ученички сета за учениците од прво до трето одделение, надополнети со маски и дезинфекциони средства, согласно мерките за заштита од COVID 19. Со караванот беа посетени повеќе од 60 основни училишта од сите региони на државата, а во кои учат ученици на јазиците на помалубројните заедници.

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година, Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе изработи **Методологија за следење на правата на заедниците.** Ќе се продолжи со организирање на кампања за попис на население, промотивни настани и на три партиципативни форуми. Ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитети на вработените во Агенцијата и обуки за човекови права и права на заедниците.

## Среднорочни приоритети

Агенцијата за остварување на правата на заедниците на среден рок континуирано ќе спроведува обука на вработените и кадровско доекипирање.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Тековна состојба

Во февруари 2020 година беше донесен нов Закон за заштита на личните податоци[39], усогласен со Општата регулатива за заштита на личните податоци на Европскиот парламент и на Советот (ЕУ) 2016/679 (GDPR) и Дирекцијата се преименува во Агенција за заштита на личните податоци (АЗЛП). Донесени се тринаесет подзаконски акти[40]. Се започна со спроведување на On-line супервизија.

## Краткорочни приоритети

Ќе се донесе **Закон за ратификација на Протоколот (CETS No. 223)** за изменување и дополнување на Конвенцијата за заштита на личностите во поглед на автоматската обработка на личните податоци (ETS No. 108). Ќе се транспонира Директивата (ЕУ) 2016/680 за заштита на физичките лица во поглед на обработката на личните податоци од надлежните органи за цели за превенција, истраги, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни и за слободно движење на таквите податоци (т.н. Полициска директива). Ќе продолжи процесот на донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за заштита на личните податоци, како и изработката на упатства за практична имплементација на Законот.

## Среднорочни приоритети

Ќе се заокружи процесот на донесување на подзаконските акти од новиот Законот за заштита на личните податоци. Ќе се работи на зголемување на нивото на знаење на граѓаните за нивните права за заштита на личните податоци, како и воведување нови технологии и нови алатки во работењето на Агенцијата, како и јакнење на административниот капацитет на Агенцијата.

39 Сл.В бр.42/2020
40 Сл.В бр. 122/20



# ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** за спроведување на правото на ЕУ. Постигнат е **добар напредок** во исполнувањето на препораките од минатата година за ефективно спроведување на некои од институционалните реформи во безбедносниот сектор, како и реформата на разузнавачките служби. Исто така, подобрени се оперативните капацитети на службите за спроведување на законот. Треба да продолжат напорите за спроведување на Стратегијата за зајакнување на капацитетите за спроведување финансиски истраги и конфискација на имот. Продолжија напорите за управување со миграцијата. Договорот за статус со ЕУ за соработка со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража сè уште не е потпишан. Регистрацијата на мигранти и заштита на профилирање чувствителни податоци сè уште треба да се извршува на посистематски начин. Треба да продолжат мерките за борба против насилниот екстремизам и борбата против тероризмот.

Во наредната година, земјата особено треба:

- да обезбеди дека институционалните реформи во безбедносниот сектор (криминална полиција, финансиски одделенија, разузнавачки служби, Национален координативен центар за борба против организиран криминал) преминуваат во проактивна политика за спроведување на стратешките документи и постигнување понатамошни опипливи резултати;
- да обезбеди спроведување на приоритетите на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот и ефективно работење на канцеларијата на Координаторот.


FREE



# МИГРАЦИЈА

## Тековна состојба

**Новиот Закон за странци**[41] усогласен со европското законодавство[42], стапи на сила во мај 2019 година. Со цел обезбедување на успешна имплементација донесени се неколку подзаконски акти:

- Правилник за работа со странци [43]
- Уредбата за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во интегриранaта база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи [44],
- Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци; и
- Правилник заначинот на издавање на патни и други исправи за странец начинот на пријавување на исчезнати, изгубени, украдени или друго отуѓување на патни и други исправи на странец, формата и содржината на образецот на патната и на друга исправа за странец, како и на образецот на барањето за нивно издавање и начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденцијата за издадени патни и други исправи на странец.

Во тек се донесување на измени и дополнување на Законот за странци со цел усогласување со одредени прекршочни одредби од Законот за прекршоци, како и со цел надминување на недостатоци констатирани при имплементацијата на законот.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Во насока на утврдување на идните стратешки приоритети во областа на миграцијата, ќе се донесат **Резолуција за миграциона политика 2021-2026** со Акциски План и **Миграциски профил на Република Северна Македонија**.

---

41 Сл.В бр.98/2018

42 Со Регулатива (ЕЗ) број 399/2016 од Европскиот Парламент и на Советот од 9 март 2016 за воспоставување на Законик на Заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), OJ L 77, 23.3.2016, p. 1 CELEX број 32016R0399; Директива на Советот 2001/51/ЕЗ од 28 јуни 2001 година за дополнување на одредбите од член 26 од Конвенцијата за спроведување на Договорот од Шенген од 14 јуни 1985 година CELEX број: 32001L0051; Регулатива (ЕЗ) бр.810/2009 на Европскиот Парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за воспоставување на Кодекс за визи на Заедницата (Кодекс за визи), OJ L 243, 15.9.2009 p.1 CELEX број 32009R0810; РЕГУЛАТИВА НА СОВЕТОТ (ЕЗ) бр. 333/2002од 18 февруари 2002 година за унифициран формат на обрасци за ставање виза, издадени од страна на земји-членки, на лица носители на патни исправи кои не се признаени од страна на земјата-членка која го изработува образецот, Official Journal L 053, 23/02/2002 P. 0004 – 0006 CELEX број 32002R0333; Директива 2003/109/ЕЗ на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји што се жители со долготраен престој изменета со Директивата 2011/51/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2011 година CELEX број 32003L0109 и 32011L0051;Директива 2003/86/ЕЗ на Советот од 22 септември 2003 година за правото на семејно обединување CELEX број 32003L0086; Директива 2009/50 / ЕС на Советот од 25 мај 2009 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји заради високо квалификувано вработување CELEX број 32009L0050, Директива 2011/98



За успешна имплементација на Законот за странците ќе се донесат два подзаконски акти и тоа: Уредба заначинот на одржување на Интегрирана база на податоци за странци, вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи и Уредба за начинот на доделување на пристапот, нивоата на пристапот, поблиските критериуми според кои се утврдува нивото на пристапот, времетраењето на пристапот, начинот за утврдување на престанување и за одземање на пристапот до податоците во Базата.

## Институционална рамка

Ќе започне изградбата на Прифатниот центар за странци кој се финансира во рамки на ИПА 2016. Ќе се спроведе надградба и подобрување на функционалностите на ИБАС-от, согласно Закон за странци. Во насока на јакнење на капацитетите на Меѓуресорската работна група за креирање на миграциона политика, ќе се донесат процедури за нивната работа и ќе се спроведе соодветна обука.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе се склучат договори за реадмисија со Русија, Исланд, Украина, Турција, Египет, Азербејџан и други држави.

## Институционална рамка

Ќе се финализира изградбата на Прифатниот центар за странци. Во соработка со IOM, UNHCR, FRONTEX и EASO, ќе продолжи зајакнувањето на механизмите за размена на информации и подобрувањето на начинот на собирање на податоци, анализа, координација и транспарентност во однос на миграцијата и азилот, со цел инкорпорираните податоците за трудова миграција кон, од и во рамките на регионот, да бидат кохерентни, конзистентни и согласно европските стандарди.

---

/ ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за единствена постапка за аплицирање за единствена дозвола за престој и работа на територијата на земја-членка за државјани на трети земји а и врз заеднички збир на права за работници од трети земји кои легално престојуваат во земја- членка. CELEX број 32011L0098; Директива 2014/36 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји заради вработување како сезонски работници CELEX број 32014L0036; Директива 2014/66 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји во рамките на трансфер помеѓу претпријатија; CELEXброј 32014L0066; Директива 2016/801/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 11 мај 2016 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји за истражување, студирање, обука, волонтерски услуги, шеми за размена на ученици или образовни проекти и програми за Au Pair. CELEX број 32016L0801; Директивата 2008/115/ЕС од Европскиот Парламент и Советот од 16 декември 2008 година за заедничките стандарди и процедури во земјите-членки за враќање на државјани на трети земји кои нелегално престојуваат CELEX број 32008L0115;

43 Сл.В бр.109/19.

44 Сл.В бр.192/19.



# АЗИЛ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година се забележува тренд на зголемување на бројот на баратели за признавање на право на азил[45], при што најголем број на баратели се од Авганистан, Пакистан, Сирија, Куба и Турција.

За јакнење на капацитетите на Секторот за азил во МВР донесени се Стандардни оперативни процедури (СОП) за регистрација и водење на постапка по поднесено барање за признавање право на азил, со експертска поддршка на ЕАСО. Со цел претставување на стандардите утврдени во Законот за меѓународна привремена заштита, Секторот за азил спроведе обука на полициски службеници во сите полициски станици (ПС) од Општа надлежност на територија на град Скопје, Велес и Куманово и полициски службеници од Регионален центар за гранично управување – Север. ЕАСО спроведе и обуки за инклузија, техники на интервјуирање на ранливи категории, спроведување на интервју на далечина и давање на информации во специфични услови. Исто така спроведена е обука за утврдување на возраста на лицата на која учествувале претставници од надлежните институции.

45 Во периодот од јануари до ноември 2020 година, 202 лица поднесоа барање за признавање право на азил, од кои и понатаму најмногу Авганистан со 42 лица, Пакистан 32, Турција 25 лица, Сирија 23, Куба 20 лица и од други земји на потекло со поединечни барања.

46 Сл.В бр.239/2018.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се ревидираат СОП за постапување со непридружувани деца-странци и СОП за постапување со ранливи категории на лица-странци. Ќе се измени и дополни Правилникот за ограничување на слободата на движење[46]. Заради функционалност на надградбата на ИБАС базата, ќе се донесе Упатство за користење на база на податоци на барателите на право на азил за потребите на Секторот за азил. Ќе се донесе Програма за соработка на МВР и УНХЦР.





## Институционална рамка

Ќе се спроведат обуки за полициските службеници во Регионалните Центри за Гранични работи, Секторите за внатрешни работи на територија на земјата и Секторот за внатрешни работи Скопје, вработените во Министерството за труд и социјална работа (МТСП) и судиите од Управниот и Вишиот Управен суд кои што работат на постапките за признавање на право на азил. Континуирано ќе се зајакнуваат материјалните, техничките и административните капацитети на Секторот за азил како и на Прифатниот центар за баратели на азил, согласно стандардите во Законот за меѓународна и привремена заштита. Ќе продолжи соработката со УНХЦР, ЕАСО и МАРРИ.

## Среднорочни приоритети

Ќе се спроведе понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во областа на азилот, а во соработка со ЕАСО ќе се изготви план за меѓуинституционална обука на службениците во институциите[47], надлежни во областа на азилот. Ќе започне издавање на биометриски (машински читливи) лични карти за лицата со признат статус на бегалец и за лицата под супсидијарна заштита. Во соработка со ЕАСО, ќе се спроведува меѓуинституционална обука на службениците во институциите[48] кои работат во областа на азил.

47 Секторот за азил, ПС во Граничната полиција и ПС од општа надлежност, МТСП, Управниот и Вишиот Управен суд.

48 Секторот за азил, ПС во Граничната полиција и ПС од општа надлежност, МТСП, Управниот и Вишиот Управен суд.

# ВИЗНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Континуирано се врши усогласување на визниот режим на земјата со измените и дополнувањата на визниот режим на ЕУ/Шенген. Паралелно на тоа, континуирано се врши обука за користење на Националниот визен информациски систем (НВИС) за вработените во МНР кои заминуваат на мандат во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) на Република Северна Македонија. До крајот на 2019 година целосно се поврзани со Н-ВИС и ставени се во функција за издавање на визи 52 ДКП-а.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Со донесувањето на новиот Закон за странци, донесен во мај 2018 година[49], започна изработка на повеќе подзаконски акти:

- Правилник за начинот на издавање визи за странци, поништување и отповикување на визи, продолжување, скратување на нивната важност и уништување на визната налепница, начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденциите за поднесени барања за издавање на визи издадени, поништени и отповикани визи и уништени визни налепници,
- Правилник за формата и содржина на образецот на акредитацијата за соработка со трговски посредници, начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденциите за издадени акредитации на трговски посредници за визи,
- Правилник за начинот на избор на надворешен давател на услуги за добивање на виза за влез во Република Северна Македонија и за начин на водење на евиденција и користење на податоците од евиденциите за склучени договори со надворешни даватели на услуги за визи,
- Правилник за начинот на постапување и дистрибуирање на обрасците за визи,

49 Сл.В бр.97 од 28.5.2018 г.

- Правилник за формата и содржината на образецот на визната налепница, образецот за поднесување на барање за издавање виза, образецот за издавање виза во случај кога патната исправа не е признаена од страна на Република Северна Македонија, како и на образецот за одбивање, поништување и отповикување на визата,
- Правилник за начинот на работа и функционирање на Н-ВИС,
- Листа на пасоши или други патни документи издадени од држави и меѓународни организации, или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави, а чии патни документи не се признаени и прифатени од страна на Република Северна Македонија,
- Листа на пасоши и други патни документи издадени во согласност со меѓународните стандарди, а кои се издадени од држави и меѓународни организации кои се признаени и прифатени од страна на Република Северна Македонија или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави, и
- Уредба за определување на држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Северна Македонија и на оние држави чии државјани се иземени од таа обврска (Визен режим на Република Северна Македонија).

## Институционална рамка

Ќе продолжи поврзувањето со Н-ВИС во сите ново отворени ДКП-а. По воспоставувањето и ставањето во функција на интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи азил, визи и миграции (ИБАС), истата ќе се поврзе со Н-ВИС. Континуирано ќе се врши хардверска и софтверска надоградба на Н-ВИС системот, согласно законските измени и по потреба.

## Среднорочни приоритети

Ќе се подготват измени во процедурите на Н-ВИС поради имплементацијата на новиот Закон за странци и соодветните подзаконски акти, а со тоа и адаптирање на обуките на вработените кои работат на Н-ВИС, односно на виза-одобрувачите и на дипломатско-конзуларниот персонал. Континуирано ќе се спроведува хардверска и софтверска надоградба на Н-ВИС системот, а се планира и набавка на опрема за преземање на биометриски податоци при издавање на визи. Ќе продолжи организирањето обуки за откривање на фалсификувани документи.

# НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА

## Тековна состојба

Соработката со ФРОНТЕКС континуирано се продлабочува преку оперативна соработка (учество во заеднички операции и заеднички оперативни активности, размена на персонал итн.), ситуациска свесност и мониторинг, враќање, истражување и иновации, хоризонтални обуки и други тренинг активности.

Континуирано се превземаат активности за материјално-техничко опремување на Граничната Полиција. Продолжи да се спроведува Твининг проектот ИПА 2016-„Усогласување на националните системи со барањата на ЕУ и Шенген барањата за гранично управување".

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се склучи и ратификува статусниот **Договор за соработка со Европската Унија**, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија. Ќе се склучи нов Работен договор за оперативна соработка со Frontex – EBCGA. Ќе се донесе нова **Национална Стратегија за развој на интегрирано гранично управување и Акциски план** за нејзино спроведување, во согласност со европските стандарди. Ќе се донесе План за итно постапување во миграциски текови, како и измени и дополнувања на Законот за гранична контрола, за усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс и Директивата ЕУ 2016/681 на Европскиот Парламент и Советот на ЕУ од 27 април 2016 за употребата на податоци од евиденцијата на податоците за патниците (ЕПП) со цел спречување, откривање истрага и кривично гонење на кривичните дела на тероризам и тешки кривични дела. Соодветно, ќе се изменат подзаконските прописи кои произлегуваат од Законот за гранична контрола. Дополнително, ќе се донесе нов **Шенген акциски план**, усогласен со ЕУ и Шенген стандардите.

### Институционална рамка

Ќе се изврши длабинска проценка (In-depth assessments) на националните системи за биометриска регистрација/размена на податоци за баратели на азил и мигранти и ќе се изработи **Национален мастерплан за обезбедување на нивна идна интероперабилност и компатибилност со ЕУ системите**. Ќе се развие методологија за системско воспоставување на кредибилна евиденција за откривање, истрага и гонење на прекуграничен криминал и ќе се изготви Каталог на кривични дела од областа на прекуграничниот криминал.

За јакнење на институционалните капацитети на Националниот Координативен Центар за интегрирано гранично управување ќе се воспостави **Информатички систем за Интегрирано гранично управување** со поддршка на Европската комисија преку ИПА 2. Ќе се спроведе кадровско зајакнување на аналитичкиот центар во НКЦГУ и на Дежурниот оперативен Центар во НКЦГУ.



Ќе продолжи соработката со меѓународните агенции и со соседните држави во поглед на сузбивање на прекуграничен криминал и нелегална миграција и зајакнување на меѓу-агенциската соработка, преку постојните механизми за соработка и преку развивање нови алатки за продлабочување и проширување на оперативната соработка со соседните земји и земјите членки на ЕУ како и меѓународните агенции.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе се донесе нов Практичен прирачник „Стандардни оперативни процедури за гранична контрола со цел усогласување со препораките и најдобрата пракса за гранично работење пропишана со Шенгенскиот прирачник.

## Институционална рамка

Ќе се финализира Информацискиот систем за Интегрирано гранично управување – ИСИГУ, финансирано од ИПА 2 програмата. Едновремено, во рамки на ИПА 2016 ќе се започне со изработка на Шенгенскиот акциски план во кој ќе бидат дефинирани и активностите за воспоставување на СИРЕНЕ биро. Ќе се спроведува новиот концепт на управување со ризици, а континуирано ќе се развива и спроведува Програма за заеднички обуки.



# СУДСКА СОРАБОТКА ВО ГРАЃАНСКИ И КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

## Тековна состојба

Во февруари 2020 година, Собранието го усвои новиот Закон за меѓународно приватно право, кој е целосно усогласен со најновите европски регулативи во областа[50]. Согласно Стратегијата за реформи на правосудниот сектор 2017-2022, изготвен е нов Закон за меѓународна соработка во кривична материја.

- Во периодот октомври - ноември започнаа иницијалните чекори за процесот на ратификација на неколку конвенции и тоа:
- Хашка Конвенција за заштита на децата од 996 година;
- Конвенцијата за спогодбен избор на суд од 2005 година; и
- Конвенцијата за меѓународна издршка на деца и други облици на семејна издршка од 2007 година и нејзиниот Протокол за законот што се применува за одржување обврски, преку почетни анализи на домашното законодавство и неговата усогласеност со одредбите од трите конвенции и протоколот.

Евиденцијата на предмети за меѓународна правна помош во граѓанска и кривична материја редовно се одвива тековно преку ЛУРИС системот за евиденција на предмети. Продолжи и соработката помеѓу постојниот обвинител за врски на земјата и ЕВРОПРАВДА.

---

50 Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр.1215/2012 за надлежноста и признавањето и извршувањето на судските одуки во граѓанските и трговските работи (Брисел I (новела)); Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр 864/2007 за меродавното право за вондоговорните обврски (Рим II); Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр 593/2008 за меродавното право за договорните обврски (Рим I); Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр. 2201/2003 за надлежноста и признавањето и извршувањето на одлуките во брачните работи и работите на родителската одговорност; Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр. 4/2009 за надлежноста и признавањето и извршувањето на одлуките поврзани со обврските за издржување; Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр. 1259/2010 за имплементирање соработка на подрачјето на меродавното право за разводот и законската разделба (Рим III); Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр. 650/2012 за надлежноста, меродавното право, признавањето и извршувањето на одлуките и прифаќањето и извршувањето на автентични инструменти во прашањата за наследување и за создавање на Европски сертификат за наследување;





## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се донесе новиот Закон за меѓународна соработка во кривична материја. Меѓународната соработка ќе продолжи преку склучување на договори со повеќе држави. Ќе се склучи Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Северна Македонија и Република Косово. По комплетирањето на националната постапка ќе се потпише Договор за соработка од областа на правосудството меѓу Владата на Северна Македонија и Државата Катар. Ќе се покрене Иницијатива за склучување на четири билатерални договори помеѓу Република Северна Македонија и Бразил. Ќе се достави Предлог за склучување на дополнителен договор меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство кон Европската конвенција за екстрадиција од 1957 година. Ќе се финализира ратификацијата на Хашката конвенција за спогодбен избор на суд од 2005 година. Ќе се иницираат преговори за склучување на Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Северна Македонија и Руската федерација.

### Институционална рамка

Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со спроведувањето на обуки за судиите во областа на судската соработка во граѓанска и кривична материја. Континуирано ќе се следат влезните/излезните предмети за судска соработка во граѓанска и кривична материја. Ќе продолжи соработката со ЕВРОПРАВДА.

## Среднорочни приоритети

Ќе се донесат Законите за ратификација на две Хашки конвенции и Протокол и тоа: Закон за ратификација на Конвенција за заштита на децата од 1996 година и Закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна издршка на деца и други облици на семејна издршка од 2007 година и нејзиниот Протокол за законот што се применува за одржување обврски.

# БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата има **одредено ниво на подготвеност** во борбата против организираниот криминал. Законодавната рамка е во голема мера во согласност со европските стандарди и напорите за спроведување стратегии против организираниот криминал мора да продолжат. Постигнат е **одреден напредок** во исполнувањето на минатогодишната препорака за воспоставување Канцеларија за поврат на имот во согласност со правото на ЕУ. Оваа канцеларија ќе треба да го покаже својот капацитет за поддршка на проактивната политика за конфискација на имот. Земјата е вклучена во учество во проценка на закана на регионално ниво и ќе мора да го прошири својот опсег во согласност со практиките на ЕУ. Има **одреден напредок** на оперативно ниво, но треба да се стори повеќе за да се подобри ефективноста на спроведувањето на законот во борбата против посебни форми на криминал, како што се перење пари и финансиски криминал. Сè уште се потребни напори за да се воспостави централизиран регистар на банкарски сметки, во согласност со 5-тата Директива на ЕУ за перење пари. Координацијата останува клучна за сите засегнати страни вклучени во борбата против организиран криминал.

Во наредната година, земјата особено треба:

- дополнително да ги зајакне евиденциите за истраги, обвиненија и пресуди за организиран криминал и перење пари и да покаже способност за ефикасно разбивање на организираните криминални мрежи;
- да ја зголеми употребата на конфискација на приходите од кривично дело од страна на судовите;
- да ја зголеми функционалноста и капацитетот на истражните центри формирани во обвинителството.

# ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

## Тековна состојба

### Меѓународна полициска соработка

Оперативната соработка со ЕВРОПОЛ, земјите членки на ЕВРОПОЛ и третите партнери за соработка е интензивирана преку континуиран раст на бројот на иницирани случаи и разменети пораки преку СИЕНА безбедната комуникациска врска, како и преку учество во заедничките оперативни денови (JAD) на оперативните акцииво рамки на ЕМРАСТ[51]. МВР учествува во вкупно девет аналитичките работни досиеја на ЕВРОПОЛ (AWF - Analysis Work File) од кои шест од работното досие за анализа за организиран и сериозен криминал и три од Работното досие за анализа за борба против тероризам.

Почнувајќи од 19.03.2020 година, поради состојбата со КОВИД-19 командниот и координативен центар на ИНТЕРПОЛ формираше Специјално координативно тело против пандемијата, со цел доставување дневни извештаи со информации поврзани со ширењето на коронавирусот добиени од различни Национални централни бироа (НЦБ-а) и од отворени извори (Светската здравствена организација, медиуми и други чинители). Работниот аранжман помеѓу МВР и ЦЕПОЛ се спроведува преку Националната контакт точка за ЦЕПОЛ со назначено контакт лице, LEEDS Менаџер и Офицер за размена.

51 European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats.

# БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

## Тековна состојба

### Формирање на истражни центри

Истражните центри се целосно оперативни од март 2020 година. На 7 февруари 2020 година беа избрани вкупно 16 истражувачи, од кои пет истражувачи во Основно јавно обвинителство (ОЈО) за организиран криминал и корупција, седум истражители во ОЈО Скопје, два истражители во ОЈО Тетово и два истражители во ОЈО Куманово. Исто така, 15 истражители беа ангажирани од поранешното Специјално јавно обвинителство (СЈО) во ОЈО за организиран криминал и корупција.

## Јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги

Посебните единици за водење финансиски истраги во МВР, Царинска управа (ЦУ), Управа за финансиска полиција (УФП) започнаа со своите оперативни активности. Во текот на 2020 во МВР се спроведени девет финансиски истраги, дел по поднесување на кривична пријава, а дел паралелно со отпочнување на криминалистичко истражување

## Национален Координативен центар за борба против организиран криминал (НКЦОК)

Моделот на НКЦОК како алатка за меѓуинституционална соработка на национално ниво во континуитет ги остварува резултати преку опсежен опфат и анализа на информациите кои им служат на разузнавачките и истражните тимови. Споредбено со податоците од претходните години, има подобрување на ефективноста во споделувањето на информации и водењето на заеднички истраги помеѓу различните институции за спроведување на закон [52]. Во периодот од март до август 2020 година, НКЦОК преку истражните единици од МВР и УФП по наредба на ОЈО има замрзнато средства во висина од околу 1.000 000 ЕВРА.

## Трговија со оружје

Донесен е Правилник за техничките спецификации за дезактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на дезактивирано оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за дезактивирање на огнено оружје [53], со кој се изврши усогласување со Регулатива (ЕУ) 2018/337 од 05 март 2018 година за изменување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за мало и лесно оружје. Ќе се донесат Закон за платежни услуги и платни системи како и Закон за Канцеларијата за поврат на имот. Ќе

52 Во 2019 се разменети 694 барања за физички лица и 81 барања за правни лица, додека во периодот јануари-октомври 2020 разменети се 1102 барања за физички лица и 120 барања за правни лица.

53 Сл.В бр. 221/20.

се донесе нова Национална проценка за закани од областа на организираниот и сериозен криминал (SOKTA). За унифицирање на начинот на работа на единиците за финансиски истраги ќе се донесат процедури за водење на финансиски истраги во МВР, УФП, ЦУ и ЈО, како и процедури за координација од страна на јавните обвинители. Едновремено, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе изготви Стандардни оперативни процедури за собирање на информации од скриениот интернет.

## Институционална рамка

Со цел јакнење на меѓународната полициска соработка, ќе се поднесе иницијатива за приклучување кон нови аналитички досиеја на Европол како и вклучување на службите за спроведување на законот во оперативните активности на ЕМРАСТ. Ќе се зајакнат капацитетите на НКЦГ со развој на софтверско решение iBase - база на податоци која ќе овозможи складирање и обработка на податоци во НКЦ и развој на ИТ инфраструктурата. Ќе продолжи следењето на функционирањето на истражните центри во главните јавни обвинителства.

Ќе се зголемат капацитетите за водење на финансиски истраги преку спроведување на мултидисциплинарна и континуирана обука на вработените во единиците за финансиски истраги во МВР, УФР и ЦУ како и јакнење на кадровските и институционални капацитети. Ќе се воспостави платформа за прибирање, обработка и презентација на прибрани податоци по конкретни предмети и начин на нивно распределување во другите национални институции при преземање на соодветни процесни дејствија поврзани со откривање, одземање, замрзнување и конфискација на имот.

Изградбата на нова зграда за потребите на Одделот за криминалистичко-технички испитување и вештачење и набавка на опрема, во рамки на програмата ИПА 2016 ќе ги зајакне форензичките капацитети на полицијата. Дополнително, во со во рамки на програмата ИПА 2014 ќе се набави опрема за имплементација на Системот за опоравување од катастрофи и обезбедување на континуитет со работата и модернизација на ИТ инфраструктурата во седиштето на МВР.

Ќе се спроведе Кампања за подигање на свеста на граѓаните за опасностите од употреба на мало и лесно оружје, за намалена манифестација на оружје во заедницата и промена на „културата кон оружјето". Ќе се изврши ништење на запленето оружје, како и на разновидно неупотребливо и трајно оштетено службено оружје.

За зголемување на националните капацитети за пристап до меѓународни бази на податоци, ќе се поврзе националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на ИНТЕРПОЛ за потраги по лица и возила. Дополнително, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе се поврзе со ИНТЕРПОЛ I-24/7 мрежата, со што вработените ќе можат да ја користат базата на ИНТЕРПОЛ за сексуална експлоатација на деца (INTERPOL Child Sexual Exploitation - ICSE), како и други алатки на ИНТЕРПОЛ наменети за сузбивање на компјутерскиот криминал. Ќе се зајакнат капацитетите на Секторите за внатрешни работи во справување со компјутерски криминал и обезбедување на електронски докази, а согласно Стратегијата за компјутерски криминал ќе се креира и МС4 (македонска платформа за пријавување на компјутерски криминал), со цел превенција и истражување на компјутерскиот криминал.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

По донесување на Законот за платни услуги и системи за плаќање, Народната банка ќе воспостави единствен Регистар на банкарски сметки. Управата за финансиско разузнавање ќе има директен пристап до информациите за идентитетот на сопствениците на сметката и сефовите. Ќе се донесат подзаконските акти врз основа на Законот за Канцеларијата за поврат на имот.

Ќе се донесе Стратегија за компјутерски криминал за периодот 2022 – 2026 година.

## Институционална рамка

Во насока на јакнењето на форензичките капацитети на полицијатана среден рок се планираат неколку активности. За потребите на лабораториите во новиот објект на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, ќе се спроведе материјално-техничко опремување со био-лабораториска опрема. Ќе се обезбеди акредитација преку одржување на системот на квалитет, согласно стандардот ISO 17025 и ќе се унапреди системот за квалитет, согласно стандардот ISO 17025. Ќе се стандардизираат активностите на подрачните организациски единици на криминалистичка техника преку реконструкција и реновирање на просторните капацитети, материјално-техничко опремување и стручно

усовршување на персоналот. Ќе се зајакнат форензичките капацитети за истрага на место на настан при хемиско, биолошки, радиоактивни и нуклеарни (ХБРН) инциденти преку спроведување на обука за ХБРН инциденти. Ќе се воспостави Триаж системот за одземена компјутерска опрема или носачи на дигитални докази.

# ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе идентификуваше пет жртви на трговија со луѓе. Забележан е тренд на зголемување на трговија со деца. Се спроведе надворешна евалуација на Стратегијата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Северна Македонија 2017-2020 година.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

**Ќе се донесе нова Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Северна Македонија 2021-2025 и Акциски план.** Ќе се измени Кривичниот законик во казнените одредби за борба против трговија со луѓе со цел усогласување со Директивата 2011/36/ЕУ. Ќе се донесе Закон за исплата на паричен надомест на жртви од кривични дела, како и Правилник за образец за барање за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Предвидена е ревизија на постојните стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци и СОП за постапување со ранливи категории на лица-странци.

### Институционална рамка

Ќе се формираат нови локални комисии за борба против трговија со луѓе во градовите каде е констатирана потреба и ќе се обезбеди одржливост на мобилните тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе.

Ќе се обезбеди материјално-техничко опремување на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе како и јакнење на капацитетите на релевантните учесници - Канцелариите на Националниот координатор за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Националниот известувач за борба против трговија со луѓе, како и постојните локални комисии. Континуирано ќе се спроведуваат обуки за идентификација на жртви на трговија со луѓе и нивна реинтеграција. Ќе се формира работна група и ќе се обезбеди експертска помош за подобрување на легислативата за поефикасна заштита од трговија со луѓе поради трудова експлоатација.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе продолжи спроведувањето на **Стратегијата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 и Акцискиот план**. Ќе се донесат измени на Законот за инспекција на трудот и Законот за инспекциски надзор, за јасно зголемување на мандатот на трудовите инспектори во спечување на трговија со луѓе. Едновремено, ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа, за зголемување на надлежноста на локалните инспекциски органи за постапување по однос на трговија со луѓе, и други акти со кои се регулира постапката и надлежноста на комуналните, градежните, инспекторите за животна средина и друго. Континуирано ќе се работи на одржување и зајакнување на регионалната мрежа на координатори за борба против трговија со луѓе. Ќе се потпише Меморандум за соработка за размена на информации во областа на борба против трговија со луѓе меѓу Република Северна Македонија и Грција.

## Институционална рамка

Ќе се подготват соодветни измени во правната рамка за зголемување на опфатот на надлежности на трудовите инспектори во делот на спречување на трговија со луѓе.

# БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

## Тековна состојба

Континуирано се спроведува **Заедничкиот акциски план за борба против тероризам за Западен Балкан помеѓу Европската комисија и органите на Република Северна Македонија,** како рамка за заедничко делување во борбата против тероризмот. Во март 2020 година, Владата ја усвои Националната проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Во насока на имплементација на утврдените приоритети во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализација донесен е **Национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на борци-повратници и членови на нивните семејства,** со учество на повеќе државни институции и општествени чинители. Со цел овозможување на директни контакти со сите единици за борба против тероризам на земјите членки на ЕУ и оперативните партнери за соработка, во Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Бирото за јавна безбедност (БЈБ) во МВР, воспоставена е оперативна апликација за безбедна размена на информации – СИЕНА.

Донесени се Упатства за постапување на Министерството за внатрешни работи во случај на терористички акти. Во таа насока, МВР разви индикатори за идентификација на можни носители на терористички активности и нивно следење, како и утврдување на индикатори за идентификација на можни цели на напад.

Креирана е електронска платформа со различни функции која им овозможува на корисниците да читаат и споделуваат релевантни документи, истражувачки трудови, настани и слично.

Продолжуваат да се спроведуваат активностите предвидени со Твининг проектот **„Јакнење на националните координативни капацитети во превенцијата и справувањето со насилниот екстремизам и борбата против тероризам“**. Во рамки на проектот, формирана е Меѓуресорска работна група со задача да креира национален акциски тим за борба против тероризам и изготвување на стандардни оперативни процедури.



# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со европските стандарди во областа на тероризмот. Ќе се подготват измени и дополнувања на Законот за кривична постапка со цел да се продолжи периодот за одлучување за притвор за осомничен за кривични дела поврзани со тероризам, со можност за дополнително продолжување за уште 48 часа, врз основа на судска одлука, за да им се овозможи на јавните обвинители дополнително време за спроведување сложени истраги на кривични дела поврзани со тероризам. Ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на присилно исчезнати лица и ќе се пристапи кон дополнителниот Протокол на конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.

Канцеларијата на Советот за координација на безбедносни и разузнавачки служби ќе се донесе Заедничка проценка на закани од тероризам, врз основа на анализа од надлежните институции која ќе се ажурира периодично. Ќе се донесат измени и дополнување на Упатството за антитерористичка заштита на објекти.

Во областа на **спречување на финансирање на тероризмот** се планира донесување на **нова Стратегија и Акциски план за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2023).** Ќе се донесе Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и подзконските акти, со цел усогласување со V Директива (2018/843) и ќе се направи проценка на ризиците за непрофитниот сектор од финансирање на тероризмот.

## Институционална рамка

Во насока на зајакнување на националните капацитети на Канцеларијата на националниот координатор и Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (НКСНЕБПТ), се планира донесување на пакетот реформи кој предвидува воспоставување на нова организациска структура, како и воспоставување на механизми за поблиска соработка ма структурата со НКСНЕБПТ. Ќе се донесе деловник за работа на Националниот комитет (НК) кој ги дефинира правата, обврските и одговорностите на сите членови на НК, како и начинот на нивна координација.



Ќе се воспостави мулти-агенциски тим на локално ниво за справување со реинтеграција на странски терористички борби и нивните фамилии заснована врз индивидуален план. Ќе се градат капацитетите на локални граѓански организации и младински и спортски здруженија за превенција и спречување на насилен екстремизам, преку наменски обуки.

## Среднорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се донесат измени и дополнување на Кривичниот законик за усогласување со Директивата 2017/541 од 15 март 2017 година, за борба против тероризам, со цел да се замени веќе постојната Рамковната одлука на Советот за борба против тероризам 2002/475/ПВР и измена на Одлуката на Советот 2005/671/ПВР, и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.

Ќе се донесе Закон за заштита на критичната инфраструктура, во согласност со Директивата 2008/114/ЕЗ на Советот, за идентификувањето на европската критична инфраструктура и проценка на потребата за подобрување на нејзина заштита.

### Институционална рамка

За подобрување на следењето на радикализирани осудени лица ќе се донесе Програма за третман на осудени и малолетници кои имаат елементи на радикализација.



# БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

## Тековна состојба

Континуирано се имплементира Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, особено во делот на контролата на производство и условите за производство и промет. Изготвена е и Евалуација на Националната стратегија за дроги 2014-2020 година, а формирана е и работна група за изготвување на нова **Национална стратегија за дроги 2021-2029 и Акциски план**.

Продолжи соработката со Европскиот центар за мониторирање на дроги и зависности од дроги EMCDDA, особено во делот на транспозиција на европското законодавство. Врз основа на барање на Мини Даблин групата се испраќаат годишни извештаи за заплени на дроги во земјата за тековната година, со вклучени рути на движење, цени на дрогата на нелегалниот пазар и труењата од дроги на годишно ниво. Дополнително, до УНОДЦ се испраќаат Годишни прашалници за законските регулативи за дроги, побарувачката, употреба на дроги, трендовите во трговија со дроги, нови психоактивни супстанции, трговија со оружје и трговија со луѓе.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се донесе **Национална стратегија за дроги 2021-2025** со Акциски план и ќе започне нивната имплементација. Ќе се донесе нов Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Ќе се ревидираат листите за класификација на супстанции и растенија во листите од меѓународните конвенции за опојни дроги и психотропни супстанции во категоријата на опојни дроги и психотропни супстанци. Континуирано ќе унапредува соработката меѓу националните и меѓународните надлежни институции, преку размена на информации и профилирање на организираните криминални групи, како и учество во меѓународни настани.



## Институционална рамка

Ќе продолжи соработката меѓу националните и меѓународните надлежни институции. Ќе се зајакнат капацитетите на националните институции и капацитетите на лабораториите во делот на откривањето на нови психотропни супстанции.

# Среднорочни приоритети

Ќе се формира Агенција за контрола на одгледувањето и екстракцијата на канабис и производи од канабис за медицински и научни цели, како и Центар за следење на droги и зависности од дроги, согласно новиот Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Континуирано ќе се работи на зајакнување на институционалните капацитети и инспекциските служби во борбата против дрога.



# ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

## Тековна состојба

Системот nCEN е целосно оперативен и во примена, односно веќе се врши размена на информации со земјите кориснички на системот.Покрената е иницијатива за воведување на системот СИЕНА во Секторот за контрола и истраги, за навремена размена на информации и барања до земјите кориснички, како и негова примена при учества во меѓународните операции.

Новата Служба за финансиски истраги веќе ги работи првите предмети и постепено навлегува во спецификите на процесот на финансиска истрага. Инспектор од Секторот за контрола и истраги е поставен со канцеларија на меѓународниот аеродром Скопје како лице за работа со АПИ/ПНР, што воедно е припрема за ПИУ, со имплементација на планираните законски измени.

### Меѓународни операции и проекти

Царинската управа континуирано учествува во активностите на Светска царинска организација (SELEC), како и во други мултилатерални и билатерални работилници и проекти од едукативен карактер.Воедно, соработува билатерално за актуелни случаи со царински администрации на земјите од соседството и земји членки на ЕУ, но и спроведува координирани заеднички контроли и акции со земјите од соседството. Редовно учествува во меѓународни операции[54] .

## Краткорочни приоритети

### Институционална рамка

За јакнење на административните капацитети, ќе бидат назначени дополнителни инспектори во истражните центри. Преку системот за интероперабилност ќе се воспостави размена на податоци и документи со институциите од областа правда и внатрешни работи, и ќе се земе учество во проектот за дигитализација на наредбите за посебно истражни мерки (ПИМ) со Јавното обвинителство.

54 Global shield, Spider web, Viribus, OPSON VIII, „Eel-licit" trade, Thunderball, Games 2019, Vigilantes, Landlocked, Pandora, Pangea XII, Demeter V, Western Balkans 2019, LYNX, Athena, Armstrong и Eclipse.





Ќе се подготви ППД и техничка спецификација за развој на Систем за контрола и истраги (LES или LEITS). Ќе се имплементираат критериуми за анализа на ризик за Електронски систем за следење на акцизни добра во НКТС (NCTS), со цел поефикасно спречување и откривање на измама со документација на акцизна стока.

Ќе се зајакнат  капацитетите на Службата за финансиски истраги и ќе се подобри техничката опременост на Секторот за контрола и истраги. Ќе се оформи и Сектор за предистражни мерки и соодветно ќе се поврзе со Оперативно-техничка агенција (ОТА).

## Среднорочни приоритети

### Институционална рамка

Ќе се развие Системот за контрола и истраги и континуирано ќе се надградува со дополнителни модули за интероперабилност. Ќе се имплементира АПИ/ПНР системот (Advance Passenger Information/Passenger Name Record), преку измена на Законот за Царинска управа и Набавка и користење на софистицирана опрема за зголемување на остварени прегледи за пократок временски период и размена на информации и скенови со царинските управи од соседството.

# ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРО

## Тековна состојба

Заради унапредување на процесот на размена на информации за регистрираните фалсификувани пари, Народната банка и МВР воспоставија комуникација преку размена на криптирани пораки. Се потпиша Договор за соработка меѓу Народната банка и Европската централна комисија за монети, како и договори за соработка на Народната Банка со ЕК и со Европската Централна Банка, во сферата на заштитата на евро монетите и банкнотите од фалсификување.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Ќе се донесат измени и дополнувања на Кривичниот Законик во насока на усогласување на кривичното дело „фалсификување на пари" со Рамковна одлука (2000/383/ПВР) на Советот од 29 мај 2000 година, за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување. Ќе се ревидираат стандардните оперативни процедури за постапување на Централната канцеларија за истраги во областа на фалсификување на еврото и фалсификување пари. Ќе се изготви техничко решение за реализација на проектот за електронско меѓуинституционално поврзување со Народна банка на Република Северна Македонија.

### Институционална рамка

Ќе се јакнат капацитетите на Централната канцеларија за фалсификувани пари преку обуки во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари на кадарот на МВР, ЦУУФП за препознавање на фалсификувани валути и користење на базата за фалсификувани пари.



## Среднорочни приоритети

### Институционална рамка

Материјално-технички ќе се опреми Централната канцеларија за истраги. Едновремено, Канцеларијата ќе преземе активности за електронско поврзување на базата со податоци со останатите институции вклучени во борбата против фалсификување на еврото.

# II

# ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

# Резиме

Во 2020 година економската активност забележа пад од 4,5%, што е во рамки на предвидувањата. Намалената економска активност, согласно очекувањата, е главно резултат на неповолните движења во второто тримесечје, кога реалниот БДП се намали за 14,9% на годишна основа, што се должи на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно окружување, а се одрази врз активноста на голем дел од услужните дејности, градежништвото и индустријата. Во третото и четвртото тримесечје падот на економската активност значително забави, односно е забележан пад од 3,3% и 0,7% соодветно, во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот сектор, односно поповолни движења на извозната и инвестициската активност и континуиран раст на јавната потрошувачка со цел справување со пандемијата.

Одговорот на фискалната политика на пандемијата во земјата беше брз и значаен во поддршката на претпријатијата и вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население, што резултираше со ублажување на падот на приватната потрошувачка и на вработеноста предизвикана од пандемијата.

Економскиот раст се очекува да премине во позитивната зона во 2021 година, во услови на очекувано закрепнување на инвестициите, потрошувачката и надворешната побарувачка, при што е проектиран раст од 4,1% согласно основното сценарио, кое претпоставува слабеење на здравствената криза и етапно подобрување на епидемиолошката слика, повисока искористеност на производствените и услужните капацитети, поволни ефекти од економските мерки, како и зголемена доверба кај потрошувачите и инвеститорите.

Во однос на пазарот на работна сила, вработеноста продолжи да расте во првото тримесечје од 2020 година, по што следеше одредено влошување на состојбата во наредните тримесечја, како последица на ефектите од пандемијата, коишто беа ограничени во услови на државна поддршка за фирмите со цел задржување на работните места. Така, согласно Анкетата на работна сила, просечниот број вработени лица во 2020 година бележи благ пад од 0,3% во однос на 2019 година. Просечната стапка на невработеност во 2020 година  изнесува 16,4% и е намалена за 0,9 процентни поени споредено со 2019 година. Во 2021 година, во услови на подобрување на очекувањата на деловните субјекти, зголемени инвестиции и економска активност, се предвидува раст на вработеноста од 1,9% според основното сценарио, поттикнат и преку активните мерки и програми за вработување.

# ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија постигна **ограничен напредок** и е на **добро ниво на подготовка** за развој на функционална пазарна економија. Економскиот раст се забрза во 2019 година со зголемувањето на инвестициите, но, од април 2020 година, кризата од КОВИД-19 остави свој белег во економијата и јавните финансии. Властите презедоа низа мерки за поддршка на компаниите и домаќинствата, за да го ублажат економското и социјалното влијание на кризата. Во периодот на известување, фискалната транспарентност беше дополнително подобрена. Сепак, фискално значајните реформи во оданочувањето на доходот и системот на пензии, воведени на почетокот на 2019 година, забележуваат назадување. Покрај тоа, спроведувањето на јавните капитални трошоци остана значително ниско, а стабилизацијата на јавниот долг сè уште не е обезбедена. Пред да се појави кризата, стапките на невработеност дополнително се намалија, исто така, и кај младите работници, а неформалното вработување малку опадна. Сепак, влијанието на кризата од КОВИД-19 веројатно ќе ги сврти тие позитивни трендови. Стапките на учество остануваат на ниско ниво, и покрај тоа што учеството на жените на пазарот на трудот се зголеми. Финансискиот сектор остана стабилен и кредитирањето на приватниот сектор зајакна. Деловното опкружување продолжува да биде попречено од високиот удел на неформалната економија.

Со цел да се подобри функционирањето на пазарната економија, Северна Македонија треба особено:

- да обезбеди фискален простор за поддршка на закрепнувањето по кризата од КОВИД-19 преку подобрување на наплатата на приходите, спроведување на повеќе трошења на јавната инфраструктура предизвикана од раст и подобрување на управувањето со јавните инвестиции;
- да го зајакне фискалното управување, транспарентноста и одржливоста преку воспоставување фискални правила, соодветна среднорочна буџетска рамка и фискален совет;
- да продолжи со спроведувањето на Стратегијата и акцискиот план за 2018 година за формализирање на неформалната економија и реализирање на основните стимулации за неформално вработување;
- да ги подобри ефективноста и транспарентноста на државната помош.

# Макроекономска стабилност[55]

Макроекономската политика е во функција на поддршка на макроекономската стабилност и поставување на темелите на забрзан економски раст на подолг рок, подигнување на потенцијалот за раст на економијата и обезбедување на одржлив и инклузивен раст, имплементација на капитални инфраструктурни проекти, поддршка на инвестициската и извозната активност на претпријатијата, зголемување на вработеноста во економијата преку активните мерки за вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.

## ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ

Во 2020 година економската активност забележа пад од 4,5%, што е во рамки на предвидувањата. Намалената економска активност, согласно очекувањата, е главно резултат на неповолните движења во второто тримесечје, кога реалниот БДП се намали за 14,9% на годишна основа, што се должи на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно окружување, а се одрази врз активноста на голем дел од услужните дејности, градежништвото и индустријата. Во третото и четвртото тримесечје падот на економската активност значително забави, односно е забележан пад од 3,3% и 0,7% соодветно, во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот сектор, односно поповолни движења на извозната и инвестициската активност и континуиран раст на јавната потрошувачка со цел справување со пандемијата.

Во 2020 година активноста во индустрискиот сектор е намалена за 10,0%. Индустриското производство претрпе најголеми последици во април и мај, по што следеше значително ублажување на падот, а во декември забележа и раст од 2,5% на годишна основа. Активноста во услужниот сектор е намалена за 2,6%, што е главно резултат на неповолните движења во дејноста трговија, транспорт и угостителство, каде е забележан пад од 7,9%, делумно неутрализиран со поволните движења во информациско - комуникациската дејност, каде има раст

55 Деловите кои се однесуваат на економската активност, пазарот на труд и јавните финансии опфаќаат проекции на Министерството за финансии, додека деловите за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народната банка.

на активноста од 2,8%. Градежниот сектор забележа пад од 2,1% на реална основа, кој согласно високофреквентните податоци се должи на неповолните движења во сегментот на високоградба, додека земјоделскиот сектор забележа реален раст од 1,7%.

Декомпозицијата на БДП според расходната страна покажува дека приватната потрошувачка и инвестициите имаат негативен придонес врз економската активност во 2020 година, додека придонесот на јавната потрошувачка и нето-извозот е позитивен. Приватната потрошувачка забележа пад од 5,6% на реална основа, во услови на значително намалување на дознаките од странство. Позначителен пад на потрошувачката беше спречен преку мерката за финансиска поддршка на претпријатијата за исплата на плати, мерката за платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка, како и кредитната поддршка на банките. Јавната потрошувачка забележа раст од 10,1%, што се должи на расходите поврзани со здравствената криза. Бруто - инвестициите забележаа пад од 10,2% на реална основа. Извозот на стоки и услуги се намали за 10,9%, а увозот за 10,5% на реална основа. Месечните податоци за надворешно-трговската размена покажуваат висок пад на извозот и увозот во првата половина на годината, но и раст на извозот во втората половина на 2020 година.

Економскиот раст се очекува да премине во позитивната зона во 2021 година, во услови на очекувано закрепнување на инвестициите, потрошувачката и надворешната побарувачка, при што е проектиран раст од 4,1% согласно основното сценарио, кое претпоставува слабеење на здравствената криза и етапно подобрување на епидемиолошката слика, повисока искористеност на производствените и услужните капацитети, поволни ефекти од економските мерки, како и зголемена доверба кај потрошувачите и инвеститорите.

Планираната фискална консолидација, редизајнирањето на буџетската политика и стратегијата за економско заздравување и забрзан раст (SmartERGrowth) се цврста основа за забрзување на економскиот раст во наредниот период, враќање на економијата на преткризната патека на раст во втората половина на 2022 година и обезбедување на побрза динамика на економски раст потоа.

Во 2021 година, извозната активност на домашните компании се предвидува да забележи реален раст од 14%. Придонесот на домашната побарувачка врз економскиот раст се очекува да премине во позитивната зона, во услови на заздравување на инвестициската активност и на приватната потрошувачка. Реалниот раст на бруто - инвестициите е проектиран на 7,7%,

при што значајно влијание врз инвестициите е предвидено да имаат враќањето на довербата на деловните субјекти, планираните инвестиции на јавниот сектор и зголемената поддршка за развој на приватниот сектор, иновациите и зајакнување на конкурентноста. Приватната потрошувачка е предвидено да забележи реален раст од 3,5%, како резултат на очекувањата за подобрување на состојбата на пазарот на работна сила, зголемен прилив на парични дознаки од странство, но и кредитна поддршка од банките. Растот на јавната потрошувачка е проектиран на 4,3%, со тоа што очекуваниот фискален импулс ќе биде канализиран и преку капиталните расходи. Заздравувањето на домашната побарувачка и растот на извозната активност во 2021 година условуваат зголемен увоз на интермедијарни, инвестициски и потрошувачки добра, со што реалниот раст на увозот е проектиран на 13,2%.

Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, кои главно се поврзани со долготрајноста и последиците на здравствената криза, интензитетот на ефектите врз економијата и резултатите од економските мерки за нејзино ублажување.

# МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

Монетарната политика и во 2020 година е фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, централната банка е насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност, како значајна компонента на макроекономската стабилност. Во периодот јануари - октомври 2020 година, монетарната политика беше дополнително олабавена преку постепено намалување на основната каматна стапка на 1,5% (најнапред во јануари, а по отпочнувањето на ковид - кризата и во март и во мај), што е историски најниско ниво. Ова релаксирање е направено во услови на глобални ризици за ширење на пандемијата од корона вирусот, превентивни здравствени мерки во земјата и нивно влијание врз економијата, а при ниска инфлација и солидна надворешна позиција. Воедно, беа преземени мерки и за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем преку намалување на понудата на благајнички записи (два пати во текот на вториот квартал), како и мерки за поддршка на кредитирањето со повторно активирање на мерката за намалување на основата за задолжителна резерва за кредити одобрени на најпогодените сектори од пандемијата. Овие чекори се насочени кон обезбедување на поддршка на македонската економија преку одржување на кредитните текови и се комплементарни со

останатите преземени мерки, односно регулаторните измени со коишто се обезбеди поголема флексибилност на банките за процесот на кредитирање.

Согласно заклучоците од Економско - финансискиот дијалог со ЕУ, како продолжение на активностите во 2019 година, и во 2020 година беа одредени неколку приоритетни активности околу имплементацијата на Стратегијата за денаризација, на кои се работеше во текот на годината, преку инволвирање на неколку надлежни институции.

## ИНФЛАЦИЈА

Просечната годишна инфлација во периодот јануари - октомври 2020 година изнесуваше 1%. Движењето на инфлација беше главно под влијание на повисоките цени на храната, при дополнителен придонес и од повисоките цени на тутунските производи и електричната енергија. Од друга страна, цените на транспортните услуги имаа негативен придонес. Ризиците околу инфлацијата се главно поврзани со неизвесноста околу движењето на цените на примарните производи на светските пазари.

## ПАЗАР НА ТРУД

Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија во првото, но прекинаа во второто тримесечје од 2020 година, во услови на влошување на здравствено - економската криза. Според Државниот завод за статистика, стапката на невработеност се намали во првото тримесечје на 16,2%, но во второто тримесечје порасна на 16,7%, што сепак е пониска во споредба со една година порано, кога изнесуваше 17,5%.

Просечната месечна нето-плата во периодот јануари - септември 2020 година е повисока за 8,1% на номинална основа, со тоа што во второто тримесечје се забележува поголемо забавување на растот на платите, како одраз на негативното влијание на пандемијата врз домашната економија. Растот се должи на зголемувањето на нивото на минимална плата совладината мерка за финансиска поддршка на работодавачите кои ќе извршат зголемување на платата до одреден износ, ефектот од зголемените плати на вработените во јавниот сектор во септември претходната година, како и дополнителното зголемување на платите во образованието

и здравството годинава. Фискалната мерка за финансиска помош на работодавачите погодени од здравствената криза за исплата на плата влијаеше врз ублажување на надолниот тренд на раст на платите во второто тримесечје.

Во 2021 година, во услови на подобрување на очекувањата на деловните субјекти, зголемени инвестиции и економска активност, се предвидува раст на вработеноста, поттикнат преку активните мерки и програми за вработување и поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места. Според основното сценарио, во 2021 година се очекува раст на бројот на вработени од 1,9%, што ќе резултира со дополнително намалување на стапката на невработеност наредната година.

Во 2020 година се продолжи со имплементација на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година и во август 2020 година се подготви извештај за имплементацијата на Акцискиот план. Во првата половина од 2021 година ќе се направи извештај за досегашната имплементација на Стратегијата и ќе се подготви нов Акциски план за период од 2021 до 2022 година.

# НАДВОРЕШЕН СЕКТОР

Во првите два квартала од 2020 година, дефицитот на **тековната сметка** во билансот на плаќања изнесува 235 милиони евра, или 2,2% од БДП. Во однос на истиот период од претходната година, дефицитот на тековната сметка бележи мало стеснување од 2,4%. Гледано по одделни компоненти, остварен е понизок дефицит во размената на стоки. Имено, пандемијата и рестриктивните мерки за спречување на заразата неповолно се одразија на двете страни од трговската размена со странство, при што намалување на увозот беше поголемо во однос на падот кај извозот. Истовремено, остварен е и понизок дефицит кај примарниот доход, коишто заедно со поголемиот суфицит кај услугите, делуваа во правец на стеснување на дефицитот на тековната сметка. Сепак, овој ефект беше неутрализиран од помалите нето приливи врз основа на  секундарниот доход. Во рамки на секундарниот доход, нето - приливите од откупената странска ефектива на менувачкиот пазар (којашто се користи како показател за приватните трансфери во готовина) беа пониски за околу 40% споредено со истиот период лани.

Кај **финансиската сметка** во првата половина од 2020 година се остварени нето-приливи, при остварени високи приливи кај портфолио инвестициите (нова државна еврообврзница), нето приливи на странски директни инвестиции и нето приливи кај долгорочните заеми (задолжување од странство од страна на државата) и трговските кредити. Кај странските директни инвестиции беа остварени нето-приливи од 112 милиони евра или 1% од БДП (во целост во првиот квартал), како резултат на позитивните движења кај сопственичкиот капитал и реинвестираната добивка, додека врз основа на должничките инструменти (меѓу-компанискиот долг) се остварени нето одливи.

На крајот на октомври 2020 година, **бруто девизните резерви** изнесуваа 3.541 милион евра, што претставува зголемување за 8,5% споредено со состојбата на крајот од 2019 година, што главно се должи на приливите врз основа на новата еврообврзница и задолжувања на државата од странство заради надминување на последиците од пандемијата. На девизниот пазар е остварена нето продажба, која во последните месеци забавува. Девизните резерви се одржуваат на адекватно ниво, обезбедувајќи просечна покриеност на увозот на стоки и услуги од наредната година од околу четири месеци.

Вкупниот трговски дефицит[56] во периодот јануари – септември 2020 година оствари стеснување од 6,2%, при годишен пад на извозот од 15,2% и истовремен пад на увозот од 13,2% (но при повисок апсолутен пад на увозот). Намалувањето на извозот е широко дисперзирано по одделни групи на производи и е одраз на последиците од пандемијата, при најголем придонес од понискиот извоз на машини и транспортни уреди и хемиски производи, односно извозот на новите извозно ориентирани капацитети со странски капитал, со оглед на нивната застапеност во вкупниот извоз. Намалувањето на увозот главно се должи на понискиот увоз на суровини, опрема и енергија, со оглед на намалената економска активност заради пандемијата и намалените увозни цени на нафтените деривати. Највисок дефицит во размената на стоки во анализираниот период е остварен со Велика Британија, а највисок суфицит е остварен со Германија.

56 Според надворешно трговската статистика, каде што увозот е прикажан на ц.и.ф. - основа.

57 Согласно Измените и дополнувањата на Буџетот на РСМ за 2020 година (Службен весник број 262/20) и Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централна власт и меѓу фондовите.

# ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Во 2020 година, вкупните буџетски приходи се остварени 96,7% согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година[57] и се за 6,9% пониски од буџетските приходи во 2019 година. Даночните приходи и придонеси учествуваат со 91,4% во структурата на вкупните буџетски приходи и достигнаа 99,5% од годишниот план. Во 2020 година, вкупните расходи се реализираа 96,4% од годишниот план и се за 12% повисоки од буџетските расходи реализирани во 2019 година. Расходната страна на Буџетот бележи раст на годишно ниво, во најголем дел како резултат на преземените мерки во борбата против кризата предизвикана од КОВИД-19. Во тие рамки, тековните расходи изнесуваат 97,6% од годишниот план и се за 14% повисоки од минатата година, додека капиталните расходи се реализирани 82% од планираните за 2020 година.Со тоа, во 2020 година, Буџетот на Република Северна Македонија оствари дефицит од 8,1% ,односно примарниот дефицит изнесува 6,9% од БДП за 2020 година.

Наредната фискална година се карактеризира со сè уште присутна непредвидливост околу времетраењето и интензитетот на здравствената пандемија во глобални рамки, нејзините импликации врз буџетот и економијата во целина и поставување на темелите за солидно економско заздравување и забрзан раст. И покрај присутните ризици поврзани со здравствената криза, а земајќи ги предвид досега реализираните четири пакети на економски мерки, со Буџетот за 2021 година се очекува да се обезбеди стабилност на социјалните трансфери и да се обезбедат политики кои и понатаму ќе помогнат за спроведување на брза излезна стратегија со цел продолжување со позитивните трендови во македонската економија.

Вкупните приходи на Буџетот за 2021 година се на ниво од 212,6 милијарди денари и се за 8,3% повисоки во однос на вториот Ребаланс 2020 година, додека расходите се планирани на ниво од 247,5 милијарди денари или за 2,1% пониско во однос на вториот Ребаланс 2020 година, што ќе резултира со буџетски дефицит од 4.9% од планираниот БДП. На крајот на 2020 година, државниот долг изнесува 51,2% од БДП, додека јавниот долг 60,2% од БДП.

Подготовката на **Буџетот за 2021** беше согласно концептот за паметни финансии, се планираше стратешки, подолгорочно, одговорно, одржливо, реформски и транспарентно, со вклучување на деловната заедница, експерти, универзитетски професори и меѓународната заедница. Со овој Буџет

започнува нов концепт, при што фискалната година од 12 месеци се менува со петгодишна рамка. Се предвидува стратегија за заздравување на економијата и забрзан раст или SmartERGrowth, политики за буџетска консолидација од 2021 до 2025 година и план за јавни инвестиции 2021-2025 година. Се предвидува постепено намалување на буџетскиот дефицит во наредните пет години - односно истиот во 2022 година е проектиран на -3,8%, во 2023 на -3,2%, во 2024 на -2,8% и во 2025 на -2,1%.

Министерството за финансии работи на План за финансирање економско заздравување и забрзан раст, којшто има за цел да ги соедини сите иницијативи, планови и алоцирани фондови на Владата и меѓународните финансиски партнери за реализација на капитални проекти за овој период. Целта на овој документ е да дизајнира иновативни начини за спроведување на јавните инвестиции, користејќи ги достапните фондови од официјалните кредитори за мобилизирање на приватните инвестиции. Со ова ќе се придонесе за неколкукратно зголемување на инвестициите, а воедно и спроведување на фискалната консолидација. Зајакнувањето на приватните инвестиции ќе биде поддржано преку развојни фондови, фондови за поддршка на иновации, гарантен фонд, еквити фондови, фонд за ризичен капитал и слични инструменти за поддршка на извозни компании, мали и средни претпријатија, како и на социјални претпријатија. Се планираат јавни приватни партнерства, концесии и други инструменти за финансирање јавни капитални проекти, но и проекти на приватниот сектор. Планот особено ќе поддржува еколошки и климатски проекти, иновации, како и иницијативи за поправедно општество.

Предлог **новиот Законот за буџети** кој екој е во Собраниска процедура, претходнобеше објавен на ЕНЕР за јавни консултации, се очекува да биде усвоен во Собранието во текот на 2021 година. Новиот закон е во согласност со определбата за подобрување на системот за управување со јавните финансии, со цел обезбедување рамка за водење здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетската дисциплина и одговорност.

Во законот содржани се одредби кои се однесуваат на објавување регистар на субјекти од јавниот сектор; формирање на независен фискален совет; подобрување на процесот на среднорочна фискална стратегија, подготовка на основно сценарио и нови иницијативи; подобрување на транспарентноста (поднесување податоци за јавни претпријатија, единици на локална самоуправа); и воспоставување Интегриран информационен систем за управување со јавни финансии.

# Слободно взаемно дејство на пазарните сили

## ДРУШТВА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ (ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРУШТВА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ)

Економските активности во Република Северна Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација го опфаќа пазарното прилагодување на јавниот сектор. Во постапката на трансформација на субјектите од јавниот сектор, беше утврдена законска можност за натамошна продажба на издвоени делови, организирани како друштва со државен капитал.
Останува реализацијата на продажба на акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

За друштвото 11 Октомври Еурокомпозит АД Прилеп (производство со специјална намена и производство на композитни материјали), во целосна државна сопственост, во наредниот период треба да се дефинира натамошниот статус, по детална анализа на неговата економска и финансиска состојба.
Во случајот со Тутунски комбинат АД Прилеп се реализира стратешкото партнерство со Филип Морис Интернационал менаџмент, преку заеднички формираната компанија.

Податоци за друштвата, делумно или целосно во државна сопственост[58] се дадени во табелата подолу:

58 Податоците се од Централен депозитар за хартии од вредност, состојба на 10.11.2020.

| | |
|---|---|
| Број на друштва со целосна или делумна државна сопственост | 58 |
| Број на друштва со целосна државна сопственост: Македонска Пошта, Македонска банка за поддршка и развој, ЕЛЕМ, МЕПСО, МИА, Еурокомпозит АД Прилеп, ТЕЦ Неготино, Енергетика АД Скопје, Македонски железници АД Транспорт, АгриЛенд Скопје, Државна лотарија на Македонија, М-НАВ АД Скопје и Аеродром АД, АД за стопанисување со деловен простор Скопје, АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката и АД за Водостопанство на Македонија. | 16 |
| Број на друштва со државен капитал под 1% во вкупниот капитал | 26 |
| Број на друштвата во државна сопственост помеѓу 1% и 10% од вкупниот капитал | 10 |
| Број на друштвата во државна сопственост помеѓу 10% и 100% од вкупниот капитал | 6 |
| Номинална вредност на вкупниот државен капитал во друштвата | 1.146,71 мил. ЕУР |
| Вкупен државен капитал во друштвата како процент од БДП | 10,23 % |
| Износ на државен капитал во 5 компании со најголема вредност на државен капитал ЕЛЕМ, Македонски Телеком (34%), МЕПСО, Тутунски комбинат АД Прилеп и Македонски железници АД Транспорт | 882,56 мил. ЕУР |
| Државен капитал во 5 компании со најголема вредност на државен капитал како % од БДП ЕЛЕМ, Македонски Телеком (34%), МЕПСО, Тутунски комбинат Прилеп и Македонски железници АД Транспорт | 7,87 % |
| Учеството на државниот капитал во останатите  53 компании како % БДП | 2,36% |

# Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот

## ВЛЕЗ НА ПАЗАРОТ

Со цел понатамошно олеснување на постапката за влез на пазарот, односно регистрацијата на нови трговски друштва, во февруари 2014 година се донесе Законот за изменување и дополнување на законот за трговските друштва (Службен весник број 38/2014) согласно кој се премина на комплетна електронска регистрација на доо, дооел и тп, односно со стапувањето на сила на измените, регистрацијата на овие организациони облици се спроведува исклучиво преку Системот за е-регистрација.

Со Законот за изменување и дополнување на законот за трговските друштва (Службен весник број 88/2015) се предвиде и сите останати форми на трговски друштва да се регистрираат исклучиво електронски преку системот за е-регистрација. Едновремено, заради дополнително олеснување на административната процедура, имплементацијата на овој закон беше проследена со обезбедување на широка територијална распространетост на регистрационите агенти како посебна категорија на подносители во трговскиот регистар, што придонесе процесот на регистрација да се одвива само во еден чекор без дополнителна потреба од нотаризација на актите, доаѓање во канцелариите на Централниот регистар или обезбедување на печат.

Во 2020 година вкупниот запишан основачки капитал за ново регистрираните трговски друштва изнесува:

Домашен капитал во евра € 13 945 013.00 и во МК денари 810 210 806.50, и

Странски капитал во евра € 3 773 744.00 и во МК денари 20 269 650.00

Од ставањето во функција па се до 13.11.2020 година, трговскиот регистар има извршено вкупно 108 150 уписи на основање, изменето 114 877 уписи , избришано 108 159 уписи, вкупно 3 098 исправки, вкупно 24 196 уписи на отворен стечај и 29 040 уписи на отворена ликвидација. Има вкупно 10 695 странски физички лица основачи на трговски друштва и 2 357 странски правни лица основачи на трговски друштва.

# СТЕЧАЈ И ИЗЛЕЗ ОД ПАЗАРОТ

Со цел понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет и транспарентност на водењето на стечајните постапки, во системот за е-стечај беше воспоставена продажба на средствата од стечајната маса преку електронска аукција која овозможува дополнителна транспарентност на постапката. Имено објавата за продажба се објавува на веб страната на Централниот регистар 15 дена пред аукцијата. Електронската аукција беше воведена на 10.04.2014 и од тогаш па до 13.11.2020 се спроведени 4 992 постапки. Дополнително, во тек е изготвување на нов Закон за стечај, со финансиска поддршка од IFC членка на групацијата на Светска банка, кој е во фаза на јавна расправа со засегнатите страни.

# Правен систем

## РЕГУЛИРАЊЕ НА ИМОТНИ ПРАВА

### Тековна состојба

### Одржување катастар на недвижности

Имплементираниот систем за електронски катастар дава можности за редовно следење на изведбата над работењето на Центарот за катастар на недвижности - Скопје и одделенијата за катастар на недвижности, како и следење на реализацијата на поставените рокови за постапување по предметите утврдени со Законот за катастар на недвижности. Обемот на работа во АКН за 2020 година е прикажан во графата подолу.

### Регистар на преземени недвижности наменети за продажба

АКН го воспостави и води регистарот на преземени недвижности наменети за продажба. Со овој регистер на едно место секој заинтересиран инвеститор и купувач на недвижен имот може да добие точна информација за недвижниот имот расположив за продажба. Податоците од регистарот се прикажуваат на порталот на Агенцијата[59] со што секој заинтересиран инвеститор и купувач на недвижен имот може да добие точна информација за истиот. Во периодот јануари - ноември 2020 година потврдени се 506 делови од згради и 134 катастарски парцели, како и 304 инфраструктури.

### Дистрибутивен систем на АКН

Во периодот јануари - ноември 2020 година, преку дистрибутивниот систем на АКН (ОССП порталот) направени се вкупно 22.867 нарачки со вкупно 74.631 производи во направени успешни нарачки, од кои според формата на производот се издадени 74.454 производи во електронска форма, 166 производи во хартиена форма и 11 сервиси.

59 Види http://katastar.gov.mk/

## ОБЕМ НА РАБОТА 2020 г.




## ДИСТРИБУТИВЕН СИСТЕМ НА АКН



## Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП)

Во врска со активностите поврзани со НИПП, во тек е редизајнирање на националниот НИПП-геопортал, вршење хармонизација и стандардизација за збирки на просторни податоци, изработка на WMS (WebMapService) и WFS (WebFeatureService) сервиси, како и прибирање информации од субјектите во НИПП во функција на воспоставување на Регистарот на збирки просторни податоци.

Бројот на достапни услуги на Националниот гео-портал http://nipp.katastar.gov.mk/ изнесува:

- 86 метаподатоци;
- 24 веб сервиси за преглед;
- 15 веб сервиси за преземање податоци, кои опфаќаат 15 збирки на просторни податоци, од кои што согласно техничките спецификации кои произлегуваат од директивата извршена е хармонизација на 4 збирки на просторни податоци.

Извршена е хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци за административните единици, дигиталниот модел на терен, хидрографската мрежа и географските имиња и за истите се креирани WMS и WFS веб-услуги.

## Ласерско скенирање на целата територија

По комплетното испорачување на податоците од ласерското скенирање на дел од територијата на Република Северна Македонија со површина од 11.072 км2 изработен е и дистрибутивен LIDAR портал преку кој корисниците ќе можат да вршат преглед, селекција и преземање на LIDAR податоците. Активностите поврзани со ласерското скенирање на територијата на Република Северна Македонија, поддржани од Владата на Кралството Норвешка (Lidar проект), ќе продолжат да се реализираат и во 2021 година.

Планирано е до крајот на месец јуни 2021 година да биде извршено ласерско скенирање на теренот и да бидат изработени LiDARr продукти (DTM/DSM и облаци на точки) на територија во површина од 2829 км2, во југоисточниот дел од државата, а во периодот што следува до крајот на 2021 година се очекува активностите да продолжат и на преостанатиот дел од државната територијата, во зависност од финансиските средства кои ќе бидат дополнително обезбедени од страна на донаторот.

## Воспоставување и ставање во примена на Европскиот терестрички референтен систем- ETRS89

Во првата половина од 2020 година комплетирана е изработката на Студијата за имплементација на нови службени геодетски референтни системи во Република Северна Македонија која се реализираше во соработка со Градежниот факултет во Скопје. Се продолжи со изготвување Стратегија за имплементација на ETRS89- координатниот систем и новата државна картографска проекција. Во тек е реализација на премерот на пасивната ГНСС – мрежа - MAKREF, на 105 точки од пасивната мрежа како геодетска референтна основа за воспоставување на Европскиот терестрички референтен систем.

## Внес на податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и одржување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви

Во функција на воспоставување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, преку проектот „Соработка за дигитална демократија" финансиран од Кралството Шведска, се спроведе теренско прибирање податоци за улици и куќни броеви и нивно прифаќање, на вкупно 350 населени места во 11 општини.

Во рамки на ИПА/2019/PG/0168-6574, во тек е прибирање на теренските податоци за улици и куќни броеви за 256 населени места на територијата на 11 општини. Податоците за улиците и куќните броеви ќе се внесуваат во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви за секое населено место поединечно.

## Краткорочни приоритети

- Ласерско (Lidar) скенирање на преостанатиот дел од територијата на Република Северна Македонија што преставува 57% од вкупната територија на државата (IV квартал 2021);

- Комплетирана изработка на Lidar продуктите за територијата опфатена со Lidar проектот, (IV квартал 2021 година);
- Теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви за 256 населени места на територија на 11 општини, (III квартал 2021);
- Теренско прибирање на описни и просторни податоци за улици и куќни броеви за 508 населени места во 21 општина до крајот на (IV квартал 2021);
- Одржување на националните геодетски референтни мрежи и нивно поврзување со мрежите од соседните земји (IV квартал 2021);
- Воспоставување на единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица (II квартал 2021);
- Воспоставување и одржување на Регистар на збирки на просторни податоци, (IV квартал 2022);
- Изработка на Уредба за мрежни услуги во функција на националната инфраструктура на просторни податоци (IV квартал 2021).

## Среднорочни приоритети

- Воведување во употреба на ETRS 89-координатен систем (IV квартал 2025);
- Теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви за преостанатите населените места во функција на воспоставување на Графички регистар за улици и куќни броеви (IV квартал 2023)
- Сукцесивно воспоставување на Адресен регистар по населено место- миграција на адресните податоци во Е-КАТ системот (IV квартал 2025).

## Програми и проекти

- Проектот „Соработка за дигитална демократија” кој е финансиски поддржан од страна на Шведската меѓународна развојна агенција 2020 – 2021 година ќе продолжи со имплементација на Адресен регистар, НИПП, ИКТ, Скен центар и геодезија.

- Во рамките на програмата IPA/2019/PG/0168-6574, Агенцијата за катастар на недвижности доби финансиска поддршка од страна на Европската Унија за проектот „Воспоставување графички регистар на улици и куќни броеви за теренско прибирање на графичките и атрибутните податоци за улиците и куќните броеви за 11 општини.
- Проект - Создавање дигитални податоци за теренот неопходни за ублажување на ризикот од поплави, следење на поплави и за дејствување во ситуации на поплави, како и за намалување на трошоците за инфраструктурни проекти и подобрување на заштитата на животната средина, надзорот и просторното планирање помеѓу Агенцијата за катастар на недвижности и Statens Kartver за проектот, финансиран од Норвешкото Министерство за надворешни работи.

Регионален Проект СПАТИАЛ (Strengthened Professional Access to Information About Land), кој беше финансиран од холандското министерство за надворешни работи во рамките на МАТРА програмата чија цел е подобрување на капацитетите на националните агенции за картографија, катастар и регистрација на земјиште со цел обезбедување на сигурни информации за земјиштето на општеството а во функција на за социјална и економска благосостојба. Проектот ќе ја подржи АКНЈ во областите на институционален развој, управување со геопросторни податоци и картографија.

# Доволно развиен финансиски сектор

## БАНКАРСКИ СИСТЕМ

Во првите девет месеци од 2020 година, и покрај сите ризици, кои се изразено надолни и кои во однос на изворите се речиси целосно поврзани со пандемијата на ковид-19, банкарскиот систем успешно ја одржува својата стабилност. Отпорноста на банкарскиот сектор на шокови се потврдува и преку спроведените стрес-тестови, кои покажуваат генерално добар капацитет на банките за апсорбирање на кредитни загуби, дури и при крајно екстремни и малку веројатни шокови, што би значеле поизразено остварување на кредитниот ризик.

Во услови на силна и непредвидлива здравствена криза и низа преземени мерки за спречување на ширењето на вирусот, не се почувствуваа поголеми потреси во активностите на банкарскиот систем. Промените во активностите на ниво на банкарскиот систем во третиот квартал од 2020 година, освен од влијанието на пандемијата, во голема мера беа условени и од излезот на една банка од банкарскиот систем. Сепак, остварувањата на банкарскиот систем останаа солидни. Годишниот раст на вкупната актива на банкарскиот систем на крајот на септември 2020 година изнесува 7,5%, а поволни поместувања се забележани и кај депозитната и кредитната активност на банките. На годишна основа, кредитниот раст на крајот на септември изнесува 6,7%, а речиси идентичен годишен раст забележаа и вкупните депозити (за 6,6%). Од секторски аспект, солидни годишни стапки на раст се забележуваат и кај двата сектора. Зголемената кредитна активност и натаму е предводена од повисокото ниво на кредитите на домаќинствата (годишен раст за 8,3%, на крајот на септември 2020 година), но особено за одбележување е забрзаниот раст на корпоративното кредитирање (за 5,2%, на крајот на септември 2020 година). Во однос на изворите на финансирање, годишниот раст на депозитната база во третиот квартал од годината во поголем дел (61,4%) беше резултат на зголемувањето на депозитите на домаќинствата (за 5,9%), при солиден раст и на депозитите на претпријатијата (за 8,7%). На 30 септември 2020 година, учеството на вкупната актива на банкарскиот систем, кредитите и депозитите во БДП оствarija зголемување во споредба со нивото остварено истиот период од 2019 година и достигнаа 83,5%, 51,2% и 60,8%[60], соодветно.

Учеството на нефункционалните кредити на нефинансискиот сектор во вкупните кредити се намалува, достигнувајќи историски најниско ниво од 3,4% (септември 2020 година). Најголемиот дел од нефункционалните кредити произлегува од нефинансиските друштва. Стапката на нефункционални кредити за корпоративниот сектор на годишна основа се намали за 2,6 процентни поени до ниво од 5,4% на крајот на септември 2020 година. Кај домаќинствата, оваа стапка изнесува 1,6% (2,1% на крајот на септември 2019 година). Намалувањето на нефункционалните кредити произлегува од задолжителните отписи на целосно резервираните нефункционални кредити, но се должи и на наплати, најчесто преку преземање на залогот или преку преземање на долгот од друго лице[61]. Високата покриеност на нефункционалните кредити со исправка на вредноста се одржа и во третиот квартал од 2020 година (75,4%), што заедно со задоволителниот обем и квалитет на сопствените средства, ги ограничува потенцијалните негативни ефекти врз солвентноста на банките од евентуална целосна ненаплатливост на овие кредити. Банките се прудентни при определувањето на очекуваните кредитни загуби, при

60 Податоците за септември 2020 година се пресметани со последниот расположлив податок за БДП за вториот квартал од 2020 година.

61 Од јули 2019 година, Народната банка воведе обврска за задолжителен отпис на нефункционалните изложености коишто се целосно резервирани подолго од една година, аво претходниот период (од 1.1.2016 до 30.6.2019 година), овој период изнесуваше две години.

што обезбедуваат поголема покриеност со резервации во споредба со историските, реализирани стапки на ненаплата на кредитите. Ова е особено изразено кај корпоративното кредитно портфолио, кое има повисок инхерентен ризик во споредба со кредитното портфолио составено од домаќинства.

Во март 2020 година, под влијание на ризиците од пандемијата предизвикана од Ковид-19, Народната банка изврши регулаторни измени на методологијата за управување со кредитниот ризик и заради ублажување на последиците од епидемијата на ковид-19. Така, со цел времено намалување на кредитниот товар на клиентите на банките, како и олеснат иден пристап на клиентите на кредитниот пазар, им се овозможи на банките, со согласност од кредито - корисниците, да прават одредени олеснувања на условите на кредитите, вклучително и привремено одложување на обврските на клиентите врз основа на кредити, без таквите измени да добијат третман на реструктурирање. Исто така, се направи одредено олеснување околу признавањето на нефункционалниот статус, односно прагот за стекнување нефункционален статус се помести од 90 дена на 150 дена. Воведената регулаторна флексибилност, се однесува на кредитите коишто редовно се наплатуваа пред почетокот на пандемијата. Регулаторната измена беше направена во март 2020 година, со која беше предвидено за кредитните изложености коишто пред 25.3.2020 година биле редовни, функционални, банките да можат да ги променат договорните услови во периодот од март – септември 2020 година, без таквите кредитни изложености да добијат третман на реструктурирани кредитни изложености. Согласно последните расположливи податоци (кои се однесуваат за август 2020 година), на ниво на банкарскиот систем, банките ги олесниле условите на 44,6% од вкупното кредитно портфолио, при што олеснувањето на условите за плаќање е повеќе застапено кај кредитите на населението, каде што 54,8% од кредитите се променети (главно отплатата е одложена), а овој процент кај претпријатијата е доста помал и изнесува 33,4%. При продолжено времетраење на пандемијата на вирусот, во септември 2020 година, следеше нова понуда за промена на договорните услови на кредитите на граѓаните, но само за оние категории на клиенти коишто се најмногу погодени од кризата (изгубиле работно место, имаат позначително намалување на доходот, се соочиле со зголемени трошоци за лекување и слично). Се уште не се расположливи податоците за овој втор циклус на олеснувања, но во секој случај опфатот на овие кредити ќе биде значително помал.

Ликвидноста и солвентноста на банкарскиот систем се одржаа на вообичаеното стабилно и високо ниво. Банкарскиот систем традиционално одржува висок обем на ликвидни средства, коишто му овозможуваат висока отпорност на шокови, но и капацитет за натамошна кредитна поддршка на реалниот сектор. На крајот на септември 2020 година ликвидносните показатели се солидни и во задоволителни рамки - учеството на ликвидната актива во вкупната актива, во депозитите од домаќинствата и во краткорочните обврски изнесуваат 29,9%, 58,9% и 50,3%, соодветно. Соодносот меѓу кредитите и депозитите на ниво на банкарскиот систем сѐ уште еп од 100% (изнесува 84,3%) и упатува на прифатливи рамки на ликвидносен ризик на кој се изложени банките и на постоење простор за зголемена кредитна активност на банките, поддржана од домашни извори на финансирање. На 30.9.2020 година, стапката на адекватност на капиталот изнесуваше 16,9%. Најголем придонес за одржувањето на солвентноста на банкарскиот систем во првите девет месеци од 2020 година имаше растот на сопствените средства, пред сѐ, како резултат на реинвестираните добивки, како и емисијата на нови акции кај една банка. На агрегирано ниво, банкарскиот систем и натаму располага со „слободен" капитал, над утврдениот регулаторен и супервизорски минимум, кој што претставува 10,1% од вкупните сопствени средства. Анализирано според употребата, речиси половина од сопствените средства отпаѓаат на капиталните додатоци утврдени согласно со супервизорска оцена, на заштитните слоеви на капиталот или се „слободни", над потребното минимално

ниво што е особено значајно при надолна промена промена на циклусот во економијата и во кризни услови, кога овие слоеви од сопствените средства може да се искористат за справување со различните предизвици.Од почетокот на 2021 година се применува новата регулатива за управување со ликвидносниот ризик, со кој се воведување стапката на покриеност со ликвидност (Liquidity Coverage Ratio).

Трендот на остварување позитивен финансиски резултат од страна на банките продолжи и во првите девет месеци од 2020 година. Показателите преку кои се следи профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот сектор во првите девет месеци од 2020 година изнесуваат 1,4% (стапка на поврат на просечната актива), 12,3% (стапка на поврат на просечниот капитал и резерви) и 47,9% (учество на оперативните трошоци во вкупните редовни приходи – costtoincome). Во услови на продолжено изразено присуство на негативните ефекти од пандемијата на вирусот ковид-19, банкарскиот систем ги зголеми исправките на вредност и посебната резерва со цел покривање на кредитните загуби коишто се веќе остварени (и произлегуваат од нефункционалните кредити), но и на идните очекувани кредитни загуби (коишто произлегуваат од редовното кредитно портфолио). Нето-каматниот приход и понатаму е носечката компонента на вкупните приходи на банките (со учество од две третини), кој во првите девет месеци од 2020 година продолжи умерено да се намалува, во услови на ниски каматни стапки и побрзо намалување на кредитните наспроти депозитните каматни стапки. Очекувањата за зголемување на стапките на ненаплата на кредитите и последователното зголемување на трошоците за исправка на вредност, како последица на масовното одобрување грејс-периоди на редовните кредити, се очекува да влијаат и врз финансискиот резултат на банкарскиот систем во наредниот период.

# ОСИГУРУВАЊЕ

Заклучно со 30.9.2020 година на пазарот на осигурување работат 16 друштва за осигурување (11 на неживотно осигурување и 5 на осигурување на живот). Во доменот на посредувањето, осигурително брокерски работи вршат 40 осигурително брокерски друштва, а работи на застапување во осигурување вршат 10 друштва за застапување. Во доменот на банките кои имаат дозвола за вршење на работи на застапување во осигурување функционираат 7 банки.

Во третиот квартал од 2020 година е остварена бруто полисирана премија (понатаму БПП) во вкупен износ од 7,52 милијарди денари, што претставува пад од 5,22% во однос

на БПП остварена во 3К2019 година (3К2019: 7,93 милијарди денари). Во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 6,34 милијарди денари (3К2019: 6,70 милијарди денари) што претставува намалување од 5,39% во споредба со 3К2019 година, а во вкупната структура на БПП учествува со 84,27% (3К2019: 84,42%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, има намалување на премијата за: автоодговорност од 11,51% со БПП 3,07 милијарди денари (3К2019: 3,47 милијарди денари), каско осигурувањето од 2,63% со БПП 614,82 милиони денари (3К2019: 631,45 милиони денари), осигурувањето од незгода од 2,63% со БПП 614,82 милиони денари (3К2019: 631,45 милијарди денари). Кај осигурувањето на имот има зголемување од 11,53% со БПП 1,51 милијарди денари (3К2019: 1,36 милијарди денари).

Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 1,18 милијарди денари (3К2019: 1,24 милијарди денари), што претставува пад од 4,29%. Осигурувањето на живот учествува со 15,73% во вкупната БПП на осигурителниот сектор. Негативен тренд на пораст на БПП е присутен кај традиционалното осигурување на живот со БПП во износ од 966,29 милиони денари (3К2019: 1,09 милијарди денари) што претставува намалување од 11,42%, а од друга страна кај осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот продолжува изразениот тренд со пораст од 50,20% со остварена БПП од 216,90 милиони денари (3К2019: 144,40 милиони денари).

Во периодот 1.1.2020-30.9.2020 склучени се 874.276 договори при што се забележува пад од 30,41% во однос на 3К2019 кога беа склучени 1.256.399 договори. По класи на осигурување намалување од 74,77% бележи патничкото осигурување, потоа следи автомобилска одговорност со 15,66%, осигурувањето од незгода со 2,42%, каско моторни возила 0,60% и кај осигурувањето на живот од 23,00%. Зголемување има кај осигурувањето на имот со 6,37%, осигурувањето на живот кога инвестицискиот ризик е на товар на осигуреникот со 0,75% и осигурувањето општа одговорност со 4,49%.

Друштвата за осигурување во анализираниот период исплатиле бруто - износ на штети од 2,76 милијарди денари. Во споредба со истиот период минатата година, бруто исплатените штети бележат намалување од 7,10% (3К20190: 2,97 милијарди денари). Истовремено, бројот на ликвидирани штети се намали за 7,35% во однос на 2019.

Со состојба на 30.9.2020 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 7,04 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста

на осигурителниот сектор изнесува 1,67 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,27 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 409 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,20 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

До крајот на септември 2020 година, сите друштва го исполнија законски предвиденото минимално потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви изнесуваа 14,83 милијарди денари (неживот: 8,25 милијарди денари, живот: 6,58 милијарди денари) и покриваат 109,6% од техничките резерви на друштвата.

# ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Македонскиот пензиски систем е тростолбен, како дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (ПИОСМ), кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот и третиот столб се капитално финансирани, на принцип на дефинирани придонеси, со тоа што вториот столб е задолжителен, а третиот столб е доброволен. Двата столба се регулирани и контролирани од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Со развојот на вториот и третиот столб се зајакнува пензискиот систем на државата преку диверзификација на изворите за исплата на пензии, се овозможува влез на правни лица за формирање на пензиски друштва и се овозможува инвестирање на средствата на пензиските фондови во хартии од вредност издадени и гарантирани од земјите - членки на ЕУ и на ОЕЦД и од правни лица во овие држави. Во рамките на третиот столб се овозможи организирање и финансирање на професионални пензиски шеми од страна на работодавачи или здруженија на граѓани за своите вработени односно членови.

Заклучно со октомври 2020, бројот на членови во вториот столб изнесува 526.196 од кои околу 12% односно 62.685 се доброволни, а околу 88% односно 463.511 се задолжителни членови. Заклучно со октомври 2020 година вредноста на нето средствата во вториот столб изнесува околу 83 милијарди денари или околу 1,3 милијарда евра, односно зголемување на средствата за околу 13% во октомври 2020 година во однос на октомври 2019 година. Инвестициското портфолио на задолжителните пензиски фондови се состои

од домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност, корпоративни обврзници, акции, удели на инвестициски фондови, депозити, како и инвестиции во странство кои вклучуваат акции и удели на инвестициони фондови. Заклучно со октомври 2020 година, околу 25% од средствата на задолжителните пензиски фондови се инвестирани во странство, додека околу 75% се инвестирани во домашни финансиски инструменти. Согласно официјално објавените податоци за БДП за 2019 година износот на средствата во задолжителните пензиски фондови на крајот на 2019 година достигнаа висина од околу 11% од БДП. Заклучно со септември 2020 година, како резултат на работењето на задолжителните пензиски фондови во периодот од претходните седум години (септември 2013 – септември 2020) кај Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје беше остварен просечен принос во номинален износ од околу 5,63%, односно околу 4,99% просечен принос во реален износ сведен на годишно ниво, додека кај Триглав отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје во периодот септември 2019 – септември 2020 е остварен принос во номинален износ сведен на годишно ниво од 0,08 %, односно -1,29% во реален износ сведен на годишно ниво.

Во втората половина на 2009 година започна со функционирање третиот столб (доброволно капитално финансирано пензиско осигурување). Двете пензиски друштва Сава пензиско друштво а.д. Скопје и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје управуваат со по еден доброволен пензиски фонд. Во третиот столб, заклучно со октомври 2020 година, бројот на членови во двата доброволни пензиски фондови вкупно изнесува 25.705, од кои околу 42% се членови со доброволна индивидуална сметка, а околу 58% се учесници во пензиски шеми со професионални сметки. Средствата на доброволните пензиски фондови на крајот на октомври 2020 година изнесуваат околу 2 милијарди денари или околу 34 милиони евра, односно има зголемување на средствата за околу 14%, споредбено со октомври 2019 година. Инвестициското портфолио на доброволните пензиски фондови се состои од домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност, корпоративни обврзници, акции, удели во инвестициски фондови, депозити, како и инвестиции во странство кои вклучуваат акции и удели во инвестициони фондови. Заклучно со октомври 2020 година, околу 26% од средствата на доброволните пензиски фондови се инвестирани во странство, додека околу 74% се инвестирани во домашни финансиски инструменти. Согласно официјално објавените податоци за БДП за 2019 година износот на средствата во доброволните пензиски фондови на крајот на 2019 година

достигна висина од околу 0,29% од БДП. Заклучно со октомври 2020 година, како резултат на работењето на доброволните пензиски фондови за претходните 7 години (септември 2013 – септември 2020) беше остварен просечен принос во номинален износ од 5,65%, односно од 5,01 % во реален износ сведен на годишно ниво.

# ПАЗАР НА КАПИТАЛ

Во периодот јануари - октомври 2020 година на примарниот пазар на хартии од вредност, Комисијата одобри вкупно пет емисии на хартии од вредност. Од нив една емисија се реализираше по пат на јавна понуда, а останатите четири по пат на приватна понуда наменети за однапред познати купувачи. Вредноста на одобрените емисии на акции во овој период изнесуваше 2.046.781.088,00 денари, односно околу 33 милиони евра. Во истиот период, Комисијата за хартии од вредност издаде две дозволи за давање понуда за преземање на акционерско друштво. Едната се однесува на Акционерското друштво за преработка, промет и услуги - Агроплод АД Ресен. Понудата за преземање се однесуваше на 8.364 обични акции со право на глас, кои претставуваат 31.59% од основната главнина на друштвото. Во моментот на поднесување на понудата за преземање, преземачот поседувал 18.116 обични акции од акционерското друштво. Преземањето на хартиите од вредност се извршило по цена од 13.530 денари по акција. Втората понуда се однесува на Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје на кое Комисијата му издаде дозвола за преземање на Фабрика Карпош АД Скопје. Понудата за преземање се однесува на 63.892 обични акции со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје, кои претставуваат 21.36% од основната главнина на друштвото. Во моментот на поднесување на понудата за преземање ГИ МАКЕДОНИЈА АД Скопје поседуваше 224.739 обични акции од Фабрика Карпош АД Скопје, додека понудата не се однесува на 10.481 обична акција без право на глас, кои се сопствени акции кои ги поседува целното друштво.

Бројот на акционерските друштва со посебни обврски за известување што се водат во Регистарот на Комисијата во овој период изнесуваше 11. Во Регистарот се запишуваат друштвата кои се основани и работат во Република Северна Македонија и притоа извршиле јавна понуда на хартии од вредност или имаат основна главнина од 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 50 акционери, освен друштвата котирани на берза. Имено, од 11-те акционерски друштва со

посебни обврски за известување  регистрирани во Регистарот на Комисијата, две друштва се банки, една брокерска куќа и осум акционерски друштва од стопанството.

Во овој период, Комисијата секојдневно вршеше мониторинг на тргувањето со хартии од вредност и имаше проактивна улога при промените на дневните ценовни ограничувања и во воведувањето на новиот механизам за автоматско времено прекинување со тргувањето кое за првпат се активира на Македонската Берза АД Скопје, се со цел берзанското тргување да се одвива редовно и уредно односно да се контролира тргувањето во услови на поголеми ценовни осцилации.

На секундарниот пазар на капитал во овој период функционираа вкупно десет овластени учесници кои вршат услуги со хартии од вредност, од кои пет (5) брокерски куќи и пет (5) овластени банки со посебни оддели за работа со хартии од вредност. Три банки - депозитарни банки имаат дозвола од Комисијата за чување на имот на инвестициските фондови.

Во периодот јануари - октомври 2020 година, Комисијата спроведе 13 контроли над работењето на овластени правни лица на пазарот на капитал од кои шест редовни и седум вонредни контроли. Во истиот период, Комисијата има издадено: пет согласности за именување на директор овластен учесник; три согласности за измени на акти на овластен учесник; четири нови дозволи за работа на брокер и обнова на шест постоечки дозволи за работа на брокер и обнова на две постоечки дозволи за работа на инвестиционен советник и три нови дозволи за работа на инвестиционен советник.

Во периодот јануари - октомври 2020 година на пазарот на капитал функционираат пет друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 16 отворени инвестициски фондови,како и едно друштво за инвестиционо советување. Нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови на крајот на октомври 2020 година изнесуваше 9.654.060.980,11 денари или околу 157 милиони евра, што претставува зголемување од 13.41% во однос на нето вредноста на отворените инвестициски фондови на истиот датум во 2019 година.

Во Регистарот на приватни фондови кој Комисијата го води во овој период вкупно се запишани 17 приватни фондови.

За периодот јануари 2020 – октомври 2020 година, вкупниот промет остварен на Македонската Берза АД Скопје (официјален пазар, редовен пазар и јавна понуда на хартии од вредност) изнесуваше 5.510.885.047,00 денари или околу 90 милиони евра, што е пораст на прометот за 26.72% во однос

на овој период во 2019 година. Прометот остварен преку блок трансакции изнесуваше1.874.428.511,00 денари или околу 31 милиони евра, што претставува минимален пад на прометот од 0.87% во однос на овој период во 2019 година. Прометот со акции при редовно тргување (официјален и редовен пазар) остварен на Македонската Берза АД Скопје изнесува 5.070.319.103,00 денари или околу 83 милиони евра, што претставува пораст на прометот во износ од 68.04% во однос на овој период во 2019 година, додека прометот со државни обврзници издадени од Република Северна Македонија изнесуваше 252.364.646,00 денари или околу 5 милиони евра, што претставува пад на прометот во износ од 21.95%во однос на овој период во 2019 година.

Бројот на котирани компании на Македонската Берза АД Скопје заклучно со 31.10.2020 година беше 100, додека пак во овој период во претходната 2019 година тој изнесуваше 101 котирани компании.

Индексот на берзата МБИ-10 на крајот на октомври 2020 година изнесуваше 4.428,65 индексни поени. Вредноста на индексните поени се зголеми за 3.63% во однос на вредноста на индексот на истиот датум на тргување во 2019 година, односно на 30-10-2019 година, индексот изнесуваше 4.273,24 индексни поени.

# ЛИЗИНГ

На 30.06.2020 година на пазарот на финансиски лизинг се лиценцирани седум лизинг друштва од кои активно работат шест лизинг друштва. Во сопственичката структура на лизинг-секторот доминантно учество од 81,75% има домашниот капитал. Странскиот капитал учествува со 18,25%.

Средствата на секторот лизинг на крајот на јуни 2020 година изнесуваат 5.925 милиони денари (0,8% од БДП) и бележат зголемување од 8,7% во однос на крајот на јуни 2019 година. Најголемите две друштва учествуваат со 87,3% во вкупната актива на секторот лизинг.

Бројот на но во склучените договори за лизинг забележаа намалување споредено со истиот период од претходната година, главно поради ефектите предизвикани од COVID-19 врз економијата. Така, бројот на ново склучени договори во првата половина на 2020 година изнесува 627 што претставува намалувањеод42,6%воодноснапрватаполовинана2019година. Вредноста на склучените договори, во истиот период, изнесува 1.043 милиони денари или намалување од 11,9%. Во структурата

на ново склучените договори, правните лица ја задржаа главната позиција со учество од 76,6% во вкупната вредност.

Во првите шест месеци од 2020 година, друштвата за лизинг остварија добивка од 56,2 милиони денари, или намалување од 7,4% во однос на 30.06.2019 година.

# ФИНАНСИСКИ ДРУШТВА

До крајот на јуни 2020 година на финансискиот пазар активно работат 27 финансиски друштва, што претставува зголемување за две друштва во однос на 30.06.2019 година. Во сопственичката структура на финансиските друштва најголемо учество од 60.7% има домашниот капитал. Странскиот капитал учествува со 39.3%.

Вкупните средства на финансиските друштва на крајот на јуни 2020 година изнесуваат 3.827 милиони денари (0,4% од БДП) и бележат зголемување од 22.2% во однос на крајот на јуни 2019 година, кога истите изнесуваа 3.132 милиони денари.

Бројот на ново склучени договори во првата половина на 2020 година изнесува 67.589, што претставува намалување од 75.7% во однос на првата половина на 2019 година. Вредноста на склучените договори, во истиот период, изнесува 2.572 милиони денари или зголемување од 19.3% во однос на истиот период од претходната година. Во структурата на ново склучени договори во 2020 година, гледано по нивната вредност, најголемо учество имаат одобрените кредити со 87.9%. Потоа следуваат факторингот со 11,3% и издадените кредитни картички со 0.8%. Гледано од аспект на профитабилноста, финансиските друштва во првите шест месеци од 2020 година остварија загуба од 77.9 милиони денари.

# СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија постигна **одреден напредок** и е **умерено подготвена** да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во ЕУ. Интеграцијата во ЕУ во трговијата и инвестициите дополнително се продлабочи. Извозот и производствениот аутпут се изменија понатаму кон производи со повисока вредност. Сепак, недостигот на вештини, како одраз на недостатоците во образовниот систем и одливот на квалификувани работници, како и јазот во инвестициите во инфраструктурата ја нарушуваат продуктивноста на трудот и конкурентноста на економијата. Додека во моментов преовладуваат мерките за ублажување на непосредното негативно влијание на кризата од КОВИД-19 врз растот и вработеноста, навремено решавање на овие структурни потреби би поддржало брзо закрепнување на економијата по кризата.

Со цел да се подобри конкурентноста и долгорочниот раст, Северна Македонија треба особено:

- да спроведе реформа на образовниот систем со цел подобрување на вештините во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- да го подобри квалитетот на патната инфраструктура преку подобрена реконструкција и одржување, со цел подобрување на домашните и прекуграничните транспортни врски и интеграција на домашните компании во глобалните синџири на вредности;
- да ја засили работата за диверзификација на изворите на енергија кон обновлива енергија и зголемување на енергетската ефикасност, особено преку формирање на Фонд за енергетска ефикасност и спроведување на Законот за енергетска ефикасност.

# Доволно количество на човечки и физички капитал

## ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

### Основно и средно образование

Пред избувнувањето на глобалната пандемија КОВИД-19, образовниот систем покажа подобрување, односно има подобрување на резултатите во читањето за 40 ПИСА поени од 2015 година. КОВИД-19 ја принуди земјата да ги затвори училиштата и да премине кон организирање на настава на далечина со користење на онлајн платформи и ТВ-преноси. Министерството за образование и наука како подготовка за новите предизвици усвои Концепт за развој на системот за образование од далечина во основните и средните училишта. Собранието ги усвои амандманите на законите за основно и средно образование, што овозможи добра организација на образованието во услови на криза. Развиена е Национална платформа за учење на далечина што овозможува двонасочна комуникација помеѓу учениците и наставниците, истата е достапна преку адресата https://schools.mk/ Пред почетокот на учебната година, учениците и родителите беа поканети да ја користат за да ги идентификуваат слабостите. Видео материјал, упатства и прирачници се објавени на платформата, како и други содржини. Во текот на септември 2020 година, беа организирани обуки за сите наставници со примена на каскаден модел. Едукативна ТВ-емисија со наставни материјали се емитува на националната телевизија со цел да се опфатат сите деца.

Во насока на подобрување на квалитетот во стручното образование и обука (СОО) преземени се следните активности: од страна на Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) е изработен Концепт за учење преку работа и истиот е донесен од министерот за образование и наука. Учењето преку работа е задолжителна компонента во четиригодишното образование во сите струки/сектори односно во 52 образовни профили/

квалификации. За сите образовни профили/квалификации изработени се наставни програми за учење преку работа за трета и четврта година. Исто така, изработени се стандарди на квалификации и наставни планови и програми за квалификации по барање на пазарот на трудот за дуалното образование, каде учењето преку работа се воведува од втора година на образованието.

Изработена е програма за „Безбедност и здравје при работа”,што е задолжителна за сите ученици пред да почнат со реализација на учењето преку работа кај работодавач. Изработен документ Области и форми за соработка помеѓу училиштата и компаниите наменет за училиштата и бизнис заедницата. Изработен е Стандард за обука на стручен и друг кадар и Програма за обука на ментори. Обучени се 20 наставници за координација на соработката со бизнисот, како и 600 ментори од 400 компании.

Преку воспоставување на регионални центри за стручно образование и обука во Југозападниот, Полошкиот и Североисточниот регион се очекува да се засили соработката помеѓу СОО и бизнис заедницата и на тој начин младите лица директно да влезат на пазарот на труд. За таа цел се направија измени и дополнувања на Законот за стручно образование и обука (Сл.В бр.275/19). Усвоени се одлуки за трансформација на три стручни училишта во регионални центри за стручно образование и обука од 1 јануари 2021 година.

Дополнително развиени се осум квалификации кои ќе бидат опфатени во регионалните центри за СОО: машински техничар за моторни возила, електротехничар за компјутерска техника и автоматика во Тетово, угостителски техничар, келнер и готвач во Охрид, прехранбен техничар, техничар за фитомедицина и агротехничар во Куманово. Исто така, во согласност со Законот за стручно образование и обука, Центарот за стручно образование и обука разви стандарди за простор и опрема за училиштата. На иницијатива на Министерството за образование и наука се започна постапка за развивање на Концептот за развој на регионални центри за стручно образование и обука што опфаќа формално, неформално, образование за возрасни и валидација на неформалното и информалното учење (ВНИЛ). Концептот е во финална фаза.

Со цел да се зголеми бројот на ученици во стручното образование и обука, Министерството за образование и наука во соработка со ЦСОО продолжи со кампања за промоција на средното стручно образование. Во 2020 година се промовираше Водич низ квалификациите на стручното образование што овозможува донесување на информативен избор од страна

на учениците. Материјалот е изработен на јазиците на кои се реализира наставата за учениците во завршните години на основното образование, односно македонски, албански, турски и српски јазик.

Од 2020 воведени се ученички стипендии за избрани дефицитарни струки: машинска, земјоделско-ветеринарна, текстилно-кожарска, електро-техничка и градежно-геодетска струка. Исто така, се планира од јануари до март следната година, Министерството заедно со Стопанската комора и со сите локални учесници да го засили социо - економскиот дијалог за потребите на реалниот сектор, што ќе води кон одлуки кои профили во која општина или средно училиште да се верификуваат.

## Истражување, развој, иновации

Во 2020 година Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) продолжи со спроведување на мерките за олеснување на пристапот до финансии за МСП во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошко унапредување на домашните компании. Како последица од Ковид-19 кризата, дел од планираните и тековните активности на Фондот беа ставени во времено мирување, а дел беа адаптирани со цел прилагодување на новонастанатата ситуација и овозможување на соодветна поддршка за компаниите.

Во текот на 2020 година, Фондот своите задачи ги исполнуваше преку:

- Доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој". Под овој повик беа поднесени вкупно 121 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 67 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф". Под овој повик беа поднесени вкупно 235 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 87 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка преку јавниот повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3". Под овој повик беа поднесени вкупно 58 предлог проекти од кои одобрени за финансирање се 39 предлог проекти

.

- Доделување на финансиска поддршка преку Јавен повик за О2 Предизвик 2 „Справување со климатските промени". Под овој повик беа поднесени вкупно 30 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 2 предлог проекти.
- Доделување на средства преку предизвик КРЕАТОН со рок на аплицирање до 22.03.2020 година. Под овој повик беа поднесени вкупно 514 предлог проекти од кои одобрени за финансирање се 18 предлог проекти.
- Доделувањенафинансискаподдршказаинструментот Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19. Под овој повик беа поднесени вкупно 171 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 95 предлог проекти.
- Доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери преку јавен повик. Под овој повик беа поднесени вкупно 71 апликација проект од кои доделени се 34 Иновациски ваучери.
- Доделување на средства преку јавен повик Ковид-19 брза реакција „Дигитализација на услугите на локалната самоуправа". Под овој повик беа поднесени вкупно 13 предлог проект од кои одобрен за финансирање е 1 предлог проект.
- Дел од финансираните проекти вклучуваат договорни услуги од академски кадар и/или соработка со високообразовните установи, а еден од финансираните акцелератори се во делумна сопственост на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје и цели кон комерцијализација на старт-ап идеите на студентите и академскиот кадар.

Вкупното портфолио на вредноста на сите проекти под инструментите на Фондот (без проектите финансирани преку предизвици и Иновациски ваучери) заклучно со ноември 2020 година изнесува 76.2 милиони евра, при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 42.7 милиони евра, додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 33.5 милиони евра.

Во 2020 година, ФИТР ги продолжи и активностите за поттикнување на креативноста, иновативноста, критичкото размислување, претприемништвото и вештините на 21 век меѓу младите во рамки на програмата „Фонд за млади умови". Беа поддржани неколку програми кои веќе покажуваат успешни резултати меѓу кои „Предизвик за млади истражувачи 3", Програмата за социјално претприемништво за млади "UP Shift"

и Програмата за поттикнување на претприемништвото Junior Achievement. Дел од овие програми беа ставени во времено мирување поради престанокот на воспитно-образовниот процес како последица на Ковид-19, но истите продолжија со реализација по нивно прилагодување на новонастанатите услови во согласност со релевантните протоколи.

# ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ФИЗИЧКИ КАПИТАЛ

## Капитални расходи во наредниот среднорочен период

Капиталните инвестиции во 2021 година се планирани на ниво од околу 23 милијарди денари и истите се наменети за интензивирање на реализацијата на инфраструктурните проекти, односно за инвестициски вложувања во патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Поточно, во текот на 2021 година се планираат:

**А. Капитални расходи за патна и железничка инфраструктура за модернизирање на постојната железничка инфраструктура.**

Во 2021 година планирано е да заврши реконструкцијата на железничката пруга на Коридор X финансирана со заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Со овие активности ќе се подобри протокот на патници и стоки на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај. Во текот на 2021 година предвидени се средства за продолжување на реализацијата на првата и втората фаза од проектот за изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката пруга - Коридор VIII - делница Куманово - Бељаковце - Крива Паланка, финансирана од ЕБОР. Покрај со заем од ЕБОР и со грант средства од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан, во рамките на проектот предвидени се активности за подобрување на технички карактеристики на пругата, изградба и рехабилитација на мостови, железнички станици, стојалишта, подвозници и надвозници.

Во текот на 2021 година, со заем од Светска банка ќе продолжат активности за реализација на Проектот за локални патишта, со што ќе се подобри патната инфраструктура на општините.

Воедно, во 2021 година ќе продолжат и активностите за реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, кој е дел од новата регионална иницијатива на Светска банка, од каде се обезбедени средствата за негово финансирање. Во 2021 година ќе започне изградбата на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија која ќе се финансира со грант средства од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан и заем од ЕБОР. Исто така се предвидува да започне проектот „Воведување на брз автобуски систем во Град Скопје" кој ќе опфати воспоставување на две линии за брз автобуски превоз во Градот Скопје. Со воведувањето на брзиот автобуски систем во Град Скопје ќе се подобри и еколошката состојба во Градот, а исто така ќе се зголемени квалитетот на јавниот градски превоз. Преку ИПА средства ќе се имплементираат проекти за изградба на патната делница Градско - Дреново, како дел од патниот правец на Коридор Xd и рехабилитација, реконструкција и надградба на постојната патна инфраструктура.

**Б. Во областа на енергетската и комуналната инфраструктура и управување со отпад** ќе се продолжи со интензивирана динамика на изградбата на водоводните и канализационите системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од кредитни линии од Европска инвестициска банка (ЕИБ) и КФВ банката. Преку Проектот за подобрување на општински услуги, финансиран од Светска банка, ќе им се овозможи на општините и јавните комунални претпријатија да финансираат инвестициони зафати согласно своите приоритети во областа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води, управувањето со цврст отпад и други инвестиции во општински услуги кои имаат потенцијал за генерирање приходи, односно остварување заштеди или пак кои се од висок приоритет за општините. Во 2021 година со заем од Светска банка ќе започне да се реализира Проектот енергетска ефикасност во јавниот сектор со кој ќе се финансираат енергетски ефикасни проекти во општините, како и јавни здравствени установи на централната власт. Со заеми од ЕИБ и ЕБРД, како и грант од ЕИБ, во 2021 година ќе започне финансирањето на еден од поголемите капитални проекти во земјата, а тоа е пречистителната станица за отпадни води во Скопје. Преку ИПА средства ќе се поддржи рехабилитација и надградба на колекторскиот систем во Скопје, рехабилитација и надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителни станици во Кичево, Битола и Тетово, како и воспоставување на регионален систем за управување со отпад и затворање на депонии во Источниот и Североисточниот регион.

## Енергетска ефикасност

Во текот на третиот квартал од 2019 година беше обезбедена техничка помош од ГИЗ за изработка на нов тригодишен план за енергетска ефикасност за периодот 2019-2021 година. Изготвен е нацрт и се очекува идната недела да отпочне јавната консултација со цел предлог планот да биде доставен до Владата за усвојување најдоцна до јуни 2021година.
Директивата за енергетска ефикасност е делумно транспонирана во Законот за енергетска ефикасност, (Службен Весник бр. 25/2020). Законот е усогласен со Секретаријатот на Енергетската заедница. Директивата за енергетска ефикасност ќе биде целосно транспонирана со донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за енергетска ефикасност.

Со цел да овозможи остварување на целите и поддршка на политиките за енергетска ефикасност пропишани согласно овој закон предвидено е основање на Фонд за енергетска ефикасност како независно и самостојно правно лице.
За повеќе детали за Законот за енергетска ефикасност види Поглавје 3.15 Енергетика.

**В. Уредување на технолошко индустриските развојни зони** преку изградба на потребната инфраструктура и објекти и геомеханички истражни работи.

**Г. За здравствениот сектор** планирани се инвестиции наменети за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, набавка на медицинска опрема и реконструкција на Општа болница во Кичево. Во 2021 година ќе продолжи реализацијата на Проектот - Регионалната Клиничка болница во Штип, финансирана со заем од ЦЕБ.

**Д. За образованието, детската заштита и спортот** проектирани се капитални инвестиции, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите и инвестиции во спортска инфраструктура. Во областа на образованието, со заем од КФВ банката ќе отпочне Проект за реконструкција на студентските домови, а ќе се продолжи и со реализацијата на Проектот за изградба на фискултурни сали во средните училишта и Проектот за изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта, финансирани со заем од Банката за развој на Совет на Европа (ЦЕБ) и национално кофинансирање со цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните

услови за учење на учениците во основните и средните училишта. За да се подобрат условите за учење во основното образование во земјата, со заем од Светска банка ќе започне Проектот за унапредување на основното образование. Со цел подобрување на пристапот до социјалните права и услуги, како и проширување на капацитетите за предучилишно згрижување и воспитување преку изградба на нови објекти и пренамена/надградба на постојната инфраструктура на предучилишни институции, во 2021 година продолжува реализацијата на Проектот за унапредување на социјалните услуги, финансиран со заем од Светска банка.

**Ѓ. Ќе продолжи да се имплементира Проектот за администрирање на социјалното осигурување** со заем од Светска Банка.

**Е. Во 2021 година ќе заврши Проектот за развој на вештини и иновации** финансиран со заем од Светска банка, со кој меѓу другото се поддржуваше работата на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Ж. Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор** предвидени се значителни капитални инвестиции кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства. Со заем од Светска банка ќе отпочне проект за реформи во земјоделскиот сектор, при што предвидена е изградба на откупно-дистрибутивни центри ширум државата. Во овие рамки со поддршка од ЕИБ се очекува во 2021 година да започне реализацијата на втората и третата фаза од проектот „Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица", со кои ќе се обезбеди наводнување на 4.570 хектари нето површина кои се наоѓаат во атарот на општините Пробиштип и Кратово и изградба на мали хидроцентрали по течението на реката Злетовица. Исто така, во 2021 година планирана е изградба на системите за наводнување во Валандовскиот регион, која се финансира со заем и грант средства од КфВ преку реализација на втората фаза од Проектот за наводнување на јужната долина на реката Вардар.

**З. Во областа на правосудството,** во 2021 година продолжува имплементацијата на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.

**И. Во насока на подобрување на условите за социјално ранливите групи**, во наредниот период ќе продолжи имплементацијата на Проектот за домување на социјално ранливи групи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.

**Ј. Во насока на реформи во јавните финансии**, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување, во 2021 година ќе започнат подготовките за воведување на Интегриран информациски систем за управување со финансии и Интегриран даночен информациски систем кој ќе се финансира со заем од Светската банка и донаторски средства. Целокупниот процес на реформи во јавните финансии ќе значи воведување на концептот на SMART Finance (Стратешки, Одржливи, Одговорни, Реформски и Транспарентни), односно јавни финансии што ќе поддржат забрзан економски раст на среден и долг рок, во рамки на фискална одржливост и макроекономска и финансиска стабилност (Smart Finance for Smart ER Growth).

Среднорочната рамка на Буџетот за 2021 година, содржи и **План за јавни инвестиции 2021-2025**и истиот ќе се следи и координира од Национален совет за инвестиции предводен од страна на претседателот на Владата. Во периодот 2021-2025 година се планираат капитални проекти во вкупен износ од 3,1 милијарди евра.

## Странски директни инвестиции

СДИ во 2020 година се главно лоцирани во следните дејности: земјоделство, рударство, финансиски и осигурителни дејности, трговија на големо, компјутерски и електронски производи, моторни возила, градежништво, транспорт и складирање. Од аспект на земјите на потекло, во анализираниот период најголеми приливи на странски директни инвестиции се остварени од: Германија, Швајцарија, Турција, Велика Британија, САД, Бугарија.

# Влијание на државата врз конкурентноста

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### Поддршка на малите и средните претпријатија во справување со последиците предизвикани од пандемијата од Ковид - 19

Од 2020 година, со новата ситуација на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД 19, економијата се соочува со сериозни социо-економски предизвици во одржувањето на производството, вработувањето и пазарите. Компаниите се соочуваат со сериозни турбуленции на пазарите и непредвидливост на иднината.

Владата воведе сеопфатен пакет економски мерки за справување со кризното влијание со цел да се зачуваат што повеќе работни места на граѓаните и да се помогне на економијата на земјата. Исто така, постојат мерки за поддршка на компаниите во инвестиции и прилагодување на новонастанатата состојба.

Од почетокот на пандемијата со Ковид-19, Владата во континуитет усвојува пакети со антикризни мерки за справување со економските последици кои се намените за поддршка на најзасегнатите сектори и најпогодените групи на граѓани. Првиот пакет антикризни мерки е имплементиран со 90,1%, вториот пакет мерки е 100% имплементиран, третиот пакет 75,4% и четвртиот пакет 72,7%. Дел од мерките од третиот и четвртиот пакет се реализираат во текот на оваа година, така што вкупната имплементација на мерките во однос на планот може да се зголеми, па дури може да достигне и до 99% имплементација. Гледано по компоненти на БДП, доколку не

биле преземени мерките како субвенции за плати, придонеси од плати, платежни картички и сл., падот на приватната потрошувачка би бил речиси двојно поголем, односно -11,8%, наместо -5,6% колку што изнесува според објавените податоци на Државниот завод за статистика. Во рамките на четирите пакети кои се досега се анализирани, донесени се околу 70 различни мерки, од кои во тек е имплементацијата на 21 мерка во вредност од 30 милиони евра, додека имплементацијата на 7 мерки во вредност од 150 милиони ќе се имплементираат како дел од петтиот пакет кој се донесе во Собранието на 18.4.2021. Во меѓувреме Владата подготви и шести пакет мерки наменет за 12 сектори претежно во дејноста на угостителство и туризам со кои ќе бидат опфатени10.000 компании со 60.000 работници. Целиот пакет тежи 17,8 милиони евра.

ПРВИОТ И ВТОРИОТ ПАКЕТ МЕРКИ се воведени веднаш откако кризата ја погоди македонската економија (март-април 2020 година) и се состојат од мерки за намалување на трошоците за водење бизнис, одложување на финансиските обврски на компаниите (како што се Ослободување од месечни авансни плаќања за данок на добивка за април, мај и јуни 2020 година; Намалување на казнената камата за јавни давачки (даноци и јавни давачки со закон доверени од УЈП) од 0,03% на 0,015% или за 50%; Намалување од референтната каматна стапка од 2% на 1,75%, со намалување на законски затезната каматна стапка од 10% на 5% за правни лица и од 8% на 4% за физички лица), но и воведување нови извори на финансирање (како што се Бескаматен заем преку Македонската банка за развој и 14.500 МКД месечно по вработен за април и мај, за компании погодени од кризата или 50% од цената на придонесите за секој вработен; Паричен надоместок за граѓаните кои изгубиле работно место поради кризата; Евтини заеми од Македонската банка за развој пласирани преку деловни банки за заштита на ликвидноста на компаниите. Вкупните финансиски алокации за овие мерки беа проектирани на 195 милиони евра и сите беа спроведени.

ТРЕТИОТ ПАКЕТ МЕРКИ е усвоен по првите интервенции. Овој пакет вклучува мерки за финансиска поддршка за зголемување на ликвидноста на приватниот сектор, насочен кон критичните економски сектори (како што се туризам и угостителство, транспорт и логистика, агро-производство итн.), но и општата економија и другите сектори. Исто така, овој пакет вклучува мерки за директна финансиска поддршка за граѓани со многу ниски примања, како и поддршка за здравствените работници. Вкупната предвидена финансиска алокација за овој пакет изнесува 355 милиони евра, од кои околу 179 милиони евра се директни буџетски трошоци со фискални импликации, а до октомври 2020 се спроведени 41,3 милиони евра. Повеќето

мерки (околу 165 милиони евра) кои сè уште се во фаза на реализација се однесуваат на активностите на Македонската банка за развој кои започнаа со задоцнување заради изборниот процес, а во кои се канализирани и средства од Европската Унија Наградата за успешност за 2020 година преку EU4Reselience проектот во износ од 30 милиони евра. Во рамките на овој пакет мерки, а преку истиот проект, беа насочени дополнителни 10 милиони евра за поддршка на мерките за самовработување и активните мерки за вработување.

ЧЕТВРТИОТ ПАКЕТ МЕРКИ е усвоен во септември 2020 година во износ од 470 милиони евра и вклучува 31 мерка, со околу 165 милиони евра директни буџетски расходи со фискални импликации. Целта на овој пакет е да се спречи падот на БДП преку зголемена економска активност и јавно трошење создавајќи можности за 4,8% раст на БДП во 2021 година. Пакетот предвидува мерки како директна поддршка на компаниите и граѓаните за економска и социјална стабилност, зајакнување на приватната потрошувачка, како и поддршка на ранливите граѓани, невработени лица, граѓани со многу ниски примања итн. Спроведувањето на некои од мерките е започнато, на пример Министерството за економија во ноември 2020 година објави јавни повици за спроведување на 6 мерки: Враќање на туристичка такса (правни лица), Враќање на туристичка такса (физички лица), Грантови за туристички агенции, Грантови за ресторани за свадба, Грантови за игротеки и Грантови за туристички водичи. Воедно, започнати се и во процедура измени на соодветни закони со цел воведување законски решенија за спроведување на останатите мерки од четвртиот пакет по што ќе следи и нивна имплементација во текот на 2021 година.

# СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА (С3)

Република Северна Македонија, во 2018 година, го започна процесот за развој на **Стратегијата за паметна специјализација (S3)**, како сеопфатен модел за одржлив економски раст заснован на капацитетите на ендогеност на индустријата, науката и општеството. S3 треба да ги поврзе и да додаде вредност на Индустриската политика, Стратегијата за конкурентност, Стратегијата за иновации и Стратегијата за истражување и развој.

Процесот на развој на стратегијата е многу важен како нов начин на партиципативна форма за соработка за развој на визијата за раст, дефинирање на приоритетни домени за поддршка, дизајнирање патоказ за трансформација за избраните

сектори, имплементација на Акциониот план и дизајнираните проекти кои ќе придонесе за раст на избраните домени, меѓу-секторска соработка, создавање нови синџири на вредности, нови деловни перспективи засновани на знаење и иновации и воопшто раст на економијата.

Работната група предводена од Министерството за образование и наука и Министерството за економија, вклучувајќи и претставници од клучните министерства, владини институции, стопански комори и претставници од универзитетите, во координација со ЈРЦ, во извештајниот период спроведе квантитативни анализи. Идентификувани се 19 сектори со потенцијал за развој врз основа на споредба на економските, иновативните и истражувачките капацитети. Во моментов, процесот на квалитативна анализа е во фаза на реализација. Шест предложени потенцијални приоритетни области кои подлежат на квалитативна анализа се:

1. ОДРЖЛИВО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА И ПИЈАЛАЦИ И СИНЏИРИ НА ВРЕДНОСТИ
2. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (ИКТ)
3. ПАМЕТНИ / ОДРЖЛИВИ ЗГРАДИ И МАТЕРИЈАЛИ (нискоградба, одржливи материјали, премин кон циркуларна економија)
4. ЕЛЕКТРИЧНА ОПРЕМА И МЕХАНИЧКИ ДЕЛОВИ (електрична опрема, машини и делови од мотори, машини и машински алати, механички уреди, додатоци за моторни возила)
5. ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО (сместување и ресторани и услуги за храна, културен туризам, авантуристички туризам, угостителство на настани и други услуги за храна)
6. ЕНЕРГИЈА ЗА ИДНИНАТА (декарбонизација на економијата - обновлива енергија, енергетска ефикасност, одржлива енергија)

Следната фаза, почнувајќи од 2021 година, ќе биде Процес на претприемничко откритие, каде што преку ”quadruple helix” и интензивна комуникација со сите засегнати страни ќе бидат идентификувани домените за паметна специјализација, користејќи ги сите потенцијали засновани на соработка за развој.

Со цел да се поддржи и поттикне интернационализацијата на компаниите, се планира да се развие Стратегија за извоз како стратешка рамка за поддршка на подготвеноста за извоз, диверзификација на производството и промоција на извозот.

Исто така, планираната секторска анализа треба да ја направи потребната основа за поддршка на создавање синџири на вредности и интеграција во глобалниот синџир на вредности. Процесот на развој на стратегијата ќе следи во 2021 година.

# ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

Планот за економски раст усвоен во 2017 година содржи 3 столба мерки кои се спроведуваат преку Законот за финансиска поддршка на инвестициите (прв и втор столб) и Фондот за развој на иновации и технологија (трет столб). Во 2019 година за мерките од првиот и вториот столб потпишани се 171 нов договор и 51 анекс на договорите. Според доставените деловни планови, овие компании се очекува да инвестираат до 230 милиони евра во следните пет години. Бројот на вработени според деловните планови е 4.577.

До септември 2020 година, за мерките од првиот и вториот столб согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите, доставени се 54 барања за нови договори за финансиска поддршка и 11 барања за анекси. Најголем број на барањата се однесуваат за финансиска поддршка на капитални инвестиции. Процедурите за склучување на Договорите се во тек и согласно деловните планови се очекува вкупниот износ на инвестициите да биде околу 53,4 милиони евра. Во Буџетот за 2021 година за поддршка на инвестиционите активности на компаниите предвидени се финансиски средства од околу 10,5 милиони евра. Дополнително на ова, Буџетот ги вклучува и средствата за поддршка на инвестициите на компаниите во технолошко индустриско развојните зони, како и останатите инвеститори во земјата, со средства во износ од околу 8 милиони евра. Во врска со мерките за поддршка на компании во рамки на Фондот за иновации и технолошки развој во Буџетот за 2021 година предвидени се околу 11,4 милиони евра (повеќе информации за овие мерки се дадени во делот за поддршка на МСП).

Планот за економски раст е интегриран во новата **Индустриска стратегија** како клучен столб за обезбедување конкурентност, базирана на инвестиции за индустриски развој, премостување на технолошкиот јаз и забрзување на трансформацијата на продуктивноста и интернационализацијата.

Во следниот период ќе продолжи спроведување на **Акцискиот план на Индустриската стратегија** преку Законот за финансиска поддршка на инвестициите, Програмата на Фондот за иновации и технолошки развој, Програмата на Министерството за економија и останати поврзани проекти. Клучна улога играат и коморите кои ја преземаат иницијативата за поддршка на дигитализацијата, извозот, акцелераторите, кластерите и слично. Предвидените 38 мерки во Акцискиот план на Индустриската стратегија се поделени на 5 стратешки цели насочени кон: зајакнување на производствената основа (8 мерки), подигнување на продуктивноста, иновации и трансфер на технологија (5), катализирање на зелената индустрија и зеленото производство (8), стимулирање на извозот од производството (9) и градење производствен сектор врз основа на учење (8). Дополнително, постојат 6 мерки за успешно спроведување и координација.

Анализирајќи ги мерките за Акцискиот план на Индустриската стратегија, од вкупно 38 мерки, 27 мерки (71%) се во фаза на имплементација, 4 мерки (10,5%) се во почетна фаза на имплементација или сѐ уште не се започнати поради потреба од подлабока анализа, развој на концепт или недостаток на финансии. 7 мерки (18,5%) се предвидува да се спроведат по 2020 година кога ќе се развијат концепт и ќе се обезбедат финансии, претежно од донатори и ИПА фондови.

# ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ ВО ТУРИЗМОТ

Во рамките на Проектот за локалната и регионална конкурентност во туризмот во тек е реализација на доделените грантови со кој на општините, туристичките здруженија и асоцијации, како и на малите и средни претпријатија им се овозможи пристап до 14 милиони евра неповратни средства за поттикнување на развојот на туризмот преку подобрување на туристичката понуда и квалитетот на туристичките услуги. Вкупниот износ на оваа активност е 21 милион евра од кои 18 милиони евра се придонес од ИПА фондовите на Европската комисија, додека националното учество е околу 3 милиони евра. Развојната цел на проектот ПЛРК е подобрување на придонесот на туризмот во локалниот економски развој и подобрување на капацитетот на владата и јавните субјекти за поттикнување на растот на туризмот и олеснување на управувањето со дестинациите.

Во тек се активности за реализација на сите компоненти во рамки на Проектот:

- Во избраните три пилот-дестинации се работи на формирање основни групи на засегнати страни (ГЗС) засновани врз принципите на јавно-приватно партнерство. Секој од трите ГЗС ќе продолжи пошироко да развива процес на управување со дестинацијата. Во периодот кој претстои треба да се донесе одлука за формализирање на структурите и институционализирање на ДМО. Исто така, во следниот период, од страна на ангажиран правен експерт за проценка се очекува давање препораки за развој и подобрување на националната законодавна и регулаторна рамка за вградување на ДМО.
- Продолжува и имплементацијата на грант шемата каде сите поддржани проекти кои се во тек се во добро напредната фаза. Поголемиот дел од спроведувањето на големите инфраструктурни под-проекти се одвива во овој период и постигнати се првични резултати, додека неколку под-проекти кои се спроведуваат се во многу напредната фаза или скоро завршени. Во однос на малите под-грантови за инвестиции каде што се вклучени под-проекти на здруженија, 60% од вкупниот број на под-проекти се целосно завршени, а за останатите каде спроведувањето е во тек истото е во напредна фаза. За микро и мали претпријатија, имплементацијата е целосно завршена за 50% и имплементацијата на другите е во напредна фаза, додека за неколку имплементацијата е во тек и постигнати се првични резултати.
- Активностите во рамките на компонентата за капацитет на централно ниво, координација и политика се одложени заради ефектите од пандемијата COVID-19. Статусот на планираните активности е следен:
    - Специфична обука за МЕ и АППТ МК - преземени се првични чекори што значи дека процесот на набавка на консултант за обука е завршен и консултантската фирма е избрана;
    - Зајакнување на системот за статистика во туристичкиот сектор - преземени се првичните чекори што вклучуваат развој и одобрување на ToR за консултантски услуги;
    - Национална стратегија и план за туризам за

периодот 2021-2026 година - преземени се првичните чекори што вклучуваат развој и одобрување на ToR за консултации.

- Активностите за градење на капацитети кои се спроведуваат и/или ќе се спроведат во рамките на корисниците на под-проектите ќе дадат придобивки на учесниците во секторот туризам за да ги градат своите капацитети и да ги подобруваат туристичките услуги. Во три од 10 дестинации, процесот на управување со дестинациите е развиен на напредно ниво. Сите активности во рамките на под-проектите се главно насочени кон подобрување на туристичките услуги и придонес кон достигнување на повисок квалитет.

# ПОЛИТИКА НА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Согласно заклучокот од Владата и препораката на Европската комисија од петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција одржан на 13 февруари 2020 година во Брисел, КЗК достави ажуриран Регистар на државна помош за 2020.

Во насока на јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за контрола на државната помош, ќе се реализираат TAIEX обуки и национални обуки на давателите на државната помош.

Во насока на адресирање на препораките на Европската комисија за доусогласување со Европското законодавство за државна помош и согласно препораките на експертите од спроведениот објаснувачки состанок во ноември 2019 година КЗК ќе спроведе сеопфатна анализа за измена на Законот за контрола на државната помош,

Воедно, ќе се измени Законот за финансиска поддршка на инвестиции со цел да се земат предвид препораките на Европската комисија за доусогласување со Насоките на регионална помош на ЕК. До крајот на 2021 ќе се воспостави Регистар на државна помош. (за повеќе детали види Поглавје 3.8 Политика на конкуренција).

# Трговска интеграција со ЕУ

Во текот на 2020 година продолжија преговорите за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки и имплементацијата на Спогодбата за олеснување на трговијата. Во однос на имплементацијата на компонентата 1 – Трговија од МАП РЕА беше усвоена Одлуката за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук. Со ова, ЦЕФТА страните започнаа да го развиваат договорот за заемно признавање (МРА) и спроведување на програмите за заемно признавање - гранични документи, каде што е применливо (како што е наведено во АП5) и програмата за овластени економски оператори. По влегувањето во сила на Одлуката на ЦЕФТА за заемно признавање на ОЕО во рамките на ЦЕФТА во мај 2020 година, Царинската управа на Република Северна Македонија беше првата земја на ЦЕФТА што ја поднесе апликацијата за заемно признавање во рамките на ЦЕФТА. Процесот е во тек и се очекува македонската национална програма за ОЕО да биде заемно признаена во рамките на ЦЕФТА многу брзо и компаниите за ОЕО да бидат заемно признаени во рамките на ЦЕФТА.

Започна со имплементација SEED системот. Исто така започнаа преговорите за Дополнителен протокол за решавање на спорови на ЦЕФТА. Дополнителниот протокол 6 за трговија со услугибеше ратификуван во Република Северна Македонија на 5 декември 2020 година и објавен во Службен весник бр.291/20.

Беше предложен Патоказ за дијалог за регулаторни прашања во електронската трговија во ЦЕФТА. Одржувањето на платформата за статистички податоци за трговија со услуги, FATS и СДИ е во тек.

Согласно Програмата за економски реформи 2020-2022, продолжува мерката за олеснување на трговијата, односно за спроведување на Дополнителниот протокол 5 на Договорот ЦЕФТА 2006, чија цел е поедноставување на инспекциите поврзани со сите постапки на царинење и максимално намалување на формалностите преку електронска размена на информации помеѓу царинските органи.



Во ноември 2020 година беше парафирана Спогодбата за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија. Во декември 2020 година Владата донесе Одлука за предвремена примена на Спогодбата.

Продолжија активностите за усогласувањето на текстот на измените во соодветните протоколи на Договорот за слободна трговија со ЕФТА државите, во однос на правилата за потекло следејќи ги правилата на Пан – Еуро-Мед (ПЕМ) конвенцијата. Република Северна Македонија и ЕФТА државите постигнаа заеднички договор за подготвената Одлука за изменување и дополнување на Протоколот Б и во април 2021 година Министерството за економија ја започна внатрешната постапка за усвојување на договорениот текст на Одлуката. Преговорите за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбените производи по Договорот за слободна трговија со Украина и за измена на Протоколот Ц за потекло на стоката од Договорот, согласно ПЕМ конвенцијата беа финализирани во март 2021 година и беа подготвени ревидирани протоколи кои треба да бидат потпишани во рамките на Третата сесија на Мешовитиот комитет задолжен за спроведување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Украина.

Донесена е Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба (Службен весник бр. 66/2021, усогласена со делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) 2020/1749 од 7 октомври 2020 година, т.е. Анекс I од истата, за изменување и дополнување на Регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 на Советот за воспоставување систем на Заедницата за контрола на извозот, трансфери, посредување и транзит на стоки со двојна употреба и технологии.

# ЈАВНИ НАБАВКИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на јавните набавки. Постигнат е **одреден напредок** со донесувањето на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста и на релевантното законодавство за спроведување на Законот за јавните набавки. Капацитетот на главните органи што ги спроведуваат јавните набавки треба да се зајакне и да се заврши нивната платформа за е-набавки. Земјата треба да ги зголеми напорите за спречување на неправилности и корупција за време на циклусот на набавка и за обезбедување на поефикасен систем на јавни набавки, следејќи ги начелата на транспарентност, еднаков третман, слободна конкуренција и недискриминација. Препораките на Комисијата од 2019 година не беа целосно спроведени и остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

- да обезбеди спроведување на Законот за јавните набавки, вклучително и надградба на порталот за е-набавки со нови модули и понатамошно усогласување со Директивите на ЕУ за концесии;
- да гарантира дека извештаите за нерегуларности поврзани со јавните набавки соодветно се истражуваат, а сторителите се санкционираат;
- да го зајакне со соодветен персонал административниот капацитет на Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби и Државниот завод за ревизија за надзор и следење на јавните набавки и на Министерството за економија за управување со концесии и јавно-приватни партнерства.

# Резиме

Бирото за јавни набавки во рамки на Твининг Проектот IPA 2018 Зајакнување на функциите за буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола ќе реализира активности во насока на подготовка на сеопфатна Стратегија за развој на системот за јавни набавки, како и подготовка на нови методолошки алатки, водичи и прирачници, стандардни документи и друго. На среден рок се очекува имплементација на новата Стратегија за развој на системот за јавни набавки, а ќе се преземат и други активности за подобра имплементација на Законот за јавните набавки. На среден рок се планира и транспонирање на Директивата 2009/33/ЕЗ за промовирање на чисти и енергетски ефикасни патни товарни возила.



# ОПШТИ ПРИНЦИПИ

## Тековна состојба

Со оглед на тоа што во 2019 година се донесоа нов Закон за јавните набавки (Службен весник бр.24/19) и Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (Службен весник бр.180/19), во текот на 2020 година донесени се сите соодветни подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавни набавки, како и сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста.

Дополнително, Бирото за јавни набавки (БЈН) подготви и објави на својата веб страница ажурирани и дополнети брошури и водичи, како и одговори на често поставувани прашања (ЧПП), во врска со имплементацијата на новиот закон за јавни набавки.

Во однос на планираните активности во рамки на Твининг Проектот IPA 2018 Зајакнување на функциите за буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола, подготвен и доставен е Извештај за процена на законодавството за јавни набавки во Северна Македонија, со препораки во врска со законодавството и зајакнување на капацитетите во областа на јавните набавки, а започнати се и активности во насока на подготовка на сеопфатна Стратегија за развој на системот за јавни набавки, меѓу кои подготовка на Анализа на мандатот и одговорностите на институциите вклучени во системот за јавни набавки,Анализа на системот за едукација на Биро за јавни набавки, како и Анализа на состојбата, потребите и можностите за користење на централизирани набавки. Поради состојбата со Ковид 19, дел од планираните активности со Твининг Проектот се пролонгирани, и се очекува нивно финализирање на почетокот на 2021 година.

Во 2020 година објавени се огласи за сите работни места предвидени со Годишниот план за 2020 година, а реализирани се вкупно 13 вработувања, со што бројот на редовно вработени во Бирото за јавни набавки, заклучно со 15.11.2020 година изнесува 36.

Согласно Планот за борба против корупција „Акција 21" подготвена е интерната процедура за јавни набавки и објавена на веб сајтот на Бирото за јавни набавки на следниот линк: https://www.bjn.gov.mk/publikacii/avni-nabavki-na-biro-za-avni-nabavki/.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Бирото за јавни набавки во рамки на Твининг проектот IPA 2018 Зајакнување на буџетското планирање, извршување и функциите на внатрешна контрола, ќе преземе повеќе активности во насока на подготовка на сеопфатна Стратегија за развој на системот за јавни набавки. Исто така, во текот на 2021-2022 година, ќе бидат подготвени нови методолошки алатки, водичи и прирачници, стандардни документи и друго за подобра имплементација на Законот за јавните набавки. Во текот на 2021 година ќе се реализираат и активностите предвидени со Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година.

## Институционална рамка

БЈН ќе продолжи со задолжително сертифицирање на службениците од договорните органи во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки. Ќе се преземат чекори за професионализација на јавните набавки не само кај лицата кои директно работат на јавните набавки, туку и пошироко и модернизација на процесот на едукација кој го организира БЈН преку иновативни, интерактивни решенија или алатки за е-учење, со вклучување на академска соработка.

Воедно, БЈН и во иднина ќе настојува да го зајакне својот капацитет преку стручно усовршување на вработените и по потреба вработување на нов кадар. БЈН ќе се доекипира со соодветен стручен кадар на организационата единица која работи на управната контрола.

Со цел унапредување на воспоставениот систем за јавни набавки, БЈН ќе ја зајакне соработката со институциите како што се Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за правда и други институции кои од аспект на своето делување влијаат врз тој систем. Воедно, ќе продолжи воспоставената соработка и размена на искуства и со соодветните институции во земјите од југозападен Балкан.

Управната контрола на БЈН ќе биде сеопфатна и задолжително ќе ги опфаќа условите за учество, техничките спецификации и критериумите за избор и ќе се скрати рокот за спроведување на управната контрола, односно во Законот ќе се предвиди рок во кој БЈН ќе ја започне управната контрола сметано од денот на донесувањето на одлуката за избор.

## Среднорочни приоритети

### Правна рамка

Во овој период целосно ќе се реализираат активностите предвидени со Твининг проектот МК 18 IPA FI 01 19 Зајакнување на буџетското планирање, извршување и функциите на внатрешна контрола. Притоа, се очекува да започне имплементацијата на нова Стратегија за развој на системот за јавни набавки, а ќе се преземат и активности за подобра имплементација на Законот за јавните набавки. На среден рок се планира и транспонирање на Директивата 2009/33/ЕЗ за промовирање на чисти и енергетски ефикасни патни товарни возила.

### Институционална рамка

На среден рок ќе се обучуваат и усовршуваат вработените во БЈН, а воедно и ќе се унапредува институционалниот капацитет.

Во овој период ќе се следат новините во законодавството за јавни набавки на Европската Унија и ќе се реализираат сите активности кои ќе произлезат од Стратегијата за развој на системот за јавните набавки.

# КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## Тековна состојба

Со цел усогласување на законодавството со релевантното законодавство на ЕУ во областа на концесии и јавно - приватно партнерство, односно транспонирање на Директивата 2014/23 / ЕУ за доделување договори за концесија, во 2019 година е обезбедена техничка помош од Светската банка во оваа област. Експертите на Светска банка, во соработка со Министерството за економија, извршија анализа на законодавството и состојбата во оваа област. Извештајот за правната анализа со препораки за законско регулирање на оваа област од страна на експертите на Светска банка беше изготвен и доставен до Министерството за економија на крајот на јули 2020 година, врз основа на кој Министерството за економија подготви првична нацрт верзија на Законот за јавно-приватно партнерство и ги проследи на консултација кај службите на Европската комисија и СИГМА.

Паралелно со ангажирањето на правни експерти во изминатиот период, се одржаа конференциски состаноци со ИТ експерти од Светска банка за анализа и развивање на техничките спецификации за воспоставување на Единствениот електронски систем за ЈПП, со модули потребни за да се обезбеди имплементација на целокупната постапка за доделување на договори поврзани со воспоставување на јавно приватно партнерство од објавувањето до склучувањето на договорот, што ќе генерира регистар на склучени договори.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Во претстојниот период се планира целосно усогласување на законодавството во областа на концесии и јавно приватно партнерство со правото на ЕУ со транспонирање на Директивата 2014/23/ЕУ, односно носење на законот и подзаконските акти, подготовка на Упатства и прирачници за имплементација на законот. По усвојување на новиот закон и подзаконските акти се планира финализирање на техничката документација со модулите за постапката

за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и базата на склучени договори, по што ќе следува воспоставување на **Единствениот електронски систем за ЈПП** кој ќе генерира Регистар на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство, во кој ќе бидат внесени податоците за сите договори за воспоставување на јавно приватно партнерство склучени пред донесување на новиот закон.

## Институционална рамка

За постигнување на континуирано и доследно извршување на надлежностите на Министерството за економија во оваа област ќе се систематизира и екипира Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со нови вработувања. Исто така, во соработка и со техничка помош на експертите на Светска банка планирани се и обуки за вработените во државната администрација кои работат во оваа област.

**Советот за јавно приватно партнерство** ќе започне со своите активности како советодавно тело и креатор на политиките во областа на јавно приватно партнерство.

# Среднорочни приоритети

Со цел обезбедување на поголема транспарентност и поефикасен и унифициран систем во областа на концесии и јавно приватно партнерство, ќе се врши надградба и континуирано управување на Единствен електронски систем за јавно приватно партнерство и Регистарот на доделени договори за ЈПП.

Во среднорочниот период, по систематизирање и зајакнување на Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со нови вработувања, со цел зајакнување на административните капацитети при реализацијата на проекти за јавно приватно партнерство и доследна имплементација на законодавството во оваа област, се планира организирање на повеќе семинари, работилници и обуки во областа на јавно приватно партнерство, како за вработените во државните институции, така и за вработените во единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, па и пошироко за заинтересирани учесници од приватниот сектор (економски оператори).

# ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

## Тековна состојба

Електронскиот систем за јавни набавки и во 2020 година продолжи да се надградува и во континуитет се унапредува преку прилагодување на постојните и развој на нови модули на ЕСЈН, како и усогласување на правната регулатива поврзана со користењето на ЕСЈН.

Со спроведување на електронски набавки преку ЕСЈН, сите активности во постапката (почнувајќи од електронско планирање и завршување со е-жалба, прикачувањето склучени договори и известувања за реализиран договор) се вршат електронски.

Во 2020 година беше имплементиран модул за означување на набавките поврзани со кризната состојба (COVID), како и сервис со веб страната за финансиска транспарентност-Ковид 19.

Во согласност со Годишниот план за едукација за јавни набавки за 2020 година, во периодот од 01.01.2020 година до 20.11.2020 година беа спроведени 13 обуки за лицата кои по прв пат треба да положат испит и да се стекнат со сертификат за лице за јавни набавки. На обуките учествуваа вкупно 212 посетители од договорните органи. Во овој период се одржаа 12 обуки за ресертификација, на кои се ресертифицираа 219 лица, како и 1 обука за обучувачи, на која учествуваа 20 посетители/обучувачи.

Во овој период, БЈН организираше и одржа 3 работилници за вработените во Државниот завод за ревизија (ДЗР) со цел унапредување на знаењето и капацитетите на ДЗР во однос на новиот Закон за јавни набавки. На работилниците присуствуваа вкупно 72 ревизори/вработени во ДЗР.

Во однос на ревизијата на начинот и постапките за доделување на договорите за јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија, во Годишниот извештај за работа на ДЗР за 2019 година утврдени се 35 наоди во конечните ревизорски извештаи.

Исто така, БЈН одржа 2 предавања во рамки на почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители, на кои присуствуваа 60 слушатели.

Соработката меѓу БЈН и Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Бирото за јавни набавки ќе продолжи со надградба на ЕСЈН со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка, имајќи ги предвид законските одредби за задолжително користење на електронски средства при спроведување на јавните набавки.

По завршување на процедуралниот дел од постапката, Бирото започна со анализа за развој на техничкото решение за имплементација на е-пазарот на набавки од мала вредност.

Користењето на антикорупциски алатки во ЕСЈН (како што се црвените знаменца) со зајакната меѓуинституционална соработка (БЈН ќе ја искористи базата на податоци за јавни набавки на национално ниво во насока на изготвување разни видови на статистички извештаи, како и индикатори за корупција) и размена на податоците од постапките со другите надлежни органи (Државна комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренција, Државен завод за ревизија итн.).

## Институционална рамка

Во овој период ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки. На овие обуки главна тема ќе биде практичната примена на новиот Закон за јавните набавки, како и утврдените слабости во досегашната примена на законот (пр. употребата на е-аукции и најниската цена како единствен критериум за доделување, употреба на рамковните и повеќегодишните договори за повторливи набавки, раздвојувањето во екстремно мали лотови, чести грешки во евалуација на понудите, отфрлање на понуди поради мали административни пропусти, и сл.). Слабостите во примената на законот со можности за нивно надминување ќе бидат опфатени и со нови прирачници, водичи и сл. БЈН ќе продолжи со доследна примена на член 45, став 1, алинеја 3 од Законот, заради надминување на детектираните слабости.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Приоритет во овој период ќе биде развој и унапредување на новите инструменти во процесот на доделување на договорите за јавни набавки: е-пазар на набавки од мала вредност и е-каталози. Електронскиот пазар на набавки од мала вредност ќе се користи за набавка на стандардни стоки и услуги од мала вредност на ефикасен и ефективен начин, преку електронска платформа во вид на електронски каталог. Секој договорен орган ќе може да бара поднесување на понуди во форма на електронски каталог или да бара понудата да вклучува електронски каталог.

Во овој период ќе се следат новините во законодавството за јавни набавки на Европската Унија и доколку има измени во националното законодавство истите ќе се имплементираат.

## Институционална рамка

Во овој период ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки. Исто така, на среден рок ќе се преземат активности за подобрена имплементација на законската рамка за јавните набавки со нови прирачници, водичи и друго.

# ПРАВНИ ЛЕКОВИ

## Тековна состојба

Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) е составена од Претседател и 4 (четири) членови кои се именувани од Собранието. Вкупниот број на вработени во ДКЖЈН во извештајниот период изнесуваше 18 лица, од кои 5 се членови на Државната комисија именувани од Собранието и 13 лица се вработени во стручната служба, од кои 1 вработен е помошно техничко лице. Во текот на 2020 година продолжи учеството на претставници на ДКЖЈН на работилници и други облици на обуки на теми поврзани со правните лекови во постапките за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнерство, како и спроведувањето на генерички и специјализирани обуки на вработените државни службеници во стручната служба на ДКЖЈН.

## Краткорочни приоритети

Ќе се интензивира соработката со БЈН, со Министерството за економија, Управниот суд и другите институции кои се директно инволвирани во остварувањата на правата од новиот Закон за јавните набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Законот за јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста. Со цел зајакнување на стручната служба на ДКЖЈН во 2021 година со Годишниот план за вработување за 2021 година се планира институционално зајакнување на Комисијата преку ново вработување и унапредување на административни државни службеници. Во следниот период по завршување на функционалната анализа, Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе достави барање за нови вработувања и унапредувања преку измена на Годишен план за вработување за наредната година. Воедно, во периодот што следи ќе се продолжи со процесот на постојана обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа, вклучувајќи ја и стручната служба во ДКЖЈН) во постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно со организирање на работилници и обуки на теми поврзани со имплементацијата на новиот Закон за јавните набавки, како и во поглед на самата постапка по правни лекови во спроведувањето на јавните набавки, концесии и јавно приватни партнерства. Ќе продолжи соработката на ДКЖЈН со

СИГМА, како и со сите релевантни меѓународни институции од областа на јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство. Натамошното унапредување на електронската архива и на системот на правна заштита на јавните набавки ќе биде приоритет на краткорочен рок, како и воведување на целосен електронски систем за интероперабилност, што подразбира електронско водење на целата жалбена постапка пред Државната комисија, вклучувајќи и одржување на седница преку конференциска врска со употреба на интернет комуникација. ДКЖЈН ќе го зајакне својот капацитет особено оној на стручната служба во насока на поефикасно разгледување и анализирање на жалбите од аспект на зададените критериуми во тендерските документации, а по потреба и техничките спецификации во зависност од предметот на набавката

## Среднорочни приоритети

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ и ќе се спроведуваат во националната регулатива. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со БЈН и МЕ. Натамошното јакнење на административните капацитети на ДКЖЈН ќе се остварува преку нови вработувања и унапредувања на административен персонал во стручната служба или преку спогодбени преземања, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер, како и во насока на обезбедување на средства за вршење на вештачење согласно ЗЈН. Потребата од зголемување на персоналот повлекува и итна потреба од обезбедување на нови и соодветни простории во кои ќе биде сместена Државната комисија, со оглед на дотраеноста и бројот на расположливи простории во кои функционира ДКЖЈН во моментов, а сè со цел непречено и нормално функционирање и квалитетно извршување на работните обврски надлежности. Исто така се планира да продолжи и соработката на ДКЖЈН со СИГМА, како и со сите релевантни меѓународни институции од областа на јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство, преку организирање на семинари, обуки и работилници.

# СТАТИСТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во областа на статистиката. Постигнат е **добар напредок**, особено во спроведувањето на пилот фазата од пописот на населението и тестирањето на новата методологија за попис, што делумно се потпира на административните податоци. Подобрувања се забележани во сите статистички области и понатамошно усогласување на секторските статистики со стандардите на ЕУ. Потребни се континуирани напори за подобрување на обемот и квалитетот на податоците на макроекономските и социјалните статистики. Бидејќи беа спроведени препораките од минатата година, во наредната година земјата особено треба:

- да го донесе законодавството и да ги обезбеди потребните административни капацитети за спроведување на пописот на населението во 2021 година;
- да продолжи да ги усогласува финансиските сметки и кварталните национални сметки со Европскиот систем на сметки 2010 (ESA 2010);
- да обезбеди соодветен персонал и доволно финансиски средства за Државниот завод за статистика.

# Резиме

Државниот завод за статистика е посветен на обезбедувањето висококвалитетни статистички податоци во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е постојаното работење на усогласување на националната правна рамка за статистиката со законодавството на ЕУ, со што директно се поддржува политиката на Владата за европска интеграција на државата. Со цел зголемување на квалитетот на податоците, посебно внимание се посветува на развојот на метаинформацискиот систем, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснувањето на прибирањето податоци и подобрувањето на квалитетот на комуникацијата со давателите на податоци и корисниците.

Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.

Во делот на обврските на Народната банка во областа на статистиката, Банката има стратегиска определба за обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.

Во следниот период, Државниот завод за статистика особено ќе се посвети на следните приоритети:

- Спроведување на Попис на населението и домаќинствата;
- Дополнително зајакнување на човечките и финансиските ресурси на Државниот завод за статистика преку планирани нови вработувања;
- Континуирано подобрување на квалитетот на табелите испратени до Евростат.



# СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Тековна состојба

Почнувајќи од месец јануари 2020 година, во сила се новите Акти за систематизација и организација на Државниот завод за статистика. Со новите акти е воспоставена нова организациска структура на Заводот (воведени се два нови сектора) и се зголемува бројот на работните места во Заводот. Распоредувањето на вработените е извршено сметано од 01.02.2020 година.

Вкупниот број на вработени во ДЗС заклучно со ноември 2020 година изнесува 244 лица.

Бројот на вработени во Дирекцијата за статистика при Народната банка на крајот на 2020 година изнесува 38 лица, со едно ново вработување во 2020 година. Во услови на пандемија, унапредувањето на капацитетот на вработените беше постигнато преку активностите за обезбедување континуитет во работењето и унапредување на процедурите за работа во вонредни услови (работа од дома, работа во тимови и сл.).

Во 2020 година се подготвени и објавени следните Индикатори за квалитет:

- А6.1 - Број на ревизии на податоците
- ТР1 - Временска разлика до првите резултати
- ТР2 - Временска разлика до дефинитивните резултати
- ТР3.11 - Временска разлика на објавување на податоците на првите резултати
- ТР3.12 - Временска разлика на објавување на податоците на дефинитивните резултати
- АС1 - Број на прегледи на податочни табели
- АС2 - Број на прегледи на метаподатоци
- АС3 - Опфатност на метаподатоци од статистички аутпути, статистички процеси и квалитет.

Индикаторите за квалитет се пресметани (за ДЗС) на ниво на статистичко истражување, статистички домен и вкупно за референтна година на обработка - 2016, 2017, 2018 и 2019 година.

## Краткорочни приоритети

Ангажирање на потребните човечки ресурси за поддршка на ДЗС во имплементацијата на новата организациска структура и на европското законодавство (продолжува и во среднорочните приоритети).

## Среднорочни приоритети

Целосна ревизија на Законот за државната статистика од аспект на неговата усогласеност со статистичките стандарди на ЕУ и домашното законодавство.

Поддршка на статистичките излези, техничка инфраструктура, Ит-нормализација и колаборативна инфраструктура за Европскиот статистички систем (ЕСС)

## Тековна состојба

Целосна замена на компјутерската мрежана ДЗС. Започнат е развој на интегрираниот метаподаточен систем согласно документот SRAD. Развиени се функционални спецификации за статистичкиот регистар на деловните субјекти.

Активностите на Народната банка за развој на единствено статистичко складиште на податоци за екстерните статистики, продолжија и во 2020 година.

## Краткорочни приоритети

Одржување континуитет во осовременувањето на ИТ опкружувањето во ДЗС, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација:

- Целосна замена на податочниот центар (сервери, складирање податоци и библиотека за бекапирање)

- Доставување податоци до Евростат во согласност со барањата на Vademecum 2019 (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Интегриран метаподаточно управуван систем за прибирање податоци и систем за едитирање, импутација, валидација, агрегирање и подготовка на излезни податоци (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Редизајн на статистичкиот регистар на деловните субјекти (продолжува и во среднорочни приоритети).

Воспоставувањето складиште на податоци на Народната банка ќе се зајакне со изградба на единствен статистички склад на податоци за екстерните статистики како предуслов за целосно усогласување со барањата на ЕУ од аспект на можностите за дезагрегација по земји, дејности, сектори, инструменти, согласно со барањата на Vademecum: Започнување на првичните активности за реализација на новиот проект за креирање склад на податоци преку ИПА-програмата (продолжува и во среднорочни приоритети).

# ДИСЕМИНАЦИЈА

## Тековна состојба

### Државен завод за статистика

Во областа на дисеминацијата продолжи редовното објавување на статистичките податоци според Календарот на објавување. И покрај тешкотиите што се појавија со избувнувањето на епидемијата на Ковид-19, ДЗС успеа да ги објави сите податоци на време.

На планот на комуникацијата и односите со јавноста продолжија редовните активности. Заводот е редовно, секојдневно присутен во медиумите со поголем акцент на подготовките за Пописот 2021.

- Како дел од соработката со Канцеларијата на УНФПА во Северна Македонија, ангажиран е надворешен експерт - комуниколог со кој отпочнаа интензивни активности за подготовка на Комуникациски план за Пописот 2021.

- Од септември 2019 година, ДЗС е присутен на Фејсбук. Со отворање на официјалната ФБ-страница на ДЗС. Фејсбук-страницата на ДЗС е на македонски и на албански јазик.

## Народна банка

- Вонредните настани поврзани со Ковид-19 немаа влијание врз процесот на дисеминација на статистичките податоци во Народната банка, кој во целост се реализираше согласно Календарот за објавување на податоци. Немаше временски доцнења, а опфатот и квалитетот на изворите и производството на податоците останаа непроменети во однос на периодот пред пандемијата. Редовно се објавуваа соопштенија за печат за примарните статистички податоци во надлежност на Народната банка, истовремено со објавувањето на соодветниот сет на податоци.
- Соодветно приспособување на комуникацијата со известувачите, особено за известувањата во хартиена форма е постигнато со поинтензивна електронска комуникација (известување преку контакт-статистика, електронски пораки и сл.), а континуитет на средбите со известувачите е обезбеден преку електронската платформа. Започнати се активности на два проекта за рационализација на процесот на прибирање податоци (за кредитните работи со странство и директните инвестиции), за замена на известувањето во хартиена форма со електронско известување.
- Во рамките на активностите за јакнење на транспарентноста и унапредување на комуникацијата со јавноста, во јули 2020 година, во услови што ги наметна пандемијата со Ковид-19, одржана е и првата онлајн работилница за новинарите посветена на статистиката на останатите финансиски институции.

# Краткорочни приоритети

## Државен завод за статистика

Осовременување на начинот на дисеминирање на статистичките податоци:

- Подготвување Комуникациска и дисеминациска стратегија (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Зголемена присутност на статистичките податоци во социјалните медиуми (Твитер и Фејсбук) (продолжува во среднорочните приоритети).
- Објавување тематски публикации од статистичките истражувања (продолжува и во среднорочните приоритети).

## Народна банка

Унапредување на дисеминацијата на статистиката во Народната банка:

- Активности за унапредување на комуникацијата со корисниците (продолжува во среднорочните приоритети).
- Активности за јакнење на поддршката кон известувачите и олеснување на известувањето (продолжува во среднорочните приоритети).

# Среднорочни приоритети

Осовременување на начинот на дисеминирање на статистичките податоци:

- Зголемување на статистичката писменост
- Зајакнување на капацитетите за продуцирање електронски публикации
- Зајакнување на капацитетите за продуцирање експериментални статистики
- Објавување податоци што се подготвени по посебни барања од корисниците (tailor-madestatistics)
- Подобрување на содржината на дисеминациските продукти на ДЗС.

# КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

## КЛАСИФИКАЦИИ

### Тековна состојба

Во периодот јануари 2020 – ноември 2020 година,подготвени се следните класификации:

- Листа на активности за користење на времето – ЛАКВ 2020
- Стандардната класификација на образованието по полиња (подрачја) – СКОП 2019
- Кореспондентна табела за:
    - Листа на активности за користење на времето –ЛАКВ 2020 со 2018
    - Стандардна класификација на образование по степени (нивоа) – СКОС 2013 со 2002
    - Номенклатурата на територијални единици за статистика –НТЕС 2014 со 2007
    - Номенклатурата на територијални единици за статистика –НТЕС 2019 со 2014.

Во периодот јануари 2020 – ноември 2020 година, започнати се активности за:

- Класификација на личната потрошувачка според намена – КЛПН (според COICOP 2018)
- Националната класификација на кривични дела (според ICCS)
- Кореспондентна табела за:
    - Класификација на производи по дејности– КПД 2015 (според CPA 2.1) со Комбинирана номенклатура– КН 2020
    - Класификација на производи по дејности– КПД 2015 (според CPA 2.1) со Комбинирана номенклатура– КН 2021.

## Краткорочни приоритети

Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на статистички стандарди, преку:

- Следење на промените и усогласување во класификациите– Национална класификација на дејностите, Класификација на производите по дејности, Национална номенклатура на индустриските производи (**продолжува и во среднорочните приоритети**).
- Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на статистички стандарди – Стандардни кодни листи (**продолжува и во среднорочните приоритети**).

## Среднорочни приоритети

Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на статистички стандарди.

Во периодот 2023 –2025 година, потребно е да се подготват следните класификации:

- Хармонизиран систем за означување и кодирање стоки – ХС
- Комбинирана номенклатура – КН.

# РЕГИСТРИ

## Тековна состојба

Статистички деловен регистар (СДР) – Редовно се врши ажурирање на Статистичкиот деловен регистар (СДР) и се прави тековна контрола на точноста и квалитетот на податоците, особено на податоците за дејноста, големината, адресите итн. Подготвена е базата на групите претпријатија со состојба 31.12.2018 година, а базата на групите претпријатија за 2019 година е во фаза на подготовка. Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки, особено на подобрување на квалитетот и опфатот на групите претпријатија во рамките на националната програма ИПА 2017.

Статистички регистар на земјоделските стопанства – Со потпишување на Меморандумот за соработка меѓу Државниот завод за статистика и Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство се обезбеди правна рамка за користење на податоците од административниот Регистар на земјоделските стопанства. Во таа насока, се ажурираше статистичкиот Регистар на земјоделските стопанства и се изработи рамка за примерок за планираното Структурно истражување за земјоделските стопанства.

Статистички територијален регистар – СРПЕ (Методологија за воведување и водење статистички регистар на просторните единици) – Продолжи користењето на геопросторните податоци од административниот регистар на просторните единици за спроведување анкети и за други геопросторни анализи и продолжи продукцијата на тематски карти за различни продукти и потреби. Редовно се ажурираат податоците за веб-картографијата, а подготвени се WMS-сервиси за публикување на геопорталот НИПП (Национална инфраструктура на просторни податоци) со кој управува Агенцијата за катастар на недвижности.

Статистички регистар на вработени лица – По испитувањето на квалитетот и можноста за користење административни извори на податоци, беа креирани процедури за поврзување на неколку испитани административни извори по вработен и деловен субјект.

## Краткорочни приоритети

### Развивање на Статистичкиот деловен регистар

- Понатамошно развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Надградба на Регистарот на земјоделските стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Имплементација и воведување нови расположливи извори за ажурирање на Статистичкиот регистар на земјоделските стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Активности за воспоставување регистар на вработени лица (продолжува и во среднорочните приоритети)

- Анализа на базите на податоци добиени од различни административни извори и утврдување на дефинициите (продолжува и во среднорочните приоритети)
- Успешно користење на што поголем број регистри како бази на податоци – најдоцна до септември 2021 ќе се изврши поврзување со регистрите на Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика
- Понатамошно развивање на Статистичкиот територијален регистар (продолжува во среднорочните приоритети)
- Користење просторни податоци потребни за спроведување анкети и геопросторни анализи и сервиси (продолжува во среднорочните приоритети).

# СЕКТОРСКИ СТАТИСТИКИ

Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика, во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.

Истовремено, стратегиска определба на Народната банка во областа на статистиката е обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, во областа на екстерните статистики, монетарната статистика, статистиката на финансиски сметки и статистиката на хартии од вредност.

## ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА

### Тековна состојба

Во областа на социјалните статистики, континуирано се работи на усогласување на статистиките со регулативите на ЕУ. Во рамките на подготовките за претстојниот Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, реализирани се следните активности:

Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година беше донесен на 25 јануари 2021 година.

- Објавена е методологијата за подготовка, организирање и спроведување на Пописот на население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, 2021 година

- Законот за попис и методологијата беа споделени со Евростат. Во повеќето аспекти, документите се општо усогласени со релевантните стандарди дефинирани во статистичкото законодавство на Европската Унија, иако законодавството на ЕУ сè уште не е обврзувачко за Северна Македонија како земја кандидат.
- Апликацијата за собирање податоци е подготвена и тестирана на Cloud.
- Собранието на Република Северна Македонија на 02.04.2021 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Сл.В бр.74/2021). Со наведениот Закон, спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, наместо во периодот од 1 април до 21 април 2021 година, се одложува за периодот од 5 септември до 30 септември 2021 година. Со наведениот Закон, критичниот момент на Пописот е 4 септември 2021 година.
- Со Законот се врши и усогласување на термините за спроведување на Пописот на одредени категории на население со посредство на Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за надворешни работи, односно датумите 1 март до 15 март 2021 година се заменуваат со датумите 20 август до 4 септември 2021 година.
- Воедно, спроведувањето на Пописот на државјаните на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство ќе продолжи до 30 септември 2021 година.
- Со член 6 од Законот се утврдува дека со влегувањето во сила на овој Закон, избраните и именуваните реонски инструктори и пописувачи, избрани и именувани согласно со Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година („Сл.В 19/2021), престануваат со работа.
- Со влегувањето во сила на овој Закон, поединечните акти со кои се избрани и именувани реонските инструктори и пописувачи како учесници во спроведувањето на Пописот, престануваат да важат.

Со цел унапредување на здравствените статистики, подготвено и одобрено е фишето во рамките на ИПА 2017 за спроведувањето на Анкетата за здравствената состојба и статус (EHIS).Стартуваа активности поврзани со Анкетата за вклученоста на Ромите.

Во областа на образованието, доставен е до Евростат EDUCAT_ESQRS_A_MK_2018.

Во областа на пазарот на трудот беше реализирано следново:

- Поради спроведување на ограничувачките мерки за Ковид-19, според владините препораки за заштита, методите за интервјуирање на домаќинството од АРС беа реорганизирани. Само една четвртина од примерокот од АРС се спроведе на терен, додека три четвртини беа анкетирани преку телефон.
- Беа објавени годишните податоци за плати и вработени користејќи податоци од административни извори.
- Беа подготвени методолошки инструменти за спроведување на истражувањето Родово базирано

насилство, се спроведе тестирање на прашалникот.

- Продолжуваат активностите за унапредување на Статистичкиот регистар на вработени.

Во областа животен стандард:

- Објавени се претходните резултати од истражувањето АПУЖ (Анкета за приходи и услови на живеење), 2019 во соопштение.
- Објавени се дефинитивните резултати од истражувањето АПД (Анкета на потрошувачка на домаќинствата) за 2019 година во табели за базата Макстат.
- Подготвени се инструментите за спроведување на АКВ (Анкета за користење на времето), 2020 согласно со препораките на Евростат.
- Пресметани се пондерите за хармонизираниот индекс на трошоците на животот (HICP) за 2020 година и се трансмитирани до Евростат.

Во областа на судските статистики, во тек се активности за мапирање на Националната класификација на кривичните дела со Меѓународната класификација на кривичните дела за статистички цели, ICCS.

Верификуван и објавен е Индексот за родова еднаквост за Македонија, кој беше доставен до Европскиот институт за родова еднаквост.

Реализирано е Мултикластерското истражување (МИКС 6). Ова истражување ДЗС го организира во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје.

## Краткорочни приоритети

Унапредување на статистиките за пазарот на трудот и животниот стандард:

- Пресметка на индексот на цената на трудот (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Пресметка на родова разлика во платите (Genderpaygap; продолжува и во среднорочните приоритети).
- Унапредување на хармонизираниот индекс на трошоците на животот и воспоставување

експериментални пресметки на индексот на цената за домување (продолжува и во среднорочните приоритети).

- Имплементирање на методот CAPI за прибирање податоци во анкетните истражувања во доменот на социјалните статистики (продолжува во среднорочните приоритети).

Унапредување на статистиките во областа на демографијата:

- Спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година (продолжува и во среднорочните приоритети).

Унапредување на статистиките за образование, социјална заштита и судските статистики:

- Обезбедување квалитативни и квантитативни податоци за ЕССПРОС (Статистики за социјална заштита); (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на извештај за квалитет за корисници на пензии и извештај за квалитет за CoreSystem и доставување до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Унапредување на судските статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Спроведување Анкета за родово базирано насилство.

# ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

## Тековна состојба

Направен редизајн на статистичкиот регистар на деловни субјекти се одвива во рамките на националниот проект ИПА 2017. Активностите се планира да се спроведат до крајниот рок (март 2022 година), но треба да се земе предвид и нивното отежнато одвивање поради пандемијата.

Во однос на демографијата на претпријатијата, се подготвуваат податоците за 2019 година, при што е постигната усогласеност на референтниот период за бројот на новосоздадени, згаснати и преживеани претпријатија.

Се врши понатамошно хармонизирање на статистиката од областа на туризмот во однос на патувањето на домашното население (ЕУрегулатива 2019/1681) и се работи на воведување

на сателитски сметки во туризмот во рамките на националната програма ИПА 2017.

Подготовките во рамките на краткорочните статистики (вклучувајќи го и воведувањето на надворешната трговија со услуги) за воведување на новата ФРИБС-регулатива се во тек.

## Краткорочни приоритети

Редизајн на статистичкиот деловен регистар:

- Воведување нов логички дизајн на статистичкиот деловен регистар за подобрување на неговата функционалност.

Обезбедување краткорочни статистички податоци во согласност со Регулативата 1165/98:

- Подобрување на краткорочните статистики – подготовка за воведување на регулативата ФРИБС (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Воведување на истражувањето Сателитски сметки во туризмот (продолжува и во среднорочни цели).

Хармонизација на статистиката на надворешната трговија со услуги:

- Подобрување на статистиката на надворешната трговија со услуги согласно со ФРИБС- регулативата (продолжува и во среднорочните приоритети).

Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулативата на ЕУ 250/2009:

- Подобрување на сетот белези за деловните субјекти и податоците за демографија на претпријатијата (продолжува и во среднорочните приоритети).

# СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## Тековна состојба

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на растителното и добиточното производство, рибарството, цените и економските сметки во земјоделството со регулативите на ЕУ.

Врз основа на Регулативата 2018/1091 на ЕК беа подготвени методологиите и прашалникот за структурното истражување за земјоделските стопанства и беа завршени другите подготвителни активности. Но, поради ширењето на пандемијата со Ковид-19, истражувањето ќе се спроведе во текот на 2021 година.

Инструментот за прибирањето податоци за рибарството е целосно усогласен со Регулативата 762/2008 на ЕК, како и со потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Примената започна во 2021 година.

## Краткорочни приоритети

Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето одлуки за развој на земјоделскиот сектор:

- Спроведување на Структурното истражување за земјоделските стопанства.
- Понатамошно хармонизирање на статистиката за месо во согласност со Регулативата 1165/2008.

## Среднорочни приоритети

- Понатамошен развој на економските сметки во земјоделството со вклучување пресметки за цената на земјоделското земјиште и наемнините (среднорочен приоритет).
- Обезбедување повисок квалитетна административните податоци
- Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделството
- Подобрување на усогласеноста на статистиката на земјоделство со европските стандарди.

# СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## Тековна состојба

Подобрувањето на квалитетот на изворите на податоци за пресметка на даноците за животната средина и трошоците за животната средина и унапредувањето на сметките за животната средина беа основни приоритети во доменот на статистиката на животната средина.

## Краткорочни приоритети

Обезбедување податоци за следење на статистиката на животната средина:

- Развој на инструментите за прибирање податоци за користење на водата во сите сектори од НКД (продолжува и во среднорочните приоритети).

## Среднорочни приоритети

Обезбедување релевантни податоци за користењето на водата во сите сектори од НКД.

- Воведување сметки за емисија на гасови
- Воведување сметки на физички енергетски текови
- Развивање сателитски сметки за определени статистики.

# МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

## Тековна состојба

Во текот на наведениот период, ДЗС се посвети на активностите во областа на макроекономските статистики, со посебен акцент на владината финансиска статистика (GFS, Government Finance Statistics) и нотификациските табели за прекумерен дефицит (Excessive Deficit Procedure, EDP notification table).

Во текот на 2020 година, во април и октомври се подготвени и испратени ЕДП-нотификациските табели за периодот 2016 – 2019 година. Во април е испратен и Прашалникот за јавните претпријатија контролирани од државата и класифицирани надвор од секторот Држава, за 2018 година.

Одговорено е на барањето на Евростат за потврдување на податоците пратени во април и октомври. За прв пат се подготвени и испратени прашалниците во врска со ЕДП-нотификациските табели, и тоа во април од 1 до 3, а во октомври од 1 до 5. Во октомври се подготвени објаснувачки белешки и истите се доставени до Евростат.

Во рамките на проектот ГФС-ЕДП, до Евростат се доставени трансмисиските табели ЕСС 2010 за секторот Држава и Националната листа на даноци за периодот 2011 – 2016. Табелите се ревидирани согласно пресметковниот метод за даноците. Ревидиран е и пратен до Евростат методолошки документ за изворите и методите за составување на годишните национални сметки за секторот Држава по потсектори и ЕДП-статистиките во согласност со ЕСС 2010.

Во текот на 2019 година, во рамките на проектот за секторските сметки, направена е трансмисија на секторските сметки преку SDMX-NA-стандардите за трансмисија за периодот 2014 – 2016 година врз експериментална основа. Подготвен е методолошки документ за изворите и методите за составување на сетот секторски сметки (ASA Inventory).

Како резултат на тоа се направени повеќе методолошки подобрувања согласно со методологиите на ЕУ и истите се вклучени во тековните пресметки.

Во изминатиот период се интензивираа активностите за надградба на складиштето на податоци за националните сметки и табелите на понуда и на употреба и тие се завршени согласно планираните рокови.

Во текот на 2020 година, податоците за БДП на годишно ниво и податоците за составување на табелите за понуда и употреба за 2018 година - дефинитивни и за 2019 година - беа подготвени преку складиштето на податоци за националните сметки. Се изврши ажурирање на податоците за 2018 година со дефинитивните резултати.

Континуирано се испраќаат податоци за клучните табели според Програмата за трансмисија на податоци ЕСС 2010 на Евростат (табелите со главните агрегати и табелите по гранки, агрегирани на ниво на сектор, се подготвени и доставени до Евростат во согласност со Регулативата бр. 549/2013).

Податоците од табела 302 – Инвестиции во основни средства за серија 2000 – 2018 година, беа валидирани. Серијата за табела 302 – Инвестиции во основни средства се ажурираше со дефинитивни податоци за 2018 и претходни податоци за 2019 година и беше подготвена за трансмисија до Евростат.

Со овие податоци, освен што се обезбедува меѓународна споредливост, истовремено се создава поадекватна основа за анализа од носителите на макроекономските мерки и политики.

Во тек е подготовката на серија податоци за регионален БДП во серија 2000 – 2008, според НКД, рев. 2.

Во насока на подобрување на трошочните категории на БДП се работеше на подобрување на тримесечните податоци за НПИСД (Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата) во рамките на ИПА2015 и на подобрување и дополнување на влезните податоци во моделот за серија од 2016 година до четвртото тримесечје од 2019 година. Се работи на продолжување на серијата и анализа на податоците за нивна интеграција во тримесечните пресметки на БДП.

Во текот на 2020 година беше направена преработка на податоците за софтверот за сопствена употреба согласно резултатите од Анкетата за структура на заработувачката за 2018 година.

Табелите за понуда и за употреба за 2017 година, во согласност со ЕСС 2010 -дефинитивни податоци се подготвени, објавени и испратени во Евростат.

Подготвени се експериментални табели на понуда и на употреба по постојани цени за  периодот 2012 – 2017 година и продолжи тековната употреба од аспект на можноста за нивна интеграција во националните сметки.

Подготвени се и испратени во Евростат табелите (Т1001 и

T1002) за компонентите на БДП по дејности според НКД, рев.2 на национално ниво, за 2018 година - дефинитивни податоци и за 2019 година - претходни податоци.

Подготвена е и испратена до Евростат табелата Т1200 за компоненти на БДП по дејности на НКД, рев.2 на регионално ниво, за 2018година - дефинитивни податоци.

Во текот на 2020 година, постигнато е унапредување на методата за пресметка за регионализација на БДП, вработените и инвестициите во основни средства. Користениот метод за регионализација Top-down заменет со методот Bottom-up, во зависност од расположливите административни и статистички податоци на регионално ниво.

Пресметани се и публикувани претходни податоци за бруто-домашниот производ и инвестициите во основни средства за 2019 година.

Продолжи реализацијата на проектните активности од повеќекорисничката програма ИПА 2017.

## Краткорочни приоритети

Имплементирање на СНС 2008 (System of National Accounts, SNA 2008) и ЕСС 2010 (European System of Accounts, ESA 2010):

- Подготовка на податоци за табели според програмата ЕСС 2010 за доставување податоци до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подобрување на трошочните категории на БДП и пресметка на додадената вредност на тримесечно ниво за периодот 2000 – 2019 година (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на годишните секторски сметки во согласност со ЕСС 2010 за периодот 2008 – 2019 година (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на податоци за главните агрегати на БДП, годишни и тримесечни, за серијата 1995 – 1999 (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Истражување на изворите на податоци, анализа и подготовка на податоците за основните средства како дел од трансмисиската програма на Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).

Подготовки за составување нотификациски табели (Excessive Deficit Procedure – EDP tables):

- Подготовка и подобрување на квалитетот на табелите според Процедурата за прекумерен дефицит користејќи ја методологијата на Евростат за дефицит и долг (продолжува и во среднорочните приоритети).

Подобрување на квалитетот на податоците во табелите за понуда и за употреба и инпут-аутпут табелите според ЕСС 2010:

- Подобрување на пресметките на табелите на понуда и на употреба по постојани цени (продолжува и во среднорочните приоритети).

Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво:

- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Разграничување на бруто-инвестициите во инвестиции во основни средства и промени на залихите на тримесечно ниво (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подобрување на воспоставеното складиште на податоци за изготвување на националните сметки и табелите на понуда и на употреба (продолжува и во среднорочните приоритети).

## Среднорочни приоритети

Подобрени пресметки на БДП според расходниот метод по тековни и по постојани цени:

- Пресметки за средствата на вработените на регионално ниво.

# МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

## Тековна состојба

### Државен завод за статистика

За време на набљудуваниот период, од ТЕК-податоците (стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата) за референтната 2018година, со почитување на сите методолошки правила за обработка и активна доверливост, беше објавено соопштение и базата МакСтат е ажурирана со нови табели.

Изработени се методолошки правила за истражувањето Стоковна размена според фактурна валута, согласно со метаподатоците и методолошките правила и објавени се податоци во базата на податоци МакСтат.

Во насока на приближување на националниот систем со системот на правила на ЕУ, контролата на податоците е подобрена со воведување нови контроли, при што соодветно е надградено упатството за контрола на податоците. Индексите на единица вредност - финални податоци за соодветен референтен период се обработени и објавени во базата МакСтат со почитување на новите контроли на податоци.

## Краткорочни приоритети

### Обезбедување краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија

- Доставување на податоците за стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата во SDMX-формат (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Доставување месечни детални податоци за стоковна размена според DOC MET 400 за земјите кандидати (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Доставување годишни детални податоци за стоковна размена според фактурирана валута според DOC MET 1084 (продолжува и во среднорочните приоритети).

### Министерство за финансии

Претставници од Министерството за финансии учествуваа во работни групи и комисии основани од Државниот завод за статистика и Народната банка во насока на унапредување на статистиката и хармонизација со европските стандарди.

Министерството за финансии достави бази на податоци (од Трезорскиот информациски систем) до Државниот завод за статистика и Народната банка за потребите за изготвување на нефинансиската и финансиската сметка за секторот Држава (Буџет на Северна Македонија и единици на локалната самоуправа), како и бази на податоци (од Трезорскиот информациски систем) за потребите за пресметување на приходите и расходите со пресметковниот метод за секторот Држава.

Во јули 2020 година беше одржана онлајн мисија во рамките на регионалниот проект за имплементирање на владините статистики (Government Finance Statistics-GFS / European System of Accounts-ESA) финансирана од Швајцарскиот економски секретаријат – SECO.

## Народна банка

Во 2020 година, Банката презема низа активности за понатамошно усогласување со меѓународните и статистичките стандарди на ЕУ.

Во областа на статистиката на финансиските сметки, во текот на 2020 година континуирано се работеше на унапредување на методологијата и квалитетот на годишните податоци (состојби). Притоа, постигнат е адекватен квалитет на податоците и применетата методологија (согласно со ESA 2010), што овозможи нивно објавување на крајот на 2020 година, кога на интернет-страницата на Народната банка се објавија податоци за финансиските сметки, состојбите, временската серија за период 2013 – 2019 година, заедно со методолошките појаснувања.

Дополнително, согласно со препораките од: а) Техничката мисија на ММФ во областа на финансиските сметки, б) твининг проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на НБРСМ во процесот на пристапување во ЕСЦБ", в) Проектот на ММФ за унапредување на статистиката на секторот Држава со ММФ и ДЗС, Народната банка прави напори за унапредување на изворите на податоци и методологијата за составување квартални финансиски сметки и годишни текови. Имено, во април и октомври 2020 година, до ДЗС беа доставени податоци за тековите на финансиските сметки на секторот Држава за периодот 2016 – 2019 година, по потсектори, како инпут за ЕДП-нотификациските табели, со унапредена методологија и опфат кај одредени финансиски инструменти. Новата унапредена методологија е применета и кај податоците за финансиски сметки, кои во декември 2020 година бидат доставени до Евростат (за периодот 2013 – 2019 година) и води кон понатамошно усогласување со ЕСА 2010.

Во областа на екстерните статистики се работеше на збогатување на расположливите податоци. Подготвени се извештаите за доходот од директни инвестиции по земји и дејности и за директни инвестиции по географски и економски зони, согласно со барањата на BoPVademecum и истите се доставени до Евростат, со што се постигна натамошно усогласување на статистиката на директните инвестиции со барањата на ЕУ. Имено, на 30 септември 2020 година до Евростат за прв пат се доставени табелите 4.2; 4.3 и 5.2 од BoPVademecum според деталните барања за дисеминација на податоците по земји и дејности.

Согласно определбата за збогатување на сетот податоци што се доставуваат до ММФ во рамките на Координираниот прашалник за портфолио инвестиции (CPIS), во текот на 2020 година беа изработени податоците од табелите 5 и 6 за портфолио инвестиции средства, по земја и сектор на нерезидентен издавач и по сектор на нерезидентен издавач и резидентен инвеститор, за одредена група земји. Во октомври 2020 година овие податоци се објавија на интернет-страницата на Народната банка и истите се доставени до ММФ. Во рамките на CPIS, Народната банка учествуваше и во пилот-проектот за прва годишна размена на податоци за секторот на издавачите на хартии од вредност.

Во рамките на проектот за подготвување на предлог-методологија за приватни трансфери изготвен е документ кој беше презентиран на Конференција за екстерни статистики, која се одржа во Лисабон, во јануари 2020 година. Се работеше и на утврдување и разгледување прифатливи алтернативни решенија за процена на нерегистрираниот извоз на стоки и услуги, сивата економија, туризмот, патувањата и друго. Дополнително, интензивирана е

соработката со ДЗС за потребите на ИПАпроектот Меѓународна трговија со услуги. За потребите на овој проект, во октомври 2020 година е склучен Анекс 4 кон Договорот за размена на податоци со ДЗС, врз чија основа до ДЗС се доставени детални податоци за ставката услуги од платниот биланс.

Во областа на монетарната статистика, во рамките на долгорочниот проект за воспоставување интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата ИСИДОРА, преземени се повеќе активности поврзани, пред сè, со унапредувањето на концептуалното решение за користењето на податоците од кредитниот регистар за потребите на статистиката и негово идно надградување за извештајните потреби на Народната банка во целина. Активностите кај овој проект се реализираат со забавена динамика, со оглед на комплексноста на проектот и потребите за промени што се јавуваат во текот на изготвувањето на концепциското решение. Дополнителна потврда на начинот и содржината на идното известување се очекува со проектот на ИПА „Јакнење на капацитетот на централните банки од Западен Балкан во интеграцијата со ЕСЦБ" во рамките на договорените активности со експертите од Централната банка на Португалија, кои се одложени за наредниот период поради состојбата со Ковид-19.

Во областа на статистиката за хартиите од вредност, продолжија започнатите активности за софтверско поврзување на сите расположливи бази на податоци за тргувањата со хартиите од вредност во земјата и во странство. Со унапредувањето на оваа статистика се создаваат предуслови за збогатување на изворите на податоци и подобрување на квалитетот на статистиката на финансиските сметки.

# Краткорочни приоритети

## Народна банка

### ЕКСТЕРНИ СТАТИСТИКИ

Натамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (БПМ6) и барањата содржани во Регулативата на ЕУ бр. 555/2012 за статистиката на платниот биланс, меѓународната трговија со услуги и странските директни инвестиции:

- Активности за унапредување на методологијата за пресметка на секундарниот доход – разгледување прифатливи алтернативни решенија за процена

на вистинскиот износ на приливите од дознаки од странство и процена на нерегистрираниот извоз на стоки и услуги; утврдување нова предлог-методологија за билансот на плаќања во делот на приватните трансфери (продолжува и во среднорочните приоритети) ;

- Активности поврзани со ИПАпроектот на ДЗС за Меѓународна трговија со услуги, како главен носител на активностите;
- Приспособување на изворите на податоци за екстерни статистики во услови на натамошна либерализација на капиталните трансакции со нерезиденти и примена на ЕУ регулативите за платежни услуги и платни системи (продолжува и во среднорочните приоритети).

## МОНЕТАРНА СТАТИСТИКА

Натамошно приспособување на монетарната статистика (статистика на билансни шеми и статистика на останати финансиски институции) и на статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ кои се однесуваат на изготвувањето билансни шеми на секторот на монетарно-финансиски институции (ЕCB/2013/33), каматните стапки (ЕCB/2013/34), статистиката на средствата и обврските на инвестициските фондови (ЕCB/2013/38), осигурителните друштва (ЕCB/2014/50) и пензиските фондови (ЕCB/2018/2):

- Активности во рамките на проектот за воведување интегриран систем за известување на податоци за статистички и супервизорски цели (ИСИДОРА), во согласност со препораките на ЕЦБ и новите регулативи на ЕУ за статистиката на билансните шеми и статистиката на тековите, како и новите барања од ЕСА 2010. Изработка на концепт за приемот на монетарните податоци, подготовка на шифрарници, формални и логички контроли, методологии, законски и подзаконски акти (продолжува и во среднорочните приоритети).

## ФИНАНСИСКА СТАТИСТИКА

Развој на статистиката на финансиските сметки во согласност со СНС 2008 и ЕСС 2010:

- Унапредување и редовно изготвување на годишните финансиски сметки (состојби) за сите сектори/потсектори во националната економија (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Изготвување на експериментална верзија на годишните секторски финансиски сметки (текови), иницијалните квартални финансиски сметки, неконсолидираните и консолидираните податоци (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Редовни работни средби на работните групи за СФС и ЕДП, како и активности во рамките на проектот за унапредување на владините статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Техничка помош од ММФ – експертска мисија за оценка на финансиската сметка, состојби и трансакции.

## СТАТИСТИКА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

- Завршни активности за развој на апликативен софтвер и изготвување извештајни табели за ХВ, за потребите на статистиката на финансиските сметки и екстерните статистики. Подготовка на извештајни табели за показателот „вложувања во должнички хартии од вредност”, согласно со барањата на стандардот СДДС плус.

# ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со спроведувањето на новиот документ за политиките за јавна внатрешна финансиска контрола и националната стратегија за борба против измама. Препораките за подобрена внатрешна контрола и ефективно следење на надворешната ревизија допрва треба да се спроведат. Финансиската инспекција сѐ уште не е ефикасна. Независноста на Државниот завод за ревизија (ДЗР) сѐ уште не е уставно загарантирана. Бидејќи не беа спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

- да обезбеди подобрена раководна одговорност и транспарентност преку ефективно спроведување на стандардите за внатрешна контрола во процесите на управување со организациите од јавниот сектор;
- да го подобри квалитетот на надворешната ревизија и проследувањето на препораките на ДЗР од страна на Владата и Собранието;
- да ја зајакне улогата на Службата за координација на борба против измами (АФКОС), да ја воспостави мрежата АФКОС и да го подобри управувањето со неправилностите преку Системот за управување со неправилности.



# Резиме

Развојот на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, преку создавање стабилен и ефикасен систем на финансиско управување и контрола,како и внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор ќе продолжи и во наредниот период со спроведување на Политиката за внатрешната  финансиска контрола во јавниот сектор (со Акциски план за периодот од 2019 до 2021 година).

Системот на финансиското управување и контрола ќе се зајакнува преку подобрување на односот помеѓу стратешкото планирање и планирањето на ресурсите, зајакнување на децентрализираната раководна отчетност вклучувајќи и делегирање на одговорности за донесување одлуки, ефикасно управување со ризиците, зајакнување на контролните активности во финансиското управување и подобрување на известувањето, комуникацијата и мониторингот.

Заради подобрување на ефикасноста на внатрешната ревизија ќе се преземат мерки за навремено спроведување на препораките од внатрешната ревизија, како и преку заокружување на процесот на национална сертификација на внатрешните ревизори.

# ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

## ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

### Тековна состојба

Продолжи со реализација ИПА твининг проектот „Зајакнување на буџетското планирање, извршување и функциите на внатрешната контрола", со фокус на зајакнување на системот на јавната внатрешна финансиска контрола преку ефикасно спроведување на Политиката за Јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК). Поради пандемијата предизвикана од COVID 19, со цел прилагодување на временските рамки Централната единица за хармонизација во соработка со експертите вклучени во твининг проектот подготви Извештај со анализа и препораки за подобрување на Акциониот план за периодот од 2019 до 2021 година од Политиката на ЈВФК.

Изготвен е Нацрт - Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор кој е усогласен со новиот Закон за буџети и објавен на ЕНЕР. Беше организирана тркалезна маса за презентација на Нацрт - Законот пред релевантните засегнати страни. Законот е доставен до Собрание и помина на три парламентарни комисии.

Заради понатамошно унапредување на структурата, обемот и влијанието на годишниот извештај за ЈВФК, изготвен е Нацрт-правилник за формата и содржината на извештаите, акционите планови и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли за Годишниот извештај на ЈВФК.

Со цел обезбедување континуирани обуки за јавни финансии (вклучувајќи ја и ЈВФК) во рамки на Твининг проектот започнаа активности за основање на Академија за јавни финансии. Формирана е работна група за координација на активностите за воспоставување на академијата која ќе изготви анализа и ќе предложи модел за организација на Академијата за јавни

**финансии.** Нацрт законот е изготвен, добиено е мислење од Секретаријатот за законодавство, но се очекуваат мислења од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за образование и наука.

Централната единица за хармонизација во април 2020 година објави „Насоки за работа на единиците за внатрешна ревизија од јавниот сектор во Република Северна Македонија во услови на вонредна состојба предизвикана од COVID -19".

Во август 2020 година, Владата го усвои Годишниот извештај за функционирањето на системот ЈВФК за 2019 година

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Во 2021/2022 година, ќе продолжи реализацијата на планираните активности во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола", согласно Акцискиот план на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии (2018 - 2021) и Акцискиот план од Политиката за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор (2019 - 2021).

Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ќе се донесе од Собранието во вториот квартал на 2021 година.

По донесување на Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор во 2021/2022 година ќе бидат донесени неколку подзаконски акти и тоа:

- Правилник за начинот на примена на раководната отчетност и принципите за делегирање на надлежностите и одговорностите при спроведување на клучните процеси на управување со финансиите;

- Правилник за содржината на рамката за воспоставување и развој на системот за внатрешна контрола и компонентите на внатрешната контрола;
- Упатство за начинот на спроведување преглед на квалитетот на финансиското управување и контрола;
- Прирачник за финансиско управување и контрола;
- Правилник за начинот на извршување на работите од надлежност на организационата единица за финансиски прашања;
- Програма за обука за финансиско управување и контрола;
- Правилник за формата и содржината на уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Правилник за спроведување обука и испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор;
- Програма за спроведување обука и испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор;
- Правилник за континуирано професионално усовршување на внатрешните ревизори.
- Прирачник за внатрешна ревизија;
- Етички кодекс за внатрешни ревизори;
- Упатство за подготовка на Програма за обезбедување и унапредување на квалитетот на внатрешната ревизија;
- Упатство за вршење проверка на квалитетот на активностите на внатрешна ревизија;
- Упатство за работа на ревизорскиот комитет;
- Правилник за формата и содржината на извештаите, акциските планови и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли од годишниот извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор;
- Упатство за начинот на воспоставување и одржување на регистар на единици за внатрешна ревизија и внатрешни ревизори во јавниот сектор;
- Упатство за начинот на воспоставување и одржување на регистар на овластени внатрешни ревизори за јавниот сектор;

- Упатство за начинот на воспоставување и одржување на регистар на единици за финансиски прашања раководители на единици за финансиски прашања;

## Институционална рамка

Во 2021/2022 година, согласно „Политика за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор", а рамки на твининг проектот, во четири пилот министерства ќе се работи на унапредување на врската меѓу стратешкото планирање и планирањето на ресурсите, преку воспоставување/подобрување на каскадниот модел на цели во стратешките и годишните планови. Дополнително, во четири пилот институции ќе се унапредува ефикасноста на контролните активности во финансиското управување, а резултатите на јавен настан ќе бидат промовирани пред другите институции од јавниот сектор. Едновремено, во два субјекти од јавниот сектор, Централната единица за хармонизација ќе спроведе проверки на квалитетот на работењето на единиците за внатрешна ревизија и квалитетот на финансиско управување и контрола. Ќе се изготви проценка и препораки за начинот на организација на Школата за јавни финансии и ќе бидат спроведени обука и испит за национална сертификација на внатрешните ревизори

Во текот на 2021 година ќе започне подготовка на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии (2022 - 2027), која ќе биде донесена во почетокот на 2022 година. Ќе започне со работа Школата за јавни финансии. Се планира зајакнување на човечките ресурси во Централната единица за хармонизација.

## Среднорочни приоритети

Во периодот од 2023 до 2025 година ќе продолжи имплементацијата на **Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии (2022 - 2027)**, која во делот на внатрешната контрола ќе биде насочена кон понатамошно подобрување на односот меѓу стратешкото планирање и планирањето на ресурсите, понатамошно подобрување на ефикасноста на контролните активности во финансиското управување, зајакнување на проверките на квалитетот на работењето на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија, како и кон јакнење на работата на Школата за јавни финансии.

### Странска помош

Во периодот од 1-ви февруари 2020 до 1-ви февруари 2023 година ќе се реализира Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола" финансиран од ЕУ во износ од 3.700.000 евра, со фокус на компонентата насочена кон зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување на Политиката за ЈВФК.

# ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година финансиската инспекција во јавниот сектор континуирано работеше на воспоставување функционален систем на финансиска инспекција во јавниот сектор и тековно извршување на инспекциски надзор согласно добиените пријави. Се одржаа неколку обуки за вработените во финансиска инспекција со цел јакнење на капацитетите.

Со поддршка на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола" беше спроведена сеопфатна анализа на законската рамка за финансиската инспекција, а спроведена е и компаративна анализа на искуствата на МФ и најдобрите ЕУ практики во Хрватска, Бугарија и Словенија. Врз основа на претходно спроведени анализи, се подготви нацрт Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

За зајакнување на улогата на финансиска инспекција во 2021/2022 година ќе се донесе нов закон за Финансиска инспекција во јавниот сектор, како и подзаконски и други акти (методолошки алатки процедури/оперативни упатства/насоки), а ќе се воспостави и нов концепт за лиценцирање на финансиските инспектор.

## Институционална рамка

Во 2020 година, согласно „Политика за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор”, а во соработка со Твининг проектот ќе се операционализира постапката на спроведување испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор со развој и воспоставување на концепт за стекнување лиценца за финансиски инспектор (прирачници за обука, наставен план и програма/насоки за испит) и подготовка на програма и организирање испит за сертификација на финансиските инспектори. Дополнително, ќе се спроведат три пилот финансиски инспекции врз основа на новата правна рамка и методолошки алатки.

## Зајакнување на институционалните капацитети на Министерството за финансии

Во 2021-2022 година ќе се спроведат активности во насока на зајакнување на административниот капацитет на Финансиската инспекција во јавниот сектор и на АФКОС.

# Среднорочни приоритети

Во 2023-2025 година, ќе се спроведат неколку мерки за зајакнување на финансиската инспекција. Ќе се изготви План и Програма за континуирана обука за вработените од Секторот за финансиска инспекција во јавен сектор за секоја година. Ќе се обезбеди континуитет во постапката на спроведување испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор. Ќе се обезбеди целосна и доследна примена на аналитичките и инспекциските техники и алатки за финансиска инспекција во јавен сектор во пракса и ќе се собираат и обработуваат статистички податоци за мониторинг, мерење и оценка на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор, согласно новите методолошки алатки. Ќе се зајакнат административните капацитети во секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

## Странска помош

Активностите на финансиската инспекција ќе се реализираат во рамки на компонентата 2 од твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола” - Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување на Политиката за ЈВФК.

# ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА

## Тековна состојба

Продолжи спроведувањето на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија (ДЗР) 2018-2022 и ИТ Стратегија на ДЗР 2018-2022. Во текот на 2020 година ДЗР презеде конкретни активности за подобрување на стратешкиот пристап во работењето и усвои Комуникациска стратегија 2020-2023, Стратегија за управување со ризици 2020-2023, Регистар на ризици и Стратегија за управување со човечки ресурси 2020-2023. Во јули 2020 ДЗР донесе Упатство за стратешко и годишно планирање на ревизиите, а во ноември донесе Одлука за определување на стратешки цели за ревизии на ДЗР за 2021 – 2023 година, како и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, како основа за подготовка на стратешкиот план на ДЗР за 2021-2023 година. Во ноември 2020 ДЗР донесе нов Правилник за начинот на вршење на државната ревизија кој ги опфаќа сите фази на ревизијата (планирање, извршување, известување за извршената ревизија и следењето на преземените мерки по дадените препораки содржани во конечниот извештај). Во насока на подобрување на квалитетот на надворешната ревизија во февруари 2020, ДЗР потпиша Меморандум за соработка со Геолошки завод, а во јули со Институтот на овластени ревизори.

За подобрување на квалитетот на ревизиите и јакнење на институционалниот капацитет на ДЗР, во септември 2020 година се донесени нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места. Бројот на извршители се зголеми во 2020 година и изнесува 89.

Поради предизвиците настанати поради пандемијата предизвикана од коронавирусот, во Годишната програма за 2020 година ДЗР вклучи и две ревизии кои се однесуваат на доделување на договори за јавни набавки, спроведени за целите на спречување и заштита од пандемијата.

Користењето на софтверот за управување со ревизијата го олесни извршувањето на ревизиите, го подобри нивниот квалитет и надзорот и следењето на спроведувањето на препораките содржани во ревизорските извештаи. Извршената анализа на состојбата на информатичката технологија во ревизијата и процесите во ДЗР, укажа потреба од набавка на соодветна информатичка опрема и софтверски апликации и лиценци неопходни за квалитетно и навремено извршување на

ревизиите. ДЗР досега користи компјутерски потпомогнатите ревизорски техники, односно поседува шест лиценци на IDEA софтвер за анализа на податоци. Во тек е постапка за набавка на две нови лиценци на IDEA софтвер со подобри функционалности за анализа на податоците. Во 2020 година набавени се дополнителни петнаесет лиценци на софтвер за канцелариско работење (MS officePlus 2019), како и 4 лиценци на софтвер MS Visio 2019 и една лиценца CorelDRAW 2020 кои се користат во процесот на ревизија и во делот на визуелизација на ревизорските резултати.

Комуникациската стратегија на Државниот завод за ревизија за 2020 – 2023 година со која се дефинира начинот на комуникација со засегнатите страни и обезбедување на зголемен пристап до информациите кои ги генерира ДЗР, служи како основа за преземање активности за подобрена комуникација со засегнатите страни (новинари, медиуми, портали, дневни весници, неделни списанија, НВО и други истражувачки лаборатории/истражувачки новинари). Со цел резултатите од спроведените ревизии на ДЗР да бидат подостапни за засегнатите страни промовирана е нова веб-страница[62]. Едновремено, зголемена е базата на засегнати страни (која во моментов изнесува над 180), со што секој објавен Конечен ревизорски извештај (КРИ) истовремено стасува до сите засегнати страни. Со цел олеснето разбирање на КРИ, во содржината се воведе и Апстракт кој дава сублимирани клучни информации за субјектот предмет на ревизија, утврдените состојби, дадени ревизорски мислење (по принципот на семафор), клучни препораки, утврдените системски слабости итн.

62 https://dzr.mk

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе продолжат активностите за унапредување на соработката меѓу ДЗР и Собранието, согласно Меморандумот за соработка и активностите поддржани од ИПА твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор”, за изнаоѓање на формален механизам за разгледување на поединечните ревизорски извештаи. Ова ќе придонесе кон поголема транспарентност и отчетност во користењето на јавните средства, како и преземање мерки за имплементација на препораките од ревизорските извештаи.

Ќе се работи на подобрување на законската рамка за зајакнување на уставната, финансиската и оперативната независност на ДЗР. Ќе се подготви и предложи нов Закон за државната ревизија кој ќе биде усогласен со Меѓународните стандарди на ВРИ и меѓународната прифатена пракса. Во

исто време, ќе ревидираат методолошките акти и начинот на пишување на ревизорските извештаи и нивно комуницирање со надлежните институции.

## Среднорочни приоритети

Во периодот 2023-2025 година ќе се зајакнат оперативните, административните и функционалните капацитети на ДЗР. Ќе продолжи спроведувањето на Твининг проектот за зајакнување на правната рамка и постигнување ефикасен и континуиран развој на институционалните капацитети за државна ревизија, вклучувајќи го и парламентарниот надзор на субјектите предмет на ревизија.

За да се обезбеди непречено функционирање на ИТ инфраструктурата, како и на системот за управување со процесот на ревизијата (Audit Management System - AMS) и системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, ДЗР континуирано ќе спроведува набавки на информатичка опрема и ќе ја надградува компјутерската техника која ќе користи за ревизија, како и софтверските апликации за управување со ревизијата и анализа на податоците од кои се генерираат од финансиските извештаи.

## Програми и проекти

Спроведувањето на препораките за подобрување на ревизорските процеси и институционалните капацитети на ДЗР, како и за зајакнување на соработката со Собранието ќе бидат основа на Твининг проектот „Зајакнување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор", финансиран од фондовите на ЕУ преку програмата IPA 2018 во износ од 1,5 милиони евра. Проектот ќе започне со реализација во 2021 година и ќе се спроведува 24 месеци, во соработка со ВРИ на Хрватска и Бугарија. Проектот ќе се фокусира на процедурата за регулирање на уставноста на ДЗР, јакнење на неговата финансиска и оперативна независност, како и воспоставување на редовен и ефикасен механизам за разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието по угледот на европската пракса.

Со поддршка од Владата на Обединетото Кралство и во соработка со фондацијата Westminster Foundation for Democracy (WFD) и Research Institute – RESIS ќе се спроведе нов проект за имплементација на донесената Комуникациска стратегија на Државниот завод за ревизија за 2020 – 2023 година. Фокусот е на јакнење на соработката со медиумите, новинарите и другите засегнати страни, а ќе се спроведат и работилници за јакнење на комуникациските вештини на ревизорите.

# ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## Тековна состојба

Согласно Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2019 - 2022 година, тековно се спроведуваат активности за подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка за заштита на финансиските интереси на ЕУ од страна на релевантните институции.

Продолжи спроведувањето на Акцискиот план 2019-2020 за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија 2019 – 2022. Извршена е анализа на националните правните акти и нивна усогласеност со Директива 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право. Согласно наодите, подготвени се нацрт измени на Кривичниот законик. Извештајот од направената проценка како и нацрт измените на Кривичниот законик се доставени на консултација до Министерство за правда. Подготвен е Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор и спроведувањето на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија во 2019 година и беше усвоен од Владата. Извршена е проценка за реализацијата на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама како и подготвен е ревидиран акциски план за 2020-2021. Во тек се активностите за подготовка на Нацрт-одлука за воспоставување на АФКОС мрежа како и за подготовка на Уредба за воспоставување на институционална рамка за заштита на финансиските интереси на ЕУ. Зајакнати се административните капацитети на Одделението за борба против неправилности и измами на ЕУ средствата – АФКОС. Во текот на 2020 година, АФКОС презеде активности за олеснување на ефективната соработка и размена на информации меѓу институциите во врска со пријавените неправилности, како и за координирање на активностите за подобрување на системот за заштита на финансиските интереси на Европската унија. Обезбедена е асистенција/поддршка на лицата ангажирани од ОЛАФ при извршувањето на контролата на лице место

во земјата. Во однос на пријавувањето на неправилности и измами, националните структури вршат редовно пријавување на неправилности или сомнежи за измами, кои биле предмет на примарен административен или судски наод до ЕК.

Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средства (АФКОС) во 2020 година е целосно оперативно и го координира целокупниот процес на спроведување на стратегијата, учествува на кварталните состаноци за неправилности со структурата за имплементација на ИПА, врши следење на пријавените случаи со неправилности, врши тековна координација на активностите со ОЛАФ и со националните структури и други активности во однос на заштита на финансиските интереси на ЕУ.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во 2021-2022 година, АФКОС ќе продолжи со спроведување на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама и за заштита на финансиските интереси на Европската Унија. Поконкретно, ќе се подготват процедури за работа на АФКОС, ќе донесе Одлука за воспоставување на АФКОС мрежа како и Уредба за воспоставување на институционална рамка за заштита на финансиските интереси на ЕУ. Ќе се ревидира Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија во земјата 2021 – 2024. Постојните закони ќе се усогласат со Директива 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право. Ќе се спроведе обука за националните институции кои учествуваат во заштита од измама на фондовите на ЕУ и ќе се зајакне соработката помеѓу АФКОС и националните контролни/надзорни тела и соработката со ОЛАФ/ЕК. Ќе се зајакнат правниот и институционалниот систем за заштита на националните и финансиските интереси на ЕУ, како и капацитетите за проценка на ризикот од измама преку изготвување на Упатство за проценка на ризик од измами, обука за вработените во телата за спроведување и ревизорите во врска со проценка на ризик од измами и воспоставување на мерки против измама во согласност со годишната проценка на ризикот од измама.

## Институционална рамка

Во 2021 година ќе се работи на подобрување на административниот капацитет на АФКОС.

# Среднорочни приоритети

Во периодот 2023-2025 година ќе се направи преглед на постигнатите резултати од имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија 2021 - 2024 година. Во овој период приоритет ќе биде ревизија на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија 2023 - 2026; подготовка на Годишен извештај за лекции што треба да се научат од случаите на сомнителна измама и неправилности откриени /пријавени на национално ниво и организација на тркалезна маса за презентација на овој документ; и зголемување на свеста за заштита на ЕУ и националните финансиски интереси.

## Институционална рамка

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети на АФКОС, ќе се изврши  сеопфатна анализа на обемот на работа и соодветно ќе се утврди потребата од дополнителни вработувања.

## Странска помош

Во февруари 2020 година започна со реализација ИПА твининг проект „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола”. Во рамки на Компонента 4: „Подобрен систем за заштита на финансиските интереси на ЕУ преку ефикасно спроведување на Националната стратегија против измама за заштита на финансиските интереси на ЕУ” е предвидена поддршка за реализација на активностите во Акцискиот план за спроведување на стратегијата, како и за работењето на АФКОС.

# РЕВИЗИЈА НА СРЕДСТВА ОД ИПА

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, Ревизорското тело за ревизија на ИПА продолжи да ги извршува своите активности за програмскиот период 2007-2013 година согласно ИПА Регулативата 718/2007 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија во рамките на ИПА, а за програмскиот период 2014-2020 година (ИПА II) согласно ИПА Регулативата 447/2014 и Рамковната спогодба во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА II).

Се спроведоа системски ревизии за ИПА II, ревизии на операции за ИПА I и II, ревизија на сметки за ИПА II, следење на отворени наоди, ревизија на затворање на програми за ИПА I, хоризонтална тематска системска ревизија за ефикасноста на управувањето со човечките ресурси во ИПА структурата како и ревизија за верификација на спроведени последователни контроли од страна на АФПЗРР за проекти реализирани со ИПАРД 1 програмата односно проверка дали инвестиционите проекти се сè уште прифатливи и не претрпеле значајни модификации во рок од пет години од конечното плаќање од страна на АФПЗРР.

Во тек е тематска системска хоризонтална ревизија за нивото на апсорпција на ИПА средствата за областите на политики **реформи при подготовка за членство во Унијата и градење на институциите и капацитетите, социо-економски и регионален развој и вработување, социјални политики, образование, унапредување на родовата еднаквост и развивање човечки ресурси и земјоделие и рурален развој.**

До 15 март 2020 година, согласно ИПА II регулативата, подготвени се и доставени Годишни ревизорски мислења и Годишни извештаи за ревизорска активност за 2019 година за програмите од областа на политика 1 – Реформи при подготовка за членство во Унијата и градење на институциите и капацитетите, област на политика 2 - Социо-економски и регионален развој, област на политика 3 – Вработување, социјални политики, образование, унапредување на родовата еднаквост и развивање човечки ресурси до Европската Комисија – ГД НЕАР, Владата и копија до НИПАК и НАО. За област на политика 4 – Земјоделие и рурален развој, по претходно одобрување од ГД АГРИ, на 1 април 2020 г. доставени се Годишни

ревизорски мислења и Годишни извештаи за ревизорска активност за програмите од областа на политика 4 како и Збирен ревизорски извештај за проверка на функционирањето на системот на спроведување на последователни контроли во АФПЗРР за проекти финансирани од ИПАРД 1 и Ревизорски извештај и Ревизорско мислење за комплетноста и точноста на финансискиот извештај за долгови и проекти финансирани од ИПАРД 1, до Европската Комисија – ГД АГРИ, Владата и копија до НИПАК и НАО. За област на политика 5 – Регионална и територијална соработка издаден е Годишен контролен извештај од страна на одговорните ревизорски тела во Бугарија, Србија и Грција.

Во рамки на ИПА I, завршена е ревизија на затварање на НП 2012 и во периодот април-јули 2020 година, издаден е Завршен ревизорски извештај и Завршно ревизорско мислење за НП 2012, како и измена и дополнување на истите и доставени се до ГД НЕАР и Надлежен координатор за акредитација.

**Во периодот јуни/јули 2020 година, имајќи ја предвид состојбата предизвикана од коронавирусот, Ревизорското тело за ревизија** на ИПА пристапи кон измени и дополнувања на тригодишните ревизорски стратегии 2020-2022 за ревизија на програми од Област на политика 1 - Реформи при подготовка за членство во Унијата и градење на институциите и капацитетите, област на политика 2 - Социо-економски и регионален развој, област на политика 3 - Вработување, социјални политики, образование, унапредување на родовата еднаквост и развивање човечки ресурси и Област на политика 4 – Земјоделие и рурален развој (ИПАРД II), во насока на промена на рокови и усогласување на претходно планирани ревизии со ризиците кои произлегуваат од новонастанатата состојба. **Измените се во насока на повторно оценување на ризиците и прилагодување на ревизорските активности и временските рокови на новонастанатата состојба.**

Во законски утврдениот рок до 30 ноември 2020 година ажурирани и донесени се тригодишните стратегии за ревизија за периодот 2021-2023 година согласно регулативата за ИПА II

и истите се доставени до ГД НЕАР, ГД АГРИ и до НАО.

За континуирано одржување на функционалната и оперативната независност на Ревизорското тело во вршењето на ревизија на функционирањето на акредитирани системи за управување и контрола со средствата од ИПА, во јануари 2020 година донесен е Стратешки план на РТ за 2020-2022 година, а предлог Стратешки план на РТ 2021-2023 е донесен во јули 2020 година.

Изработени се Нацрт-Стратегија за управување со човечки ресурси и Нацрт Стратегија за комуникација преку кои ќе се постигне јакнење на капацитетите во институцијата како и развој на системот на комуникација, а се со цел поефикасно остварување на стратешките определби и цели на Ревизорското тело. Истите е планирано да бидат донесени до крајот на мај 2021 година.

## Институционална рамка

Во 2020 година реализирано е 1 ново вработување со што бројот на вработени во Ревизорското тело заклучно со ноември 2020 година изнесува 30. Понатамошно јакнење на капацитетите во Ревизорското тело ќе се постигне преку унапредување на вработените.

# Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 и 2022 година Ревизорското тело ќе продолжи со реализација на активностите од тригодишните ревизорски стратегии и обезбедување високо ниво на компетентност и ефективност при извршувањето на ревизиите во согласност со правилата и прописите на Европската унија и релевантните меѓународно прифатени стандарди за ревизија.

Ревизиите и во наредниот период ќе бидат насочени кон целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и годишни финансиски извештаи; ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор; како и кон законитост и регуларност на настанати трансакции.

Ревизорските мислења ќе се однесуваат на веродостојност на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки, како и на законитост и регуларност на расходите и

функционирање на системите за управување и контрола.

Ќе се спроведе понатамошно јакнење на оперативните капацитети и обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело. Ќе се донесе нов Закон за ревизија на програми финансирани од ЕУ согласно ИПА III регулативата и согласно измените и дополнувањата на Законот за административни службеници и на Законот за вработени во јавен сектор. Дополнително, ќе се прилагодат надлежностите на Ревизорското тело согласно барањата на новата регулатива за ИПА III.

## Институционална рамка

Ќе се спроведе понатамошно јакнење на институционалните капацитети и кадровско екипирање на Ревизорското тело.

# Среднорочни приоритети

Ќе се воведе ревизорски софтвер за подобрување на процесот на извршување на ревизиите и зголемување на ефикасноста при вршење на дејноста на Ревизорското тело. Дополнително ќе се зајакнат административните капацитети на Ревизорското тело.

# ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ

## Тековна состојба

Во периодот од 1 јануари до 31 октомври 2020 година, регистрирани се вкупно 98 фалсификувани евро банкноти во различни апоени, што е мало намалување во однос на претходните години. Во ноември 2019 година, Народната Банка потпиша Договор за административна соработка со Генералниот директорат за економски и финансиски прашања на ЕК, со што се официјализира соработката во областа на заштитата на евро монетите од фалсификување и се однесува на размена на технички, статистички и административни информации во врска со фалсификуваните евро монети, техничка помош и обука.

Во октомври 2020 година, Народната банка склучи Договор за соработка со Европската Централна Банка (ЕЦБ) за заштитата на евро-банкнотите од фалсификување. Преку ваквата соработка се овозможува Народната банка уште повеќе да придонесе во справувањето со фалсификувањето на еврото, како централна банка партнер на ЕЦБ. Во насока на понатамошното унапредување на процесот на размена на информации за регистрираните фалсификувани пари во реално време преку on-line пристап, Народната банка ја надгради платформата за овозможување на овој сервис на овластени лица од МВР.

## Краткорочни приоритети

Ќе заврши ревизијата на Стандардната оперативна процедура за постапување на централната канцеларија за истраги во областа на фалсификувањето на пари и истрага за фалсификување на пари. Ќе продолжат активностите во програмата "Pericles 2020". Ќе продолжи реализација на обуките, согласно Националниот план за обука усвоен во рамките на твининг проект, во рамки на кој експерти од Народната банка обезбедуваат редовни обуки за полициските службеници, како и за експерти од други институции вклучени во истраги поврзани со фалсификување пари.

Народната Банка ќе продолжи со спроведување на интензивни обуки за сите вработени во финансиските институции (банки, парични центри) за побрзо, побезбедно и поефикасно откривање на сомнителни банкноти и монети, кога ќе се создадат соодветни услови, имајќи ја предвид состојбата со пандемијата и превентивните мерки кои се преземаат за нејзино сузбивање. Министерството за внатрешни работи ќе изготви техничко решение за реализација на проектот за електронско меѓуинституционално поврзување со Народна банка.

## Среднорочни приоритети

Во периодот 2023 - 2025 година централната канцеларија за истраги во областа на фалсификувањето на пари ќе пристапи кон електронско поврзување на базата со податоци со останатите институции вклучени во борбата против фалсификување на еврото.



# КЛАСТЕР 2



# ВНАТРЕШЕН ПАЗАР



Планираните краткорочни и среднорочни приоритети во **Кластерот Внатрешен пазар** се тесно поврзани и важни за унапредување на законската и институционална рамка исправување со предизвиците кои произлегуваат од пристапот до внатрешниот пазар на ЕУ. Овој кластер ги опфаќа реформите поврзани со четирите основни слободи, вклучително и обврските од ССА - 2 фаза, правилата за интелектуална сопственост, јавното здравје и заштитата на потрошувачите, правото на трговски друштва, финансиските услуги и политиката на конкуренција. Прилагодувањата во овој контекст се особено важни за отстранување на бариерите, и обезбедување услови за економски развој и зајакнување на нашите компании за да можат да се справат со притисокот и да бидат конкурентни на пазарот на ЕУ.

Кластерот внатрешен пазар ги опфаќапоглавјата **(01, 02, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 28)**, со низа стратегии и законодавни реформи вклучително: Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ), Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги, и подобрување на функционалностите на Порталот за е-услуги. Ќе се подготват или изменат системските закони кои ќе се харомизираат со новото законодавство на ЕУ, како што се, Законот за признавање на професионалните квалификации, Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Законот за трговски друштва,Законот за авторското право и сродните права, Законот за индустриска сосптвеност, Законот за контрола на државна помош и Законот за заштита на конкуренцијата, банкарското законодавство и осигурувањето, Законот за заштита на потрошувачите, како и реформските закони во областа на јавното здравје, јакнење на здравствениот сектор и заштита на населението. Исто така, се подготвуваат патокази и стратегии во поединечни поглавја, како и подзаконски акти кои ќе го имплементираат веќе хармонизираното законодавство.

Кластерот Внатрешен пазар е директно поврзан со Кластерот **Темели** - демократски институции и економско владеење, но и сите други кластери: Конкурентност и инклузивен раст, Зелена агенда и одржливо поврзување, Земјоделство, ресурси и кохезија, како и Надворешни односи.

Приоритетите од кластерот Внатрешен пазар се поврзани со **стратешките приоритети** на Владата во однос на забрзан и одржлив економски раст, повисок стандард и квалитет на живеење, креирање на модерна и ефикасна администрација, дигитализација и ефикасно справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19.

Приоритетите се поврзани и со одредени мерки од **ПЕР,** како што се развој на секторот услуги, образование и вештини (услуги, систем на квалификации), деловно окружување и намалување на неформалната економија и реформите поврзани со трговијата.

Од аспект на Инструментот за претпристапна помош **(ИПА-3)**, реформите се поврзани со СП2: Добро владеење, acquis, добрососедски односи и стратешка комуникација и СП5: Територијална и прекугранична соработка.

Стратешките развојни цели на **ОН (СРЦ)** за намалување на сиромаштијата и гладот, **развој на работни места, одржлива потрошувачка и производи, квалитетни здравствениуслуги и образование** достапно за сите се исто така адресирани преку реформите од овој кластер.

Во однос на планираните **финансиски ресурси**, за реформите во овој кластер предвидени околу 450 милиони евра од националниот Буџет и околу 20 милиони евра од ИПА и друга донаторска помош за следните пет години (вклучително и кредити).

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е умерено подготвена за слободно движење на стоки. Националното законодавство кое што дозволува со производите слободно да се тргува е добро утврдено и претежно следејќи го правото на ЕУ. Немаше напредок во однос на препораките од минатата година. Нетарифните бариери во трговијата остануваат и сè уште не се отстранети и капацитетот за надзор на пазарот останува недоволен. Препораките од минатата година остануваат важечки. Во наредната година, Северна Македонија треба:

- да ги зајакне напорите за отстранување на нетарифните бариери во трговијата;
- целосно да се усогласи со Општата директива за безбедност на производите;
- да го зајакне административниот капацитет за спроведување на правна рамка.

# Резиме

Во 2021 година ќе се донесе Закон за техничките барања и оцена на сообразност на производите усогласен со Одлуката 2008/768/ЕЗ. Ќе се донесат и 11 нови правилници акти усогласени со Директивите од новиот приод на законодавството за производи на ЕУ.

До 2023 година целосно ќе се имплементира Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ), преку започнување на исклучива примена на еврокодовите (деветте преостанати мерки), ќе се продолжи со усогласувањето со стандардите на ЕУРЕС, и подготовката за координација на системите за социјално осигурување.



# ОПШТИ ПРИНЦИПИ

## Тековна состојба

На 26 декември 2020 година, стапи во сила новиот Закон за општа безбедност на производите, усогласен со Директивата 2001/95/ЕЗ за општа безбедност на производите.

Во насока на реализација на преостанатите девет мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ), на 2 септември 2020 година Министерството за транспорт и врски донесе Правилник за дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник бр. 211/2020) кој ја пропишува примената на усвоените европски стандарди за проектирање на градежни конструкции (EN 1990-EN 1999) – Еврокодови.

## Краткорочни приоритети

Министерството за транспорт и врски ќе продолжи со преземање активности во насока на целосна имплементација на Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) во насока на исклучива примена на еврокодовите.

## Среднорочни приоритети

На 1 септември 2023 година, по спроведување на потребната едукација на инженерскиот кадар во Република Северна Македонија, ќе започне задолжителна примена еврокодовите. Со ова ќе се постигне целосна имплементација на Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од ДФЕУ.

Регулативата (ЕУ) 2019/515 за меѓусебно признавање на стоки произведени во друга земја членка ќе се транспонира во Уредба за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ.

# ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

## СТАНДАРДИЗАЦИЈА

### Тековна состојба

Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува приближно 21,162 што е 98% од вкупниот број на европски стандарди. Сите усвоени европски стандарди се нотифицирани во ЦЕН/ЦЕНЕЛЕЦ (CEN/CENELEC) и ЕТСИ (ETSI).

Во периодот ноември 2019 година – октомври 2020 година Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (ИС МК) повлече 471 конфликтни стандарди и стандардизациски документи.

Сите донесени национални стандарди се нотифицираат до европските тела за стандардизација, како и до CEFTA земјите согласно член 13.3 (б) од CEFTA Спогодбата.

ИС МК го заврши целиот процес на усвојување на Националните анекси за еврокодовите кои се јавно достапни. Сетот на стандардите од Еврокодовите кои се усвоени со метод на прифаќање (endorsement), заедно со Националните анекси е интегриран од страна на Министерството за транспорт и врски во Правилникот за дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Сл.В бр. 211/2020).

Согласно активната соработка и со цел целосно усогласување со внатрешните правила на европските тела за стандардизација ИС МК донесе второ издание на Статутот, Деловник за работа на Советот и Деловник за работа на Собранието на ИС МК. Следствено, ИС МК ги донесе и потребните правилници, процедури и упатства поврзани со процесот на изработка и усвојување на македонски стандарди, формирање и работа на техничките комитети и заштитата на интелектуална сопственост во областа на стандардизација.

## Систем за управување со квалитет

Во ноември 2020 година е извршена екстерна проверка на ИС МК од страна на сертификациско тело по што Институтот се здоби со сертификат со кој се потврдува примената на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015.

## Краткорочни приоритети

- Воспоставување на сертификациско тело во согласност со новиот стандард МКС EN ISO/IEC 17021-1:2015 за ISO 9001:2015 и вршење на активности за сертификација на системи за менаџмент со квалитет во разни компании;
- превод на македонски јазик на европските стандарди од директивите од новиот приод;
- одржување на постојната ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми; и
- реализација на обуки по стандарди од разни области во зависност од интересот на заинтересираните страни (МКС EN ISO 9001, МКС EN ISO 14001, МКС EN ISO 22000, МКС ISO 45001, МКС EN ISO 15189, менаџмент со човечки ресурси) и обуки за правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација; постапките за подготовка, усвојување на европски, меѓународни и македонски стандарди.

## Среднорочни приоритети

- Одржување на стабилен и ефикасен систем на стандардизација во согласност со македонските национални интереси и европските и меѓународните правила;
- континуитет во реализација на обуки за стандарди од разни области во зависност од интересот на заинтересираните страни;
- одржување и надградба на постојната ИТ инфраструктура;
- вршење на услуги за сертификација од страна на ИС МК како сертификациско тело по стандардот МКС EN ISO 9001:2015.

## Програми и проекти

ИС МК е потписник на FPA (Frameworkpartnershipagreement) со Европската комисија за проекти поврзани со стандардизација. Во тек е реализација на проект за превод на хармонизирани европски стандарди и стандардизациски документи CEN/ CENELEC 2017/2018 и проект: „Вклучување на повеќе тела за стандардизација и национални организации за животна средина во стандардизација од аспект на животна средина 2017-2021".

# АКРЕДИТАЦИЈА

## Тековна состојба

Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИА МК) во рамки на своето работење редовно врши акредитација на тела за оцена на сообразност, но и спроведува редовен годишен надзор за сите доделени сертификати за акредитација. Поради состојбата предизвикана од вирусот КОВИД19 дел од редовните активности се одвиваат со оцена на далечина, согласно усвоениот Протокол за оценување на далечина за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД19. За таа намена е набавен лиценциран софтвер. Бројот на заинтересирани тела е во постојан пораст.

Во 2020 година, со Меѓународниот акредитационен форум потпишано е проширувањето на ИА МК (IAF – MLA MultilateralAgreement) за акредитација на тела за сертификација на системи за управување со безбедност и здравје при работа, за под опсег: Ниво 4: ISO/IEC TS 17021-10 и под опсег:Ниво 5: ISO 45001. Во 2020 година, согласно донесената одлука на Советот за мултилатерален договор на ЕА (ЕА МАС), ИА МК успешно го направи преминот од ISO/IEC 17011: 2004 на ISO/IEC 17011: 2017, врз основа на резултатите од прегледот на документите (опција Б) од извештајот за самоевалуација на ИА МК, како и врз основа на предлог на Групата за управување со ЕА МАС.

## Краткорочни приоритети

- Зголемување на институционалниот и ресурсниот капацитет ИА МК преку:
    - зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти, како и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИА МК;
    - реализација на обуки за оценувачи, водечки оценувачи, потенцијални клиенти и за нови шеми на акредитација;
    - реализација на хармонизација со оценувачите на ИА МК, и
    - зајакнување на капацитетите на техничките комитети на ИА МК;
- учество во работата на комитетите на Европската организација за акредитација (ЕА), Меѓународната соработка за акредитација на лаборатории (ILAC) и Меѓународниот акредитационен форум;
- соработка со телата за акредитација од регионот;
- промоција на системот за акредитација, како и промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИА МКпреку организирање промотивни настани, работилници и издавање на публикации, и
- зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластувањето на телата за оцена на сообразност и нивна техничка поддршка за сите прашања поврзани со акредитацијата.

## Среднорочни приоритети

- Развивање на нови шеми за акредитација, согласно барањата на корисниците и барањата на регулаторите, вклучително и шеми за акредитација на даватели на услуги за тестирање на оспособеност согласно EN ISO/IEC 17043 и акредитација на сертификациони тела за персонал согласно EN ISO/IEC 17024, доколку се појави интерес од заинтересираните страни (ИА МКрасполага со обучен кадар наведените стандарди и доколку појави интерес има основа да ги развие акредитационите шеми);
- проширување на акредитациските активности во нови области;
- зголемување на институционалниот и ресурсниот капацитет на ИА МК;
- зголемување на бројот на акредитирани македонски тела за вршење на оцена на сообразност, кои ќе бидат присутни на домашниот и на меѓународните пазари;
- зголемување на бројот на домашни технички оценувачи и експерти; и
- обуки на оценувачите, како и обуки наменети за потенцијалните клиенти.

# МЕТРОЛОГИЈА

## Тековна состојба



Бирото за метрологија доби акредитација на мобилна лабораторија за испитување на квалитетот на нафтата и нафтените деривати. Акредитирани се методи за тестирање, кои се применуваат при испитување на квалитетот на нафтата и нафтените деривати, во функција на заштита на животната средина и заштита на потрошувачите.

Согласно обврските за транспонирање на Директивата за мерила 2014/32 и Директивата за неавтоматски ваги 2014/31 на национално ниво, Бирото за метрологија изготви, предлог Правилник за мерила и Предлог Правилник за неавтоматски ваги, кои заедно со соодветни кореспондентни табели, беа доставени на мислење до Европска комисија, преку Секретаријатот за европски прашања.

Во делот кој вклучува активности во регионални и меѓународни организации, како и учество во меѓународни проекти, како и проекти на техничка помош, реализирано е:

- Оценска мисија од страна на експерти на ЕУРАМЕТ во рамки на која е извршен надзор над Системот за управување со квалитет, имплементиран во Бирото за метрологија и примената на МКС ISO/IEC 17025:2018;
- Во рамки на ИПА проектот за јакнење на внатрешниот пазар, одобрени се средства за набавка на опрема и техничка помош во форма на обуки. Спроведена е тендерска постапка за доопремување на лабораторијата за маса и лабораторијата за димензија, како и набавка на опрема за оформување на нова лабораторија за производство и сертификација на референтни раствори на етанол, како и опрема за проверка на етилометрите, како мерила кои се во законска метрологија и за кои верификација е задолжителна; и
- Во рамки на регионалниот проект за техничка помош (QI SEE – PTB), Бирото за метрологија, зема учество во два проекта и тоа за:
    - контрола на медицински уреди со мерна функција, со цел развивање на метролошка структура во оваа област и исполнување на

- одредбите од Законот на метрологијата во функција на чување на здравјето; и
- јакнење на капацитетите во насока на организација на меѓулабораториски споредби (ILC) и тестови на оспособеност (PT), со цел поддршка на лабораториите во постапките на нивна акредитација.

## Краткорочни приоритети

Директивата 2014/32/ЕУ за мерила ќе се транспонира во Правилник за мерила;

- Директивата 2014/31/ЕУ за неавтоматски ваги ќе се транспонира во Правилник за неавтоматски ваги;
- усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи.
- институционален развој и подигање на јавната свест за значењето на метрологијата преку:
  - обуки за вработените организирани на регионално ниво во рамки на IPA TAIB 2019, EURAMET, EMPIR и други;
  - јакнење на регионална и меѓународната соработка со организирање и учество во проекти (проекти во рамки на QI SEE PTB, EMPIR ) со метролошките институции во регионот и пошироко; и
  - организирање на семинари, работилници и состаноци со различни целни групи (државни институции, претставници од индустријата, лаборатории) со цел зајакнување на метролошката инфраструктура во Република Северна Македонија, запознавање на јавноста со метролошката регулатива и поддршка на стопанството.

## Среднорочни приоритети

- Прогласување на национални еталони на мерните единици;
- проширување на опсегот на акредитација на лабораториите во согласност со МКС ISO/IEC 17025:2018; и
- проширување на мерните можности на Бирото за метрологија во делот на метрологија во хемија со осврт на изработка на референтни раствори кои се користат при калибрација / верификација на мерила, како и во делот на димензионални големини.

# ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (ПРОВЕРКА,СЕРТИФИЦИРАЊЕ И КОНТРОЛА)

## Тековна состојба

Во 2020 година, министерот за економија во согласност со Законот за безбедност на производи донесе три нови решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност, кои се евидентирани во Регистарот на овластени тела за оцена на сообразност. Решенијата за овластување се објавени на веб-страницата на Министерството за економија. Во согласност со Законот за возила, министерот за економија донесе вкупно осум решенија за овластување, од кои две решенија за овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и шест решенија за овластување на техничка служба за вршење на одобрување на возилата, согласно проширување на акредитација или реакредитација на правните субјекти.

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година ќе се донесе Закон за техничките барања и оцена на сообразност на производите усогласен со Одлуката 2008/768/ЕЗ. Ќе се донесат и 11 нови правилници акти усогласени со Директивите од новиот приод на законодавството за производи на ЕУ.

Ќе се продолжи со овластување нови тела за оцена на сообразност и технички служби по поднесено барање и извршена акредитација од ИА МК, согласно Законот за безбедност на производи и Законот за возила. Новите овластувања ќе бидат дел од функционирањето на Договорот за меѓународно признавање на резултатите (МЛА) на Европското здружение за акредитација (ЕА).

## Среднорочни приоритети

На среден рок се планира зголемување на бројот на македонски тела за вршење оцена на сообразност и нивно учество на пазарите на земјите потписнички на МЛА.

Министерството за економија ќе врши нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија, со пристапување во ЕУ или со склучување на Договор за оцена на сообразност и прифаќање (АКА).

# НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

## Тековна состојба

Координативното тело за надзор на пазарот (КТНП) одржуваше редовни состаноци (најмалку еднаш месечно) за реализација на мерките од Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2019-2020 година.

Покрај редовните инспекциски надзори кои се вршат преку Одделението за безбедност на производи во Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), се вршат и координирани инспекциски надзори по известување добиено од Царинската управа при увоз на производи.

Во 2020 година, ресурсниот капацитет на Државниот пазарен инспекторат беше зајакнат со 10 нови возила.

На 6 април 2021 година, стапи во сила Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021 - 2022 година (Сл.весник 79/2021).

## Краткорочни приоритети

- Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година;
- зголемување на бројот на инспектори во сите инспекциски одделенија на Државниот пазарен инспекторат и воведување на софтвер за инспекциски надзор од страна на Инспекцискиот совет заради подобрување на процедурите за надзор; и
- спроведување обуки за државните инспекциски органи во соработка со бизнис заедницата за соодветна примена на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи врзано со СЕ обележувањето и постапката за оцена на сообразност.

# СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

## ВОЗИЛА

### Тековна состојба

Министерството за економија, во рамки на континуираната пракса, овласти нови правни лица за вршење идентификација и оцена на техничка состојба на возилата и за вршење работи од техничка служба како и за вршење на технички преглед на возила.

### Среднорочни приоритети

Министерството за економија ќе спроведе детална анализа на законодавството со идентификување и јасно назначување на неусогласено релевантно acquis, по што ќе пристапи кон подготовка на нов Закон за возила.



# ХЕМИКАЛИИ

## Среднорочни приоритети

- Ќе се ажурираат Листата на ограничувања и забрани за употреба на хемикалии и Листата на високоризични супстанции кои предизвикуваат загриженост, согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 1907/2006 за регистрација, проценка, овластување и ограничување на хемикалии (REACH);
- Ќе се донесе Правилник за изменување и дополнување на правилникот за класификација, обележување и пакување на хемикалиите, усогласен со Регулативата (ЕЗ) 1272/2008 за класификација, етикетирање и пакување на супстанци и мешавини (CLP); и
- Ќе се донесе Закон за биоцидни производи, усогласен со Регулативата (ЕУ) 528/2012 за ставање на располагање на пазарот и употреба на биоцидни производи.

# ЃУБРИВА

## Краткорочни приоритети

Во 2021 година ќе се донесе Закон за исхрана на растенијата, усогласен со Регулативата (ЕУ) 2019/1009 за утврдување на правила за ставање на располагање на пазарот на производи за оплодување и изменување на Регулативите (ЕЗ) 1069/2009 и (ЕЗ) 1107/2009 и укинување на Регулативата (ЕЗ) 2003/2003.

# НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

## Краткорочни приоритети

- Директивата 2014/33/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови;
- Директивата 2014/35/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за опрема со низок напон;
- Директивата 2014/29/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за едноставни садови под притисок;
- Директивата 2014/30/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за електромагнетна компатибилност;
- Директивата 2010/35/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за преносива опрема под притисок;
- Регулативата 2016/426 ќе се транспонира во Правилник за апарати на гас;
- Директивата 2014/34/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери (АТЕКС);
- Регулативата 2016/425 ќе се транспонира во Правилник за пуштање на пазар на лична заштитна опрема;
- Директивата 2014/68/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за опрема под притисок;
- Директивата 2013/53/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за суштествени барања за производство,пласирање на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација; и
- Директивата 2014/53/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за радио опрема.

# ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ

## Тековна состојба

Во согласност со Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, ИС МК редовно врши нотификација до Европското тело за стандардизација ЦЕН за усвоени изворни национални македонски стандарди.

## Среднорочни приоритети

Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди ќе се усогласи со Директивата (ЕУ) 2015/1535 за утврдување на постапка за обезбедување информации од областа на техничките прописи и правилата за услугите на информатичкото општество.

# ОРУЖЈЕ

## Краткорочни приоритети

Ќе се донесат:

- Закон за развој, производство и промет на воени стоки во насока на усогласување со Заедничките позиции на Советот 2003/468/ЗНБП; и
- Закон за промет и заштита од експлозивни материи заради усогласување со Директивата 2008/43/ЕЗ, Директивата 2012/4/ЕУ, Директивата 2013/29/ЕУ, Директивата 2014/28/ЕУ и Директивата 2014/58/ЕУ.

# ТЕКСТИЛ

## Среднорочни приоритети

Предвидена е измена на Правилникот за постапката на избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентна суровина за текстилни влакна, заради усогласување со Регулативата (ЕУ) 2018/122.

# ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ

## Тековна состојба

Граничната контрола на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Северна Македонија се спроведува од страна на организациони единици во рамките на Царинската управа кои се надлежни за контрола на стоките при пуштање во слободен промет. Контролата се врши согласно Законот за безбедност на производите, Законот за надзор на пазарот и Меморандумот за меѓусебно разбирање и соработка со органите за надзор на пазарот од 2011 година, кој претставува важен елемент во воспоставување на ефикасен систем за надзор на пазарот.

Контролата опфаќа:

- проверка дали производите се соодветно означени согласно хармонизираното законодавство,
- проверка дали производот е означен со погрешна или лажна „СЕ” ознака,
- проверка дали производите ги придружува писмена или електронска документација која е задолжителна согласно со хармонизираното законодавство, издадена согласност од органот за надзор на пазарот и слична документација,
- проверка дали производот е со карактеристики кои предизвикуваат причина да се верува дека производот, кога соодветно ќе се инсталира, одржува и користи, претставува сериозен ризик за здравјето, безбедноста, животната средина или било кој друг јавен интерес.

За поефикасна координација на надзорот на пазарот и олеснета размена на податоци и информации, воспоставено е Координативно тело за надзор на пазарот, во кој соработуваат претставници од 13 институции, и тоа: Царинската управа, Државен инспекторат за труд, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за животна средина, Агенција за електронски комуникации, Царинска Управа, Биро за лекови, Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија - Сектор за внатрешен пазар.

## Краткорочни/ среднорочни приоритети

Царинската управа континуирано ќе спроведува гранични контроли на производите увезени од трети земји, согласно Законот за безбедност на производите и Законот за надзор на пазарот, во соработка со органите за надзор на пазарот.


CE
Date of Despatch:
Serial Number:
1720
X VENT - A Natural Heat and Smoke Exhaust Ventilator
Glazing Vision Ltd., Saw Mills Road, Diss,
Norfolk IP22 4NX, UK
1720-CPD-0037
EN 1210-2:2003
Aa = max 0.6m²; WL 1500; SL 125;
T (-15), Re 50, B300; A1
Temperature of thermal initiation device 72 C

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е во рана фаза во областа на слободно движење на работници. Нема напредок во периодот на известување, и сè уште важат препораките од минатата година. Во наредната година, земјата треба:

- да продолжи да ја прилагодува правната рамка во согласност со правото на ЕУ за пристап до пазарот на трудот, особено во врска со недискриминацијата врз основа на националност врз работниците во ЕУ;
- да преземе чекори во координирање на системите за социјално осигурување за да утврди кои административни мерки треба да бидат воведени за подготовка за идниот пристап.




# Резиме

Во областа на пристап на пазар на труд, ќе се врши анализа на постојното законодавство во областа на вработување и работа на странци, со цел усогласување со законодавството на ЕУ. Во наредната година ќе се продолжи со имплементирање на препораките од досегашните анализи за усогласување со стандардите на ЕУРЕС и доусогласување со ЕУ правото во оваа област. Во областа на координација на системи за социјално осигурување, ќе се утврдуваат активности за подготовка на институциите за пристапување и координација на системите за социјално осигурување, како и иницирање и склучување на билатерални договори. Институциите ќе продолжат со склучување на билатерални договори за користење на Европската здравствена картичка.

# ОПШТИ ПРИНЦИПИ

## Тековна состојба

Стапи во сила новиот Законот за странци[63] каде се направија одредени допрецизирања во постапката за издавање единствена дозвола за работа и престој на странците, во наскока на дополнително олеснување на постапката која се води пред Министерството за внатрешни работи, а при која Агенцијата за вработување (АВ МК) дава мислење. Во текот на имплементација на овие законски решенија, еднаквиот третман на странските работници и понатаму е гарантиран со постојните одредби од Законот за работни односи.

Владата на 20 април 2021 година, го усвои Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци. Измените се во насока на надминување на констатираните слабости, а пред сè заради заштита на интересите на странците, како и препораките кои произлегоа од бизнис заедницата за унапредување на состојбите во оваа област. Со предложените измени и дополнувања на Законот за вработување и работа на странци се овозможува зголемена мобилност на странските работници кои веќе имаат засновано работен однос во Северна Македонија од еден во друг правен субјект на иста или повисока работна позиција доколку станува работа за ист работодавец. Исто така се зголемува опфатот на краткотрајни услуги кои се реализираат во период до 60 дена, а за кои не е потребна работна дозвола со услуги за сервисирање и одржување на машини, средства или опрема и услуги

63 Сл.В. бр.97/2018,108/2019

## Краткорочни / среднорочни приоритети

Се планира анализа на законодавството во регионот што ја покрива областа на слободно движење на работници, како и постојните директиви во областа со препорака за преземање на понатамошни законодавни активности. Согласно препораките од направената анализа, ќе се испланира подготовка на нов Закон за вработување и работа на странци или измени и дополнувања на Закон за работни односи.

# ЕУРЕС

## Тековна состојба

Во рамките на ESAP проектот на Советот на регионална соработка (RCC) спроведена е анализа на ИТ системите на јавните служби за вработување од Западен Балкан и нивната компатибилност со барањата / условите кои произлегуваат од ЕУРЕС. Се очекува да биде доставен Извештајот од спроведената Анализа, со кој ќе се добие јасна слика за моменталната состојба на ИТ системот на АВ МК и потребните измени до негова целосна компатибилност за идно приклучување на ЕУРЕС мрежата и активно партиципирање во истата.

## Краткорочни / среднорочни приоритети

- Спроведување на анализи на релевантните области од значење за ЕУРЕС во националното законодавство со цел имплементација и усогласување со стандардите на ЕУРЕС.
- Детектирање на клучните области на ЕУРЕС, утврдување на потребата и дефинирање предлози за начинот на усогласување /доусогласување за целосно имплементирање на ЕУ законодавството од оваа област.
- Организирање состаноци и други настани, и постојано следење на промените и новините во оваа област, како и обновување и потврдување на стекнатото знаење преку спроведениот Твининг проект.

# КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Тековна состојба

По усогласувањето на текстот на Административната спогодба за спроведување на Договорот со Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност [64], како и текстот на Административната спогодба за спроведување на Договорот со Романија за социјално осигурување[65], се потпишаа спогодбите за примена на билатералните договори со Унгарија и Романија[66].

Согласно билатералните договори за социјално осигурување, Министерството за труд и социјална политика како надлежен орган, во 2020 година даде согласност за продолжување на периодот на упатување на работници од друга држава договорничка на привремена работа на територијата на Република Северна Македонија за околу 17 упатени работнициод земји членки на ЕУ.

Во јануари 2020 година, се донесе нов Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување [67], со кој се предвидува можност за плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување од страна на осигуреници кои се евидентирани како вработени во евиденцијата на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување, но за кои работодавачот не платил придонеси, а при тоа работодавачот да е во стечај или да е избришан од Централниот регистар.

64 Сл.В бр. 80/2015.

65 Сл.В бр. 59/2006.

66 Договор меѓу Република Македонија и Унгарија за социјално осигурување и социјална сигурност „Службен весник" бр.80/2015 година и Договор меѓу Република Македонија и Романија за социјално осигурување „Службен весник", бр.59/2006.



## Краткорочни приоритети

- Утврдување активности со временски рок и вклучени човечки ресурси од страна на Меѓуресорската работна група за спроведување на активности за подготовка на институциите во процесот на пристапување и координација на системите на социјална сигурност
- Започнување со преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Франција,
- Иницијатива за одржување на експертски разговори за примена на постојната Конвенција за социјално осигурување со Кралството Шведска од 1978 година
- Склучување на Договор за социјално осигурување и Административна спогодба за спроведување на Договорот со Руската Федерација,

## Среднорочни приоритети

- Склучување на Договор за социјално осигурување со Република Франција.

# ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Тековна состојба

Фондот за здравствено осигурување има потпишано Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување (EHIC) на територија на Република Северна Македонија со вкупно 9 држави членки на ЕУ: Словенија, Бугарија, Австрија, Чешка, Луксембург, Холандија, Германија, Словачка и со Белгија.

## Краткорочни приоритети

- Склучување на Договор за користење на EHIC со Република Хрватска.
- Склучување на Договор за користење на EHIC со Република Унгарија.
- Склучување на Договор за користење на EHIC со Романија.
- Иницирање на преговори за потпишување на Договор за користење на Европската картичка за здравствено осигурување на територија на Република Северна Македонија со Република Италија.


EUROPEAN HEALTH
ANCE CARD
UK
3 Name
4 Given names
6 Personal identification number
5 Date of birth
7 Identification number of the institution
9 Expiry date
29/06/2019
8 Identification number of the card

# ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** за правото на основање и за слободата на обезбедување услуги. Постигнат е **одреден напредок** во текот на периодот на известување за ревидирање на националното законодавство во областа на услугите, така што компаниите и правните лица од Северна Македонија и ЕУ можат да обезбедат прекугранични услуги. Иницирани се првите чекори за лесен и директен пристап за компаниите до пазарот. Сепак, отворањето на поштенскиот пазар беше повторно одложено ограничувајќи го обезбедувањето квалитетни услуги за граѓаните и деловните субјекти. Потребни се повеќе напори за понатамошно усогласување со правото на ЕУ за признавање на професионалните квалификации. Препораките од минатата година беа делумно реализирани и остануваат валидни. Во наредната година,

Северна Македонија треба особено:

- да продолжи со усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, особено во однос на услугите и заемно признавање на професионални квалификации
- да воспостави точка на единствен контакт, меѓу другото и за регистрација на компанија, во согласност со Директивата за услуги;
- да продолжи со усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ за поштенските услуги и да ја заврши либерализацијата на поштенскиот пазар.



# Резиме

Ревидираниот Акциски план за усогласување со Законот за услуги/Директивата за услуги 32006L0123 е усвоен од Владата и континуирано се имплементира. Со подобрување на функционалностите на Националниот Портал за е-услуги како единствена точка за контакт се овозможува на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, аплицирање, плаќање и добивање на документи по електронски пат.

Во наредниот период Агенцијата за пошти ќе биде фокусирана на унапредување на регулаторната рамка за поштенските услуги, гарантирање квалитетно и континуирано обезбедување на универзалната услуга, како и заштита на корисниците на поштенските услуги, сè со цел креирање транспарентни и еднакви услови за работа на либерализиран пазар.

Министерстовот за образвоание и наука, ќе го подготви предлог **Закон за признавање на професионални квалификации**, усогласен со Директивата 36/2005/ЕЗ и нејзините измени 55/2013/ЕУ, како и зајакнување на административните капацитети, не само во институцијата носител на подрачјето туку и во другите поврзани институции кои во иднина ќе вршат имплементација на актите од овие закони.

# ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

## Тековна состојба

Во изминатиот период продолжија активностите за усогласување на националното законодавство со Директивата за услуги 32006L0123 во делот на право на основање. Идентификуваните неоправдани барања за право на основање со предлог мерки и временски рок за нивно елиминирање се евидентираат во Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги /Директивата за услуги.

Во рамки на Централниот регистар продолжи постапката за поврзување на регистрите преку Проектот Заедничка платформа за отпочнување на бизнис. Заедничката платформа преставува заедничка организациона поставеност и технолошка интеграција со стандардизирана размена на податоци помеѓу Централниот Регистар, Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи. Исто така се спроведоа активности за објава на бесплатни податоци за правните лица на новиот веб-портал на Централниот регистар. Овој проект се реализира како поддршка на Стратегијата на Владата за отворени податоци.

Согласно Програмата за економски реформи 2021-2023, продолжува мерката за подобрување на постапките за добивање на јавни услуги и намалување на времето и трошоците на деловните субјекти и граѓаните во овие постапки, преку проширување на понудата на достапни е-услуги на Националниот портал за е-услуги. Целта на мерката е да се обезбедат висококвалитетни инструменти што ќе им овозможат на претпријатијата, организациите и граѓаните полесно, побрзо и со пониски трошоци да ги завршуваат административните постапки. Мерката е организирана во три комплементарни компоненти, вклучително и предлози за неопходни законски измени. Првата компонента е дигитализација на основните регистри и развој на регистар на регистри. Неговиот фокус е да идентификува, дигитализира и имплементира базни регистри поврзани со е-услуги развиени во втората компонента. Фокусот на втората компонента е да се развијат е-услуги за деловните субјекти и граѓаните и да се распоредат на Националниот портал за е-услуги. Зајакнувањето на институционалните капацитети за одржлива дигитална трансформација е фокусот на последната компонента.

Се очекува Националниот портал за е-услуги да го намали административниот и финансискиот товар не само за граѓаните, туку и за бизнисите, со што ќе се зголеми ефикасноста на бизнисите. Ова ќе влијае на конкурентноста не само на малите и големите компании на национално ниво, туку и на регионално, како и на меѓународно ниво. Меѓу услугите што ќе се развиваат се е-услуги адресирани во Директивата за услуги, т.е. издавање лиценци за деловни активности потребни на национално и прекугранично ниво, што се очекува да има влијание врз регионалната конкурентност.

Законот за услуги (Сл.В 98/2019) во кој е транспонирана Директивата за услуги предвидува Националниот портал за е-услуги да функционира како „Единствена точка за контакт“ во Република Северна Македонија.

До 19.04.2021 година, на порталот се достапни вкупно информации за 836 услуги, од кои 151 се електронски услуги. Дополнително, 32.402 корисници се веќе регистрирани и ги користат овие е-услуги.

## Краткорочни приоритети

Ќе продолжи имплементацијата на Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги /Директивата за услуги со цел поедноставување на административните постапки и отстранување на неоправданите барања за правото на основање на компании во земјата.

Приоритети за Националниот портал за електронски услуги (uslugi.gov.mk):

- Зголемување на бројот на е-услуги за граѓаните.
- Овозможување правните лица да бидат корисници на е-услугите на Порталот.
- Зголемување на бројот на граѓани корисници на Порталот.
- Подобрување на функционалностите во административната алатка на Националниот портал за е-услуги.
- Усвојување на Насоки за оптимизација на услуги.

Активностите ги спроведува МИОА во соработка со други институции.

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи континуираната анализа на законодавството и ажурирање на Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги/Законот за услуги преку евидентирање на неоправданите барања за правото на основање на компании во земјата и преземање мерки со временска рамка за нивно усогласување со законот/директивата.

Планирани среднорочни активности за развивање на Националниот портал за е-услуги (https://uslugi.gov.mk/):

- Зголемување на бројот на е-услуги за граѓаните и бизнисите.
- Зголемување на бројот на корисници на Порталот.
- Интеграција на Системот за единствена најава со системи на институциите.
- Анализа за дефинирање на потреби и подобрување на Каталогот на јавни услуги, како дел од административната алатка на Националниот портал за е-услуги.

# СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

## Тековна состојба

Законот за услуги (Сл.В бр. 98/2019) со кој се транспонира Директивата за услуги 32006L0123 содржи одредби со кои ќе се обезбеди прекугранично давање на услуги по пристапувањето на земјата во Европската Унија. Согласно член 35 од Законот, надлежните органи доставија до Министерството за економија листа на прописи со одредби за пристап и вршење на услужни дејности, како и контакт лица одговорни за прописите. Листата на прописи се ажурира континуирано и содржи 97 прописи, од кои 41 закон и 56 подзаконски акти. Министерството за економија во текот на 2020 година во соработка со номинираните лица од надлежните органи спроведе детална анализа на усогласеност на прописите со законот/директивата.

Како резултат на деталната анализа на усогласеност на националното законодавство со Законот за услуги /Директивата за услуги, се ревидираше Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги. Од вкупно 97 анализирани прописи, во 28 беа утврдени одредби спротивни на законот/директивата, од кои 22 закони и 6 подзаконски акти.

На 17 ноември 2020 година, Владата го усвои новиот ревидиран Акциски план, при што надлежните институции беа задолжени да ги имплементираат мерките од Акцискиот план во предвидените рокови. Во тек е имплементација на мерките предвидени во Анекс 2 од АП со цел усогласување на одредбите утврдени дека се спротивни на Директивата. Надлежните институции се должни да го известат Министерството за економија за статусот на спроведувањето на мерките предвидени во АП. Според добиените информации од надлежните институции, до април 2021 година:

- Спроведена е проценка на барањата во согласност со член 15 од Директивата и добиени објаснувања од надлежните институции за задржувањето на барањата
    - Закон за лекови и медицински помагала (Сл. В. 106/07, 245/18) за задржување на услов во член 81 став 7 согласно член 15 (2) (а) и 15 (3) од Директивата .
    - Закон за урбанистичко планирање (Сл.В 32/2020) за задржување на условот од член 81 став 1 согласно член 15 (2) (г) и 15 (3) од Директивата.
- Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствена дејност е во собраниска процедура.
- Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за воведување систем за управување со квалитет е во владина процедура
- Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини е во меѓуресорска консултација.
- Изготвени и консултирани со Министерството за економија се амандмани за следниве закони:
    - Закон за индустриска сопственост
    - Закон за репродуктивен материјал на шумски видови.

Подготовката на измените и дополнувањата на Законот за ветеринарно здравје ќе да оди паралелно со изготвувањето на новиот Закон за здравствена заштита на животните, бидејќи некои одредби ќе бидат префрлени во новиот закон. Оттаму, временската рамка предвидена во АП ќе треба да се одложи. Тоа се однесува и на подзаконските акти во оваа област.

Во тек е изготовка на нов Закон за катастар на недвижности со подзаконски акти.

## Краткорочни приоритети

Ќе продолжи имплементацијата на ревидираниот Акциски план за усогласување со Законот за услуги. Исто така ќе продолжи континуираната анализа на законодавството и ажурирање на Акцискиот план за усогласување со законот/директивата преку евидентирање на неоправданите барања за слободата на давање на услуги во земјата и преземање мерки со временска рамка за нивно усогласување со законот/директивата.

## Среднорочни приоритети

На среден рок ќе продолжи спроведувањето на Законот за услуги и усогласување на посебните прописи во услужните сектори со одредбите од Законот со што ќе се обезбеди прекуграничното давање на услуги по пристапувањето во ЕУ, согласно одредбите на Директивата за услуги. Ќе продолжи континуираната анализа на законодавството и ажурирање на Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги/ Директивата за услуги.

# ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ



## Тековна состојба

Предложени се измени на Законот за поштенските услуги со кои либерализацијата на поштенскиот сектор ќе биде повторно одложена за 1 година, поточно до 31 декември 2021 година. Причините за овие измени согласно образложението дадено од страна на Владата е да се обезбеди период за усогласување на работењето на АД Пошти согласно потребите кои ќе произлезат од либерализацијата на поштенските услуги.

Агенцијата за пошти од своето формирање во 2008 година се залага за либерализацијата на поштенскиот сектор. Либерализацијата како процес значи понуда на услуги со подобар квалитет како резултат на конкуренцијата на пазарот која ќе работи под еднакви услови, а квалитетот и цената ќе бидат основните параметри по кои ќе се развива пазарот.

Во очекување на либерализација на пазарот сѐ повеќе субјекти се заинтересирани да работат во овој сектор, посебно со промените кои настануваат во делот на нарачките и доставата на пратките. Online пратките бележат значителен пораст, не само во услови на пандемија туку и пред тоа. Бројот на заинтересирани субјекти со желба да започнат бизнис во овој сектор постојано расте, а регулаторот гледа позитивна можност во делот на социо-економскиот развој и вработување на државата. Во 2020 година, имаше 41 лиценцирани даватели на поштенски услуги.

Во јуни 2020 година заврши ЕУ Твининг проектот за јакнење на административните капацитети на Агенцијата за пошти, во кој беа завршени 4–те Компоненти предвидени со проектот додека 5–та Компонента за анализа на пазарот не беше реализирана заради состојбите со КОВИД 19. Истата е оставена за следен проект, преку користење на TAIEX експертска помош.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

- По завршување на ЕУ Твининг проектот, со кој беше анализирана правната рамка за регулирање на поштенскиот сектор, произлезе потреба од измена, односно нов Закон за поштенските услуги и подзаконски акти. Во новиот закон ќе бидат опфатени прашања кои со работењето на Агенцијата се согледани како не доволно обработени. Исто така, забелешките дадени од експертите од проектот ќе бидат инкорпорирани во законот, а ќе се вметнат и решенија кои се веќе применливи во повеќе европски земји, како што е начинот на финансирање на Агенцијата, предвидување на државна помош за давателот на универзалната услуга, постапките за лиценцирање и многу други прашања кои беа предмет на разработка во текот на проектот. По донесувањето на новиот закон ќе се изврши и усогласување на подзаконските акти и вметнување на решенија за поефикасно регулирање на пазарот.
- Во новиот закон ќе биде имплементирана и новата регулатива за прекугранична достава на пакети со што ќе се постигне висок степен на усогласување на домашното законодавство со европското, како и подготовка за започнување на скрининг процесот во делот на поштенските услуги.
- Ќе бидат преземени активности со кои ќе се надмине непостоењето на посебно сметководство кај давателот на поштенски услуги како една од основните причини за одложување на либерализацијата. Од особено значење е овој процес да биде оперативен како за давателот на универзалната услуга, така и за регулаторот кој ја има надлежноста да ги одобрува цените на поштенските услуги, а истите да бидат ценовно ориентирани и засновани на реални и точни трошоци во посебно сметководство.
- Во 2020 година за прв пат беше извршено истражување на потребите на корисниците и добиени се резултати кои ги даваат главните потреби и задоволство од досегашната понуда на универзалната услуга. Добиените резултати ќе бидат применети во дефинирање на одредбите за регулирање на универзалната услуга со измените на законот. Во 2021 година повторно ќе има истражување на

пазарот на поштенските услуги со кое континуирано ќе се следат потребите на корисниците и ќе се работи на нивно имплементирање.

- Агенцијата за пошти во текот на 2021 година планира постапување по поднесените нотификации за издавање Општо овластување, од нови правни субјекти заинтересирани за работа на пазарот во делот на пакетските и писмоносните услуги.
- Изготвување на анализи и статистички извештаи за поштенскиот пазар ќе биде активност заснована на податоците кои ги доставуваат давателите на поштенските услуги, а кои се однесуваат на остварениот обем на поштенските услуги, со цел добивање на една целосно точна слика за развој на пазарот на поштенските услуги.
- Развојот на е-трговијата на светско ниво има сè поголемо влијание и кај нас. Со порастот на online нарачките се налага потреба од поголема регулација на овие пратки заради заштита на корисниците и остварување на нивните права. За да се подигне јавната свест на корисниците на поштенските услуги за правата кои законски им се загарантирани, односно да им се укаже на правните средства кои ги имаат на располагање, како и да се подобри визуелниот идентитет на Агенцијата за пошти, во 2021 година Агенцијата ќе промовира веб- кампања за подигнување на јавната свет на граѓаните за нивно соодветно информирање пред online пазарење.
- Во текот на 2021 година, согласно Програмата за надзор се планира спроведување на поголем број на редовни надзори кај даватели на поштенски услуги кои произлегуваат од извршените увиди во 2020 година.

## Среднорочни приоритети

### Правна рамка

Понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и негово понатамошно имплементирање од надлежните институции.

Континуирано следење на промените кои настануваат кај давателот на универзалната услуга, согласно пазарните механизми и преземање на активности за квалитетно обезбедување на универзалната услуга.

# ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

## Тековна состојба

**Предлогот Закон за признавање на професионални квалификации** усогласен со Директивата 36/2005/ЕЗ и нејзините измени 55/2013/ЕУ, заедно со кореспондентна табела, беше доставен на мислење до Европската комисија, по што следеа коментари по истиот. Начелно во него се вградени одредбите од директивата, но потребно е и доусогласување на истиот со одредени забелешки на експертите од Европската комисија. Нотирана е потребата од точно утврдување на одговорностите и обврските на сите линиски институции и изготвување на соодветни подзаконски акти.

Во рамките на УНОПС проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија, изготвени се обрасци кои треба да ги содржат деталните податоци за секоја регулирана професија во земјата, што ќе придонесе кон обновување на постојната листа на регулирани професии. По препораките од Европската комисија, по доставување на последната листа на регулирани професии, потребно е да се направи понатамошна анализа во рамките на секое надлежно тело според насоките од Директивата 958/2018/ЕУ за испитување на пропорционалноста пред донесување на нови прописи со кои се регулираат професии.

Предлог на Законот е усогласен со дадените препораки и коментари од страна на експертите на Европската комисија и истиот е повторно доставен на меѓуресорска консултација и мислење до сите надлежни институции, а по однос на текстот веќе се доставени и мислења од ресорните министерства.

Во рамките на истиот проект, изготвен е и предлог Акциски план за усогласување со Директивата за професионални квалификации. Предлог акцискиот план претставува рамка на активности кои треба да се реализираат од страна на сите засегнати институции во даден временски период, со цел да се обезбеди целосна имплементација на одредбите од директивата и новиот предлог Закон за признавање на професионални квалификации.

Се работи на градење на административната структура која е дел од меѓуресорската група за признавање на професионални квалификации. Сепак најголемиот предизвик е честата флуктуација на административните капацитети кои работат на оваа проблематика што ќе претставува проблем во иднина за преземање на подлабоки и подолгорочни обврски кои треба да се исполнат на ова поле. Воедно потребно е и зајакнување на административните капацитети, не само во институцијата носител на подрачјето туку и во другите поврзани институции кои во иднина ќе вршат имплементација на актите од овие закони.

Во подрачјето на взаемно признавање на професионални квалификации предмет на усогласување на националното законодавство се и директивите 556/74/ЕЕЗ, 557/74/ЕЕЗ поврзани со услуги, трговија и употреба на токсични производи, кои е потребно да се адресираат во Законот за употреба на хемикалии, а евентуално и во други законски и подзаконски акти поврзани со ова подрачје.

Исто така многу важен сегмент преставува и степенот на усогласеност и евентуална имплементација на Директивата 248/77/ЕЕЗ и 5/98/ЕЗ кои се однесуваат на регулираната професија адвокати како и начинот на давање на услуги во оваа дејност.

## Краткорочни приоритети

Усогласување на националното законодавство со Директивата за заемно признавање на професионални квалификации:

- Усвојување на Законот за признавање на професионални квалификации до крајот на 2021 година.

## Среднорочни приоритети

Понатамошно усогласување на националното законодавство со одредбите за заемно признавање на професионални квалификации:

- Усвојување на подзаконски акти кои произлегуваат од законот
- Континуирано ажурирање на листа на регулирани професии
- Акциски план со динамика за натамошно усогласување на законодавната, институционалната и системската рамка со одредбите за заемно признавање на професионални квалификации.

Усогласување на наставните планови, програми и курикулуми во високо образование:

- Утврдување на конкретни препораки, насоки за усогласување на наставните планови, програми и курикулуми во високото образование со одредбите од Директивата 36/2005/ЕЗ
- Изготвување на наставните планови, програми и курикулуми во високото образование за професиите од автоматскиот систем на признавање согласно директивата 36/2005/ЕЗ.

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е умерено подготвена во областа на слободното движење на капиталот. Во последните неколку години, земјата донесе мерки за намалување на ограничувањата за слободно движење на капитал и за олеснување на прекуграничните плаќања, но земјата треба да стори повеќе. Северна Македонија презема чекори во вистинска насока за откривање на сомнителни извори на пари. Постигнат е одреден напредок со започнување на спроведувањето на стратегијата и со зајакнување на досегашните резултати во борбата против перење пари и финансирање на тероризмот. Во наредната година, земјата треба особено:

- да подготви патоказ со активности и временски рамки за примена на правилата на ЕУ во областа на слободно движење на капитал;
- да го донесе и да го спроведе новото законодавство за платежни услуги и платни системи;
- да го зајакне капацитетот на релевантните засегнати страни во борбата против перење пари и финансирање на тероризам, да обезбеди систематско спроведување на финансиски истраги во кривични случаи и дополнително да се усогласи со правото на ЕУ во оваа област.

# Резиме

Во првата половина на 2021 година се очекува да се донесе новиот Закон за платежни услуги и платни системи во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Директивата за платежни услуги (2015/2366/ЕЗ), Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ), Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ и 2009/44/ЕЗ), Директивата за платежни сметки (2014/92/ЕЗ), дел од одредбите од Петтата Директива за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (2018/843) кои се однесуваат на воспоставување национален регистар на сметки и сефови, како и соодветни одредби на Регулативата за заменски надоместоци за картично засновани платежни трансакции (2015/751/ЕЗ) и Регулативата за воспоставување технички и деловни барања за кредитни трансфери и директни задолжувања во евра (260/2012/ЕЗ).

Се подготвува нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од Директивите 2015/849 и 2018/843 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам.

# ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ПЛАЌАЊА

## Тековна состојба

Со Одлуката за премин во втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (Сл. В бр. 17/2019), се обезбеди повисок степен на либерализација на капитално финансиските трансакции. Имено, се активира членот 59 од преодните одредби на Законот за девизно работење со што престануваат да важат одредени одредби од Законот.

Согласно Законот за сопственост и други стварни права, сопственоста на нерезиденти на недвижен имот во земјата е дозволена за граѓаните и правните лица од земји членки на ЕУ и ОЕЦД, за сите видови на недвижен имот и за градежно земјиште. За нерезиденти од трети земји (земји кои не се членки на ЕУ или на ОЕЦД), сопственоста на овие типови на недвижен имот е дозволена само во случај на постоење на услови на реципроцитет со соодветната земја на потекло на нерезидентот.

Сопственоста на земјоделско земјиште не е дозволена за сите нерезиденти, освен во случаи на постоење на услови на реципроцитет.

Согласно Законот за девизно работење, резидентите можат слободно да отвораат и имаат сметки во странство во определени случаи регулирани со Законот. Отворање на сметка е дозволено за македонски државјани со регулиран престој во странство, како и за оние кои во странство се стекнале со лична пензија, социјална помош или други права, како и недвижен имот и хартии од вредност за целите на трансфер. Исто така, резидентитеможе слободно да отвораат и да имаат кориснички сметки кај странски електронски сервиси за платежни трансакции само за купување/продавање стоки и услуги по електронски пат.

## Краткорочни приоритети

Подготовка на Патоказ со активности и временска рамка за примена на законодавството на ЕУ во областа слободно движење на капитал.

Донесување на нов Закон за платежни услуги и платни системи, усогласен со европското законодавство во областа.

Донесување на нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, усогласен со европското законодавство во областа. Со донесувањето на Законот ќе се стави во функција Регистарот на вистински сопственици на правни лица. Измените го регулираат поврзувањето со Централниот регистар на население што е задолжително доколку во административната постапка на упис или издавање на информации се вклучени и лични податоци.

## Среднорочни приоритети

Усогласување на Законот за девизното работење со Законот за платежни услуги и платни системи во делот на отворање на пазарот на прекугранични услуги и за новите даватели на платежни услуги (платежни институции и издавачи на електронски пари) и нивно учество на девизниот пазар.

Резидентите ќе можат слободно да отвораат и имаат сметки во странство по завршување на втората фаза од ССА, односно со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

# Платен систем

## Тековна состојба

Во изминатиот период Предлог законот за платежните услуги и платни системи беше доставен до заинтересираните страни за коментари, и по одржувањето на неколку консултативни состаноци со засегнатите страни, вградувањето на прифатените забелешки, предлогот на Законот на 5 март 2021 беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи www.ener.gov.mk.

Во тој контекст, во рамките на Твининг проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на Народната банка на патот кон нејзино членство во Европскиот систем на централни банки", што започна во септември 2019 година, обезбедена е поддршка за понатамошно зајакнување на капацитетите во областите на платните системи и платежните услуги, како и во други области од работењето на Народната банка. Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на Народната банка во делот на лиценцирањето на платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платни системи, како и нивната супервизија и надгледување на платните системи, понатамошно усогласување на националното законодавство со регулативата на ЕУ во сферата на платежните услуги, градење на капацитети во областа на спречување перење пари и борба против финансирање на тероризам и организациско унапредување на деловните и информатичките аспекти поврзани со системите за бруто порамнување во реално време. Во спроведувањето на проектните активности, партнери на Народната банка се централните банки на Германија и Хрватска, а во дел од активностите вклучени се експерти од централните банки на Белгија, Литванија, Португалија, Словачка и Романија. Преку спроведената размена на знаења и искуства со експертите од овие централни банки, Народната банка започна со изготвување на новите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи. Исто така, преку онлајн мисиите на централните банки од ЕУ стекнати се знаења за воспоставувањето на соодветни процедури поврзани со лиценцирањето на новите даватели на платежни услуги и оператори на платни системи. Твининг проектот ќе се одвива до средина на март 2021 година.




Во текот на 2020 година, Народната банка продолжи со надзорни активности согласно подзаконската регулатива за надгледување на платните системи усогласена со Принципите за инфраструктура на финансиските пазари на Банката за меѓународни порамнувања и Организацијата на Комисии на хартии од вредност.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во првата половина на 2021 година се очекува да се донесе новиот Закон за платежни услуги и платни системи. По донесувањето на Законот ќе започне изготвувањето на финалните верзии на подзаконските акти заради имплементација на одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи и нивно соодветно усвојување од Народната банка.

## Институционална рамка

Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамките на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии ќе се зајакне со нови вработувања.

Со реализацијата на Твининг проектот се очекува понатамошно зајакнување на капацитетите на Народната банка во делот на лиценцирањето на платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платни системи, како и нивната супервизија и надгледување на платните системи.

## Програми и проекти

Во првиот квартал на 2021 година се очекува завршување на Твининг проектот „Зајакнување на институционалните капацитети на Народната банка во процесот на пристапување кон ЕСЦБ" финансиран од ЕУ, со којшто се реализираат активности за обука на вработени во делот на лиценцирањето

и супервизијата на платежни институции и издавачи на електронски пари, надгледувањето на платните системи, како и за деловни и информациски аспекти од функционирањето на ТАРГЕТ 2 системот, со цел имплементација на новините што ќе произлезат од усогласувањето на националното со европското законодавство по донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи.

Во текот на 2021 година се планира одржување на 13-тата конференција за плаќања и пазарна инфраструктура како заеднички проект на Народната банка со Централната банка на Холандија со којашто се очекува да се разменат мислења и искуства во поглед на пазарните и регулаторните аспекти поврзани со платежните услуги и платните системи.

## Среднорочни приоритети

По донесувањето на Законот за платежни услуги и платни системи, согласно роковите утврдени во Законот, ќе биде завршена изработката на подзаконските акти за практична имплементација на одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи коишто се во надлежност на Народната банка. Примената на најголем дел од подзаконските акти се очекува да започне по донесувањето на Законот. За подзаконските акти поврзани со концептот на отворено банкарство и усогласување со техничките барања на СЕПА за кредитни трансфери и директни задолжувања, ќе биде потребен среднорочен временски период.

# СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

## Тековна состојба

Правната рамка која ја регулира превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам е поставена со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам . Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам е усогласен со acquis на ЕУ, Директива 2015/849. Законот ги пропишува мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните државни органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам адекватно на идентификуваниот и проценет ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам го сочинуваат:

- субјектите- физички и правни лица задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Управата за финансиско разузнавање - орган во состав на Министерство за финансии со својство на правно лице, надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- органите на прогонот - Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал - органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во оваа категорија се вбројува и Царинската управа, која покрај другите надлежности, го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од земјата;

- органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите - Народната банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи, Агенција за пошти, Комисија на нотарите во рамки на Нотарската комораи Комисија на адвокатите во рамки на Адвокатската Комора.

Исто така, значајна улога во овој систем има и Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: Советот). Советот е надлежен за координирање на активностите за спроведување на национална проценка на ризикот и за унапредување на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Советот подготви Извештај за спроведена проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, кој Владата го усвои во март 2020 година. Врз основа на наодите и заклучоците од овој извештај Советот подготвува Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Дополнително, Советот ги координира активностите на работната група за проценка на ризик од финансирање на тероризам на непрофитните организации.

Техничките капацитети на УФР се зајакнати со поддршка на ГИЗ преку имплементација на посебна апликација за вршење надзор како и за обезбедување на повратни информации за извештаите и известувањата доставени од УФР до надлежните органи (trackrecord).

Во јуни 2020 година, Владата донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам за време на вонредна состојба. Претставниците на Народната банка беа активно вклучени во процесот на подготвување на оваа Уредба. Со Уредбата се дефинираше начинот на ажурирање на ажурирање на документите и податоците за клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик на клиентот со користење на системи на далечински пристап, преку адекватно спроведување на процесот на автентикација. Исто така, со Уредбата се утврди дека субјектите можат на клиентите со низок ризик коишто не се ажурирани да не им го ограничуваат работењето за време на траење на вонредната состојба, само доколку клиентите извршуваат трансакции во рамките на вообичаеното деловно работење со субјектот.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Заради понатамошно усогласување со acquisна ЕУ, ќе се изврши усогласување на правната рамка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од V Директива (2018/843), односно се подготвува нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и подзаконските акти). Во тој контекст, по донесувањето на новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Народната банка соодветно ќе ја ревидира Одлуката за методологијата за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно нацрт Законот за платежни услуги и платни системи предвидено е воспоставување на Единствен регистар на сметки, кој, меѓу другото, ќе ги опфати и барањата од 5 Директива за спречување перење пари. Овој регистар ќе започне да се воспоставува по донесување на новиот Закон за платежни услуги и платни системи и се очекува да биде во функција една и пол година од неговото донесување.

## Институционална рамка

Понатамошното унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам адекватно на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам ќе се одвива согласно динамиката и Акциониот план на Стратегијата за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2023). Приоритетите на оваа стратегија и активностите во Акцискиот план ќе бидат изработени врз основа на заклучоците од Извештајот за спроведената проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам (2020).

Имплементацијата на активностите утврдени со деталниот работен план на Проектот за борба против економски криминал, германско-норвешка соработка во Спречувањето на нелегални финансиски текови (2019-2022) (имплементирана од страна на ГИЗ) и Амбасадата на Холандија - „Зајакнување на капацитетите на Управа за финансиско разузнавање во Северна Македонија”, треба да придонесе кон зајакнување на капацитетите за ефикасна имплементација на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање тероризам.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

За целите на поефикасна имплементација на правната рамка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам среднорочен приоритет е подготвувањето на упатства и прирачници. Исто така, ќе се прави редовна анализа на потребата за усогласување со прописите на ЕУ и другите меѓународни стандарди и адекватно ќе се преземаат мерки за нивна имплементација во националното законодавство.

## Институционална рамка

На среден рок ќе продолжи институционалната надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на УФР и надзорните органи опфатени со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и одржување на ефикасен систем на меѓу институционална и меѓународна соработка заради обезбедување на ефикасност на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам.

## Програми и проекти

„Проектот за борба против економски криминал-II Фаза"[68] имплементира мерки за унапредување на демократијата и владеењето на правото преку спречување и контрола на перењето пари и финансирањето на тероризам во согласност со европските и другите меѓународни стандарди. Проектот со времетраење од 36 месеци е финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа. Согласно утврдениот работен план, предвидена е реализација на активности за усогласување на легислативата со новите меѓународни стандарди, за зајакнување на аналитичките капацитети, унапредување на супервизорските капацитети, како и капацитетите за имплементација на рестриктивните мерки против финансирање на тероризам и пролиферација на оружје за масовно уништување.

УФР и Народна банка се учесници во реализацијата на германско-норвешка соработка во Спречувањето на нелегални финансиски текови 2019-2022, (имплементирана од страна на ГИЗ). Главната цел на проектот е унапредување на капацитетите за борба против нелегалните финансиски текови. Проектот има три подрачја во кои ќе се реализираат мерки за

68 Со период на имплементација 2019-2023





превенција, истраги и утврдување на нелегално стекнатиот имот. Мерките за превенција треба да обезбедат: унапредување на регулативата преку обезбедување поголема транспарентност на сопственоста на правни лица (функционалност на Регистар на вистински сопственици), иматели на сметки (воспоставување на Регистар на иматели на сметки), утврдување на изложеноста на непрофитните организации на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, зајакнување на капацитетите на субјектите и др.

УФР е главен корисник на проектот финансиран од страна на Амбасадата на Холандија - „Зајакнување на капацитетите на Управа за финансиско разузнавање во Северна Македонија". Главната цел на проектот е унапредување на капацитетите на УФР. Се очекува да се реализираат следните активности:

- Редизајнирање на тековната статична веб-страница во динамична веб страна со веб-платформа достапна до субјектите;
- Ажурирање на индикатори за идентификување на сомнителни активности поврзани со ФТ;
- Вклучување на експерти за подготовка на законска рамка за регулирање на виртуелните валути во согласност со препораките на ФАТФ и директивите на ЕУ;
- Унапредување на методологијата за стратешки анализи и подобрување на информатичките капацитети на ФИУ за спроведување стратешка анализа;
- Ажурирање на ISO стандардите за управување со квалитет и
- Активности за пристап, вмрежување и видливост.

# ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија има постигнато **добро нивона подготвеност** во областа на правото на трговски друштва.Земјата е добро напредната следејќи ги правилата на ЕУ за основање, регистрација, спојување и поделба на компании. За време на извештајниот период, постигнат е **одреден напредок** во понатамошното усогласување на Законот за трговски друштва со правото на ЕУ, но сè уште е потребно понатамошно усогласување со најновото право на ЕУ за корпоративно сметководство на компанијата и законска ревизија. Законот за сметководство и Законот за ревизија допрва треба да се донесат. Треба да се зајакне финансиската независност на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, кој дејствува како независно надзорно тело. Бидејќи делумно беа третирани препораките од минатата година, во наредната година, Северна Македонија треба особено:

- да ги донесе најновите измени на Законот за трговски друштва;
- да ги донесе Законот за сметководство и Законот за ревизија и да ги усогласи со најновото право на ЕУ за корпоративно сметководство и законска ревизија.

# Резиме

До крајот на првата половина од 2021 година се планира да биде донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.

На среден рок се планира ревидирање на Законот за трговските друштва и останатите поврзани закони, во однос на најновото законодавство на Европската Унија за корпоративно сметководство и законска ревизија.



# ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

## Тековна состојба

На 7 декември 2020 год, Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва во кој е извршено транспонирање на преостанатиот дел за прекугранично спојување од Директивата 2005/56 на ЕУ заменета со Директивата 2017/1132 на ЕУ, заедно со воведување Кодекс за корпоративно управување согласно член 20 од Директивата 34/2013 на ЕУ за сметководство (Сл.В 290/20).

На почетокот на април 2020, Министерството за економија го објави на ЕНЕР, предлог законот за изменување и дополнување на Законот за стечај, во кој се транспонира Директива (ЕУ) 2019/1023 на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година - за рамката за превентивно преструктуирање, за ослободување од долгот и дисквалификациите и за мерките за зголемување на ефикасноста на постапките во врска со преструктуирањето, инсолвентноста и ослободувањето од долгот – и измените и дополнувањата на Директивата (ЕУ) 2017/1132 (Директива за преструктуирање и инсолвентност). Во законот ќе бидат имплементирани препораките од ИПА проектот за „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација" (кој се реализираше во периодот јуни 2016 - ноември 2017 година), како и предлозите и забелешките од самите членовите на работната група.

## Краткорочни приоритети

До крајот на првата половина од 2021 година ќе биде донесен законот за изменување и дополнување на Законот за стечај, усогласен со Директива 2019/1023, како и со измените и дополнувањата на Директивата 2017/1132 Директива за преструктуирање и инсолвентност.

## Среднорочни приоритети

На среден рок ќе се започне со постапката за ревидирање на Законот за трговските друштва и останатите поврзани закони, во однос на најновото законодавство на Европската Унија за корпоративно сметководство и законска ревизија, права на акционери и транспарентност на акционерските друштва кои котираат на берза, во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар", кој почна со имплементација во јануари 2021 година и ќе трае во наредните две години.

Се планира да се спроведе анализа и транспонирање на следниве ЕУ мерки:

- Директива (ЕУ) бр.2017/1132 во врска со одредени аспекти на правото на трговски друштва (кодифициран текст) со поврзаните акти;
- Директивата (ЕУ) бр. 34/2013 за годишните финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи за одредени видови претпријатија, за изменување на Директивата бр. 2006/43/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Директивите бр. 78/660/ЕЕЗ и 83/349/ЕЕЗ на Советот;
- Директива 2014/95 во врска со обелоденувањето нефинаниски и различни информации од страна на големи трговци и групи;
- Регулатива 1601/2002 за примена на интернационални сметководствени стандарди;
- Директива (ЕУ) бр.2017/828 за измена на Директивата бр.2007/36 во врска со охрабрувањето на долгорочниот ангажман на акционерите;
- Директива 2004/109 за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачи чии хартии од вредност се признаваат за тргување на регулиран пазар и измена на Директивата 2001/34 / ЕС (консолидирана верзија);
- Регулатива бр.2018/1212 за имплементирање на воспоставувањето минимални барања за имплементирање на одредбите од Директивата бр.2007/36 на Европскиот парламент и на Советот во врска со идентификација на акционерите, пренос на информации и олеснување на остварувањето на акционерските права;
- Директива (ЕУ) бр.2014/95 за измена на Директивата (ЕУ) бр. 2013/34 во врска со обелоденување нефинансиски и различни информации од страна на големи трговци и групи;
- Директива 2014/56 за законска ревизија на годишни сметки и консолидирани сметки;
- Регулатива 537/2014 за специфични барања во врска со законска ревизија на субјекти од јавен интерес и укинување на Одлуката на Комисијата 2005/909 / ЕЗ;

# СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

## Тековна состојба

Владата го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, заради усогласување со членови од Законот за услуги, како и заради одложување на обврската за посета на часови за континуирано професионално усовршување од Четвртиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19 и намалување на бројот на часови за континуирано професионално усовршување.

Во подготовка е нов Закон за ревизија, во кој се транспонирани Директивата 2014/56/ЕУ за законска ревизија на годишни сметки и консолидирани сметки и Регулативата 537/2014 за специфични барања за законска ревизија за субјектите од јавен интерес. Министерството за финансии во наредниот период ќе започне процес на консултации со сите заинтересирани страни заради нивно активно вклучување во утврдувањето на конечниот текст на Предлог законот за ревизија.

Во изминатиот период Институтот на овластени ревизори ги усвои Годишниот извештај за работа за 2020 година, Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2021 година и спроведе дисциплински постапки за членовите на ИОР поради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОР. Изминатиот период Институтот донесе Извештај за спроведена контрола на квалитет и подготви Годишен план за проверки за контрола на квалитетот за 2020/2021 година, согласно кој се спроведуваат активности за контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Институтот усвои и Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2020 година, а согласно настанатата ситуација наметната од пандемијата на КОВИД-19 настаните се одржуваат он-лајн и/или комбинирано со физичко присуство на ограничен број на учесници. Во периодот септември/октомври 2020 година, Институтот спроведе и испит за стекнување на звањето ревизор, како и одобри барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.

Во овој период Институтот склучи и Меморандум за соработка со други професионални организации и академски институции во земјата, и ја финализира постапката за објавување на ажурираниот превод на Меѓународните стандарди за ревизија и други релевантни стандарди на IFAC.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

До крајот на 2021 година се очекува да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи. Во делот на ревизијата до крајот на првата половина на 2021 година се очекува да се донесе новиот Закон за ревизија заради усогласување со Директивата 2014/56 и Регулативата 537/2014 за посебните услови за законска ревизија на субјектите од јавен интерес.

Во рамки на ИПА 2 Проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар" кој започна во јануари 2021 година и ќе трае во наредните две години предвидена е техничка помош за Директивата 2014/56/ЕУ за законска ревизија и Директивата 2013/34/ЕЗ за годишни финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи на одредени видови трговски друштва.

## Среднорочни приоритети

Во рамки на ИПА 2 Проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар" предвидено е транспонирање на одредбите од Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва во националното законодавство.

## Институционална рамка

Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамките на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии ќе се зајакне со нови вработувања, на краток и среден рок.



# ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија останува **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во подигнувањето на свеста за борбата против фалсификување, шверц и увоз на фалсификувана стока, вклучително и зголемување на запленета стока. Препораките од 2019 година не беа целосно спроведени и остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

- да воспостави информативна платформа за институциите за спроведување на законот за размена на податоци за правата на интелектуална сопственост;
- дополнително да ја подобри правната рамка за интелектуална сопственост, особено системот за управување со колективни права преку усогласување со Директивата за управување со колективните права и правата на индустриска сопственост преку усогласување со Директивата за спроведување и со Директивата за трговски тајни.



# АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

## Тековна состојба

Нацрт-законот за измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права (Сл.В бр. 51/2010, 147/2013, 154/2015 и 27/2016) се усогласува со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување со авторското право и сродните права и мулти-територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на заштитата на авторското право и сродните права, во однос на заштитата на коавторите на музички дела со текст, на времетраењето на заштитата на изведувачите и фонограмските продуценти на снимени музички изведби, односно фонограми од 50 на 70 години, Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата сираци, како одредби во насока на спроведување на Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали. Воедно, извршени се и усогласувања со одредбите од Законот за прекршоци.

Имајќи ја предвид потребата од стручна оценка на Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права, како и на мислењата и ставовите на сите засегнати страни во процесот на донесување на измените на законот, Министерството за култура обезбеди помош преку ТАИЕКС инструментот за техничка и стручна помош преку ангажирање европски експерти.

Приоритетна цел е воспоставување на систем за ефикасно остварување на авторското право и сродните права, вклучително и на колективното управување со авторското право и сродните права, кои вклучуваат:

- Зајакнување на капацитетите во колективното управување со авторското право и сродните права, заради формирање нови организации за колективно управување во функција и обврска за градење систем и пракса, сличен или сроден на оној во Унијата. Оваа цел содржи и повеќе други слични мерки и активности како, организирање

тематски работилници за поттикнување на колективното остварување на авторското право и сродните права и изработка на информативно-едукативни материјали во рамките на веб-страницата за авторското право и сродните права.

- Аплицирање за ЕУ проекти заради подигањето на јавната свест за значењето на авторското право и сродните права, неговото спроведување и колективното управување во рамките на праксата во земјите членки на Европската унија.

Оваа стратешка цел подразбира спроведување на авторското право и сродните права преку интензивирање на координацијата и соработката во оваа област со релевантни државни органи и институции со посебен акцент на обезбедување и размена на податоци за остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права.

## Краткорочни приоритети

- Донесување на измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права со акцент на колективното остварување на авторското право и сродните права и негова соодветна имплементација;
- Изработка на функционална веб-страница за авторското право и сродните права.
- Организирање кампањи: општо за значењето на авторското право и сродните права; за улогата на авторското право и сродните права во дејности и индустрии базирани на авторското право и сродните права; за поттикнување на колективното остварување на авторското право и сродните права; за поттикнување на легални начини на користење на авторските дела и предметите на сродните права.
- Организирање тематски работилници: Колективно остварување на авторското право и сродните права; заштита на правата;пренесување на правата;авторското право и сродните права и новите технологии и медиуми;авторското право и сродните права и дејности и индустрии базирани на авторското право и сродните права.
- Интензивирање на соработката со Светската организација за интелектуална сопственост.
- Интензивирање на билатералната соработка во областа на авторското право и сродните права со земјите од регионот на Југоисточна Европа.

## Среднорочни приоритети

Изготвување на стратегиски документ за вклучувањето на авторското право и сродните права во образовниот систем.

# ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

## Тековна состојба

Нацрт Закон за индустриска сопственост, кој се усогласува со Директивата на ЕУ 2016/943 во областа на трговските тајни, е во фаза на консултации со ЕК, во однос на доставената кореспондентна табела.

Во првото тримесечје од 2020 година беа реализирани студиски посети и обуки на вработените на Заводот во Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија, што е дел од билатералната соработка помеѓу двете институции, во Европската патентна академија на ЕПЗ и во Светската организација за интелектуална сопственост.

Продолжуваат активностите за изнаоѓање на финансиска поддршка за реализација на модулите за воспоставување на информациски систем за комуникација со јавноста и институциите со техничка помош од Норвешка.

ДЗИС има назначено два експерта кои ќе бидат дел од работните групи на ЕПЗ за реализација на Стратешкиот план 2023 на ЕПЗ во делот на проектите кои се однесуваат на информатичката технологија и испитувањето на патенти.

На 19 ноември 2020 година се одржа координативен состанок со претставници на здружението на застапници во Северна Македонија. Се дискутираше за олеснување на процедурите кои ги води Заводот, дигитализација на услугите, усогласување со европските практики и барањата на денешната дигитална ера, со крајна цел подобрување на условите за заштита на правата на интелектуална сопственост.

Директорот на Државниот завод за индустриска сопственост на 19 ноември 2020 година ги додели наградите за патенти на годината во рамки на манифестацијата МАКИНОВА на која македонските иноватори традиционално ги презентираат своите производи: Респираторна машина, систем за контрола на оддалеченост и одржување на дистанца и соларна лежалка се пронајдоците кои добија награди за 2020 година.

## Краткорочни приоритети

- Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.
- Ќе се направат измени и дополнувања на Законот за индустриска сопственост.
- Ќе се реализираат активностите во рамките на веќе усвоениот проект од страна на Европската комисија за развивање на нова национална долгорочна Стратегија за интелектуална сопственост, како и развивање на посебна наменета електронска мрежа за размена на податоци помеѓу институциите за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост и електронско поднесување на сите видови на пријави за ИС како и електронски сервиси.
- Во рамките на билатералната соработка со Норвешка, ќе се воспостави систем за размена на податоци со корисниците на системот за индустриска сопственост, односно ќе се воспостави софтверска алатка за комуникација со јавноста и застапниците на правата од индустриска сопственост.
- Ќе се реализираат активности за јакнење на капацитетот на ДЗИС, за заштита на правата од индустриска сопственост, преку зголемување на бројот на вработените, како и преку обуки, семинари и работилници во рамките на соработката со СОИС, ЕПЗ и ЗИСЕУ.
- Ќе се поедностави пристапот до информациите од ДЗИС и ЗИСЕУ, кои се однесуваат на системот на заштита на правото на трговска марка и индустриски дизајн;
- Ќе се подигне нивото на размена и квалитет на податоци помеѓу ДЗИС со ЕПЗ и ЗИСЕУ;
- ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост и тоа

преку непосредна соработка со Министерството за образование и наука во прв и втор циклус на високото образование;

- Во соработка со Министерството за правда, ќе се превземаат активности за подобрување на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост;
- Ќе учествува во реализацијата на Стратешкиот план 2023 на ЕПЗ преку назначување на експерти од Заводот во работните групи, посебно во делот на информатичката технологија како и испитувањето на пријавите на патент.
- Врз основа на насоките добиени од Светската организација за интелектуална сопственост, ќе се развиваат постојните ИП системи, ќе се редефинира концептот на пронаоѓач и ќе се одредат различни категории на вештачка интелигенција (AI) за пронајдоци.

## Среднорочни приоритети

- Донесување на национална долгорочна Стратегија за интелектуална сопственост, како и развивање на посебна електронска мрежа за размена на податоци помеѓу институциите за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост и електронско поднесување на сите видови на пријави за ИС како и електронски сервиси (во рамки на одобрениот ИПА проект);
- Ќе се развие посебна електронска мрежа на која ќе има повеќе електронски модули како што се: веб базирана платформа за прибирање и процесирање на податоци од институциите кои се за спроведување на правата од интелектуална сопственост согласно Методологијата, модул за комуникација за размена на податоци и искуства помеѓу институциите, модул за овозможување на услуги на компаниите кои имаат поднесено барања за признавање на некое од правата за индустриска сопственост, модул за електронско учење и обука (вебинари, публикации и литература), како и централна база на податоци.

- Ќе се развие софтвер за електронско поднесување на пријавите за сите права од индустриска сопственост. Преку обезбедените е-формулари корисниците ќе можат да управуваат со податоци поврзани со поднесувањето на нивните апликации, како што се: податоци за лицата (подносители, претставници, носители, сопственик, стекнувач на лиценца, залог) Податоци за ПИС (т.е. пријавата за патент за која корисникот ќе примени е-услуга), Основи за оспорување, откажување, приговор, невалидност, Ануитети, Потпис и податоци за плаќање и методи како и дополнителни функции. Е-услугите понатаму ќе ги поддржат корисниците при поднесување на нивните пријави преку напредна функционалност, како што се онлајн и валидација на внесените податоци во реално време, поставување и преглед на висококвалитетни дигитални слики, интеграција со системите за плаќање преку интернет итн.

## Програми и проекти

- Во рамките на билатералната соработка со Европската патентна организација се очекува да се реализираат проекти како што се: Espacenetnew, Квалитет во изворот (размена на податоци помеѓу двете институции како и подигање на квалитетот на тие податоци за размена). Исто така ќе учествува во реализацијата на сите проекти кои што произлегуваат од Стратешкиот план 2023 на ЕПО.
- На самиот почеток на 2021 година, ДЗИС ќе започне со спроведување на проектот Техничка помош за развој на Национална стратегија за интелектуална сопственост 2021-2026 и Наменета електронска мрежа за размена на податоци помеѓу институциите во системот на ПИС и електронско поднесување на пријави за трговски марки, патенти, индустриски дизајни и е-услуги.
- ДЗИС е во фаза на планирање предлог-проект, за реализација на активностите, кои ќе произлезат од долгорочната Стратегија за интелектуална сопственост 2021-2026, во насока на подобрување на целиот систем за заштита и спроведување на правата на интелектуалната сопственост.

# ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на политиката на конкуренција. Главната законодавна рамка на државна помош и антимонопол и спојувања во голема мера е усогласена со правилата на ЕУ, но треба да се измени во однос на законодавството за спроведување што опфаќа различни области и сектори. Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК), како национален орган за конкуренција, нема административен и извршен капацитет, како во однос на персоналот, така и во однос на буџетот. Потребни се значителни напори за спроведување. **Нема напредок** во оваа област во текот на периодот на известување. Затоа, препораките од минатата година остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

- да ја подобри независноста и да го зајакне капацитетот на националниот орган за конкуренција за подобрување на перформансите на спроведувањето, вклучително и во најпроблематичните случаи споменати подолу;
- да ја зголеми транспарентноста за државната помош доделена од страна на Владата.
- дополнително да го усогласи законодавството за спроведување во областа на државната помош.




# Резиме

Во 2021 година Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) ќе подготви детална анализа за измена на Законот за контрола на државна помош и за Законот за заштита на конкуренцијата и потребните подзаконски акти, за да се доусогласат со законодавството на ЕУ, согласно препораките на Европската комисија изнесени во извештаите за напредокот, на состаноците во рамки на ССА и на објаснувачкиот скрининг за Поглавје 8.

Во периодот јануари - ноември 2020 година КЗК донесе вкупно 80 решенија од кои 3 во прекршочна постапка (две за усогласено однесување – картел и едно за полесен прекршок – недоставување на податоци) и 76 решенија во управна постапка (52 решенија за концентрации и 24 решенија за државна помош). Од вкупно 52 решенија за концентрации, во 51 решение КЗК утврди дека концентрацијата е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК) и истите се одобрени, додека во едно решение КЗК утврди дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на ЗЗК.

# АНТИТРУСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

## Тековна состојба

Во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренција (КЗК) вработени се вкупно 23 државни службеници. На спроведување на Законот за заштита на конкуренција (ЗЗК) работат 6 државни службеници (4 правници и 2 економисти). Во 2020 година тие континуирано работеа на зајакнување на спроведувачките капацитети преку учество на онлајн работилници за антитрустови.

КЗК, во периодот јануари - ноември 2020 година донесе вкупно 80 решенија, од кои 3 во прекршочна постапка (две за усогласено однесување – картел и едно за полесен прекршок – недоставување на податоци) и 76 решенија во управна постапка, од кои 52 решенија за концентрации (во 51 решение утврди дека концентрацијата е во согласност со ЗЗК, а во едно решение утврди дека концентрацијата не е во согласност со ЗЗК). Во овој период КЗК донесе и 7 мислења.

КЗК остварува блиска соработка со регулаторните тела во согласност со потпишаните меморандуми за соработка, како и соработка во рамки на Мрежата за конкуренција при Енергетската заедница.

## Краткорочни приоритети

- Детална анализа на законодавството со идентификување и јасно назначување на неусогласеното релевантно acquis, по што соодветно ќе се измени Законот за заштита на конкуренцијата;
- Нови вработувања и обезбедување на стабилен, независен буџет на КЗК;
- Јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата преку TAIEX обуки, национални обуки и обуки во организација на Регионалниот центар за конкуренција во Будимпешта;

- Интензивирање на соработката со Министерството за внатрешни работи во насока на спроведување теренски инспекции;
- Подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање брошури, конференции и јавни дебати, со посебен фокус на можноста за користење на Програмата за попустливост; и
- Зајакнување на капацитетот на судството за сложените предмети специјализирани обуки спроведувани од Академијата за обука на судии и обвинители, јавни дебати и конференции, со помош од странски експерти од областа на Европското конкурентско право.

## Среднорочни приоритети

- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, со цел доусогласување со соодветното acquis за државна помош;
- Уредба за договори од мало значење кои значително не ја ограничуваат конкуренцијата согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата (deminimis) која ќе биде усогласена со Известувањето на ЕК за договори од мало значење кои значително не ја нарушуваат конкуренцијата со бр. 2014/C 291/01 и Насоки за спроведување на Уредбата;
- Уредба за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата за категории на договори за трансфер на технологија, која ќе биде усогласена со Регулативата (ЕУ) 316/2014;
- Насоки за исполнување на услови за известување за концентрација, кои ќе бидат усогласени со Консолидираното известување на ЕК, согласно Регулативата (ЕУ) 139/2004, за контрола на концентрации помеѓу претпријатијата бр. 2008/C 95/01;

- Уредба за групно изземање на договорите од областа на транспортот по железнички, патни и внатрешни пловни патишта, заради усогласување со Регулативата на Советот (ЕС) бр. 169/2009 за примена на правилата за конкуренција на транспортот по железнички, патни и внатрешни пловни патишта.

## Програми и проекти

Нотирана е потребата на КЗК за TAIEX со цел зајакнување на нејзините капацитети во делот на антитрустови вклучувајќи и концентрации. Исто така, КЗК има потреба од средства од ИПА за усогласување на законодавството за конкуренција и државна помош и понатамошно зајакнување на капацитетите на КЗК, како и помош од останати донатори.

Во тек е финализирање на проект со Европската банка за регионален развој (ЕБРД), во рамките на кој ќе се обезбеди техничка поддршка преку обука на вработените во секторот за антитрустови на КЗК.

# ДРЖАВНА ПОМОШ

## Тековна состојба

На спроведување на Законот за контрола на државната помош (Сл.В бр. 145/10) и подзаконските акти во КЗК работат 4 државни службеници (2 економисти и 2 правници).

КЗК во периодот јануари – декември 2020 година донесе вкупно 24 решенија за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош и достави и 8 мислења до давателите на државната помош во врска со правни акти кои содржат државна помош.

КЗК редовно доставува до Европската комисија ажуриран годишен Регистар за државна помош.

## Краткорочни приоритети

- Јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за контрола на државната помош преку TAIEX обуки и национални обуки;
- Јакнење на свеста на давателите на државната помош за потребата од почитување на одредбите на Законот за контрола на државната помош кои пропишуваат претходна консултација со КЗК за правните акти и индивидуалните проекти кои содржат државна помош, преку јавни дебати и конференции;
- Воспоставување на веб базиран Регистар за државна помош, заради зголемување на транспарентноста при евиденција/авторизирање и следење на податоците за доделена државна помош;
- Детална анализа на законодавството со идентификување и јасно назначување на неусогласеното релевантно acquis, по што соодветно ќе се измени Законот за контрола на државната помош;

- Усогласување на шемата за финансиски поттик за аеродромите во Скопје и Охрид со Упатствата за авијација на Европската комисија бр. 2014/C 99/03; и
- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, согласно препораките на Европската комисија за усогласување со Упатствата за регионална помош 2014 - 2020, бр. 2013/C 209/01.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе се донесат:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на државната помош, со цел доусогласување со соодветното acquis за државна помош;
- Уредба за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државната помош заради усогласување со Регулативата бр. 734/2013 за правилата за примена на член 93 од ДФЕУ;
- Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош заради усогласување со Упатствата на ЕК за регионална помош за 2014 - 2020, бр. 2013/C 209/01;
- Уредба за условите и постапката за доделување на помош за аеродроми и авиолинии, заради усогласување со Упатствата за авијација на Европската комисија бр. 2014/C 99/03;
- Уредба за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, заради усогласување со Регулативата (ЕУ) 651/2014 за правилата за примена на член 107 и 108 од ДФЕУ;
- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реструктуирање на претпријатија со потешкотии заради усогласување со Регулативата (ЕУ) 800/2008 за правилата за примена на член 87 и 88 од ДЕЗ.

# Програми и проекти

Нотирана е потребата на КЗК за TAIEX со цел зајакнување на нејзините капацитети во делот на контролата на државната помош, како и поддршка преку ИПА 2023, за усогласување на законодавството за државна помош и понатамошно зајакнување на капацитетите на КЗК, како и помош од останати донатори.



# ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Во областа на финансиските услуги, земјата е умерено подготвена. Постигнат е ограничен напредок во насоките за адекватност на капиталот и либерализацијата на пазарите на капитал во согласност со втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Затоа, препораките од минатата година остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

- да продолжи да ги спроведува барањата на Базел III и да ги заврши активностите за назначување на орган за решавање на банките;
- да собира податоци за нерегистрирани и неосигурени возила;
- соодветно да се осврне на заштитата на потрошувачите.


Busi
Biggest riser
NMC Health
1557½p
+208.00 (+15.4lpc)
Biggest faller
Pearson
588⅝p
-39¼ (-6.24pc)
Dow Jones
29400
29200
29000
28800
Mon
Tue
Wed
Thu
Fri
29348.10
+524.33 (+1.82pc)
FTSE 250
21886.08
+319.41 (+1.48pc)
FTSE All Share
4257.93
+51.21 (+1.22pc)
FTSE All Share Yield
4.04
0.00
FTSE Eurotop 100
3225.55
+40.88 (+1.28pc)
Nikkei 225
24041.26
+190.69 (+0.80pc)
EURO STOXX 50
S&P 500
Nasdaq
d-out
plots

# БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

## Тековна состојба

- Во ноември 2020 година се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот. Со законот ќе се воспостави државна гарантна шема преку Развојната банка на Република Северна Македонија. Со оваа мерка ќе се овозможи поддршка на приватниот сектор преку преземање на дел од кредитниот ризик, подобрување на условите за колатерал по кредити од деловните банки и стимулирање на банките во понудата на долгорочни кредити за раст и развој на микро, мали и средни компании.
- Во втората половина на 2020 година беше изработен предлог-Закон за финансиската стабилност којшто е во владина постапка. Со Законот ќе се воспостави и законската рамка за спроведувањето на макропрудентната политика, особено во однос на надлежностите на Комитетот за финансиска стабилност (КФС) и одделните надлежни органи во овој домен, начинот на преземање макропрудентни мерки и издавање препораки и укажувања од КФС и начинот на комуникација при спроведувањето на макропрудентната политика и при управувањето со финансиска криза.

Најзначајните активности на Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) во 2020 година во доменот на банкарската регулатива беа насочени кон натамошно усогласување со соодветните европски одредби, но и со носење регулаторни измени заради соодветно адресирање на негативните ефекти од пандемијата од Ковид-19 врз домашниот банкарски систем и врз домашниот приватен сектор. Од тој аспект, во текот на 2020 година Народната банка ги донесе следниве акти:

- Нова регулатива за управувањето со ликвидносниот ризик со која, меѓу другото, се

овозможи воведување на стапката на покриеност на ликвидноста (Liquidity Coverage Ratio-LCR), како краткорочен ликвидносен стандард што банките ќе треба да го следат и почитуваат почнувајќи од 1 јануари 2021 година. Во изработката на новата регулатива се следеа барањата од Европската регулатива за капиталните барања на кредитните институции и инвестициските друштва[69], вклучувајќи ги и измените на оваа регулатива од мај 2019 година[70], како и соодветните акти на Европската комисија[71]. Покрај оваа новина, со новата регулатива се овозможува натамошно унапредување на начинот на управувањето со ликвидносниот ризик, пред сè во доменот на следењето на ликвидносниот ризик преку следење на стапката на покриеност со ликвидност на збирно ниво и според секоја значајна валута, воспоставување и одржување соодветна рочна структура, следење на изворите на средства и на нивната концентрација, следење на расположливите неоптоварени средства и утврдување, следење и одржување на интерните ликвидносни показатели;

- Нова регулатива за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеност со која се овозможува посоодветно спроведување на релевантните одредби од ЕУ Регулативата 575/2013 (CRR), вклучувајќи ги и најновите измени на оваа регулатива од мај 2019 година за утврдување и следење на лимитите на изложеност. При изработката се земаа предвид и насоките на Базелскиот комитет и на Европскиот банкарски орган за утврдување големи изложености и за идентификување поврзани лица. Поради значењето на воведените новини и потребата за соодветно прилагодување на системите на банките за соодветна примена на новите барања, оваа регулатива почна да се применува од 1 јануари 2021 година;

- Измени и дополнувања на регулативата за управување со кредитниот ризик коишто имаа за цел полесно надминување на негативните економски ефекти од пандемијата. По примерот на активностите преземени во ЕУ, регулаторните промени од март 2020 година овозможија промените на договорните услови на изложеностите одобрени од банките пред почетокот на пандемијата, да немаат третман

69 Regulation (EU) No 575/2013 of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 on prudential requirements for credit institutions and investment firms.

70 Regulation (EU) 2019/876 of the European Parliament and of the Council of 20 May 2019.

71 Commission Delegated Regulation (EU) 2015/61 of 10 October 2014 and Commission Delegated Regulation (EU) 2018/1620.

на реструктурирање на тие изложености. Оваа можност беше одобрена на привремена основа, односно до крајот на септември 2020 година, при што фокусот беше ставен на добрите клиенти на банките со редовен статус со што се избега прекумерното кумулирање ризици во билансите на домашните банки. Со измените им се даде простор на банките, во взаемен договор со кредитокорисниците, да понудат поповолни договорни услови на постојните кредити, вклучувајќи и можност за давање грејс-период (мораториум) во измирувањето на обврските на кредитокорисниците. Притоа, променетите договорни услови немаа имаат третман на реструктурирање, имајќи предвид дека претставуваа одговор на системскиот ризик којшто произлезе од КОВИД-19 и се насочени кон широк круг клиенти и производи коишто ги нудат банките. Сепак, останува обврската за банките да извршат соодветна анализа на квалитетот на кредитната изложеност и на клиентот, особено за клиентите – нефинансиски правни лица. Дополнително, се олесни условот за третманот на одредено побарување како нефункционално. Наместо тековниот пристап кога банките имаа обврска како нефункционални изложености, меѓу другото, да ги евидентираат сите кредити чиишто обврски се извршуваат со задоцнување подолго од 90 дена, критериумот за премин во нефункционално побарување привремено беше поместен на 150 дена. Овој „олеснет“ третман банките го применуваа само на кредитите со редовен статус, при што до крајот на 2020 година, банките имаа обврска целосно да се прилагодат на постојните критериуми за утврдување нефункционални кредити (90 дена). На овој начин се задржа прудентниот пристап со кој се овозможи реално прикажување на квалитетот на кредитните портфолија на банките и негов соодветен одраз врз финансискиот резултат на банките во 2020 година;

- Измени на регулативата за адекватност на капиталот заради усогласување со измените во регулативата за управување со кредитниот ризик. Имено, согласно со постојната регулатива за адекватноста на капиталот, банките се должни да применуваат пондер на ризичност од 150% на потрошувачките кредити со договорна рочност еднаква или поголема од осум

години. Со измените и дополнувањата, секое продолжување на рочноста на потрошувачките кредити извршено во согласност со измените и дополнувањата на регулативата за управување со кредитен ризик од март 2020 година, не се зема предвид при утврдувањето на вкупната рочност на тој кредит и нема да предизвика потреба од издвојување поголем пондер на ризичност;

- Измени на регулативата за управување со ризиците со кои се продолжи рокот за доставување на првиот Извештај за процесот за утврдување на интерна ликвидност (ПИЛ). Имајќи ги во предвид ограничените ресурси на банките и потребата тие ресурси да бидат насочени кон соодветно адресирање на ризиците коишто произлегуваат од панденимијата, рокот од 31 мај 2020 година беше одложен до 30 септември 2020 година.

Следејќи ги општите трендови по финансиската криза, во текот на 2020 година беа преземени важни чекори за понатамошно зајакнување на рамката за финансиска стабилност во земјата. Со потпишување на Меморандум за разбирање во април 2020 година, беше променет составот, начинот на работа и главната функција на Комитетот за финансиска стабилност (КФС) да служи како главно координативно тело за макропрудентна политика и управување со кризи. Со новиот Меморандум, КФС се состои од сите регулаторни и надзорни органи во земјата (Народната банка, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисијата за хартии од вредност и Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување) и од Фондот за осигурување на депозитите. Како поддршка на КФС, формирани се два поткомитети - Поткомитет за следење на системскиот ризик и предлагање макропрудентни мерки и Поткомитет за подготовка за управување со финансиска криза, коишто во текот на 2020 година започнаа со извршување на задачите предвидени во Меморандумот. Задачите на КФС, меѓу другото, опфаќаат разгледување анализи, информации и препораки доставени од поткомитетите; донесување заклучоци за состојбата во финансискиот систем; издавање препораки и предупредувања во однос на системските ризици и финансиската стабилност и следење на нивното спроведување; разгледување на макропрудентните мерки спроведени од одделните надлежни органи; оцена на институционалната подготвеност за справување со финансиската криза и донесување одлуки во однос на постоењето финансиска криза и преземањето соодветни активности за справување со финансиската криза.

Покрај овие активности на Народната банка, во текот на 2020 година беа преземени сериозни напори за изработка на законско решение за воспоставување на новата рамка за решавање банки. Со новиот Закон за решавање на банките ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ за закрепнување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми и ќе се создадат услови за брза реакција на Народната банка во случај на ризици во работењето на банките.

Во овој домен, од посебна важност е започнатиот твининг со Европската Унија којшто, меѓу другото, е насочен кон натамошно усогласување на банкарската регулатива со соодветната европска регулатива, воспоставување на функцијата на решавање банки, зајакнување на воспоставените супервизорски практики. Исто така, Народната банка е опфатена и со регионалната програма на Европската Унија за зајакнување на капацитетите на централните банки од Западен Балкан со цел нивно интегрирање во Европскиот систем на централни банки. Во рамките на овој твининг веќе се организираа неколку обуки од областа на супервизијата и финансиската стабилност, при што посебно треба да се истакнат обуките поврзани со воспоставувањето на краткорочниот ликвидносен стандард и со решавањето на нефункционалните кредити. На крајот, посебно треба да се истакне и техничка помош добиена од Центарот на Светска банка за соработка со финансискиот сектор со седиште во Виена (Vienna Financial Sector Advisory Center - FinSAC). Соработката со овој Центар е од особено значење за изработката на Законот за решавање на банките, како и во однос на развојот на интерен модел во Народната банка за оцена на кредитниот ризик на поединечни клиенти на банките.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

- Министерството за финансии и Народната банка ќе го заокружат процесот на изработка на новиот Закон за решавање на банките којшто се очекува да биде усвоен од Собранието во првата половина на 2021 година;
- ќе продолжат и активностите за изработка нов Закон за банките заради натамошно усогласување со ЕУ Директивата 2013/36/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013. Со новиот закон ќе

се зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење.

- ќе се донесе Законот за финансиска стабилност со кој ќе се воспостави законската рамка за спроведување на макропрудентната политика и преземањето макропрудентни мерки. Паралелно со донесувањето на овој Закон, ќе се извршат и соодветни измени во Законот на Народната банка, заради соодветно регулирање на новите активности коишто ќе треба да ги врши Народната банка во доменот на спроведувањето на макропрудентната политика;
- Народната банка ќе изработи и донесе нова регулатива за објавување податоци и информации од страна на банките. Со оваа регулатива ќе се зајакнат постојните барања за објавување податоци од страна на банките, преку нивно усогласување со новите барања за управување со ризиците, пред сè со ликвидносниот и кредитниот ризик, како и натамошно усогласување со соодветните барања од Европската регулатива 575/2013;
- Народната банка ќе ги насочи своите активности и кон донесување на соодветни подзаконски решенија коишто ќе произлезат од Законот за финансиска стабилност, како и кон воспоставување соодветни капацитети за извршување на активностите коишто ќе треба да ги врши Народната банка во доменот на спроведувањето на макропрудентната политика. Со оглед на значењето на овие активности се очекува тие да продолжат и во 2022 година.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Најзначајната активност на Народната банка со среднорочен приоритет е поврзана со примената на Законот за решавање на банки, што ќе значи: изработка на соодветната подзаконска регулатива, изработка на интерни постапки и правила за вршење на оваа активност во Народната банка и за соодветна комуникација и соработка помеѓу оваа функција и супервизорската функција којашто исто така се извршува во

Народната банка (супервизорската функција и функцијата за решавање банки ќе ја вршат посебни организациски единици), градење соодветни капацитети за вршење на оваа функција, изработка планови за решавање на одделна банка и слично. Имајќи ги предвид обемот и опфатот на овие активности, како и искуството на другите земји во воспоставувањето и примената на оваа функција, се очекува целиот овој процес да биде заокружен во подолг временски период.

Со донесувањето на нов Закон за банките, во следниот среднорочен период Народната банка ќе биде насочена и кон изработка на целата подзаконска регулатива којашто ќе произлезе од овој Закон. Оваа активност се очекува да биде од помал обем (споредено со активностите поврзани со Законот за решавање на банки), имајќи го предвид степенот на усогласеност на постојните подзаконските акти со европската директива и регулатива. Сепак, како дел од подзаконската регулатива којашто ќе произлезе од новиот Закон за банките, особен предизвик во следниот среднорочен период ќе биде воспоставувањето услови за соодветна примена на напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал за кредитниот, оперативниот и пазарниот ризик и соодветно регулирање на капиталниот третман на изложеностите на банките.

Исто така, во следниот период Народната банка ќе ги насочи своите активности и кон донесување соодветна подзаконска регулатива за водење ефикасна макропрудентна политика кон банките и другите финансиски институции коишто се во нејзина надлежност.

## Институционална рамка

Народната банка и понатаму ќе продолжи со јакнење на своите капацитети во доменот на банкарската супервизија, банкарската регулатива и решавањето на банките, при што особен акцент ќе биде ставен на прифаќање и подобро разбирање на практиките присутни во Европската Унија (во рамките на Механизмот за единствена супервизија и Механизмот за единствено решавање банки и слично). Во исто време, Народната банка ќе продолжи со градење на капацитетите за спроведување на макропрудентната политика и за управување со финансиска криза.

# ОСИГУРУВАЊЕ И КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

## Тековна состојба

Во февруари 2020 година беше донесена измена и дополнување на Законот за супервизија на осигурување. Со измената и дополнувањето на Законот за супервизија на осигурување се изврши усогласување на овој Закон со одредбите од новиот Закон за прекршоци (Сл.В бр. 96/2019). Донесувањето на овој закон придонесе за олабавување на казнената политика преку намалување на висината на глобите за физичките и правните лица заради подобрување на бизнис климата во државата.

Во текот на 2020 година, Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) донесе 6 подзаконски акти кои уредуваат измени и дополнувања на претходно донесени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување и тоа:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за застапник во осигурување (Сл.В бр. 35/2020);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за осигурителен брокер (Сл.В бр. 35/2020);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видовите и описот на ставки кои ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштвата за осигурување и/или реосигурување (Сл.В бр. 96/2020);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување (Сл.В бр. 107/2020);

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси (Сл.В бр. 107/2020);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минимална содржина на евиденцијата и начинот на пријавување, резервирање и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување (Сл.В бр. 107/2020).

Измените на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за застапник во осигурување и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за осигурителен брокер (Сл.В бр. 35/2020) произлегоа од потребата за усогласување со Законот за употреба на јазиците.

Целта на измените на Правилникот за видовите и описот на ставки кои ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштвата за осигурување и/или реосигурување беше да се додефинираат условите кои треба да ги исполнат субординираните должнички инструменти со цел прибраните парични средства по основ на емисија на овој инструмент да може да се вклучат во пресметката на капиталот на друштвата за осигурување.

Измените на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување, Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимална содржина на евиденцијата и начинот на пријавување, резервирање и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување беа иницирани со цел да им овозможат на друштвата за осигурување да ги амортизираат првичните шокови од намалената продажба по финансискиот резултат, солвентноста и ликвидноста во работењето како резултат на здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 пандемијата. Овие измени им овозможија на друштвата за осигурување да бидат пофлексибилни кон осигурениците, без притоа да претрпат загуби поради барањата на регулативата.

Дополнително АСО донесе 3 целосно нови подзаконски акти и тоа:

- Правилник за формата и содржината на Прекршочниот платен налог (Сл.В бр. 57/2020);
- Правилник за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците (Сл.Вбр. 224/2020);
- Правилник за минималните стандарди на информатичките системи на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување (Сл.В бр. 260/2020).

Со новите правилници, АСО ги зајакна стандардите, процедурите и постапките за решавање на штети од страна на друштвата за осигурување и ги зајакна минималните критериумите и стандарди кои треба да ги исполнуваат информациските системи на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување како и нивната безбедност.

Основните закони со кои се воспоставува и регулира капитално финансирано пензиско осигурување се: Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување. Во рамките на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување се регулирани професионални пензиски шеми кои се усогласени со Директива (ЕУ) 2016/2341 за активностите и надзорот на институциите за пензионирање (ИОРП). Исто така, принципите на Меѓународната организација за пензиски супервизори (ИОПС) се прифатени како составен дел на регулативата, а документите на ИОПС и ОЕЦД поврзани со капитално финансирано пензиско осигурување се разгледуваат и соодветно се применуваат.

Министерството за финансии, односно Одделението за системот на осигурување со анализа кое функционира во рамките на Секторот за финансиски систем е одговорно за подготовката на законската регулатива која се однесува на системот на осигурување и хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија. Во Одделението за системот на осигурување со анализа во моментов се вработени две лица.

АСО е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања, утврдени со Законот за супервизија на осигурување и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. На крајот на 2020 година во Агенцијата за супервизија на осигурување се вработени вкупно 28 лица од кои 11 во стручната служба за супервизија, 5 лица во стручната служба за регулатива и лиценцирање, 12 лица во стручната служба за општи и административни работи, Дирекцијата за работи непосредно поврзани со работата на Советот на експерти и Дирекцијата за внатрешна ревизија.

Контрола врз работењето на пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), која истовремено го регулира со подзаконски акти вториот и третиот столб и предлага законски измени од оваа област. Континуиран приоритет на МАПАС се активностите поврзани со едукација на јавноста за капитално финансираното пензиско осигурување, како и соработката во оваа област со другите институции. Претставници на МАПАС, како дел од координационото тело составено од претставници на финансиските регулаторни тела, редовно се состанува за финансиска едукација на населението и усовршување на заштитата на потрошувачите. МАПАС континуирано врши финансиска едукација на млади, возрасни групи, како и обуки за новинари и за судии, го издава електронскиот информатор Е-МАПАС и дава соопштенија за јавноста.

Исто така, МАПАС на редовна основа ги разгледува редовните системски ризици, но и ризиците како последица од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, преку Комитетот за оценка на ризик кој се состанува на квартална основа.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

- До крајот на 2021 година ќе се донесе нов Закон за осигурување. Новиот Закон за осигурување ќе биде усогласен со Директивата 2009/138/ЕЗ за основање и водење на деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II) и ќе се постигне компатибилност и конкурентност на домашната осигурителна индустрија со онаа во земјите членки на ЕУ. Со Законот ќе се зголеми сигурноста и стабилноста на осигурителниот сектор и ќе се зајакне заштитата на осигурениците.

Ќе се зајакнат капиталните барања за работење на осигурителните друштва, ќе се пропишат супервизорски мерки соодветни на утврдените неправилности во работењето на друштвата и ќе се воспостават ефикасни механизми за заштита на правата на потрошувачите на осигурителни услуги.

- АСО во текот на 2021 година ќе изработи и спроведе Квантитативни студии за влијанието на квантитативните барања и барањата за солвентност на друштвата за осигурување врз осигурителниот пазар за што соодветна експертиза и техничка помош ќе побара од Европската комисија.
- Во текот на 2021 година, Министерството за финансии во соработка со АСО ќе направи гап анализа на барањата и стандардите од Директивата 2016/97 која се однесува за дистрибуција на осигурувањето (Insurance Distribution Directive - IDD) како и можностите, капацитетите и динамиката за нејзино транспонирање во македонскиот правен систем.
- Во текот на 2022 година, во зависност од реализираните активности со донесување на новиот Закон за осигурување, АСО ќе работи на измена на подзаконската регулатива со цел нејзино усогласување со новиот закон за осигурување. Дополнително се планира донесување на регулатива со која ќе се воспостават стандарди при склучување на договори за осигурување во класата на осигурување која се однесува на т.н. unit-link производи која се повеќе го зголемува своето учество во вкупната бруто полисирана премија на пазарот.
- Во наредниот период МАПАС ќе предложи измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во делот на развивање на нови инструменти за инвестирање на средствата на пензиските фондови и либерализација на регулативата поврзана со ограничувањата за инвестирање на средствата на пензиските фондови во инструменти издадени од земји членки на ЕУ.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

- До крајот на 2022 година планирано е донесување на нов Закон за посредници, кој ќе биде усогласен со Директивата 2016/97 за дистрибуција на осигурувањето (Insurance Distribution Directive - IDD). Со новиот закон за посредници ќе се обезбеди еднакво ниво на заштита на потрошувачите. Целта на законот е промоција на еднаквост и конкуренција под еднакви услови меѓу посредниците, без разлика дали се поврзани со друштвото за осигурување или не. За потрошувачите, ќе се овозможи достапност и дистрибуција на осигурителни производи преку различни канали и преку посредници кои соработуваат со осигурителните компании на различни начини, под слични или исти услови и правила.
- На среден рок предвидено е да се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските прописи. Ќе се предлагаат прописи поврзани со либерализација на ограничувањата за инвестиции во земји на ЕУ, како и за зајакнување на автономијата и ефективноста на МАПАС како самостојно и независно регулаторно тело
- Заклучно со 2025 година, МАПАС ќе соработува со Министерство за труд и социјална политика (МТСП) заради измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во делот на развивање на нови инструменти, можности за воведување на различни портфолија врз основа на животни циклуси на членовите, како и квалитативни и квантитативни критериуми во прописите за инвестирање за домашните и странските пазари на капитал, кои треба да се применуваат од друштвата кои управуваат со пензиските фондови.

## Институционална рамка

Административниот капацитет на Одделението за системот на осигурување со анализа при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со посета на обуки од страна на вработените в оземјата и странство.

МАПАС ќе продолжи да ги следи сите обуки предвидени за зајакнување на административниот капацитет и ќе испраќа вработени на поединечни обуки во насока на зајакнување на нивните експертски капацитети, заради усогласување на регулативата со најновите прописи и активности, како и заради спроведување на супервизијата базирана на ризик. МАПАС на среден рок ќе се залага за зголемување на бројот на субјекти поврзани со исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување. Правење анализи за овозможување на даночни олеснувања при исплати на пензии и пензиски надоместоци, исто така ќе биде активност на МАПАС на среден рок. МАПАС ќе соработува со останатите финансиски регулатори во земјата, а посебно заради обезбедување на ефикасна финансиска едукација на јавноста.



# ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

## Краткорочни приоритети

Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ) ќе се транспонира во  Законот за платежни услуги и платни системи. Со имплементацијата на Директивата во овој закон ќе се придонесе за минимизирање на системските ризици на учесниците во постојниот платен систем и постојниот систем за порамнување на хартиите од вредност, како и за одржување на стабилноста на истите.

Во делот на имплементирање на Директивата за финансиско обезбедување (Directive 2002/47/EC of the European Parliament and of the Council of 6 June 2002 on financial collateral arrangements), обезбедена е експертска помош преку УНОПС проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија – соработка со Центарот за извонредност на Република Хрватска, со кој ќе се придонесе за дополнително доусогласување на Законот за финансиско обезбедување со оваа Директива.

# ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

## Тековна состојба

Во периодот јануари-октомври 2020 година се донесоа измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност, Законот за преземање на акционерски друштва и Законот за инвестициски фондови. Со измените и дополнувањата на овие закони се изврши усогласување на истите со одредбите од новиот Закон за прекршоци (Сл.В бр. 96/19). Комисијата за хартии од вредност (КХВ) во истиот период донесе 13 подзаконски акти (правилници) кои произлегуваат од овие закони кои се во нејзина надлежност, како и 7 интерни акти во насока на усогласување и усовршување на работењето и спроведување на нејзината функција.

Во текот на 2020 година работни групи составени од вработени во Министерството за финансии, КХВ, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза и претставници на брокерските куќи работеа на Нацрт-текстовите на Законот за финансиски инструменти и Законот за проспект за хартии од вредност и обврски за транспарентност на издавачите, во кои се имплементираат најновите европски директиви и регулативи од областа на пазарот на капитал.

Во рамките на стручните и едукативни активности на КХВ, во 2020 година се организираа обука на кадри за работење со хартии од вредност и обука за инвестиционо советување, при што 3 лица се стекнаа со уверение за положен стручен испит за работа со хартии од вредност и 2 лица со уверение за положен стручен испит за инвестиционо советување.

## Краткорочни приоритети

- Донесување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови заради усогласување на домашното законодавство со Директивата 2009/65/ЕЗ во врска со друштва за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (воведување на фондови - потхранувачи и фондови - господари,

процедури за прекугранични и домашни спојувања на инвестициските фондови и обезбедување поголема и полесна информираност на инвеститорите преку воведување на документ - клучни информации за сопствениците на удели во фондот преземач, како додаток на основниот проспект на фондот преземач). Законот ќе биде донесен во првата половина од 2021 година;

- Донесување на два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите) кои ќе бидат во голема мера усогласени до најновото европско законодавство во областа на пазарот на капитал. Со новата законска рамка ќе се создадат услови за развој на нови производи и услуги на финансискиот пазар во земјата, ќе се воведат нови пазари за тргување, ќе се обезбеди повисоко ниво на стабилност на пазарот, ќе се зајакнат овластувањата на надзорните органи, ќе се зајакне транспарентноста преку обезбедување на високо квалитетни информации и ќе се подобри заштитата на инвеститорите и на сите учесници на пазарот. Законите ќе бидат донесени во втората половина на 2021 година;
- Во насока на зајакнување на меѓународната соработка заедно со регулаторните тела од регионот Комисијата ќе продолжи да презема активности за зголемување на меѓународната визибилност и перспектива на пазарите на капитал од регионот преку привлекување на инвеститори, олеснет пристап до поголем опсег на финансиски продукти и услуги, зголемена конкуренција;
- Во 2021 година, КХВ со цел да се обезбеди поголема транспарентност и достапност на податоците, како и да го олесни доставувањето на податоци на овластените учесници на пазарот на капитал (брокерските куќи, банки, берзи и депозитари) ќе го надгради постојниот информатички систем за супервизија и известување преку кој ќе се овозможи електронско поднесување на сите извештаи, кои согласно законот и подзаконските акти овластените учесници на пазарот на капитал имаат обврска да ги доставуваат. Со изработката на овој систем ќе се овозможи и јавен пристап до одредени податоци кои ги доставуваат овластените учесници. Оваа

ИТ апликација за доставување на податоци од инвестициските фондови ќе биде дополнително надградена со можности за проверка на податоците кои ги доставуваат друштвата, со цел да се контролира начинот на вреднување од страна на сите фондови. Исто така, се планира на друштвата за управување да им се овозможи електронски преку апликацијата да поднесуваат барања за одобрување на одредени документи (проспекти, статути итн.) кои тие ги поднесуваат со цел да добијат согласност на истите;

- Во 2021 година ќе продолжи со мобилизирање на долгорочни финансиски средства со нивно канализирање во инвестициски проекти кои може да придонесе за развој на финансискиот сектор и раст на економската активност (соработка со АД во државна сопственост, единици на локална самоуправа, ЗЕЛС, МФ, МЕ);
- Во 2021 година во рамките на спроведувањето на својата едукативна функција, КХВ ќе организира и спроведе обука и полагање на стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност и стручен испит за инвестиционо советување и обука за корпоративни секретари;
- Во 2021 година, КХВ ќе продолжи со едукацијата на инвеститорите, издавачите и пошироката јавност во насока на остварување на следните цели: да се подобри разбирањето за пазарот на хартии од вредност, финансиските продукти и концепти; да се стимулира развојот на пазарот на хартии од вредност и да се овозможи негово продлабочување, збогатување со нови инструменти; како и да се зголеми свесноста за придобивките од користење на пазарот на хартии од вредност и свесноста за ризиците при користење на одредени финансиски инструменти. Целни групи на програмата се инвеститорите, акционерски друштва, единици на локална самоуправа и јавни претпријатија, вработени во јавни институции, судии, обвинители, даночници, вработени во финансиски институции и мали и средни претпријатија, новинари, друштва со ограничена одговорност, како и пошироката јавност;
- Во првата половина на 2021 година, КХВ заедно со останатите членки на Координациското тело за финансиска едукација и инклузија ќе ја усвои

Националната стратегија за финансиска едукација и заштита на потрошувачи како дел од заедничкиот проект со Меѓународната организација (OECD) и Министерството за финансии, Холандија.

## Среднорочни приоритети

- Во првата половина на 2022 година планирано е имплементирање на Директивата 2011/61/ЕУ за менаџери на алтернативни инвестициски фондови во домашното законодавство и Регулативата за фондови со ризичен капитал 345/2013. Со имплементацијата на Директивата ќе се зајакнат правилата и процедурите за работа на приватните инвестициски фондови и ќе се уреди постапката за одобрување на менаџерите на приватните инвестициски фондови. Со имплементација на Регулативата за фондови со ризичен капитал подетално ќе се уредат условите кои ќе треба да ги исполнуваат овој тип на фондови доколку во својот назив сакаат да го користат името „фондови со ризичен капитал“. За оваа цел е обезбедена техничка помош од Светска банка и избран е консултант кој ќе работи на утврдување на Акциски план за имплементација на директивата и регулативата.
- До крајот на 2022 година, Министерството за финансии и КХВ планираат да подготват Стратегија за развој на пазарот на капитал во Република Северна Македонија. Со Стратегијата треба да се утврдат основните цели и приоритети на пазарот на капитал и да се предложат конкретни мерки за негов натамошен раст и развој на пазарот;
- КХВ ќе ја продолжи соработката со повеќе релевантни регулаторни тела заради унапредување на своето работење и размена на искуства од областа на имплементацијата на ЕУ директиви во домашното законодавство;
- Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите;

- КХВ ќе продолжи со зајакнувањето на ИТ капацитетите заради ефикасна, доследна и целосна примена на новата законска регулатива, преку користење на финансиски средства од меѓународни и билатерални донатори;
- Координациското тело за финансиска едукација ќе продолжи со активности поврзани со подигнување на нивото на финансиска писменост на населението;
- Во периодот 2022-2025 година, ќе се пристапи кон реализација на предвидените активности со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за финансиска едукација и заштита на потрошувачи како дел од заедничкиот проект со Меѓународната организација (OECD) и Министерството за финансии, Холандија;
- Континуираниот процес на хармонизација на регулативата со инкорпорирање на целите и приоритетите согласно IOSCO Strategic Direction ќе продолжи и во наредниот период, пред сè во спроведувањето на насоките и препораките за воспоставување на механизми за соработка помеѓу националните регулатори за поефикасно спроведување на супервизија;
- Континуирана соработка со другите регулатори на пазарите на хартии од вредност во регионот за поддршка на активностите за продлабочување на интеграцијата започнати со воспоставувањето на заедничка платформа за тргување СЕЕ-Линк (воспоставување на заедничка платформа за порамнување, прифаќање на заеднички правила за транспарентност и заеднички правила за котација);
- Преземање на континуирани активности за зголемување на интересот за инвестирање во хартии од вредност (акции, обврзници)- алтернативен начин на финансирање. Промовирање на корист од инвестирање на пазарот на хартии од вредност преку учество на работилници, тркалезни маси, форуми, посета на компании, единици на локална самоуправа.

# ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија останува умерено подготвена во оваа област. Во извештајниот период не е постигнат напредок во областа на заштитата на потрошувачите ниту во областа на здравствената заштита. Во наредната година, земјата особено треба:

- да ја усогласи правната рамка со правото на ЕУ за заштита на потрошувачите, особено во врска со Законот за заштита на потрошувачите, и да ги зајакне оперативните структури за заштита на потрошувачите;
- да ги интензивира напорите за контрола на тутунот;
- да објави извештаи за регистрите за рак и индивидуални ретки болести и да обезбеди соодветно финансирање и специјализирани знаења за рано откривање и лекување, врз основа на податоците од регистрите.



# ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

## Тековна состојба

Во рамките на УНОПС проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија се изработи **нов Закон за заштита на потрошувачите.**

Предлог законот се усогласи со повеќе директиви и тоа:

- Директивата (ЕУ) 2019/2161 за изменување и дополнување на Директивата на Советот 93/13/ЕЕЗ и Директивите 98/6/ЕЗ, 2005/29/ЕЗ и 2011/83/ЕУ во врска со подобро спроведување и модернизација на правилата за заштита на потрошувачите на Унијата;
- Директивата 85/374/ЕЕЗ за приближување на законите и другите прописи на државите членки за одговорноста за неисправни производи;
- Директивата 1999/34/ЕЗ за изменување и дополнување на Директивата на Советот 85/374/ЕЕЗ за приближување на законите и другите прописи на државите членки за одговорноста за неисправни производи;
- Директивата 93/13/ЕЕЗ за нечесните одредби во потрошувачките договори;
- Директивата 98/6/ЕЗ за заштитата на потрошувачите при означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите;
- Директивата (ЕУ) 2019/770 за одредени аспекти во врска со договорите за снабдување со дигитална содржина и дигитални услуги;
- Директивата (ЕУ) 2019/771 за одредени аспекти во врска со договорите за продажба на стоки, изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2017/2394 и Директивата 2009/22/ЕЗ и укинување на Директивата 1999/44/ЕЗ;
- Директивата 2005/29/ЕЗ за нечесните трговски практики на деловните субјекти кон потрошувачите на внатрешниот пазар;
- Директивата 2008/122/ЕЗ за заштитата на потрошувачите во поглед на одредени аспекти на договорите за временски поделена употреба

на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена;

- Директивата (ЕУ) 2020/1828 за активностите за застапување за заштита на колективните интереси на потрошувачите и укинување на Директивата 2009/22/ЕЗ и Директивата 2011/83/ЕУ за правата на потрошувачите (чл. 2(1) Директива 1999/34/ЕЗ; чл. 10(2) Директива 93/13/ЕЕЗ; чл. 11(1) Директива 98/6/ЕЗ; чл. 11(1) Директива 1999/44/ЕЗ; чл. 21(1) Директива 2002/65/ЕЗ; чл. 19 Директива 2005/29/ЕЗ; чл. 16(1) Директива 2008/122/ЕЗ; чл. 28(1) Директива 2011/83/ЕУ).

Цели на новиот Закон за заштита на потрошувачи се:

1. Подобро информирање и едуцирање на потрошувачите за нивните права;
2. Обезбедување на потрошувачите со инструменти за брзо решавање на споровите;
3. Подобро остварување на правата на потрошувачите преку ефективен надзор на пазарот;
4. Понатамошен развој на политиката за безбедност на производите;
5. Зајакнување на независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите;
6. Зајакнување на улогата на локалната и регионалната самоуправа во реализација на политиката за заштита на потрошувачите.

По инкорпорирањето на коментарите на Европската комисија на првичната верзија на Законот, истиот ќе биде внесен во владина постапка за донесување.

Подготвена е нова **Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022** година и обезбедени се средства за нејзина реализација на годишно ниво во износ од 2.000.000 денари од кои, 1.650.000 денари се наменети за невладините организации. Ова е хоризонтална Програма во која покрај Министерството за економија, со свои активности се вклучени и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието.

Во рамки на реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за период 2019-2020 година, за програмските задачи во 2020 година од страна на невладините организации кои преку Јавен повик ја спроведуваат оваа програма (Организација на потрошувачите на Македонија – ОПМ, Организациите на потрошувачи на Битола,Тетово, Охрид, Кочани и Штип), беа реализирани активности кои се однесуваат на обезбедување повисоко ниво на заштита на правата на потрошувачите преку одржани онлајн работилници на ЗУМ платформата:

- Информирање и консултација за сертифицирање за фер однос кон потрошувачите на финансиски услуги. На истата учествуваа релевантни институции и претставници од банки и финансиски друштва.
- Новините во Предлог Законот за општа безбедност на производи и Предлог Законот за техничките прописи за производите и оцена на сообразноста, каде што учество покрај претставници од ОПМ и Министерство за економија земаа и претставницина ANEC – Европскиот потрошувачки глас за стандардизација.
- Две ЗУМ средби на тема Можноста за алтернативниот начин на решавање на потрошувачки спорови, беа одржани со студентите од 2 универзитети (Универзитетот на Југоисточна Европа и Универзитет Климент Охридски -Битола) со цел истите да се запознаат и едуцираат за можноста за алтернативни начини на решавање на потрошувачките спорови.

ОПМ исто така во рамки на Програмата изработи две брошури:

- Алтернативни начини за решавање на спорови помеѓу потрошувачи и трговци,
- Нечесно рекламирање, со цел да ги информира потрошувачите за нивните права во потрошувачките односи во случаи кога трговците се однесуваат нечесно и како да го препознаат нечесното рекламирање и огласување на производите и услугите. Брошурата е објавена на веб страната на ОПМ https://opm.org.mk/.

# Агенција за храна и ветеринарство

Одделението за заштита на потрошувачи во АХВ пристапи кон анализи на низа законски прописи и состојби, со цел утврдување на проблеми во имплементација, недостатоци во реализација на потрошувачки права, но и преклопување на надлежности, кое исто така ја отежнува имплементацијата на прописите:

- Анализа на прописите и состојбите со презентирање, претставување и рекламирање на храната, бидејќи се смета дека оваа област има бројни слабости, кои се во тесна врска со заштитата на потрошувачите.
- Анализа на состојбата и законските прописи кои се однесуваат на бездомни кучиња, неодговорно сопственииштво и каснување од кучиња. Анализата е правена бидејќи бездомните кучиња, не одговорното сопственииштво и каснување од кучиња повеќе години претставуваат проблеми со кои се соочуваат граѓаните во државата. Целта е да се констатира дали законските прописи се соодветни за да можат институциите соодветно да одговорат.
- Анализа на законските прописи и состојбата во државата со онлајн продажба на храна (продажба на далечина), посебно заради тоа што со ново настанатата состојба со КОВИД-19 се зголеми он-лајн продажбата на храна. Целта е да се идентификуваат слабости кои ја оневозможуваат контролата на овој вид продажба.
- Во тек е анализа на законските прописи од Законот за квалитет на земјоделски производи и правилниците кои се донесени врз основа на овој закон, со цел утврдување на судир на надлежности со Законот за безбедност на храна.

Во рамки на Програмата за заштита на потрошувачи 2019-2020 година, реализирани се активностите за 2020 година, кои се однесуваат на обезбедување на повисоко ниво на заштита на популационата група деца од претшколска и школска возраст во основни училишта кои добиваат оброци (храна), во тек на престојот во градинките и училиштата. Во соработка со ОПМ (невладиниот сектор) и научни институции, изготвени се два прирачника наменети за операторите со храна, во кои се обезбедени насоки за добри производни и добри хигиенски практики, како и предлог менија со кои се обезбедува правилна исхрана на овие популациони групи:

- Прирачник за операторите со храна кои подготвуваат храна за децата во градинки
- Прирачник за операторите со храна кои подготвуваат храна за децата во училишта

Во насока на реализација на правата на потрошувачите да бидат информирани и едуцирани изготвени се информативно едукативна содржини и поставени на веб страницата материјали за: Сигурност на храна; Внимавајте кога консумирате семки од кајсија; Како да купуваме храна во време на пандемијата КОВИД-19; Разлика помеѓу природен и вештачки мед; Стоп за отпадоци од храна; Тешки метали во храната и нивна токсичност; Објекти за продажба на храна и угостителски објекти препораки за потрошувачите;

Во врска со настаната состојба со пандемијата КОВИД-19, направен е превод на упатството на СЗО КОВИД- 19 и безбедност на храна: упатство за бизнисите со храна и врз основа на тоа упатство се изготвени три посебни упатства наменети за операторите со храна, за потрошувачите и за инспекторите со храна. Упатствата и информативно едукативните содржини се поставени на веб страницата на Агенцијата, а дел од нив кои се однесуваат на пандемијата се анимирани и преку медиумите.

Во одделението за заштита на потрошувачи се анализираше можноста за воспоставување на систем за контрола и евиденција на онлајн продажбата на храна, ВМП, како и останати производи кои се во надлежност на Агенцијата.

АХВ се залага да се реализира и одреден вид контрола од канцеларија, со можност за понатамошно развивање на системот за контрола на онлајн продажбата на храна во насока на доставување, поврзување и размена на податоците со инспекциските служби, кои би ја продолжиле контролата на терен. Аргумент повеќе за тоа е фактот што постојат дискусии кои укажуваат дека со измени на Законот за електронска трговија и Законот за електронски комуникации, постои можност одговорноста за овој вид на продажба да се наметне на он-лајн платформите.

Во врска со оваа материја во Одделението за заштита на потрошувачи се направи напор и се предложија активности и во Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2021-2022 година, со кои ќе се дадат практични совети за потрошувачите при онлајн купување на храна, организирани во прирачник. Во таа насока воспоставено е следење и воведување на евиденции на податоци:

- Листа за евиденција на веб страници кои продаваат храна он-лајн
- Листа за евиденција на оператори кои продаваат храна он-лајн
- База на податоци од следење на он-лајн продажба на храна
- Листа на веб страни и оператори што продаваат храна и останати производи за животни

Заради јакнење на мрежата за заштита на потрошувачи реализирани се активности во Советот за заштита на потрошувачи во Град Скопје (седници на советот, програма, разгледани материјали согласно со програмата за одобрување и имплементација).

## Биро за развој на образованието

Биро за развој на образованието (БРО): Активностите за едукацијата на учениците од областа на заштитата на потрошувачите во воспитно образовниот процес се реализираат во континуитет според Програма за едукација за заштита на потрошувачкото право за 2021/22 година.

Целта е подобрување на информираноста и едукацијата на учениците како потрошувачи, стекнување на правилни навики, остварување на правата на наставниците и воспитувачите како едукатори да бидат информирани, обучувани.

За остварување на целта, активно се следи и унапредува наставниот предмет Вештини за живеење во основното образование, во средното образование и во ученичките домови се реализираат различни модули, форми, методи и техники за едукација на учениците.

# НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

## Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ)

Во периодот од јануари до ноември 2020 година, до Агенцијата за храна и ветеринарство, поднесени се 380 претставки и предлози од граѓани. Базата на податоци се евалуираше повеќе пати во текот на годината. Анализите на определен начин ја покажаа перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците.

Од вкупно поднесените претставки, 9% се однесуваат на не применување на мерките во врска со КОВИД-19, во објектите за храна. Најголем процент односно, 43% од вкупно поднесените претставки се од областа на ветеринарството, здравствената заштита и благосостојба на животните. Посебно актуелни во оваа област и понатаму остануваат претставките кои се однесуваат на бездомните кучиња/напади и каснување од бездомни кучиња и неодговорно сопственииштво. 38% се однесуваат на храната од не животинско потекло. 10% се однесуваат на храна од животинско потекло. Согласно со наводите, претставките од областа на храната се однесуваат на:

- Не одржување на контролни системи од страна на производителите кои се однесуваат на ДХП /добрите хигиенски пракси,/ ДПП /добрите производни пракси/ HACCP системот и неприменување на мерките во врска со КОВИД- 19
- Производи со поминат рок на употреба
- Загадувачи/ контаминенти и резидуи/
- Производи со изменети органолептички својства
- Квалитет и измами со храна
- Сомнеж за труење со храна

Во рамки на постапувањата по претставки и предлози донесени се 73 решенија, земени се 9 примероци/ мостри за лабораториски тестирања, наплатени се 27 глоби, спроведени се 37 едукации и покрената е 1 прекршочна постапка. Освен по иницијативи/претставки од граѓаните, во овој период Агенцијата преку инспекциските служби реализираше и планирани контроли, како и контроли по други иницијативи, од кои 13 100 инспекциски контроли на храна од не животинско потекло, 16,674 контрола на храна од животинско потекло и 13,482 контроли во областа на здравствена заштита на животните.

## Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ)

Вкупниот број на претставки за 2020 изнесува над 30 претставки заклучно со 30.09.2020. Претставките се решени во согласност со рокот одреден со Законот за заштита на правата на пациентите. Претставките се доставуваат и одговараат на ниво на сите подрачни одделенија на ДСЗИ. За дел од претставките е иницирана стручен надзор во врска со третманот и лекувањето на пациентите до Лекарската Комора.

Согласно Законот за правата на пациентите, во текот на 2020 година формирани се Комисии за унапредување на правата на пациентите во 32 општини. Формирани се Канцеларии за стручна помош во 30 подрачни одделенија на ФЗОМ.

Со оглед на состојбата со пандемијата со КОВИД-19, ДСЗИ поголеми активности во однос на формирањето и функционирањето на Комисиите за унапредување на правата на пациентите, согласно Законот за правата на пациентите, планира од вториот квартал на 2022 година.

ДЗСИ како инспекторат и тело на Министерството за здравство ја има клучната улога во справувањето со пандемијата со КОВИД-19 на целата територија на земјата. Инспекторатот има свои претставници во Комисијата за заразни болести, преставува главно тело кое ги изготвува Решенија за изолација/само изолација на КОВИД-19 позитивните лица и на контактите.

ДСЗИ има издадено и над 12.000 дозволи за професионалните транспортери. За време на целиот период со пандемијата со КОВИД-19 врши надзори над Протоколи за носење на ЛЗО (лична заштитна опрема) при работа во болници, амбуланти, ординации, маркети, како и кај субјекти кои работат во промет и производство. Институцијата изготви и протоколи за постапување во основните и средните училишта со цел да се реализира образовниот процес со физичко присуство на учениците во новата учебна година.

ДСЗИ во 2020 оваа година само до 30.09.2020 година изврши над 3.400 надзори, од кои дури 2.700 се вонредни. Пронајдени се над 160 неправилности, по кои се постапува.

## Државен пазарен инспекторат (ДПИ)

Државниот пазарен инспекторат во периодот од март до октомври најголем дел од надзорите ги вршеше согласно протоколите и одлуките донесени од Владата, со цел спречување и ширење на КОВИД-19.

- Согласно Законот за безбедност на производи во текот на 2020 година извршени се 234 надзори.
- Врз основа на Законот за надзор на пазарот извршени се 67 надзори.
- Постапено е и по 61 пријава од потрошувачи поврзани со безбедноста на производите.
- Врз основа за Законот за градежни производи извршени се 25 надзори. Извршени се и тестирања

на градежни производи (цемент и бетон) во акредитирана лабораторија. Постапката за испитување е во тек.

- Повлечени небезбедни производи од промет во текот на 2020 година се вкупно 18: 3 видови на плински боци, 12 видови на детска облека, 3 различни видови на детски играчки

Инспектори од Одделението за безбедност на производи следеа и он-лајн обуки и тоа: Обука за лична заштитна опрема; Обука за законот за општа безбедност и Законот за технички прописи;

Согласно законот за Заштита на потрошувачите во периодот од 1.3.2020 – 31.9.2020 поднесени се 200 претставки од страна на потрошувачите.

Со цел граѓаните да ги достават своите поплаки во периодот што ги опфаќа препораките за заштита од корона вирусот, во ДПИ започна да функционира нов телефонски број (191).

Во текот на 2020 возниот парк на Државниот пазарен инспекторат е зголемен за уште 10 нови возила.

## Организацијата на потрошувачите како и советувалиштата на Организациите на потрошувачи на Тетово, Кочани, Штип, Битола

Во рамките на советувалиштата на Организацијата на потрошувачите како и советувалиштата на Организациите на потрошувачи на Тетово, Кочани, Штип, Битола и Охрид во текот на првата половина од 2020 година, односно за периодот од 1 јануари до 30 јуни се поднесени 1143 поплаки од потрошувачи.

## Анализа по категории и вид

Направената анализа на база на видот и категоријата на поплаки, укажува дека поплаките на најголем број потрошувачи се однесуваат на производи. Од нив најзастапени се производите од бела техника, производи во домот, техничките производи и апарати, како и производи за лична употреба (облека и обувки).

Се поголем е бројот на поплаки кои се однесуваат на интернет купувањето, конкретно нелегална фејсбук продажба, како и продажбата преку другите социјални медиуми каде потрошувачите се најчесто измамени, преку испорачување на производи со поинакви карактеристики од нарачаните, оштетени производи, добивање производ само со испратница, не издавање фискална сметка или друг валиден документ и сл. По испорака на овие производи потрошувачите немаат можност да ги вратат или заменат истите. Потрошувачите приговараа и на онлајн купување од легални и регистрирани продавници, поради долго чекање на достава на производот и негова замена.

Во доменот на услугите, најчесто поплаките се однесуваат на туристичките патувања (од кои како највпечатливи ги издвојуваме случаите на откажување или одложување на пакет аранжманите поради кризата со Корона вирусот и доделување на ваучери за патување во замена за истите, наместо поврат на уплатените средства).

Од јавните услуги, најзастапени се телекомуникациските услуги (за сметки), електрична и топлинска енергија (за сметки и застарени сметки).

Што се однесува до специјалистичките советувања, најчести проблеми со кои се соочуваат потрошувачите се однесуваат на финансиските услуги кои ги даваат финансиските друштва (брзи кредити). Потрошувачите имаа поплаки и при купување на прехранбени производи и заедничко колективно живеење – управување со згради, но истите се во помал број.

# Краткорочни приоритети

## Министерство за економија

- Се планира усвојување на Закон за заштита на потрошувачите;
- Се планира подготовка на Стратегијата за потрошувачи со Акциски план;
- Се планира усвојување на Закон за технички прописи на производи и оцена на сообразност
- Информирање на потрошувачите за новиот Закон за општа безбедност на производи усогласен со новите директиви на Европската Унија и новиот Закон за технички прописи на производи и оцена на сообразност;

Информирање на потрошувачите за можностите за алтернативно решавање на спорови и заштита на нивните права; Поддршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на планираните активности.

- Реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година на активности од 2021 година, од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.
- Соработка со советите за заштита на потрошувачи во општините заради зајакнување на мрежата за заштита на потрошувачи; Одржување на настани, изготвување на содржини за медиуми, кампањи, соработка со невладиниот сектор и институции;
- Во однос на јакнењето на капацитетите, Министерството за економија, во секторот за внатрешен пазар - одделение за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки, планира вработување на 2 лица.

## Агенција за храна и ветеринарство

- АХВ ќе продолжи со усогласувањето со ЕУ законодавството и имплементација на донесените прописи; Ќе се реализираат активностите од Програмата за заштита потрошувачи за периодот 2021-2022 година;
- АХВ ќе земе учество во имплементација на новиот Закон за заштита на потрошувачи и Стратегијата за заштита на потрошувачи, посебно во оние одредби кои се однесуваат на храната;
- Изготвување и поставување едукативно информативни материјали наменети за потрошувачите на веб-страницата на АХВ; Ажурирање на базата на податоци за претставки од областа на храната и ветеринарството и анализа на истата; Соработка со советите за заштита на потрошувачи во општините заради зајакнување на мрежата за заштита на потрошувачи; Следење, контрола и евидентирање на податоците на он-лајн продажбата на храна, но и на останати производи кои се во надлежност на Агенцијата; Одржување на трибини, настани, изготвување на содржини за медиуми, кампањи, соработка со невладиниот сектор и институции.

# Државен санитарен и здравствен инспекторат

- ДСЗИ и понатаму ќе врши надзори во зголемен обем и број над спроведување на Законот за права на пациентите (редовни, вонредни, по поднесена пријава или претставка); Редовно изготвување на Извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите, во континуитет во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори, согласно Законот за заштита на правата на пациентите; ДСЗИ во континуитет ќе врши надзор ( зголемен број на вонредни и редовни надзори) по однос на безбедноста по здравјето над детските играчки, козметичките производи производите за општа употреба.
- Приоритет на Инспекторатот останува справувањето со пандемијата со КОВИД-19, преземените надзори и активности секојдневно произлегуваат од актуелната состојба, на дневна основа, за што на соодветен Образец се информира Владата.

# Биро за развој на образованието

- Изработка на сопствени годишни планови според Програмата за едукација на потрошувачите за 2021/22 година за школската популација за различни теми и содржини од областа. Да се обрне внимание на е-трговијата, безбедноста на производите, задоволството на потрошувачите/ученици . Да се поттикнуваат и компаниите да водат евиденција за степенот на задоволството од нивните производи и услуги кон потрошувачите, да спроведат маркетиншки активности за мерење на задоволството на потрошувачите кои се однесуваат на истражување на пазарот; Едукација на наставниците и учениците за потрошувачко право, неговата важност на заштитата, проектните активности/слободни часови , часовите за бизнис и претприемништво, слободните ученички активности, вон наставните активности и сл.
- Поддршка на наставниците од основно образование за реализација на темата Заштита на потрошувачите кои го предаваат наставниот предмет Вештини за живеење, со обуки кои ги планира и реализира Бирото;

- Организирање работилници/дебати со: наставници и ученици од училишта за средно образование; воспитувачи и ученици од ученички домови за потребите на младите за заштита на потрошувачките права, како и други ризици пред кои се исправени за време на пазарењето во време на пандемијата и потоа.
- Во однос на јакнењето на капацитетите, Министерството за економија, во секторот за внатрешен пазар - одделение за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки, планира вработување на 2 лица. АХВ во организациската единица за заштита на потрошувачите, планира вработување на 1 лице.

# Среднорочни приоритети

## Министерство за економија

- Се планираат реализација на активности од Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2021-2022 година;
- Се планира донесување на Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2023-2024 година
- Се планира подготовка и анализа на нов Закон за алтернативно решавање на спорови
- Во однос на јакнењето на капацитетите, Министерството за економија, во секторот за внатрешен пазар - одделение за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки, планира вработување на 2 лица.

## Државниот пазарен инспекторат

- Државниот пазарен инспекторат во текот на наредната година 2021 планира да продолжи и да ги зголеми активностите за имплементација на новиот Закон за општа безбедност на производи и Законот за техничките барања и оцена на сообразност на производите, како и поактивно учество во планираните активности во Националната стратегија за заштита на потрошувачите. Планирано е и воведување на софтвер за инспекциски надзор од страна на Инспекцискиот совет, со што би се скратиле некои процедури.
- Во однос на јакнењето на капацитетите во ДПИ планирани се и нови вработувања односно зголемување на бројот на инспектори во сите инспекциски одделенија.

## Агенција за храна и ветеринарство

- Се планираат реализација на активности од Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2021-2022 година;
- АХВ ќе продолжи со активности за имплементација на новиот Закон за потрошувачи и активности планирани во Националната стратегија за заштита на потрошувачите;

## Државен санитарен и здравствен инспекторат

- ДСЗИ, активно ќе се вклучи во планираните активности во Националната стратегија за заштита на потрошувачите, активности во однос на формирањето и функционирањето на Комисиите за унапредување на правата на пациентите, согласно Законот за правата на пациентите.
- Се планираат реализација на активности од Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2021-2022 година;
- Во однос на јакнењето на капацитетите, ДСЗИ планира ново Одделени за заштита на потрошувачи и вработување на 2 лица.

## Биро за развој на образованието

- БРО ќе ја прошири едукативната програма во училиштата и во ученичките домови, ќе работи за едукација на учениците со посебни потреби на истата проблематика. Во периодот ќе работи на зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во едукацијата за заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор во делот на заштитата на потрошувачите:
- Обуки, семинари, работилници, тренинзи, дебати, со можност за изработка на едукативни материјали за информираност и примена на потрошувачкото право на учениците, материјали за потрошувачкото право наменети за училишта за средно/ученички домови па и за деца по посебни потреби.
- Организирање на посебни форми за учениците во училиштата со посебни образовни потреби, за истата тема, прилагодено (модули) според нивните потреби.

# ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## Тековна состојба

### Хоризонтални мерки

Континуирано се имплементираат активности за обезбедување на достапност и соодветната географска дистрибуција на примарната здравствената заштита. Отпочнати се активности за зголемување на бројот на здравствени установи кои ќе бидат опфатени во мрежата на здравствена заштита.

Воспоставена е посебна Секторска работна група „Здравство" заради подготовка на програмски документи и имплементација на програмските активности преку средства од ИПА 3. Во тек  е подготовка на Стратегија Здравје 2030, која ќе биде фокусирана на модернизација и развој на здравствениот систем на Северна Македонија во текот на следната деценија со цел да се подобри здравствениот статус на населението и здравствената заштита на сите граѓани.

Продолжуваат активностите за набавка на нова современа медицинска опрема, како и инвестициите за реконструкција и реновирање на здравствените установи. Два акцелератори се инсталирани (во ГОБ 8-ми Септември и Клиничка болница Битола) и завршена е обука за лицата кои ќе ракуваат со него во ГОБ 8-ми Септември.

Преземени се сите неопходни мерки за заштита на населението од ширење на COVID 19. Од појавата на првиот случај во февруари 2020 до денес ставени се на располагање сите здравствени капацитети и ресурси за поуспешно управување со пандемијата. Зголемен е лабораторискиот капацитет за дијагностика, спроведена е дигитализација на голем број услуги, студенти од последна година на студии на Медицинскиот факултет се ангажирани за поддршка на епидемиолошките тимови со активности за откривање контакти, медицинскиот персонал на специјализираните интернистички клиники во Скопје е прераспореден за работа со пациенти со КОВИД, и целокупниот здравствен систем е целосно мобилизиран за да обезбеди здравствена заштита на сите кои имаат потреба. Со цел да се зголемат капацитетите на општите болници во земјата, инсталирана се модуларна КОВИД-19 болници во Кампусот на универзитетските клиники и институти „Мајка Тереза" Скопје, како и монтажни болници во 16 општини според претходно договорениот план.

Заради силниот есенски бран на COVID 19, на 20 ноември на територијата на целата држава е прогласена кризна состојба, со цел Владата да може да управува со ресурсите на органите на државната управа, јавните претпријатија, општините и градот Скопје, како и со ресурсите на приватното здравство, во зависност од потребите. Воведени се мерки за рестрикција на движење и ограничување на собирања, а постојано се на сила мерките за задолжително носење маска, често миење на раце, одржување на растојание од два метри.

Република Северна Македонија се приклучи кон глобалната набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, ЕУ механизмот за набавка на вакцини, како и повеќе директни билатерални договори. Во април 2020, министерот за здравство го потпиша Договорот за заедничка јавна набавка на медицински противмерки помеѓу Европската Комисија и земјите членки на ЕУ

# КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

10-те Советувалишта за одвикнување од пушење во рамки на ЦЈЗ, заради состојбата со COVID 19 пандемијата функционираат со намален интензитет, и во периодот јануари – ноември 2020 година само 65 граѓани побарале услуги во советувалиштата.
Заради пандемијата со COVID 19 и воведените мерки со кои се ограничи работното време, односно се забрани работата на угостителските објекти, беа затворени образовните објекти, како и заради ангажманот на ДСЗИ поврзан со пандемијата намален е бројот на контроли за почитување на Законот за заштита од пушење во здравствени, образовни, социјални установи и угостителски објекти.

Процесот за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи е инициран на почетокот од ноември 2019 година. Во тек е подготовка на гап анализа на протоколот, по што ќе биде подготвен и Акционен план со временска рамка за спроведување на Протоколот.

# ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Сите активности за следење на заразните болести, за време на траењето на КОВИД-19 пандемијата се одвиваат во посебни услови, а главниот акцент е ставен на пандемијата предизвикана од SARS-CoV-2 вирусот.

Епидемиолозите од ИЈЗ се присутни на вебинари, веб-состаноци и конференции на различни теми поврзани со следењето и превенција на КОВИД-19 (надзор, карантин, изолација, следење на контакти, вакцини и вакцинација,следење на актуелната состојба со морбидитет и морталитет/леталитет, состојбата во другите земји итн.). Организирани се голем број едукации за епидемиолози и за студенти/дипломирани студенти кои се ангажирани од страна на МЗ за помош при анкетирање, евидентирање на анкети во посебни дата бази.

ИЈЗ разви дата бази за следење на заболени (позитивни), во кои се внесуваат сите потребни информации и преку кои се врши обработка, статистички анализи и дневни извештаи за состојбата со КОВИД-19, како и неделни информации со епидемиолошки коментар. Сите информации и податоци за секој заболен се споделуваат со меѓународните референтни институции СЗО и ЕЦДЦ.

Отворен е Центар за дејствување во услови на епидемии и други јавно-здравствени вонредни ситуации, кој ќе обезбедува централизирани информации во реално време, следење на состојбите, известување и совети за тоа како да се постапува во случаи на настани и вонредни состојби поврзани со јавното здравје.

Завршено е реновирањето на Лабораторијата за вирусологија при Институтот за јавно здравје на РСМ и обезбедена е нова опрема- кабинет со биосигурност ниво 3. Лабораторијата исто така, доби сертификат за компетентност за детекција на SARS-CoV-2 од страна на Европскиот центар за контрола и превенција на болести (ЕЦДЦ).

Националниот систем за електронски евиденции во здравството - Мој Термин е надграден со нови модули за потребите за справување со Ковид19. Изработени се модули кои го опфаќаат процесот на тестирање за Ковид19, евиденција на пациенти на домашно лекување, како и регистар на позитивни случаи (сите податоци од сите лаборатории кои вршат тестирање). Во тек е изработка на дополнителни модули со кои ќе се заокружи целиот процес на евиденција започнувајќи од самото тестирање, преку анкетирање и пронаоѓање на контакти со позитивен случај, до издавање на решенија за изолација.

Фармацевтските инспектори од Агенцијата за лекови и медицински средства во текот на 2020 година извршија 346 надзори во прометот на мало и на големо со лекови, при што е контролиран и сегментот на задолжително издавање на антибиотици на рецепт.

# НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

**Канцер:** Софтверското решение за Регистарот за канцер е завршено, а донесени се и правилници за пријавување на малигни заболувања и за одржување на Регистарот. Во септември и октомври одржани се презентации за околу 120 корисници од здравствените установи, како и за лицата од Центрите за јавно здравје кои ќе имаат улога на кодери, на кои е презентирано софтверското решение и неговите функционалности.

Во рами на проектот Health Info кој е дел од ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка со Грција, во септември 2020 се одржаа едукативни работилници за специјалисти радиолози и радиотехничари со цел да се обезбеди напреден тренинг за најдобри практики во врска со рана детекција на рак на дојка за доктори од Клиничката болница Битола и Општата болница Гевгелија. Во рамки на проектот набавена е и опрема (мамограф и ехо апарат) со кои се врши скрининг на канцер на дојка и канцер на грло на матка и со кој е опфатена популација на жени од помалите рурални општини.

**Храна и исхрана:** Институтот за јавно здравје и АХВ и во 2020 година работеа на конверзија на собраните податоци од Студијата за исхрана на деца на возраст од 1 до 9 години, согласно ЕУ-МЕНИ методологијата, во насока на нивно усогласување со FoodEx2 номенклатурата. На барање на МОН, се подготвија измените на Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште со кои се врши усогласување со Законот за основно образование и се врши ажурирање согласно Насоките за исхрана на населението.

**Ментално здравје:** Министерството за здравство во соработка со Клиниката за психијатрија отвори повеќе телефонски линии за психолошка поддршка за возрасни, деца, трудници и родилки, лица со нарушување на слухот, говорот и гласот, како и психолошка поддршка за лица во самоизолација во периодот со справувањето со КОВИД-19. Подготвен е „Прирачник за управување со менталното здравје на здравствените работници за време на пандемијата со КОВИД-19". Во прирачникот се даваат совети и препораки на сите здравствени работници за грижа за ментално здравје во услови на КОВИД-19.

**Насилство и здравје:** Изготвена е Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство. Во периодот јуни – август 2020 година одржани се 4 online работилници за зајакнување на капацитетите во примарна здравствена заштита за превенција на родово базирано насилство кај лица со попреченост со 80 учесници, а акредитиран е нов курикулум за работилница и вебинар за РБН за лица со попреченост за патронажни сестри. Изготвен е и отпечатен нов Прирачник за родово базирано насилство кај лица со попреченост на македонски и албански јазик. Во соработка со Лондонската школа за хигиена и тропска медицина и СЗО спроведено е истражување за насилство во услови на КОВИД 19 епидемијата во повеќе земји од Европа. Во соработка со СЗО одржан е вебинар за адаптирање и ажурирање на СЗО курикулумот трето издание за TEACH VIP (за едукација и обука за превенција на повреди и насилство). Како дел од активностите за одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајот на патиштата на веб страната на Институтот за јавно здравје е поставен соодветен материјал, кој ќе се постави и на online платформата Microsoft Teams за едукација на студентите на УКИМ Медицински факултет за сите студиски програми.

# БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

**Безбедност на крв:** Извршена е синхронизација на агитаторите за дарување на крв со електронскиот систем за дарители-е-Делфин, со цел пренос на податоци за следење на текот на дарувањето (дарител, пунктер, време на дарување, дарувана количина итн.). Воведен е системи за следливост на амбиентална температура во ИТМ-Скопје, РЦ Битола, РЦ Штип и РЦ Тетово, во согласност со ГМП водичите. Воспоставено е автоматско (електронско) следење на температурата во коморите за чување на крв и крвни компоненти и во фрижидерите за чување на реагенси и лекови. Воведено е комплетно автоматизирано имунохематолошко тестирање на дарителска крв со автоматизиран пренос на резултатите во електронскиот систем е-Делфин, како и комплетно автоматизирано имунохематолошко тестирање на крв од пациенти со автоматизиран пренос на резултатите во електронскиот систем е-Делфин. Извршена е реконструкција на одделот за хемостаза и тромбоза, на просторот на Центарот за хемофилија при ИТМ-Скопје, на просторот за специјалистичко консултативна дејност во ИТМ-Скопје за

пациенти со хемостатски нарушувања, како и реконструкција и уредување на РЦ Битола. Институтот за трансфузиона медицина набави клеточен сепаратор за плазмаферза кој сега се користи за донирање на ковалесцентна плазма за потребите на пациентите со COVID-19 според препораките на СЗО, EDQM, EMA .

Трансплантација: Во областа на трансплантацијата, покрај трансплантацијата на бубрези од починат донор која се изведувала и претходно, во Програмата за трансплантација за 2020 година беа вклучени и трансплантацијата на црн дроб, срце, коски и коскени ткива и трансплантација на рожница, а по направените планови за започнување со мултиорганска трансплантација, спроведени се подготовки за изведување на трансплантација на срце, црн дроб и коски и коскени ткива. Направени се сите потребни административни документи, а подготвени се и Протоколите по кои ќе се работи трансплантацијата на овие органи, кои се во согласност со протоколите на Еуротрансплант. Воедно, подготвени се и Национални листи за чекање за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб и коски и коскени ткива, кои ги управува Министерството за здравство, а во кои се вклучени пациенти кои се комплетно подготвени за трансплантација. На 22 мај 2020 година, во услови на посебен режим на здравствените установи поради пандемијата со Ковид-19, на Универзитетска клиника за државна кардиохирургија беше изведена првата мултиорганска трансплантација, при што за прв пат беше изведена трансплантација на срце од починат донор. Дополнително, извршени се и трансплантации на бубрег кај два пациенти.

# ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

Лекови за хумана употреба: Агенцијата за лекови и медицински средства во март 2020 година го заврши Твинингпроектот „Усогласување на законодавството за медицински производи и градење на капацитети за негова имплементација" со Агенцијата за лекови од Литванија. Главната цел на проектот беше поддршка на во усогласувањето со меѓународните стандарди и добрите фармацевтски практики, како и усвојување и имплементација на националното законодавство за фармацевтски производи во согласност со законодавството на ЕУ. Во таа насока се реализираа повеќе експертски мисии и како и неколку студиски посети. Согласно добиените препораки во тек се подготовки на Предлог Закон за лекови и Предлог на Закон за медицинските средства.

**Лекови за ветеринарна медицина:** Во 2020 изработени се 5 подзаконски акти кои произлегуваат од Измената и дополнувањето на Законот за ветеринарно-медицински препарати (241/18), неопходни за негова целосна имплементација.

# СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

**Здравје и безбедност при работа:** Заради превенција и контрола на SARS-CoV-2 инфекцијата кај работниците на работни места во различни дејности и сектори беа подготвени и објавени голем број различни специфични мерки, препораки и упатства поврзани со намалување на ризиците од експозиција на вирусот кај работната популација, наменети за работодавачите и работниците. Институтот за медицина на трудот во соработка со Организацијата на работодавачите во текот на јуни-јули организираше серија едукативни вебинари на тема „COVID-19 и БЗР перспектива". Институтот подготви препораки и мерки за спречување и контрола на ширењето на инфекција со SARS-CoV-2, насочени кон одделни групи работници .

Во рамки на Програмата за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците, спроведена е епидемиолошка анкета кај 100 земјоделци од неколку рурални населени места со цел да се добијат податоци за присуството на професионални штетности и опасности, како и податоци за актуелната здравствена состојба кај испитуваните лица.

Во рамките на програмската активност насочена кон унапредување на здравјето на здравствените работници, изработени се и дефинирани препораки и мерки за превенција на стресот поврзан со работата и синдромот на согорување кај здравствените работници. Изработен е алгоритам за проценка на психосоцијалните ризици на работното место кај здравствените работници и креирани се мерки за справување со стресот поврзан со работа кај здравствените работници со препорачани активности за елиминирање или редуцирање на стресогените фактори од работното место.

**Ретки болести:** Во функција е Регистарот на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести во кој се вклучени пациенти со заболувања наведени на ОРФАН листата на ретки

болести (ревидирана во јануари 2019, со што е извршено и усогласување со ЕУ дефиницијата за ретки болести. Преку програмата за ретки болести обезбедени се два нови лека за ретки болести.

# Краткорочни/ среднорочни приоритети

## Хоризонтални мерки

Се планира да се донесе Стратегијата Здравје 2030, како и да продолжи имплементација на мерки за заштита на населението од КОВИД 19. Ќе се работи на подготовка на проектни активности кои би биле финансирани преку ИПА 3. Ќе продолжат активности за набавка на медицинска опрема, и ќе се спроведе обуката за лицата кои ќе работат со линеарниот акцелератор во КБ Битола, која беше откажана заради состојбата со КОВИД 19.

Ќе се подготви апликација за TAIEX техничка помош за имплементација на директивата за прекугранична здравствена заштита.

На среден рок, очекува усвојување на Стратегија за здравје 2030 и АП, имплементација на предвидените активности, како и имплементација на проекти преку Стратешкиот одговор на ИПА 3.

**КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ:** Се планира имплементација на мерките и активностите за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на советувалиштата за откажување од пушење. Се планира подготовка на Акциски план за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ:** Со поддршка на СЗО, развиен е Протокол за серо-епидемиолошка студија на општата популација во земјата. Се планира да се подготват потребните процедури за обука на инволвираниот персонал и имплементација на предвидената методологија за отпочнување со студијата.

Ќе продолжи континуирана имплементација на превентивните годишни јавно здравствени програми, ќе се ажурираат програмските активности, а програмските активности за ХИВ/СИДА и ТБ ќе продолжат да се имплементираат преку годишните програми на МЗ. Се планира донесување на Закон за измена на Законот за заштита на населението од заразни болести, заради негово дополнително хармонизирање со ЕУ мерките 32013D1082, 32018D0945, 32017D0253.

Во 2022 ќе започне подготовката на новата Стратегија за ХИВ/СИДА за следниот 5 годишен период.

На среден рок, ќе се спроведуваат активности за подигање на јавната свест за придобивките од вакцинација на детето и опасноста по неговото здравје од одбивањето на истата, како и активности за имплементација на АП за контрола на заразни болести.

**НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ:** Ќе се иницира студија за популациска проценка на ризик факторите кај возрасното население во државата, врз чии резултати ќе се базираат идните политики.

**Канцер:** Се планира да започне внесување на податоци во регистарот за канцер, како и да се одржат работилници и едукации за кодерите од Центрите за јавно здравје, како и за одговорните лица од Институтот за јавно здравје, а во исто време да се направи превод на публикации поврзани со регистрација на карцином. Во делот на софтверското решение, ќе се развијат модулите за подготовка на извештаи, во согласност со меѓународно утврдените правила.

**Зависности:** Се очекува да продолжат активности за on-line интервенции за лица кои употребуваат дрога, како и работата на Советувалиштата за млади за превенција од дрога и други психоактивни супстанции и Дневен центар за ресоцијализација и рехабилитација на лица кои употребуваат дрога и нивни семејства. Планирана е донесување на нова Стратегија за дроги со акциски план. На среден рок, се планира имплементација на активностите предвидени во Стратегијата за дроги и АП.

**Повреди и насилство:** Ќе продолжи имплементација на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство и новото законодавство. Во соработка со EUROSAFE ќе се спроведе истражување за повреди во домот и при рекреација.

**Ментално здравје:** Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести и Стратегијата за ментално здравје. Ќе продолжат активностите насочени кон отворање на нови центри за ментално здравје во заедницата. Ќе продолжи имплементацијата на двата повеќегодишни научно-истражувачки проекти, RECOVER-E и ИМПУЛС, финансирани од програмата Horizon 2020 од Европската Комисија.

Се планира проширување на е-услуги за ментално здравје заради нивно обезбедување за време на КОВИД 19 пандемијата, и тоа:

- Воспоставување на on-line форуми за поддршка и информации;
- услуги за ментално здравје на бремени жени и родилки;
- воспоставување на платформа за телепсихијатрија и телепсихотерапија;
- едукација и поддршка на семејства со деца во ризик, и/или персонал во институции за сместување на деца;
- развој и обезбедување на дополнителни дигитални алатки и платформи за континуирана поддршка на менталното здравје на здравствените работници во услови на Ковид криза;
- развој и обезбедување на дополнителни дигитални алатки и платформи за континуирана поддршка на деца и лица со Аутизам и деца/лица со проблеми на говор и слух.

**Сексуално и репродуктивно здравје:** Ќе се продолжи со активностите утврдени во Програмата за активна заштита на мајки и деца насочена кон намалување на морталитетот и морбидитетот на бремените жени и доенчињата, како и согласно договорот за соработка потпишан помеѓу Министерство за здравство и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) за намалување на смртноста на мајки и новороденчиња.

Се планира имплементација на активностите од Мастер планот за перинатално здравје за период од 5 години.

**Храна и исхрана:** Се планира спроведување на активностите предвидени со Програмата за јавно здравје.

На среден рок, ќе се иницираат мерки во врска со достапноста и заштитата на децата од несоодветното рекламирање на храна богата со заситени и транс масти, шеќер и сол. Ќе продолжи собирањето на податоци поврзани со детска дебелина, врз чии резултати ќе се градат политики за справување со тој растечки здравствен ризик кај детската популација.

Согласно Стратегијата за дијабетес 2020-2030 година, преку Програмата за јавно здравје од 2022 година ќе бидат имплементирани активности поврзани со едукација за ризик факторите за дијабетес и редукција на ризик факторите со посебен фокус на справување со прекумерната телесна тежина и дебелината, како и :

- Организирани активности за промоција и подобрување на условите за физичка активност и здрава исхрана во соработка со органите на централната и локалната власт, институциите, работните организации,
- Воведување на данок на зашеќерени и масни производи
- Задолжителни едукации за лица со прекумерна телесна тежина и дебелина

# БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

**Безбедност на крв:** Се планира да се воведестуден синџир за транспорт на крвта во 17-те служби за трансфузиона медицина до регионалните центи за трансфузиона медицина. Се планира воведување на автоматизирана сепарација на дарителска крв во крвни компоненти во РЦ Битола, РЦ Штип и РЦ Тетово, како и воведување на НАТ технологија за контрола на дарителска крв на болести преносливи со крв и крвни компоненти. На среден рок, се планира да се започне со фракционирање на плазма добиена од доброволни дарители во договор со европска компанија за преработка на плазма.

**Трансплантација:** Се планира изготвување на софтвер за Националните листи за срце, црн дроб и коски и коскени ткива по примерот на софтверот за бубрези, зголемување на тимовите за работа во делот на кадаверична трансплантација, како и отпочнување на подготовки за кампања за промоција на органодонорството во земјава. Се планира да започне со работа и првата банка на коски и коскени ткива во државата.

Се планира склучување на договор со земји на Еуротрансплант на ниво на teaching and training со цел интеграцијата во глобална мрежа на Еуротрансплант.

На среден рок, се планира да се зголеми буџетот за Програмата за трансплантација кој ќе овозможи поширока рамка за развој на оваа област од медицината, со цел да се зголеми бројот на трансплантацијата од починат донор. Се планира да се работи на развој и зголемување на бројот на мултиорганска трансплантација (бубрези, срце, црн дроб, коски и коскени ткива рожница). Се планираат активности за обезбедување на квалитет на органи според нормите на Евротрансплант. Ќе продолжи процесот на соработка со земјите на Евротрансплант (Хрватска,Словенија) во делот teachingandtraining како дел од потпишаниот протокол за соработка, со интенција вклучување на Северна Македонија како активна членка на Евротрансплант. Ќе продолжи едукацијата на анестезиолозите од сите болници во земјата каде постојат оддели за интензивно лекување со цел да се зголеми бројот на трансплантациите од починат донор, како и доедукација на целокупниот медицински персонал за трансплантација. Се планира отпочнување на активна кампања со цел едукација на населението околу придобивките на органодонорството, сè со цел да се зголеми бројот на согласности за донација на органи.

# ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

**Лекови за хумана употреба:** се планира да се донесат новиот Закон за лекови и Закон за медицински средства. На среден рок, се планира подготовка на соодветните подзаконски акти со цел усогласување со новите законски одредби.

**Лекови за ветеринарна медицина:** По извршена гап анализа помеѓу постојната национална легислатива за ветеринарно медицински препарати и новата ЕУ Регулатива за ветеринарно медицински препарати (Regulation (EU) 2019/6) која стапува во сила 2022 година, се планира подготовка на Предлог измена на Законот за ветеринарно медицински препарати (или нов закон), како и соодветните подзаконски акти.

# СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

**Здравје и безбедност при работа:** Се планира донесување на нов Закон за безбедност и здравје при работа во 2021 година, како и на нова Стратегија за безбедност и здравје при работа и Акциски план за нејзина имплементација, за периодот по 2020 година, како континуиран развој на стратешките документи во областа на БЗР. Преку Националната програма за јавно здравје 2021 година, Институтот за медицина на трудот ќе продолжи со реализација на здравствените прегледи со оценка на работна способност на земјоделците, како и за унапредување на здравјето на здравствените работници, со фокус на менталното здравје во контекст на COVID-19 пандемијата. Се планира организирање на интерсекторски работилници на оваа тема, како и спроведување на обуки на здравствените работници и менаџери на здравствените установи, за превенција на стресот поврзан со работата преку примена и адаптација на Прирачникот на СЗО/МОТ „Health WISE - Work Improvement in Health Services - Action Manual".

На среден рок, се планира имплементацијата на новата Стратегија и Акцискиот план за безбедност и здравје при работа. Се планира изработка и имплементација на Националната Програма за заштита и унапредување на здравјето на здравствените работници. Се планира и спроведување обуки, семинари, работилници, едукативни состаноци за различни целни групи (стручни лица, работници и работодавачи) за одделни прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

**Ретки болести:** Ќе продолжи континуирана имплементација на активностите од Програмата за ретки болести. Се планира да се изработи Национална стратегија за ретки болести. На среден рок, се планира формирање на посебен фонд со цел обезбедување на дополнителни финансиски средства за обезбедување на лекови и дијагностика.

# КЛАСТЕР 3



# КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ

Краткорочните и среднорочните приоритети во **Кластерот Конкурентност и инклузивен раст** се исто така тесно поврзани со унапредување на економскиот раст и развој на земјата, следење на процесите на дигитализација и модернизација на индустријата, унапредување на образовните системи и социјалните политики со цел да се подобрат вештините, да се адресираат потребите на пазарот на трудот и да се намали невработеноста и сиромаштијата. Кластерот ги опфаќа реформите поврзани со информатичкото општество и медиумите, индустриската политика, економската и монетарна унија, оданочувањето и царинскиот систем, социјалната политика и вработувањето,како и образованието и културата и науката и истражувањето.

Кластерот ги опфаќа поглавјата **(10,16,17,19,20,25,26,29)**. Се планира понатамошно усогласување на законодавството, во сите поглавја и развој на **интегрирани информатички системи.** Се имплементираат постојните или се подготвуваат среднорочни и долгорочни стратегии како што се **Национална ИКТ стратегија** и стратегија за информатичка безбедност, **Национален бродбенд план**, **Стратегијата за даночни реформи**, **Стратегии во социјалните политики** и вработувањето и се продолжува со активните мерки за вработување и **за намалување на сиромаштијата**, **Стратегија за безбедност и здравје при работа**, заштита на ранливите групи, заштита на **децата**, недискриминација и еднакви можности, **Стратегија за Роми**, Индустриска стратегија, **Стратегија за паметна специјализација**, **Стратегија за научно-истражувачка дејност** и патоказ за истражувачка инфраструктура, **Стратегија за образованието**, **Стратегијата за култура и заштита на културното наследстово, Стратегијата за млади** итн.

Кластерот е директно поврзан со Кластерот **Темели** - демократски институции и економско владеење, Внатрешен пазар, како и со Зелена агенда и одржливо поврзување, Земјоделство, ресурси и кохезија и Надворешни односи. Усогласувањето на **економските и даночни политики** од овој кластер, со **Кластерот 4** - Зелена агенда и одржливо поврзување, и **Кластерот 5** - Земјоделство, ресурси и кохезија, се вмрежени компоненти на одржливиот развој, кои треба да бидат вградени во Националната развојна стратегија(2021-2041). Овој кластер, преку **развојот на информатичкото општество**, како и **социјалните политики, образованието, науката и истражувањето, иновативноста, и културата**, е хоризонтално поврзан во сите кластери.

Приоритетите од кластерот Конкурентност и инклузивен раст се поврзани со **стратешките приоритети** на Владата во однос на: забрзан и одржлив економски раст, повисок стандард и квалитет на живеење, креирање на модерна и ефикасна администрација, дигитализација и квалитетно образование достапно за сите.

Приоритетите се поврзани со целите и структурните реформи од **ПЕР**, како што се **деловно окружување и намалување на неформалната економија, вработување и пазар на труд, социјална заштита и инклузија, развој на секторот индустрија, истражување, развој и иновации и дигитална економија и образование и вештини и паметна специјализација.**

Од аспект на Инструментот за претпристапна помош **(ИПА-3)**, реформите се поврзани СП4: Конкурентност и инклузивен раст и СП2: Добро владеење, acquis, добрососедски односи и стратешка комуникација.

Стратешките развојни цели на **ОН (СРЦ)** за намалување на сиромаштијата и гладот, **квалитетно образование достапно за сите и инфраструктура, развој на работни места, индустријализација и иновативност** се исто така адресирани преку реформите од овој кластер.

Во однос на планираните **финансиски ресурси**, за реформите во овој кластер се предвидени околу 1,8 милијарди евра од националниот Буџет и околу 180 милиони евра од ИПА и друга донаторска помош за следните пет години (вклучително и кредити).

# ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во областа на електронските комуникации и информатичкото општество. Постигнат е **одреден напредок** за време на извештајниот период, бидејќи земјата напредува во подготовките за долгорочна стратегија за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), ја воспостави Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) и има подобрени услуги за е-влада. Националниот регистар на население и националниот е-портал за услуги започнаа со работа, нудејќи дигитален пристап и електронски услуги на граѓаните и деловните субјекти.

Бидејќи некои од препораките за 2019 година не се целосно спроведени, во наредната година земјата особено треба:

- да ја финализира долгорочната стратегија за информатичко-комуникациска технологија (ИКТ);
- да ги зајакне независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис;
- да продолжи да го спроведува акцискиот план за воведување на бројот за итни случаи 112 и да ги распредели потребните финансиски средства.

# Резиме

Се планира донесување на измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации, кој треба да се усогласи со новата Директива на ЕУ за електронски комуникации (EuropeanElectronicCommunicationsCode), како и со пакетот закони поврзани со градење (обврска која произлегува од НОБП).

Ќе се донесе Закон за ратификација на Протоколот (CETS No. 223) за изменување и дополнување на Конвенцијата за заштита на личностите во поглед на автоматската обработка на личните податоци (ETS No. 108).

Ќе се транспонира Директивата (ЕУ) 2016/680 за заштита на физичките лица во поглед на обработката на личните податоци од надлежните органи за цели за превенција, истраги, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни и за слободно движење на таквите податоци (т.н. Полициска директива).

Ќе продолжи процесот на донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за заштита на личните податоци, како и изработка на упатства за практична имплементација на Законот. Ќе се започне со анализа за потребата од подготовка на Електронски законик, којшто би претставувал кодификација на системските закони со кои се обезбедува дигиталната трансформација на институциите од јавниот сектор.  Започната е подготовката на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи. Овој закон целосно ја транспонира NIS директивата. На среден рок предвидено е донесување на измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со цел усогласување на домашното законодавство со последните измени на Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги.



# ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

## Тековна состојба

### Правна рамка

Во рамки на Дигиталниот Самит 2020 година, со партнерите од Западен Балкан беше потпишан Меморандум за разбирање за 5G патоказ за дигитална трансформација во регионот на Западен Балкан.

Усвоени и објавени беа неколку извештаи за развојот на бродбендот во Република Северна Македонија (согласно ДЕСИ) и од април 2020 година, Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) е поставена на мрежата на европските тела за бродбенд компетентност (BCO network).

Во февруари 2020 година беше усвоен нов Закон за заштита на личните податоци[72], усогласен со Општата регулатива за заштита на личните податоци на Европскиот парламент и на Советот (ЕУ) 2016/679 (GDPR). Со законот, Дирекцијата за заштита на личните податоци се преименува во Агенција за заштита на личните податоци (АЗЛП).

Донесени се тринаесет подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за заштита на личните податоци[73].

Агенцијата за електронски комуникации во март 2021 година ги донесе Планот за изменување и дополнување на Планот за намена на радиофреквенциски опсези во Република Северна Македонија[74] и Планот за изменување и дополнување на Планот за доделување и користење на радиофреквенции[75].

Реализацијата на имплементацијата на бројот за **итни повици 112** беше помогната со финансиски средства од ИПА 2 од 2016 година и соработка со Канцеларијата на ЕУ во Скопје,со конечна реализација на овие средства до 2020 година. Завршувањето на испораката и инсталирање на истата и пуштање во работа треба да биде во рок од една година, до крајот на 2021 година. Министерството за одбрана како надлежна институција и Центарот за управување со кризи,со странска поддршка,работат на измена и дополнување на Законот за управување со кризи, со цел инкорпорација бројот за итни повици Е-112 во законската рамка.

72 Службен весник бр.42/20.
73 Службен весник бр.122/20.
74 Службен весник бр.50/21.
75 Службен весник бр.60/21.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во текот на 2021-2023 година ќе се направи анализа на Директивата 2018/1972 за воспоставување на **Европскиот кодекс за електронски комуникации**, со цел да се изврши соодветна подготовка за нејзина транспозиција во домашното законодавство. При оваа анализа ќе бидат земени предвид практиките на земјите членки на Европската Унија.

Во текот на 2021 година АЕК ќе ги измени/дополни следните подзаконски акти:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга
- Правилник за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции.
- Во однос на **Националниот оперативен бродбенд план** ќе се усогласат меѓу-институционалните активности во доменот на градењето со цел поедноставување на процедурите за изградба на оптички мрежи, а посебно 5G технологијата.
- Согласно Програмата за работа на Владата 2020-2024 година и Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) ќе се продолжи со обезбедување на бесплатен интернет преку отворање на нови безжични пристапни точки, со што ќе се поттикне развојот на туризмот, но и покриеност и користење со интернет во тешко достапните места во државата.

- Под координација на МИОА, а во соработка со Светска банка, поднесена е апликација за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на **Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ)**, како дел од Националниот Оперативен Бродбенд План (НОБП), а во рамки на програмата на WBIF.
- Започнувајќи од 1 Јули 2021 година се предвидува напуштање на дополнителното тарифирање за роаминг услугите во петте земји од Западниот Балкан, односно се воведуваат цени за роаминг услуги исти како цените на електронските комуникациски услуги на домашниот пазарбез разлика дали станува збор за повици, разговори, смс или користење на интернет (Roam like at Home). Користењето на роаминг услуги под вакви поволности ќе биде регулирано во согласност со Правилникот за политики на фер користење и проценка на одржливоста на укинувањето на дополнителните надоместоци за регулирани малопродажни услуги во роаминг и барањето што го доставува операторот за целите на таа проценка. Со пропишаните политики за фер користење и одржливост се отстрануваат можностите за злоупотреба и се задржува одржливоста во финансиското работење на операторите.
- Согласно измените во Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет, АЕК ќе се насочи кон прием и обработка на доставените информации за процена на безбедноста и интегритетот на мрежите и услугите на операторите
- Ќе се донесе Закон за ратификација на Протоколот (CETS No. 223) за изменаи дополнување на Конвенцијата за заштита на личностите во поглед на автоматската обработка на личните податоци (ETS No. 108).
- Ќе се транспонира Директивата (ЕУ) 2016/680 за заштита на физичките лица во поглед на обработката на личните податоци од надлежните органи за цели за превенција, истраги, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични казни и за слободно движење на таквите податоци (т.н. **Полициска директива**).
- Ќе продолжи процесот на донесување на подзаконските акти согласно новиот Закон за заштита на личните податоци, како и изработка на упатства за практична имплементација на Законот.

- Ќе се работи на хармонизација на секторското законодавство со новиот Закон за заштита на личните податоци и документите на Совет на Европа, Европската комисија и добрите пракси од земјите членки на ЕУ.
- Ќе се работи континуирано јакнење на позицијата на Агенцијата како независен надзорен орган, согласно критериумот на независност дефиниран во новиот Закон за заштита на личните податоци
- До крајот на 2021 година се очекува целосно и комплетно завршување на имплементацијата на Европскиот број за итни повици **Е-112**.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

- Со планира да се донесат измени и дополнувања на **Законот за електронските комуникации** со цел усогласување на домашното законодавство со новата Директива на ЕУ за електронски комуникации (European Electronic Communications Code) и ќе се овозможи усогласување со пакетот закони поврзани со градење, како активностите кои произлегуваат од Националниот оперативен бродбенд план (НБОП).
- Под координација на МИОА, а во соработка со АЕК, ЈП МРД и Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) ќе започне процесот на ажурирање на белите, сивите и црните зони во државата.
- Со усвојувањето на правилата за поставување на кабелска канализација, ќе се обезбедат инфраструктурни капацитети неопходни за исполнување на следните стратешки цели: постигнување на националните таргети за фиксен бродбенд утврдени во НОБП, понатамошен развој на владината оптичка мрежа со соодветен степен на редундантност, обезбедување кабелска канализација за потребите на безбедносните служби во државата, оптичко поврзување на бесплатни WIFI точки на цела територија во државата, како и услови за развој на Четвртата индустриска револуција (4IR).

- Подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа, согласно приоритетите од Програмата за работа на Владата (2020-2024)
- Развој на НТОМ (Национална транспортна оптичка мрежа) така што ЈП МРД ќе започне со делумна изградба на НТОМ за широкопојасен интернет. За оваа активност ќе се воведат и софтверски апликации за мониторинг, управување, мапирање и планирање на телекомуникациските мрежи.
- До крајот на 2023 година, се планира еден поголем град да биде покриен со 5G сигнал.
- До крајот на 2025 година, главните коридори во согласност со Договорот за основање на транспортната заедница на основната и сеопфатната патна мрежа во земјата треба да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал.
- Развој на националната транспортна оптичка мрежа преку обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни бродбенд мрежи, поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на НТОМ.
- Обезбедување на пристапни бродбенд мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат бродбенд пристап до интернет и други услуги.
- Потпишување на спогодба за роаминг со Европската Унија.

- Измени во Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци во однос на ажурирање на постојната рамка на безбедносни мерки, усогласување со заеднички воспоставен праг и модел за известување на инциденти, проширување на опсегот за надзор со повеќе комуникациски услуги, нови дефиниции за безбедност и безбедносни инциденти, мерки за промовирање и спроведување на современи мерки за енкрипција со цел усогласување со Директивата.
- Заокружување на процесот на донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Законот за заштита на личните податоци и нивна имплементација.
- Ќе се работи на подигнување на јавната свест на граѓаните за нивните права за заштита на личните податоци, ќе се работи на воведување нови технологии и нови алатки во работењето на Агенцијата како и јакнење на административниот капацитет на Агенцијата.

# УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

## Тековна состојба

### Правна рамка

Донесена е Уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба како и Уредба со законска сила за постапката за издавање на дозволи за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба.

Во рамки на Дигиталниот Самит 2020 година, со партнерите од Западен Балкан беше потпишан Меморандум за разбирање за регионална интероперабилност и доверливи услуги во регионот на Западен Балкан.

### ИКТ стратегија

Изготвени се три клучни стратешки документи од **Националната долгорочна ИКТ стратегија 2021 – 2026.** Придружни документи на Стратегијата ќе бидат Анализата на тековната состојба како појдовна точка, и Акцискиот план за реализација на предвидените стратешки цели.

Во 2020-та година фокусот беше на зголемување на употребата на националната платформа за интероперабилност и приклучување на нови институции. Во тек е подготовка и воведување на јазол комуникациски клиент, т.е. можност преку еден комуникациски клиент да се поврзе и идентификува повеќе од една институција. Со овие активности веќе е започната имплементацијата на Законот за електронско управување и електронски услуги, како и подзаконските акти во кои е содржана Европската рамка за интероперабилност.

Во однос на Регистарот на население, беа направени неколку подобрувања во системот со што се подобри мониторингот врзквалитетот на разменетите податоци од надлежните институции.

## Е-услуги

Националниот портал за е-услуги обезбедува функционалност за идентификација и автентикација на правни лица, со што се овозможува давање на е-услуги на едно место и за граѓаните и за бизнисите.Во тек е реализација на проектот „Една точка за услуги", со што ќе им се овозможи на граѓаните на едно место да добијат услуги и информации од различни државни и јавни институции.

Во тековниот период беа пуштени следните е-услуги:

- Упис на даватели на обука во Листата на даватели на обуки за дигитални вештини
- Аплицирање на млади лица за ваучери за обуки за дигитални вештини
- Аплицирање за Дозвола за движење за време на забрана за движење од страна на правни лица, за нивните вработени
- Аплицирање за Дозвола за движење за време на забрана за физички лица
- е-услугите за физичките лица се поврзани со Централниот регистер на население

И беа развиени:

- Стандарди за давање на услуги
- Методологија за вклучување на крајни корисници во процесот на развој и измена на услуги
- Насоки за оптимизација на услуги (реинженеринг)
- Започнат е процесот на регистрација на повеќе даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација, како и процес на регистрација на средства за создавање на електронски потписи и електронски печати.
- Беше изготвена веб страницата за управување со квалитет (ЦАФ) која официјално почна со работа во март оваа година. Веб страницата е замислена да биде место кое ќе ги овозможува

сите информации поврзани со управување со квалитет од релевантни документи преку листа на корисници на модели, листа на обучувачи, новости, се до форум за дискусии. Веб страницата за управување со квалитет е поставена на следната веб локација: kvalitet.mioa.gov.mk.

- Од 02.01.2020 година започна активното користење на модулот за архивско и деловодно работење (ДМС) од страна на 13 институции. Во текот на 2020 година беа развиени и имплементирани процесот за распределба на влезна документација и општиот процес за движење на документи во институциите корисници на ДМС. За да се обезбеди континуитет во работењето на институциите, извршена е миграција на податоците од старото ДМС решение.
- Во 2020 година е усвоена Националната таксономија за сајбер инциденти. Дополнително, во согласност со Националната стратегија за сајбер безбедност и Акцискиот план, Владата им наложи на сите јавни и државни органи да пријавуваат инциденти на MKD-CIRT.

**Градењето на дигитални вештини** претставува еден од столбовите на Националната долгорочна ИКТ стратегија и Акцискиот план. Во тековниот период, спроведена е мерка за помош на млади лица за стекнување на дигитални вештини, преку издавање на ваучери.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

- Поради донесувањето на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, се наметна потребата од подготовка на нов Закон за архивска дејност. Овој закон целосно ќе го замени Законот за архивски материјал и ќе го уреди правниот режим на borndigital документите. Дополнително, Законот за архивска дејност ќе го уреди и начинот на примена на системот за управување со документи (DMS).
- Ќе се направат измени на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, со цел отстранување на недостатоците кои беа забележани при примена на законот во пракса.

- Согласно активностите определени со **Националната стратегија за сајбер безбедност** и Акцискиот план (2018-2022), започната е подготовката на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи. Овој закон целосно ја транспонира NIS директивата. Воедно, донесена е и Стратегија за сајбер одбрана 2019-2023.
- Ќе се донесе **Национална долгорочна ИКТ стратегија со Акциски план**
- Ќе се работи на зголемување на искористеноста на платформата за интероперабилност со зголемување на бројот на активни институции и сервиси достапни за размена на податоци. Во овој период планирано е да се направи посериозна надградба на платформата за интероперабилност со цел воведување на јазол комуникациски клиент. Исто така треба да се имплементира и стави во употребаРегистар на регистри со цел еднозначна идентификација на сопствениците на податоците, а со тоа и на податочните извори.
- Од аспект на **Националната рамка за интероперабилност**, треба да се започне процес на ревизија на насоките дефинирани во рамката согласно досегашното искуство и практична примена на платформата за интероперабилност, како и вклучување на измени предизвикани од воведувањето на јазол комуникациски клиент и можно усогласување на рамката со новите стандарди на ова поле во ЕУ.
- Во однос на **Регистарот на население**, во 2021 се планира поврзување и користење на податоците од системот Централен регистар на население во системите на Управа за јавни приходи, Министерство за труд и социјална политика, Државен завод за статистика, Фонд за здравствено осигурување и Државна изборна комисија. Со комуникацијата на овие системи, ќе се овозможи воспоставувањето на Регистарот на корисници на податоците од Централниот регистар на население, согласно одредбите од Законот за централен регистар на население, односно Електронскиот законик. Како еден од краткорочните приоритети во 2021 година е и миграција на системот на опремата добиена преку ИПА 2012.

Планирани активности од областа на **е-услуги** се следниве:

- Ќе се развијат и пуштат во употреба нови е-услуги или ќе се интегрираат постоечки, како: упис на деца во градинка, упис на деца во основно училиште, нострификација на дипломи од странство, ученички и студентски стипендии, закажувања за услуги и слично.
- Во рамки на проект финансиран од програмата ИПА 2017, на Националниот портал за е-услуги ќе бидат достапни нови 85 е-услуги за граѓани и бизниси.
- Во рамки на истиот проект, ќе бидат дигитализирани регистрите кои не се во електронска форма а се потребни за новите е-услуги на Националниот портал за е-услуги
- Дополнително, ќе биде развиена Методологија за мерење на квалитетот на испорака за е-услуги со градење на институционални капацитети за дигитализација на услугите (развој, планирање, одржување, давање, надградба и слично).
- Во однос на ЦАФ, во првиот квартал од 2021 година предвидено е изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба со што ќе се воспостави правен основ за надворешна проверка која ќеовозможи институциите кои спровеле заедничка рамка за проценка да ја потврдат успешноста на имплементацијата и можност да се здобијат со сертификат за ефективен ЦАФ корисник. Покрај воведување на процедура за надворешна проценка законот ќе се усогласи и со Законот за услуги кој има за цел подобрување на услугите на внатрешниот пазар.
- Во овој период се планира и усвојување и спроведување на методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите. Процесот опфаќа мерење на начинот на управување со ресурсите на институцијата, нејзините процеси на работење и испорачување на услуги и резултатите од работењето.
- Во 2021 година е предвидена адаптација, рационализација и имплементација на до 200 процеси, во 20 институции корисници на ДМС.

## Електронска идентификација и доверливи услуги

- Регистрација на национална шема за eID за физички лица.
- Регистрација на национална шема за eID за правни лица.
- Признавање на издавачите на квалификувани сертификати за доверливи услуги во рамки на ЗБ6.
- Во однос на Стратегијата за сајбер безбедност, се планира реализација на Студија за изводливост за основање на Центар за побезбеден интернет, преку Твининглајт инструментот.
- Со Законот за безбедност на мрежи и информациски системи се предвидува формирање на Дигитална агенција, којашто освен за дигитализација, ќе биде надлежна за операционализација на активностите од областа на сајбер безбедноста.

## Дигитални вештини

За подобар развој на дигиталните вештини се планира: развој на содржини за подобрување на дигиталната писменост на администрацијата, спроведување на обуки за подобрување на дигиталната писменост, спроведување на експертски обуки за ИТ лицата во администрацијата; спроведување на активности за подобрување на дигитални вештини на граѓаните согласно Глава 4 од Акцискиот план на Националната долгорочна ИКТ стратегија;

# Среднорочни приоритети

- Подготовка на Закон за критична информациска инфраструктура
- Зголемување на искористеноста на платформата за интероперабилност со зголемување на бројот на активни институции и сервиси достапни за размена на податоци.
- Со донесување на Електронскиот законик ќе се подобри регулативата за Централен регистар на население и комуникацијата помеѓу системите.
- Поврзување на системот и задолжително користење на податоците од истиот со

најмалку 50 полиси за пристап од институции и правни лица кои даваат и обезбедуваат услуги од јавен интерес, односно субјекти од областа на образованието, здравството, социјалната и детската заштита, финансиите, банкарството, осигурувањето, енергетиката, водоснабдувањето, електронските комуникации, поштенските услуги и комуналните услуги.

## Е-услуги

Во делот на е-услуги предвидени се следните активности:

- Во рамки на проект финансиран од програмата ИПА 2017, на Националниот портал за е-услуги ќе бидат достапни нови 50 е-услуги за граѓани и бизниси и ќе бидат дигитализирани регистрите кои не се во електронска форма, а се потребни за новите е-услуги на Националниот портал за е-услуги
- Ќе се пилотира развиената Методологија за мерење на квалитетот на испорака за е-услуги со градење на институционални капацитети за дигитализација на услугите (развој, планирање, одржување, давање, надградба и слично) во 5 институции и ќе се дадат препораки за подобрување и идно користење.

## CAF

- Имплементација на Методологија за мерење на успешност на работењето на институциите
- Проширување на системот за управување со документи со нови институции и корисници, што ќе води кон зголемување на употребата на електронски системи за управување со документи во институциите.
- Овозможување комплетно дигитално работење на институциите преку зголемување на бројот на дигитализирани процеси.

## Електронска идентификација и доверливи услуги

- Развој и имплементација на eIDas node за меѓугранична електронска автентикација
- Потпишување на договор со Европската Унија за меѓусебно признавање на давателите на доверливи услуги и на издавачите на шеми за електронска идентификација
- Основање на Центар за побезбеден интернет врз основа на резултатите и препораките од Студијата за изводливост, што ќе придонесе интернетот да стане безбедна и доверлива средина за деца и млади корисници.
- Донесување на втора Национална стратегија за сајбер безбедност.



# АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

### Правна рамка

Во 2020 година, беа донесени следните уредби со законска силазаради помош на радиодифузерите за справување со последиците од прогласената пандемија:

- Уредба со законска сила за начин на користење на радиофреквенциски опсези за време на вонредна состојба
- Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба
- Уредба со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19 со која беа опфатени радиодифузерите.

Собранието донесе Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик со којшто беа направени измени во неколку одредби поврзани со медиумското претставување за време на изборни процеси. Измените на Изборниот законик беа повод и за започнување на постапки за измена на Методологијата за мониторинг и за усвојување на две нови упатства за радиодифузерите: Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање и Упатство за лимитите за платено политичко рекламирање. Агенцијата го стопираше носењето на актите откако претседателот на државата прогласи вонредна состојба поради пандемијата со КОВИД-19. По завршувањето на вонредната состојба, кога продолжија изборните активности, на 15 јуни 2020 година, по затворањето на претходно отворената јавна расправа, Агенцијата ги донесе трите подзаконски акти.

По претходно спроведена јавна расправа Советот на Агенцијата на 4 јуни донесе подзаконски акти со кои се регулира примената на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По одлуката на Владата да го усвои Предлогот за измени и дополнувања на ЗААВМУ, со кој се предлага измена на членот 143 од ЗААВМУ, и се препорачува на Агенцијата до усвојување на предложените измени и дополнувања да ја пролонгира примената на подзаконските акти, регулаторот,

одлучи да ја одложи примената на подзаконските акти за 30 дена. На 3 декември, Уставниот суд донесе решение за поведување постапка за оценување на став 3 и 4 на член 143 ЗААВМУ и за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на истите одредби. На 17.02.2021 година, Судот донесе одлука за укинување на член 143 став 3 и 4.

Со цел надминување на проблемите околу авторските права за емитување или реемитување на ТВ канали помеѓу операторите и радиодифузерите, Владата во ноември 2020 година до Собранието достави предлог измени на Законот за аудиовизуелни медиумски услуги, со кој се бришат ставовите 3 и 4 од член 143, односно се враќа претходното законско решение. Предлог измените во декември 2020 поминаа на собраниски комисии, а во наредниов период се очекува законот да биде ставен на пленарна седница. При подготовка на измените, беше земено во предвид и мислењето на Делегацијата на ЕУ во Скопје.

## Надлежност на ААВМУ

- Во текот на 2020 година, Агенцијата вршеше мониторинг на изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2020 година. За време на изборниот период, Агенцијата покрена три прекршочни постапки за прекршувања на Изборниот законик, поради кршење на изборниот молк и две прекршочни постапки за начинот на покривање на изборната кампања против два радиодифузера кои не обезбедија правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборната кампања.
- Агенцијата во јуни изработи Извештај за медиумската сопственост на радиодифузерите и издавачите на печатени медиуми, во кој ги претстави податоците за сопствениците на телевизиите, радиостаниците и на издавачите на печатените медиуми,аво насока на обезбедување целосна транспарентност на сопственоста, во него ги прикажа и податоците за сопствениците на правните лица кои се јавуваат како сопственици

на радиодифузерите и на издавачите на печатени медиуми. Во рамките на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија” (JUFREX 2), во август беше изработена студијата „Плурализам на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување”, чија главна цел е да се проценат законските одредби за концентрација на сопственост во аудиовизуелниот сектор и да се препорачаат идни чекори во политиките што можат да доведат до измена и дополнување на Законот за медиумите, а особено на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, спроведувани се квартални истражувања на јавното мислење и објавени се податоци за гледаноста на телевизиските станици и слушаноста на радиостаниците.
- Нашата земја по вторпат се вклучи во одбележувањето на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО (24 до 31 октомври).
- Во текот на оваа година, Агенцијата ги спроведе сите надзори предвидени согласно Годишните планови за надзор. Што се однесува до промените на сопственичката структура на радиодифузерите, Агенцијата донесе четири одлуки со кои се одобрува промена на сопственоштвото кај една радиостаница која емитува на национално ниво, две радиостаници кои емитуваат на локално ниво и една локална телевизија.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Се планира формирање на работна група за подготовка на нацрт текст на измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој треба да се усогласи со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно измената и дополнувањето на AVMSD од ноември 2018 година, во текот на 2021 ќе се започне со транспозиција на оваа директива во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

# Спроведување

За доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, Агенцијата ќе реализира голем број на активности:

- Вршење програмски надзор врз радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи:
- редовен програмски надзор согласно Годишниот план за вршење програмски надзор за 2021 година;
- контролен програмски надзор, вонреден програмски надзор
- Вршење административен надзор врз радиодифузерите и врз издавачите на печатените медиуми:
- Редовен административен надзор согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2021 година;
- Во текот на 2021 година, Агенцијата ќе спроведе неколку анализи и истражувања:
    - Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост (опис на медиумската сопственост, промени во сопственичката структура и констатирана недозволена медиумска концентрација кај радиодифузерите);
    - Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2020 година;
    - Истражување на јавното мислење за ставовите и мислењата на публиката во врска со радио и телевизиските содржини, потребите од дополнителни содржини и степенот на задоволство од програмската понуда;
    - Спроведување квартални истражувања за да се обезбедат податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици што не се опфатени со електронското мерење;

- Студија за утврдување на можностите за воведување дигитално радио;
- Анализа за можностите и потребите за воведување на DVBT-T2

- Согласно законските обврски, Агенцијата и во текот на 2021 година ќе продолжи активно да работи на поттикнување социјална инклузија и на подигнување на степенот на медиумската писменост.

## Следење на изборното медиумско претставување

Во 2021 година, една од најзначајните активности на Агенцијата е мониторингот на медиумското покривање на локалните избори за градоначалници и советници, за да се обезбеди почитување на обврските што произлегуваат од Изборниот законик.

Предвидените активности опфаќаат Мониторинг врз програмските сервиси на радиодифузерите за почитувањето на одредбите од Изборниот законик, а во согласност со Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување.

## Стратегија за развој на националната телевизија

- По донесувањето на новата Петгодишна стратегија за развој на МРТ на 23 март 2021 година, националниот радиодифузер ќе почне со нејзино спроведување, вклучително и пуштање во употреба на нови програмски сервиси на МТВ;
- После долг период се оформува дописничка мрежа, се известува на програмите на МРТ од сите најголеми регионални центри во државата

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Со измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе се обезбеди усогласување на домашното законодавство со последните измени на Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги. Иницијативата произлегува и од Програмата за работа на Владата (2020-2024).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе работи на реализација на Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелна медиумска дејност за периодот до 2023 година.

По реализацијата на Регулаторната стратегија, Агенцијата ќе направи анализа на состојбите и трендовите и ќе пристапи кон изготвување на нова петгодишна Стратегија со која ќе се опфатат и соодветно адресираат сите клучни прашања за засегнатите страни во аудио и аудиовизуелната област.

По усогласување на домашната легислатива со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе донесе правилници и други подзаконски акти со кои ќе се доуредат новите законски одредби.

# ОДАНОЧУВАЊЕ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е умерено подготвена во оваа област. Постигнат е одреден напредок во донесувањето на Законот за акцизи и ратификување на Конвенцијата на ОЕЦД за заемна административна помош за даночни прашања. Сепак, реформите воведени во 2019 година за оданочување на персоналниот доход сега се ставени во мирување. Бидејќи не се спроведени сите препораки од извештајот за 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

- да го подобри капацитетот на централната и локалната даночна администрација преку донесување и ефикасно спроведување на Стратегијата за даночен систем;
- да развие нов интегриран ИТ-даночен модел за Управата за јавни приходи, да го подобри неговото управување со ризици преку автоматизирани процеси и понатамошно проширување на е-услугите за даночните обврзници.



# ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

## ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

### Тековна состојба

Оданочувањето на потрошувачката на добра и услуги е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност. Законот за данокот на додадена вредност е со примена од 01.04.2000 година и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на: Шестата (системска) директива на Советот - 31977L0388 и Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560.

При измените на Законот за данокот на додадена вредност, особено се имаат во предвид одредбите од Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388.

Во текот на 2020 година се донесени следните акти:

- Уредба со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба (донесена од страна на Владата и објавена (Сл.В бр. 82 од 27 март 2020 година). Со оваа Уредба, на даночните обврзници им се дава можност фактурите, покрај во хартиена форма, да ги издаваат и во електронска форма. Ова е со цел да се олесни работењето на даночните обврзници, како и да се спречи користењето на хартија со цел намалување на ризикот од ширење на вирусот Ковид-19.
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба (донесена од страна на Владата и објавена во Службен весник бр.102 од 14 април 2020 година). Уредбата беше усвоена со цел да се поедностави и олесни процесот на донирање на буџетски корисници. Со истата е пропишано ослободување од данокот на додадена вредност за прометот на

добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисници за справување со Covid-19, како и ослободување од данокот на додадена вредност за прометот на добра и услуги извршен кон буџетски корисник заради справување со Covid-19 кој се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник.

- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба (Службен весник бр.108 од 24 април 2020 година). Со уредбата се изврши продолжување на рокот за поднесување на даночната пријава на данокот на додадена вредност, како и за плаќање на данокот на додадена вредност.
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба (Службен весник бр.128 од 18 мај 2020 година). Со уредбата се продолжи рокот за примена на истата, односно истата се применува за време на вонредната состојба како и 90 дена по истекот на вонредната состојба.

Со Законот за изменување и дополнување на законот за данокот на додадена вредност (Службен весник бр. 267 од 09.11.2020) година, направени се следните измени:

- Пропишано е ослободување од данокот на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок на прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник за справување со Covid-19, како и ослободување на прометот на добра и услуги извршени кон буџетски корисник заради справување со Covid-19 кој се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник. Ова ослободување важеше до 31.12.2021година.
- Се пропиша повластена даночна стапка од 5% за занаетчиски услуги коишто се вршат од страна на занаетчии коишто се запишани во занаетчиски регистар согласно со Законот за занаетчиство, и тоа:

- (а) Поправка на велосипеди, чевли и производи од кожа, облека и постелнина за домаќинството (вклучувајќи крпење и прекројување); и (б) фризерски услуги. Оваа измена ќе се применува од 01.01.2021 година.

- Се воведе повластената даночна стапка од 10%за услуги на продавање на храна и на пијалаци за консумација на лице место и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалаци, која е со примена од 01.01.2021година.
- Со примена од 01.01.2021 година се пропиша законска обврска даночниот обврзник примател на промет на добра и услуги за кој е даночен должник согласно законот, да има обврска да изготвува извештај за примени промети, кој што извештај го доставува до надлежниот даночен орган, заедно со даночната пријава за данок на додадена вредност.
- Се пропиша одредба со која се врши одложување на обврската за плаќање на данокот на додадена вредност за дополнителни 5 дена по истекот на роковите во кои се поднесува даночната пријава за данок на додадена вредност.
- Се пропиша одредба според која разликата на данокот нема да им се врати на даночните обврзници кои во даночната пријава искажале барање за отстапување на разликата за данокот за намирување на даночни обврски на друг даночен обврзник. Доколку разликата на данокот притоа е поголема од износот кој се користи за намирување на даночни обврски на друг даночен обврзник, остатокот ќе се врати на даночниот обврзник. Барањето за отстапување на разликата на данок не може да се користи доколку даночниот обврзник има долгови по други јавни давачки. Оваа одредба ќе започне да се применува од 1 јануари 2021 година.
- Се пропиша можност за даночните обврзници, фактурите, покрај во хартиена форма, да ги издаваат и во електронска форма (pdf или друг електронски формат). Ова е со цел да се олесни работењето на даночните обврзници, како и да се спречи користењето на хартија со цел намалување на ризикот од ширење на COVID-19. Оваа одредба бешесо примена до 31.12.2021 година.

## Краткорочни приоритети

Во периодот 2021-2022 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивната усогласеност со Директивата 32006L0112 и со останатите даночни прописи на Европската Унија кои се однесуваат на оваа материја.

## Среднорочни приоритети

Во периодот од 2023-2025 година ќе следи интензивен процес на проучување и усогласување на домашното законодавство со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни подзаконски акти.

Во процесот на хармонизација особено ќе се води сметка да се вградат одредби со кои ќе се изврши регулирање на прометот на добра и услуги во рамки на Заедницата.

Во текот на хармонизацијата на домашното законодавство, во предвид ќе бидат земени сите релевантни ЕУ акти од областа на оданочувањето.

# АКЦИЗИ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, беа донесени следните акти:

- Уредба со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба (Службен весник број 86/2020 од 01 април 2020 година) –со која се пропиша продолжување на рокот за поднесување на гаранција за обезбедување на плаќањето на акцизниот долг кој може да настане за акцизните добра кои се наоѓаат во постапка на акцизно одложување заклучно со 30 јуни 2020 година за приватните здравствени установи, аптеките и производителите на лекови, помошни лековити средства и средства за дезинфекција кои

се иматели на одобрение за повластен корисник, како олеснителна мерка во услови на ширење на вирусот Ковид-19. Уредбата понатаму се изменуваше и дополнуваше односно се донесе:

- Уредба за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите* за време на вонредна состојба (Службен весник број 105/2020) при што се пропиша износот на акцизата за безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар од тарифните ознаки 2710 12 31 00, 2710 12 41 00, 2710 12 45 00, 2710 12 49 00, 2710 12 51 00 и 2710 12 59 00 и за гасно масло како погонско гориво и како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00; Пропишаното зголемување на износот на акциза беше како резултат на значителниот пад на цената на нафтата на светските берзи во овој период што предизвика значително намалување и на малопродажните цени на горивата, а притоа се пропиша механизам кој овозможува постепено враќање на постојните износи на акциза во услови на нормализирање на цените на пазарот. Притоа, оваа уредба со законска сила се применуваше за време на траењето на вонредната состојба, а се применува и седум месеци од престанокот на траењето на вонредната состојба;

- Уредба за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба (Службен весник број 125/2020), со која се пропиша дополнително продолжување на рокот за исполнување на обврската за поднесување гаранција за обезбедување на плаќањето на акцизниот долг кој може да настане за акцизните добра кои се наоѓаат во постапка на акцизно одложување. Имено, приватните здравствени установи, аптеките и производителите на лекови, помошни лековити средства и средства за дезинфекција кои се иматели на одобрение за повластен корисник, наместо заклучно со 30 јуни 2020 година, требаше да поднесат гаранција заклучно со 31 декември 2020 година, и

- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба (Службен весник број 169/2020 од 22 јуни 2020 година), со која се пропиша износот на акцизата за гасното масло како гориво за греење, враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење употребено во процес на производство или како додаток на друг енергенс како гориво за греење во индустријата, како и продолжување на рокот за поднесување на барањата за враќање на платената акциза од страна на дипломатските и конзуларните претставништва и меѓународните организации. Со изедначувањето на акцизата на гасното масло за греење со акцизата на гасното масло кое се користи како погонско гориво, се очекува да се оневозможи злоупотребата на користењето на гасното масло за греење спротивно на неговата намена и да придонесе за сузбивање на сивата економија, заштита на потрошувачите и пазарот од нелојална конкуренција, а воедно се заштитуваат и Буџетот на државата, граѓаните, како и компаниите кои работат со нафтени деривати. Притоа, одредбите од оваа уредба со законска сила се применуваа за време на траењето на вонредната состојба, а се применуваат и седум месеци од престанокот на траењето на вонредната состојба.

## Краткорочни/ среднорочни приоритети

Во понатамошниот период ќе се проценат ефектите од донесената Уредба како и измените и дополнувањата во однос на истата. Истовремено, ќе се следи и понатамошната имплементација на новиот Закон за акцизите (кој стапи на сила на 01.01.2020 година) како и на соодветните подзаконски акти, развојот на законодавството во ЕУ и позитивните европски практики, а воедно ќе се разгледува и можноста за подобрување на постојните одредби од Законот за акцизите.

# ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

## ДАНОК НА ДОБИВКА

### Тековна состојба

Законот за данокот на добивка (Службен весник бр. 112/14, 129/15. 23/16, 190/16, 248/18, 158/19, 232/19 и 275/19) го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на земјата.

- Во март 2020 година, беше усвоена Уредба со законска сила за примена на Законот за данок на добивка за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 79/20). Согласно Уредбата, даночните обврзници-компании кои претрпеле штета во работењето поради ширење на COVID-19, имаа право да бидат ослободени од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април и мај 2020 година.
- Во јуни 2020 година, Уредбата со законска сила за примена на Законот за данок на добивка за време на вонредна состојба, беше изменета и дополнета (Службен весник бр. 169/20). Со оваа Уредба се пропиша даночните обврзници-компании кои претрпеле штета во работењето поради ширење на COVID-19 да имаат право да бидат ослободени од плаќањето на аконтациите на данокот на добивка за дополнителни два месеци - јуни и јули.

### Краткорочни приоритети

Во периодот 2021-2022 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.

### Среднорочни приоритети

Во периодот од 2023-2025 година ќе се одвива усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји-членки (32009L0133-32013L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји-членки (32011L0096) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји-членки (32003L0049).

## ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### Тековна состојба

Законот за данокот на личен доход го уредува начинот на оданочување на личниот доход на физичките лица остварен во текот на годината. Под личен доход се подразбираат следните видови на доход остварени во земјата и странство: доход од работа; доход од самостојна дејност; доход од авторски

и сродни права; доход од продажба на сопствени земјоделски производи; доход од права од индустриска сопственост; доход од закуп и подзакуп; доход од капитал; капитални добивки; добивки од игри на среќа; доход од осигурување и друг доход.

- Во март 2020 година се донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 79/20). Согласно Уредбата, обврзниците на данокот на личен доход по основ на остварен доход од самостојна дејност кои претрпеле штета во работењето поради ширење на COVID-19, имаат право да бидат ослободени од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход за месеците март, април и мај 2020 година.
- Во јуни 2020 година, Владата ја измени и дополни Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба (Службен весник, бр. 169/20). Според Уредбата, обврзниците на данокот на личен доход по основ на доход од самостојна дејност кои претрпеле штети во работењето поради ширење на COVID-19 имаат право на ослободување од плаќање на аконтациите на данокот на личен доход за дополнителни два месеци - јуни и јули.

## Краткорочни приоритети

Во периодот 2021-2022 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на данокот на личен доход.

## Среднорочни приоритети

Во периодот 2023-2025 година ќе се одвива процесот на усогласување на Законот за данокот на личен доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји - членки (2009L0133- 32013L0133) во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 ЕС) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 ЕС).

# АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

## Тековна состојба

Хармонизацијата на законодавството по однос на административната соработка кај оданочувањето (32011L0016), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Северна Македонија и земјите-членки на ЕУ.

Република Северна Македонија има склучено вкупно 49 Договори за одбегнување на двојното оданочување и тоа со следните земји: Австрија, Азербејџан, Албанија, Белгија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Виетнам, Данска, Египет, Естонија, Израел, Индија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Казахстан, Кина, Косово, Кувајт, Латвија, Литванија, Луксембург, Молдавија, Мароко, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Британија и Република Ирска, Обединети Арапски Емирати, Полска, Романија, Русија, Саудиска Арабија, Словачка, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Тајван, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Република Чешка, Швајцарија, Шведска и Шпанија. Од вкупниот број на 49 договори, 24 се со земјите-членки на ЕУ.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои земјата ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите-членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување на економската соработка помеѓу државите-договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги, така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

Земјата преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на заемна размена на информации согласно Директивата 2011/16/ЕУ. Управата преку имплементација на минималните стандарди на БЕПС и примената на Конвенцијата за заемна административна помош за даночни прашањасе приближува кон исполнување на целите и обврските од Директивата 2011/16/ЕУзаедно со нејзините последователни измени.

Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања (потпишана во 2018 година), обезбедува сеопфатна мултилатерална рамка за размена на информации и помош при наплата на даноци. Конвенцијата стапи на сила на 1 јануари 2020 година.

Како членка на БЕПС Инклузивната рамка, земјата ќе учествува во преземање на мерки за спречување на можностите за одбегнување на плаќање на данок, односно мерки за зачувување на својата даночна основа. Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI) е потпишана од страна на Министерот за финансии на 29 јануари 2020 година, на 8-миот состанок на Инклузивната рамка на БЕПС.

## Краткорочни приоритети

Краткорочни приоритети се ратификација на MLI и забрзување на процесот на потпишување/ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Оман, Туркменистан, Хонг Конг и Сингапур. Како приоритет, секако, останува склучувањето на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји-членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок се:

- Креирање на процедури за постапување согласно Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања
- Започнување со ефективна примена на Конвенцијата
- Воспоставување поголема соработка и размена на информации за даночни цели со други јуриздикции потписнички на Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања.

## Среднорочни приоритети

Продолжување на водење на преговори со цел склучување на договори за одбегнување на двојното оданочување со земји-членки на ЕУ, како и други воневропски држави.

Воспоставување на автоматска размена на финансиски сметководствени информации со земјите-членки на ЕУ и со други земји членки на ОЕЦД (по потпишување на Договорот на надлежните лица за автоматска размена на финансиски сметководствени информации - Multilateral Competent Authority Agreement on Automatic Exchange of Financial Accounting Information-MCAA CRS), размена на извештаи по земја согласно Акција 13 од Инклузивната рамка на БЕПС (по потпишување на Договорот на надлежните лица за размена на Извештаи по земја - Multilateral Competent Authority Agreement on Country-by-Country Reportings CbC Reportings), доставување на Даночни правилници (Tax Rulings) согласно Акција 5 од Инклузивната рамка на БЕПС.

# СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ

Стратегијата за реформа на даночниот систем (2020-2023) која што беше изготвена од работна група составена од претставници од Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа за финансиско разузнавање и Управа за финансиска полиција беше објавена на веб страницата на Министерството за финансии. Дополнително, беа одржани консултации со невладиниот сектор, стопанските комори, бизнис заедницата, академската заедница и др.

Стратегијата, преку Министерството за финансии, беше усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 29 декември 2020 година. .Главна цел на стратегијата е да се обезбеди праведен, ефикасен, транспарентен и современ даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологии и иновации во оданочувањето, во функција на постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст. Стратегијата содржи пет приоритети за креаторите на даночната политика и органите кои ги администрираат јавните приходи во периодот 2021-2025 година, заедно со нивните клучни активности, резултати, одговорни субјекти и клучни индикатори за учинок:

Приоритет 1 – Поголема праведност во оданочувањето, со цел да се обезбеди секој да ја исполнува својата општествена обврска и да го плаќа својот праведен удел од данокот.

Приоритет 2 – Поголема ефикасност и продуктивност ефективност на даночниот систем за подобра наплата на приходите, преку поефикасна борба против нерегистрираните дејности и затајување на данок, зајакнат институционален капацитет, анализа и доуредување на даночната основа, намалување на заостанатите даночни обврски и спроведување на регистар на вистински сопственици.

Приоритет 3 – Зголемена даночна транспарентност, што вклучува подобрување на размената на информации помеѓу даночните органи и други субјекти, која во прв ред ќе се заснова на електронски услуги и дигитализација на процесите.

Приоритет 4 – Подобар квалитет на услугите, на начин кој ги поедноставува и забрзува постапките и го намалува административниот товар.

Приоритет 5 – Воведување еколошко („зелено”) оданочување, со цел стимулирање на даночните обврзници да го намалат своето однесување и/или активностите кои придонесуваат за загадување на животната средина.

Врз основа на приоритетите, мерките и активностите дефинирани во Стратегијата, ќе се изготвуваат годишни акциски планови во кои подетално ќе бидат разработени сите чекори за спроведување на активностите од соодветната година. Овие акциски планови ќе бидат подготвени од работната група за Стратегија за реформа на даночниот систем.

# ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

## Тековна состојба

Царинската управа го пушти во употреба **новиот модул за акцизи** во рамки на **СОЦДАД**, кој што е изработен врз основа на системот за контрола на движење на акцизна стока (Excise Movement Control System) кој се применува во ЕУ. Акцизните постапки се одвиваат целосно дигитално без користење на хартија. Изработен е план за воспоставување на безхартиена околина при спроведување на царинска постапка за извоз преку СОЦДАД, со одбрани пилот царински испоставии каде проектот ќе почне да функционира. Ставен е во функција на модулот за pre-arrival информации за брзи пратки. Модулот е развиван во рамките на Регионална работна група за земјите од ЦЕФТА и со истиот е предвидено доставување на податоци за брзите пратки пред тие да пристигнат во царинското подрачје и со примена на соодветни техники за анализа на ризик ќе се овозможи побрзо царинење на брзите пратки.

Во извештајниот период беа преземени конкретни чекори за насочување на капацитетите кон основната надлежност - прибирање на даночните приходи, како и активности за реализација на суштествени капитални реформски процеси во насока на модернизација на Управата за јавни приходи.

За полесно справување со Ковид-19, во 2020 година Управата за јавни приходи ги примени следниве уредби  кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и данокот на личен доход:

- Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба
- Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од COVID-19 за време на вонредна состојба (Службен весник, број 92/2020 и 156/20) година.
- Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба (Службен весник број 103/2020 и 140/2020)

- Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година, (Службен весник број 111/2020, 113/2020 и 154/20)
- Уредбата со Законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба (Службен весник број 92/2020 и 116/2020).

Изготвена е Проценка на даночен јаз во делот на фискализација за една дејност (автомеханичари) со осврт анализа на состојбите во делот на: регистрацијата, пријавениот промет, навременото доставување и навременото плаќање за оваа целна група, при што беа дадени 16 препораки и насоки до секторите и функциите во УЈП за постапување. Проценката на даночниот јаз во делот на фискализација за оваа целна група укажуваше на состојба за што беше потребно преземање конкретни мерки и активности за да се зголеми евиденцијата на готовинскиот промет, а со тоа и како домино ефект да се подигне наплатата на даноците за ДДВ, данок на добивка и ПДД.

Се донесе нов регистар на ризици на УЈП 2020-2022 година, во кој се воведе нова алатка за следење на потенцијални ризик фактори за области (сектори и функции) во УЈП каде има индиции за влијание преку мито и корупција – поврзаност со Државната комисија за спречување на корупцијата.

Изготвен е предлог екстерен План за подобрување на усогласеноста на УЈП 2020-2022 (за надворешна употреба). Овој документ ја одразува меѓународната добра пракса кога и најмодерните даночни управи објавуваат документи од овој тип за да се осигураат дека функциите на организацијата/институцијата се насочени кон најитните и приоритетните прашања кои имаат најголемо влијание врз усогласеноста на даночните обврзници.

Изготвен е предлог интерен План за подобрување на усогласеноста на УЈП 2020-2022 (за внатрешна употреба). Овој документ има за цел да ги престави начините на делување на усогласеноста и управувањето со ризиците во рамките на секторите и функциите во УЈП, методи и алатки кои стојат на располагање во делот на подобрувањето на усогласеноста на УЈП 2020 -2022, како и утврдените предизвици.

# Зајакнување на капацитетите преку размена на искуство и техничка помош во рамки на програми на ЕУ и други меѓународни организации

## Програма ФИСКАЛИС 2020

За фискална 2019 година (01.04.2019 – 31.03.2020 година) до 31.03.2020, 42 вработени од Управата за јавни приходи присуствуваа на 19 настани и се искористени 45,061.99 ЕУР, односно 82% од алоцираните средства за финансиската 2020 година.

Во фискална 2020 година (01.04.2020 – 31.03.2021 година), до 15.10.2020 година 8 вработени од УЈП присуствуваа на 7 онлајн настани организирани во рамки на Фискалис 2020 програмата. Поради новонастаната ситуација со Ковид -19 пандемијата во овој период се искористија само 6,376.78 EUR буџетски средства за фискалната 2020 година, од причина што на настаните се присуствуваше онлајн од работното место.

Воедно, поради новонастаната ситуација со Ковид -19 пандемијата неколку планирани настани во рамки на Фискалис 2020 програмата беа откажани/одложени.

Исто така беа одговорени и 4 анкети и тоа: Анкета за правила и одговорности на координаторите, Анкета за состаноци, Анкета за анализа на потребите за проекти за поддршка на е-учење и истражување на засегнатите страни на програмата - Систем за следење на „Фискалис 2020" и „Царина 2020".

## (IOTA) Интра-европска организација на даночните администрации

Во почетокот на 2020 година, 1 вработен од УЈП учествуваше со физичко присуство на 1 настан во рамките на Годишната програма на ИОТА за 2020 година. Останатите предвидени настани со физичко присуство се откажаа/одложија поради новонастанатата состојба со Covid-19.

Форумот за контакт лица од даночните управи (Координаторски PCP Forum), вебинари за актуелната состојба предизвикана од пандемијата, како и 24 Генерално собрание на организацијата беа виртуелно одржани.

Управата континуирано соработува со даночни администрации - членки на ИОТА, за размена на добри искуства преку одговарање на прашалници и технички прашања.

## (CEF) Центар за развој на финансиите

Во почетокот на 2020 година, 3 вработени од УЈП учествуваа со физичко присуство на 1 настан (работилница) во рамките на Годишната програма на Центарот за развој на финансиите (Љубљана, Словенија) за 2020 година. Во понатамошниот период, 18 вработени во Управата учествуваа на 11 настани кои беа организирани виртуелно (вебинари).

## (IMF) Меѓународен монетарен фонд

Во рамките на техничката поддршка која ја обезбедува ММФ, во Министерството за финансии се одржа мисија за имплементација на Трансферни цени.

Во првиот квартал од 2020 година се одржаа следните ММФ мисии: Работилница за ИТ реформа; Примена на принципите на управување со ризикот кај усогласеноста со цел подобрување на оперативната ефикасност; Подобрување на ефикасноста на даночната контрола

Воедно, во периодот февруари – март 2020 година од страна на Управата за јавни приходи беше одговорен прашалник за претстојната ТАДАТ мисија. Поради новонастанатата ситуација со COVID-19 пандемијата, оваа мисија беше одложена за наредниот период и ќе биде дополнително закажана.

Во месец март 2020 година, од страна на Управата за јавни приходи се одговори прашалник во однос на состојбата и мерките превземени од УЈП во време на COVID-19 пандемијата.

Се одржа регионален состанок на даночните администрации (организиран во форма на вебинар), на највисоко ниво посветен на продолжувањето на нормалното функционирање на деловните процеси за време на/по кризата предизвикана од вирусот Ковид-19.

### Друго

- На покана на Даночната управа на Косово, делегација на УЈП оствари работна посета во Приштина во рамки на одбележувањето на 20-годишнината од основањето на Даночната управа на Косово.
- Делегација на УЈП оствари работна средба со менаџментот на Даночната администрација на Албанија.
- Во периодот мај – август 2020 година, од страна на Светска Банка се одржа оценување преку TAX DIAMOND алатката и врз основа на истото добиен е Финален извештај со препораки за понатамошно подобрување на бизнис процесите на УЈП.
- Вработени од УЈП учествуваа на онлајн работилница за практични и процедурални аспекти на оданочување во дигитализирана економија, која беше организирана од страна на Обединетите нации

## Краткорочни приоритети

- Набавка на БМП алатка (софтвер и лиценци), како дел од Развој и реинженеринг на работни процеси за новиот даночен интегриран ИТ систем
- Имплементација на модул за автоматски поврат и пребивање кој преку автоматизација на процесите и забрзување ќе овозможи постапување по барањата за враќање на ДДВ во пократок рок.
- Воспоставување на нова методологија, упатства и процедури за поедноставување на процесот за поврат на ДДВ, кој ќе се темели на критериуми ажурирани и надградени критериуми за ризик.
- Имплементација на активности за зајакнување на ефективноста и ефикасноста на постапките за наплата на долгови и подобрено администрирање на даночните долгови.

## Среднорочни приоритети

Управата за јавни приходи ќе работи на зајакнување на оперативните капацитети и деловните процеси за наплата на приходите преку модернизирање на даночниот ИТ систем.

Царинската управа ќе работи на имплементација на Систем за управување со движењето на акцизните стоки (EMCS) усогласен со UCC - Одлука за национален развој; Имплементација на проектот и Систем за верификација на акцизните авторизации (SEED) - Одлука за национален развој; Имплементација на проектот.

## Проекти финансирани преку ЕУ и друга странска помош

### Проекти кои се во тек на реализација

- Со цел зајакнување на административните и оперативните капацитети на даночната администрација изготвен е Твининг проект „Подобрување на наплатата на даноците и даночна и царинска политика" во соработка со Министерството за финансии, Царинската управа на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи. Имплементацијата на проектот започна на 21/01/2020 година и ќе трае во период од 36 месеци.

### Планирани проекти/потреба

Управата за јавни приходи, Министерството за финансии и Светска банка дискутираат во рамките на апликацијата за нов проект за финансирање на развој на новиот ИФМИС и проширување на новиот информациски систем на УЈП.

Во делот на УЈП, подготвен е предлог за Компонента 2: Поддршка на даночните реформи на ИТ стратегијата на УЈП и промоција на интегрираниот даночен информациски систем (или ИТИС), кои ги вклучуваат преостанатите проекти / модули за завршување на ИТ систем:

- Складиште на податоци
- Алатки за деловно разузнавање како компоненти: Управување со ризици, усогласеност и донесување одлуки засновани врз факти
- Нови модули ИТИС: за е-трговија и е-фактура
- Центар за обнова во случај на катастрофа

Царинската управа за периодот 2023-2025 планира имплементација на систем за управување со движењето на акцизните стоки (EMCS) усогласен со UCC и Имплементација на Систем за верификација на акцизните авторизации (SEED).



# ЕМУ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата останува умерено подготвена во областа на економската и монетарната политика. Постигнат е одреден напредок во транспарентноста и отчетноста на буџетските расходи. Препораките за 2019 година беа делумно спроведени. Во наредната година, Северна Македонија треба да преземе дополнителни мерки за:

- измена на Законот за државни службеници со цел давање на целосна независност на централната банка;
- Донесување на новиот Закон за буџети кој вклучува фискални правила, аранжмани за независен фискален совет и воведување соодветна сеопфатна среднорочна буџетска рамка;
- да обезбеди спроведување и проценка на економското, социјалното и влијанието врз животната средина на мерките воведени за поддршка на деловните субјекти погодени од кризата од КОВИД-19, особено микро, мали и средни претпријатија и самовработени.



# Резиме

Народната банка ќе продолжи да ги следи макроекономските индикатори и движењата на финансиските пазари и соодветно ќе ја прилагодува поставеноста на монетарната политика. Дополнително, земјата ќе продолжи да ја унапредува и усогласува статистиката. Донесување на новиот Закон за буџети и развиен функционален Интегриран информациски систем за управување со финансиите со основни модули.

# МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Во услови на пандемија на вирусот ковид-19 и мерки за спречување на неговото ширење, кои неповолно влијаат и врз глобалната и врз домашната економија, а при солидно ниво на девизни резерви и отсуство на инфлациски притисоци, монетарната политика го задржа акомодативниот карактер, преку дополнително намалување на основната каматна стапка во април и мај 2020 година, за вкупно 0.5 п.п., до нивото од 1,5%, со цел олеснување на условите на финансирање и поддршка на кредитните текови во економијата. Дополнително како реакција на здравствената криза, Народната банка во два наврати (во април и мај 2020 година), ја намали понудата на благајнички записи за вкупно 15 милијарди денари. Намалувањето на износот на благајничките записи овозможи ослободување на ликвидни средства во банкарскиот систем, коишто претставуваат значајна поддршка на македонската економија преку поттикнување на кредитната активност на банките. Народната банка во март 2020 година ја реактивираше нестандардната мерка со којашто се овозможува намалување на основата на задолжителна резерва во денари на банките за износот на новоодобрени и реструктуирани кредити одобрени на нефинансиски друштва од дејностите коишто се најпогодени од пандемијата од Ковид-19. Со оваа мерка Народната банка создаде услови за стимулирање на кредитната поддршка на најпогодените сектори по поповолни услови од страна на банките.

Во мај 2020 година, Народната банка го прошири опсегот на хартии од вредност коишто може да ги прифати од домашните банки како инструменти за обезбедување при емисија на ликвидност во банкарскиот систем во домашна валута. Со овие измени, Народната банка при спроведување на операциите за откуп на хартии од вредност на привремена или дефинитивна основа може да ги прифаќа и домашните државни обврзници со најдолга рочност (15 и 30 години), како и еврообврзниците издадени од страна на државата на меѓународните финансиски пазари. На тој начин, Народната банка ги прифаќа за откуп сите хартии од вредност, издадени од Северна Македонија на домашниот и меѓународниот пазар. Заради одржување и зголемување на девизната ликвидност на банкарскиот систем во евра, во август 2020 година беше активиран инструментот аукции на девизни депозити, на кои домашните деловни банки еднаш месечно можат да пласираат девизни депозити во евра

кај централната банка со рок на достасување од 1 и 3 месеци, по фиксни каматни стапки.

Во рамки на нововоспоставената репо-линија за обезбедување ликвидност во евра на централните банки коишто не се дел од евро-зоната, во втората половина на 2020 година ЕЦБ на Народната банка и' одобри можност за користење на ликвидни средства во износ до 400 мил. евра. Народната банка ќе може да ја користи репо-линијата за задоволување на евентуалните потреби на домашните деловни банки за ликвидност во евра (до крајот на јуни 2021 година, или додека е потребно), во услови на нарушувања на финансиските пазари поврзани со шокот од ковид-19.

Во изминатиот период Народна банка презема низа активности за понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ статистички стандарди.

- Во областа на **статистиката на финансиските сметки**, во текот на 2020 година континуирано се работеше на унапредување на методологијата и квалитетот на годишните податоци (состојби). Притоа, постигнат е адекватен квалитет на податоците и применетата методологија (согласно ESA 2010) што го овозможи нивното објавување на крајот на 2020 година, со временска серија за период 2013-2019 година, заедно со методолошки појаснувања[76].
  Дополнително, согласно препораките од: а) Техничката мисија на ММФ во областа на финансиските сметки, б) твинингпроектот „Јакнење на институционалниот капацитет на НБРСМ во процесот на пристапување во ЕСЦБ", в) Проектот на ММФ за унапредување на статистиката на секторот држава со ММФ и ДЗС, Народната банка прави напори за унапредување на изворите на податоци и методологијата за составување на квартални финансиски сметки и годишни текови. Имено, во април и октомври 2020 година, до ДЗС беа доставени податоци за тековите на финансиските сметки на секторот Држава за периодот 2016 – 2019 година, по потсектори, како инпут за ЕДП-нотификациските табели, со унапредена методологија и опфат кај одредени финансиски инструменти. Новата унапредена методологија е применета и кај податоците за финансиски сметки, кои во декември 2020 година се доставија до Евростат, (за периодот 2013 – 2019 година) и водат кон понатамошно усогласување со ЕСА, 2010.

76 https://www.nbrm.mk/finansiski-smetki.nspx

- Во областа на **екстерните статистики** се работеше на збогатување на расположливите податоци. Подготвени се извештаите за доходот од директни инвестиции по земји и дејности и за директни инвестиции по географски и економски зони, согласно барањата на BoPVademecum и истите се доставени до Евростат, со што се постигна натамошно усогласување на статистиката на директни инвестиции со барањата на ЕУ. Имено, на 30 септември 2020 година до Евростат за прв пат се доставени табелите 4.2; 4.3 и 5.2 од BoPVademecum според деталните барања за дисеминација на податоците по земји и дејности. Согласно определбата за збогатување на сетот податоци коишто се доставуваат до ММФ во рамки на Координираниот прашалник за портфолио инвестиции (CPIS), во текот на 2020 година се изработија податоците од табелите 5 и 6 за портфолио инвестиции средства, по земја и сектор на нерезидентен издавач и по сектор на нерезидентен издавач и резидентен инвеститор, за одредена група на земји. Во октомври 2020 година овие податоци се објавени на интернет страната на НБРСМ и истите се доставени до ММФ. Во рамки на CPIS, Народната банка учествуваше и во пилот проектот за прва годишна размена на податоци за секторот на издавачи на хартиите од вредност. Во рамки на проектот за подготвување на предлог-методологија за приватни трансфери изготвен е документ кој беше презентиран на Конференција за екстерни статистики која се одржа во Лисабон, во јануари 2020 година. Се работеше и на утврдување и разгледување прифатливи алтернативни решенија за процена на нерегистрираниот извоз на стоки и услуги, сивата економија, туризмот, патувањата и друго. Дополнително, интензивирана е соработката со ДЗС за потребите на ИПА проектот Меѓународна трговија со услуги. За потребите на овој проект, во октомври 2020 година е склучен Анекс 4 кон Договорот за размена на податоци со ДЗС, врз основа на кој до ДЗС се доставени детални податоци за ставката услуги од платниот биланс.

- Во областа на **монетарната статистика**, во рамките на долгорочниот проект за воспоставување интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата ИСИДОРА, преземени се повеќе активности, пред сѐ поврзани со унапредување на концептуалното решение

за користење на податоците од кредитниот регистар за потребите на статистиката и негово идно надградување за извештајните потреби на Народната банка во целина. Активностите кај овој проект се реализираат со забавена динамика, со оглед на комплексноста на проектот и потребите за промени, коишто се јавуваат во текот на изготвувањето на концепциското решение. Дополнителна потврда на начинот и содржината на идното известување се очекува со проектот на ИПА „Јакнење на капацитетот на централните банки од Западен Балкан во интеграцијата со ЕСЦБ" во рамките на договорените активности со експертите од Централната банка на Португалија, коишто поради состојбата со Ковид 19, се одложени за наредниот период.

- Во областа на **статистиката за хартиите од вредност**, продолжија започнатите активности за софтверско поврзување на сите расположливи бази на податоци за тргувањата со хартиите од вредност во земјата и во странство. Со унапредувањето на оваа статистика се создаваат предуслови за збогатување на изворите на податоци и подобрување на квалитетот на статистиката на финансиските сметки.

Вонредните настани поврзани со Ковид-19 немаа влијание на процесот на дисеминација на статистичките податоци во Народната банка, кој во целост се реализираше согласно Календарот за објавување на податоци. Немаше временски доцнења, а опфатот и квалитетот на изворите и производството на податоците, останаа непроменети, во однос на периодот пред пандемијата. Редовно се објавуваа соопштенија за печат за примарните статистички податоци во надлежност на Народната банка, истовремено со објавувањето на соодветниот сет на податоци.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Се предвидува изменување и дополнување на Законот за Народната банка со кои попрецизно се определува макропрудентниот мандат на Народната банка. Истовремено, ќе се изврши усогласување и во други делови на Законот со постојните ЕУ барања.

## Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс

Народната банка ќе продолжи активно да ги следи макроекономските индикатори и движењата на финансиските пазари, при што зависно од нив, ќе ја прилагодува поставеноста на монетарната политика. Во делот на спроведување на монетарната политика, се предвидува разгледување и подготовка на предлог регулативни измени со коишто ќе се усогласи принципот за учество на банките во одделните монетарни операции преку учеството во системот на задолжителната резерва, согласно регулативата на Европската централна банка. Дополнително, во доменот на инфраструктурата за спроведување на монетарните операции, се планира комплетирањето на активностите за примена на новиот електронски систем за аукции на благајнички записи, како и натамошно автоматизирање на следењето на исполнувањето и пресметката на надоместокот на задолжителната резерва во евра.

Во процесот на управувањето со девизните резерви, во услови на променливи движења на меѓународните финансиски пазари, Народната банка ќе ја прилагодува рамката на инвестирање на девизните резерви и управувањето со ризиците, согласно глобалните трендови.

## Статистика

На полето на статистиката ќе се реализираат следните активности:

- Понатамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (ППБМИП6) и барања на ЕУ:
    - Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци за екстерните статистики до европските институции од страна на Народната банка;
    - Подготвителни активности за воспоставување на нов статистички податочен склад (продолжува во среднорочни приоритети);
    - Прилагодување на изворите на податоци за екстерни статистики во услови на натамошна либерализација на капиталните трансакции со нерезиденти и примена на ЕУ регулативите за платежни услуги и платни системи.

- Понатамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата во регулативите на ЕУ од оваа област;
- Развој на статистика на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност;
- Подобрување на комуникацијата со корисниците на статистичките податоци и известувачите.

## Среднорочни приоритети

### Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс

Поврзано со имплементацијата на монетарната политика, Народната банка и во следниот период ќе продолжи да реализира активности за прилагодување на монетарниот инструментариум со поставеноста и промените на монетарната политика во евро-зоната. Воедно, во функција на успешно управување со ликвидноста на банките, поддршка на процесот на денаризација и поддршка на стабилните долгорочни извори на финансирање на банките, Народната банка во континуитет ќе ја преиспитува оптималната поставеност на монетарните инструменти и/или ќе ја разгледува потребата за воведување на нови монетарни мерки.

Воедно, во насока на усогласување со најновата методологија на ЕЦБ за утврдување на референтна пазарна стапка, планирано е да продолжат активностите за преиспитување на потребата од воведување нова референтна стапка на пазарот на пари од страна на Народна банка. Во делот на управувањето со девизните резерви, Народната банка ќе продолжи да ги применува најдобрите практики и во континуитет ќе го јакне капацитетот за управување со девизните резерви, сè со цел активно прилагодување на инвестициските инструменти на промените на глобалните финансиски пазари.

# Статистика

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (дел во домен на Народна банка) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период Народна банка континуирано ќе врши унапредувања во следниве области:

- Воведување на нови и усовршување на постојните извори на податоци за екстерните статистики и монетарната статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска, географска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти, рочност и сл.
- Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци до европските институции;
- Понатамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата во регулативите на ЕУ од оваа област;
- Развој на статистиката на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност;
- Подобрување на комуникацијата на статистиката со корисниците и известувачите во Народната банка;
- Изградба на единствен статистички склад на податоци.



# ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Во првото полугодие од 2020 година е забележан пад на домашната економската активност од 6,4% како последица на неповолните движења во второто тримесечје, што е одраз на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и падот на производството во индустриските капацитети како последица на значителниот пад на надворешната побарувачка. Оттука, најтешко погодени се индустриското производство и одредени услужни дејности, како што се трговијата, транспортот и угостителството. Економската активност, согласно ревидираните проекции, забележи пад од 4,5% во 2020 година.

Координацијата на економските политики е содржана во процесот на изработка и усвојување на Фискална стратегија, Буџет на Северна Македонија и Програма на економски реформи (ПЕР), како главни стратешки документи.Буџетот за 2021 година воспостави нов концепт, односно воведе среднорочна петгодишна рамка која го опфаќа растот, дефицитот, јавниот долг и капиталните проекти. Со овој буџет се предвидоа: Стратегијата за заздравување на економијата и забрзан раст или SmartER Growth; Политики за буџетска консолидација од 2021 до 2025 година; и План на јавни инвестиции 2021-2025. Согласно Буџетот проектирана е стапка на раст на БДП од 4,1% во 2021 година, инфлација од 1,5% и буџетски дефицит од 4,9% од БДП. Владата во јули 2020 година ја усвои Фискалната стратегија за 2021-2023 година.

Програмата на економски реформи 2020-2022 беше доставена до Европската комисија во предвидениот рок до крај на 31 јануари 2020 година. Во текот на февруари 2020 година, спроведени се оценски мисии од страна на ЕЦБ и ЕК врз основа на кои се подготви и објави Извештајот со оценка за ПЕР 2020-2022.

Процесот на подготовка на новата ПЕР 2021-2023 започна со усвојување на Заедничките заклучоци (т.н. Joint conclusions) на Економско - финансискиот дијалог во мај 2020 година, кои содржат препораки насочени кон мерки кои обезбедуваат итен одговор во однос на фискалната, економската и социјалната политика, а со цел намалување на влијанието на пандемијата, како и транзиција од овие краткорочни мерки кон подолгорочни структурни мерки за поттикнување

на закрепнување на економијата на среден рок. Основа на донесување на заедничките заклучоци е Оценката на ЕК за ПЕР 2020-2022, според која клучните предизвици кои земјата треба да ги има во предвид при подготовка на новата програма се: подобрување на квалитетот и релевантноста на образовниот систем; зголемување на конкурентноста на домашните компании и нивна интеграција во глобалните синџири на вредности и формализација на економијата. Исто така, од страна на ЕК беше објавен и Водич за подготовка на ПЕР 2021-2023, кој оваа година фокусот го стави на пост-Ковид 19 закрепнувањето на економијата, хоризонтално вклучување на зелената и дигиталната трансформација на економијата (како вектори на конкурентноста) во сите области на структурните реформи и зголемено внимание на социјалната заштита, особено на здравствената заштита.

Во насока на зајакнување на стратешката употреба на Програмата на економски реформи, еден од критериумите за проценка на релевантноста на одредена предложена активност при програмирањето на ИПА 3 е како таа активност е поврзана со Програмата за економски реформи и договорените насоки за политики преку усвоените препораките од Економско-финансискиот дијалог.

Во насока на креирање квалитетни реформски мерки кои ќе бидат дел од ПЕР 2021-2023, во овој период беа одржани повеќе обуки насочени кон зајакнување на капацитетите на линиските министерства. Во ноември ЕК одржа виртуелна советодавна мисија за ПЕР 2021-2023.

Новиот Закон за буџетите беше усвоен од страна на Владата во јануари 2021 година и во моментов се чека негово донесување од страна на Собранието.

Министерството за финансии започна со активности за воспоставување на современ Интегриран информациски систем за управување со финансиите(IFMIS - Integrated Financial Management System), кој ќе обезбеди интегрирано следење на приходите и расходите од нивното планирање до целосна реализација. Во тек се разговори со развојните партнери (Светска Банка, Делегација на ЕУ, Амбасади на САД и Велика Британија, УСАИД) за разгледување на можностите за обезбедување финансиска рамка за ИФМИС, со оглед на зрелоста на проектот и направените подготовки во изминатиот двегодишен период.

Во насока на поголема транспарентност на јавните финансии, во месец ноември 2019 година, беше пуштен новиот портал „Отворени финансии” (open.finance.gov.mk), кој има за цел да и’ овозможи на јавноста увид во податоците за реализација на трансакции на сите буџетски корисници на Буџетот, со кои што располага Трезорот на Министерство за финансии. Министерството за финансии ја продолжи соработката со тимот на ИРИ, со поддршка на УСАИД, во делот на втората фаза од имплементацијата на проектот „Отворени финансии”, поточно за проширување на опфатот на податоци на порталот „Отворени финансии” и со трансакциите на Единиците на локалната самоуправа и нивните буџетски институции. Беше воведена и нова алатка за следење на реализација на капиталните расходи по буџетски корисници, реализирани во однос на планирано во Буџетот, https://kapitalni-rashodi.finance.gov.mk/. Исто така, во октомври 2020 Министерство за финансии за прв пат објави податоци за фискална табела за извршувањето на буџетите на општините на Република Северна Македонија, како и квартални податоци за приходите и расходите на јавните претпријатија во државна сопственост.

Транспарентноста поврзана со податоците за јавниот долг е подобрена со измените на Законот за јавен долг од мај 2019 година со вклучување на негарантираниот долг на јавните претпријатија во дефиницијата за јавниот долг. Така, јавен долг е збир на државниот долг на јавните претпријатија основани од државата или од општините, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините. Дополнително, ДЗС на редовна основа доставува ЕДП табели (табели за прекумерен дефицит) до Евростат. Во согласност со методологијата на ЕСА 2010 година, опфатот на секторот „држава” вклучува јавни претпријатија.Списокот на институционални единици во сектор „држава” е јавно достапен на веб-страницата на ДЗС. Дополнително, воведена е новата алатка за фискална транспарентност преку креирање на порталот https://javendolg.open.finance.gov.mk/. Платформата е промовирана и објавена во јавноста на 20 февруари 2020 година. На страната се детално прикажани долгот, неговото движење по години, повлекувањата, раздолжувањата, како и проекциите за тековната година. Целта е преку едноставно и разбирливо претставување на податоците за јавниот долг, да се придонесе кон поголема информираност и финансиска едукација на широката јавност.

## Краткорочни приоритети

- Почнувајќи од 2020 година политиката за управување со јавниот долг ќе се утврдува во посебна Стратегија за управување со јавен долг .
- Донесување на новиот Закон за буџети од страна на Собранието на Северна Македонија.
- Се предвидува подготовка на тендерска документација и спроведување тендерска постапка за избор на оператор кој ќе започне да работи на воспоставување на Интегрираниот информациски систем за управување со финансиите.

## Среднорочни приоритети (2023)

Согласно Буџетот за 2021 година и ревидираните проекции, економскиот раст во земјата се очекува да премине во позитивната зона во 2021 година, во услови на очекувано закрепнување на инвестициите, потрошувачката и надворешната побарувачка, при што е проектиран раст од 4,1% согласно основното сценарио, кое претпоставува слабеење на здравствената криза и етапно подобрување на епидемиолошката слика, повисока искористеност на производствените и услужните капацитети, поволни ефекти од економските мерки, како и зголемена доверба кај потрошувачите и инвеститорите.

Планираната фискална консолидација, редизајнирањето на буџетската политика и Стратегијата за економско заздравување и забрзан раст (SmartER Growth) се цврста основа за забрзување на економскиот раст во наредниот период, враќање на економијата на преткризната патека на раст во втората половина на 2022 година и обезбедување на побрза динамика на економски раст потоа. Согласно индикативните проекции, економскиот раст во 2025 година се очекува да стигне 5,9%, а во периодот од 2026 до 2030 година се предвидува стабилизирање на просечната стапка на економски раст на 5,75% годишно.

Со настапувањето на Ковид-19 кризата, се зголемија потребите за финансирање што резултираа со поголемо задолжување на меѓународниот пазар на капитал и на домашниот пазар на државни хартии од вредност. Како резултат на кризата се очекува благо надминување на границата од 60% од БДП на среден рок, а по 2024 година со мерките на фискална консолидација се очекува стабилизација и повторно враќање

на нивото на долгот под 60% од БДП. Имајќи го предвид досегашното искуство на издавање на ДХВ, фреквентноста на издавање на хартиите од вредност е соодветна на пазарните потреби. Во таа насока, Министерството за финансии ќе продолжи со воспоставената динамика за издавање на ДХВ која ја диктира пазарот.

Согласно со Стратегијата за денаризација, Министерството за финансии во наредниот период ќе се фокусира на издавање на државни хартии од вредност во домашна валута.
Во наредниот период ќе се започне со разгледување на можноста за транзиција на друга современа аукциска платформа за примарната емисија на државни хартии од вредност, со цел Министерството за финансии да биде во чекор со светската практика за издавање на државни хартии од вредност. Со тоа би се поттикнало и проширувањето на постојната база на инвеститори, а издавањето на ДХВ би се реализирало користејќи најсовремена платформа за тргување, со користење за сите предности, податоци и аналитички можности кои ги нуди истата.

Подготовка и доставување на програмите на економски реформи до Европска комисија во рамки на процесот на претпристапното усогласување на економските политики согласно Водичот на ЕК, и зголемување на степенот на спроведување на препораките на ЕК од економскиот и финансиски дијалог.

Ќе продолжи имплементацијата на среднорочната Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2020-2022 година.

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата останува умерено подготвена во оваа област. Во периодот на известување имаше одреден напредок во намалувањето на стапката на невработеност и зголемувањето на придобивките од социјалната помош. Шемата за Младинска гаранција беше успешно спроведена на територијата на целата земја, вклучувајќи ги и неразвиените региони. Програмата за вработување и социјални реформи е делумно спроведена. Спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита треба да ја намали стапката на сиромаштија, која останува сериозен проблем. Како продолжение на кризата од КОВИД-19, Владата на Северна Македонија презеде голем број олеснителни социо-економски мерки.

Бидејќи препораките од претходната година не беа целосно спроведени, тие остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

- да продолжи да спроведува мерки за активирање на долгорочно невработени и неквалификувани лица, вклучувајќи жени, лица со попреченост и Роми;
- да ги подобри капацитетите на Државниот инспекторат за труд и да го зајакне бипартитниот социјален дијалог помеѓу работодавачите и работниците;
- да продолжи со обезбедување помош за сите ранливи групи во општеството, истовремено решавајќи ја сиромаштијата и антидискриминацијата.



# ТРУДОВО ПРАВО

## Тековна состојба

Со појавата на пандемијата на COVID-19 и воведувањето на вонредната состојба во земјата, како дел од мерките насочени кон поддршка и давање помош на специфични категории на работници и сектори погодени од тековната здравствена и економска криза, како и на националната економија воопшто, се наметна потребата од донесување на соодветни уредби[77] со законска сила за време на вонредната состојба.

- Уредба со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, која се однесуваше на продолжување на роковите за пријавување на невработените лица, а подоцна и Уредба со која претходната уредба беше дополнета, со цел невработените лица да можат да остварат право на паричен надоместок во траење од два месеци, без оглед на траењето на последниот работен однос, под услов работниот однос да престанал во периодот од 11 март до 30 април 2020 год., со спогодбен отказ со писмена изјава од страна на работникот или со отказ од страна на работодавачот.
- Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба, како и нејзино дополнување, со кои се дејствуваше во насока на олеснување на работодавачите во однос на деловното работење преку планирање и завршување на годишниот одмор од претходната година и прviот дел на годишниот одмор од 2020 година најдоцна до 31 мај 2020 год.; продолжување на породилното отсуство коешто требало да заврши по објавувањето на вонредната состојба можност за повторно вработување на работниците отпуштени за време на вонредната состојба, со целосна исплата од страна на државатана обврските коишто произлегуваа од договорот за вработување, врз основа на договор помеѓу работникот и работодавачот.
- Уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна

77 Уредба со законска сила за примена на законот за минимална плата за време на вонредна состојба, Сл.В бр. 88 од 3.4.2020 година; Уредба со законска сила за примена на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, Сл.В, бр. 89 од 3.4.2020 година; Уредба со законска сила за примена на законот за работните односи за време на вонредна состојба, Сл.В, бр. 90 од 4.4.2020 година; Уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, Сл.В, бр. 92 од 6.4.2020 година; Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за работните односи за време на вонредна состојба, СЛ.В, бр. 113 од 1.5.2020 година; Уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, Сл.В бр. 116 од 5.5.2020 година; Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, Сл.В бр. 136 од 27.5.2020 година и Уредба со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите, Сл.В, бр. 156 од 12.6.2020 година.

состојба, во износ од 50% за периодот април-јуни 2020 година, за секој осигурен работник вработен кај работодавач што ги исполнува утврдените критериуми. Целта на ваквото решение беше да се обезбеди помош на економски погодените компании и да спречи отпуштање на работници за време на кризата.

- Уредба со законска сила за примена на Законот за минимална плата за време на вонредна состојба, со која минималната нето плата утврдена за месец март 2020, продолжи да се применува и за април, мај и јуни 2020 година.

Интервенциите во горенаведените законски решенија дадоа свој придонес кон намалувањето на можноста за отпуштања на работниците и зачувување на постојните работни места.

Во текот на годината се подготви нацрт предлог и се одржа јавна расправа по однос на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија, во која се дефинирани основните цели и активности потребни за создавање на правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија. Целта на стратегијата е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјава и истата предвидува мерки и активности групирани во четири стратешки приоритети: Креирање на култура на социјално претприемништво; Развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот; Развој на пазари за социјалните претпријатија и Градење на финансиски еко-систем за социјалните претпријатија.

Во соработка со невладиниот сектор и останати надлежни органи и институции подготвена е анализа за потребата за изменување и дополнување на Законот за волонтерство.

Во рамките на обврската за редовно известување за примената на ратификуваните конвенции, како земја членка на Меѓународната организација на трудот, согласно барањето на организацијата, испратени се дополнувања на извештаите за примената на следните конвенции: - Конвенција за слобода на здружувањето и заштита на правото на организирање(C 87), Конвенција за службите за вработување (C 88), Конвенција за трудовите клаузули во јавните договори (C 94), Конвенција за правото на организирање и колективно договарање(C 98), Конвенција за еднаков надомест (C 100), Конвенција за дискриминација при вработување и занимање (C 111), Конвенција за политики за вработување(C 122), Конвенција за платено отсуство поради образование (C 140), Конвенција за

развој на човечки ресурси, (C 142), Конвенција за престанок на работниот однос (C 158), Конвенција за стручно оспособување и вработување на инвалидни лица (C 159), Конвенција за работа дома, 1996 (C 177) и Конвенција за приватните агенции за вработување (C 181).

Од септември 2020 година интензивно продолжи консултативниот процес за подготовка на нов текст на Законот за работните односи, при што се утврди забрзана динамика во работењето на работната група за подготовка на Законот.

За усогласување на професионалниот и приватниот живот, посебно важно е донесувањето на нов Закон за работните односи со кој ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете.

Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе инвестира во создавање капацитети за опфат на поголем број на деца во предучилишно образование, како и со натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица. Со новиот текст на Законот за работни односи, покрај останатото, ќе бидат уредени и нетипичните договори за вработување.

## Краткорочни приоритети

- Во наредниот период се планира да заврши процесот на подготовка и усвојување на новиот Закон за работни односи со кој ќе се унапреди правната рамка за регулирање и заштита на работничките права. Законот ќе претставува резултат на широк процес на учество и консултации на сите релевантни субјекти, вклучувајќи ги тука државните институции, организациите на работодавачи и синдикатите, граѓанскиот сектор, судии, академската заедница, меѓународни организации и останати засегнати страни. Законот ќе биде усогласен со европските (ЕУ acquis [78]) и меѓународните стандарди во областа на трудовото право.
- Во рамките на обврската и утврдената динамика за редовно известување за примената на ратификуваните конвенции, оваа година до Меѓународната организација на трудот ќе бидат испратени извештаите за примената на вкупно 31 конвенција.

78 Законот е усогласен со следниве директиви **Директива на Советот 1999/70/ЕЗ** од 28 јуни 1999 година во врска со рамковниот договор за работа на определено време склучен од ETUC, UNICEи CEEP (CELEX бр. 31999L0070), **Директива 97/81/ЕЗ** на Советот од 15 декември 1997 година во врска со Рамковниот договор за работа со скратено работно време склучен од УНИЦЕ, ЦЕЕП и ЕТУЦ - Анекс: Рамковен договор за работа со скратено работно време (CELEX бр. 31997L0081); **Директива на Советот** од 12 јуни 1989 година за воведување на мерки за поттикнување на подобрувањето во однос на безбедноста и здравјето на работниците при работа (89/391/ЕЕЗ) (CELEX бр. 31989L0391); **Директива на Советот 92/85/ЕЕЗ** од 19 октомври 1992 година за воведување мерки за поттикнување на подобрувања во безбедноста и здравјето при работа на бремени жени и работнички кои неодамна се породиле или дојат (десетина индивидуални директиви во смисла на член 16 (1) од Директивата 89/391 / ЕЕЗ) (CELEX бр. 31992L0085); **Директива на Советот 2001/23/ЕС** од 12 март 2001 година за приближување на законите на земјите-членки во врска со заштитата на правата на вработените во случај на трансфер на претпријатија, погони или делови од претпријатија или погони (CELEX бр. 32001L0023); **Директива 96/71/ЕЗ** на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 1996 година за испраќање работници во рамките на обезбедување услуги (CELEX бр. 31996L0071); **Директива 2014/67/ЕУ** за спроведување на Директивата 96/71 / ЕЗ во врска со испраќање на работници во рамките на обезбедување услуги и изменување и дополнување на Регулативата

- Во текот на 2022 година ќе се работи на подготовка на подзаконските акти предвидени со новиот Закон за работните односи, а се планира да се спроведуваат и обуки за подобрување на знаењето и зајакнување на капацитетите на вработените во Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд, социјалните партнери и стопанските комори, согласно унапредената законска рамка.

- На краток рок, ќе се направи анализа на досегашната имплементација на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и низ партиципативен процес ќе се подготви нов Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност со кој ќе се унапреди правната рамка која го уредува пазарот на трудот и работењето на Агенцијата за вработување. Законот ќе биде усогласен со релевантните европски и меѓународните стандарди.

- Се планира да се воспостави и заокружи стратешката и регулаторната рамка за поттикнување и развој на социјалното претприемништво, преку усвојување на повеќегодишна Стратегија за развој на социјалното претприемништво, како и подготовка на Закон за социјалното претприемништво. Стратегијата и законската рамка за поддршка на социјалното претприемништво сеподготвуваат во рамките на еден инклузивен консултативен процес, во кој активно ќе бидат вклучени претставници од релевантни државни институции, социјални партнери, претставници на граѓанското општество.
– активни во оваа област, како и меѓународни експерти. Поддршка за развој на социјалното претприемништво ќе се обезбеди и преку ИПА проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“, кој предвидува развој на правна рамка, јакнење на капацитетите на сите чинители и директна поддршка на социјалните претпријатија.

- Надлежните институции со партнерите од граѓанскиот сектор, ќе работат и на изработка на соодветна повеќегодишна национална Стратегија за промовирање и развој на волонтерството во Република Северна Македонија, како и на изготвување на неопходните измени и дополнувања на Законот за волонтерство, кои ќе овозможат поддршка и понатамошен развој на волонтерството во државата.

---

(ЕУ) бр. 1024/2012 за административна соработка преку Информативниот систем за внатрешен пазар (' регулатива за IMI “) (CELEX бр. 32014L0067); **Директива (ЕУ) 2018/957** на Европскиот парламент и на Советот од 28 јуни 2018 година за изменување и дополнување на Директивата 96/71 / ЕЗ во врска со испраќање на работници во рамките на обезбедување услуги (Текст со важност за ЕЕА) (CELEX бр. 32018L0957); **Директива 2002/14/ЕЗ** на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2002 година за воспоставување општа рамка за информирање и консултација на вработените во Европската заедница (CELEX бр. 32002L0014); **Директива 2003/88/ЕЗ** на Европскиот парламент и на Советот од 4 ноември 2003 година во врска со одредени аспекти на организацијата на работното време (CELEX бр. 32003L0088); **Директива на Советот 2000/43/ЕЗ** на Советот од 29 јуни 2000 година за спроведување на принципот на еднаков третман меѓу лица без оглед на расно или етничко потекло (CELEX бр. 32000L0043); **Директива на Советот 2000/78/** ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година за воспоставување општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето (CELEX бр. 32000L0078); **Директива 2006/54 /ЕЗ** на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во однос на вработувањето и занимањето (рецензија) (CELEX бр. 32006L0054); **Директива на Советот 2004/113/ЕС** од 13 декември 2004 година за спроведување на принципот на еднаков третман меѓу мажите и жените во пристапот и снабдувањето со добра и услуги (CELEX бр. 32004L0113); (CELEX бр.

## Среднорочни/ долгорочни приоритети

На среден рок продолжува редовното следење на имплементацијата и спроведувањето на трудовото законодавство и соодветно реагирање на потребите од негово унапредување, подобрување, понатамошно усогласување со европските/ меѓународните стандарди, или евентуално отстранување на одредени идентификувани недостатоци, во рамки на процесот на приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ во оваа област и транспонирање на релевантните европски директиви. Со поддршка од ЕУ, ќе започнат и подготовките за воспоставување на правна и институционална рамка што гарантира заштита на правата на вработените во случај на несолвентност на работодавачите во согласност со релевантната директива на ЕУ[79].

---

32004L0113); **Директива на Советот 2010/18/ ЕУ** на Советот од 8 март 2010 година за спроведување на ревидираната Рамковна спогодба за родителско отсуство склучена од BUSINESSEUROPE, UEAPME, CEEP и ETUC и укинување на Директивата 96/34/E3 (CELEX бр. 32010L0018); **Директива на Советот 94/33 /E3** од 22 јуни 1994 година за заштита на младите луѓе на работа (CELEX бр. 31994L0033)

79 Directive 2008/94/EC of the European Parliament and of the Council of 22 October 2008 on the protection of employees in the event of the insolvency of their employer

# ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

## Тековна состојба

И во делот на безбедноста и здравјето при работа (БЗР), активностите во текот на 2020 година главно беа под влијание на состојбите поврзани со пандемијата на COVID-19.

- Како и во најголемиот број на други држави и во Северна Македонија, во овој период на глобална здравствена криза, подготвени и објавени беа голем број на различни специфични мерки, препораки и упатства поврзани со справување со ризиците од ширење и инфекции со новиот коронавирус. Развиени и промовирани се мерки, упатства и препораки во врска со заштитата и безбедноста на работните места и намалување на ризиците од изложеност на вирусот кај работниците, наменети за работодавачите и работниците во државата - генерално, но исто така и специфични, наменети и насочени кон одредени конкретни сектори, дејности и околности. Повеќето препораки, ограничувања и уредби беа формулирани во консултација со социјалните партнери. Некои од овие препораки беа издадени и објавени од страна на владините институции (вклучувајќи ја Комисијата за заразни болести, Министерство за здравство, Институт за јавно здравје, Институт за медицина на трудот, Министерството за труд и социјална политика итн.), но исто така голем број од нив беа адаптирани, подготвени, објавени од страна на невладини субјекти од областа на безбедност и здравје при работа, односно социјалните партнери и здруженијата на професионалци за БЗР. Повеќето се базираат на меѓународно (СЗО, МОТ, ЕУ итн.) достапните и објавени упатства, препораки, информации поврзани со заштитата и безбедноста во услови на пандемијата на COVID-19.
- Социјалните и сите други медиуми беа интензивно користени во овој период за промовирање на сите овие мерки/препораки/упатства, како и за обезбедување и употреба

на точни, релевантни и проверени информации и вести во врска со ситуацијата.

- На почетокот на мај беше изменет и дополнет Правилникот за листата на професионалните болести, со вклучување во листата и на инфективните заболувања предизвикани од коронавирусот COVID-19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција. Делот од Правилникот во кој се опишани „Условите и критериумите за признавање на професионалните болести", ги пропишува условите работникот да работел на работи и работни места каде е можно да имал контакт и изложеност со предизвикувачот на болеста, при што опфатени работници се лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и друг помошен персонал вработен во болници, лекувалишта, амбуланти и други здравствени организации и установи.
- Советот за безбедност и здравје при работа, како експертско советодавно тело од областа на БЗР, во овој период одржа две седници. На една од седниците (во март 2020), Советот усвои сет на препораки до компаниите во однос на спроведувањето на законските обврски за БЗР во услови на вонредна состојба и неопходноста од спроведување на мерки и активности за заштита и превенција од ширење на коронавирусот. Покрај тоа, на седниците се дискутираа и повеќе други актуелни теми и прашања поврзани со БЗР и COVID-19 пандемијата и ризиците по здравјето и безбедноста на работниците кои произлегуваат.
- Во првата половина на годината, врз основа на информациите кои беа доставувани од различните субјекти, се подготви Извештајот за реализирани активности и остварени резултати до крајот на 2019 година согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020. Овој Извештај беше поднесен до членовите на Советот за БЗР и беше разгледан и усвоен на Седницата на Советот за БЗР која се одржа во јули 2020 година.
- Од 2020 година, Министерството за труд и социјална политика дејствува како т.н. контакт точка (focalpoint) на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) од Билбао/Шпанија и во рамките на овие надлежности и обврски, претставник

од министерството во текот на годината учествуваше на повеќе (on-line) состаноци и семинари и консултативни средби, како и во активности кои ги иницира и спроведува Агенцијата EU-OSHA, вклучително и активности за промовирање на новата двегодишна кампања за здрави работни места (2020-2022), која ќе биде целосно посветена на мускуло-скелетните нарушувања поврзани со работата.

- И оваа година, согласно одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, се спроведуваше одржувањето на стручниот испит за безбедност при работа, кој во текот на годината се спроведе три пати, во јануари, октомври и декември 2020 год.

- Во функција на промовирање и подигнување на свеста за безбедноста и здравјето при работа, во текот на годината беа реализирани и активности за значително збогатување на web-страната на Министерството за труд и социјална политика со додавање на цела секција посветена на областа на „безбедност и здравје при работа" која содржи голем број на релевантни и корисни информации, податоци, документи, линкови и различни други содржини од оваа област (https://www.mtsp.gov.mk/bezbednost-i-zdravje-pri-rabota.nspx).

- Активностите на Државниот инспекторат на трудот беа насочени кон контрола и спроведување на мерките, одлуките и уредбите донесени од Владата, со цел заштита и справување со пандемијата од COVID-19, кои беа со законска сила во текот на вонредната состојба од март до јуни 2020 година. По престанокот на вонредната состојба се донесоа нови уредби, измени и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести, со кои ингеренциите на инспекторите се зголемија; се донесоа многубројни протоколи за одредени дејности, па нивната работа беше насочена кон спроведување на новините во регулативата, се со цел справување со пандемијата во нашата земја.

- Во текот на годината беа извршени се 25.740 надзори, од кои 15.889 надзори во делот на работните односи и 9.851 надзори во областа на БЗР. Од вкупниот број на надзори 3.826 редовни надзори (2.435 работни однос и 1.391БЗР), 2.375 контролни надзори (1.480 работни односи и 895

БЗР) и 18.870 вонредни надзори (11.971 работни односи и 6.906 БЗР). Вкупно 638 вонредни надзори се извршени за увид при потешки повреди при работа и 21 надзори за несреќи на работа со смртни последици. Исто така, од вкупниот број на надзори 3 се координирани надзори со други видови инспекции. Од надзорите произлегле и се издадени вкупно  2.585 решенија за утврдени недостатоци, од кои 1.706 од областа на работните односи и 879 од областа на БЗР. За утврдените недостатоци со кои се прекршени законите по кои постапува Државниот инспекторат за труд изречени се вкупно 118 прекршочни пријави, од кои  од 63 од работните односи и 55 од БЗР. Исто така, поднесени се вкупно 11 кривични пријави, од кои 4 од работните односи и 7 од БЗР.

- Во насока на постепено надминување на состојбите со недостатокот на инспектори, во 2020 беа вработени 8 нови инспектори во Државниот инспекторат за труд во областа на работните односи (две постапки за вработувања се во тек) и два инспектора беа унапредени.Одржани се online обуки и советувања за трудовите инспектори на теми поврзани со работните односи и примена на законодавството во услови на здравствено-економска криза предизвикана од COVID-19.

## Краткорочни приоритети

- Продолжување на процесот на консултации, дискусии и усогласувања, со учество на сите релевантни фактори во областа на безбедноста и здравјето при работа, а кој до крајот на годината се очекува да биде финализиран и да резултира со нов Закон за безбедност и здравје при  работа. Со новиот Закон се очекува пред сè и понатаму да се задржи високото ниво на усогласеност на законот со релевантната ЕУ директива[80], но исто така и да се отстранат проблемите и недостатоците во постојниот закон кои се идентификувани во досегашниот период од 13 години на имплементација
- Паралелно со тоа, во консултација со засегнатите страни, ќе се работи и на унапредување на секундарната легислатива, т.е. правилниците во областа на БЗР. Во овој дел, на иницијатива на едно од здруженијата на стручни лица во областа

80 Council Directive 89/391/EEC of 12 June 1989 on the introduction of measures to encourage improvements in the safety and health of workers at work (Framework Directive).

на безбедност при работа, ќе се подготви нов Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар со кој ќе биде заменет постојниот правилник од 2007 година, во насока на негово подобрување и повисоко ниво на усогласеност со релевантната ЕУ директива[81].

- Во првата половина на 2021се очекува да биде финализиран процесот на подготовка на нова **Стратегијаза безбедност и здравје при работа и Акциски план** за нејзина имплементација, за периодот по 2020 година. Овие документи ќе се надоврзат на претходните стратешки документи и ќе ги утврдат стратешките приоритети и правци на понатамошниот развој на безбедноста и здравјето при работа и развојот на превентивната култура во овој дел, со цел да се постигнат повисоки нивоа на безбедност и заштита на здравјето на вработените. Подготовката на овие значајни стратешки и оперативни документи ќе биде координирана од страна на националниот Совет за безбедност и здравје при работа, при што во тој процес, како што беше случај и досега, се очекува активно да се вклучат сите засегнати страни и релевантни субјекти во државата кои имаат влијание врз креирањето и спроведувањето на политиките од областа на БЗР и следењето на состојбите во областа.
- И во наредниот период ќе продолжи редовно одржување на состаноците на Националниот совет за безбедност и здравје при работа, како релевантно експертско советодавно тело, чии претставници ќе дискутираат и ќе донесуваат заклучоци, препораки, предлози и документи значајни за подобрување на состојбите во делот на безбедноста и здравјето на работните места.
- Во насока на интензивирање на напорите за подобрување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд во 2021 година планирано е да се вработат 34 инспектори од двете области (21 од работните односи и 13 во БЗР). Заради природниот одлив на кадар (шест инспектори ќе се пензионираат), вкупниот број на инспектори во 2021 година би се зголемил за 28 инспектори.
- Во Годишниот план за работа на Државниот инспекторат за труд за 2021 година, работата на државните инспектори за труд е планирана согласно нова методологија заснована на проценка

81 Council Directive 90/269/EEC of 29 May 1990 on the minimum health and safety requirements for the manual handling of loads where there is a risk particularly of back injury to workers (4th individual Directive within the meaning of Article 16(1) of Directive 89/391/EEC).

на ризиците. Таа предвидува идентификацијата на специфичните ризици, нивниот обем, степен и зачестеност кај субјектите на надзорот и дефинирање на ризичните области за успешна примена на законодавството. Планирано е да се реализираат вкупно 12.992 надзори од двете области од кои 693 редовни надзори, 2.366 контролни надзори и 9.863 вонредни надзори. Исто така, ќе се следат и поддржуваат европските кампањи, а ќе се иницираат и национални промотивни активности за подигнување на свеста на социјалните партнери и други субјекти за различни прашања од областа на БЗР. Планирани се повеќе активности за промоција и дисеминација на знаењата и добрите практики во делот на БЗР, зголемување на капацитетите на различните засегнати страни за партнерство и соработка.

## Среднорочни/долгорочни приоритети

Сите релевантни и надлежни субјекти ќе се вклучат во реализирањето на стратешките приоритети и спроведувањето на активностите кои ќе бидат предвидени во новата Стратегија и во Акцискиот план за безбедност и здравје при работа, за периодот по 2020 година.

Во наредниот период се очекува да биде подготвен и да отпочне со имплементација еден поголем и сеопфатен проект за зајакнување на капацитетите и подобрување на состојбите во областа на БЗР, кој ќе биде поддржан од страна на Европската Унија преку ИПА III програмата. Во рамки на овој проект првенствено ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите на вработените во државните органи, социјалните партнери, стручните лица од областа на БЗР и останатите субјекти, ќе се работи на подобрување на соработката и координираниот пристап во справувањето со предизвиците, подобрување на системите за прибирање, обработка, објавување на информации и статистички податоци поврзани со повредите и/или несреќите при работа, професионалните заболувања и други параметри и индикатори за БЗР, а ќе се посвети посебно внимание и на активности (промотивни и други), со кои ќе се настојува значително да се подигне нивото на свеста кај јавноста и кај различните субјекти и целни групи, како и нивната информираност и знаења за прашања поврзани со безбедноста и здравјето на работните места.

На среден рок ќе се продолжи со следење на состојбите и поддржување на европските кампањи, како и иницирање на национални кампањи и други промотивни активности за подигнување на свеста на социјалните партнери и останатите субјекти за различни прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

# СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

## Тековна состојба

Економско-социјалниот совет (ЕСС) одржа вкупно 8 седници во текот на 2020 година, на кои се разгледуваа релевантни прописи и документи од економско-социјалната сфера[82].

Спроведувањето на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог" финансиран од ЕУ преку директен грант на МОТ, продолжи и во текот на 2020 година.Реализиранисе две обуки за зајакнување на капацитетите на членовите на ЕСС и на ЛЕСС и нивните постојани комисии, на кои се обучени околу 30 лица на теми Цели за одржлив развоји Проектирање на основните индикатори за пазарот на труд и сиромаштијата. На локално ниво, во насока на развој на трипартитниот социјален дијалог потпишани сечетирилокални пактови за вработување во четири општини, за чие спроведување клучна улога имаат локалните економско-социјални совети.Во рамки на проектот реализирани се и активности за подобрување на видливоста на социјалните партнери на национално ниво, користејќи разни алатки за нивно промовирање во медиумскиот простор, со што се опфатени 3 синдикати и едно здружение на работодавачи Исто така, спроведена е постапка за доделување на грантови на социјалните партнери на национално ниво за проекти кои имаат за цел модернизација на услуги, со што се опфатени 4 синдикати и 2 здруженија на работодавачи.

Во овој период склучени се два грански колективни договори во областите на здравство и за јавната администрација.

Активностите поврзани со утврдувањето на репрезентативност на синдикати и здруженија на работодавачи продолжија во текот на годината, преку работата на Комисијата за утврдување на репрезентативност, која во овој период одржа три седници. Здравствената криза предизвикана од COVID-19 влијаеше на процесот на подготовка на новиот Закон за работните односи, поместувајќи ја временската рамка за реализација на активностите опфатени со него, пред сè во делот на спроведувањето на ефикасни дебати, дискусии и консултации за законските решенија, со социјалните партнери и останатите партнери. Од третиот квартал на 2020 година интензивно се продолжи со консултациите и подготовката на новиот Закон, при што се вклучени и други засегнати страни од граѓанскиот сектор, со што се прошири трипартитниот процес на подготовка на Законот.

---

82 Предлог на Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата на COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година; Пакети на економски мерки за намалување на влијанието на здравствената криза врз економијата, Анализа за брза проценка на влијанијата од здравствената криза/епидемијата врз вработувањата и политиките како одговор на тоа;Информација за учество на трипартитна делегација на Меѓународната конференција на трудот во Женева во јуни 2019 година;Седмиот извештај за ревидираната Европската социјална повелба, како и други релевантни документи и иницијативи.

## Краткорочни приоритети

- Во наредниот период ќе продолжат активности за понатамошно унапредување и зголемување на капацитетот, ефикасноста и видливоста на работата на ЕССи промовирање на социјалниот дијалогна национално и на локално ниво.
- Ќе се преземаат мерки и активности за подобрување на институционалните капацитети на социјалните партнери со цел нивно зголемено учество во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките, учество во креирањето и имплементацијата на законите од областа на трудот, како и модернизација на нивните услуги со цел зголемување на членството.
- Исто така, ќе продолжат да се реализираат и активности за понатамошна промоција, поддршка и развој на економско-социјалните совети на локално ниво, јакнење и унапредување на нивната меѓусебна соработка преку креирање на соодветна платформа за соработка која ќе овозможи размена на информации и меѓусебна споредба на искуства и практики, како и организирање на редовни заеднички средби. Ќе се зајакнува учеството на ЛЕСС-те во креирањето и спроведувањето на локалните политики за вработување, преку нивно активно вклучување во склучувањето и следење на имплементацијата на локални пактови за вработување.

## Среднорочни/ долгорочни приоритети

Како еден од приоритетите во наредниот период останува континуираното унапредување на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа.

Среднорочно останува и целта на воспоставување на унапредена правна рамка преку која ќе се олесни и пред сѐ, ќе се поттикне социјалниот дијалог на бипартитно ниво, имајќи ги во фокусот колективните договори на гранково ниво и колективнитедоговори на ниво на работодавач.

Континуирано ќе се промовира користење на воспоставениот и функционален систем за мирно решавање на работните спорови.

# ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

## Тековна состојба

### Политика на вработување

Во делот на состојбите на пазарот на труд во 2020 година, која во целост и во сите области беше под влијание на здравствената и економската криза предизвикана од пандемијата на COVID-19, до крајот на првата половина на годината сепак се забележаа одредени негативни движења и/или прекин во претходните позитивни трендови кај најзначајните статистички показатели. Стапката на активност се намали за 0.5 п.п. (во однос на вториот квартал 2019) и изнесуваше 65.6% (за лица на возраст од 15-64 години). Стапката на вработеност е зголемена за 0.1 п.п. и изнесуваше 54.5% додека стапката на невработеност изнесуваше 16.9%, т.е. намалена за 0.7 п.п. во споредба со вториот квартал на 2019 година. И понатаму предизвиците се особено значајни, пред сѐ во однос на сѐуште високата невработеност, ниската активност, невработеноста на младите и останатите ранливи категории, учеството на неформалната вработеност итн.

И покрај проблемите и предизвиците со кои се соочи општеството во целост, како резултат на појавата на пандемијата на болеста COVID-19, придружено со прогласувањето на вонредна состојба на целата територија на државата и воведувањето на бројни мерки за заштита и превенција од ширењето на вирусот, во текот на 2020 година сепак се продолжи со имплементацијата на мерките и програмите за поддршка на пазарот на трудот и вработувањето, во согласност со Оперативниот план на програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година (со вклучена Гаранција за млади), разгледан и усвоен од Економско-социјалниот совет и од Владата, во декември 2019 год.

Планираниот опфат на учесници со овој Оперативен план изнесуваше 11,596 лица кои треба да бидат опфатени со некоја од активните програми и мерки за вработување.

Со имплементацијата на Оперативниот план за 2020 година, постигнати се следните резултати:

- 1.468 лица се вработени во Програмата за поддршка на самовработување;
- 1.883 лица се вработени во Програмата за субвенционирано вработување,
- 531 лица се вработени со Програмата за вработување и раст на правни субјекти;
- 230 лица се вработени со програмите за поддршка за вработување на лица со попреченост;
- 502 невработени лица се вклучени во различните програми и мерки за обука;
- 1.545 невработени се вклучени во програмата за практикантство;
- 976 невработени лица се вклучени во Програмата за работи во заедницата (Општинско-корисна работа) и Програмата за јавни работи.
- со младинскиот додаток, кој исто така е дел од Оперативниот план за вработување 2020 преку кој се поттикнуваат вработувања на младите лица во дејностите на производството и земјоделие по завршување на средноотобразование, во извештајниот период се опфатени 3.430 невработени лица

Согласно резултатите, реализацијата на сите активни програми и мерки за вработување за 2020 година изнесува 91%, што претставува значаен резултат имајќи ја во предвид состојбата и предизвиците поврзани со пандемијата.

Паралелно со програмите и мерките од Оперативниот план, во текот на годината се продолжи со имплементација и на Проектот за самовработување со кредитирање и Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање нови работни места

**Гаранцијата за млади** продолжи да се имплементира и во текот на 2020 година, на територијата на целата држава, при што во Гаранцијата за млади во текот на годината биле вклучени вкупно 21.873 лица, од кои успешен излез од гаранција за млади имале 6.346. Од младите лица кои се вработиле, 374 лица биле вработени преку услугата за посредување при вработување, 1.024 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, а 89 станале основачи или управители, додека 1.150 млади лица биле вклучени во некоја од

активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост (како на пример различните видови на обуки). Согласно овие податоци, успешноста на Гаранција за млади во 2020 година изнесува речиси 30% и претставува голем успех имајќи ја во предвид кризата со COVID-19 пандемијата во текот на целата година, а која пред сѐ влијаеше на тоа да се оневозможи реализацијата на теренската работа во рамки на Гаранцијата за млади, како еден од носечките столбови на програмата.

Во функција на кариерното советување на младите, како битен елемент на Гаранцијата за млади, во 2020 година се продолжи со активностите поврзани со одржувањето и надополнувањето на **Моделот за преглед на занимања** (Occupational Outlook). Согласно усвоената Методологија и Работен план за изработка и ажурирање на Прегледот на занимања за периодот од 2018 до 2021 година, во 2020 година изработени се 15 нови описи/прегледи на занимања и извршено е ажурирање на постојните 45 со најнови статистички податоци. Со тоа, вкупниот број на занимања во рамките на Прегледот изнесува 60 занимања (www.zanimanja.mk).

Во текот на целата година редовно се следеше состојбата на пазарот на труд и имплементацијата на програмите и мерките за вработување, меѓу другото и од аспект на негативните влијанија на пандемијата врз вработеноста и невработеноста. Согласно тоа се пристапи и кон дизајнирање на одредени мерки и/или измени и прилагодувања на постојните, како би можело и на тој начин да се придонесе кон ублажување на последиците од кризата.

Така, во јуни и во септември 2020 година се направија одредени ревидирања и измени на Оперативниот план за 2020 година, со кои се изврши прераспределба на средствата помеѓу различни активни програми и мерки за вработување и се зголеми планираниот опфат на невработени лица, пред сѐво рамки на програмите за самовработување со грантови, субвенционирање на плати и програмата за вработување и раст на правни субјекти. Исто така, со ревизијата во Оперативниот план се вклучија и две дополнителни активни мерки, поддржани со средства од ЕУ (ИПА 2), со кои се олеснува закрепнувањето од кризата предизвикана од Covid-19 и се ублажува негативниот ефект врз невработеноста, преку отворање на нови работни места.

Еден од стратешките приоритети на Владата е намалувањето на неформалната економија, вклучувајќи го и намалувањето на бројот непријавените работници, поради што во 2018 година се донесе првата среднорочна **Стратегија за формализација**

**на неформалната економија 2018-2022** со Акциски план за период од 2018 до 2020 година, а во 2020 година се подготви и Извештај за реализацијатаи ревидирање на Акцискиот план. Продолжи имплементација на проектот за „Подобрување на условите за работа" кој се спроведува од ноември 2019 година во рамки на ИПА II. Проектот има за цел да обезбеди поддршка на институциите и социјалните партнери во државата во справување со предизвиците поврзани со непријавената работа и обезбедувањето и промовирањето на праведен и еднаков третман за сите работници во однос на работните услови и подобро усогласување помеѓу меѓу семејниот и професионалниот живот и намалување на родовата дискриминација на работното место. Една од главните компоненти на овој проект, се однесува на јакнење на националните капацитети за подобрување на состојбите во земјата во делот на идентификување, мерење и справување со неформалната економија и неформалното вработување.

Дополнително, во делот на подобрување на состојбите во однос на неформалната економија и неформалното вработување, во соработка со GIZ во периодот од ноември 2019 година до октомври 2020 година се имплементира проектот за „Зголемување на можностите за вработување за сезонски работници", во рамки на кој се направи детална анализа на сезонските вработувања во земјоделието, а се дадоа и препораки за законското дефинирање на сезонско/флексибилно вработување, вклучувајќи и препораки за соодветни модели на политики.

## Европски социјален фонд

- ИПА Акциската програма 2017 „ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика" е во фаза на имплементација: се спроведуваат 12 од предвидените 16 проекти во областа на вработување и социјална политика. Во завршна фаза се и подготовките за преостанатите четири проекти.
- Проектите во имплементација се спроведуваа со различна динамика. Пандемијата и мерките за спречување на ширење вирусот COVID-19 доведоа до забавување на активностите кај дел од проектите, особено оние што вклучуваат директна интеракција со корисниците. Сепак, најголем дел од проекти се престроија и активностите поинтензивно се имплементираат од септември 2020.

- Финансиската спогодба за имплементација акциите „ЕУ за младите" и „ЕУ за вклучување" од ИПА програмата 2019 се потпиша и започна да се спроведува во март 2020. Заклучно со ноември 2020, 8.745 млади лица се регистрирани во акцијата „ЕУ за младите"(Гаранцијата за млади) во Североисточниот, Југозападниот и Полошкиот регион, а од нив 26.8% бележат успешен излез (се вработиле или се вклучиле во мерка за вработување).
- Во однос на акцијата „ЕУ за инклузија" се спроведува постапката за доделување грантови „ЕУ за Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија", а во тек се преговорите за поддршка на трансформацијата на 1-2 резиденцијални установи и воспоставување на не-резинденцијални социјални услуги во заедницата.
- Во периодот април-јуни 2020, Владата и Делегацијата на ЕУ иницираа дијалог со цел создавање нов пакет активности што ќе ја поддржат економијата во периодот на закрепнување. Пакетот на мерки содржани во програмата „Поддршка на ЕУ за социјална и економска отпорност" (EU4Resiliance) ќе ја поддржи Република Северна Македонија во ублажувањето на негативните социо-економски влијанија на COVID-19. Меѓу другото, програмата предвидува поддршка на активните мерки за пазарот на труд во висина од 10 мил. евра за одржливо и правично закрепнување во периодот по короната. Финансиската спогодба помеѓу Владата и Европската Комисија за новата буџетска програма „ЕУ за социјална и економска отпорност во Република Северна Македонија" се потпиша во септември 2020 година. До март 2021, 1600 невработени лица се очекува да добијат поддршка за започнување сопствен бизнис или да се вработат како резултат на поддршката што ќе ја обезбеди Агенцијата за вработување.
- Започна програмирањето на претпристапната помош за програмскиот период 2021-2027 (ИПА III). Се подготви Стратешкиот одговор (Strategic Response) 2021-2027во кој се содржани стратешките приоритети на земјата за кои се очекува финансиска поддршка од ЕУ преку ИПА III. Областите вработување и социјална политика се опфатени во т.н. Прозорец 4 Конкурентност и инклузивен раст (Window 4 Competitiveness

and Inclusive Growth) и во тој дел предвидено е финансирање на два приоритета: 1) Да се зголеми нивото на вработување и квалитетот на работни места и продуктивноста и 2) Да се намали сиромаштијата и социјалната исклученост.

- Во 2020 се одржаа две пленарни сесии на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика” (на 18 јуни и 16 ноември 2020).

# Краткорочни приоритети

## Политика на вработување

- И во наредниот период, приоритетите ќе бидат насочени кон создавањето на услови и креирање на политики, програми и мерки кои ќе водат кон понатамошно подобрување на состојбите на пазарот на трудот, пред сѐ во делот на намалување на невработеноста кај најранливите категории на лица, со посебен акцент на невработеноста кај младите (на возраст до 29 години), зголемување на вработеноста, поддршка за креирање на нови работни места итн. Голем дел од активностите, политиките и мерките кои ќе се преземаат во наредниот период ќе бидат насочени кон ублажување на последиците предизвикани од глобалната здравствена и економска криза, како резултат на пандемијата на COVID-19 која ја одбележа цела 2020 година.Имајќи предвид дека поголем број на значајни стратешки и оперативни документи кои се однесуваат на пазарот на труд и политиките за вработување во државата истекуваат заклучно со 2020 година, во претстојниот период ќе се користат анализите и извештаите за досегашната имплементација и постигнатите резултати и ќе се пристапи кој подготовка на нови стратешки документи и акциски планови (Стратегија за вработување за периодот по 2020 година со Акциски план за нејзина имплементација и Акциски план за вработување на млади 2021-2025) за наредниот неколкугодишен период. Овие документи како и досега, ќе се подготвуваат во рамки на процес на широки консултации и со активно учество на сите релевантни субјекти кои можат да дадат свој придонес во креирањето и имплементацијата на политиките поврзани со пазарот на труд и вработувањето.

- Ќе отпочне да се работи на подготовка на нова Стратегија за вработување за периодот по 2020 година,во рамките на која ќе се ревидираат постојните стратешки приоритети и цели на политиките за вработување на среден и долг рок. Ќе се подготви и Акциски план за нејзина имплементација.
- Во претстојниот период ќе се работи на подготовка и на нов Акциски план за вработување на млади 2021-2025, во рамките на кој ќе се ревидираат постојните стратешки приоритети и цели кои се однесуваат на младите невработени лица на возраст до 29 години, во рамките на макро/микро економските, образовните и политиките за вработување. Пред изработката на новиот Акциски план, ќе се направи ревизија на степенот на реализација на планираните активности од тековниот Акциски план за вработување за млади 2016-2020.
- Согласно востановената динамика и практика, во март 2021 година се усвои новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021 година, подготвен со вклученост на сите релевантни субјекти. Во рамките на овој Оперативен план ќе се предвидат и мерки заподдршка на невработени лица како резултат на COVID-19 кризата, мерки поврзани со Гаранцијата за млади, како и мерките за активација на корисниците на гарантирана минимална помош (согласно реформите во системот на социјална заштита). Буџетот за Оперативниот план за 2021 година изнесува нешто над 1,5милијарди денари (околу 24,65 милиони €), со што се задржува трендот на континуирано зголемување на средствата кои се алоцираат за финансирање на политики и програми за вработување.
- Во претстојниот период ќе се работи на подготовка на Закон за гаранција за млади, при што ќе се имаат предвид искуствата од европските држави кои имаат воведено ваков закон, а при изработката ќе се побара експертска и техничка помош од Меѓународната организација на трудот (МОТ).
- Програмата „Гаранција за млади" ќе продолжи со имплементација на територијата на целата држава и во текот на наредниот период.

- Како поддршка на политиките за младите лица во наредниот период ќе продолжат и активностите поврзани со одржувањето и континуираното надополнување на Моделот за преглед на занимања (Occupational Outlook), што ќе се одвива во согласност со методологијата и динамиката од Работниот план за изработка и ажурирање на Прегледот на занимања за периодот 2018-2021 год. Согласно планот, до крајот на 2021 година се планира вкупниот број на развиени и ажурирани прегледи на занимања, поставени на web-порталот https://zanimanja.mk, да изнесува 75, а активностите да продолжат и понатаму со предвидена динамика од по 15 нови занимања на годишно ниво.
- Во рамки на имплементацијата на проектот за „Подобрување на квалитетот на податоците и зајакнување на креирањето на политиките" (поддршка од ИПА II), во текот на година ќе се работи на ажурирање на системот за предвидување на движењата на пазарот на труд (ХЕРМАК моделот) и зголемување на аналитичкиот капацитет за работа со постојните податоци и за предвидување.
- Еден од приоритетите на кој ќе се работи и во наредниот период е понатамошното јакнење и унапредување на капацитетите и соработката на релевантните субјекти во спроведувањето на политики за справување со непријавена работа и неформална вработеност. Во таа насока, ќе продолжат да се реализираат активности предвидени со Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022, а значајна поддршка во реализирањето на активности во оваа област ќе се обезбеди и преку имплементацијата на проектот за „Унапредување на условите за работа" (ИПА II).
- Во 2021 година ќе се подготви и нов Акциски план за формализација на неформалната економија, кој ќе го опфати периодот 2021-2022 година.

## Европски социјален фонд

Претпристапна помош за периодот 2014-2020 е стратешки насочена и се врзува со структурните реформи кои ќе помогнат да се трансформира секторот Образование, вработување и социјална политика и да се доближи до стандардите на ЕУ.

- Приоритет е ефективно спроведување на проектите што ќе се финансираат од акцијата „ЕУ поддршка на секторот Образование, вработување и социјална политика" (ИПА 2017) за да ги подржат реформите во секторот. Продолжува имплементацијата на проектот кој предвидува зајакнување на влијанието на институциите на социјалниот дијалог во креирање на социо-економските политики. Понатаму, група проекти го поддржува развојот на сервисите во зедницата за лицата со попреченост, што е еден од стратешките столбови во Стратегијата за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник".

  Со проектот за подобрување на условите за работа ќе се воведат механизми за формализација на непријавената работа во услужните сектори во кои таа е најзастапена и тоа претставува интегрален дел на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018- 2022. Агенцијата за вработување ќе го спроведува проектот за активирање на корисниците на грантирана минимална помош и на тој начин да придонесе кон реализација на социјалните реформи. ИПА 2017 ги поддржува и напорите на Владата за подобрување на пристапот на Владата за подобрување на пристапот и квалитетот на претшколското образование и грижа, особено преку развој на системот на професионален и кариерен развој на кадарот и јакнење на вклученоста на родителите.

- Истовремено, продолжува имплементацијата на акциите „ЕУ за вклученост" и „ЕУ за младите" од ИПА програмата 2019. Акцијата „ЕУ за вклученост" е насочена на социјалната, образовната и економската вклученост на лицата од најранливите групи, а пред сѐ Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија. Акцијата „ЕУ за младите", која се спроведува како секторска буџетска поддршка ќе придонесе кон подобрување на системот за стручно образование и обука и подобрување на можностите за вработување на младите мажи и жени.

- Ќе се заокружи циклусот на програмирање на ИПА алокациите за новата финансиска перспектива 2021-2027 (ИПА 3) преку идентификување „зрели" проекти во согласност со Стратешкиот одговор на Владата. Во рамки на програмската година 2022 ќе се подготвуваат следните три проекти:

  1) Зајакнување на безбедноста и здравјето при работа, 2)Унапредување на родовата еднаквост и 3) Воспоставување на систем за следење и обезбедување квалитет на социјалните услуги.

- Во функција на јакнење на дијалогот и координацијата во секторот, се предвидува Секторската работна група да продолжи со воспоставената пракса на одржување состаноци на кои се дискутира за напредокот на политиките, програмирањето ИПА, и др. актуелни прашања.

# Среднорочни/ долгорочни приоритети

## Политика на вработување

- Ќе продолжи спроведувањето на политики, мерки и активности насочени кон справување со предизвиците со кои се соочува пазарот на труд во државата, пред сè, во делот на подобрување на состојбите со невработеноста, особено кај најранливите категории на лица (млади, долгорочно невработени, лица со инвалидност, социјално загрозени лица и други), преку имплементација на подготвените стратешки и оперативни документи од областа на вработувањето и пазарот на труд.
- Во рамките на среднорочните приоритети и согласно воспоставената пракса и динамика, ќе се изработуваат годишните Оперативни планови со кои детално ќе се разработуваат активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, кои ќе бидат прилагодени кон моменталните состојби, предизвици и конкретни потреби на пазарот на труд во државата.
- Паралелно ќе продолжат и активностите за натамошно јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти во предвидувањето на движењата и потребите на пазарот на трудот, планирањето, креирањето и имплементацијата на политиките за вработување, унапредување на процесот на мониторинг и евалуација, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за подобрување на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, обезбедување активна вклученост на социјалните партнери и граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување итн.

## Европски социјален фонд

Ќе заврши имплементацијата на проектите финансирани од акциите „ЕУ поддршка на секторот Образование, вработување и социјална политика" (ИПА 2017), „ЕУ за вклученост" (ИПА 2019) и „ЕУ за младите" (ИПА 2019). Ќе се спроведе и оценка на ефектите од програмите и проектите финансирани од ИПА 2017 и ИПА 2019.

Истовремено, се планира поинтензивно да започне имплементацијата на програмите и проектите финансирани од Инструмент за претпристапна помош 2021-2027 (ИПА 3).



# СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ

## Тековна состојба

### Детска заштита

- Реформата на системот на социјална заштита од 2019 придонесе за подобрување на условите за живот на децата. Стапката на детска сиромаштија (0-17) во 2019 во споредба со 2018 бележи намалување од 29.3% на 27.8%, а намалување бележат и стапките на сиромаштија кај сите домаќинствата со издржувани деца, со исклучок на самохраните родители. Сепак, пандемијата предизвикана од глобалното ширење на коронавирусот COVID-19се очекува да ја зголеми сиромаштијата кај децата и има негативно влијание на социјалната, едукативната и здравствената благосостојба на децата, приштонајранливит есенајтешкопогодени (пр. оние кои живеат во сиромаштија, деца со посебни потреби, децата без родителска грижа). Децата беа директно погодени, преку затворање на училиштата и предучилишните установи во периодот март-септември, социјалното дистанцирање и изолирање, што се одразува врз нивниот едукативен, когнитивен и психо-емотивен развој. Децата се исто така и индиректно погодени, преку намалувањето на приходите во домаќинството, со што се намалува нивната материјална и социјална благосостојба.
- Сепак, мерките на Владата за ублажување на последиците од COVID-19, како што се мерките за задржување на работните места и олабавување на критериумите за гарантирана минимална помош одиграа клучна улога во спречување на позначајно зголемување на сиромаштија кај децата бидејќи најголем дел од тие мерки ги таргетираа токму домаќинствата со деца.
- Согласно состојбата предизвикана од пандемијата од COVID-19, Владата донесе мерка за прекин на воспитно-образовниот процес во сите установи за згрижување и воспитание на деца во периодот од 10 март до 9 септември 2020 година. Истовремено, еден родител на деца на возраст

од 10 години или помалку беше ослободен од работните обврски. Во насока на заштита на здравјето и безбедноста на децата, по укинување на вонредната состојба, беше подготвен Протокол за активностите во установите за згрижување и воспитувањена деца, кој содржи мерки и активности кои треба да ги преземат установите, воспитно-згрижувачкиот кадар и родителите со цел поголема сигурност и безбедност на децата и вработените во градинките. Согласно Протоколот, градинките работат со намален капацитет и помал број на деца во воспитните групи (во групите за деца до 2 годишна возраст има најмногу по 12 деца, додека во групите на деца од 2 до 10 години се згрижуваат најмногу до 15 деца).

- Со цел да се помогне учењето на децата, во текот на вонредната состојба воспитувачите и педагозите од детските градинки преку имплементирање на интервентна воспитно образовна програма ("ТВ училница", која се емитуваше на трите канали на националниот телевизиски сервис на МРТВ) реализираа едукативни содржини согласно возраста на децата.
- Со поддршка на УНИЦЕФ воспоставена е национална платформа Едуино, на која воспитувачите можат да најдат видео приказни, ресурси, игри и разни активности за поддршка на воспитно-образовниот процес. Целта на платформата е да прерасне во колективна платформа, каде преку взаемна соработка меѓу родителите и воспитувачите ќе се креираат, проверуваат и објавуваат нови ресурси, на тој начин градејќи ја првата национална библиотека на дигитални едукативни материјали во нашата држава.

- Во насока на зголемување на опфатот на децата во предучилишно образование, до крајот на 2020 отворени се четиријавни установи за деца -детски градинки и 5 нови објекти во состав во постојни установи за деца- детски градинки, како и три промени на просторни услови во објекти на јавни установи за деца  детски градинки. Отворени се две приватни детски градинки.

Во 2020 година вкупниот број на деца од 0-6 години во јавните и приватните установи за деца е зголемен за 686 деца во однос на 2019 година.

- Со цел да се ублажи неповолниот сооднос “број на деца на вработен” (staff-to-childratio) во текот на 2020 се вработија нови воспитувачки, негувателки и друг персонал во детските градинки. Во 2020 година вработени 477 лица, а унапредување добиле 166 лица.
- МТСП во соработка со УНИЦЕФ и во 2020 година интензивно ја имплементира Програмата за колегијална поддршка во предучилишните установи, со цел унапредување на квалитетот на сервисите и зајакнување на професионалните компетенции на вработените во установите за деца. Истовремено, со поддршка на ЕУ, интензивно се работи на подготовка на стандарди на квалификации и компетенции за вработените во предучилишните установи.

## Роми

Во извештајниот период продолжи имплементацијата на мерките и програмите насочени кон унапредување на положбата на Ромите, согласно постојните стратегии и оперативни планови.

- Во однос на пристапот до предучилишно образование, во училишната 2019/2020, заклучно со јуни 2020 беа опфатени 481 деца во 18 општини (18 градинки).
- Ромските информативни центри (РИЦ) обезбедиле 126 услуги со фокус на социјалните услуги и информирање на заедниците по однос на мерките и програмите за вработување (субвенционирање, практикантство, обука за побарувани занимања).
- Во согласност со Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, донесен на почетокот на 2020 година, беше формирана работна група за следење и имплементација на Акцискиот план за спроведување на Законот. Беа донесени подзаконски акти за водење на евиденција на лицата кои не се запишани во матичната книга на родените и за вадење на посебна идентификациона исправа. Овие лица се ослободени од сите давачки за вадење на посебниот извод на родени.

- По избувнувањето на пандемијата предизвикана од корона вирусот, врз основа на донесенаУредба со законска сила беше одложен рокот за поднесување на барање до надлежните институции за добивање на посебен извод од матична книга на родените и посебен документ за идентификација. Исто така, за сите 700 нерегистрирани лица беа обезбедени хуманитарни пакети.
- Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита е донесен и објавен во Сл.В, бр. 311 од 28.12.2020 година. Со него се овозможи лицата кои добиле извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа да остваруваат права од социјалната заштита.
- 15 семејства (101 лица, 35 возрасни и 66 деца) беа дислоцирани и сместени во привремените живеалишта во Визбегово. За овие лица, како и за семејствата сместени во Ранка Милановиќ беа обезбедени пакети со прехранбени и хигиенски продукти. За децата дополнително беа доделени пакети со облека и училиштен прибор. Исто така, стручни лица од службите за социјална работа и невладиниот сектор работат со овие лица на индивидуално ниво во насока на подобрување на нивната состојба до завршување на нивниот престој во установата.
- Поради состојбата со пандемијата COVID-19, сите активности беа фокусирани на хуманитарна поддршка и следење на владините мерки. Во соработка со општините, повеќе донатори и ромски невладини организации, преку структурите на РОМАКТЕД беа дистрибуирани прехранбени и хигиенски пакети за 1.960 најсиромашни ромски семејства во 12 општини во Северна Македонија. Предвидено е и продолжување на имплементацијата на малите грантови во 12 општини поддржани од РОМАКТЕД и издвојување дополнителни средства за справување со пандемијата.
- Националното координативно телопродолжи со работа и во услови на пандемија. Во ноември 2020, во рамки на Поткомитетот за правда и внатрешни работи се одржа посебен состанок за прашањата за инклузија на ромската заедница. На состанокот се презентираа резултатите од реализацијата на заклучоците од осмиот Семинар за социјална интеграција на Ромите, одржан во 2019 година.

# Краткорочни приоритети

## Детска заштита

Во согласност со начелото дека децата имаат право на квалитетно предучилишно згрижување, воспитувањеи образование, ќе продолжи проширувањето на капацитетите за заштита и воспитание на децата.

- Во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (заем на Светската банка), продолжува доделување на грантови на општините за изградба на нови објекти или проширување на постојните, преку доградба и адаптација на простор на други јавни установи. Зголемување на капацитетите на детските градинки ќе се финансира и од ИПА
  II. Истовремено, ќе се редифинира начинот на финансирање на предучилишното образование со цел истото да биде достапно за сите деца.
- Во функција на унапредување на предучилишното образование ќе се развива систем за евалуација на квалитетот во предучилишниот образовен систем. Така, започната е имплементација на процесот на адаптација на инструмент за мерење на раниот детски развој преку анализа на квалитетот и резултатите на раното учење, наречен MELQO (Measuring, EarlyLearningQualityandOutcomes). Од процесот ќе произлезат резултати и заклучоци по однос на тоа што треба да се промени во системот на предучилишно згрижување, воспитание и образование, како и податоци кои ќе бидат основа за споредување со податоците кои ќе бидат добиени во понатамошните мерења со овој инструмент предвидени за 2022 и 2023.
- Продолжува имплементацијата на проектот “Подигнување на квалитетот за претшколско образование и згрижување”, со финансиска помош на ЕУ, кој предвидува развој на системот за професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи, редизајнирање на системот на лиценцирање на кадарот и унапредување на советувалишната работа со родителите, особено со оние кои имаат деца со посебни образовни потреби.

- Со средства од заем од Светска банка ќе се обезбеди поддршка на системот за континуиран професионален развој и унапредување во кариерата на кадрите кои се практичари (воспитувачи и негувателки) во установите за предучилишно образование. Ќе се јакнат компетенциите на воспитувачите за учење преку решавање проблеми и низ игра.

## Роми

И во наредниот период, приоритет е да подобри социјалната вклученост на Ромите и оттаму ќе се продолжи со имплементација на активностите од Стратегијата за Ромите.

- Во 2021 година ќе продолжи функционирањето на Националното координативно тело за координација и следење на имплементацијата на активностите согласно Стратегијата за Роми. Ќе се подготви нова Стратегија за Ромите.
- Продолжува системско решавање на ангажманот на вработените лица во ромските информативни центри, како и проектите и мерките за поддршка на вработување на Ромите и други лица во ризик од социјална исклученост.
- Продолжува и поддршката за вклучување во предучилишно образованиенадецата Роми од семејства во социјален ризик.
- Во функција на подобрување на пристапот до домување за Ромите и другите лица во ризик ќе се подготви нов Закон за социјално домување. Истовремено, се имплементираат група проекти, финансирани од ЕУ за олеснување на пристапот до домување и други социјални услуги за Ромите.
- Ќе се работи на имплементацијана Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, имајќи предвид дека до крајот на декември 2020 година сите регистрирани лица на терен треба да поднесат барање за издавање на привремен извод од матична книга на родени со кој ќе може да добијат привремена лична карта.Со овие документи за идентификација овие лица ќе може да остваруваат права од здравствена заштита, социјално осигурување, вработување и образование. Досега се поднесени вкупно 207 барања за издавање на привремен извод

од матична книга на родени, од кои вкупно 38 лица привремено добиле лична карта (13 лица во 2020 година и 25 во 2021 година).

- Во соработка со ромските организации ќе се спроведуваат активности за поддршка на лицата под Кале заради нивна интеграција на пазарот на труд, социјалната и здравствена заштита, обезбедување на документи за лична идентификација и вклучување на децата во образовниот систем.
- Се предвидува и ревизија на Стратегијата за реинтеграција на повратници од Западен Балкан и континуирано следење на вклучувањето на Ромите и Ромите бегалци.

# Среднорочни / долгорочни приоритети

## Детска заштита

- Продолжува јакнење на човечкиот капитал преку подобрување на квалитетот и достапноста на предучилишното згрижување, воспитание и образование и особено обезбедување еднаков пристап до квалитетно инклузивно образование во раниот детски развој.
- Со средства обезбедени во соработка со Светска банка, ЕУ и УНИЦЕФ ќе продолжат активности насочени кон зголемување на квалитетот на услугите за ран детски развој.
- Ќе продолжи спроведувањето на Проектот за подобрување на социјалните услуги за инвестирање во нови капацитети за обезбедување на пристапот на деца од предучилишна возраст (особено за деца на возраст од 3-6г.) во установите за згрижување и воспитување, со акцент на руралните средини.
- Ќе се следи ефективноста на реформираниот систем на права за заштита на децата во функција на намалување на детската сиромаштија и по потреба ќе се имплементираат корекции и прилагодување на паричните надоместоци.

## Роми

И на долг рок приоритет е имплементација на одржливи решенија за социо–економска интеграција на Ромите во сите сфери на општественото живеење. Ќе продолжат активностите за социјалната инклузија на Ромите, вклучување на децата Роми во предучилишното образование, поддршка на вработувањето на Роми, како и активности за социјално домување.



# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## Тековна состојба

- Реформата на системот на социјална заштита од 2019 придонесе за подобрување на условите за живот на децата и постарите лица. Сепак, вкупната сиромашија не се намали (21.9%), затоа што други владини политики како порастот на минималната плата, субвенционирањето на платите и порастот на економијата ги зголемија прагот на сиромаштијата. Детската сиромаштија, сиромаштијата на домаќинствата со деца и сиромаштијата на самците над 65 години старост бележи пад во 2019 во споредба со 2018. Меѓутоа, кризата предизвикана од корона вирусот се заканува да ги анулира позитивните трендови во однос на условите за живот од времето пред кризата и да втурне поголем број од граѓаните во сиромаштија.
- Со цел да се ублажат негативните последици од кризата и да се овозможи олеснет пристап до правото на гарантирана минимална помош (ГМП) за лицата кои се без сопствени средства за егзистенција, а особено на кои им престанал работниот однос во време на пандемијата од COVID-19, Владата во април 2020 ја измени Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба. Олеснетите услови за остварување на правото на ГМП важеа од април до декември 2020 година со потенцијал да извлечат голем број граѓани од екстремна сиромаштија. Паричниот додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството се обезбедуваше континуирано на месечна основа во текот на 2020 година. Во постапка на донесување е Законот за дополнување на Законот за социјална заштита со цел заштита на домаќинствата во услови на вонредни околности, вклучително и епидемии.
- Како резултат од олеснетиот пристап до правото на ГМП, согласно динамиката на поднесени барања и траењето на пандемијата, до крајот на 2020 година се очекува да бидат опфатени околу

3.500 нови домаќинства (кои ќе продолжат со користење на правото и во 2021 година), додека во 2021 година со ова право да се стекнат нови 6.500 домаќинства (вкупно 10.000 домаќинства).

- Во 2020 беше подготвен извештај за спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“ во периодот 2018 - март 2020. Наодите во извештајот се многу позитивни, а извештајот дава и насоки за натаму. Сепак, пандемијата со COVID-19 во голема мера го отежна и забави спроведувањето на Националната стратегија.
- Клучните напори на Министерството за труд и социјална политика беа насочени кон превенција и спречување на ширењето на COVID-19 во социјалните институции и давателите на социјални услуги. Тоа вклучуваше адаптирање на работата на институциите и давателите на услугите, подготовка на соодветни протоколи, обезбедување опрема за лична заштита и хигиенски средства и сл. Брзата реакција влијаеше да се минимизира бројот на вработени и корисници кои се заразија со коронавирусот во резиденцијалните институции. Сите случаи беа навремено изолирани. Работата на дневните центри за деца и лица со попреченост беше времено суспендирана во март 2020 година, за сметка на што Владата ги ослободи од работните обврски родителите/старателите на овие деца и лица, притоа обезбедувајќи го целиот износ на платата. Кон крајот на август беше донесен посебен протокол за дневните центри, при што до ноември повторно започнаа со работа 29 од вкупно 33 дневни центри во државата, нудејќи услуга на околу 300 корисници (наспроти 450 во сите дневни центри во март 2020 година).
- Влијанието на пандемијата беше особено негативно врз процесот на преселба во заедницата на возрасните корисници кои се сè уште сместени во резиденцијалните социјални институции за лица со попреченост – вкупно околу 260 (ноември 2020 година). Преселбата на возрасни корисници со попреченост беше времено запрена по преселбата

во единица за живеење со поддршка на двајца корисници од Бања Банско во јануари 2020 година.

- Продолжи трансформацијата на социјалните институции: Во завршна фаза се подготовките за отворање центри за поддршка на загрижувачките семејства во Скопје и во Битола, кои ќе функционираат во рамките на поранешните институции за долгорочно згрижување деца. Новите центри ќе посветат особено внимание на поддршката на згрижувачи кои се грижат за деца (и возрасни) со попреченост. Во Специјалниот завод Демир Капија привршуваат подготовките за воспоставување на услугата одмена на семејната грижа. Се разгледуваат можностите за целосна реконструкција и опремување на една од резиденцијалните социјални институции во современ давател на социјални услуги во заедницата, со финансиска и техничка поддршка од ЕУ.
- Министерството за труд и социјална политика продолжува да се придржува до мораториумот за прием на нови возрасни корисници во резиденцијалните установи, како директна мерка за превенција од институционазалицијата. Во случаите кога има потреба од вонсемејна заштита, решенијата се бараат и наоѓаат на локално ниво, со користење на сите достапни ресурси во заедницата.
- Во насока на проширување на достапноста на социјалните услуги во заедницата, во октомври и ноември се потпишани договори за финансиска поддршка (грантови) од страна на Министерството за труд и социјална политика со 24 општини за воспоставување нови социјални услуги во заедницата. Вкупно 750 илјади евра (од над 10 милиони што Светската банка ги става на располагање како кредит до 2024 година) ќе бидат искористени за воспоставување нови социјални услуги, согласно претходно утврдените потреби на граѓаните. Услугите што ќе бидат развиени се: помош и нега во домот, дневни центри за деца со попреченост, дневен центар за стари лица, рехабилитација на лица со попреченост, живеење со поддршка за жени-жртви на насилство и рана интервенција за деца со попреченост. По воспоставувањето, услугите ќе бидат финансирани од државниот буџет согласно новиот Закон за социјалната заштита.

- Во согласност со новиот Закон за социјална заштита, осум општини(Велес, Битола, Струмица, Штип, Демир Капија, Крива Паланка, Чучер Сандево и Кавадарци) подготвија локални планови за социјално вклучување, што ја потврдува посветеноста на наведените општини во планирањето и развојот на социјалната заштита на локално ниво.

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година ќе се спроведе анализа на имплементацијата на Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021, врз основа на што во текот на 2021 ќе се спроведат активности за изготвување на нова програма за натамошниот развој на социјалната заштита, на среден и долг рок.

- Како предизвик за наредниот период останува активација на пазарот на труд на социјално загрозените лица (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.) кои се работоспособни, со цел надминување на материјалната несигурност на домаќинството. Покрај предвидената соработка и интегриран пристап помеѓу службите за вработување и социјална заштита ќе се воведат специфични услуги за активација и поддршка при вработување на социјално загрозените лица за зајакнување на работните капацитети и поттикнување на нивното активно учество на пазарот на труд, барање работа и вработување. Дополнително, ќе се работи и на развој на социјалното претприемништво, во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд. Во прва фаза воведувањето на новите услуги финансиски ќе се поддржи во рамки на проектот „Активација на ранливите групи на пазарот на трудот“, додека развојот на социјалното претприемништво преку проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“, и двата (ко)финансирани од страна на ЕУ (Повеќе информации во подрачјето Трудово право).
- Се планира поддршка на вработувањето на лицата со попреченост и подготовка на нов Закон за вработување на лицата со попреченост со кој ќе се воведе професионалната рехабилитација.

- Истовремено ќе се работи на зајакнување на достапноста на социјалните услуги, обезбедување социјални услуги од различни даватели и развој на социјални услуги во локалните самоуправи. Развојот на социјалните услуги на локално ниво ќе се финансира преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“, обезбеден преку заем од Светската банка, преку кој се очекува да ја зајакне вклученоста на општините во планирањето, развојот и давањето на социјални услуги на локално ниво.
- Во 2021 година ќе продолжи имплементацијата на Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027, со приоритет воспоставување нови услуги во заедницата и намалување на бројот на лица згрижени во резиденцијалните социјални установи за лица со попреченост.
- Во првото тримесечје од годината ќе започнат со работа првите два центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола и ќе биде воспоставена услугата одмена на семејната грижа во Демир Капија, како дел од трансформацијата на резиденцијалните социјални установи. Двете услуги се воведуваат за првпат во земјава.
- Услугата помош и нега во домот ќе започне да се обезбедува за најмалку 200 лица до крајот на годината. Бројот на корисници на услугата лична асистенција се очекува да биде зголемен за најмалку 20% до крајот на 2021 година (во споредба со 146 корисници во ноември 2020 година).
- Ќе продолжи преселбата на возрасните корисници од институциите за долгорочно згрижување возрасни лица со попреченост –најмалку 50 лица ќе се преселат од институциите во заедницата и ќе добијат соодветна грижа. Поддршка во имплементацијата на Стратегијата за деинституционализација, во наредниот период ќе се обезбеди и преку проектите финансирани од ЕУ (ИПА II), кои особено се фокусирани на преселба на корисници од Специјалниот завод „Демир Капија“ во нововоспоставениуслуги во заедницата и јакнење на капацитетите на давателите на услугите.
- Со поддршка на ИПА проектот „Модернизација на деинституционализацијата на услугите на социјална заштита, ќе се обезбеди јакнење на капацитетите на чинителите во социјалната

заштита, вклучувајќи ги давателите на услугите, за воспоставување, управување, финансирање и испорака на квалитетни, ефективни и ефикасни социјални услуги во заедницата за лицата со попреченост.

- Во 2021 ќе се направи оценка на имплементацијата на првиот Акциски план за спроведување на Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 и ќе се подготви нов Акциски план за спроведување на Стратегијата за периодот по 2021.
- Продолжува имплементацијата на „Проектот за социјално осигурување и пензиска администрација (SIPA project)". Проектот ќе придонесе за консолидација на регистрите за социјално осигурување, воведување интегриран систем на проценка за сите права по основ на попреченост, воведување нов систем на професионална рехабилитација и ревизија на листата на работни места дефинирани како опасни и тешки занимања подобни за предвремено пензионирање.

## Среднорочни / долгорочни приоритети

- Во наредниот период ќе продолжат напорите за зајакнување на институционалните механизми во системот на социјалната заштита, обезбедување на соодветно ниво на парични надоместоци за надминување на сиромаштијата и мерки за социјално вклучување на ранливите категории на граѓани.Во таа смисла, продолжуваат и активностите за воспоставување на систем на адекватни социјални услуги заради подобрување на квалитетот на живот на најранливите категории на граѓани и нивна инклузија во општеството. Важен аспект е и воспоставување на сеопфатен систем за следење, надзор и контрола на квалитетот на социјалните услуги вклучително и воведување ново софтверско решение за поефикасно администрирање на паричните права и социјалните услуги.
- Во однос на процесот на деинституционализација, среднорочните и долгорочните приоритети се утврдени во Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 и Акциски план за имплементација. Клучните определби се во насока на креирање социјални услуги во заедницата преку плурализација и

децентрализација на системот за социјални услуги. Тоа подразбира, како што е наведено погоре проширување на разновидноста на достапните услуги, зголемување на опфатот во географска смисла и зголемување на бројот на корисници социјалните услуги.

- Ќе се заокружи реформата во системот на инвалидско осигурување која вклучува консолидација на постапките и евиденциите во делот на пензиското и инвалидското осигурување.



# ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## Тековна состојба

### Антидискриминација

- Во 2020 година на иницијатива на Комисијата за заштита од дискриминација беше укинат Законот за спречување и заштита од дискриминација[83], со Одлука на Уставниот суд.
- Во октомври 2020 годинабеше усвоен Законот за спречување и заштита од дискриминација[84], целосно усогласен со ЕУ директивите[85] и меѓународните стандарди. Законот предвидува нови надлежности и професионализација на Комисијата за заштита од дискриминацијаи со тоа креира рамка за поефикасно тело за еднаквост. Во рок од 2 години со овој Закон треба да се усогласи целото законодавство.
- Собранието ја спроведе постапката за назначување на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во согласност со роковите утврдени со Законот.
- Националното координативно тело за недискриминација и еднаквост, со поддршка на ОБСЕ, изготви Измена на Кодексот на државни службеници согласно новиот закон за спречување и заштита од дискриминација, Упатство за должностите на јавниот сектор согласно новиот закон за спречување и заштита од дискриминација и Методологија за собирање на статистички податоци согласно новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.
- Министерството за труд и социјална политика даде поддршка и во 2020 година за време на пандемијата, НВО Субверзивен фронт ја воспостави првата национална СОС линија за ЛГБТИ.

83 Службен весник бр. 101/2019.

84 Службен весник бр. 258/2020.

85 Директивата бр. 2000/78/ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето, Директивата бр. 2004/113/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004 година со која се спроведува начелото на еднаков третман на мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на стоки и услуги и Директивата бр. 2006/54/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и професиите (преработена).

- Во 2020 година, започна подготовка на Национален акциски план за правата на ЛГБТИ заедницата во областа на вработување, здравство, образование и пристап до правда.
- Исто така, со експертска поддршка на Советот на Европа сеанализира реализацијата на препораките од Извештајот на Европската комисија против расизам и нетолеранција при Советот на Европа.

## Родова еднаквост

- Изготвена е евалуација од целокупната реализација на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година, која ќе послужи како основа за подготовка на нова Стратегија за родова еднаквост 2021-2028 и Национален план за акција за родова еднаквост 2021-2023.
- Родовото одговорно буџетирање има за цел да осигури дека предвидените и алоцирани средства еднакво ги земаат предвид и одговараат на потребите, интересите и приоритетите и жените и мажите. Со поддршка на телото на Обединетите нации за зајакнување на (UN Women) беаспроведени обуки за родова еднаквост и стратешко планирање за јавната администрација.
- На 29 јануари 2021 година, Собранието го усвои Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Сл.В 24/21) во согласност со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција). Целта на Законот е превенција на сите форми на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство и утврдување на услугите, мерките и механизмите за заштита на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот и ратификувани меѓународни договори
- По воведувањето на мерките за спречување на пандемијата со COVID-19 и зголемениот ризик од зачестена појава на семејно насилство, надлежните институции посветија особено внимание и ги проширија активностите за да обезбедат соодветна помош и да ги заштитат жените и децата од секаков облик на насилство. На територијата

на земјата функционираа(т) 11 специјализирани сервиси за сместување на жртви на семејно насилство, 10 специјализирани сервиси кои обезбедуваат психосоцијална помош и поддршка на жртви семејно насилство и СОС линиите кои даваат навремена и доверлива информација за заштита на жртвите, достапните услуги и телефонско советување на жртвите на семејно насилство. Беа дистрибуирани над 1.300 комплети храна и хигиена како итен одговор на жртвите на семејно насилство, најпогодени од кризата.

- Се спроведе и кампања за пријавување на семејно насилство преку социјалните медиуми и националниот радиодифузен сервис. Министерството за труд и социјална политика дистрибуираше и флаери со основни информации за пријава на семејно насилство, односно каде жртвата да се обрати за помош и за достапните услуги.
- На сите полициски станици им беа обезбедени контакт телефони на советодавните центри за работа со жени жртви на родово / семејно насилство, на граѓанските организации и телефонски броеви на Националната служба за спроведување на следниве мерки за заштита: сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство, здравствена заштита,психо-социјална интервенција и третман, психо-социјален третман во советодавен центар,семејна поддршка за редовно школување на дете, правна помош и застапување и економско зајакнување на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот. Жртвите на семејно и родово насилство беа изземени од забраните за движење и санкциите за време полициски час.

# Краткорочни приоритети

## Антидискриминација

- Континуирано ќе се работи на промоција и унапредување на еднаквоста со цел да се надминат разликите во пристапот до правата помеѓу граѓаните. За таа цел, ќе продолжи усогласување на законодавството со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

- Дополнително, ќе се подготви методологија за собирање податоци согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација врз основа на кои може да се идентификува, мери и следи дискриминацијата, но и да се дизајнираат и спроведуваат ефективни мерки.
- И во наредниот период ќе продолжи со работа Националното координативно тело за недискриминација, следење на законската регулатива и давање предлози за вградување на концептот за недискриминација.
- Во текот на 2021, Националното координативно тело ќе подготви нова Стратегија за еднаквост и недискриминација и Национален план за акција.
- Во 2021 година ќе се заокружи и подготовката на Национален акциски план за правата на ЛГБТИ заедницата во областа на вработување, здравство, образование и пристап до правда. Се планира Националниот акциски план да биде усвоен од Владата до средина на годината.
- Ќе се продолжи со континуирано спроведување на обуки за недискриминација и против говор на омраза за државни и јавни службеници. Како обучувачи на обуките се јавуваат членовите на Националното координативно тело за недискриминација и еднаквост.Во 2021 во обуките ќе бидат вклучени полициски службеници, наставници и здравствени работници.

## Родова еднаквост

- Во однос на Законот за еднакви можности на мажите и жените насловот на истиот ќе биде преформулиран, како нов **Закон за Родова еднаквост** (наместо Закон за измени и дополнување на Закон за еднакви можности на жените и мажите). Законот ќе биде во насока на унапредување на родовата еднаквност и поефективна имплементација на истиот.
- Ќе се воспостави Ресурсен центар и центар за обуки за родово одговорно буџетирање и креирање на политики (Center of Excellence in Gender Responsive Budgeting)[86]. Овој центар ќе овозможи градење на капацитетите на државните службеници преку учење за родово одговорно буџетирање и креирање политики.

86 Со поддршка на UNWomen Проектот за „Унапредување на институционализацијата на родово-одговорно буџетирање преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија.

- Ќе се подготви **нова Стратегија за родова еднаквост 2021-2028 и Национален план за акција** за родова еднаквост 2021-2023. Овие документи ќе се надоврзат на претходните стратешки документи и ќе ги утврдат стратешките приоритети и правци, со цел да се унапреди родовата еднаквост. Ќе се подготви и посебен Национален акциски план за жени и климатски промени. Ќе започне пресметка на нов индекс за родова еднаквост за 2020, кој е клучен индикатор за мерење на родовата еднаквост врз основа на кој се развиваат мерки и политики за намалување на нееднаквоста во сите области на живеење.
- Ќе се формира работна група која ќе работи на подготовка на измените на Законот за заштита од вознемирување на работно место. При подготовка на измените на Законот ќе биде земена предвид анализата на неговата досегашна имплементација што беше подготвена во 2019 година.
- Со поддршка на ЕУ ќе се работи на развој и имплементација на решенија за усогласување на семејниот и професионалниот живот и намалување на дискриминацијата на работното место врз основа на пол. Поконкретно проектот „Подобрување на условите за работа“ ќе придонесе кон поддршка на организации од приватниот и/или јавниот сектор во воведувањето на флексибилни форми на организација на работата кои го олеснуваат усогласувањето на работниот и семејниот живот на вработените.
- За заштита од родово базирано насилство, пак, ќе бидат донесени подзаконските акти и стандардни оперативни процедури за имплементација на Законот за насилство врз жени и семејно насилство во согласност со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените. Исто така, ќе се усвои посебен Протокол за постапување со жртви на родово базирано насилство. Посебно внимание ќе се посвети на спроведување на обуки за сторители, жени и деца и за подигнување на свеста за родово базирано насилство согласно Истанбулската конвенција.
- Во 2021 година ќе продолжи унапредувањето на системот за превенција и заштита на жртвите на семејно насилство. Ќе се воспоставаат најмалку 10 нови специјализирани сервиси. Ќе продолжи и финансирањето на граѓански организации кои даваат услуги во специјализирани сервиси за жртви на семејно насилство и градење на нивните капацитети.

# Среднорочни / долгорочни приоритети

## Антидискриминација

И во наредниот период ќе продолжат напорите за зајакнување на институционалните механизми за спречување, заштита од дискриминација и унапредување на еднаквите можности.

Ќе се заокружи процесот на усогласување на сите релевантни закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Паралелно ќе продолжат и активностите за натамошно јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти за концептот за недискриминација.

## Родова еднаквост

Ќесе продолжи со напорите за примена на родовото одговорно буџетирање во стратешкото планирање, креирање политики и процеси на буџетирање на Владата. И понатаму ќе се работи на зајакнување на капацитетите на државните службеници во ресорните министерства за инкорпорирање на родовата перспектива во политиките и буџетите. Меѓу другото, ќе се посвети внимание на подобрување на квалитетот и достапноста на податоците што се прибираат во согласност со Законот за еднакви можности на мажите и жените и Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и на јакнење на капацитетите на институциите вклучени во овие процеси.

Ќе се работи и на зајакнување на механизмите за промовирање на родовата еднаквост на локално ниво.

Во насока на унапредување на системот за заштитата на жртвите на семејно насилство ќе продолжи имплементација на активностите предвидени во Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2023. Меѓу другото, ќе се воспостави систем за интегрирано прибирање на податоци за жртвите на родово базирано и семејно насилствои ќе се обезбеди континуирано зајакнување на капацитетите на институциите и давателите на услугите за жртвите на разни облици на насилство.

# ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во спроведувањето на стратегијата за борба против неформалната економија, зголемување на финансиската поддршка на компаниите и подобрување на структурата на јавниот дијалог со бизнисите. Бидејќи не беа целосно спроведени сите препораки од претходната година, во наредната година Северна Македонија треба:

- да ја консолидира институционалната поставеност и понатамошно да ги разјасни мандатите на јавните органи и да обезбеди ефикасно спроведување, следење и евалуација на донесените и спроведените стратегии и мерки на политика;
- да продолжи со спроведување, проценка и обновување на стратегијата и акцискиот план за формализирање на неформалната економија, со посебно внимание на нејзината компонента на деловното опкружување
- да ги елаборира понатамошните мерки за зголемување на продуктивноста за зголемување на конкурентноста на домашните компании и да ја олесни нивната интеграција во глобалните синџири на вредности.

# ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Создавањето конкурентна економија, останува еден од највисоките приоритети на Владата. За таа цел беа донесени и се имплементираат повеќе стратешки документи и акциски планови.

Клучни Стратешки Документи се: Индустриската Стратегија 2018-2027 со Акциски План, која го интегрира Планот за економски раст, Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023 со Акциски план, Стратегијата за развој на женското претприемништво 2019 – 2023, Иновационата стратегија и повеќе поврзани документи како ЕРП и Програмата на Владата.

Освен националните документи, се координираат и повеќе активности поврзани со МАП РЕА и Заедничкиот регионален пазар, каде преку конкретни активности се поддржува зголемена соработка меѓу земјите од Западен Балкан.

За спроведување наСтратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023формирано е Координативно тело, со главна задача за изготвување на Закон за мали и средни претпријатија. Целта на овој закон е да се дефинираат малите и средни претпријатија со цел да се обезбеди сообразност при доделувањето на државната помош, но и да се дефинира институционалната рамка за спроведување на политиките за мали и средни претпријатија, како и претприемачката инфраструктура.

Во 2020 година со новонастаната ситуација со Ковид 19, беа донесени повеќе уредби, со цел да се намалат негативните економски и социјални ефекти.

Од аспект на создавање на нова визија за развојот на економијата, базиран на постојните економски, иновативни и истражувачки капацитети, во тек е развивање на Стратегија за паметна специјализација, која се работи во соработка и следејќи ја методологијата на ЈРЦ. Формирана е работна група, која е составена од претставници од институциите, науката и коморите, со цел заеднички дијалог во процесот. По завршеното мапирање на економските, иновативните

и истражувачките капацитети, се доби листа од 19 сектори кои имаат потенцијал за паметна специјализација. Со нивно групирање се дефинираат домени за специјализација, за кои ќе се направи подетална – квалитативна анализа. Квалитативната анализа се работи по методологија на ЈРЦ и Стопанската комора како локален партнер.

Квалитативната анализа се спроведува во шесте предложени потенцијални приоритетни области за паметна специјализација:

1. Одржливо производство на храна и пијалаци и синџири на вредности
2. Сектор за информатички и комуникациски технологии (ИКТ)
3. Паметни/одржливи згради и материјали (нискоградба, одржливи материјали, премин кон кружна економија)
4. Електрична опрема и механички делови (електрична опрема, машини и делови од мотори, машини и машински алати, механички уреди, додатоци за моторни возила)
5. Одржлив туризам и угостителство (сместување и ресторани и услуги за храна, културен туризам, авантуристички туризам, угостителство на настани и други услуги за храна,.),
6. Енергија за иднината (декарбонизација на економијата - обновлива енергија, енергетска ефикасност, одржлива енергија)

Стратегијата за паметна специјализација ќе биде поврзана со Индустриската стратегија, Стратегијата законкурентност и Иновационата стратегија. На овој начин се заокружува стратешката рамка и се дефинираатдрајверите за поттикнување на конкурентноста. Следната фаза, почнувајќи од 2021 година, ќе биде спроведен Процес на претприемничко откритие, каде што преку ”quadruplehelix” и интензивна комуникација со сите засегнати страни ќе бидат идентификувани домените за паметна специјализација, користејќи ги сите потенцијали засновани на соработка за развој.

Од аспект на ефикасен дијалогсобизнис секторот, Владата одржува директна комуникација со сите засегнати страни, но и преку формализирана платформа за јавно приватен дијалог, креирана помеѓу четирите стопански комори и Владата. На веб-страницата www.biznisregulativa.mk на дневна основа се објавуваат сите релевантни информации за деловната заедница, зголемувајќи ја нивната свесност за деловното и законодавното опкружување, како и можностите за советување и стручна поддршка.

Во врска со новите предизвици на економијата предизвикани од КОВИД 19, Платформата за ЈПДподготви осум позициони документи како студии за ефектите врз приватниот сектор погодени од здравствената и економска криза и препораки за справувањесо последиците во: текстилната индустрија, градежната индустрија, ИКТ, земјоделството и индустријата за преработка на храна, туризмот и угостителството, металната, електро и машинска индустрија, автомобилската индустрија, како и препораки поврзани со работните односи и финансиските и даночните последици во време на пандемија. Овие позициони документи беа подготвени заеднички од стопанските комори врз основа на интервјуа и контакти со повеќе од 700 компании и беа доставени до Владата како тема за понатамошна дискусија при дизајнирање на пакетите за поддршка.

Од аспект на проценката на влијанието на регулативата (ПВР),таа продолжува да биде интегрален дел во процесот на подготовка на закони, согласно Методологијата за Проценка на влијание на регулативата и Методологија за оценка на спроведување на регулативата. Со цел зголемување на вклученоста на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките, достапна е надградена верзија ЕНЕР со нови функционалности и тоа поднесување на online иницијативи, форуми за дискусија и можност за консултација на предлог стратегиите и други стратешки документи на министерствата.

## Краткорочни приоритети

- Понатамошни активности за создавање поволна и атрактивна деловна клима, како и имплементација на стратешките документи: Индустриската стратегија, Стратегија за МСП и Стратегијата за развој на женското претприемништво и нивните поврзани Акциски планови.

- Изготвување на Закон за мали и средни претпријатија кој ќе даде институционална рамка за поефикасно и покоординирано следење и имплементирање на политиките.
- Воспоставување на регистар на парафискални давачки, чија цел ќе биде да се обезбеди транспарентност и предвидливост во делот на дополнителните трошоци со кои се соочува МСП во своето работење.
- Финализирање на Стратегијата за паметна специјализација, во соработка со бизнис и научната заедница.
- Изработка на стратегија за извозна промоција и ефикасна координација на промоцијата во странство, преку развивање концепт на економски промотори.
- Следење на состојбите во економијата со КОВИД-19 и предлагање на мерки и активности за задржување и развивање на економскиот сектор.
- Понатамошен ефикасен јавно-приватен дијалог.
- МИОА ќе ги продолжи активностите за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата, непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

## Среднорочни приоритети

Создавање на поволна деловна клима привлечна за водење бизнис и инвестиции. Креирање на стратешка рамка за зајакнување на конкурентноста базирана на знаење и иновации, следејќи ги принципите за заселенување на економијата и дигитална трансформација.

Имплементација на Индустриската стратегија и Акцискиот план, Националната стратегија за мали и средни претпријатија, Стратегијата за развој на женското претприемништво, Стратегија за паметна специјализација. Ефикасно користење на европските фондови и донаторски проекти во насока на реализација на стратешките документи.

# ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Во тек е имплементација на Индустриската стратегија 2018-2027 која се фокусира на поддршка на развојот на преработувачката индустрија, а го интегрира Планот за економски раст, кој се реализира преку Акциски план. Од вкупно 38 мерки, 27 мерки (71%) се во фаза на имплементација, 4 мерки (10,5%) се во почетна фаза на имплементација или сѐ уште не се започнати поради потреба од подлабока анализа, развој на концепт или недостаток на финансии.

Преку Програмата во делот за имплементација на индустриска политика беа поддржани околу 20 фирми.

Дел од мерките од Индустриската стратегија односно Планот за економски раст се имплементираат преку Законот за финансиска поддршка на инвестиции, а мерките за имплементација на третиот столб од Планот за економски раст, преку програмите на ФИТР.

Во 2020 преку Законот за финансиска поддршка на инвестиции, поддршка добија 49 компании, од кои 39 се нови договори, а 10 се анекси на договори. Вкупната вредност на поддршката е 53,4 мил. ЕУР.

До септември 2020 година, вкупниот број на поддржани компании е 361 проект со вкупна вредност од 24,7 милиони евра. Кофинансирани грантови за развој на технологија 176 проекти, кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста е 107 проекти, комерцијализација на иновации 76 проекти.

Започна имплементацијата на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023 со Акциски план, формирано е Координативно тело за имплементација на стратегијата составено од претставници од надлежните министерства и органи и од Стопанските комори. Една од клучните активности во рамките на Координативното тело е изготвување на Закон за мали и средни претпријатија.

За имплементација на **Стратегијата за развој на женското претприемништво 2019 – 2023** формирана е меѓуресорска работна група каде се дискутирани и договорени активностите и временската рамка за имплементација. Секоја институција е задолжена да воведе родово разделени податоци во сите регистри кои ги води и извори на податоци кои ги собира, но и при доделувањето државна помош да воведе стимулативни критериуми доколку апликантот е жена, односно, претпријатие во сопственост и управувано од жена.

Формирана е Платформа за јакнење на женското претприемништво со 23 здруженија-членки кои работат на развојот на женско претприемништво, како и Национален совет за женско претприемништво (НСЖП) кој е прв и единствен совет за женско претприемништво кој делува на национално ниво, формиран преку проектот „Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика” – WE Contribute.

Министерството за економија како национална партнерска институција за КОСМЕ програмата континуирано спроведува активности за исполнување на обврските за членство во програмата и промовирање на истата со цел што подобро да се искористат можностите што ги нуди програмата.

Како една од активностите кои произлегоа од Акцискиот план за формализација на неформалната економија, Министерството за економија изготви „Истражувачка анализа на парафискалните давачки за мали и средни претпријатија” која ги систематизира парафискалните давачки со кои се соочуваат малите и средни претпријатија на централно ниво по институции.

Агенција за поддршка на претприемништвото (АПП МК) во 2020 имплементираше мерки за поддршка на МСП вградени во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП со вкупен буџет од 20.800.000,00 денари (со ребаланс 17.870.500,00 денари).

Носечките активности на АПП МК се реализираат децентрализирано со што се обезбедува достапност на истите на локално ниво (преку инфраструктурната мрежа на 7 Регионални Центри).

Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот донесе Годишна програма за извозни активности за 2020 година согласно предвидениот буџет; анализирање и ажурирање на податоци за таргет индустрии-текстилна, електрометална, информатичко-комуникациска и прехранбена индустрија со цел дефинирање интерес за настап на саеми со национален штанд, организирање на бизнис средби како би се дефинирале точните таргет пазари за 2021 година и подготовка и организација за национално учество на саеми.

Согласно програмата за работа на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) во текот на годината се реализираа 7 повици за поддршка на приватен сектор.

Во рамки на инструментот за поддршка „Кофинансирани грантови за технолошки развој” беа објавени два повици. Од пристигнати 45 апликации, 33 се добитни, во вкупен износ на финансиска поддршка од ФИТР 2.207.661,78 евра.

Со цел поттикнување на соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи, а во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност, беше промовиран инструментот Иновациски ваучер. Иновациските ваучери овозможуваат директен финансиски поттик кој претпријатијата го користат да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истажувачките институции, со цел интензивирање на обемот и динамиката на развојот на производите и услугите, како и нивниот пласман на пазарот. Вкупниот буџет за доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери за овој јавен повик изнесува 243,902евра.

Во услови на зголемена потреба за брзо економско опоравување од последиците предизвикани од пандемијата на КОВИД 19 и подобрување на квалитетот на живеење во ново настанатите услови, дигитализација на услугите добива особено значење посебно кога станува збор за јавните услуги на локално ниво. Поаѓајќи од ова, ФИТР во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) објави повик за финансирање на проекти за обезбедување на дигитални решенија / алатки кои ќе се воведат во секојдневното работење на пет општини во земјата – „КОВИД19 брза реакција за дигитализација на услугите на локалната самоуправа”.

Во рамки на ФИТР започнат е нов проект ”Innovation and Competitiveness Ecosystem TA” финансиран од ”Good Governance and Investment Climate Reform- (GGICR)”, спроведен од канцеларијата на Светската банка во Скопје. Целта на предложениот проект е да го направи екосистемот за иновации и компетитивност на ниво на приватен сектор поефективен. Ова ќе биде од корист за економијата преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и создавање работни места. Оваа поширока цел ќе се постигне преку неколку канали:

1. Аналитика потребна за да се увиди како да се подобрат инструментите за иновации и институционалната поддршка (компонента 1);
2. Прилагодувања во дизајнирањето на инструментите за иновации со цел да се фокусираат на marketfailures и критичните потреби на компаниите (компонента 2)
3. Подобрувања во институционалните структури, правните рамки и капацитетот на владините институции кои ги спроведуваат инструменти на поддршка (компонента 2);
4. Подобрувања во правната рамка за ризичен капитал (Компонента 3) и
5. Развој на посилен pipeline од фирми кои имаат капацитет да иновираат и можат да имаат корист од инструментите, поширока транспарентност, пристап до информации и граѓански ангажман (компонента 4).

Редовно ажурирање на индикаторите и следење на перформансот ќе продолжи и во иднина со тоа што во наредниот период се планира изготвување на споредбена анализа на дел од компаниите кои се корисници на финансиска поддршка на ФИТР и компании кои аплицирале, но не добиле финансиска поддршка од ФИТР.

Активностите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) за привлекување на нови инвестиции во целни сектори (лесна преработувачка индустрија со примена на високи технологии, истражување и развој и ИКТ). Поволностите за инвеститорите во зоните се регулирани со Законот за технолошки индустриски развојни зони, регулативата за контрола на државна помош и Законот за финансиска поддршка на инвестиции. Процедурите и критериумите се јасно определени во Законот за ТИРЗ кој воедно претставува и шема на државна помош. Ефектот од поволностите

континуирано се следи и периодично се врши проценка во однос на исполнувањето на обврските на инвеститорот за бројот на вработени и висината на инвестиција. На годишно ниво се поднесува извештај за доделената државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

ДТИРЗ инвестира во планирање, основање, изградба и развој на инфраструктурата и инфраструктурните објекти во технолошките индустриски развојни зони и во двете индустриски зони со кои управува.

## Краткорочни приоритети

- Имплементација на мерки и инструменти за реализација на стратешките документи и акциски планови, прилагодувајќи ги кон приоритетите согласно здравствената и економска состојба со Ковид 19.
- Министерството за економија преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, ќе имплементира мерки кои произлегуваат од повеќе стратешки документи во надлежност на Министерството – Индустриска стратегија, Стратегија за МСП, Стратегија за женско претприемништво, Стратегија за општествена одговорност, како и други приоритетни проекти. По усвојувањето на Стратегијата за паметна специјализација, се очекува сет мерки за поттикнување на економскиот развој преку тесна соработка на сите чинители (четворен хеликс) во областите кои ќе се дефинираат дека имаат најголем потенцијал.
- Зајакната соработка со донатори (СБ, ГИЗ, УСАИД, ЈИЦА, Швајцарија, Велика Британија и сл.) и ИПА, во имплементација на мерки и инструменти за поттикнување на конкурентноста на македонската економија. Отпочнување на ИПА проект за поддршка на помалку развиените региони, кој ќе го имплементира ГИЗ.
- АПП МК е фокусирана на имплементација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија, која е резултат на напорите на Агенцијата да воспостави одржлив систем на активности насочени кон поддршка на МСП во сите фази на нивниот развој, односно

преку системски решенија кои го овозможуваат континуитетот во поддршката на МСП, почнувајќи од Програмата самовработување, стандардизирани менторски услуги, инфо-пулт, ваучерски систем на субвенционирано советување. Промоцијата на претприемништвото во облик на обуки/работилници и меѓу различни целни групи и понатаму ќе биде поддржувано, вклучително и во европските и други донаторски проекти во кои АПП МК учествува како партнер.

- Развојна банка на Северна Македонија (РБСМ) ќе продолжи да ги извршува своите активности во функција на поддршка на развојот на МСП.
- ФИТР и понатаму ќе ги спроведува инструментите за поддршка во рамки на Планот за економски раст и Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, односно мерките насочени кон поддршка на МСП предвидени со Стратегијата за иновации и Индустриската политика. ФИТР ќе ги следи состојбите и приоритетите на пазарот, соодветно дизајнирајќи и имплементирајќи инструменти.
- За 2020 е предвидено продолжување на постојните инструменти, како и проширување на мерките за поддршка. Една од краткорочните иницијативи е и поддршка преку олеснување на пристапот на МСП до ризичен капитал односно еквити и/или мезанин инвестиции. Дополнителни мерки се предвидени и во сферата на јакнење на човечките ресурси и поврзување на академската заедница со индустријата. Освен мерките за финансиска поддршка на иновациската дејност и технолошкиот развој, предвидено е и зајакнување на иновациската инфраструктура преку воспоставување на Научно технолошки парк и Национална канцеларија за трансфер на технологии.
- Македонска Берза ќе продолжи со активностите за промоција на алтернативните извори за финансирање на МСП по пат на Funder beam crowd funding платформата.
- Ќе продолжи надградбата на старт-ап платформата во насока на унапредување на екосистемот за поддршка на старт-апите во земјата.
- Агенција за странски инвестиции и промоцијана извозот согласно Планот за активности за 2021 година ќе спроведува активности поврзани со

промоција на извозот, акцент е ставен на следните иницијални сектори: Текстилна индустрија, Агробизнис, Индустрија на метали и прецизна механика, вклучувајќи автомобилски делови и Информатички и комуникациски технологии – ИКТ.

- Ќе се донесеновата Стратегија за извоз од страна на Министерството за економија, согласно Индустриската Стратегија 2018-2027. Новата Стратегија за извоз ќе биде поврзана со Националната стратегија за паметна специјализација и ќе ги идентификува целните потсектори, производи, земји итн., за поорганизиран и поефикасен пристап во настапот и влегувањето на нови пазари.
- Во буџетското планирање во делот на промоција на извозот, покрај учество на меѓународни саеми, предвидени се обуки за компании извозници и вработените во Invest North Macedonia, како и семинари и Б2Б средби.

## Среднорочни приоритети

- Развој и имплементација на нови мерки за поддршка на индустријата во нејзиниот развој, иновации и интернационализација, како и развивање на мерки кои ќе бидат во насока на поттикнување и промоција на претприемништвото, зголемување на конкурентноста на малите и средни претпријатија, поттикнување на занаетчиството и креативните индустрии, како и јакнење на женското претприемништво.
- Од аспект на општествената одговорност, се очекува реализација на мерките и препораките од Акцискиот план на Среднорочната стратегија за општествена одговорност 2019-2023 и изградба на капацитети за ефикасна  реализација на активностите од општествената одговорност.
- АПП МК на среден рок, е насочена кон развој на одржлив систем за поддршка на МСП во сите фази на нивниот развој, стремејќи кон подобрување на конкурентноста на МСП. Функционирањето на овој систем на поддршка ја наметнува потребата од понатамошна надградба, односно техничка помош за зајакнување на производниот сектор преку специјализирани услуги во делот на подобрување на производниот менаџмент на претпријатијата.

- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозоти понатаму ќе се фокусира на одредени таргет индустрии кои најмногу придонесуваат за зголемување на извозот, и тоа по одредена анализа и барање на бизнис заедницата. Преку понатамошни донесени Програми за работа кои ќе се однесуваат на активностите за Секторот за поддршка и унапредување на извозни активности ќе се земат во предвид бизнис настани и саеми кои се од корист на бизнис заедницата и ќе се организираат во соработка со трите национални стопански комори, асоцијации, здруженија и кластери.
- Со цел системско јакнење на националниот иновациски екосистем, како и обезбедување на инклузивен и рамномерен развој преку олеснет пристап до финансии за поттикнување на иновациската дејност и унапредување на способностите на компаниите потребна е измена на Законот за иновациска дејност и нејзино усогласување со регулативата и добрите практики на Европската Унија. Во таа насока, ќе се работи на следење и анализа на досега постигнатите резултати и успешноста на достапната поддршка и измена на регулативата соодветно на потребите на национално ниво, европските и глобалните економски и технолошки трендови.

# СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ

Стратешката определба на Владата е земјата да прерасне во атрактивна туристичка дестинација што е преточено во усвоената Националната стратегија за развој на туризмот изработена од страна на консултантската куќа KOHL & PARTNER.

Во насока на поддршка на секторот туризам се имплементираат две програми за поддршка и промоција преку Министерство за економија и Агенција за промоција и поддршка на туризмот, а исто така се реализира и проект од ИПА за поддршка на туризмот,имплементиран од Светска Банка.

Во тек е усогласување на стратегиите и активностите во туризмот со целите и приоритетите на ЕУ од пакетот за туризам усвоен во март 2020 година и од Европската агенда за туризам 2050 наведени во Европската конвенција за туризам, а особено на адресирање на предизвиците на одржлив, избалансиран и одговорен раст на туризмот, дигитална трансформација и иновации во туристичкиот ланец, прилагодување на вештините на пазарот на трудот и промовирање на паметни инвестиции.



# НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата има добро ниво на подготвеност во областа на науката и истражувањето. Постигнат е одреден напредок во капацитетите за истражување и иновации во јавниот и приватниот сектор и во развојот на Стратегијата за паметна специјализација. Од препораките од минатата година, земјата се осврна на инвестиции во иновации во приватни компании и започна развој на Стратегија за паметна специјализација (S3). Според тоа, во наредната година, земјата треба:

- да обезбеди повисоко ниво на инвестиции во истражувањето и да ги интензивира напорите за зголемување на учеството во Хоризонт 2020 и идните програми на ЕУ за истражување и иновации;
- да продолжи да работи на комплетирање на S3 за поддршка на националните истражувања и стратегии за иновации и политики.



# Резиме

Се планира донесување и спроведување на Националната програма за научно-истражувачка дејност, зголемување на учеството на научната и бизнис заедница во рамки на програмата за истражување и иновации Хоризонт Европа и донесување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура и Стратегијата за паметна специјализација (S3).

Активностите за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА) ќе продолжат преку зајакнување на придонесот на македонските претставници во високите работни тела на ЕРА, зајакнување на соработката со Здружениот истражувачки центар на ЕУ, развивање на билатерална и мултилатерална соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.

# ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## Тековна состојба

Поради потребите за донесување на нов Закон за научно-истражувачка дејност, редефинирање на одредени одредби во законот, усогласување со Законот за високо образование, нови одредби согласно препораките на Европската комисија и меѓународните добри практики, формирана е работна група од експерти од Министерството за образование и наука, како и од релевантни претставници од факултетите и научните институти.

Националната стратегија за иновации 2012-2020, со Акциски план се спроведува од страна на Фондот за иновации и технолошки развој. Советодавната група за иновации ја продолжува својата работа со цел да има институционален механизам кој ќе обезбеди кохерентен пристап, ефикасна координација на политиките, како и спроведување и следење на Стратегијата за иновации и Акцискиот план. Ова тело се состои од претставници на сите релевантни министерства, државни институции и приватниот сектор, а Фондот за иновации и технолошки развој е владина агенција преку која се финансираат проекти за поттикнување на иновациите и поврзување на индустријата со академијата и јавниот сектор.

Министерството за образование и наука континуирано го стимулира објавувањето на научни трудови во меѓународни списанија со импакт фактор со финансиска поддршка на истото, а исто така перманентно ги поттикнува истражувачите, наставниците и соработниците од високообразовните институции и научни институти преку обезбедување средства за учество на меѓународни научни конференции во странство и научни собири во земјава. Во август 2020 година објавени се: Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2020 година; Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2020 година и Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2020 година.

За обезбедување на финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар во февруари 2020 година објавен е Конкурс за доделување на стипендии за академски студии од втор циклус во странство и Конкурс за доделување на стипендии за академски студии од трет циклус во странство

за академската 2020/2021 година. Во врска со Конкурсот за стипендии за втор циклус доделени се вкупно 19 стипендии, а во однос на Конкурсот за стипендии за трет циклус студии 1 кандидат е прифатен.

Во 2020 година Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) продолжи со спроведување на мерките за олеснување на пристапот до финансии за МСП во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошко унапредување на домашните компании. Како последица од Ковид-19 кризата, дел од планираните и тековните активности на Фондот беа ставени во времено мирување, а дел беа адаптирани со цел прилагодување на новонастанатата ситуација и овозможување на соодветна поддршка за компаниите.

Во текот на 2020 година, Фондот своите задачи ги исполнуваше преку:

- Доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за технолошки развој". Под овој повик беа поднесени вкупно 121 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 67 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка за инструментот „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф" по основ на јавен повик „Стартапувај". Под овој повик беа поднесени вкупно 235 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 87 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка преку јавниот повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта „Предизвик за млади истражувачи 3". Под овој повик беа поднесени вкупно 58 предлог проекти од кои одобрени за финансирање се 39 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка преку Јавен повик за О2 Предизвик 2 „Справување со климатските промени". Под овој повик беа поднесени вкупно 30 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 2 предлог проекти.

- Доделување на средства преку предизвик КРЕАТОН. Под овој повик беа поднесени вкупно 514 предлог проекти од кои одобрени за финансирање се 18 предлог проекти.
- Доделување на финансиска поддршка за инструментот Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19 врз основа на јавен повик. Под овој повик беа поднесени вкупно 171 предлог проект од кои одобрени за финансирање се 95 предлог проекти.
- Доделување финансиски средства преку Иновациски ваучери преку јавен повик. Под овој повик беа поднесени вкупно 71 апликација проект од кои доделени се 34 Иновациски ваучери.
- Доделување на средства преку јавен повик Ковид 19 брза реакција „Дигитализација на услугите на локалната самоуправа". Под овој повик беа поднесени вкупно 13 предлог проект од кои одобрен за финансирање е 1 предлог проект.

Дел од финансираните проекти вклучуваат договорни услуги од академски кадар и/или соработка со високообразовните установи, а делод финансираните акцелератори кои се во делумна сопственост на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје. Целта е да се комерцијализираат старт-ап идеите на студентите и академскиот кадар.

Вкупното портфолио на вредноста на сите проекти под инструментите на Фондот (без проектите финансирани преку предизвици и Иновациски ваучери) заклучно со ноември 2020 година изнесува 76.2 милиони евра, при што износот на финансиска поддршка од страна на Фондот е 42.7 милиони евра, додека сопственото кофинансирање на компаниите изнесува 33.5 милиони евра.

Во 2020 година, ФИТР ги продолжи и активностите за поттикнување на креативноста, иновативноста, критичкото размислување, претприемништвото и вештините на 21 век меѓу младите во рамки на програмата „Фонд за млади умови". Беа поддржани неколку програми кои веќе покажуваат успешни резултати меѓу кои „Предизвик за млади истражувачи 3", Програмата за социјално претприемништво за млади "UP Shift" и Програмата за поттикнување на претприемништвото JuniorAchievement. Дел од овие програми беа ставени во времено мирување поради престанокот на воспитно-образовниот

процес како последица на Ковид-19, но истите продолжија со реализација по нивно прилагодување на новонастанатите услови во согласност со релевантните протоколи.

## Краткорочни приоритети

- Согласно Законот за високо образование, предвидено е формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, кој ќе го обезбедува, оценува, развива и унапредува квалитетот на високото образование и научно-истражувачката дејност во земјата. Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност, откако ќе биде формиран, треба да ја изготви Националната програма за научно-истражувачка дејност.
- Донесување на нов Закон за научно-истражувачка дејност
- Измени и дополнувања на Законот за иновациска дејност.
- Обезбедување финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар.
- Доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународни списанија со фактор на влијание за истражувачите, наставниците и соработниците избрани на високообразовните/научните установи.
- Доделување на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus за истражувачите, наставниците и соработниците избрани на високообразовните/научните установи.
- Доделување на средства за учество на научни конференции, научни собири и уметнички собири и студиски престои во странство за истражувачите, наставниците и соработниците избрани на високообразовните/научните установи.
- Доделување на стипендии за финансиска поддршка на научно-истражувачкиот кадар за втор и трет циклус на студии.
- Спроведување на мерките и активностите предвидени со Стратегијата за иновации 2012-2020.

- Зајакнување на иновациската инфраструктура преку развој на Научно-технолошкиот парк и воспоставување на Национална канцеларија за трансфер на технологии.
- Објавување на најмалку два јавни повици под постојните инструменти, како и проширување на мерките за поддршка. Ќе се продолжи и со спроведување на препораките од студијата за одржливост „Платно за иновации: Патот кон зајакнување на националниот иновациски екосистем".
- Воведувањето на Иновациските ваучери и Кофинансирани грантови за соработка помеѓу Академијата и индустријата.
- Во рамки на „Фонд за млади умови" предвидено е и воведување на поддршка за научно-технолошка извонредност и претприемништво кај учениците и младите преку кои ќе се поддржат активности на припрема и присуство на оние млади лица кои покажуваат особен успех во науката, технологијата, инженерството, индустрискиот дизајн, математиката и претприемништвото на меѓународни манифестации од натпреварувачки карактер.
- Зголемување на учеството на научната и бизнис заедница во рамки на програмата за истражување и иновации Хоризонт Европа и
- Донесување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура и Стратегијата за паметна специјализација (S3)
- Продолжување на активностите за зголемување на јавните и приватните инвестиции во истражување, развој и иновации
- Воведување на Кофинансирани грантови за соработка помеѓу академската заедница и индустријата

Северна Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА) преку зајакнување на придонесот на македонските претставници во високите работни тела на ЕРА, преку зајакнување на соработката со Здружениот истражувачки центар на ЕУ, преку развивање на билатералната и мултилатералната соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.

## Среднорочни приоритети

- Измени и дополнувања на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.
- Донесување на Национална програма за и научно-истражувачка дејност, изработена од страна на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност
- Отпочнување со реализација на мерките и активностите од Националната програма за научно-истражувачка дејност.
- Донесување и спроведување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност
- Проширување на соработката со домашни и меѓународни институции и организации кои обезбедуваат поддршка во секторот иновации како и изнаоѓање на нови можности за финансирање, како на пример преку постојните фондови од ЕУ.
- Спроведување на препораките од студијата за одржливост „Платно за иновации: Патот кон зајакнување на националниот иновациски екосистем".
- Спроведување на препораките од студијата за одржливост за воспоставување на Научно-технолошки парк.
- Воспоставување на ефикасен троен/четворен хеликс систем со активно вклучување и поддршка на сите сегменти – јавните институции, академската и научната заедница, индустријата и граѓаните

# РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, Министерството за образование и наука најмногу се фокусираше на on-line поддршка на истражувачите и бизнис секторот за што поуспешно искористување на можностите на Хоризонт 2020, во период кога голем дел од повиците беа пренаменети за поддршка на ново настанатата состојба со COVID-19. Воедно, Министерството за образование и наука достави Писмо за интерес за учество на земјата во идната Рамковна програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа" (2021-2027 год). Преговорите за учество се во тек, а нашите очекувања се во новата програма да имаме што повеќе истражувачки и иновативни проекти со зголемено учество на истражувачи, како и да има повици кои ќе бидат наменети за регионот на Западен Балкан.

Во периодот од март до септември беа реализирани on-line состаноци со Европската комисија Директорат за истражување, технолошки развој и иновации (DG RTD) со цел иницирање на активности за поддршка на истражувањата во борба против COVID-19. Координираната акција на земјите членки на ЕУ и асоцијативните земји членки кон програмата Хоризонт 2020 за осмислување на целосно координиран одговор за решавање на COVID-19 во рамките на Европската истражувачка област (ERA), резултираше со Акциски план – ERA vs. Corona, каде што се адресираа поголем број различни прашања, од развој на вакцини, дијагностика и терапевтика до отворен пристап, како и отворени можности за дополнителен придонес кон Акцискиот план. Инициран е и меѓународен ХАКАТОН повик кој се реализираше во сите земји во светот. Врз основа на аплицирани предлог проекти, единствена земја од Регионот која доби 3 проекти е Република Северна Македонија.

Одржани беа и состаноци на Управувачката платформа за истражување и иновации за Западен Балкан, (WB6 Steering Platformon R&D) каде се дискутираше за новата „Агенда за Западен Балкан за истражување, иновации, образование,млади, спорт и култура" како и опфатеноста на Западен Балкан во Европскиот инвестициски план.

Научно-истражувачката и бизнис заедница во текот на целото времетраење на програмата Хоризонт 2020 (јануари 2014 – ноември 2020) аплицирала со вкупно 798 предлог проекти од кои 663 проекти ги исполнуваа бараните критериуми. Бројот на

проекти финансирани од страна на Европската комисија е 75, со учество на вкупно 101 организации (стапка на успешност: 11.01%). Вкупниот буџет на финансираните проекти е ЕУР 12.05 мил.( извор: E-Corda, октомври 2020). Најголем дел од истражувачко-иновативните проекти се во областа на енергија, иновативност на мали и средни претпријатија, истражувачки инфраструктури, здравство, информатички технологии и храна.

## Краткорочни приоритети

- Информирање на научно-истражувачката и бизнис-заедницата, самостојните истражувачи и локалната самоуправа за правилата и можностите во новата Рамковната програма „Хоризонт Европа".
- Дефинирање на структурата и координација на работата на националните контакт-лица и членовите во програмските комитети

## Среднорочни приоритети

- Континуирано информирање на научно-истражувачката и бизнис-заедницата, самостојните истражувачи и локалната самоуправа за Рамковната програма „Хоризонт Европа" (инфо настани, работилници, институционални и индивидуални информативни и советодавни средби).
- Координација на работата на националните контакт лица и членовите во програмските комитети.
- Континуирана соработка со мрежата на EnterpriseEuropeNetwork во Македонија (мрежа на бизнис можности - EEN-M)

# ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ

## Тековна состојба

Северна Македонија останува посветена на процесот на развој на Стратегијата за паметна специјализација (S3). Поради пандемијата со COVID-19 и прогласената вонредна состојба во земјата во вториот квартал на 2020 година, дел од реализација на предвидените активности беа пролонгирани.

Врз основа на веќе идентификуваните прелиминарни приоритети преку квантитативната анализа, земјата го започна процесот на квалитативна и детална анализа на приоритетните домени. Вкупно шест потенцијални S3 домени се предложени за понатамошна анализа (Информациски и комуникациски технологии, Храна и пијалаци, Одржлива градба и нови материјали, Машинска, електрична и автомобилска индустрија, Одржлив туризам и Одржлив енергетски сектор) меѓу кои како нов потенцијален S3 домен е предложен доменот Енергија, имајќи ја предвид новата стратегија и потенцијалите на овој сектор на домашниот и на глобалниот пазар.

Работната група (РГ) за изработка на Стратегија за паметна специјализација е во постојана комуникација со тимот за S3 на Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (Joint Research Center-JRC) со цел усогласување на методологијата за изработка на квалитативна анализа, како и изнаоѓање на нови можности за нејзино прилагодување кон новата ситуација: on-line обуки за членовите на РГ и локалниот партнер, следење и координација на процесот од далечина, интервјуа на далечина итн.

Со цел пренесување и усогласување на методологијата за изработка на квалитативна анализа JRC обезбеди надворешен експерт од Словенија кој треба да биде и поддршка на локалниот тим. Локален партнер за изработка на квалитативната анализа е Стопанската комора, која ги реализира потребните интервјуа и средби со таргетираните чинители на научно-истражувачка и иновативна дејност во државата како и бизнис секторот во сите 6 идентификувани приоритетни домени.

Во оваа фаза приоритетните домени беа предмет на понатамошно набљудување за нивните потенцијали и меѓусебни врски со други сектори / врски со синџири на вредности.

Стопанската комора во јануари 2021 година до JRC и до Работната група го достави финалниот извештај од квалитативната анализа на економските, иновативни и научни потенцијали на државата.По инкорпорирањето на добиените коментари и направените подобрувања, извештајот конечно беше усвоен на 19 април 2021 година.

Во рамки на Програмата за соработка во областа на науката и технологијата (COST), во текот на 2020 година македонските истражувачи учествуваа во 176 активни акции во областа на биомедицина и молекуларни бионауки, храна и земјоделство, шумарство, материјали и нанонауки, хемија и молекуларни науки и технологии, информациски и комуникациски технологии, транспорт, мултидисциплинарни науки, општествени науки, култура и здравје.

Во рамки на Програмата за техничка соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) и врз основа на објавениот повик за доставување на предлог-проекти во рамки на новиот проектен циклус 2022-2023 година, Агенцијата даде зелено светло за три проектни концепти и ги повика субјектите да развијат проектни дизајни.

Во вториот квартал од 2020 година заврши селекцијата по однос на Повикот на МААЕ за градење на капацитети на SEIIST, на кој се селектирани тројца научни работници/ истражувачи

Северна Македонија е меѓу неколкуте земји од Југоисточна Европа која што одлучи да учествува на меѓународниот јавен повик за добивање на локацијата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии (SEEIIST) на своја територија. Одлуката е донесена во декември 2020 година, а формиран е и експертски тим за подготовка на апликација-кандидатура со која земјата ќе учествува на меѓународниот јавен повик.

Министерството за образование и наука активно учествува на состаноците на Генералното собрание (GA) на CESSDA.

European Open Science Cloud (EOSC) во моментов се реорганизира во правно лице согласно белгиските закони. Од 2021 година EOSC ќе функционира по принципот на тројно партнерство: асоцијација во која ќе членуваат универзитети, истражувачки организации, истражувачки центри, библиотеки и сл., управувачки комитет кој ќе биде составен од номинирани претставници од министерствата односно националните авторитети и Европската комисија. EOSC ќе биде финансиски поддржан од Европската комисија и од Програмата HORIZON EUROPE.На 1.10.2020 година се одржа состанок со членовите на управувачкиот одбор на кој се дискутираше за драфт статутот на Асоцијацијата, основачите на EOSC како правен субјект, услови и критериуми за членовите на управувачкиот комитет, како и документот SRIA-Strategic Research and Innovation Agenda.

Факултетот за компјутерски науки и инженерство при УКИМ-Скопје стана членка на EOSC Асоцијацијата. Преку нивно учество во неколку проекти поврзани со EOSC. како што се NI4OS-Europe, EOSC-Hub и EGI-ACE, истражувачката заедница во земјата е запознаена со националните придобивки од воспоставување на принципите на Open Science, Research и EOSC. Преземени се првичните чекори за воспоставување на Национална иницијатива за облак за отворена наука (National Open Science Cloud Initiative - NOSCI).

Со поддршка на Регионалниот совет за соработка (Regional Cooperation Council-RCC), шесте земји од Западен Балкан на 10 ноември на Самитот на Западен Балкан во Софија го потпишааПротоколот за отворен пристап во истражувачката инфраструктура во Западен Балкан. Базичната цел на овој Протокол е да овозможи пристап на истражувачите од

истражувачките институции до постојната истражувачка инфраструктура преку однапред воспоставени принципи кои треба да се реализираат од страна на високообразовните/научни установи и други истражувачки институции во земјите од Западен Балкан, како и да се поттикне мобилноста на истражувачите и научната соработка во регионот. Протоколот овозможи, меѓу другото, воспоставување на мрежа на отворени истражувачки инфраструктури во Западен Балкан, зајакнување на регионалната соработка меѓу различните засегнати страни и ќе придонесе за целокупниот економски развој.Од Република Северна Македонија засега се вклучени: Факултет за компјутерски науки и инженерство при УКИМ, Ректоратот на УКИМ, Економски факултет при УКИМ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ

Регионалниот совет за соработка (RCC) одобри „Техничка помош за креирање патокази на истражувачки инфраструктури на Западен Балкан”како дел од напорите на RCC да ја поддржи мобилноста на истражувачите и да ја зајакне соработката со истражувањето преку помагање во регионално мапирање на истражувачки инфраструктури. Техничката помош ќе ги покрие Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија кои изразија интерес за ваков вид поддршка, што исто така е едно од барањата на регионот од ЕК. Во почетната фаза, тимот експерти ќе ги анализира постојните политики за истражување и иновации во секоја економија на ЗБ со акцент на тековните реформи во истражувачкиот сектор преку преглед на постојните стратегии и други документи поврзани со политиките за истражување и иновации, тековниот статус на процесот на развој на стратегиите за паметна специјализација и правната рамка за истражувачки инфраструктури. Следната фаза вклучува спроведување на истражување и собирање на технички податоци за истражувачката инфраструктура. Последната фаза вклучува развој на патоказ за истражувачките инфраструктури за секоја од четирите економии. Почетната фаза е веќе отпочната.

УНЕСКО е во фаза на подготовка на препораки за Отворена наука кои ќе ги дефинираат споделените вредности и принципи за Отворена наука, како и идентификување на конкретни мерки за отворен пристап на научни публикации и податоци, но и приближување на граѓаните до науката. Во насока на остварување на оваа цел УНЕСКО започна со серија на консултативни состаноци и со земјите од Југоисточна Европа од септември 2020. Беше изготвен и првиот драфт за УНЕСКО препораките за Отворена Наука.

Врз основа на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Република Австрија за научна и технолошка соработка, потпишана во 2007 година, продолжи реализацијата на проектните активности во рамки на 15 заеднички македонско - австриски научно-истражувачки проекти за периодот 2018-2020 година.

Во рамки на билатерална соработка Министерството за образование и наука реализира поголем број активности и тоа:

- Спроведување на постојните договори со Словенија, Хрватска, Црна Гора, Австрија, Чешка, Полска и Словачка.
- Продолжи со усогласување текстот на Протоколот за имплементација на соработката со Република Турција за организирање на курсеви и обука на инструктори за отомански турски јазик, како и на текстот на Меморандумот за разбирање на полето на образованието.
- Усогласен е текстот на Протоколот за имплементација на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за образование и наука и Советот за високо образование на Турција во областа на високото образование.
- Потпишан е Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи и трговија на Унгарија за соработка во рамките на Програмата Стипендиум Хунгарикум за период од 2020-2022 година.
- Усогласен е текстот на Програмата за соработка меѓу Министерството за образование и наука и Министерството за иновации и технологија на Унгарија во областа на високото образование и науката за годините 2020, 2021 и 2022.
- Во тек е усогласување на текстот на Петтата Програма за соработка во областа на образованието, културата и науката со Италијанската Република за периодот 2020-2023.
- Усогласен е текстот на Спогодбата за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот со Владата на Соединетите Мексикански држави.
- Усогласен е текстот на Договорот за реализација на програма помеѓу Министерството за образование и наука со Француска Република во областа на науката и технологијата за периодот од 2021 до 2026 година.

## Краткорочни приоритети

- Донесување на Стратегија за паметна специјализација врз основа на сеопфатна квалитативна анализа на областите со потенцијал за паметна специјализација
- Градење на институционални капацитети за мониторинг и имплементација на Стратегијата за паметна специјализација
- Зајакнување на институционалниот капацитет на Работната група преку следење обуки и настани поврзани со паметната специјализација
- Реализација на Процесот за претприемничко истражување - EDP.
- Продолжување на соработката со Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија.
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите COST и МААЕ, како и понатамошно промовирање на новата иницијатива во COST наречена COST Академија, развиена за поддршка на активностите на КОСТ акциите.
- Имплементирање на активностите кои произлегуваат од проектот на Меѓународниот институт за одрживи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) аплициран во рамки на Програмата Хоризонт 2020.
- Креирање на интернет база на податоци во која истражувачите ќе ги поднесуваат своите апликации и извештаи од нивното учество во COST Програмата.
- Реализација на дел од активностите содржани во документот „Патоказ на Северна Македонија за соработка со ЦЕРН" (Roadmap of North Macedonia to CERN).
- Потпишување на Протоколот за имплементација на соработката меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за организирање на курсеви и обука на инструктори за отомански турски јазик.
- Потпишување на низа меморандуми за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и владите на Република Турција, Република Бугарија, Италија, Мексико и Франција на полето на образованието, науката и технологијата.

## Среднорочни приоритети

- Имплементација на мерките и активностите предвидени со Стратегијата за паметна специјализација.
- Продолжување на активностите за соработка со Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија.
- Продолжување со имплементација на активностите кои произлегуваат од проектот на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) аплициран во рамки на Програмата Хоризонт 2020.
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите COST и МААЕ, со можност за нивно зголемување.
- Продолжување со реализација на активностите содржани во документот „Патоказ на Северна Македонија за соработка со ЦЕРН” (Roadmap of North Macedonia to CERN).
- Продолжување со активности во рамки на постојните билатерални договори, спогодби, меморандуми, протоколи и програми, како и склучување на нови со земји со кои Северна Македонија има интерес да соработува на полето на образованието, науката, технологијата и иновациите.

# ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И МЛАДИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со донесувањето на новиот Закон за основно образование и новиот Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и со реформите во стручното образование и обука. Воведувањето мерки од сеопфатната Стратегија за образование 2018-2025 напредува бавно. Препораките од извештајот за 2019 година беа само делумно решени и затоа остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

- да ја спроведе новата стратешка рамка за образование, особено целите за предучилишно образование;
- да ја зголеми поддршката за обука на наставници и професионален развој на наставници и да обезбеди ефикасен процес на проценка;
- да го подобри пристапот до квалитетно образование за сите, особено во однос на запишување во предучилишно образование, децата со посебни потреби и децата од ромските заедници.



# Резиме

Согласно Стратегијата за образование 2018-2025 година, продолжуваат активностите за унапредување на квалитетот во основното и средното образование, во стручното образование и обука, преку подготовка на нови курикулуми коишто ќе придонесат кон стекнување и развивање на вештини кај учениците согласно потребите на пазарот на трудот.

Предучилишното образование се унапредува во континуитет. Продолжува спроведување на активностите за зголемување на пристапот до квалитетно предучилишно образование, односно до добри можности за ран детски развој ширум земјава.

Се преземаат активности за подобрување на пристапот до сите нивоа на образование. Министерството за образование и наука, како и Министерството за труд и социјална политика продолжуваат со активностите за градење на инклузивно општество и еднаков пристап за сите деца, преку активности во подобрување на инфраструктурата во јавните образовни установи, зајакнување на административниот капацитет на вработените во овие установи и обезбедување на поддршка преку менторски систем, персонални асистенти и стипендирање.

# ОБРАЗОВАНИЕ

## ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

### Тековна состојба

Владата[87] се обврза до 2021 да го зголеми на 50% [14]опфатот на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитание. Во период од 1-12.2020 година отворени се 4 Јавни установи за деца -детски градинки и 5 нови објекти во состав во постојни установи за деца- детски градинки , како и три промени на просторни услови во објекти на јавни установи за деца детски градинки и отворени две приватни детски градинки. Вкупно зголемен капацитет за 686 деца. Во 2020 година во јавните и приватните установи за деца вкупниот број на деца од 0-6 години е зголемен за 793 деца во однос на 2019 година. Во 2020 година опфатот на деца на возраст од 3 до 6 години изнесува 45% или 28 315 деца се вклучени во ран детски развој од вкупно 62 932 деца на оваа возраст.

Во текот на 2020 се вработија нови воспитувачки, негувателки и друг персонал во детските градинки и се зголеми бројот на кадар што се грижи за децата. Новите вработувања ќе влијаат на ублажување на неповолниот сооднос „број на деца на вработен" (staff-to-child ratio). Во 2020 година се вработени 477 лица и унапредување добиле 166 лица., со тоа вкупниот број на вработени во установите за згрижување и воспитание на деца во 2020/21 година изнесува 5493 вработени.

Кадарот се вработува со договори на неопределено време со што драстично е намален бројот на лица ангажирани со договори на дело.Со новите измени и дополнувања на Законот за заштита на децата се подобрија условите за работа и мотивација на вработените во предучилишните установи, и тоа системот на вработување, кариерен развој, плати на давателите на услуги и директорите во јавните установи за деца. Се спроведува проектот „Подигнување на квалитетот за претшколско образование и згрижување" со финансиска поддршка од ЕУ. Проектот предвидува развој на системот за професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи, редизајнирање на системот на лиценцирање на кадарот и унапредување на советувалишната работа со родителите, а особено со оние кои имаат деца со посебни образовни потреби.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со УНИЦЕФ и во 2020 година интезивно ја имплементира Програмата за колегијална поддршка во предучилишните установи со цел унапредување на квалитетот на сервисите и зајакнување на професионалните компетенции на вработените во установите за деца. Клучните составни делови на програмата се насочени кон: (1) градење на капацитети на воспитувачите со цел да стекнат вештини и предиспозиции од клучно значење за нивната работа; (2) подобрување на способностите на воспитувачите за реализација на квалитетно предучилишно образование преку приспособени обуки од областа на социо-емоционалниот развој; и (3) обезбедување на практични стратегии, методи и други материјали за воспитувачи и родители со кои се негува мисловниот, јазичниот и социо-емоционалниот развој на децата преку изработка на онлајн платформа што содржи широк асортиман на помагала и материјали за учење низ игра.

Во врска со настанатата состојба со корона вирусот како и мерките кои ги презеде Владата за прекин на воспитно-образовниот процес во сите установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, установите во период од 10 март до 09 септември 2020 година останаа затворени. Во овој период Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заразни болести во насока на заштита на здравјето на децата и нивната безбедност во период на пандемија, подготвија Протокол за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба, и истиот беше усвоен од страна на Владата. Протоколот содржи мерки и активности кои треба да ги преземаат установите, воспитно-згрижувачкиот кадар, како и родителите со цел поголема сигурност и безбедност на децата и вработените во градинките за заштита од ширење на корона вирусот.

Согласно Протоколот, градинките работат со намален капацитет и помал број на деца во воспитните групи. Воспитните групи за деца до 2 годишна возраст имаат најмногу по 12 деца, а групите за децата од 2 до 6 годишна возраст згрижуваат најмногу по 15 деца. Согласно капацитетите на јавните установи се утврди потреба од одредување на приоритет при отворање на установите за деца за вклучување на децата на самохрани родители и двајца вработени родители додека трае пандемијата - КОВИД-19.

За време на вонредната состојба, вработените воспитувачи и педагози од детските градинки активно учествуваа во имплеметирање на интервентната воспитно-образовна програма. Програмата се емитуваше во „ТВ училница” на трите канали на националниот телевизиски сервис. Преку програмата се реализираа едукативни содржини, едукативни емисии и приказни согласно возраста на децата.

Со поддршка на УНИЦЕФ, се воспостави националната платформа Едуино. На оваа платформа воспитувачите можат да најдат видео приказни, ресурси, игри и разни активности за поддршка на воспитно-образовниот процес. Целта на Едуино е да прерасне во колективна платформа на којашто, заедно со воспитувачите и родителите, ќе се креираат, проверуваат и објавуваат нови ресурси и материјали, градејќи ја првата национална библиотека на дигитални едукативни материјали во Северна Македонија.

## Краткорочни приоритети

- Во согласност со начелото на право на квалитетно предучилишно згрижување, воспитание и образование за секое дете, ќе продолжи проширувањето на капацитетите за заштита и воспитание на децата.
- Во текот на 2021 година се планира отворање на нови детски градинки[88] - Изградба на објекти во: О.Кавадарци; во О.Неготино; Изградба на објект во О.Кочани; Изградба на објект во О.Струмица; Изградба на објект во О. Ѓ.Петров –Волково; Изградба на објект во О.Кисела Вода–нас.Драчево.
- Во текот на 2021 година се планира отворање на нови детски градинки, со средства обезбедени преку Буџет на МТСП - Изградба на објект во О.Сопиште; Изградба на објект во О.Василево, с Анѓелци; Адаптација на постојан објект во детска градинка во О. Делчево;Доградба на објект во О.Струмица; Доградба на објект во О.Ѓорче Петров; Изградба на објект во О.Гази Баба – опрема МТСП; Доградба на објект во О.Берово – опрема МТСП; Доградба на објект во О.Дебар.
- Распишан е оглас за меѓународен експерт кој во 2021 година треба да развие нова формула за финансирање на предучилишното образование и згрижување по дете.

88 МТСП во соработка со Светска банка преку имплементација на Проектот за подобрување на социјалните услуги обезбеди средства за инвестирање во зголемување на капацитетот на детските градинки преку доделување на грантови на општините за изградба на нови објекти, проширување на постоечките преку доградба, надградба или реконструкција, како и адаптација на простор на други јавни установи (најчесто училишта).



- Во соработка со Светска банка, преку Проектот за подобрување на социјалните услуги, започната е со имплементација адаптацијата на инструментот за мерење на раниот детски развој преку анализа на квалитетот и резултатите на раното учење, наречен MELQO (Measuring Early Learning Quality and Outcomes). По негова адаптација со помош на меѓународни и домашни експерти, во 2021 година ќе се продолжи кон прибирање на потребни податоци преку набљудување на активностите на децата и околината каде тие се одвиваат во детските градинки, како и спроведување на интервјуа со вработените во установите за деца и родителите. Од целиот процес ќе произлезат резултати и заклучоци во однос на тоа што е потребно да се промени во системот на предучилишно згрижување, воспитание и образование, како и податоци кои ќе бидат основа и почетна точка за споредување со податоците кои ќе бидат добиени во понатамошните мерења со овој инструмент предвидени за во 2022 и 2023 година.
- Во функција на унапредување на предучилишното образование, ќе започне да се развива систем за евалуација на квалитетот во предучилишниот образовен систем.
- Со поддршка на Светска банка се иницираа активности за креирање и поддршка на систем за континуиран професионален развој и унапредување во кариерата на кадарите кои се директни практичари (воспитувачи и негователи) во установите за предучилишно образование и грижа. Ангажиран е меѓународен консултант чија задача е да изготви модул за обука наречен ”Constructivism, Problem-Based Service-Learning, Play-Based Learning” како дел од компетенциите кои воспитувачите во иднина треба да ги имаат, а воедно и да спроведе обука за овој модул на 180 воспитувачи. Обучените 180 воспитувачи потоа, во улога на тренери (обучувачи), во текот на 2021 година, ќе продолжат да ги обучуваат своите колеги за креираниот модул, со што вкупниот број на обучени воспитувачи ќе биде 900.

 

## Среднорочни приоритети

- Ќе продолжат напорите за зголемување на пристапот кон услугите за ран детски развој. Освен од средствата од националниот буџет, на располагање се дополнителни средства од заемот на Светска банка, како и средства преку ИПА II, со што вкупниот опфат на деца во предучилишна возраст се очекува на среден рок да се зголеми на 60%.
- Зголемување на квалитетот на услугите за ран детски развој е приоритет и на среден рок. За остварување на оваа цел ќе се соработува со УНИЦЕФ, ЕУ и Светска банка. Ќе се продолжи со спроведување на Проектот за подобрување на социјалните услуги за инвестирање во нови капацитети за обезбедување на пристапот на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитание.
- Ќе продолжи имплементацијата на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата во раниот детски развој преку: Јакнење на човечкиот капитал преку подобрување на квалитетот и достапноста на предучилишното згрижување, воспитание и образование; Имплементирање на реформираниот систем на права на заштита на децата во функција на намалување на детската сиромаштија; Еднаков пристап до квалитетно инклузивно образование во раниот детски развој; Зголемување на капацитетите за опфат на деца со акцент на рурални средини и пред се опфат на деца од 3-6 години.

# ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Тековна состојба

Земајќи ја предвид состојбата со Ковид 19 пандемијата, учебната 2020/2021 година, започна на 1 октомври 2020 г. и до сега успешно се спроведува со комбиниран начин на настава (учениците од прво до трето одделение ја следат наставата со физичко присуство, како и училиштата кои имаат мал број на ученици од погорните одделенија и кои имаат добиено согласност од Владата и Комисијата за спречување на заразни болести). МОН ги презеде сите неопходни чекори за успешно спроведување на комбинираниот модел на настава преку донесување на голем број на акти, протоколи, скратени наставни програми, упатства, насоки и обезбедување на целосна поддршка на училиштата и наставниот кадар. За учениците кои не можат да следат настава на далечина обезбедени е целосна поддршка преку принтани материјали, едукативна тв емисија и дополнителна поддршка од училиштата. Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза интернет конекција за училиштата и на обезбедување на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко присуство и во целата држава тој е помал од 1 процент.

Во 2020 година, заради вонредната состојба предизвикана од Ковид-19, беа донесени низа измени и дополнувања на закони,подзаконски акти, уредби со законска сила и одлуки. Изминатиов период, реализирани се и следниве активности:

- Во МОН се воспоставува Информационен систем „Опсерваторија на вештини" во кој се води збирка на податоци за учениците (направена е измена на Законот за средното образование, Сл.В бр.229/20).
- Во услови на вонредни околности, наставата е организирана со учење на далечина, наставниот час може да трае пократко. Ова се однесува како на јавните средни училишта, така и на приватните средни училишта.
- Развиена е Национална платформа за учење на далечина и истата се користи и во основното и во средното образование;

- Формирани се работни групи кои работат на измени на Законот за средното образование и Законот за стручно образование и обука;
- Трошоците за 400 деца Роми запишани во рано детско образование и грижа се покриваат од државниот буџет преку блок донации за 20 општини
- Од учебната 2020/2021 год., за прв пат објавени се конкурси за добивање стипендии за ученици запишани во електротехничка, машинска, текстилно-кожарска, градежно-геодетска, како и ветеринарно-замјоделска струка, со што дополнително се стимулира интересот за средно стручно образование;

**Бирото за развој на образованието, во рамки на своите надлежности, ги реализираше следниве активности:**

- Реализирано е пилотирање на Методологијата за вреднување на учебник
- Изготвено е Упатство за реализација на скратените наставни програми во основното и средното образование
- Изготвено е Упатство за начинот на реализација на наставата по изборните предмети во основното образование во учебната 2020/2021 година
- Изготвено е Упатство за реализација на наставата во посебните основни училишта, посебните паралелки на основните училишта и во државните средни училишта за ученици со посебни образовни потреби во учебната 2020/2021 година
- Изготвено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина
- Реализирани се обуки од страна на Бирото за развој на образованието по донесувањето на наставните програми за нивна успешна имплементација во учебната 2020/21 година.
- Реализирани се обуки од страна на Бирото за развој на образованието преку ангажман на вкупно 69 советници и онлајн средби со наставниците и стручните соработници од сите основни и средни училишта.за поддршка и насоки за воспитно-образовната работа при изведување на настава од далечина согласно подготвените упатства за планирање, организација

и реализација на наставата во учебната 2020/21 година. Според добиените и обработените податоци на средбите присуствувале околу 75% од наставниот и стручниот кадар.

- Изработена е нова Концепција за основно образование. Со концепцијата се обезбедува настава ориентирана кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување.Концепцијата ги дефинира како приоритетни интересите и потребите на учениците и нив ги става во фокусот на основното образование.Концепцијата се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интер-културноста како клучни принципи. Паралелно со новата Концепција изработени се и донесени за прв пат Национални стандарди за постигањата на учениците во основното образование. Врз основа на националните стандарди изработени се нови наставни програми за прво и четврто одделение во основно образование, кои ќе се применуваат од следната учебна година. Во месец април започнаа обуките на сите наставници за новата концепција за основно образование и новите наставни програми. Обуките ќе траат неколку месеци.

## Реализација на наставата преку користење различни ИКТ средства за учење

- Преку системот за управување со учење поставена е обука: „Реализација на наставата преку користење различни ИКТ средства за учење.” Според податоците од системот, ЛМС сертификат за проследен курс земале 24 821 учесници од вкупно регистрирани 24 922 корисници во системот.

# Пилотирање на стандардите и индикаторите за вреднување на Методологијата за вреднување на учебник

Во 2020 година се спроведе пилотирање на стандардите и индикаторитезаквалитетнаучебницисогласноМетодологијата за вреднување на учебник. Во рамките на ова пилотирање, советници од Бирото за развој на образованието анализираа учебници со цел да ја проценат валидноста и основаностана стандардите и индикаторите за вреднување на учебниците. Анализираните учебници беа одследните области: јазик (мајчин јазик и странски јазик), математика, природни науки, општествени науки, уметности, врз основа на:

- Упатство за советници за пилотирање на стандардите и индикаторите од Методологијата за вреднување на учебник
- Концепцијата за учебници и
- Методологијата за вреднување на учебник .

Резултатите од анализата ќе придонесат кон осовременување на учебниците согласно искуствата од други држави и нашите потреби за подобрување на квалитетот на учебникот. Пилотирањето ќе услови/предизвикаизготвување на нов закон за учебници.

Дополнително, спроведено е истражување во врска со користењето на дигитални наставни средства во основните и средните училишта и врз основа на резултатите се развива методологија за вреднување на е-учебници и други наставни средства во електронска форма.

Во април 2021 година, МОН ја започна реформата на системот на употреба на учебници, врз основа на што изготвен е нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали. Целта на новото законско решение е подобрување на квалитетот на учебниците во насока да се избегнат грешките од минатото (родови стереотипи) за што земена е предвид препораката на ЕК за вклучување на граѓанскиот сектор преку Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор во одобрување на учебниците и другите наставни материјали. Значајна промена е и вклучувањето на други наставни и дидактички материјали во наставата, со што учебникот нема да биде повеќе единствен извор на знаење и се дава можност за поголема креативност на наставниците. За прв пат се воведуваат и дигитални учебници

со што се следат препораките од EU Digital Education Plan 2021-2027. Со новиот Закон за учебници, предвидена е и пристапноста и достапноста на наставниот материјал, односно за учениците во основното образование учебниците задолжително ќе се поставуваат и во аудио формат на интернет платформата, додека за учениците со оштетен вид (слепите и слабовидните ученици) МОН ќе обезбедува учебници испечатени со Брајово писмо. Во тек е подготовка на читач за екрани на македонски и албански јазик. За да бидат учебниците и другите наставни и дидактички материјали достапни за учениците со попреченост, нивната електронска форма треба да ги задоволи стандардите за е-пристапност.

## Професионален и кариерен развој на наставниците

Донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за наставници и стручни соработници, и за прв пат е објавен повик за кариерен развој на наставниците (промоција во повисоко звање – наставник ментор). Завршен е првиот процес на административна анализа на примените апликации, а во тек е проценка на кандидатите од страна на БРО и училиштето, врз основа на што ќе биде донесена одлуката за кариерен развој.

Владата усвои и измени на Законот за БРО, со што системски се уредува начинот на акредитација на програми за обуки за наставници и стручни соработници и изготвување на Каталог на обуки кој ќе биде јавно достапен за училиштата. Владата усвои и измени на Законот за наставници и стручни соработници (април 2021) со кои се обезбедува правна и економска сигурност преку засновање на работниот однос на неопределено време, како и намалување на политичките влијанија во нивното ангажирање преку промена на процесот на вработување и спроведување на интервјуа.

## Обезбедување на инклузивност

Донесени се сите подзаконски акти согласно новиот Закон за основно образование. Во насока на обезбедување на инклузија на учениците со попреченост, зајакната е улогата на училиштата со ресурсни центри кои ќе даваат поддршка на т.н. редовни училиштата во кои се запишуваат ученици со попреченост. Обезбедени се средства во Буџетот на МОН за образовни асистенти во училиштата. Во оваа насока, од 2021

година обезбедувањето на пристапноста е задолжителен услов кој треба да се исполни за добивање на финансиски средства за адаптација, реновирање или изградба на училиште со средства од МОН.  Дополнително, во тек е реализација на Проект за непречен пристап во 14 образовни институции низ државата – 6 основни училишта, 4 средни и 4 факултети преку Акциската програма на 2019-ИПА 2 – EU for inclusion за кој е подготвена техничката документација (проекти за адаптација). Градежните активности ќе започнат во јуни/јули 2021.

Во насока на вклучување на учениците кои се надвор од образовниот систем (претежно ученици Роми) изработени се инструменти за проверка на нивното знаење и нивно вклучување во соодветно одделение и изработени се прилагодени наставни програми со кои овие ученици може побрзо да напредуваат во образовниот систем.Во рамки проектот Редовно на часови, вкупно се обезбедени 638 стипендии за прво и второ одделение за ученици Роми чии родители се приматели на социјална помош (обезбедени се 300  стипендии од прво одделениеи 338 стипендии за 2 одделение). Се забележува позитивен тренд на зголемување на бројот на стипендии за учениците средношколци за оваа учебна година. Вкупно 891 стипендија за средношколци Роми од јавните и приватните училишта за оваа учебна година се доделени во 5 категории. Воедно зголемен е трендот на запишување на учениците Роми на високообразовните установи, споредено со последните три години, процентот од 42% е зголемен на 48%

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година, се планира усвојување на следните закони:

- Нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници;
- Закон за изменување и дополнување на законот за БРО;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Се планира и реализација на следните активности:

- Обезбедување учебници испечатени со Брајово писмо и подготовка на читач за екрани на македонски и албански јазик,

- Изготвување на наставни програми за сите наставни предмети согласно динамика на имплементација на Концепцијата за основно образование;
- Ревидирање на Концепцијата за вон-наставни активности согласно Концепцијата за основно образование;
- Акредитација на програми за обука, односно понудувач/и на обука и услуги на воспитно-образовниот кадар во основните/средните училишта согласно Закон за БРО;
- Подготовка на Каталог на акредитираните програми зао бука и понудувачи на услуги;
- Подготовка на нова Концепција и нов Закон за средно образование;
- Континуирано следење и поддршка на воспитно образовниот кадар во основни и средни училишта;
- Реформирање на пристапот при водење на педагошка евиденција и документација;
- Реализација на Проект за непречен пристап во 14 образовни институции низ државата – 6 основниучилишта, 4 средни и 4 факултети преку Акциската програма на 2019-ИПА 2 – EU for inclusion за кој е подготвена техничката документација (проекти за адаптација) и очекуваме градежните активности да започнат во јуни/јули 2021.

## Среднорочни приоритети

- Изготвување на наставни програми за сите наставни предмети согласно динамика на имплементација на новата Концепцијата за средно образование и новиот Закон за средно образование.
- Развивање на концепции и стручни документи за успешна имплементација на новата Концепцијата за средно образование
- Унапредување на квалитетот на учебниците и дидактичките материјали согласно концепциите и методологиите за вреднување на учебници
- Континуирано следење и поддршка на воспитно образовниот кадар во основни и средни училишта
- Имплементирање на новиот пристапот при водење на педагошката евиденција и документација

# СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

## Тековна состојба

Во месец јануари 2021 година, Владата усвои нов Закон за образование на возрасните, со кој се уредува системот на валидација на неформалното образование и учење во делот на образовните и стручните квалификации, се поедноставува процесот на верификација на неформалните програми и верификацијата на институциите за образование на возрасни, се зголемува важноста на верификациите од 3 на 5 години и се предвидува систем на реверификација за оние програми кои се успешно имплементирани.

Од 1 јануари 2021 година, започнаа со работа трите регионални центри за стручно образование и обукаво Тетово, Куманово и Охрид.

Врз основа на консултативни средби на кои учествуваа преку 300 компании, изготвен и објавен е Конкурсот за упис во учебната 2021/2022 (поголем фокус е ставен на стручното образование).

Во соработка со стопанските комори изработен е нов Закон за стручно образование и обука, кој е објавен за консултација со пошироката јавност. Законот ја уредува целосно практичната обука, учењето преку работа, регионалните центри за стручо образование и обука.

Изработени се документи и извршена е координација на активности за видеа за платформата ЕДУИНО како помош на стручните училишта за реализација на далечинско учење. Изработени се Стандардот за стручен и друг кадар (ментори) за изведување на практична обука на ученици кај работодавачи и извршено е ревидирање на планот и програмата за обука на стручен и друг кадар (ментори) за изведување на практична обука на ученици кај работодавачи и ревидирање на документите. Изготвено е Упатство (насоки и совети) за реализација на далечинско учење во средно стручно образование; изработено е Упатство за реализација на скратените наставни програми во средното образование во учебната 2020/2021 година;.и Упатство за реализирање на наставата во државните средни училишта со посебни образовани потреби во учебната 2020/2021 година. Владата донесе Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на

ученици во прва година во учебната 2020/2021 година („Службен весник” бр.140/20 од 29.5.2020) и Протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година (Сл.В бр.140/20 од 29.5.2020); Владата донесе Протокол со кој се утврдува начинот на проверка на способностите за спортски вештини на учениците, во услови на КОВИД-19, согласно препораките на Комисијата за зарази болести. Од страна на Работна група формирана во рамки на БРО, во која се вклучени и претставници од МОН, изготвен е предлог план и протоколи за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година. Дополнително, од септември 2020 се донесоа и низа Протоколи за работа[89].

Ревидирањето на документите е поддржано од Проектот Образование за вработување (Е4Е@мк), со учество на претставници од Стопанската комора и претставници од Центарот за стручно образование и обука. Изготвена е програма за Безбедност и здравје при работа,задолжителна за реализација во стручните училишта пред упатувањето на учениците на стручна обука. Изготвени се програми за трета година за квалификацијата „техничар за индустриска мехатроника” која е дизајнирана и се развива на барање на компаниите.

Финализирана е изработката на промотивни материјали за стручно образование (брошура–Водич низ квалификациите во стручното образование), а исто така изработени се промотивни материјали (видеа и постери. Изработени се и 3 промотивни видеа за стручно образование, кои се емитуваат на МРТВ во рамките на е-училиница. Сите материјали се изработени на 4 наставни јазици: македонски, албански, турски и српски.

## Краткорочни приоритети

- Донесување нов Закон за стручно образование и обука
- Усвојување на Концепција за воспоставување регионални центри за стручно образование и обука
- Донесување на подзаконските акти за валидација на неформалното образование и информалното учење
- Зголемување на обемот на практичното образование со цел подобар влез на ученици на пазарот на труд
- Обезбедување привлечност на СОО преку промотивни кампањи



89 Протокол за работа на средните училишта за ученици со посебни образовни потреби, Протоколи за работа на педагозите во средното образование, Протокол за постапување на Казнено поправните установи за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на осудените лица во учебната 2020/2021 година, Протокол за постапување на Казнено поправните установи за реализација на практичната настава со физичко присуство на осудените лица во учебната 2020/2021 година, Протокол за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука воРепублика Северна Македонија за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, Изготвени се и одобрени скратени наставни програми за средно образованиесогласно измените на календарот со кој број на наставни денови се скрати од 180 на 159 и за завршните години од 166 на 145 наставни денови. Донесено е решение за изменување на решението за изменување на дел од наставните програми за средното образование во делот на нормативот за наставен кадар во соодветната струка/сектор во стручното образование, како и за странски јазици и информатика. Донесена е уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во вонредни околности во основните и средните училишта. Изготвено е упатство за постапката за пријавување и заштита на ученикжртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Изготвено е упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку

## Среднорочни приоритети

- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот
- Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука
- Зголемување на опфатот во стручното образование и обука
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси преку:подготовка на методологија за акредитирање на провајдери за обука во стручното образование; поддршка и активности во насока на кариерниот развој на наставниот кадар; и тековно подобрување на професионалните компетенции на наставниците.
- Имплементација и воспоставен систем за валидација на неформалното образование и информалното учење.

# НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

## Тековна состојба

Формирани се 10-те секторски комисии за квалификации (Угостителство и туризам, Хемија и технологија, Градежништво и геодезија, Електротехника, Лични услуги, Економија, право и трговија, Машинство, Текстил, кожа и слични производи, Земјоделство ветеринарство и рибарство, Здравство и социјална заштита).Регистарот за НРК е функционален, а за негово користење одржани се обуки на претставници од МОН, ЦОВ, ЦСОО, БРО и член од секторските комисии за квалификации.

Од страна на Националниот одбор за НРК одобрени се 76 квалификации. Усвоените квалификации и нивните одлуки,документи и методологии се јавно достапни на официјалниот сајт mrk.mk како и внесени во регистарот за квалификации. Во следниот период се очекува усвојување на веќе подготвените стандарди на квалификации. Одборот ги усвои препораките за вклучување на меѓународните квалификации во Регистарот и за подготвување на комуникациска стратегија на Рамката. Заради искажаната потреба,Одборот ги усвои забелешките од одржаната отворена

учење на далечина. За поддршка и успешна подготовката за почеток на новата учебна година преку Едуино порталот се организираа серијал на вебинари наменети за наставници и директори на основни и средни училишта, на кои се разработуваа Планот и протоколите за одржување на наставата. Донесен е Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта. Со измената се утврди дека за време на организирање и реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето не изготвува Програма за училишните екскурзии.За време на организирање и реализирање настава која трае помалку од 180 наставни дена, како и реализирање настава по скратени наставни програми во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), или за време на организирање настава преку далечинско учење, училиштето може да организира два еднодневни излети со учениците во текот на учебната година, во есен и во пролет, а истите се изведуваат во траење до пет часа, за остварување на спортско-рекреативни, воспитни и образовни цели. Излетите се организираат на оддалеченост до пет километри од училиштето, без користење

тематска седница за зелените работни места за изготвување квалификации за зелените работни места и истите веќе се објавуваат во Регистарот за квалификации.

## Краткорочни приоритети

- Формирање на нови секторски комисии за квалификации согласно Законот за НРК.
- Усвојување на нови стандарди на квалификации согласно потребите.

# ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

## Тековна состојба

Активности за натамошна имплементација на Болоњскиот процес:

- Извештајот за напредокот на Болоњскиот процес е доставен, усогласен со забелешките од Болоњскиот секретаријат.
- Воспоставена е Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) (16.01.2020); конституирани се Одборот за акредитација на високото образование (12 март 2020) и Одборот за евалуација на високото образование (12 март 2020), донесени се деловниците за работа на Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование; донесен (и усвоен од страна на МИОА) е Правилник за систематизација на работните места во АКВО; донесен (и усвоен од страна на МИОА) е Правилник за внатрешна организација на АКВО; изработена и ставена во функција веб страницата на АКВО;
- Во делот на високо образование, зајакнати се капацитетите на Агенцијата за квалитет во високото образование и основан е Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Во месец мај 2021 потпишан е за прв пат Колективен договор за високото образование помеѓу МОН и СОНК.
- Донесени се сите подзаконските акти од Законот за високо образование во надлежност на МОН. Сите документи се објавуваат на официјалната

на јавен превоз, се организираат на ниво на година, но не повеќе за две паралелки во ист ден на иста локација.Донесена е уредба за платежни картички со кои се опфатени сите учениците во средните училишта. („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 137/20, 147/20, 151/20, 156/20 и 157/20)за уредбата за платежните картички со кои беа опфатени средношколци.

веб страна на Агенцијата за квалитет во високото образование http://akvo.mk/index.php (Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (усвојува Националниот совет за високо образование), Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (усвојува Националниот совет за високо образование).Донесени се и други акти кои ја регулираат административно-техничката работа на АКВО, изготвени се обрасците за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа; изготвени се обрасците на елаборат за акредитација на студиски програми, за сите циклуси на студии, Одборот за акредитација на високото образование, на седницата одржана на 24.06.2020 година, донесе Деловник за работа на Одборот за акредитација на високото образование .

- Активно учество во тематските работни групи, основани согласно Парискотo коминике за рамката на квалификации, за квалитет во високото образование и за признавање на квалификациите.
- Активно учество во редовните активности и состаноци на Работната група за модернизација на високото образование ET2020 WG HE и состаноците организирани од неа за размена на искуства (Peer Learning Activities PLA) како оние за академскиот интегритет, STEM во високото образование.
- Активно учество во работата на националните кореспонденти за рамките на високообразовните квалификации во рамките на Советот на Европа и подготовка на новите критериуми и постапки за самопотрврдување (self-certification).

# Краткорочни приоритети

- Активно учество во проектот за признавање на академските квалификации (EPER-Effective Partnership for Enhanced Recognition), предводен од Република Хрватска, а добиен во рамките на ERASMUS за поддршка на Болоњските реформи. Во рамките на проектот се разгледуваат

регионалниот приод кон автоматското признавање на квалификациите, подготовка на постапка за признавање на квалификациите на бегалци.

- Добиен е проектот BAQUAL-Better Academic Qualifications through Quality Assurance, исто така предводен од Република Хрватска, посветен на целосната примена на ESG 2015- Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area. Разгледување на можностите за подготовка на стандарди за високообразовните квалификации и користење на рамките за квалификации во постапките за обезбедување на квалитет во високото образование.

Се очекува проектите да бидат завршени кон крајот на 2021 година.

## Среднорочни приоритети

Примена на препораките од ESG2015 во постапките на Одборите за акредитација и евалуација. Оваа активност се очекува да биде завршена до 2023.

# КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## РАСПИШАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

- Реконструкција на опожарен објект ПУ „Страшо Пинџур” село Крупиште, општина Карбинци со стручно-технички надзор;
- Комплетна реконструкција на СОУ „Кочо Рацин”- Земјоделско училиште со Ученички дом кој е во состав на Училиштето, општина Свети Николе со стручно-технички надзор;
- Реконструкција на санитарни јазли во СОУ „Орде Чопела”, општина Прилеп
- Изградба на нов училиштен објект ПУ во с.Долно Блаце, општина Чучер Сандево со стручно–технички надзор;
- Изградба на нов училиштен објект ООУ „Наим Фрашери” во КО Мала Речица со стручно-технички надзор;
- Довршување на непредвидени работи при реализација на Договор за градба на Студентски дом за потребите на ДУ во Тетово.

## ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во овој период е завршена и предадена ревидирана техничка документација за:

- Техничка документација за потребите на Посебно Основно Училиште „Д-р Златан Сремец”,општина Кисела Вода;
- Техничка документација за реконструкција/адаптација на ПУ „Кирил и Методиј”, село Пресил; ПУ „Кирил и Методиј” село Бучин; ООУ „Никола Карев” Крушево, општина Крушево;
- Техничка документација за реконструкција на опожарен објект, ПУ,,Страшо Пинџур”, село Крупиште, општина Карбинци;
- Техничка документација за реконструкција/санација ПУ „Сандо Масев” село Баница и ПУ„Сандо Масев”, село Добрејци, општина Струмица;
- Техничка документација за санација/замена на дотраени материјали на Зграда 1 и Зграда 2 за СД „Стив Наумов”, СД Скопје, општина Гази Баба
- Техничка документација за потребите на ПОУ „Маца Овчарова”, општина Велес;

## ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА

Завршена е реализација на :

- Реконструкција на котлара во ОУ „25 Мај” населба Сингелиќ;
- Замена на кровен покривач на ОУ „Кирил и Методиј”, општина Тетово;
- Санација на партер со инфраструктурна мрежа и пристапни патеки во комплекс на СД „Гоце Делчев”, општина Карпош;
- Реконструкција на систем за топловодно греење во ОУ Блаже Конески, општина Велес;
- Изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски” нас Хром, општина Ѓорче Петров
- Изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски” с. Волково (новоселски пат), о.Ѓорче Петров

## ГРАДЕЖНИ РАБОТИ - ВО ТЕК

Во јули 2020 год., по склучен договор започна изградба на нов училиштен објект ООУ „Наим Фрашери” во КО Мала Речица, општина Тетово;

- Реконструкција на опожарен објект ПУ „Страшо Пинџур” село Крупиште, општина Карбинци;
- Реконструкција на санитарни јазли во СОУ „Орде Чопела”, општина Прилеп
- Доградба и надградба на ОУ „Лирија”, с.ГорноЈаболчиште,општина Чашка;
- Довршување на фискултурна сала во ОУ „Фаик Коница”, с. Дебреше, општина Гостивар
- Изградба на нов објект за ОУ во село Батинци, м.в. Љубош, општина Студеничани;
- Изградба на Студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово.
- Довршување на започната градба за ОУ „Димитар Македонски”, општина Аеродром;



## ПРОЕКТ 145 СПОРТСКИ САЛИ

Реализација на активности во период јануари-ноември 2020 година

- Завршена е изградбата на спортски сали во 9 основни училишта.
- Завршена е изградбата на спортска сала во 1 средно училиште.

Добиен е грант за рехабилитацијата на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и опремување со спортска опрема на 50 училишни спортски сали во основни училишта.

## РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Рехабилитација на основни и средни училишта: Завршени се градежните активности за рехабилитација на 13 основни и средни училишта.

Во фаза на реализација се градежни активности за рехабилитација на 3 училишта.

## Краткорочни приоритети

Продолжување на реализација на изградба/доградба/реконструкција и адаптација на објектите од основното, средното и високото образование, како и унапредување на стандардот во ученичките и студентските домови. Продолжување на реализацијата на проектот „145 спортски сали".

## Среднорочни приоритети

Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основното, средното и високото образование, унапредување на инфраструктурата на ученички и студентските домови, довршување на фискултурни спортски сали во склоп на основни и средни училишта, вложување во инфраструктурата во државните основни и средни училишта .

# Државен просветен инспекторат (ДПИ)

## Тековна состојба

Во периодот јануари - ноември 2020 година, спроведени се 6.976 инспекциски надзори. Државниот просветен инспекторат во овој период спроведе вкупно 27 интегрални евалуации во воспитно образовни установи. Индикаторите за оценување на квалитетот на воспитно образовниот процес при вршење на интегрална евалуација, се адаптирани со цел истите да може да се користат и во новонастанатата ситуација, при одвивање на онлајн настава.

## Краткорочни приоритети

Спроведување активности согласно Програмата за работа на Државниот просветен инспекторат.

## Среднорочни приоритети

Зајакнување на капацитетите на Државниот просветен инспекторат, преку нови вработувања и постојани обуки за веќе постојниот кадар; техничко доопремување со нов софтвер за следење на секојдневните надзори, како и обнова на постојниот и купување на нов хардвер.

# Државен испитен центар (ДИЦ)

## Тековна состојба

Државниот испитен центар во 2020 година ја реализираше државната матура во јунска и августовска испитна сесија Континуирано се изведува основната обуката и испитот за директори на основни и средни училишта и граѓански универзитети. Во тек се подготовки за главното тестирање од меѓународната студија ПИРЛС на примерок од околу 4.000 ученици од 150 основни училишта и пробно тестирање ПИСА на примерок од околу 3000 ученици од 60 средни училишта. Во текот на 2020 година Државниот испитен центар ја подготви, а министерот за образование и наука ја донесе Концепцијата за државно тестирање во основно образование, а во тек се подготовки за реализација на првото пробно државно тестирање предвидено да се реализира во 2021 година. Исто така ДИЦ во 2020 година објави Национален извештај од резултатите од ПИСА2018, како и извештај од државната матура во учебната 2018/2019 и 2019/2020 година.

## Краткорочни приоритети

- Континуирана реализација на државната матура
- Ревидирање на Концепцијата за државна матура
- Реализација на главно ПИРЛС2021 тестирање
- Реализација на пробно и главно ПИСА2021 тестирање и понатамошно учество во ТИМСС, објавување на национален извештај од ТИМСС2019
- Реализација на државното тестирање во трето одделение,
- Реализација на основна обука и испит за директори и отпочнување со напредни обуки за директори, реализација на стручен испит за наставници.

## Среднорочни приоритети

- Понатамошно учество во меѓународни тестирања
- Објавување на извештаи од меѓународни тестирања
- Реализација на прво државно тестирање во петто одделение
- Објавување на прв извештај од државно тестирање

# Центар за образование на возрасните (ЦОВ)

## Тековна состојба

Новиот Предлог-закон за образование на возрасните е во собраниска процедура. Во месец јануари 2021 Владата усвои **нов Закон за образовани** на возрасните, со кој се уредува системот на валидација на неформалното образование и информалното учење, во делот на образовните и стручните квалификации, а се поедноставува и процесот на верификацијата на неформалните програми и верификацијата на институциите за образование на возрасни, се зголемува важноста на верификациите од 3 на 5 години и се предвидува систем на реверивикација за оние програми кои се успешно имплементирани.

ЦОВ во соработка со ДПИ, а со поддршка на проектот Образование за вработување E4E@mk, во 2019 година изготви Нацрт – документ: Индикатори за мерење на квалитет во неформалното образование. Документот се изготви со цел подигнување на квалитетот во неформалното образование. Во 2020 година, беше планирано да се направи пилотирање на истиот во три различни понудувачи на услуги и да се изготви неговата финална верзија. Поради состојбата со епидемијата од Ковид-19, направено е пилотирање кај еден понудувач на услуги. Во договор со ДПИ пилотирањето ќе се реализира во 2021 година кај два понудувачи на услуги, по што ќе следи изготвување и усвојување на финална верзија.

ЦОВ продолжува со редовните активности за верификација на посебните програми за образование на возрасните и Проектот за оформување на средно стручно образование за лица со завршено само основно образование.

Во тек е пилотирање на системот на валидација на неформалното и информалното учење, со поддршка на проектот Образование за вработување E4E@mk. Пилотирањето се спроведува на две квалификации (фасадер и келнер), согласно Анализата на потреби од вештини на пазарот на трудот на АВР МК. Пилотирањето се спроведува во СГГУ „Здравко Цветковски” и СУГС „Лазар Танев”, а планирано е процесот да го поминат 20 учесници (по 10 за секоја квалификација).

## Краткорочни приоритети

- По донесување на законската регулатива ќе бидат изготвени подзаконските акти за системот за валидација на неформалното и информалното учење.
- Со цел подигнување на квалитетот во образованието на возрасните, Центарот ќе ги пилотира индикаторите за мерење на квалитет на неформалното образование на возрасните, а по пилотирањето ќе ја изготви нивната финална верзија.
- Центарот за образование на возрасните ќе организира посети во општините со цел промоција на образованието на возрасните и доживотното учење, како и запознавање на сите релевантни фактори во образованието на возрасните со активностите на Центарот за образование на возрасните.

## Среднорочни и долгорочни приоритети

- Имплементација на системот за ВНИУ преку ИПА програмата;
- Промоција на образованието на возрасните и реализирање на Стратешкиот план за кампања за подигање на свесноста за можностите и користаод ВНИУ;
- Зајакнување на капацитетите на Центарот за образование на возрасните.

# ЕУ ПРОГРАМИ

## Тековна состојба

Во изминатиов период,одбележан од пандемијата од Ковид-19, Националната агенција за европски образовни програми и мобилностсе фокусираше на спроведување на онлајн обуки, работилници и воведни состаноци со крајните корисници. Континуирано, согласно насоките од ГД Образование и култура, се подготвуваат амандмани на нивните договори со цел продолжување на роковите за имплементација на проектите. Во месец октомври 2020 година, се одржа и ЕКВЕТ работилница поврзана со Европас портфолиото.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност активно работи на подготовките за имплементација на програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус во новата рамка 2021-2027 година.

Европската комисија ги постави следните хоризонтални приоритети:

- Дигитална трансформација
- Целите на одржливост, животна средина и климатски промени
- Инклузија и разновидност
- Учество во демократскиот живот



## Среднорочни приоритети

- Преземање на сите неопходни мерки и активности за институционална надградба со цел успешен децентрализиран менаџмент на Програмата Еразмус плус со нејзините останати обврски, како и успешно започнување на Програмата Еразмус плус 2021-2027.
- Дигитализација на Националната агенција
- Редовно функционирање и одржување на информациските системи и натамошно планирање и развој на софтверски алатки.
- Обуки на крајни корисници за користење на функционално специфични софтверски алатки
- Јакнење на институционалните капацитети со спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.
- Развој на програмско-специфични обуки наменети за крајните корисници

# МЛАДИ

## Тековна состојба

Законот за младинско учество и младински политики е усвоен (Сл.В. 10/20). Со овој закон за прв пат во државата се дефинира категоријата млади, формите на младинско учество и претставување, регистарот на форми на младинско организирање, младинското учество, политиките и сервисите за млади.

На јавниот повикза Млади талентирани лица, кој е активен во текот на цела година, документација  поднеле 22 лица, од кои 21 млади талентирани лица кои ги исполниле критериумите се наградени со парична награда. Вкупната нето сума исплатена по овој основ изнесува 1.256.070,00 денари.

При реализација на проектот „Поддршка на млади претприемачи” доделени се средства во износ од 440.000,00 денари за почеток и реализација на бизнис план аплициран од младо лице на возраст од 18-29 години .

Финансиски подржани се 38 граѓански организации зареализација на проекти за млади со вкупна сума во висина од 8.310.000,00 денари.

Капитални инвестиции во спортска инфраструктура - Во делот на капиталните инвестиции отпочнати се повеќе проекти за реконструкција на постојната спортска инфраструктура, како и реализација на Проектот „Изградба на 14 пливачки базени", од кои во прва фаза се градат во 6 општини (Тетово, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Битола, Кичево, Штип). Отпочнат е и Проектот „Изградба на 10 баскет игралишта" од кои 5 се изградени и предадени на општините. Од реконструкциите на спортските објекти завршени сефудбалски игралишта во Кавадарци и Велес, спортски сали во Неготино и Ресен, трим патека во Кисела Вода.

## Краткорочни приоритети

- Поддршка на млади уметници и млади поети
- Стипендии „Спортска надеж"
- Поддршка на млади претприемачи
- Воспоставување на база на тренери
- Воспоставување на истражувачки центар во склоп на Агенција за млади и спорт
- Воспоставување на Регистар на младински организации
- Поддршка на млади талентирани лица
- Отворање на младински центри во 4 општини
- Назначување на службеник за млади во секоја институција
- Подобрување на спортската инфраструктура.

## Среднорочни приоритети

- Капитални инвестиции во спортската инфраструктура
- Имплементација на Законот за младинско учество и младински политики
- Изработка на Националната стратегија за млади 2021-2025.

# СПОРТ

Во согласност со Планот за работа на ЕУ за спорт (2021-2024), клучни цели во следниот период во областа на спортот се промоција на физичка активност, односно зголемување на партиципацијата во спорт и физичка активност со цел унапредување на здравјето. Предвидена е интерсекторска соработка со цел афирмирање на придобивките од физичката активност и унапредување на јавното здравје и активна нација и развој на упатства за препорачана физичка активност на различни категории на граѓани.

Други приоритетни области се однесуваат на заштита на интегритетот и вредностите во спортот водејќи се одначелата на транспарентност, отчетност и одговорност. Ќе биде афирмиран принципот на добро владеење во спортскиот сектор со имплементација на предложени мерки и препораки и креирање на прирачник за добро владеење во националните спортски федерации и спортски субјекти. Истовремено, фокус ќе биде ставен на безбеден спорт и унапредување на родовата еднаквост во спортот преку еднаква застапеност на жените во сите сегменти на спортскиот сектор (тренер, спортски менаџмент, раководство).

Со цел унапредување на релациите и соработката со земјите од соседството и јакнење на регионалната соработка, ќе биде развиен концептот на спортската дипломатија. Во рамки на спортската дипломатија ќе се интензивира соработката во меѓугранична размена и споделување на добри практики од областа на спортот за мир и развој.



# КУЛТУРА

## КРЕАТИВНА ЕВРОПА (КУЛТУРА И МЕДИА)

### Тековна состојба

Програмата Креативна Европа (потпрограми Култура и МЕДИА) ја спроведуваат Канцеларијата за Креативна Европа во рамките на Министерството за култура, како координативно тело за потпрограмата Култура и Агенцијата за филм за потпрограмата МЕДИА. На предлог на Европската комисија поради ситуацијата со пандемијата Канцелариите на Креативна Европа, вклучително и Канцеларијата за Креативна Европа (Култура и МЕДИА) – Министерство за култура со Извршната агенција (EACEA) потпишаа продолжување за дополнителни 6 месеци (до 30 јуни 2021 годиина) на активностите предвидени во Специфичниот Грант договор бр.596582– CREA-3 – 2020 – MK – CULT – CEDESK наменет за кофинансирање на Канцеларијата за 2020 година.

**Реализирани активности на Канцеларијата за Креативна Европа (Култура и МЕДИА):**

- Во организација на Министерството за култура, Канцеларијата на Креативна Европа – потпрограма Култура во февруари 2020 година се реализираше дводневен регионален семинар посветен на „Поддршката на Европската Унија за културна соработка на Западен Балкан: Семинар за промоција и вмрежување“. На настанот покрај претставникот на ЕК учествуваа и претставници на Канцелариите на Креативна Европа – потпрограма Култура, како и културни оператори од релевантните држави на Западен Балкан: Република Босна и Херцеговина, Косово, Република Србија и соседните земји на овој регион, членки на Европската Унија: Република Грција, Република Бугарија, Република Словенија и Република Хрватска. Главниот фокус на настанот беше Јавниот повик – „Проекти за културна соработка на Западен Балкан од Програмата Креативна

Европа“ со акцент на комплексните регионални и европски културни политики како и градење на капацитетите. Семинарот претставуваше и можност за наоѓање на партнери од регионот, директно вмрежување меѓу операторите од релевантните земји и техничкапомош за развој на проект-апликациите во рамки на тековниот повик на Програмата Креативна Европа - Култура за Проекти за соработка со и во Земјите од Западен Балкан.

- Над 40 консултации со потенцијални апликанти за учество во програмата;
- Учество на претставниците на Канцеларијата за Креативна Европа на онлајн состаноците на Канцелариите за Креативна Европа организирани од Европската комисија;
- Претставник од Министерството за култура учествуваше на 3 состаноци на Програмскиот комитет за програмата Креативна Европа (Култура и МЕДИА);
- Канцеларијата на МЕДИА организираше 9 настани и консултации со потенцијални апликанти од аудиовизуелниот сектор; Печатење на промотивни материјали;
- Ажурирање на веб-страницата на Канцеларијата за креативна Европа на Република Северна Македонија: www.ced.mk, информациите за активностите и новостите се објавуваат и на веб-страницата на Министерството.

Во соработка со на Делегацијата на ЕУ, ЕУ куќите, корисниците и други партнери, подготовка на промотивните настани и материјали посветени на резултатите од спроведувањето на Програмата Креативна Европа во Република Северна Македонија и на новата програма што ќе се организира во јуни 2021 година

Во текот на 2020 година се поддржани проекти од две потпрограми.

Од потпрограмата Култура - поддржани се 13 проекти во рамки на следниве категории:

- Проекти за соработка со земјите од Западен Балкан: 10 проекти (12 организации од нашата земја учествуваа во избраните проекти, главно коорганизатори). Македонските организации се водечки партнери во два проекти (вкупен грант на ЕУ за проекти во кои се вклучени македонски организации (3.632.832 евра)
- Проекти за соработка од помал обем, поддржани 3 проекти ( ЕУ грант 548,412.00 евра за сите партнери)
- Проекти за литературни преводи: 6 проекти (вкупен ЕУ грант 367,912,00 евра).

5 проекти се поддржани од потпрограмата МЕДИА (вкупен грант на ЕУ 108.216 евра) во рамките на следниве повици: Единствени развојни проекти, филмски фестивали и платформата на Европски филм.

Продолжуваат активности на највисоко ниво, согласно насоките од Европската комисија поврзани со дефинирање и спроведување на Агендата за Западен Балкан на Европската комисија .

## Краткорочни приоритети

- Промоција на Програмата Креативна Европа 2014-2020 и успешните проекти и информирање на корисниците од културните и креативните сектори за новата програма.
- Фокус на промоција на успешните проекти
- Преговори и администрирање на процесот поврзан со учеството на нашата земја во новата програма Креативна Европа 2021- 2027 год.
- Програмирање на активностите на Канцеларијата за Креативна Европа за периодот од јули 2021 година и 2022 година.

## Среднорочни приоритети

- Спроведување на Програмата Креативна Европа (Култура и МЕДИА) во период 2021 – 2027 година; согласно критериумите и приоритетите на новата програма на национално и Европско ниво и согласно улогата на Канцелариите за Креативна Европа.
- Развивање на информациска и комуникациска стратегија - целта е стратегијата е да се обезбеди поширока промоција и видливост на Програмата на национално и локално ниво;
- Градење на капацитет на културниот и креативниот сектор на државно ниво;
- Вмрежување и дигитализација - обезбедување на поддршка за наоѓање партнери, вмрежување и учество во европски професионални мрежи, како клучен елемент за учество во европски културни проекти.
- Активности за унапредување на соработката меѓу македонските професионалци и компетентни европски експерти во областите опфатени со новата програма Креативна Европа 2021 -2027
- Поддршка на интерсекторските политики во насока на учество и имплементација во Креативна Европа 2021- 2027.
- Активно учество на Министерството за култура во Програмата за Западен Балкан на Европската комисија која има за цел да ја зајакне соработката во процесот на преговорите во повеќе области, меѓу кои и во секторот култура. Министерството за култура до Европската комисија достави приоритети со цел истите да бидат вградени во текстот на Агендата. Агендата беше подржана на највисоко ниво во рамки на Министерскиот состанок одржан на 2 декември 2020 година на кој учествуваше Министерот за култура.
- Редовен придонес во подготовка на документите и учество на активностите поврзани со Агендата на ЕУ за Западен Балкна за иновации, истражување образование, култура, млади и спорт. Учество на состаноците на платформата управување на Агендата за Западен Балкан и подготовка на активностите кои следат, на највисоко ниво за поддршка на оваа Агенда, меѓу кои е и Министерскиот состанок закажан за 27 мај 2021 год. во организацијна на Европската комисија.

# УНЕСКО

## Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на разноличноста на културните изрази

### Тековна состојба

На 2 април 2007 година Република Северна Македонија ја ратификуваше Меѓународната конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на разноличноста на културните изрази.Со донесувањето на Законот за ратификација на Конвенцијата, земјата ја истакна својата цврста определба за модерен пристап во заштитата и промоцијата на културните изрази, како и за создавање услови за зајакнување на меѓународната соработка во областа на културата. Во периодот кој следи потребно е да се формира интерсекторска работна група со цел започнување подготвителни активности поврзани со спроведувањето на Конвенцијата согласно стандардите на УНЕСКО.

## Охридски регион

### Тековна состојба

Република Северна Македонија останува цврсто посветена на зачувување на статусот на Светското природното и културно наследство на Охридскиот регион.

На 28 јануари 2020 година, Владата на нејзината 5. седница го усвои Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) за 2019 година и го достави до Центарот за светско наследство на УНЕСКО. Како интегрален дел на Извештајот, на 21.01.2020 година Владата го усвои и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион за 2020-2029 година со акциски план.

Во периодот од 27-31 јануари 2020 година, заедничка реактивна мониторинг мисија на Центарот за светско наследство и советодавните тела (ИКОМОС и ИУЦН) присуствуваше во Албанија и Северна Македонија со цел да го утврди степенот на заштита на Природното и културното наследство во Охридскиот регион, односно да го утврди напредокот на исполнување на препораките на мисијата од 2017 година и Одлуката од 43.сесија на Комитетот на светско наследство (Баку, Азарабејџан, 2019 год.).

Во декември 2020 год. до нашата држава беше доставен Нацрт-извештајот од реализираната мисија и согласно процедурите на Центарот за светско наследство на УНЕСКО со државите членки, нашата држава ги утврди и достави фактичките грешки по однос на овој Извештај. Се очекува финалниот извештај до нашата држава од страна на Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

По однос на останатите активности поврзани со спроведување на препораките од УНЕСКО кои се однесуваат на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, треба да се нагласи дека Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) за 2020 година, подготвен во координација на Владата со надлежните органи, институции и локалната самоуправа, беше усвоен од страна на Владата на нејзината 45. седница одржана на 16.02.2021 година и официјално доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО на 25.02.2021 година. Извештајот е јавно објавен на веб страната на Министерството за култура.

Во Извештајот уште еднаш се нагласени заложбите на нашата држава за зачувување на статусот на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. Паралелно со изработката на **Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029)**, државата спроведе и **Стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина и културното наследство.** Исто така беше изработен инвентар на бесправно изградени објекти на територијата на доброто со што се остварени предусловите да се премине на изработка на **Оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и Оценка на влијание на културното наследство (ХИА).**

Дополнително, отпочнатае санација и рехабилитација на колекторскиот систем на Охридското Езеро, за што обезбеди преку 4 милиони евра средства од државниот буџет за изведување на работите. Продолжи проектот за пренасочување

на течението на Реката Сатеска. Изградбата на структурите кои се потребни за делумно враќање на течението на реката Сатеска во коритото на реката Црн Дрим е предвидено да бидат завршени најдоцна до крајот на 2023 година.

По Одлука на Комитетот за светско наследство 43 COM 8B.9 (Баку, Азербејџан, 2019) за прифаќање на проширувањето на границите на доброто на територијата на Република Албанија, двете држави членки пристапија кон воспоставување систем за заедничко управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Беше формиран **Комитетот за заедничко управување** кој беше конституиран и ја одржа својата прва работна средба во јануари 2020 година.

Република Северна Македонија целосно се посветува на Одлуките на Комитетот за светско наследство  со цел развој и спроведување на мерките за исполнување на најитните препораки наведени во Препораките и од Реактивната мониторинг мисија во 2017 година. Некои од корективните мерки и бараните активности се веќе спроведени, а некои се очекува да бидат финализирани во текот на 2021 година.

На 7 мај 2021 година до Центарот за светско наследство на УНЕСКО, беше доставен на мислење Нацрт-планот за управување (2021-2030)  и Нацрт –студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Националниот парк "Галичица".

# ЗАКОНОДАВСТВО

## Тековна состојба

Владата го усвои предлог Законот за остварување на јавниот интерес во културата и го испрати до Собранието. Со донесувањето на Законот ќе се придонесе кон унапредување и развој на остварувањето на културата, унапредување на правната основа за развој на културните активности, надминување на актуелните проблеми во областа, рамноправност на уметниците независно од потеклото, етничката припадност, полот и друго во создавањето на културата преку овозможување на еднакви права гарантирани со закон. Во моментов законот е во собраниска постапка.

Со донесувањето на Законот ќе се овозможи остварување на уставните начела како:

- Гарантирање на слободата на уметничкото творештво и остварувањето на правата кои произлегуваат од него;
- Поттикнување, помагање и заштита на развојот на уметноста и културата од страна на државата;
- Остварување на правото на припадниците на заедниците слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот културен идентитет и особеностите на своите заедници, како и гарантирана заштита и остварување на културните права;
- Грижа на државата за културните права на граѓаните во државата и во странство.

Со донесувањето на овој закон исто така ќе се:

- нагласат отчетноста и одговорноста во управувањето и раководењето со националните установи, врз принципи и сознанија од современите модели за раководење во културата,
- воспостави систем на отчет за работата во јавноста,
- подигне одговорноста на носителите на проектите за содржината и за квалитетот на проектите, но и одговорноста на Министерството за култура за доделените средства,
- создаде ефикасен начин на финансирање проекти од национален интерес врз основа на вредносни критериуми,
- воспоставaт механизми за контрола на наменското користење на средствата,
- овозможи усогласување на законот со новиот Закон за прекршоците и со новиот Закон за инспекциски надзор.

Со **Законот за заштита на културното наследство** (Сл.В бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), се утврдуваат видовите,категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата,

координацијата и надзорот, стручните звања и другипрашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство. Законот за заштита на културното наследство е донесен во 2004 година, а во меѓувреме повеќепати е менуван и дополнуван, пред се, заради неговоусогласување со други системски прописи и меѓународни документи релевантни заовaa област.

Во текот на имплементацијата на Законот е утврдено дека одредни одредби содржани во Законот негативно влијаат врз спроведувањето на мерките за заштита на културното наследство. Новиот Закон за заштита кој се предлага да се донесе треба да обезбеди решавање на сите проблеми кои се пројавија во изминатиот период преку нова организациона поставеност на институциите за заштита на културното наследство особено во однос на предметот на работа на институциите за заштита и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство.

## Краткорочни приоритети

- Донесување на Законот за остварување на јавен интерес во културата до крајот на 2021 година.
- Донесување на Законот за заштита на културно наследство до крајот на 2021 година.
- Во однос на зачувувањето на статусот на Светското природното и културно наследство на Охридскиот регион, во 2021 ќе се преземат следните активности:
    - Измени на Законот за градење со соодветни одредби кои ќе ги имаат предвид Планот за управување и мислењата на Комисијата за управување со Охридскиот регион како дел од постапката за градење во заштитеното подрачје, согласно експертскиот инпут од Комисијата за управување и Управата за заштита на културното наследство;
    - Донесување на Закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата;
    - Прогласување на Студенчишко Блато во Охрид за заштитена зона, согласно домашната регулатива и Рамсар процесот;
    - Продолжена санација на Колекторскиот систем на Охридското Езеро;

- Интензивирано отстранување на бесправно изградени објекти во Охридскиот регион, со приоритет на крајбрежјето и на објектите нотирани од страна на НП Галичица;
- Подготовка на заедничка анализа од страна на надлежните институции во Северна Македонија и Албанија за алтернатива рута за железничкиот Коридор 8 кој поминува низ заштитеното подрачје, согласно препораките на УНЕСКО од 2017 година ;
- Подготовка на анализа за можноста за комбинирање на инфраструктурните проекти кои поминуваат низ струшкото поле (гасоводна мрежа, електричната мрежа Битола-Елбасан и патот А2) за да се избегне фракцирање на регионот и уништување на пејзажот на регионот.

# КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ

## Тековна состојба

Препознавајќи го потенцијалот на креативните индустрии како еден од најполезните сектори во националната економија, Министерството за култура, во соработка со Британскиот совет, изготви мапирање на креативните индустрии.

## Среднорочни приоритети

Министерството за култура ја препознава потребата за изготвување на стратешки документи од областа на креативните индустрии и за таа цел во соработка со меѓународните организации (ЕУ, Совет на Европа, УНЕСКО) и останатите ресорни институции и органи планира да иницира ревизија и ажурирање на веќе постоечкото мапирање на креативните индустрии.

# РЕФОРМИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ВО НАСОКА НА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА КУЛТУРА 2018-2022

## Тековна состојба

Во рамки на реформите во Министерството за култура предвидени се следниве активности: подготовка на функционална анализа на целокупниот капацитет на министерството: човечки ресурси, постоечките капацитети за креирање политики, анализа на законите и подзаконските акти од областа на културата, правилници и др; ревизија на Националната стратегија за развој на културата 2018-2022, со обезбедување на систем за следење и евалуација на видливи резултати.

Договорот за услуги е веќе потпишан, подготвителен состанок кој го означи почетокот на проектот се одржа на 20 април со претставници од Министерство за култура, ДЕУ и компанијата ангажирана за реализација на договорот. Проектот официјално започна имплементацијата на 5 мај, 2021 година.

## Краткорочни приоритети

Спроведување на функционална анализа на Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и Агенција за филм. Резултатите од реализацијата на овој договор вклучуваат:

- Подготвување на Извештај на Министерството за култура и неговите специјализирани тела, вклучувајќи мерливост и остварливост на стратешките цели на Министерството и соодветност во претпристапниот процес со конкретни предложени мерки, индикатори и резултати. Извештајот треба да обезбеди ревизија на: а) **Националната стратегија за развој на културата во Република Северна Македонија 2018-2022** со специфични мерки, резултати, индикатори и систем за следење и проценка; б) **Националната стратегија за заштита на културното наследство 2021-2024** со специфични мерки, резултати, индикатори и систем за следење и проценка;
- Ревизија на :а) Внатрешната постапка за следење на проектите кои се дел од годишните повици на Министерството за култура во различни културни сфери; б) Внатрешната постапка за следење на Годишните програми на националните институции од областа на културата; в) Внатрешната постапка за проценка на предложените проекти според годишните повици на Министерството за култура во различни културни сфери;
- Подготовка на извештај за проценка на функциите на буџетирање и известување преку мапирање на распределбата на буџетот;
- Идентификување на пречки за поефикасна интеграција на годишното буџетирање и среднорочно планирање;
- Разработка на реформски опции за поефикасно стратешко финансиско планирање и буџетирање.

## Конкурси од национален интерес

Во однос на конкурсите од национален интерес, а сè до донесување на новиот Закон за остварување на јавен интерес во културата, во моментов како привремено решение е донесен нов Правилник за работа на комисиите и начинот на бодување и избор на проектите. Промените се однесуваат на постоечките приоритети врз основа на кои се бираат проектите, во насока на нивно намалување од една страна, но истовремено издвојување на приоритети кои се од посуштинско значење за развој на културата и во согласност со новата Стратегија за култура 2018-2022 година. Посебен приоритет е даден на младите учесници.

Министерството за култура ги ревидираше деловниците за работа на комисиите за разгледување на проектите од национален интерес во областа на културата по дејности, со цел подобрување на правилата, мерилата и критериумите на работа и избор на предлог-проектите.

Проектите за 2021 година беа разгледувани во согласност со ревидираниот деловник за работа на комисиите, и тоа: Процедура за административна селекција на пријавите доставени на годишните конкурси на Министерството за култура.

Министерството за култура ги ревидираше процедурите за следење на реализацијата на проектите од национален интерес во областа на културата, и подготви две нови процедури за работа и тоа:

- Процедура за процесот на следењето на реализацијата на договорите за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата склучени со корисниците на средствата и за контрола над законитото, наменското и економичното користење на средствата
- Процедура за процесот на следењето на реализацијата на договорите за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата склучени со националните установи и за контрола над законитото, наменското и економичното користење на средствата

## Среднорочни приоритети

Обуки за вработените во Министерството за култура и Управата за заштита на културно наследство (УЗКН) кои произлегуваат од извршената функционална анализа.



# ЦАРИНСКА УНИЈА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија одржува **добро ниво на подготвеност** во делот на Царинската унија. Постигнат е **добар напредок** во извештајниот период. Земјата изработи, примени и одржува нов електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи. Започна со работа новоизградениот царински терминал со Албанија. Воспоставен е едношалтерски систем за контрола на границата со Србија.

Препораките од минатата година се спроведени. Во наредната година, земјата треба:

- да продолжи со консолидација и целосна примена на нејзините ИТ системи, да обезбеди нивна надградба и одржување и да обезбеди континуитет во работењето;
- целосно да го спроведе Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

# Резиме

Царинското законодавство е во голема мера усогласено со законодавството на ЕУ. Клучни приоритети за ЦУРСМ претставуваат: Олеснување на трговијата; Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси; Заштита на општеството; Модернизација, кои ќе се реализираат преку следниве активности цели и мерки:

- Понатамошно усогласување на националното царинско законодавство и процедури со законодавството на Европската Унија
- Олеснување и забрзување на протокот на стока и патници и обезбедување едноставни и предвидливи процедури и формалности
- Обезбедување ефективни и ефикасни контроли и градење на одржливи меѓународни односи со цел обезбедување на сигурен и безбеден синџир на снабдување
- Обезбедување ефикасна наплата на приходи
- Зајакнување на управувањето со човечките ресурси
- Спроведување на мерки за спречување на несоодветно однесување и судир на интереси и развој на системи на правила и контрола
- Подобрување и натамошен развој на системи за ИКТ поддршка
- Подобрување на работните процеси и ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии
- Подобрување на условите за работа и на транспарентноста на Царинската управа

Во периодот што претстои, Царинската управа ќе се фокусира на натамошен развој на постојните ИТ системи и ќе се стреми кон понатамошно усогласување на царинското законодавство и забрзување на постапките.



# ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, усвоени се следните акти:

- Уредби за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (Сл. весник бр.222/2020, 281/2020), со кои се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура[90],
- Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година (Сл. Весник 282/2020) со која се врши усогласување со Регулативата (EEC) бр. 1577 на ЕУ од 30.10.2020 година.

Во периодот јануари 2020-ноември 2020 година донесени се дополнителни акти и регулативи во врска со царинското работење заради полесно справување со Ковид кризата:

- **Упатство за царински прашања поврзани со вонредната состојба COVID-19** – се појавија прашања кои се однесуваат на примена на царинските прописи во постапката за донесување на одлуки, царинските постапки и царинските формалности, како и примена на постапките поврзани со акцизните добра, особено во делот на постапувањата со етил алкохолот наменет за здравствените установи и претпријатијата за производство на средства за дезинфекција. За одредени случаи утврдени се постоечки одредби во царинските и акцизните прописи кои обезбедуваат соодветни решенија, во овие исклучителни околности. Целта на овој документ е во време на криза, да им се понудат на засегнатитестрани насоки за практични решенија кои произлегуваат од постојната законска рамка. Овој документ ќе се дополнува и изменува по потреба.

90 CELEX бр 32001R0292, 32001R0306, 32001R0645, 32001R1200, 32001R2064, 32002R0141, 32002R0142, 32002R0763, 32002R0849, 32002R1017, 32002R1380, 32003R0055, 32003R0218, 32003R1020, 32003R1021, 32003R1224, 32003R1887, 32004R0231, 32004R0728, 32004R0926, 32004R1989, 32005R0223, 32005R0266, 32005R0635, 32005R1139, 32005R1196, 32005R1966, 32005R1967, 32005R2127, 32006R0227, 32006R0242, 32006R0338, 32006R0437, 32006R0600, 32006R0739, 32006R0781, 32006R1114, 32007R0160, 32007R0161, 32007R0166, 32007R0324, 32007R0377, 32007R0438, 32007R0455, 32007R0651, 32007R0652, 32007R0901, 32007R0902, 32007R0903, 32007R0904, 32007R1178, 32007R1231, 32007R1417, 32007R1439, 32007R1440, 32007R1452, 32008R0119, 32008R0155, 32008R0323, 32008R0334, 32008R0457, 32008R0724, 32008R0725, 32008R0833, 32008R1141, 32008R1142, 32008R1143, 32008R01156, 32008R1172, 32009R0051, 32009R0056, 32009R0446, 32009R0447, 32009R0198, 32009R0295, 32009R0299, 32009R0349, 32009R0475, 32009R0476, 32009R0477, 32009R0594, 32009R0609, 32009R0674, 32009R0717, 32009R0718, 32009R0872, 32009R0895, 32009R1051, 32010R0042, 32010R0109, 32010R0152, 32010R0153, 32010R0309, 32010R0310, 32010R0336, 32010R0380, 32010R0455, 32010R0465, 32010R0692, 32010R0716, 32010R0727, 32010R0731, 32010R0732, 32010R1065, 32010R1067, 32010R1076, 32010R1155, 32011R0111, 32011R0112, 32011R0113, 32011R0312, 32011R0313, 32011R0314, 32011R0315, 32011R0316, 32011R0428,

- **Насока за движење на стоките низ зелените коридори** во рамки на ЦЕФТА (член 7 став 4 од Законот за Царинската управа). Целта на „Зелените" приоритетни коридори за Западен Балкан е да обезбедат приоритетен пристап на стоките утврдени на приоритетна листа, изготвена од страна на ЦЕФТА членките.
- **Корисничко упатство за оперативно користење на СЕЕД системот**, во врска со постапките за обезбедување брз проток на пратките со основни стоки во рамки на зелените коридори, со цел да придонесе кон забрзување на прометот со пратки на основни добра (како што се: храна, храна за животни, хемикалии и витален медицински материјал и опрема), на следните царински гранични премини што се наоѓаат на приоритетните зелени коридори:Царинскаиспостава Табановце автопат, Царинска испостава Блаце и Царинска испостава Ќафасан.

## Краткорочни приоритети

- На крајот од 2021 година ќе се донесе Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година, со цел усогласување и изменување согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ.
- Во текот на 2021 година, квартално ќе се усвојуваат нови/дополнувања на Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, со цел усогласување со регулативите на Европската Унија.
- На крајот на 2019 година Владата го усвои Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, истиот е испратен до Собранието и се очекува негово донесување во 2021 година. Измените на законот се прават во делот на прекршоци, како обврска произлезена од измените во Законот за прекршоците.

---

32011R0447, 32011R0497, 32011R0756, 32011R0757, 32011R0761, 32011R0762, 32011R0763, 32011R0772, 32011R0773, 32011R0774, 32011R0775, 32011R0776, 32011R0825, 32011R0826, 32011R0873, 32011R0874, 32011R0875, 32011R0884, 32011R1195, 32011R1196, 32011R1200, 32011R1201, 32011R1202, 32011R1203, 32011R1204, 32011R1247, 32011R1248, 32011R1249, 32011R1271, 32011R1272, 32011R1303, 32012R0074, 32012R0103, 32012R0104, 32012R0105, 32012R0106, 32012R0144, 32012R0145, 32012R0146, 32012R0211, 32012R0297, 32012R0298, 32012R0299, 32012R0300, 32012R0301, 32012R0399, 32012R0400, 32012R0401, 32012R0455, 32012R0491, 32012R0553, 32012R0554, 32012R0696, 32012R0697, 32012R0698, 32012R0714, 32012R0715, 32012R0726, 32012R0727, 32012R0749, 32012R0750, 32012R0894, 32012R1089, 32012R1108, 32012R1109, 32012R1110, 32012R1111, 32012R1112, 32012R1114, 32012R1123, 32012R1124, 32012R1125, 32012R1126, 32012R1127, 32012R1128, 32012R1129, 32012R1130, 32012R1144, 32012R1145, 32012R1170, 32012R1171, 32012R1172. 32013R0041, 32013R0042, 32013R0043, 32013R0069, 32013R0070, 32013R0273, 32013R0274, 32013R0275, 32013R0276, 32013R0277, 32013R0278, 32013R0279, 32013R0327, 32013R0384, 32013R0385, 32013R0386, 32013R0387, 32013R0442, 32013R0443, 32013R0535, 32013R0540, 32013R0615, 32013R0616, 32013R0641, 32013R0671, 32013R0699, 32013R0704, 32013R0705, 32013R0706, 32013R0707, 32013R0708, 32013R0709, 32013R0710, 32013R0711, 32013R0722,

## Среднорочни приоритети

Ќе продолжи процесот на усогласување на царинското законодавство со acquis. Се планирадонесување на нов Царински закон усогласен со Царинскиот закон на Унијата, како и соодветна Уредба за спроведување на Царинскиот закон и оперативни упатства за негова имплементација.

Во врска со Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи (во рамки на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО), од страна на формираната РГ подготвена е ГАП анализа и предлог Акциски план за ратификација и имплементација на истиот. Се прави анализа и на постојната законска рамка со цел утврдување на потребата од изменување на дел од законите за успешна имплементација на Протоколот по неговата ратификација. По завршување на оваа анализа и доставените информации од надлежните институции, Министерството за здравство, во соработка со Министерството за надворешни работи ќе ги дефинира роковите и постапката за ратификација на Протоколот.

---

32013R0728, 32013R0729, 32013R0766, 32013R0863, 32013R1212, 32013R1156, 32013R1405, 32014R0111, 32014R0112, 32014R0114, 32014R0115, 32014R0197, 32014R0198, 32014R0199, 32014R0310, 32014R0311, 32014R0336, 32014R0337, 32014R0349, 32014R0350, 32014R0453, 32014R0455, 32014R0456, 32014R0457, 32014R0458, 32014R0459, 32014R0550, 32014R0646, 32014R0647, 32014R0757, 32014R0758, 32014R0759, 32014R0760, 32014R0761, 32014R0764, 32014R0765, 32014R0766, 32014R0767, 32014R0858, 32014R0859, 32014R0860, 32014R0873, 32014R0874, 32014R0875, 32014R0877, 32014R0972, 32014R0973, 32014R1034, 32014R1035, 32014R1036, 32014R1037, 32014R1038, 32014R1213, 32014R1214, 32014R1215, 32014R1216, 32014R1217, 32015R0020, 32015R0021, 32015R0022, 32015R0023, 32015R0181, 32015R0184, 32015R0185, 32015R0221, 32015R0352, 32015R0386, 32015R0387, 32015R0388, 32015R0676, 32015R0677, 32015R0712, 32015R0803, 32015R0804, 32015R0805, 32015R1384, 32015R1385, 32015R1721, 32015R1722, 32015R1723, 32015R1785, 32015R1799, 32015R1800, 32015R2253, 32015R2254, 32015R2255, 32015R2315, 32015R2316, 32015R2317, 32015R2318, 32015R2319, 32015R2320, 32015R2321, 32015R2351, 32015R2455, 32016R0137, 32016R0283, 32016R0302, 32016R0613, 32016R0614, 32016R0615, 32016R0663, 32016R0664, 32016R0665, 32016R0666, 32016R0933, 32016R0934, 32016R0935, 32016R0936, 32016R0996, 32016R1140, 32016R1211, 32016R1320, 32016R1321, 32016R1354, 32016R1645, 32016R1758,

# АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

## Тековна состојба

- Пуштена е во продукција надградена верзија на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM, во која кај сите дозволи се воведени позиции, односно редни броеви за сите ставки од дозволите и се овозможи искористувањето на одобрените количини да се прави по позиции.
- НКТС системот работи тековно без проблеми и изработена е алатка за мониторинг на неговото функционирање и модул за следење на движење на акцизна стока. Изработен е национален план за имплементација на НКТС фаза 5 и истиот е доставен до DGTAXUD. Интензивно се работи на тендерската документација за НКТС фаза 5.
- ИТОсистемот е функционален и работи без проблеми. Обезбедена е поддршка за одржување и развој на системот од надворешна компанија до февруари 2021.
- Потпишани се договори за одржување и за НКТС и за ИТО системите,со кои е обезбедено одржување, надградба и деловен континуитет на сите царински ИТ системи.
- 15 трговски друштва имаат добиено одобрение за овластен економски оператор (ОЕО). Царинската управа интензивно ја промовира оваа програма меѓу економските оператори.

---

32016R1759, 32016R1760, 32016R1761, 32016R1957, 32016R1958, 32016R1962, 32016R2033, 32016R2221, 32016R2223, 32016R2224, 32016R2225, 32017R0181, 32017R0182, 32017R0183, 32017R0200, 32017R0209, 32017R0226, 32017R0268, 32017R0285. 32017R0635, 32017R01636, 32017R0960, 32017R1166, 32017R1167, 32017R1168, 32017R1169, 32017R1170, 32017R1233, 32017R1234, 32017R1267, 32017R1268, 32017R1465, 32017R1476, 3201R71971, 32017R1983, 32017R2157, 32017R2244, 32017R2245, 32017R2246, 32017R2247, 32017R2248, 32018R0077, 32018R0081, 32018R0220, 32018R0267, 32018R0407, 32018R0553, 32018R0603, 32018R0787, 32018R0837, 32018R0838, 32018R1207, 32018R1208, 32018R1209, 32018R1243, 32018R1489, 32018R1530, 32018R1531, 32018R1785, 32018R1864, 32018R2041, 32019R0321, 32019R0612, 32019R0613, 32019R0643, 32019R0644, 32019R0645, 32019R0646, 32019R0647, 32019R0705, 32019R0822, 32019R0823, 32019R0830, 32019R0921, 32019R0922, 32019R0923, 32019R0924, 32019R0925, 32019R0926, 32019R0927, 32019R0928, 32019R1082, 32019R1404, 32019R1661, 32019R1811, 32019R1812, 32020R0186, 32020R0191, 32020P0516, 32020K0517, 32020P0524, 32020P0622, 32020P0693, 32020P0724, 32020P0725, 32020P0868, 32020B0956, 3202P0957 и 32020P0958.

Во 2020 година Царинската управа претседавашесо ЦЕФТА поткомитетот за царина и потекло на стоки, каде главни приоритети на македонското претседателство со ЦЕФТА поткомитетот беа:

  - понатамошно олеснување на трговијата со стоки,
  - поголема интеграција на ЦЕФТА пазарот со пазарот на ЕУ и
  - промовирање на е-трговијата и безхартиената царина

- Одржан е неформаленРегионален состанок на директорите на Царинските управи од Западен Балкан, чија главна цел беше подготовка на заеднички пристап на царинските служби од регионот, со цел унапредување на економската соработка и справување со проблемите со кои се соочуваат земјите одЗападниот Балкан, преку прифаќање на идејата за создавање на регионална економска област и ЕУ фондови за поддршка на инфраструктурата во овие земји.
- Преку видео конференциска врска беше одржан состанокна експерти - претставници од членките на ЦЕФТА, ЦЕФТА секретаријатот, Регионалниот совет за соработка, Заедницата за транспорт, Генералниот директорат за проширување на ЕУ и Генералниот директорат за даноци и царинска унија. На состанокот беше заклучено континуирано да се следи ситуацијата предизвикана од појавата на Ковид-19и да се издадат соодветни мерки за олеснување на протокот на стоки преку постапување според соодветни приоритети на граничните премини, особено за транспорт на медицински материјали и средства и прехранбени продукти. Царинската управа предложи да се воспостави зелен коридор и приоритетни ленти за транспортот на прехранбени продукти и медицинска опрема во рамките на ЦЕФТА, но и со земјите – членки на ЕУ во регионот со цел непречен и брз проток на овие стоки.
- Европската Комисија и Германското федерално министерство за економска соработка и развој го одбележаа започнувањето на нов проект „Поддршка на регионалната економска интеграција” за Западен Балкан и Република Молдавија. Финансиран со вкупен буџет од 5,35 милиони евра, проектот има за цел да ги зајакне трговските односи и понатамошното продлабочување на економската интеграција помеѓу страните на ЦЕФТА.

- Консултативен состанок за договарање на активностите за дополнително олеснување на движењето на стока, што ќе бидат опфатени со следниот Повеќегодишен акциски план - Регионална економска област 2021-2024 (MAP REA 2021-2024), што се усвои на Самитот во Софија во рамки на Берлинскиот процес за Западен Балкан.
- Усвоен е Стратешки план на Царинската управа за периодот 2020-2023 година.
- Донесена е Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во ЦУРСМ 2019-2022, за чија имплементација е донесен Акциски план кој содржи мерки со рок на временска реализација 2019-2022 година. Донесено е Упатство за постапување во случај на постоење на судир на интереси и воспоставување на систем на надзор на спречување на судир на интереси и Насока за постапување и определување на работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници. На квартално ниво се изработува Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција, а на полугодишно ниво Водич за најчести грешки и пропусти во севкупното работење на ЦУ, кои се применуваат како превентивни алатки во борбата против корупцијата. Беше спроведено истражување за мерење на нивото на изложеност на злоупотреба на службената должност и појава на коруптивни активности во Царинската управа, со субјекти вклучени во царински постапки, преку Агенцијата за истражување на јавното мислење, пазар и медиуми, во која беа вклучени 14 царински испостави и седиштето на Царинската управа. Резултатите и анализата на ова истражување ќе се користат како основа за создавање политика за спречување на корупција и судир на интереси, зајакнување на интегритетот и правилно идентификување на идните конкретни активности во областа на борбата против корупцијата. Донесена е Процедура за спроведување анкета за оценка на нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности во Царинската управа.
- Подготвена е нова Стратегија за развој на ИКТ на Царинската управа која се однесува на периодот 2019-2023. Подготвената стратегија го дава патоказот по кој ќе се одвива развојот на ИКТ системите на Царинската управа во следните

пет години, а кој е во согласност со развојната стратегија на ЦУ како целина. Во Стратегијата се дадени мисијата, визијата и стратешките приоритети и цели на ЦУ во развојот на ИКТ, како и активностите и неопходните ресурси за нивна реализација. Царинската управа во периодот 2019-2023 година планира да имплементира повеќе проекти од сите области од царинското работење, кои треба да бидат информатички поддржани и да и' помогнат на ЦУ во навремена реализација на предвидените активности за креирање на соодветен административен капацитет и воспоставување на интероперабилност со системите на ЕУ, кои се предуслов за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. Царинската управа, имајќи ги во предвид тековните и претстојните процеси на евроинтеграција на земјата, во рамките на Стратегијата за развој на ИКТ ги дефинира проектите и активностите кои се однесуваат на развој на националните царински системи, со цел овозможување на интероперабилност и интерконективност со европските системи за периодот до 2025 година.

- Основен документ на кој се референцира Стратегијата за развој на ИКТ е MASP (Multi Annual Strategic Planning), како документ на ЕУ кој го дефинира развојот на европските царински системи, во рамките на заедничкиот и националниот домен, согласно Царинскиот закон на унијата (Union Customs Code – UCC).
- Во периодот јануари-септември 2020 година, беа спроведени 43 активности за стручно оспособување на царинските службеници со вкупно 430 учесници. Во просек секој учесник има следено обука во траење од 8 часа и 26 минути (2019 година - спроведени 197 активности со вкупно 1510 учесници).
- Во царинската лабораторија во тек е подготовка на документација за акредитација на царинската лабораторија согласно ИСО 17025:2017.
- Во периодот јануари – септември 2020 година, Царинската управа зеде учество во следните меѓународни операции:

  - GLOBAL SHIELD (СЦО), ECLIPSE IV (SELEC); OPSON IX (INTERPOL и EUROPOL, со поддршка на приватниот сектор); LAKE 2020 (EUROPOL); COVID - FACT FINDING (INTERPOL); STOP (СЦО); (EUROPOL); THUNDER 2020 (INTERPOL и СЦО);
  - SHIELD (Safe Health Implementation, Enforcement and Legal Development) (EUROPOL, со поддршкана OLAF, INTERPOL, приватниот сектор и WADA); Joint Action Day South East Europe 2020 (JAD South East Europe 2020) (EUROPOL во рамки на EU EMPACT иницијативата, координирана од Шпанија); PANDORA V (EUROPOL, INTERPOL и СЦО); DEMETER VI (СЦО).
  - Земјата применува автоматизирани методи за управување со ризик и активно учествуваше во меѓуинституционална соработка. Царинската управа учествуваше во работата на Националниот координативен центар за организиран криминал, во Националниот координативен центар за гранично управување, како и во Националниот комитет за олеснување на трговијата. Продолжи соработката со другите царински органи во регионот, вклучително и преку размена на податоци и преку заеднички операции.
- Пуштен е во употреба граничниот премин Белановце – Станчиќ,кој овозможува поврзување на граѓаните на соседните општини од Северна Македонија и Србија и се очекува да ја подобри бизнис комуникацијата и трговската размена. Граничниот премин е изграден со средства од ЕУ (ИПА) - 1,2 милиони евра, обезбедени од ЕУ со поддршка на државата од 10%. Изградбата на патот од село Слупчане до граничниот премин Белановце од 15 километри е финансиран од страна на државата и чини 6 милиони евра.
- На заедничкиот граничен премин Табановце-Прешево ставена е во функцијавтора вага за мерење на товарни возила, со што се зголеми капацитетот и се забрза прометот на стокови пратки. Втората лента е приоритетно наменета за товарни возила кои транзитираат со користење на Т-електронски документи, кои пренесуваат расиплива стока и празни превозни средства, а во иднина и стоки од фирми кои имаат статус на овластен економски оператор.

- Одржана е прва билатерална средба на која се разговараше за текстот на нацрт-Договорот за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија и спроведувањето на идни активности за заедничка гранична проверка, а во тек се преговори за негово конечно усогласување .
- Управата за царински работи и приходи на Обединетото Кралство (HMRC – Her Majesty's Revenue and Customs) на Царинската управа и донираше нов софистициран рачен скенер за пребарување возила што ќе го користат мобилните тимови. Истиот претставува еден од начините за спречување и откривање на закани, како и стандард во секојдневното оперативно работење.
- Во царинска испостава Пошта е поставен скенер за контрола на поштенски пратки, донација на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија. Истиот придонесува за зголемена безбедност преку детектирање на пратки кои содржат материи кои се забранети за внесување во нашата држава; заштита на правото на интелектуална сопственост, како и други мерки на трговска политика, како и забрзување на постапката од внесување на пратката во царинското подрачје;

## Краткорочни приоритети

- Согласно стратешкиот план (2020 – 2023), Царината ќе продолжи со понатамошна дигитализација на постапките за увоз, извоз и транзит на стоки, што во 2020 година станаа целосно безхартиени. Со тоа значително ќе се подобрат услугите кон економските оператори што се вклучени во надворешно-трговското работење и ќе се намалат трошоците за извршување на царинското работење, а ќе се придонесе и за олеснување на трговијата и засилување и подобрување на безбедноста на границите.
- Како посебен и итен приоритет, имајќи предвид дека сме членка на Конвенцијата за транзит, е обезбедувањето на развојот и имплементацијата на НЦТС 5 во поставените рокови на ниво на ЕУ.
- Концептот ONE STOP SHOP ќе се спроведе и на границата со Албанија, на граничниот премин Кафасан.

- Во 2021 година царинската лабораторија ќе биде акредитирана согласно стандардите ИСО 17025, што значи модернизација на лабораторијата, усвојување на Прирачник за квалитет, обезбедување потребни обуки во согласност со ИСО (интерна контрола, меѓулабораториски тестови и др.).
- Во 2020/2021 година ќе се реализираат услуги согласно планот за адаптивно одржување за унапредување на функционалностите на СОЦДАД (Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи – Customs Declarations and Excise Document Processing System), НКТС (Нов компјутеризиран транзитен систем – New Computerized Transit System), EXIM и ИТО (Интегрирана тарифна околина – Integrated Tariff Environment).
- Во 2021 година ќе продолжи примената на комуникацискиот јазол CCN/CSI (Common Communication Network/ Common System Interface), воспоставен во 2015 година за потребите на поврзувањето со европските системи, преку програмата ЦАРИНА 2020.
- Во 2021 година ќе биде пуштен во функција податочен центар на оддалечена локација (Disaster Recovery Centre), со што ќе се обезбеди деловен континуитет на Царинската управа во кризна состојба, преку создавање на доверлив компјутерски податочен центар на оддалечена локација.
- Во 2021 година ќе се набави софистицирана опрема и возила за превоз на царински кучиња за зголемување на остварените прегледи за Секторот за контрола и истраги во рамки на проектот -Подобрување на квалитетот на царинските контроли и борба против измами и недозволена трговија со стока, кој е дел од Програмата за управување со јавните финансии, во рамки на ИПА2.
- Во 2021 година, ќе се реализира Проектот „Развој на гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција" (Програма IPA за прекугранична соработка 2014-2020).

До крајот на 2021 година, се планира имплементација на следниве царински (ИТ) системи на национално ниво:

- Национален систем за царински одлуки (UCC Customs Decisions system) усогласенсо UCC – Национален развој, вклучително имплементација на електронски потпис; Анализа на спецификациите и ускладеност со UCC.
- Национален систем за задолжителна тарифна информација (UCC BTI) усогласенсо UCC-Анализа на спецификациите и ускладеностсо UCC.
- Систем за управување со референтни податоци (CS/RD2) усогласенсо UCC – Развој во рамките на СОЦДАД.
- Континуирано ќе се зајакнува соработката со меѓународни служби и институции, преку реализација на билатерални состаноци, размена на информации и заедничко учество во акции.

## Среднорочни приоритети

Континуирано и навремено склучување на договори за одржување на царинските (ИТ) системи, со кои ќе биде обезбедено одржување, надградба и деловен континуитет на истите.

До крајот на 2023 година, се планира имплементација на следниве царински (ИТ) системи:

- ранзитен систем (UCC Transit System including NCTS (F5 i F6)) усогласенсо UCC –Подготовка на технички спецификации; Подготовка на документи за тендерско досие за користењена ЕУ (IPA) фондовите; Имплементација на проектот.
- Национален систем (Single Window environment for customs) усогласен со UCC – Анализа на Сертификатите и на европските спецификации; Подготовка на спецификациите за развој; Имплементација на проектот.
- Национален систем за регистрација и идентификација на економските оператори (UCC Economic Operators Registration and Identification subsystem 2 (EORI2)) усогласен со UCC – Подготовка на спецификациите (EORI2 систем, G2B сервиси и Портал за трговци; Имплементација на проектот.

- Национален систем за единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UCC Uniform user management&digital signatures - UUM&DS (Direct Trader Access to EIS) усогласено со UCC – Анализа на спецификациите и усkladеност со UCC; Подготовка на спецификациите (национални побарувања); Имплементација на проектот на национално ниво.
- Имплементација на податочен склад и апликација за извештаи (Bussines inteligence Data Warehouse) –Подготовка на спецификациите; Имплементација на проектот.
- Систем за контроли и истраги – Подготовка на спецификациите, Потпишување на договор до крајотна 2021 година; Имплементација на проектот.

Во периодот 2023-2025 година се планира да се преземаат понатамошни чекори за дополнителен развој и целосна имплементација на системите:

- Национален систем за царински одлуки (UCC Customs Decisions system) усогласен со UCC - Дополнителен национален развој согласно анализите на усkladеност со UCC.
- Национален систем за задолжителна тарифна информација (UCC BTI) усогласен со UCC - Дополнителен национален развој на сублимирани сервиси во единствен проект: eBTI, surveillance 2 and surveillace 3.
- Национален Автоматизиран Систем за Извоз (UCC Automated Export System (AES)) усогласен со UCC –Национален развој согласно анализа на спецификациите и усkladеност со UCC.
- Национален систем за регистрација и идентификација на економските оператори (UCC Economic Operators Registration and Identification subsystem 2 (EORI2)) усогласенсо UCC – Проширена имплементација на EORI по однос на G2B сервиси и Портал за трговци;
- Национален систем за e-Commerce& CP 42/63 усогласен со UCC - Развој и имплементација во рамките на СОЦДАД.
- Национален систем за контрола на увозот (UCC Import Control System 2 (ICS2)) - Развој и имплементација во рамките на СОЦДАД.

- Национален систем за Surveillance 3 усогласен со UCC – Подготовка на спецификациите; Одлука за развој и Дополнителен национален развој.
- Национален систем за Notification of Arrival, Presentation Notification and Temporary Storage усогласен со UCC - Анализа на спецификациите;Одлука за нов развој.
- Национален систем за управување со гаранции (Guarantee Management (GUM)) усогласен со UCC - Развој и имплементација на проектот.
- Национален систем за посебни процедури (UCC Special Procedures) усогласен со UCC - Анализа на спецификациите и усклaденост со UCC; Подготовка на спецификациите (национални побарувања); Одлука за развој.
- Имплементација на промените во увозниот систем (Adjustments of the existing import applications) усогласено со UCC - Имплементација на проектот во рамките на СОЦДАД.
- Имплементација на новата архитектура CCN2 - Имплементација на проектот.
- Национален систем за единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UCC Uniform user management&digital signatures - UUM&DS (Direct Trader Access to EIS)) усогласено со UCC - Следење и имплементација на промените на UCC по одлука за дополнителен развој.
- Систем за управување со референтни податоци (CS/RD2) усогласен со UCC - Анализа на спецификациите и усклaденост со UCC; Подготовка на спецификациите; Одлука за нов/ дополнителен развој; Имплементација на проектот.
- Измени во системот за управување со царинската тарифа (ITMS) усогласен со UCC - Анализа на спецификациите и усклaденост со UCC; Подготовка на спецификациите; Одлука за нов/дополнителен развој; Имплементација на проектот.
- Систем за сметководствена евиденција на А и В сметки - Одлука за национален развој; Имплементација на проектот.
- Надградба на системот за управување со интелектуална сопственост (IRP (upgrade) - Одлука за национален дополнителен развој; Имплементација на проектот.

# Програми и проекти

## Тековни проекти

- Во 2020 година започна новиот твининг проект финансиран од ИПА 2 –„Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи“, кој ќе се спроведува преку 4 компоненти во траење од 36 месеци и за кој се наменети средства во износ од 3,5 милиони евра, наменет за Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската управа;Изработен е Работен план за спроведување на активностите со цел понатамошна имплементација на проектот. Согласно мерките за безбедност, реализацијата на предвидените активности се одвиваше online, преку скајп конференции и Webex. Досега се реализирани вкупно 12 работилници на различни теми. На овие обуки учество земаа учесници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Царинската управа.
- Подобрување на квалитетот на царинските контроли и борба против измами и недозволена трговија со стока, кој е дел од Програмата за управување со јавните финансии, во рамки на ИПА2.
- Обезбедување на континуитет на деловните процеси во Царинската управа и зачувување на податоците преку консолидација на ИКТ системите и воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди (Disaster Recovery Centre),кој е дел од Програмата за управување со јавните финансии, во рамки на ИПА2.
- Започнат проект со USAID Regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth (EDGE) Project (100.000 USD), кој ќе опфати набавка на опрема за контроли за граничен премин Ќафасан-Кафтане, стручен консултант, обуки и студиски посети за вработени од Царинска управа и Царинска управа на Албанија. Во септември 2020 година е потпишан официјален Договор и активностите се реализираат континуирано.

- Успешно имплементиран проект со Владата на Јужна Кореа (2020 Customs Modernization Consulting Project for North Macedonia), кој го поддржа градењето на капацитетите на македонската Царинска управа, особено во делот на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови, како и анализа на ризик во е-трговија. Целта на овој проект беше да се зајакнат капацитетите на Царинската управа преку нејзина модернизација. Претставниците од Царината на Јужна Кореа изразија желба и за идна соработка и поддршка на Царинската управа со предлог за нови проекти финансирани од нив.
- Започна проект поддржан од Светска банка, со кој ќе се обезбеди развој на нов подобрен едношалтерски систем и инфраструктурно подобрување на граничнитепреминиЌафасан и ДевеБаир;Царинската управа изработи проектни програми за двата гранични премини во кои беа презентирани потребите како краен корисник во функција на подобрување на условите за работа. Претставници на проектната единица и Царинската управа извршија посета на граничните премини.
- Царинската управа активно учествува во Програмата на Унијата - Царина 2020. Во март 2020 година се потпиша новиот Грант договор за 2020 година, за фискалната 2020 година (1.4.2020-31.3.2021).
- Во тек е Проектот „Развој на гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција” (Програма IPA за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020)во рамките на кој е поставена сообраќајна светлосна сигнализација на граничните премини Богородица и Дојран;
- Започна проект „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам” кој е директно поддржан од Европската Унија преку програмата за прекугранична соработка со Република Албанија. Царинската управа како одговорна институција за прометот на стоки преку државната граница воспоставува соработка за координација меѓу сите субјекти кои учествуваат во системот за спасување на планина и непристапни терени.

- Проект „Поддршка на регионалната економска интеграција" за Западен Балкан и Република Молдавија. (5,35 милиони евра) на Европската Комисија и Германското федерално министерство за економска соработка и развој, кој има за цел да ги зајакне трговските односи и понатамошното продлабочување на економската интеграција помеѓу страните на ЦЕФТА. Тригодишниот проект, имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammen arbeit (ГИЗ) GmbH, ќе помогне во понатамошниот развој на олеснувањето на трговијата и трговијата со услуги според договорот со ЦЕФТА. Проектот преку подобрување на трговските процедури и регулативи има за цел да ја подобри ефикасноста на синџирите на снабдување во регионот и да ги намали трошоците за деловните активности.
- Царинската управа активно го користи и механизмот TAIEX преку кој континуирано се зајакнуваат институционалните и административните капацитети на Царинската управа;

# Планирани проекти/потреба

Во периодот 2023-2025, се планира усогласување на царинските (ИТ) системи согласно MASAP и UCC:

- Имплементација на национален систем за царински одлуки (UCC Customs Decisions system) усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за задолжителна тарифна информација (UCC BTI) усогласен со UCC
- Имплементација на национален Автоматизиран Систем за Извоз (UCC Automated Export System (AES)) усогласен со UCC
- Имплементација на транзитен систем (UCC Transit System including NCTS (F5 i F6)) усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за Single Window environment for customs усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за регистрација и идентификација на економските оператори (UCC Economic Operators Registration and Identification subsystem 2 (EORI2)) усогласен со UCC

- Имплементација на национален систем за e-Commerce& CP 42/63 усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за контрола на увозот (UCC Import Control System 2 (ICS2))
- Имплементација на национален систем за Surveillance 3 усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за Notification of Arrival, Presentation Notification and Temporary Storage усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за управување со гаранции (Guarantee Management (GUM)) усогласен со UCC
- Имплементација на национален систем за посебни процедури (UCC Special Procedures) усогласен со UCC
- Имплементација на промените во увозниот систем (Adjustments of the existing import applications) усогласено со UCC
- Имплементација на новата архитектура CCN2
- Имплементација на национален систем за единствено управување со корисниците и дигиталните сертификати (UCC Uniform user management&digital signatures - UUM&DS (Direct Trader Access to EIS)) усогласено со UCC
- Имплементација на систем за управување со референтни податоци (CS/RD2) усогласен со UCC
- Имплементација на измени во системот за управување со царинската тарифа (ITMS) усогласен со UCC
- Имплементација на систем за сметководствена евиденција на А и В сметки
- Имплементација на податочен склад и апликација за извештаи (Bussines inteligence. Data Warehouse)
- Изработка на систем за Сектор за контрола и истраги
- Имплементација на надградба на системот за управување со интелектуална сопственост (IRP (upgrade))

Проекти за инфраструктура – реконструкција на гранични премини:

- Изградба на Граничен премин „Маркова Нога” на границата со Република Грција.
- Реконструкција на Граничен премин „Делчево” на границата со Бугарија
- Реконструкција на Граничен премин „Деве Баир” на границата со Бугарија
- Реконструкција на Граничен премин „Ќафасан” на границата со Албанија

Царинската управа планира активно учество во идните Програми на Унијата, а се наследнички на Царина 2020 и TAIEX, ИПА проекти., како и реализација на планираните проекти кои се финансирани од заем од Светска банка. Освен тоа, планирана е анализа на потреби и реализација на проекти за набавки на опрема за контрола на дел од граничните премини, обезбедени преку донации.

# КЛАСТЕР 4



# ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВО ПОВРЗУВАЊЕ



# ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во областа на транспортот. Постигнат е **ограничен напредок** во извештајниот период, но само во врска со поврзаноста. Потребна е уште поголема политичка посветеност за спроведување на неопходните секторски реформи и потребни се повеќе напори за зајакнување на административните и оперативните капацитети за сите видови на транспорт. Нема напредок во завршувањето на клучните секторски реформи и препораките за 2019 година остануваат валидни. Во наредната година, земјата треба:

- да го зајакне оперативниот и административниот капацитет на инспекциските тела и да ги развие капацитетите за спроведување заради намалување на жртвите во патната и железничката инфраструктура;
- во реформите на железницата, да ги спроведува реформските мерки за поврзаност и да го отвори пазарот на железнички транспорт, да воспостави национален систем за континуирано собирање податоци за сообраќајни несреќи и да ги финализира договорите/протоколите за граничен премин;
- да донесе законодавство за интелигентни транспортни системи (ИТС) и комбиниран транспорт и да вложи дополнителни напори да создаде стратешка рамка за спроведување на ИТС и основните мрежи.



# ПАТЕН СООБРАЌАЈ

## Тековна состојба

### Пристап на пазарот

Со Законот за превоз во патниот сообраќај[91] се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.Во Законот се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЗ, Регулатива бр. 1072/09, Регулатива 1073/09/ЕЗ, Директива 2009/40/ЕЗ, Директива 2000/30/ЕЗ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЗ, Директива 94/06/ЕЗ.

Со Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај се регулираат односите кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај[92]. Законот делумно ја имплементира регулативата на Советот на Европската Унија бр. 181/11/ЕЗ.

### Патна инфраструктура

Со Законот за јавни патишта[93] се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ, Директива 96/09ЕЗ и Директива 96/08ЕЗ (делумно).

### Опасни материи

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај[94] во кој се уредени условите и начинот на вршење превоз на опасни материи во внатрешниот и меѓународниот патен и железнички сообраќај, условите кои треба да ги исполнуваат амбалажата и превозните средства, должностите на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, назначување на советник за безбедност, оспособување на лицата кои учествуваат во

91 „Сл.В” бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15 и 129/15 193/15 37/16, 71/16, 140/18, 64/18, 163/18 и 257/19.

92 „Сл.В” на бр. 23/13.

93 „Сл.В” бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015 и 150/2015.

94 „Сл.В ” бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15 и 31/16.

превозот на опасни материи, надлежностите на државните органи и надзорот над спроведување закон. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од Директивата 94/63/ЕЗ која се однесува на спецификациите за возилата–цистерни. Исто така, Законот предвидува примена на одредбите од АДР спогодба, која што континуирано се ревидира согласно најновото законодавство на ЕУ, од што произлегува дека и националното законодавство континуирано се усогласува со законодавството на ЕУ.

## Безбедносни прашања

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата[95] се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 671/91ЕЗ и 126/06ЕЗ.

Во делот на безбедноста на сообраќајот на патиштата сè уште е валиднаВтората национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2015-2020.

Со Законот за возила[96] се регулира испитувањето на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 37/99/ЕЗ, 38/07ЕЗ, 7/02/ЕЗ, 46/07ЕЗ, 37/03ЕЗ, 53/96ЕЗ.

Со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај[97] се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата. Во Законот комплетно се имплементирани сите европски мерки со кои се регулира ова прашање (време на возење и одмор на возачите) и тоа:Регулатива бр. 3821/85/ЕЕЦ, Регулатива 561/2006/ЕЦ, Директива 2006/22/ЕЦ (делумно), Директива 2002/15/ЕЦ.

95 „Сл.В" бр.169/15.
96 „Сл.В" бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13.
97 Сл.В" бр. 140/18.

**Техничка помош за формирање Извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата** - Владата донесе заклучок за формирање работна група за воспоставување на Извршно тело кое ќе има одговорност за подобрување на безбедноста на патиштата во земјава. Со помош обезбедена преку ЕУИФ инструментот, Министерството за транспорт и врски ќе добие техничка (стручна) поддршка за формирање на извршен орган за безбедност на патиштата. Резултатите од овој проект ќе претставуваат основа за воспоставување на извршно тело за успешно и одржливо управување со безбедноста на патиштата во земјата.

## Институционална рамка

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и единиците на локалната самоуправа.

Во **Министерството за транспорт и врски** постојат три одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај. Работите од оваа област ги извршуваат:

- Одделение за товарен сообраќај – седум лица со висока стручна спрема и четири лица со средна стручна спрема.
- Одделение за превоз на патници – четири лица со висока стручна спрема и две лице со средна стручна спрема.
- Одделение за превоз на опасни материи во кое се вработени две лица со висока стручна подготовка и едно со средна стручна спрема.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура и во 2020 година, согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, континуирано се вршеше издавање сертификати за професионална компетентност на управителите на транспортните фирми, сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, додека на фирмите кои вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај им се издаваа лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај, како и лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај. Детален преглед за бројот на издадени сертификати и лиценци е даден во кварталните извештаи за реализација

на активностите од НПАА за 2020 година. Исто така, во 2020 година продолжи издавањето сертификати за возачи за превоз на опасни материи и советници за безбедност при превоз на опасни материи, како и мемориски картички за тахографи во возилата.

**Министерството за транспорт и врски** е надлежна институција за подготовка на правните акти кои произлегуваат согласно Законот за јавните патишта, а надлежни институции за имплементација на Законот за јавните патишта се: Јавното претпријатие за државни патишта и единиците на локалната самоуправа (локални патишта и улици). Во рамките на Министерството за транспорт и врски работите од областа на патната инфраструктура се во надлежност на Одделението за патна инфраструктура во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура. Во одделението се вработени две лица со висока стручна спрема.

**Министерството за внатрешни работи** е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Сектор за сообраќајни работи; полициските станици и полициските одделенија за безбедност во патниот сообраќај.

**Државниот инспекторат за транспорт** врши надзор над спроведувањето на законските прописи од Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Законот за жичарите и ски-лифтовите, Законот за јавните патишта и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, меѓународните договори и спогодбите ратификувани од Собранието, подзаконските акти, годишната програма за работа и останатите тековни активности.

## Краткорочни приоритети

### ПРИСТАП КОН ЗАЕДНИЧКИОТ ПАЗАР НА ТРАНСПОРТ

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира продолжување на активностите околу склучување спогодби за меѓународен превоз на патници и стоки со земјите со кои Северна Македонија сè уште нема склучено спогодба.

Во текот на 2021 година се предвидува со измените и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај да се изврши транспонирање на одредбите од Директивата 2006/0001 која се однесува на изнајмување на возила при вршењето превоз на стоки во патниот сообраќај.

Во 2021 година во Законот за јавните патишта се предвидува имплементирање на Директивата бр. 2004/54/ЕЦ за минималните барања за безбедност на тунели на Транс-Европската патна мрежа.

## Среднорочни приоритети

### ПРИСТАП НА ЗАЕДНИЧКИОТ ПАЗАР НА ТРАНСПОРТ

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување спогодби за меѓународен превоз на патници и стоки со земјите со кои Владата сè уште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12.2023 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2023 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2023 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2024 година.

Предвидено е донесување на прописи во националното законодавство кои се однесуваат на Интелигентен транспортен систем. Во рамките на проектот за Транспортно олеснување во Западен Балкан (WBTTFP) финансиран од Светска банка предвидено е да се воспостават Интелигентни транспортни системи (ИТС) долж Коридорот 10. Преку овој Проект предвидена е техничка помош преку која соодветно ќе се транспонира и Директивата 2010/40 за Интелигентни транспортни системи и Акциониот план за имплементација од ИТС Директивата (ЕК 2011/289) во националното законодавство. Од аспект на законодавна активност од овој Проект предвидена е техничка помош за имплементација на ЕУ Директивите за ИТС и стратегија за одржување на ИТС опремата. Постои можност за вклучување на уште една активност, подготовка на Национална стратегија за поставување на ИТС. Повеќе детали за овој Проект се содржани  во Поглавјето 21.

# ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

## Тековна состојба 2020 година

Владата на секои три години донесува Одлука за утврдување на обврска за јавна услуга во железничкиот превоз на патници. Последната Одлука е објавена во Службен весник број 277 од 29 декември 2019 година и е за периодот 2020-2022 година. Врз основа на оваа Одлука, Министерот за транспорт и врски во име на Владата потпиша договор за обврска за јавни услуги со директорот на МЖ Транспорт АД како железничко претпријатие. Последниотдоговор меѓу Министерството и МЖ Транспорт АД како железничко претпријатие е потпишан на 2 јануари 2020 година и е за периодот 2020-2022 година. Методологијата за пресметка на надоместокот е пропишана во членот 120 од Законот за железнички систем, а во Договорот се пропишани точно кои вид на трошоци се предмет на надомест, односно: надомест за користење на железничката инфраструктура, енергија, одржување и дел од вработените (трошоци за диригенти и билетари). Врз основа на пресметката обезбедена од железничкиот превозник, секоја година во Буџетот на Министерство за транспорт и врски се распределуваат одредени финансиски средства, а секој месец железничкиот превозник доставува писмено барање со придружни документи и пресметки за пренесување на средствата наменети за ПСО на посебно отворена сметка оваа намена.Нема приватни железнички компании влезени во земјата. Со последните измени и дополнувања на Законот за железнички систем, приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока во согласност со одредбите на Законот по пристапувањето на Северна Македонија во Европската Унија.

Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година[98] изнесува360.000.000 денари, односно 5,85 милиони евра.

Сè уште не е оперативно истражното тело по однос на истрага на несреќиво железничкиот сообраќај. Во постојниот Закон за сигурност во железничкиот систем е пропишано дека Владата ќе основа Комитет за истрага на сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничките системи како независно правно лице. Комитетот ќе се состои од 3 истражители, од кои едниот е назначен за одговорен истражител. Предвидено е средствата за работа на Комитетот да се обезбедат од државниот буџет.

98 Сл.В бр:8/2021 од 12.01.2021

На Третиот министерски совет, во рамки на Договорот за основање на транспортна заедница (ДТЗ), одржан на 26.10.2020 година, министрите од Западен Балкан ги одобрија: Акцискиот план за железници, Акцискиот план за патишта, Акцискиот план за олеснување на транспортот и Акцискиот план за безбедност на патиштата, по претходно доставена и разгледана Информацијата за одобрувањето на Акциските планови (кои произлегуваат од работата на техничките комитети формирани во рамки на ДТЗ).

Владата на седницата одржана на 21 јануари 2021 година ја донесе Одлуката за давање согласност на инвестиционата програма за период 2021-2023 година и Финансиската програма за 2021 година на ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - (Сл. В.10/2021 од13.01.2021 година).

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (АРЖС) продолжува да работи како регулаторно тело во областа на железничкиот сообраќај.Во текот на 2020 година согласно законските надлежности извршени се контрола на квалитетот на услугите кои ги овозможува железничкиот превозник во услови на здравствената криза со Ковид - 19. Контролата е направена преку анкетирање на корисниците на железничкиот превоз во возовите и станиците. Резултатите од контролата ќе бидат дел од Годишниот извештај на Агенцијата.

Управа за сигурност во железничкиот систем (УСЖС) во 2020 година издаде повеќе акти од нејзината надлежност:

- 3 Решенија за Прва потврда за електрична локомотива
- 1 Сертификат за сигурност – дел А
- 1 Решение за обнова на овластување за обучувач
- 1 Решение за обнова на овластување за испитувач
- 1 Решение за овластување за обучувач
- 1 Решение за овластување за испитувач
- 4 Решенија за издавање на дозвола за машиновозач.
- Од надлежностите во инспекцискиот надзор, спроведени се 4 инспекциски надзори.

По обезбедени буџетски средства, во јануари 2020 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија распиша јавен оглас за именување тројца иследници на Комитетот за водење на сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем од кои еден ќе се именува за одговорен иследник, но истиот не се реализира.



# Институционална рамка

- **Министерството за транспорт и врски** – Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Секторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички сообраќај. Во Секторот вкупно се вработени 10 државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на секторот.
- **Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор –АРЖС (Регулаторно тело)**: Агенцијата има 2 вработени и директор. Во 2020 немаше нови вработувања.
- **Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (Орган за сигурност)**:Управата за сигурност во железничкиот систем е орган во состав на Министерството за транспорт и врски на кој мусе доверени задачите поврзани со сигурноста на железницата во согласност со закон за да се обезбеди унифициран сигурносен режим за специјализирани прекугранични инфраструктури. Управата има 2 сектори: Сектор за сигурност во железничкиот систем, во чиј состав има Одделение за проценка на сигурност во железничкиот систем и Одделение за лиценцирање; и Сектор за инспекциски надзор во железничкиот систем, во чиј состав има Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничката инфраструктура и Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничкиот сообраќај. Во Управата се вработени 10 државни службеници, вклучувајќи го и директорот на Управата.
- **Комитет за водење на истраги при случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти (Тело за истраги)**: Комитетот, предвиден да биде составен од тројца иследници, од кои еден одговорен иследник и ќе биде формиран од страна на Генералниот секретаријат на Владата. Телото сè уште не е функционално, заради неуспешниот обид за избор и именување на иследници.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

До средината на 2021 година, Собранието треба да ги донесе новите **Закони за железничкиот систем, Законот за безбедност во железничкиот систем и Законот за интероперабилност во железничкиот систем**, усогласени со Четвртиот пакет на Дирекeтиви на Европската Унија, а до крајот на 2022 година да се донесат подзаконските акти со кои ќе се создадат услови за отворање на пазарот на железнички услуги. Овие три закони се во насока на отворање на пазарот за железнички услуги

Склучување на повеќегодишен договор меѓу Владата претставувана од Министерството за транспорт и врски и ЈП за железничка инфраструктура Железници, како управител во одржувањето на железничката инфраструктура и за управување, организација и регулирање на железничкиот сообраќај.

На предлог на ЈП за железничка инфраструктура Железници, Владата ќе донесе План за одржување на железничката инфраструктура за период од пет години.

Во 2021 година ќе продолжи интензивна комуникација со ресорното Министерство на Република Грција за доусогласување на текстот на Спогодбата за гранично регулирање на железничкиот сообраќај за граничниот премин Гевгелија-Идомени и за Спогодбата за гранично регулирање на железничкиот сообраќај за граничниот премин Кременица-Месонисон.

Управа за сигурност во железничкиот систем (УСЖС), во периодот 2021-2022 година, ќе ги зајакне инспекциските контроли во рамките на своите надлежности и ќе ги интензивира координативните работи околу поврзувањето на виртуелниот регистар на железнички возила кој ќе го воспостави Европската агенција за железници.

Комитетот за водење на истраги при случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти ќе стане целосно функционален преку негово целосно екипирање.

## Институционална рамка

Во периодот 2021-2022 година ќе се зајакнат капацитетите на Министерство за транспорт и врскипреку 3 нови вработувања кои ќе работат на усогласување на законодавството и работа со проекти кои се финансираат од меѓународни фондови. Предвидено е техничко опремувањеи организирање на обуки на вработените во насока на навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на потребните реформи во железницата.

Согласно Годишниот план за работа за 2021 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се планира доекипирање на Агенцијата со две нови вработувања.

Во периодот 2021-2022 година потребно е кадровско доекипирање на Управа за сигурност во железничкиот системпреку вработување на 2 инспектори, од кои едниот како советник во Одделението за инспекциски надзор за сигурност на железничката инфраструктура, а другиот како советник во Одделението за инспекциски надзор за сигурност на железничкиот сообраќај.Освен тоа, потребно е назначување на раководител на секторот за инспекциски надзор во железничкиот систем, како и вработувања на раководители на сите одделенија: Одделение за проценка на сигурност во железничкиот систем, Одделение за лиценцирање, Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничката инфраструктура и Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничкиот сообраќај.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Согласно Договорот за основање на транспортната заедница, ќе се продолжи со усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Управата за сигурност во железничкиот систем, во соработка со Европската агенција за железници, ОТИФ и други европски органи за сигурност, ќе работи на обезбедување на интероперабилност и сигурност во железничкиот систем, како и активно ќе учествува во донесувањето на прописите од областа на сигурноста во железничкиот систем.

- **Комитет за водење на истраги при случени сериозни несреќи,** несреќи и инциденти (Тело за истраги):Работа на Комитетот, согласно законските надлежности

## Институционална рамка

Потребно е издвојување на Управата за сигурност во железничкиот системкако посебен правен субјект, независен од други железнички превозници и управители на инфраструктура, да се зајакне со квалификуван кадар и на тој начин да стане клучен фактор во обезбедување на сигурноста во железничкиот систем.

Ќе се воспостави Комитет за водење на истраги при случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти (Тело за истраги). Истото ќе се опреми со техничка опрема, а и ќе се организираат обуки на вработените.

# ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

## Тековна состојба

Во подрачјето Внатрешен воден сообраќај, делумно се адресира и поморскиот транспорт. Покрај тоа што земјата е заобиколена со копно, истата е дел од сите основни транспортни конвенции на Меѓународната поморска организација.

Во областа на внатрешниот воден транспорт, релевантното законодавство на ЕУ е транспонирано, со одредени исклучоци. Институцијата која е одговорна за внатрешните водни патишта е Капетанија на пристаништата Охрид. Земјата активно учествува во Меѓународната комисија за сливот на Сава, но не учествува во Стратегијата на ЕУ за развој на Дунавскиот регион. Земјата ги потпиша главните меѓународни договори за внатрешни водни патишта, како и неколку билатерални договори со соседните земји.

## Правна рамка

Заради настанати промени во бројот на пловни објекти и носивоста на патници на истите како и заради зголемениот обем на пловидба на внатрешните пловни патишта, предвидени беа измени и дополнувања на Законот за внатрешната пловидба, но по новата проценка од признатото здружение за класификација на пловни објекти донесена е одлука за намалување на бројот на патници на пловни објекти за комерцијални цели или превоз на патници. Со оглед дека во Република Северна Македонија нема бродови кои пловат на претходно означени или одредени пловни патишта или поврзани линии (Директива (EU) 2016/1629 Точка 1 Член 24 Став а), донесена е одлука, по примерот на други земји членки на Европска Унија, имплементирањето на Директивата да се одложи.

Изработен е нов Предлог закон за внатрешна пловидба за делумно усогласување со следните директиви:

- Директива на Советот 96/75/ЕС од 19 ноември 1996 година за системите за утврдување на чартер превоз и цени во националниот и меѓународниот превоз по внатрешните води во Заедницата;
- Регулатива на Советот 1356/96/ЕС од 08 јули 1996 година, за заедничките правила што се применуваат за превоз на стоки или патници по внатрешните пловни патишта меѓу земјите членки со цел да се постигне слободно и непречено спроведување на таквите транспортни услуги
- Регулатива на Советот 3921/91/ЕЕЗ од 16 декември 1991 година, за утврдување на условите под кои нерезидентни превозници може да превезуваат стоки или патници по внатрешните пловни патишта во рамките на земјите членки, и
- Директива 2017/2397 на Европскиот парламент и Советот од 12 декември 2017 година за признавање на стручните квалификации во внатрешната пловидба и ставање вон сила на Директива 91/672/ЕЕЗ и Директива 96/50/ЕЗ.

Со истиот ќе се регулира и: начинот за избор на признато здружение за класификација за вршење работи заради утврдување на способноста за бродот за пловидба, начинот на користење на пристаништата, нивно одржување, опремување и обележување; начинот на определување надлежности во делот на управување со плажите; мерење на алкохолизираноста кај управувачите со пловни објекти и постапка за лиценцирање на чамците за комерцијални цели.

## БЕЗБЕДНОСТ ВО ПЛОВИДБАТА

Во насока на подобрување на условите на пловните патишта и пристаништата на внатрешните води, а со цел регулирање на пловидбата и остварување безбедна и непречена пловидба, во текот на 2020 година, во Охридското Езеро беше поставена пловечка сигнализација и знаци за регулирање на пловидбата.

НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

Согласно Годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2020 година и Оперативниот план за спроведување на истиот, од страна на инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид, се вршат редовни контроли над способноста за пловидба на пловните објекти, бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипаж на пловните објекти, превозот на патници во поглед на заштитата на животите на луѓето и имотот и заштита од загадување од пловните објекти.

Обемот на вршењето контрола е условен од обемот и видот на пловидбата што се одвива на внатрешните води во земјата (за спорт и рекреација и превоз на патници).

- Поставување на ГПС уреди на скутери и мониторинг на истите;
- Продлабочување и чистење од нанос на дното на влезот на каналот Студенчишта;
- Продлабочување и чистење од нанос на дното на пристаништата во Охрид и Св. Наум;
- Поставување на сигнализација и знаци за регулирање на пловидбата на Преспанско и Дојранско Езеро;
- Тековно одржување на сигнализацијата и знаци за регулирање на пловидбата на Охридско Езеро.
- Надополнување на постојната сигнализација заради дотраеност и оштетувања на Охридско Езеро
- Изготвување годишна програма, квартални и месечни планови за работа на инспекциската служба.

## Институционална рамка

Министерство за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата – Охрид, е надлежна за спроведување на политиката за развојот на внатрешниот воден сообраќај и остварување безбедност во пловидбата. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Капетанијата има две одделенија: Одделение за внатрешна пловидба и Одделение за логистичка поддршка. Во Капетанијата вкупно се вработени 19 државни службеници, вклучувајќи го и капетанот на Капетанијата.

## Краткорочни приоритети

Согласно Програмата за работа на Владата, а со цел подобрување на условите на пловните патишта и пристаништа на внатрешните води и регулирање на пловидбата заради остварување безбедна и непречена пловидба, во периодот 2020-2021 година се предвидени активности за:

Целосно усогласување на Директива 91/672/ЕЕС од 16 декември 1991 година, за взаемно признавање на националните сертификати на заповедниците на пловни објекти за превоз на стока и патници во внатрешната пловидба, во Правилникот за видовите на звања за член на екипаж на брод, посебните услови за стекнување на одделни видови звања, работите кои член на екипаж на брод од одделен вид на звање може да ги извршува, начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање уверение за стекнување одделен вид на звање, формата и содржината на потврдата за положен испит и на уверението за стекнатото звање за член на екипаж на брод.

Континуирано следење и усогласување со европското законодавство во делот на внатрешниот воден сообраќај, а со цел усогласување на Законот за внатрешната пловидба и подзаконските акти согласно потребите на земјата и природниот потенцијал за користење на овој ресурс.

## Институционална рамка

Во согласност со расположливите финансиски средства, во 2021 година се планира да се реализираат обуки потребни за вработените.

## Среднорочни приоритети

Во текот на 2023 - 2025 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската Унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на земјата во делот на внатрешниот воден сообраќај. Воедно се предвидуваат и набавка на пловни објекти за Капетанија на пристаништата, како и набавка на брод за чистење на езерското дно и одржување на пловните патишта;



# КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

## Тековна состојба

Националната стратегија за транспорт 2018 - 2030 година (донесена на 25.12.2018), предвидува да се создадат услови за превоз на патници и стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа. Првиот годишен извештај за имплементација на Националната стратегија за транспорт 2018-2030 година го опфаќа напредокот за периодот јануари 2018 година - декември 2019 година и истиот е усвоен на 17 ноември 2020 година, со цел да се измери досега постигнатиот напредок во исполнувањето на целите, како и да се идентификуваат предизвиците и прашањата што треба темелно да се анализираат и да се предложат решенија за нивно надминување во Планот за имплементација за спроведување на Стратегијата. План за имплементација за спроведување на Стратегијата се очекува да биде развиен во текот на 2021 година, поддржан од фондовите на ЕУ. Подетално, во оваа Стратегија утврдена е Општата цел број 3: Воведување на зелена мобилност и логистика фокусирана на еколошка ефективност на транспортниот сектор. Во рамките на оваа општа цел идентификувани се две посебни цели кои ја даваат насоката на спроведување на комбинираниот сообраќај како дел од транспортната политика во идниот период, и тоа: Посебна цел 3.2: „Да се стимулира промена од еден на друг вид на транспорт" каде што неизбежно се утврдува потребата за воспоставување на Мултимодален јазол за физички да се овозможи промената. Исто така, идентификувана е Посебна цел 3.3: „Да се зголеми важноста на интермодалниот и мултимодалниот транспорт во националната транспортна политика". Оваа посебна цел директно ги утврдува идните насоки за спроведувањето на ова подрачје.

Мултимодалноста на превозот на патници е обезбедена и на двата аеродрома, во Скопје и во Охрид. Аеродромот во Скопје е блиску до автопатот на Коридорот X (А1) и на Коридорот VIII (А2) и има сериозен потенцијал за да стане важна логистичка и транспортна крстосница, не само за државата туку и за целиот балкански регион. Аеродромот во Охрид главно е ориентиран кон туризам и има патна врска со југозападниот дел на Коридорот VIII (А2), блиску до границата со Албанија. Распространетоста на трасата на една нова планирана железничка пруга по должина на Коридорот VIII минува блиску до аеродромот во Охрид и би било возможно да се поврзе аеродромот со идната железничка пруга.

Во текот на 2020 година продолжи спроведувањето на проектот за подготовка на проектна документација и иден проект за иден развој и функционирање на мултимодалниот јазол во Трубарево како финансиски исплатлив проект, финансиран во рамките на СОПТ ИПА2. Поради слабиот квалитет на добиени понуди, на 23 декември 2020 година, Комисијата за евалуација одлучи да го поништи тендерот. Министерството за транспорт и врски бешезадолжено да подготви нацрт-закон усогласен со законодавството на Европската унија за комбиниран транспорт и да го достави до Владата, најдоцна до 31 март 2021 година. Се подготви ревидирано тендерско досие и беше доставено до МФ-CFCD за повторно објава на 26 март 2021 година. Тековни консултации во врска со понатамошните дејствување во однос на проектот се во тек. По склучување на договорот, проектот ќе трае 18 месеци.

## Краткорочни приоритети

Изработка на Физибилити студија за мултимодален товарен јазол во регионот на Скопје, заедно со тендерска процедура за изработка на проектна документација за мултимодален јазол во Трубарево: По направениот избор на компанијата ќе се склучи договор со траење од 18 месеци и се очекува избраната компанија да достави студии и проектна задача за предложената локација во Трубарево, која ќе даде насоки во кои правец да се развива истиот и на кој начин да се реализира неговата изградба и оперативност.

Проектот за изградба на новиот Интермодален терминал може да се спроведе во две фази. Во првата фаза треба да се изгради основната инфраструктура како: железнички колосеци, пристап до терминалот, претоварна платформа, паркинг за камиони и автомобили, мали складишта и објекти за обезбедување услуги како управување со царински терминали. Во оваа фаза, капацитетот на терминалот (опремата за повторно товарање, капацитетот на складиштето, паркингот) треба да обезбедува околу 6 000 – 8 000 ТЕУ годишно. Се предвидува дека фазата 1 ќе обезбеди профит (задоволително враќање на капиталот) во краток временски период. Во втората фаза може да се воспостават повеќе или поголеми складишта или нови специјализирани области за различни услуги ако се зголеми побарувачката за превоз на ТЕУ.

Проектот за мултимодалниот јазол во Трубарево е предвиден во Поглавје 21 Транс-европски мрежи.

Во однос на правната рамка, во рамките на Поткомитетот за транспорт, енергетика, животна средина и регионален развој преземена е обврска за подготовка на предлог правен пропис усогласен со законодавството на ЕУ за комбиниран транспорт во прва половина од 2021 година.

Во текот на 2021 година, ќе се донесе План за имплементација за спроведување на **Националната стратегија за транспорт 2018-2030**, поддржан од фондовите на ЕУ.

Активностите од краткорочна рамка продолжуваат и на среднорочен план, како во делот на законодавната рамка така и во делот на инфраструктурата (за повеќе детали види поглавје 3.21 ТЕН – Патни мрежи).

# ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

## Тековна состојба

Донесенисе Правилник за персонал за регулирање на проток на сообраќај (Сл.В бр.127/20) со кој се врши усогласување на нашето законодавство со следните ЕУ мерки: Регулативата (ЕУ) бр. 255/2010; Правилник за заедничките основни правила за дејностите во цивилното воздухопловство (Сл.В бр.214/20) со кој се врши усогласување на нашето законодавство со следните ЕУ мерки: Регулативата (ЕУ) бр.2018/1139; и Правилник за екипаж на воздухоплов (Службен Весник бр.228/20) со кој се врши усогласување на нашето законодавство со следните ЕУ мерки: Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 изменета со 290/2212, 70/2014, 254/2014, 2015/445, 2015/445, 2016/539, 2016/539, 2018/1119, 2018/1065, 2018/1974, 2019/27, 2019/430 и 2019/1747.

### НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Врз основа на член 6 од Законот за воздухопловство, Министерството за транспорт и врски подготвува Национална стратегија за развој на воздухопловството, како оперативен документ со период на важност од 10 години.Во тек е проект за подготовка на Национална стратегија за развој на воздухопловството 2022-2031, кој е предвиден во рамки на СОПТ Планот за набавки 2014-2020 со алоцирани средства од ИПА 2 инструментот. Тендерското досие е одобрено од ЕУД и се очекува објавување на тендерот.

### ФУНКЦИОНАЛЕН ВОЗДУШЕН ПРОСТОР

**Националните власти се вклучени со статус** на набљудувач во функционалниот блок на воздушниот простор DANUBE каде се разгледуваат ефикасноста во функционирањето на ФАБ-овите, прогнозите за порастот на сообраќајот и прашањето на економија на обемот, фрагментацијата на воздушниот простор и додадената вредност на FAB-овите при изработката на cost-benefit анализите, најавените измени на ЕУ регулативите во насока на изработката на плановите за ефикасност на даватели на услуги за третиот референтен период, почнувајќи од 2020 година, со посебен осврт на клучните области на ефикасноста, како: безбедноста, капацитетот на воздушниот простор, трошковната ефикасност и заштитата на човековата околина.

**Стекнување на статус на набљудувач во BLUE MED FAB:** Република Северна Македонија изрази интерес за стекнување на статус на набљудувач во функционалниот блок на воздушниот простор BLUE MED FAB, ,без притоа да се преземе обврска за идно членство во истиот. На 27 април 2020 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу земјите членки на BLUE MED FAB и Република Северна Македонија. Согласно овој меморандум номинирани претставници од Република Северна Македонија ќе учествуваат во активностите на работните тела на BLUE MED FAB, а понатаму ќе се разгледа потребата за идните постапки и подготовки за можно поднесување на апликација за придружување на земјата како рамноправен член кон земјите-членки на BLUE MED FAB.

### ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА М-НАВ А.Д. - СКОПЈЕ

М-НАВ А.Д. - Скопје продолжува активно да учествува и партиципира како членка во GateOne групацијата на даватели на услуги на воздухопловна навигација следејќи ги актуелните состојби во регионот и на европско ниво. Воедно М-НАВ А.Д. – Скопје е и членка на CANSO Europe и CANSO GLOBAL, организации преку кои давателите на услуги во воздухопловна навигација здружено ги претставуваат своите интереси во меѓународните институции.

М-НАВ А.Д. – Скопје со другите регионални партнери, НАТО и ЕУРОКОНТРОЛ и понатаму учествува во изнаоѓање на решение за нормализирање на движењето на воздушниот сообраќај во долниот воздушен простор над Косово.

## Институционална рамка

Министерството за транспорт и врски е надлежно за работите од областа на воздухопловство, во согласност со Законот за воздухопловство. Согласно Правилникот за систематизација, во Секторот за воздухопловство во рамки на Министерството за транспорт и врски вработени се 6 лица.

Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во член 7-б од Законот за воздухопловство. Вкупниот број на постојано вработени изнесува 65.

За спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, Владата формира Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело со својство на правно лице. Комитетот се состои од тројца истражители именувани од Владата, од кои еден именуван за претседател на Комитетот. Комитетот е организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија.

За извршување на работите поврзани со управување со воздушниот простор и флексибилно користење на воздушниот простор, Владата формира Цивилно-воен комитет. Во Комитетот членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерство за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата и давателот на услуги на воздухопловна навигација. Работата на Комитетот ја координира претставникот од давателот на услуги на воздухопловна навигација.

**М-НАВ А.Д. - СКОПЈЕ**: Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство, а во согласност со Законот за трговските друштва за вршење на услуги на воздухопловната навигација, Владата основа акционерско друштво за вршење на услуги на воздухопловната навигација, со еден акционер – државата и со основна дејност давање на услуги на воздухопловната навигација во согласност со домашните и меѓународните SES регулативи, стандарди и препорачани практики. За вршење на основната дејност на М-НАВ А.Д. - Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на секои 2 (две) години му се издава Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација - последното издадено Уверение во согласност со ЕУ Рег.1035/2011 од страна на Агенцијата за

цивилно воздухопловство во март 2020 година и со важност до март 2022 година. Во М-НАВ А.Д. - Скопје постојано вработени се 303 лица.

## Краткорочни приоритети

Краткорочните приоритети во најголема мера се однесуваат на заокружување на регулаторната рамка во областа. Оттаму, во наредниот период ќе се донесат:

- **Закон за воздухопловство:** Донесувањето на нов Закон за воздухопловство е со цел негово усогласување со новите прописи на Европската Унија содржани во новиот Анекс I на Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област (ЕЗВО).
- **Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај:** Измените на законот имаат за цел транспонирање на новите ЕУ прописи кои ќе произлезат од ревидираниот Анекс I на Мултилатералната спогодба за ЕЗВО.
- Уредба за пријавување и истражување на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови – предлог текстот на Уредбата е изработен во соработка со експерт од Австрија кој беше ангажиран во рамките на TAIEX експертската мисија одржана од 10-13.09.2019 година.Со Уредбата ќе се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕУ) 996/2010, Регулативата (ЕУ) 376/2014 и Регулативата (ЕУ) 2015/1018.
- Правилник за летачки операции - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр.965/2012; 1008/2008, 2019/2, 452/2014, 800/2013, 71/2014, 83/2014, 379/2014,2015/140, 2015/640, 2015/1329, 2015/2338, 2016/1199, 2017/363, 2018/394, 2018/1042, 2018/1975, 2019/1384, 2019/1387 и 1139/2018).
- Правилник за одржување, обележување, противпожарство и издавањето на уверение за исполнување на условите за безбедно користење на аеродромите - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр.139/2014 и 2018/401 за користење, одржување и обележување на аеродроми.
- Правилник за изградба на аеродроми и препреки - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр.139/2014 и 2018/401 за изградба и реконструкција на аеродроми.
- Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на стручното оспособување на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор - со правилникот ќе се транспонираат одредбите за надзор на организации или центри за обука на персоналот во воздухопловството од Регулативите (ЕУ) Бр.1178/2011 и 139/2014.
- Правилник за начинот и правилата на летање со едрилици - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр.2018/1976 и 2018/1139.
- Правилник за начинот и правилата на летање со балони – со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр. 2018/395 и 1139/2018.

- Правилник за организацијата на работното време, времето на летање и времетраењето на одморот на членовите на екипажот на воздухоплов - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр. 965/2012 и 3922/91.
- Уредба за посебните услови начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството - со уредбата ќе се транспонираат одредбите од Регулативите (ЕУ) бр.1178/2011, 290/2012, 70/2014, 245/2014, 2015/445, 2016/539, 2018/1065, 2018/1119, 2018/1974, 2019/27, 2019/430, 2019/1747 и 2015/340.
- Правилник за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за вршење на здравствени прегледи на персонал во воздухопловството и/или друг стручен персонал – со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕУ) бр.1178/2011.
- Правилник за начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов, изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за одржување на воздухоплови – со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕУ) бр.1321/2014; 2015/1088; 2015/1536; 2018/1142; 640/2015 и 2019/133.
- Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува лицето за да врши инспекциски работи - со правилникот ќе се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕУ) бр. 1139/2018 и 139/2014.

## Среднорочни приоритети

Во оваа временска динамика се планира имплементација на донесената регулатива за воздушен сообраќај како и следење на новините во ЕУ законодавството во оваа област и постапување по истото.



# ЕНЕРГЕТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата продолжи да биде **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **добар напредок**, особено преку донесување на законодавството за спроведување во врска со третиот енергетски пакет. Во наредната година, земјата особено треба:

- да заврши со раздвојување на операторот на системот за пренос на гас;
- да го зголеми бројот на вработени, како и техничкиот/инженерски капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика;
- да го донесе и спроведе законодавството за спроведување на енергетската ефикасност.

# Резиме

Во делот на енергетиката, во наредниот период се очекува да се спроведуваат мерки и активности кои ќе придонесат за обезбедување на сигурност во снабдувањето на сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите во земјата. Едновремено ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока, се очекува да се намали увозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси.

Се очекува целосна имплементација на Законот за енергетика кој е усогласен со Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.

Во делот на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија ќе се спроведуваат мерки и активности за постигнување на стратешките цели за заштеди на енергија и учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија.



# СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО

Приоритетите на Владата во енергетскиот сектор, се поврзани со националните цели за сигурно (и конкурентно) снабдување со енергија и развој, и вклучуваат, сигурно снабдување со енергија;одржлив економски развој и конкурентност на економијата. Сигурноста во снабдувањето е зајакната. Во наредниот период ќе се работи на диверзификација на видовите енергија достапни за потрошувачите.

## Тековна состојба

### Правна рамка

Во Законот за енергетика[99] транспонирани се следните ЕУ прописи:

- Директива 2009/72/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија и Регулативата 714/2009 за условите за пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија;
- Директива 2009/73/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на природен гас и Регулативата 715/2009 за условите за пристап на мрежите за пренос на природен гас,
- Директивата 2005/89/ЕС за мерките со кои се обезбедува сигурност во снабдувањето со електрична енергија и инвестиции во инфраструктурата, -Директивата 2004/67/ЕС за мерките со кои се обезбедува сигурност во снабдувањето со природен гас,
- Директива 2009/28/ЕС за промоција на користењето на енергија од обновливи извори и
- Регулативата 534/2013 за поднесување и објавување на податоци за пазарот на електрична енергија.

99 Сл.В бр.96/18

Со Законот се воспостави ефективна законска рамка за соработка, меѓусебно известување и координација на активностите на надлежните органи на земјата со соодветните институции на Енергетската заедница, во однос на обврските за известување за сигурноста во снабдувањето, координирано постапување во кризни состојби, известување за наметнување и следење на исполнувањето на обврските за обезбедување на јавна и универзална услуга и можност за координирани активности во врска со функционирањето и развојот на регионалните пазари на енергија, а особено во распределбата на интерконективните капацитети, управувањето со балансирањето и пристапот на трети страни на енергетските системи.Во текот на 2020 година се спроведоа активности на доработканаподзаконската регулатива

.

Согласно Законот за енергетика АД ЕСМ не е повеќе регулиран производител на електрична енергија. Ова значи дека Регулаторната комисија за енергетика не ја утврдува цената по којашто АД ЕСМ ја продава електричната енергија, како и тоа дека повеќе учесниците на пазарот на електрична енергија на големо, поконкретно снабдувачот со електрична енергија којшто има обврска за универзална услуга, нема обврска да купува електрична енергија од АД ЕСМ. На овој начин се овозможи целосно отворање на пазарот на електрична енергија на големо.

Законот за енергетика исто така утврдува обврски за сопственичко раздвојување на операторот на преносниот систем за електрична енергија, како и сертификација во согласност со Третиот енергетски пакет.

Во тек е проект за спојување на пазарите со електрична енергија меѓу Северна Македонија и Бугарија. Формиран е управувачки комитет на Проектот, дефинирани се работните групи, временската рамка на одвивање на Проектот, а потпишан е и договор за заемна соработка на институциите во Проектот.

Во насока на одржување на сигурноста во снабдувањето, РКЕ на 13 јули 2020 година го одобри Планот за одржување на електропреносната мрежа за 2020 година, на 20 јули 2020 година го одобри Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2020 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, додека на 23 јули 2020 година го одобри Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа на АД ЕСМ Скопје.

Во декември 2019 година се донесе и Законот за стратешки инвестиции со кој се транспонира Регулативата за Трансевропски енергетски мрежи. Согласно овој закон за стратешки инвестициони проекти се сметаат и проектите реализирани во рамките на меѓудржавни договори, проекти кои се спроведени и финансирани во соработка со Европската Унија, Министерскиот Совет на енергетска заедница, (PECI – Project of Energy Community Interest; PMI – Project of Mutual Interest; PCI– Project of Common Interest). За PECI и PMI, законот предвидува статус на стратешки инвестиционен проект по сила на овој закон, а на предлог на Комисијата која е составена од министрите во Владата.

**Стратегијата за развој на енергетиката за период до 2040** година се донесе во декември 2019 година,(Сл.В бр. 25/2020).

На 01.01.2021 почна примената на новиот **Закон за задолжителни нафтени резерви**[100] во кој е извршено транспонирање на новата Директива 2009/119/ЕЗ.Се донесоа и сите подзаконски акти, вклучително и оние во кои треба да бидат транспонирани четирите анекси кон Директивата 2009/119/ЕЗ (Анекс I – IV), како и Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати (Сл.В бр. 17/2021).

Министерството за економија на 31 јули 2020 изготви и објави Извештај за сигурноста во снабдувањето со природен гас, кој беше доставен до Секретаријатот на Енергетската заедница.

## Институционална рамка

Владата на 16 јануари 2021 година ја усвои **Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година.** Со оваа програма се дефинираат потрошувачите кои спаѓаат во оваа категорија, мерките за заштита кои се превземаат, мерки за заштеда на електрична енергија и енергетска ефикасност, начините за реализација на мерките, мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија, мерките што ги преземаат снабдувачите со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, и потребните средства и извори за финансирање.

100 Сл.В бр.144/14, 178/14, 199/15 и 197/17, 7/19 и 275/19



# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

- Донесена е Уредба за директни водови и Уредба за прогласување на кризна состојба (
- Финализација на проектот Спојување на ден однапред пазарите со електрична енергија меѓу Северна Македонија и Бугарија е во тек, и се очекува да заврши до крајот на 2021 година
- Министерството за економија, најдоцна до 31 јули 2021 ќе изготви и објави Извештај за сигурноста во снабдувањето со електрична енергија и истиот ќе го достави до Секретаријатот на Енергетската заедница.
- Донесување на Уредбата за квалитетот на течните горива
- Врз основа на закон ќе се донесат среднорочните и годишните акти на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви (како правен наследник на Дирекцијата) со кои се уредуваат начинот, динамиката и потребните финансиски средства на формирање, чување и одржување на задолжителните нафтени резерви за тековната година.

## Институционална рамка

- Во текот на 2021 година, се планира зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерство за економија и Агенција за енергетика со нови вработувања. Исто така претставниците од овие институции активно ќе учествуваат во работните групи при Секретаријатот за Енергетска заедница.
- Во текот на 2021година, во Дирекцијата се очекува да се добие согласност за пополнување на 2 (две)  работни места, со цел да се реализира неопходната кадровската екипираност што треба да овозможи квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

# Среднорочни приоритети

Активности за имплементација на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година.

Во рамки на среднорочните приоритети на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви е донесувањето на **Акцискиот план во кој рамковно ќе се уреди динамиката на формирање на задолжителните резерви до потребното минимално ниво, најдоцна до 31. декември 2022 година**, согласно Одлуката на Министерскиот совет на Енергетска заедница, донесена на состанокот на министри одржан во Будва 2012 година.

Во предметниот период, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, Владата ќе донесува одлуки за количината и структурата на задолжителните резерви на годишно ниво, за секоја тековна година одделно.

# ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

## Тековна состојба

### Правна рамка

Една од основните цели во енергетика е поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, како и интегрирање на енергетските пазари на земјата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори како што е и Договорот за основање на енергетската заедница. Главната цел на спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија е понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно функционирање на пазарот на енергија и создавање услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во земјата. Ова е во согласност со Стратегијата на Европската унија 2020, Стратегијата на ЈИЕ 2020 како и регионалната Стратегија за енергетика на енергетската заедница.

Околу 49% од вкупната потрошена **електрична енергија** во земјата се обезбедува на отворениот пазар на електрична енергија, вклучувајќи ги и количините на електрична енергија за покривање на загубите на ОЕПС и ОДС кои се купуваат на отворениот пазар на електрична енергија од 1 јануари 2012 година. Во ноември 2020 година има 34 лиценцирани снабдувачи и 60 лиценцирани трговци со електрична енергија, од кои 15 активни снабдувачи на електрична енергија на либерализираниот пазар на електрична енергија и еден активен снабдувач на електрична енергија на регулираниот пазар на електрична енергија, додека на пазарот на големо со електрична енергија има 21 активентрговец со електрична енергија.

Постапките за промена на снабдувач се предвидени во новите Правила за снабдување со електрична енергија и досега РКЕ нема добиено поплаки во врска со овие постапки. Во 2019 година имало 7231 промена на снабдувач, додека во 2018 годинаимало 4344 промени наснабдувач што претставува зголемување за 66,46%. Ова значи дека има позитивни раздвижувања на пазарот на електрична енергија.

Согласно Закон за енергетика, АД ЕСМ не е повеќе регулиран производител на електрична енергија. Ова значи дека цените, тарифите и условите под коишто работи не се повеќе регулирани од страна на РКЕ. Со ова се напушти регулирањето на цените на производството на електрична енергија и целосно се отвори пазарот на електрична енергија на големо што значи дека учесниците на пазарот на големо склучуваат меѓусебни договори по слободен избор.

Согласно Законот за енергетика, АД ЕСМ, како производител на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет, е должен на универзалниот снабдувач, ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, во постапките за набавка на електрична енергија, да му понуди на продажба електрична енергија во одреден процент од вкупните годишни потреби на универзалниот снабдувач почнувајќи 2019 година заклучно со 2025 година. Овој процент опаѓа и тоа од најмалку 80% во 2019 година, 75% во 2020 година па се до најмалку 30% во 2025 година. Со оглед дека АД ЕСМ на огласите за набавка на електрична енергија на универзалниот снабдувач за втората половина на 2020, достави понуди со најниска цена, ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје и АД ЕСМ склучија договори за набавка на најголемиот дел од потребите од електрична енергија на универзалниот снабдувач.

Законот за енергетика предвидува сопственичко раздвојување на операторот на преносниот систем за електрична енергија, како и сертификација во согласност со Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на Европската унија. РКЕ во согласност со Законот за енергетика и Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас, по претходно мислење од Секретаријатот на енергетската заедница и по заедничко усогласување со истото,донесе Одлука за сертификација и назначување на оператор на електропреносен систем бр. 02-2851/1 од 15 август 2019 година[101]. РКЕ, Одлуката (Сл.В бр.175/2019 ) ја објави и на својата веб страница заедно со мислењето на Секретаријатот на енергетската заедница.

Во 2020 година за прв пат службеникот за усогласеност на операторот на електродистрибутивниот систем достави до РКЕ на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје. РКЕ го одобри Годишниот извештај на 30 март 2020 година. Исто така во 2020 година за прв пат од страна на службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниотсистем беше доставен Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје. РКЕ го одобри Годишниот извештај на 30 март 2020 година.

101 Сл.В бр.175/19

Согласно Закон за енергетика, Владата, на предлог од РКЕ и по претходно мислење од операторот на електропреносниот систем доставено до РКЕ, може да донесе одлука:

- за назначување на операторот на пазарот на електрична енергија за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, или
- за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик согласно прописите со кои се уредува набавка на јавна услуга за избор на оператор на организираниот пазар на електрична енергија.

Владата донесе Уредба за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија и за потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни[102]. Во членот 8 од Уредбата е уредено дека за вршење на работите на номиниран оператор, носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија до РКЕ доставува известување со соодветна документација за исполнетоста на условите од Уредбата и роковите за нивно исполнување. По завршување на постапката, на 09.09.2020 година, Владата со Одлука го назначи МЕМО ДООЕЛ Скопје за номиниран оператор на организиран пазар на електрична енергија. Во текот на 2021 година МЕМО ДООЕЛ Скопје треба да воведе организиран пазар на електрична енергија во земјата. Постапката е во тек.

102 Сл.В бр.227/19

По одобрување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем од страна на РКЕ на 28 јуни 2019 година, АД МЕПСО Скопје започна да спроведува конкурентни постапки за набавка на системски услуги и балансна енергија. Покрај останатото, со овие Правила за прв пат се воведува транспарентен и пазарно ориентиран начин за набавка на системски услуги од страна на операторот на електропреносниот систем, како и методологија со која на транспарентен и недискриминаторен начин се утврдува цената за балансирање на отстапувањата на номинираните и реализираните количини од стана на учесниците на пазарот на електрична енергија. Покрај ова се уредува и финансиското порамнување со давателите на услуги за балансирање и балансно одговорните страни, правата и обврските на давателите на услуги на балансирање и балансно одговорните страни, и друго. Со Правилата сите учесници на пазарот, вклучително и регулираните претпријатија, се балансно одговорни.

Во текот на 2019 и 2020 година РКЕ работеше на подобрување на прибирање на податоци и подобрувањена транспарентност на пазарот на големо преку транспонирање на Регулативата (EU) 543/2013 за доставување и објавување на податоци на пазарот

на електрична енергија. Оваа Регулатива беше транспонирана со донесување на Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци донесени од страна на операторот на електропреносниот систем. Претходно на 12 ноември 2019 година РКЕ донесе Решение со кое ги одобри Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци. Правилата почнаа да се применуваат од 1 март 2020 година.

**Пазарот на природен гасе** целосно либерализиран од 1 јануари 2015 година. До крајот на ноември 2020 година на пазарот на природен гас има 10 лиценцирани снабдувачи и 15 лиценцирани трговци со природен гас, од кои 2 активни увозници - трговци со природен гас, додека на пазарот со природен гас има 5 активни снабдувачи со природен гас, од кои 3 се во исто време оператори на системи за дистрибуција на природен гас.

Законот за енергетика предвидува сопственичко раздвојување на операторот на преносниот систем за природен гас, како и сертификација во согласност со Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија. Министерството за економија ќе биде сопственик и надлежен за операторот на преносниот систем за природен гас. За истото да се спроведе државата го откупи делот од акциите во ГА-МА кои се во сопственост на АД Макпетрол, затоа што согласно Третиот Пакет истите не смееја да имаат мнозински сопственички удел во преносната мрежа и во снабдувањето истовремено. Собранието на 28 декември 2021 го донесе Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка (Службен Весник бр. 317/20).

На седница одржана на 24 декември 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика јаодложи примената на Тарифниот систем за пренос на природен гас со кој се транспонира Регулативата 715/2009 од 1 јануари 2022 година, поради тоа што процесот на сопственичко раздвојување на операторот на преносниот систем за природен гас сè уште не беше завршен.

Во период што следи, РКЕ на ново формираниот оператор за пренос на природен гас ќе му издаде лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас, потоа РКЕ ќе пристапи кон сертификација на операторот на преносниот систем во согласност со Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на Европската унија. Новиот оператор за пренос на природен гас ќе продолжи со подготовка и донесување на преостанатите подзаконски акти од областа на природниот гас предвидени со Законот за енергетика кои по претходно одобрување од страна на РКЕ ќе бидат објавени.

РКЕ активно учествува во Комисијата формирана од страна на Владата за изготвување на јавен конкурс и тендерска документација за доделување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас, кој беше објавен во почетокотна 2020 година.

Во 2020 година, РКЕ продолжи со подготовка и усвојување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за енергетика. Во Законот за енергетика се имплементирани одредбите и обврските од Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија и Директивата за промоција на обновливите извори на енергија.Во периодот до крајот на ноември 2020 година се донесени или одобрени:

- План за одржување и инвестирање во развој на електропреносниот систем
- Правила за постапување по приговори и за разрешување на спорови ,
- План за намалување на загубите во електродистрибутивниот систем
- План за одржување и инвестирање во развој на електродистрибутивниот систем
- План за намалување на загубите во електропреносниот систем
- Правилник и методологија за формирање на највисоките рафинериски и малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горивата за транспорт
- Мрежните правила за пренос на електрична енергија

РКЕ активно работи и на преостанатите подзаконски акти кои треба да се донесат во рокови определени со Законот за енергетика[106].

Во текот на 2020 година РКЕ активно учествуваше во предлог измените на Законот за енергетика во делот на транспонирање на РЕМИТ, како и во измената на Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија. РКЕ измените на Правилникот ќе ги донесе по стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

РКЕ продолжи со **надзорот над работата на давателите на водни услуги** на подрачја поголеми од 10.000 еквивалент жители, за кои ова година претставува втора година од регулираниот период 2018-2020 и преку следењето на спроведувањето на

103 Сл.в.бр.106/20.
104 https://www.erc.org.mk/
105 Сл.в.бр.108/20 и 133/20.
106 Анекс-Внатрешен пазар РКЕ.

Бизнис плановите и плановите за прилагодување на тарифите, кое согласно одредбите од Законот за утврдување на цени на водни услуги[107] се врши преку доставување на Годишни Извештаи за работењето на давателите на водните услуги. Беше извршена анализа за реализацијата на истите.

**За давателите на водни услуги** на подрачја помали од 10.000 еквивалент жители од сите 8 плански региони во земјата, 2019 година претставува прва година од регулираниот период 2019-2021 година. Во текот на 2019 година РКЕ започна со следењето на примената на тарифите по категории на корисници, кои се резултат на донесените Решенија за определување на тарифите за водни услуги во 2018 година, а за давателите на водни услуги на подрачја помали од 10.000 еквивалент жители, за регулираниот период 2019-2021 година. Овие тарифи по категории на корисници беа утврдени од давателите на водните услуги со Одлука за утврдување на тарифи и преку согласност на основачот на давателот на водната услуга, потврдени во советите на општините, во зависност од подрачјето во кое се дава водната услуга.

РКЕ е член на Одборот на регулатори на Енергетската заедница (Energy Community Regulatory Board - ECRB), Регионалната асоцијација на енергетските регулатори (Energy Regulators Regional Association - ERRA) и Европската мрежа на регулаторни тела на водни услуги (European Water Regulators - WAREG) и набљудувач во Советот на европските енергетски регулатори (Council of European Energy Regulators - CEER). Во јули 2019 година РКЕ аплицираше за учество во работните групи на Агенцијата за соработка на енергетските регулатори (Agency for the Cooperation of Energy Regulators - ACER). Секретаријатот на енергетската заедница направи анализа на апликацијата на РКЕ и при тоа до ACER достави позитивно мислење за учеството на РКЕ во работните групи на ACER.

107 Сл.в.бр.7/16

## Институционална рамка

Во декември 2020 година, вкупниот број на редовно вработени во РКЕ изнесува 30 лица и 3 лица се на определено време од 1 година. Вкупниот број на членови на РКЕ изнесува 6 лица.

Во ноември 2020 година на еден член на РКЕ му престана функцијата поради исполнување на услови за пензија.




## Програми и проекти

РКЕ е корисник на проектот за техничка помош за изработка на подзаконски акти согласно Законот за енергетика, финансиран од страна на УСАИД.

Во 2020 година соработката со НАРУК и УСАИД продолжи во делот на спроведување на два проекти и тоа Enhancing Market Performance by Understanding the Value Proposition for Market Coupling и Improving Investment Planning Through the Implementation and Enforcement of Quality of Service Standards.

Во ноември 2019 година, РКЕ се вклучи во Проектот КЕР – Know-How Exchange Programme CEI - Central European Initiative "CEI - Central European Initiative Support for Strengthening Energy Regulatory Authorities in the Western Balkans third phase" со кој се планира размена на искуства помеѓу регулаторните тела поврзани со спојувањето на пазарите на електрична енергија.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во насока на исполнување на обврските од Договорот за основање на енергетска заедница, земјата ќе продолжи со транспозиција и имплементација на законодавството на ЕУ согласно третиот енергетски пакет на ЕУ, односно ќе ги донесе следните акти и програми:

- правилник за методите и процедурите за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка,
- правилник за формата и начинот на доставување на податоци за состојбата на сопствените залихи и задолжителните и оперативните резерви на месечно ниво
- правилник за подготовка и роковите за поднесување на статистички резимеа до Европската комисија, за содржината, формата и начинот на водење на Регистрите за задолжителните и за посебните резерви, како и правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистрите за задолжителните и за посебните резерви до Европската комисија,

- правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви
- Во текот на 2021 година РКЕ ќе продолжи со имплементација на веќе донесените, односно одобрените, подзаконски акти врз основа на транспонираните одредби од Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, при што фокусот ќе се однесува на имплементација на правилникот за следењето на функционирањето на енергетските пазари и правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.
- РКЕ има изготвено драфт на правилник за начинот и постапката за вршење надзор и следење на функционирањето на пазарите на енергија со кој во постојниот правилник се транспонираат одредбите на РЕМИТ. Правилникот ќе биде донесен по стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.
- Соодветно, во овој период, РКЕ ќе продолжи да работи и на правилниците кои ги донесуваат операторите на дистрибутивните и преносните системи кои сè уште не се одобрени. Исто така РКЕ ќе работи и на одобрување на плановите за развој на електропреносниот систем и електродистрибутивните системи, плановите за одржување на електропреносниот и електродистрибутивните системи и друго. Исто така, РКЕ годишно ги одобрува извештаите на службениците за усогласеност на операторот на електропреносниот систем односно операторот на електродистрибутивниот систем, за спроведување на програмите за усогласеност на работењето на операторите со цел да се овозможи транспарентно, објективно и недискриминаторно работење на операторите.
- Во период што следи, РКЕ ќе даде свој придонес при изготвувањето на останатите подзаконски акти од областа на електричната енергија и природниот гас кои што операторите за пренос и дистрибуција на природен гас треба да ги изготват, а РКЕ да ги одобри.

## Институционална рамка, имплементација и спроведување

Со Финансискиот план на РКЕ за 2021 година се предвидува вработување на 6 лица. Со реализација на планираните вработувања се очекува вкупниот број на редовно вработени во РКЕ до крајот на 2021 година да изнесува 44 лица.

## Среднорочни приоритети

РКЕ ќе продолжи со активностите за имплементација на преостанатите одредби од Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, посебно во делот на имплементација на мрежните кодови за приклучување и регулативата за доделување на капацитети и управување со загушувањата.

Во Секторот за енергетика при Министерството за економија, предвидено е во континуитет да се зајакнуваат капацитетите со нови вработувања и обуки.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на РКЕ ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за спроведување на активностите согласно Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, при што предвидено е во континуитет да се зајакнуваат капацитетите со нови вработувања со уште 16 лица до 2025 година.

# ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

## Тековна состојба

### Правна рамка

Поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) е една од главните стратешки цели во енергетскиот сектор. Ова е многу значајно за сигурноста на чиста енергија, како и за креирање на услови за одржлив енергетски развој во земјата и регионот, како и за исполнување на обврските кои произлегуваат од Договорот за основање на енергетската заедница.

Согласно новиот Закон за енергетика, во делот на обновливите извори на енергија (ОИЕ) транспонирани се одредбите од Директивата на ЕУ за ОИЕ кои се однесуваат на статистички трансфери, заеднички проекти и координација на мерките за поддршка со држави од ЕУ или трети држави.

Согласно Законот за енергетика во 2019 година беа донесени бројни подзаконски акти со цел транспонирање на одредбите од предметната Директива за ОИЕ како што се:

- Уредба за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија (крајот на 2019 година беше донесена и Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија)
- Одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија (донесена во септември 2019 година)
- Одлука за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот
- Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2020 година.
- Правилник за обновливи извори на енергија.

Согласно Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија (Сл.В бр.29/2019) досегашните повластени (feed in) тарифи останувaaт и ќе се применуваат на повластен производител за произведена електрична енергија од следните видови на технологии на електроцентрали:

- хидро електроцентрала,
- ветерна електроцентрала,
- термоелектроцентрала на биомаса (како погонско гориво користи биомаса), и
- термоелектроцентрала на биогас (како погонско гориво користи биогас).

Повластените тарифи, освен за енергијата произведена од хидроелектроцентрали, и понатаму ќе се доделуваат врз принципот „првдојден-прв услужен" во постапка пред Регулаторна комисија за енергетика и водниуслуги. Постојните и идните повластени производители кои користат повластени тарифи ќе ја продаваат електричната енергија на операторот на пазарот на електрична енергија.

Новина е воведувањето на премиите како мерка на поддршка, кои ќе бидат применливи за **фотонапонска електроцентрала и ветерни електроцентрали** кои ќе се доделуваат врз основа на тендерска постапка која вклучува аукција, со максималната инсталирана моќност изнесува 50 MW за ветерна електроцентрала и 30 MW за фотонапонска електроцентрала. Средствата за премии се издвојуваат од буџетот и претставуваат форма на државна помош. За разлика од повластените тарифи, премиите се доделуваат преку тендерска постапка со аукција. Периодот на користење премија за електрична енергија произведена од ветерна електроцентрала изнесува 20 години, додека за фотонапонска електроцентрала 15 години.

Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премии за 2020 годинасе донесе (Сл.В бр.277/2019). Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергијаво 2019 година изнесува 15€/MWh за фотонапонски електроцентрали.

Напрвиот повик за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали се склучија 9 договори со избраните понудувачи за 11 локации изградени на земјиште во сопственост на државата и 27 договори на локации кои се наоѓаат на земјиште кое не е во сопственост на државата или на земјиште во сопственост на државата на кое е воспоставено право на користење. Во октомври 2020 година почна со работа првата фотонапонска централа изградена на приватно земјиште со вкупна инсталирана моќност од 300 kW.

Заради усогласување со Водичот на Европската комисија за доделување државна помош во животната средина и енергетиката, максималната инсталирана моќност на термоелектроцентрала на биогас и термоелектроцентрала на биомаса за кои ќе се доделуваат повластени тарифи, по истекот на преодниот период, заклучно со 01 јули 2021 година, ќе се намали од досегашните 3 MW на 1 MW.

**Според Акциониот план за ОИЕ** процентуалното учество на ОИЕ во финалната потрошувачка во 2020 година треба да изнесува 23,9%, а во 2025 година треба да биде 25%. Според податоците од Државниот завод за статистика, уделот на ОИЕ во 2018 година изнесува 18.2%, а во 2019 година тој изнесува 16.8% [108].

107 http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=64

Република Северна Македонија ќе продолжи со своите напори да ги постигне целите на учеството на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија преку изградба на нови постројки, како и со засилени мерки на енергетска ефикасност во согласност со стратешките документи.

Министерството за економија обезбеди техничка помош за развој на **Национален интегриран план за енергија и клима** што ќе ја инкорпорира новата рамка во која нашата земја ги планира, на интегриран начин, нашите климатски и енергетски цели, политики и мерки. Првата финална нацрт верзија на Националниот интегриран план за енергија и клима е изготвена. Следен чекор е спроведување на јавна расправа со засегнатите страни. Исто така следен чекор е и изготвување на Проценка на влијанието на Националниот интегриран план за енергија и клима врз животната средина. Националниот интегриран план за енергија и клима ќе ги вклучи и целите и мерките на Акциониот план за обновлива енергија, кој првично беше планирано да се развие во наредниот период.

Со цел целосно заокружување на законската и подзаконска регулатива во насока на промоција на биогоривата, како и целосно транспонирање на Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извори на енергија во делот кој се

однесува на **биогоривата**, потребно е да се донесе нов **Закон за биогорива, Акционен план за употреба на биогоривата** (врз основа на овој закон), како и соодветни подзаконски акти со кои ќе се заокружи правната рамка и ќе се регулира проблематиката во врска со употребата на биогоривата, согласно методологија за определување на задолжителниот процент на застапеност на биогоривата, какои воспоставување на систем за верификација на биогоривата, цената на мешаните биогорива, можностите за субвенционирање на производство и употребата и др. Секретаријатот за европски прашања обезбеди техничка помош за подготовка на Законот за биогорива преку проектот Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија. Со назначувањето на експертите, се очекува рационализација на процесот на усогласување на законодавството, што ќе резултира во подобро усогласување со законодавството според Договорот за енергетска заедница и енергетското законодавство на ЕУ. Согласно утврдената динамика, се очекува Законот за биогорива да биде изготвен во втората половина на 2021 година.

Од 2008 година, РКЕ носи решенија за стекнување на статус на повластен производител и одлуки за користење на повластени тарифи за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Моментално вкупниот инсталиран капацитет на 202 повластени производители кои користат повластени тарифи изнесува 146,3 MW:

- 85,20 MW (95 мали хидроцентрали) и планирани 29,59 MW (26 мали хидроцентрали во изградба),
- 16,71 MW (102 фотонапонски централи),
- 36,80 MW (1 ветерна централа) и планирани 113,2 MW (3 ветерни централи во изградба),
- 6,99 MW (3 термоцентрали на биогас) и планирани 1,99 MW (1 термоцентрала на биогас во изградба),
- 0,6 MW (1 централа на биомаса) и планирани 3,15 MW (4 централи на биомаса се во постапка на изградба).

Постојните повластени тарифи ќе се применуваат само за мали хидроцентрали и термоцентрали на биогас и биомаса. Постојните и идните повластени производители кои користат повластени тарифи ќе ја продаваат електричната енергија на операторот на пазарот на електрична енергија.

## Институционална рамка

Во Секторот за енергетика, Министерство за економија, потребна е обука на постојните вработени како и вработување на нови лица со цел да може квалитетно и навремено да се одговори на предизвиците во оваа област на енергетиката. Во моментов во одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија од предвидени 5 работни места, пополнети се три места.

# Програми и проекти

Владата ја донесе **Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2021 година** (Службен Весник бр.12/21). Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2021 година и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2021 година. Средствата за реализација на оваа програмата изнесуваат 21.800.000 денари и се утврдени во Буџетот за 2021 година

Владата ја донесе **Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година** (Службен Весник бр.12/21), чиј носител е Министерството за економија. Средствата за реализација на оваа програма беа во износ од 52.000.000, 00 денари.

Во 2020 година се реализираше само Јавниот оглас за надоместување на трошоците за купени и вградени печки на пелети. Останатите предвидени средства за другите јавни огласи беа пренаменети за мерки за справување со последиците предизвикани од  Ковид – 19 кризата.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Согласно предлог Законот за енергетика треба да се донесат следните акти:

- Правилник за технички спецификации за спецификации кои опремата и системите за ОИЕ мора да ги исполнуваат
- Правилник за лиценцирање на инсталатери
- До срединатана 2021 година да се донесе Законот за биогорива.
- До срединатана 2021 година да се усвои Националниот интегриран план за енергија и клима
- Со донесување на Уредбата за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија како активности се планираат подготовка на тендерска документација за јавен оглас за надавање на висината на повластената премија со модел на договор како и објавување на јавен оглас за надавање на висината на повластената премија за точно одредени локации и на приватно земјиште.

## Институционална рамка

Со оглед на зголемениот обем на работа во насока на имплементација на Регулативата за ОИЕ во домашното законодавство, со предлог систематизацијата на Министерството за економија се предлага да се формира посебно одделение за Обновливи извори на енергија со 6 работни места. Се очекува новата систематизација да биде одобрена во 2021 година.

# Програми и проекти

### ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ БОГДАНЦИ - ВТОРА ФАЗА

На 29 јануари 2020 година е објавен повикот за претквалификација за инженеринг, набавка и изведба –ЛОТ 1 и ЛОТ 2 за проектот Парк на ветерни електрани Богданци II фаза. Со изградбата ќе се зголеми уделот на обновливите извори во производството на електрична енергија од АД ЕСМ за околу 3% и ќе се намали емисијата на $CO_2$ од околу 35.000 t/годишно.

### ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРАНА ОСЛОМЕЈ

Планирана инсталирана моќност е 10 MW, со планирано годишно производство на електрична енергија од околу 15 GWh. АД ЕСМ на 4 јануари 2019 година потпиша Договор за заем со Европската банка заобнова и развој (ЕБОР) за изградба на фотонапонска електроцентрала (ФЕЦ) со инсталиран капацитет од 10 MW на постојната ТЕЦ Осломеј. Вредноста на инвестицијата изнесува 7 милиони евра, од кои 5,9 милиони евра се заем од ЕБОР, додека останатите средства ги обезбеди АД ЕСМ од сопственото работење.

Во месец декември 2019 година се потпиша и договор со избраната компанија изведувач „Гиришим Електрик", во согласност со највисоките европски и светски стандарди.

На 26 февруари 2021, земјата аплицираше со овој проект пред Инвестициската рамка за Западен Балкан. Исто така планирана е и изградба на нова ФЕЦ Осломеј 2 со инсталирана моќност од 10 MW. Вредноста на инвестицијата е планирано да биде околу 9,5 милиони евра. Почетокот на реализација на овој проект е предвиден годинава. Истиот ќе го реализира АД ЕСМ. Планирано годишно производство на електрична енергија е околу ~15 GWh и заштеда на C02- 11 Mton/годишно .

### ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРАНА СО ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ - ТЕ БИТОЛА

АД ЕСМ планира и реализација на Проектот Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 20 MW во РЕК Битола, Подружница на АД ЕСМ, РЕК Битола е најголемата термоелектрана во државата и е во сопственост на АД ЕСМ. Номиналното годишно производство на електрична енергија од ФЕЦ се планира да биде од околу 30 GWh и заштеда на CO2: ~ 22.000 t/год. Вредноста на инвестицијата е планирано да биде околу 20 милиони евра.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

- Да се донесе Акциски план за биогорива и подзаконска регулатива.
- Да продолжат активности за имплементација на Националниот план за енергија и клима.
- Воспоставување на информациски систем во Агенцијата за енергетика, организирање

на нова кампања за мерење на потенцијалот на ветерната енергија, зголемен упис на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија во регистарот на постројки.

## Институционална рамка

Се планира во овој период да продолжат обуки за вработените во Секторот за енергетика, посебно во делот на обврските кои ги има Министерството во однос на спроведување на договорите за користење на премија.

Во Агенцијата за енергетика, со цел зајакнување на капацитетите и исполнување на работните задачи заради зголемениот обем на активности што произлегуваат од Законот за енергетика, планирани се 4 нови вработувања.

## Програми и проекти

Владата донесе Одлука за овластување за изградба на енергетски објект **Ветерна Електрана Дрен** на Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЖИ ДОО Скопје со инсталирана моќност од 34 MW, на дел од територијата наопштина Демир Капија и општина Гевгелија. Во одлуката е предвидено инвеститорот да добие одобрение за градба во рок од три години од денот на влегување во сила на оваа одлука .

Владата донесе Одлука за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство на електрична енергија „Парк на ветерни електрани ЕУРОИНГ" ДОО – Гевгелија, која ќе се гради на територијата на **КО Богданци и КО Стојаково**. Планирана вкупна инсталирана моќност е 30 MW. Во одлуката е предвидено инвеститорот да добие одобрение за градба во рок од три години од денот на влегување во сила на оваа одлука.

### ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ МИРАВЦИ - ПРВА ФАЗА

Планирана инсталирана моќност на **ПВЕ Миравци е 14 MW**, со планирано годишно производство на електрична енергија до 45 GWh. Со овој проект се зголемува инсталираната моќност на производните капацитети на АД ЕСМ и годишно производство од дополнителни 45 GWh. Со изградбата на паркот ќе се зголеми уделот на обновливите извори во производството од АД ЕСМ.



АД ЕСМ распиша јавен повик за изградба на **100 мегаватна** фотонапонска електрана на просторот на исцрпениот рудник за јаглен на **РЕК Осломеј** по пат на јавно-приватно партнерство. Предмет на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е проектирање, изградба и стопанисување на две фотонапонски електроцентрали со минимална инсталирана моќност од 40 MW (max.50 MW), која ќе се изгради на локацијата на стариот рудник во рамките на РЕК Осломеј, подружница на АД ЕСМ Скопје, со површина од околу 150 ha, која е сопственост на АД ЕСМ, за период од 35 години.

Предвидената финансиска вредност за изградба на две фотоволтаични електроцентрали е помеѓу 60 и 80 милиони евра. Планиран почеток на инвестицијата е 2020 година, при што Договорот за јавно приватно партнерство би бил во траење од 35 години, после што приватниот партнер е обврзан да го пренесе правото на сопственост и да му ја предаде во фактичко владение ФЕЦ на јавниот партнер (АД ЕСМ) во исправна оперативна и погонска состојба.

# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## Тековна состојба

### Правна рамка

Изработен е нов тригодишен план за енергетска ефикасност за периодот 2020-2022 година.Првиот драфт е финализиран и се очекува по спроведување на јавна консултација предлог планот да биде доставен до Владата за усвојување најдоцна до крајот на април 2021 година.

Директиватазаенергетскаефикасностеделумнотранспонирана во Законот за енергетска ефикасност, (Сл.В бр.25/2020). Законот е усогласен со Секретаријатот на Енергетската заедница. Директивата за енергетска ефикасност ќе биде целосно транспонирана со донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за енергетска ефикасност.

Во законот е предвидено да се приготви долгорочна **Стратегија за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради до 2030 година** за да се обезбеди ефикасно и економски оправдано намалување на потрошувачката на енергија, со примена на мерки за енергетска ефикасност и истовремено смалување на загадувањето на околината. Со законот се уредува обврската да се донесе Уредба со која се усвојуваат целите за енергетска ефикасност и соодветно на тоа ќе се изготвуваат тригодишни Акциони планови за спроведување на мерките за ЕЕ.

За да се обезбеди ефикасно следење и потврдување (monitoring and verification) на реализацијата на мерките за ЕЕ, предвидено е Агенцијата за енергетика да управува, одржува и надградува web алатка (Monitoring and Verification Platform – МВП) достапна на интернет.

Министерот треба да донесе Правилник за МВП алатката со кој ќе ги пропише постапките и техничките параметри за воспоставување, како и правилата за користење и ажурирање, кој е во процес на изработка.

Директивата за енергетски карактеристики на згради е делумно транспонирана во постојниот Закон за енергетика, Правилникот за енергетски карактеристики на згради и Правилникот за енергетски контроли.

## Институционална рамка

Во моментов во одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија од предвидени 5 работни места во Секторот за енергетика, Министерство за економија, пополнето три работни места.

# Програми и проекти

- Главен предуслов за отпочнување на планираниот **Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор** во вкупен износ од 25 милиони евра, кој е дел од новата четиригодишна Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019 – 2023 година, е усвојување на Законот за задолжување по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор кој од октомври 2020 год. е во собраниска процедура.  Основни цели на проектот се намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор и поддршка за воспоставување и операционализација на одржлив механизам за финансирање на енергетска ефикасност во јавниот сектор. Со цел обезбедување на потребните средства од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за овој проект, предвидено е да се склучи Договор за заем помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Република Северна Македонија. Овој проект се очекува да биде надополнет со потенцијален грант од 10 милиони долари од Зелениот климатски фонд, кој ќе биде додаден на Проектот за да помогне во зголемување на почетниот капитал на предложениот Фонд за ЕЕ, а со тоа да се прошири потенцијалната база на клиенти и портфолио за инвестиции на фондот. Исто така, се очекува да бидат додадени дополнителни 3 милиони евра, грант средства обезбедени ЕУ.
- Во тек е реализација на проектот за **„Создавање услови за имплементација на ЕСКО проекти**” кој е финансиран од  Регионалната програма за енергетска ефикасност (РЕЕП), и има за цел да ги поддржи проектите за енергетска ефикасност и тоа  за улично осветлување и малите дистрибутивни системи за греење во

општините. Со овој проект досега се опфатени пет општини со проекти за енергетска ефикасност за јавно улично осветлување и истиот е во процес на реализација во три дополнителни општини. Втората фаза од проектот опфати општини со проекти за енергетска ефикасност во малите дистрибутивни системи за греење. Дополнително Министерството за економија изрази интерес заедно со ЕБРД - овиот тим од консултанти  за подготовка на Енергетска контрола на зградата и потенцијално ЕСКО финансирање во објектот на Министерството за економија.

- Во тек е проект за рехабилитација на **државните студентски домови** во насока на зголемување на нивната енергетска ефикасност и обезбедување на основни услови за престој во истите. Проектот ќе ги има во фокус државните студентски домови во следните градови: Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и Штип. Целокупната имплементација на Проектот се очекува да биде завршена за 54 месеци, односно градежните работи да завршат во вториот квартал од 2024 година, и плус 12 месеци период за утврдување на дефекти. Вкупната инвестициона вредност на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови изнесува околу 25 милиони евра. Финансиската структура предвидува средствата да се обезбедат од два извори: заем од Владата на СР Германија, преку КфВ, во износ од 20 милиони евра и грант средства од ЕУ во износ од 4,785 милиони евра. Како предуслов за склучување на горенаведените договори со Кредитната банка за обнова - КфВ е усвоен Законот за задолжување од страна на Собранието.
- Во февруари 2020 година започна проектот **Residential Energy Efficiency in the Western Balkans** како дел од проектот „Economic Resilience Initiative-Infrastructure Technical Assistance (ERI-ITA)", финансиран од Европската инвестициска банка (ЕИБ). Промотор за Проектот е Хабитат за Интернационал (HfHI), во координација со ЕИБ. Земјите вклучени во проектот се Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Главната цел на овој проект е да се развие физибилити студија за финансирање на енергетски ефикасни проекти во резиденцијалниот сектор во Западен Балкан

- Поради големото загадување во нашата земја, најзагадените градови Скопје, Битола, Тетово и Кичево, објавија јавен повик за надомест на приближно 100% од трошоците за набавка на инвертор климатизери. Главниот предуслов за аплицирање е немање пристап до мрежата на централниот систем за греење и предавање на старата печка за греење.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Согласно **Законот за енергетска ефикасност** во насока на транспонирање на Директивата за енергетска ефикасност (2012/12/ЕУ) и Директивата за енергетски карактеристики на згради беше предвиденодо крајот на 2020 година да се донесат подзаконски акти. Поради настанатата ситуација со Ковид-19, роковите за донесување на истите се пролонгираат за 2021 година.

По однос на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за ЕЕ, во текот на 2021 година ќе се донесат

- Уредба за воспоставување обврзувачка шема за енергетска ефикасност - обезбедена техничка помош од ЕБОР преку програмата REEP plus за Западен Балкан. Со Уредбата ќе се утврди обврзувачка шема за енергетска ефикасност за постигнување на заштеди во финалната потрошувачка на енергија, која операторите на системите за дистрибуција и/или снабдувачите со енергија се должни да ја применат
- Уредба за регулирање на договорите за енергетска услуга
- Правилник за МВП со кој министерот ќе ги пропише постапките и техничките параметри за воспоставување, како и правилата за користење и ажурирање. За да се обезбеди ефикасно следење и потврдување (monitoring and verification) на реализацијата на мерките за ЕЕ, предвидено е Агенцијата за енергетика да управува, одржува и надградува web алатка (Monitoring and Verification Platform – МВП) достапна на интернет.

- Правилник за регулирање на методологијата за утврдување нанивото на енергетска ефикасност при спроведување на постапките за јавни набавки
- Правилник за Енергетска ревизија на големи трговци со што енергетските контроли кај големите трговци и енергетските контроли на зградите ќе бидат регулирани како засебни области,а ќе се дефинираат и условите и постапката за стекнување на правото на овластување како енергетски контролор, обуката и полагање на испитите
- Правилник за постројки за когенерација со висока ефикасност.
- Правилник за означување на производи кои користат енергија
- Правилник за еко-дизајн на произзводи кои користат енергија

Со законот се уредува обврската да се донесе и Уредба со која се усвојуваат целите за енергетска ефикасност и соодветно на тоа ќе се изготвуваат тригодишни Акциони планови за спроведување на мерките за ЕЕ. За да се поттикне извршувањето на мерките предвидени со Акциските планови за ЕЕ, се поттикнува создавањето на ЕСКО кои треба да го финансираат проектот и да гарантираат дека ќе ги остварат заштедите со примената на мерки за ЕЕ.

Со техничка помош од ЕБОР во процес на изработка се новите правилници во делот за згради со кои Директивата за енергетски карактеристики на згради ќе биде целосно транспонирана.

Ќе се донесе Типологија за згради во согласност со методологијата ТАБУЛА, која ќе биде основа при изработката на Стратегија за реконструкција на згради за домување, јавни и комерцијални згради, до 2030 година.

Нова обврска за Министерството е да подготвува и да достави до Енергетска заедница План за зголемување на бројот на згради со приближно нулта потрошувачка на енергија во земјата.

## Институционална рамка

Во текот на 2021-2022 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетска ефикасност.

Исто така, во текот на 2021-2022 година вработените на Министерството за економија ќе учествуваат во работата на работната група на Енергетската заедница за енергетска ефикасност.

Со оглед на зголемениот обем на работа во насока на имплементација на Законот за енергетска ефикасност, со предлог систематизацијата на Министерството за економија се предлага да се формира посебно одделение за Енергетска ефикасностсо 6 работни места. Се очекува новата систематизација да биде одобрена во 2021 година.

# Среднорочни приоритети

Во текот на 2021 година, Министерството за економија ќе ги продолжи отпочнатите активности за усогласување на националното законодавство со Директивите  за енергетска ефикасност.

Согласно наодите и препораките од Извештајот на ЕК2020, треба да се донесе Закон за градба во кој ќе се предефинираат начинот на затоплување на објектите. односно со ДУП-овите да се дефинира начинот за загревање на објектите во подрачјето на ДУП-от. Пример: подрачје во кое ќе се предвиди загревање со користење на систем за централно греење/ природен гас/ електрична енергија преку високоефикасни постројки (топлински пумпи) - во склад со законот за енергетска ефикасност.

Предвидено е согласно Законот за енергетска ефикасност, да биде изработена и донесена Стратегија за реновирање на згради до 2050 година.

Во периодот  2021-2022 година се очекува да се заокружи кадровското доекипирање на секторот за енергетика при Министерство за економија.

Со цел да овозможи остварување на целите и поддршка на политиките за енергетска ефикасност пропишани согласно овој закон предвидено е основање на Фонд за енергетска ефикасност како независно и самостојно правно лице.



# НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА

## Тековна состојба

### Правна рамка

Областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. **Дирекција за радијациона сигурност (ДРС)** е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење.

ДРС подготви и до Меѓународната агенција за атомска енергија достави Четврт национален извештај за исполнувањето на обврските согласно Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад („Сл.В" бр. 113/09) кој е наменет за 7 –тиот состанок за преглед на националните извештаи на земјите членки на конвенцијата. Во извештајот е даден преглед за националната политика за управување со радиоактивен отпад, институционалната рамка и законодавството кое се однесува на имплементацијата на одредбите од Конвенцијата.

На почетокот на 2020 година е започната постапка за потпишување на Договор за разбирање помеѓу ДРС и Директоратот за радијациона и нуклеарна сигурност и безбедност на Република Србија за соработка во полето на радијационата заштита и нуклеарна безбедност. Со потпишувањето на Договорот за разбирање ќе се воспостави билатерална соработка помеѓу двете регулаторни тела и размена на технички информации на полето на борбата против нелегалната трговија и постапување во случај на вонредни настани, како и искуства во спроведувањето на правото на ЕУ. Потпишувањето на Договорот се очекува да се реализира до крајот на 2021 година.

Со цел на достигнување и одржување на високо ниво на сигурност и безбедност при управувањето со радиоактивниот отпад и искористените радиоактивни извори низ јакнење на националните мерки и во согласност со меѓународно препознатливите принципи и стандарди, посебно за заштита на професионално изложените лица, населението и животната средина од штетните ефекти на јонизирачкото зрачење сега и во иднина, ДРС изготви Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори воземјата, а потоа и Извештај за извршување на Осврток на Националната политика.

Донесена е Одлука за назначување на оператор на национален склад за радиоактивен отпад. Подготвени се измени и дополнувања на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност во насока на именување на оператор на национален склад за радиоактивен отпад и со тоа подобро управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори на територијата на државата.

Согласно обврските од Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје (Сл.В бр. 43/07), ДРС поднесува квартални и годишни извештаи согласно Законот за ратификација на Ревидираниот протокол за маликоличества кон Договорот меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје (Сл.Вбр. 43/07).

Изработена е ревизија на Стратешкиот план на ДРС за периодот 2021-2023год. за реално остварување на поставените цели и приоритети на Дирекцијата во среднорочен период и зголемување на оперативноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на надлежностите на Дирекцијата.

Во текот на извештајниот период, ДРС продолжи со континуираната активностна издавање дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, како и со континуираната активност на вршење на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијационасигурност.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

ДРС во текот на 2021 година ќе ги продолжи активностите со цел потпишување на Меморандум за соработка со регулаторното тело на Србија и ќе преземе активности за потпишување на Меморандум за соработка со регулаторното тело на Албанија.

ДРС ќе продолжи со континуираните активности на издавање надозволизавршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

ДРС ќе продолжи со континуираното спроведувањена инспекциски надзорнад примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз снова на законот.

## Институционална рамка

Предвидено е јакнење на административните капацитети на ДРС со реализација на нови вработувања.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

ДРС ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство со цел негово усогласување со одредбите од следнидирективи:

- Директивата на Советот на ЕУ 2013/59/ ЕУРАТОМ од 5 декември 2013 за утврдување на основните стандарди за сигурност за заштита од опасностите кои произлегуваат од изложеност на јонизирачко зрачење и за укинување на Директивите, 89/618/ЕУРАТОМ, 90/641/ЕУРАТОМ,

96/29/ЕУРАТОМ, 97/43/ЕУРАТОМ и 2003/122/ ЕУРАТОМ (EU BSS Директива) Директива на Советот на ЕУ 2009/71/ЕУРАТОМ од 25 јуни 2009 за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации;

- Директива на Советот на ЕУ 2014/87/ЕУРАТОМ од 8 јули 2014 за изменување на Директивата 2009/71/ЕУРАТОМ за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации;
- Директива на Советотна ЕУ 2011/70/ЕУРАТОМ од 19 јули 2011 за воспоставување на рамката на Заедницата за одговорно и сигурно управување со искористено гориво и радиоактивен отпад;
- ДирективанаСоветотна ЕУ 2006/117/ЕУРАТОМ од 20 ноември 2006 за надзор и контрола на пратките на радиоактивен отпад и искористено гориво.

Континуираните активности на Дирекцијата на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот ќе продолжат и во текот на овојпериод.

Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води ДРС ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

## Институционална рамка

Предвидено е јакнење на административните капацитети на ДРС со реализација на нови вработувања, доколку се обезбедат финансиски средства.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.



# ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата одржува **добро ниво на подготвеност** во областа на трансевропски мрежи. **Ограничен напредок** е постигнат во текот на периодот на известување. Нема напредок во завршувањето на реформите во секторот и препораките за 2019 година остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

- понатамошно да го зајакне оперативниот и техничкиот капацитет на сите управни институции и институции на засегнати страни кои се вклучени во развојот и на Транс-европска транспортна мрежа (ТЕН Т) и Транс-европска енергетска мрежа (ТЕН Е) и усогласување на правната рамка со Регулативата за Транс-европска мрежа;
- да мобилизира доволно ресурси за спроведување на Договорот за транспортна заедница;
- да го потпише Протоколот за граничен премин на железницата со Косово кој што е во очекување.

# РЕЗИМЕ

Постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните мрежи. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата, долж Коридор VIII и X (X-d), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО).



# ТРАНСЕВРОПСКИ ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

Индикативното проширување на клучните мрежни коридори во Западен Балкан поврзани со Транс-Европската транспортна мрежа (ТЕН-Т) беше потврдено на самитот за Западен Балкан одржан во Виена во 2015 година, а исто така беше потврден приоритетот на Коридорите VIII и X, бидејќи тие се сметаат за проширување на главната мрежа и обезбедуваат поврзување со соседните земји и подобра интеграција на Европа. Како резултат на тоа, посветени се значителни напори и средства на развојот на овие коридори.

Развојот на патната и железничката инфраструктура треба да биде во согласност со спроведувањето на хоризонтални мерки, од кои најважно за следниот период е постигнувањето на напредок во спроведувањето на т.н. „меки мерки", кои во јули 2016 година во Париз на самитот земјите од Западниот Балкан во рамки на Берлинскиот процесбеа дополнети со нови мерки и подактивности и оттогаш се преименувани во Мерки за реформа на поврзувањето. Мерките за реформи на поврзувањето се поделени на регионални и национални мерки, чие спроведување го следи Европската комисија.

Владата во декември 2020 година, усвои нова Единствена листа на проекти (ЕЛП) која вклучува проекти од патната и железничката инфраструктура поделени во три делови: Проекти во имплементација, зрели проекти со различен степен на зрелост и незрели проекти (проекти за кои сè уште не е подготвена проектна и стратешка документација). Рангирањето се заснова на методологија со повеќе критериуми и подкритериуми (параметри). Листата се користи за аплицирање за добивање на грантови или заеми од Европската Унија и од други меѓународни финансиски институции.

## Тековна состојба

**Патниот Коридор X** е врска север-југ и поврзување со Србија и Грција и понатаму со европскиот континент. Со изградбата на делницата Демир Капија - Смоквица која заврши во април 2018 година во должина од 172 км се комплетира целиот **патен Коридор X** на ниво на автопат. Гарантниот рок на проектот истече во април 2020 година.

**Неготино - Демир Капија.** Рехабилитацијата е завршена и патот е пуштен во употреба јуни 2019 година.

Градежните активности на делницата **Градско - Дреново** во должина од 15,5 км официјално започнаа на 22.01.2018 година. согласно договорните одредби, изградбата на експресниот пат требаше да заврши на 22.01.2020 година. Сепак, градежните работи сѐ уште не се завршениодносно вкупната реализација на проектот,заклучно со декември 2020 година е 34,18%. Во тек се преговори за пренесување (assignation) на договорот на друг изведувач со што ќе се продолжи и рокот за имплементација на проектот. Истиот има три оштетни побарувања (claims) кои ги побарува Изведувачот. Во насока на решавање на проблемот, беа одржани повеќе состаноци во насока на тоа оштетните побарувања на Изведувачот да се решат спогодбено и да не се води ДАБ постапка. Tirrena Scavi S.p.A, и STRABAG AG на 16.06.2020 година потпишаа Протокол за доделување на договорот според пот-клаузула 1.7 [Доделување] на општите и посебните услови на договорот. На 24 декември 2020 година беше потпишан Договорот за доделување на договорот. Финансирањето на проектот е преку ИПА 2 во согласност со Секторската оперативна програма за транспорт (СОПТ 2014-2020). Следејќи го договорот, следните задачи треба да бидат завршени: Потпишување на Анекс бр. 1 на Договорот, воведување на нов Изведувач, потпишување на Анекс бр. 2 со кој се регулира продолжувањето на времето, односно датумот на започнување,датум на завршување и други прашања релевантни за договорот и потпишување на Адендум на договорот за надзор. Имајќи предвид дека периодот на имплементација според првичниот договор е веќе истечен, беше договорено да се започне постапката за измена на Билатералниот договор за главниот проект „Изградба на патна делница Градско-клучка Дреново, како дел од коридорот

X-d паралелно со подготовката на Анексите. За таа цел, Министерството за транспорт и врски, во улога на корисник на ИПА II, официјално достави до делегацијата на ЕУ писмо за мала измена на билатералниот договор. Според препораките на ДЕУ, CFCD го достави Анекс 1 на Билатералниот договор со измените како составен дел од Писмото за измена. Анексот бр. 1 е веќе одобрен од ЕУД и нацрт-текстот на Додатокот бр. 2 е доставен до ЕУД за претходна контрола. Во однос на Договорот за надзор, ќе се спроведе процес на преговори за потпишување на Анекс за надзор според правилата на PRAG, вклучително и МТВ и ЈПДП.

**Железничкиот Коридор X е целосно изграден.** Железничката врска север-југ, односно врската со Република Србија и Република Грција е во функција и е оперативна. Се изврши модернизација на железничкиот Коридор X. Активностите за рехабилитација, надградба и реконструкција на 10 железнички станици, вклучително и железничката станица во Скопје, ко-финансирани од ЕУ во рамките на ОПРД 2007-2013, по должината на Коридорот X и кракот X-d според најдобрите ЕУ практики се завршени.

Обновувањето на **третиот и последен дел од Коридорот X,Ногаевци - Неготино** (L = 30 км), се очекува да заврши во 2021 година со средства од заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Во изминатиот период, обновување беше изведено на делниците Табановце - Куманово (L = 12 км) и Миравци - Смоквица (L = 12 км). Завршувањето на работите на трите делници ќе овозможи зголемување на максимално дозволената брзина до 120 км/ч, со што ќе се намали времето на патување.

За целосно завршување на работите и обезбедување на целосна функционалност на пругата од **Битола до Кременица** се склучи Анекс број 2 за дополнителни работи кои не се опфатени во основниот проект и не се дел од основниот договор. Целта на проектот е да се рехабилитираат 16 км од железницата линија од Битола до Кременица, како дел од крак X-d. Овој проект ќе придонесе за постигнување на целите на ОПРД преку олеснување и зголемување на капацитетот за поврзување меѓу Северна Македонија и Грција, како и за промовирање на одржлив развој, особено преку минимизирање на негативните ефекти на транспортот врз животната средина. Проектот е во гарантен рок кој завршува на 21.12.2020 година. На 04.03.2021 година се одржа состанок на Управувачкиот комитет. Главната пречка за завршување на постапката за технички прием и последователно добивање на „дозвола за употреба" е сè уште нецелосната експропријација. На состанокот претставниците на ЈПДП истакнаа дека очекуваното време за завршување на

процесот на експропријација е приближно 1 - 1,5 месеци. По завршувањето на процесот на експропријација ЈПДП треба да поднесе барање за издавање на дозвола за употреба. Конечниот извештај ажуриран со информации во врска со тековниот процес за завршување на постапката за експропријација се очекува да биде официјално доставен од надзорниот инженер за одобрување.

За проектот изградба на заедничка железничка станица во **Табановце**, проектните документи за ЈБРС беа подготвени во 2019 година, а документациите за пристапен пат (за поврзување на патни и железнички станици) ќе бидат завршени до вториот квартал 2021 година. Апликацијата за грант за инвестиции (WB-IG04-MKD-TRA-01 / EBRD) во износ од 5,13 милиони евра беше одобрена од WBIF SC (декември 2019 година), одземајќи 50% од бараната сума. Останатите 50% ќе бидат обезбедени како заем од Коридорот 8 Бељаковце-Крива Планка во третиот квартал 2021 година..

Во 2019 година се изработија предфизибилити Студиите за Скопје-Кичево, GSM-R и ETCS ниво 1.

**Патниот Коридор VIII** се протега по оската исток–запад. Делот низ Република Северна Македонија е со должина од 304 км. Во врска со **патниот Коридорот VIII**, само 37% е надграден на ниво на автопат и има потреба од понатамошно надградување. На ниво на автопат се делниците Скопје-Тетово-Гостивар, обиколницата на Скопје и Куманово – Скопје.

Делница од Кичево до Охрид во должина од 57 км: Актуелен прогрес на градежните работи изнесува 76,65%. Во тек е потпишување на Анекс бр.4 кон Договорот за повлекување на средства од кредитот по Основниот договор со краен рок 31.12.2021 година.

Во годишната програма на ЈП Државни патишта за 2021 год, предвидени се национални средства за проширување на патната делница Тетово-Гостивар со уште една лента во двата правци.

Со **железничкиот Коридор VIII**, ќе се обезбеди директна железничка врска помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, пристап до нивните пристаништа и алтернативна транспортна можност за македонските компании во однос на досегашната патна врска.

Реконструкција на железничката делница од Куманово до Бељаковце (30,8 км) е преку заем од ЕБОР и е во тек. Во декември 2014 година, беше доделен кредит од ЕБОР во износ од 145 милиони евра за градежните работиза изградба

на нова и реконструкција на постојната железничка делница од Бељаковце до Крива Паланка (34 км). На Самитот во Трст (јули 2017) е доделен грант во износ од 70 милиони евра за оваа делница. Постапката за избор на изведувач во фаза на предквалификација е завршен во декември 2019 година. За делницата Крива Паланка до Деве Баир, граница со Бугарија во декември 2017 се изработи целата проектна документација. Во Секторската оперативна програма за транспорт 2014-2020 година, во рамките на ИПА 2 инструментот, во делот за подобрување на железничката инфраструктура индикативно се алоцирани ИПА грант-средства за дополнување на финансиската конструкција за изградба на железничката делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија во износ од 60.765.000,00 евра. Што се однесува на останатите средства за проектот во износ од околу 340 милиони евра, за истите веќе е доставено позитивно мислење до Министерството за финансии-МФ од страна на ЕБРД и ЕИБ за обезбедување на средствата во форма на заем на 06.05.2019. Вкупната инвестициска вредност на проектот се проценува на околу 400 милиони евра. За делот од финансиската конструкција кој ќе биде покриен со средства од ИПА 2, изработена е ИПА апликација доставена до ЕУД и Европската комисија на 21 јануари.

## Институционална рамка

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за Европска Унија се состои од четири одделенија: Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА мониторинг, Одделение за ИПА планирање и подготовка на проектна документација и Одделение за имплементација на други меѓународни инвестиции. Во Секторот работат 11 вработени со постојан работен однос.

Надлежни институции за спроведување на проектите од транс-европските транспортни мрежи се Министерство за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и Министерство за финансии. За претставниците на одделенијата за ИПА фондови (ИПА структура), на секои две години се проценуваат потребите од обуки и пополнети прашалници се доставуваат до СЕП. За останатата институционалната рамка види Поглавје 3.14 Транспортна политика.

# Краткорочни приоритети

## ПАТЕН КОРИДОР X, ОДНОСНО КРАК D НА КОРИДОРОТ X

- Градежните активности на делницата **Градско-Дреново** во должина од 15,5 км официјално започнаа на 22.01.2018 година,градежните работи сѐуште не се завршениодносно вкупната реализација на проектот,заклучно со декември 2020 година е 34,18%.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОР X

- Изградба на заедничка железничка станица во Табановце: Апликацијата за грант за инвестиции (WB-IG04-MKD-TRA-01 / EBRD) во износ од 5,13 милиони евра, е одобрена од WBIF SC (декември 2019 година), одземајќи 50% од бараната сума. Останатите 50% ќе бидат обезбедени како заем од Коридорот 8 Бељаковце-Крива Планка во третиот квартал 2021 година.
- Рехабилитација на третиот и последниот дел од Коридорот X, Неготино - Ногаевци (Л = 30 км). Договорот е раскинат. ЕБОР во моментов ги разгледува алтернативите за завршување на работите.Градежните работи на десеттата железничка станица во Гевгелија се завршени над 90%.

## КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОР VIII

- Реконструкцијата на железничката делница од Куманово до Бељаковце (30, 8 км). Договорот за градежни работи за реконструкција на железничката делница од Куманово до Бељаковце (30,8 км), кој е финансиран со заем од ЕБОР, беше раскинат.
- Железничката делница Бељаковце – Крива Паланка: За железничката делница Бељаковце - Крива Паланка, процесот на избор на Изведувачот беше прекинат во 4-иот квартал на 2020 година.

- Железничка делница Крива Паланка-Граница со Република Бугарија. Апликацијата ИПА беше финализирана и доставена до ЕУД и Европската комисија на 21 јануари. Договорот за работа беше потпишан од ЈПМЖИ на 25-ти ноември 2020 година. Крајниот рок за користење на алоцираните грант-средства во износ од 60.765.000,00 евра и завршување на проектот е заклучно со 2025 година, во согласно Н+5 правилото.Индикативната временска рамка за реализација на градежните работи за железничката делница од Крива Паланка до граница со Бугарија е 48 месеци.

## Институционална рамка

Во 2021 година се планирани 2 унапредувања и 2 нови вработувања во Секторот за Европска Унија согласно изработениот Годишен план за вработувања на Министерството за транспорт и врски за 2020.

На среднорочен план се планираат нови вработувања и унапредувања во Секторот за Европска Унија при Министерството за транспорт и врски во насока на целосно децентрализирано управување со ЕУ фондови, како и обука за вработените согласно нивните потреби.

# Среднорочни приоритети

## Програми и проекти

### ПАТЕН КОРИДОР X, ОДНОСНО КРАКОТ D НА КОРИДОРОТ X

- Делницата од Дреново до Фариш (изградба на експресен пат од 10км финансирана од Европската банка за обнова и развој).Договорот започна во мај 2016 година но беше раскинат во август 2019 година. Новиот тендер беше објавен во септември 2020 година и се очекува да се потпише во првиот квартал 2021 година. Изградба на патна делница на ниво на експресен пат од Прилеп до мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на патна делница од Беловодица до каменолом Маврово. Проектната документација е подготвена. Проектот ќе се реализира со средства од ИПА 2. Проценета вредност за реализација изнесува околу

9 милиони евра (градежни работи и надзор). Со оглед дека е планирано автопатско решение од Прилеп до Битола, се јави потреба од вклопување на планираниот автопат со нов експресен пат од Ленишка река до Прилеп. Поради тоа, се напушти идејата за проширување на постојниот пат од Ленишка река до Прилеп и во тек е репроектирање на дел од новиот експресен пат со клучка која ќе го поврзе експресниот пат со идниот автопат Прилеп - Битола. Во мај се очекува да се распише тендерот за изведување на градежнитеработи.

- Замена на заштитни огради според EN стандардите на 100 км автопатот на Коридорот X(2020-2021) Во тек се консултации помеѓу ЈПДП и Градежен факултет со цел да се потврдат делниците каде е најсоодветно поставување на еластична одбојна ограда. Основна цел на овој проект е подобрување на безбедноста на патиштата со замена на заштитни огради во должина на основната регионална мрежа на југоисточна Европа и поддршка на развојот на патната инфраструктура долж коридорот X.
- Проект за безбедност на патиштата (септември 2020-2023): Проектот се состои од техничка помош, подготовка на техничка документација и имплементација на мерки за подобрување на безбедност на патиштата-OIS е одобрен на 27.12.2019 година. Целта на проектот е подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата на селектираните делници и намалување на бројот на сообраќајни несреќи и бројот на жртви и повредени лица. Од страна на ЈПДП е во тек изработка на тендерско досие за првиот предвиден договор во рамките на овој проект.
- Воведување на Интелигентен транспортен систем (ИТС) долж Коридорот 10 - Проектната документација за проектот беше подготвена и ревидирана од аспект на усогласеност со европските директиви и искуства од областа на интелигентниот транспортен систем и доставен е финален извештај во 2019 година. Планирано е Проектот за имплементација на ИТС да се финансира со средства од Светска Банка преку Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан (WBTTFP).Во Јануари 2020 е предадена на ново формираната Единица за имплементација на проектот (ЕИП),

во Министерството за транспорт и врски, која понатаму ќе се грижи за спроведувањето на овој Проект. Во текот на спроведувањето на овој Проект планирано е да се исполнат и легислативните барања од Директивата 2004/54 за минимални технички услови за безбедност на тунелот, Директивата 2010/40 за Интелигентни транспортни системи и Акциониот план за имплементација од ИТС Директивата (ЕК 2011/289).

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОР X

- Изградба на заедничка железничка станица во **Табановце**: Се планира започнување со градежни работи, по спроведување на постапка за избор на изведувач, согласно правилата на ЕБОР.
- Набавка и Инсталација на сигнализација за железнички премини долж коридор X (2020-ноември 2022)
- Подготовка на проектна документација за подобрување на железничката мрежа долж Коридор X, крак X-d (2020-2022)
- Изработка на Физибилити студија за мултимодален товарен јазол во регионот на Скопје, заедно со тендерска процедура за изработка на проектна документација за мултимодален јазол во **Трубарево**, што ќе биде финансиран во рамките на ЕУ фондовите - ИПА2 програмата. За овој проект е објавен е ”contract notice”, и во тек е претквалификација на понудувачите. По ова претквалификуваните компании ќе бидат повикани да достават понуди, по што ќе се избере компанијата која ќе ја подготви горенаведената документација.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПАТЕН КОРИДОР VIII

- Делница од **Кичево до Охрид** во должина од 57 км: во тек се градежни работи за изградба на автопат кои започнаа во мај 2014. Актуелен прогрес на градежните работи изнесува 76,65%. Потпишани се следните Анекси кон Основниот договор: Анекс бр. 1 кон Договорот за продолжување на рокот до 30.06.2021 година; Анекс бр.2 кон договорот за искористување на преостанатите средства од Основен договор по неопходен редослед на изведување на работите

и оформување на функционални целини до обезбедување дополнителни средства; и Анекс бр. 3 кон Договорот за дополнителни работи кои се неопходни за целосно завршување на проектот. Во тек е потпишување на Анекс бр.4 кон Договорот за повлекување на средства од кредитот по Основниот договор со краен рок 31.12.2021 година.

- Изградбата на нов автопат од **Гостивар до Кичево** со должина од 42 км е поделена на 3 делници и тоа:
- за делница од **Кичево до Букојчани** во тек е изработка на основен проект и ќе биде завршен до крајот на 2020 година согласно националното законодавство и процедурите на ЕБОР.
- за делницата **Букојчани – Горна Ѓоновица** средства за проектирање се обезбедени од ВБИФ. Во овој момент во рамки на Проектната задача предвидено е да се изработи само Идеен проект заради чувствителноста на делницата од еколошки аспект.
- за делницата **Горна Ѓоновица – Гостивар** обезбедени се 2 милиони евра преку ВБИФ за изработка на основен проект. Проектната задача е усогласена, се чека одобрување за почеток на проектирањето во рамки на ВБИФ.
- Патната делница од **Куманово до Страцин** (прва фаза) е планирано да биде рехабилитирана со средства од ЕУ во рамките на Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020. Делницата изнесува 32км од кои 16км ќе бидат финансирани од средства од ЕУ во рамките на Секторска оперативна програма за транспорт 2014-2020, а останатите од буџетот на ЈПДП. Во тек е евалуација на понуди.
- Делницата од **Ранковце до Крива Паланка** во должина од 26 км е поделена на две секции: Ранковце (Чатал) до Длабочица во должина од 14км и Длабочица – Крива Паланка во должина од 9км. За првата секција склучен е договор во вредност од 28.1 МЕУР со рок од 30 месеци. За втората секција потпишан е договор со износ од 30.4 МЕУР со рок на изградба од 36 месеци. Овие проекти се финансирани од Светска банка. Актуелен напредок на градежните работи на делницата Ранковце (Чатал) до Длабочица во должина од 14 км изнесува 23%, а Длабочица - Крива Паланка во должина од 9км изнесува 24%.

- Делницата од **Крива Паланка до Република Бугарија** во должина од 13км, започна да се гради со заем од ЕБОР. Потпишан е договор со изведувачот Гранит во вредност од 10.16 милиони евра. Рокот за завршување на делницата е 24 месеци.

КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОР VIII

- Реконструкцијата на железничката делница од **Куманово до Бељаковце** (30, 8 км). Во 2021 година се планира да заврши изградбата на оваа делница
- За железничката делница **Бељаковце – Крива Паланка**, Се планира во почетокот на 2021 година, да започнат градежните работи. За железничка делница Крива Паланка-Деве-Баир,индикативната временска рамка за реализација на градежните работи е 48 месеци.

## Долгорочни приоритети (2024-2025 )

КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОР VIII

- За железничката делница **Бељаковце – Крива Паланка**, Се планира периодот до 2025 година градежните работи да финишираат.
- За железничка делница **Крива Паланка - Граница со Бугарија** - индикативната временска рамка за реализација на градежните работи е 48 месеци.

## Програми и проекти

Што се однесува до активностите за спроведување на **Договорот за транспортна заедница**, во тек е доекипирање на Постојниот секретаријат на Транспортната заедница. Потребно е зајакнување на капацитетите (мобилизација на ресурси и административен капацитет) во Министерството, како и во други институции кои ќе учествуваат во спроведувањето на одредбите од договорот. Во согласност со член 40 од Договорот, со цел да се применат правилата на Протоколот за транзициските аранжмани и соодветните периоди (т.н. прва фаза) ќе се спроведе мисија за проценка од Европската комисија за која ќе има треба да се исполнат огромен број на обврски и за тоа треба да бидат соодветно подготвени административните капацитети. Буџетот за 2021 година ,исто како и во претходните години, предвидува средства за придонес на Република Северна Македонија како земја потписничка/договорна страна во буџетот на транспортната заедница за 2021 година.

Во рамките на Оперативната програма за регионален развој се изработи **Национална транспортна стратегија (2018-2030)**[109] во чии рамки се разработени индикатори, кои ќе бидат алатка за оценка на напредокот кон остварување на предвидените цели во истата. Оттука, Министерството за транспорт и врски како надлежно за следење на имплементацијата на Националната транспортна стратегија 2018-2030, на годишна основа ќе прибира податоци од надлежните институции, кои понатаму ќе послужат како основа за изработка на Годишен извештај за напредок во однос на достигнување на целите од НТС 2018-2030 и истиот ќе го достави соодветно до Владата и сите релевантни институции.

Националната транспортна стратегија 2018-2030 содржи индикативен Имплементационен план, во кој се содржани 104 активности со вкупен индикативен буџет за периодот до 2030 година.

109 Национална транспортна стратегија 2018-2030 http://www.mtc.gov.mk/media/files/2019/NTS-final%20MK.pdf

# ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е на **одредено ниво на подготвеност** во оваа област. Постигнат е **ограничен напредок** во областа на заштитата на природата, цивилната заштита и климатските промени. Сепак, спроведувањето во сите сектори сè уште заостанува.

Во наредната година, земјата се охрабрува значително да ги засили амбициите кон зелена транзиција и треба особено:

- да ја подобри меѓусекторската координација и да ги зголеми финансиските ресурси за намалување на загадувањето на воздухот на локално и национално ниво;
- да воспостави интегриран регионален систем за управување со отпад;
- да го спроведе Договорот од Париз, вклучувајќи го и развивањето на сеопфатна климатска стратегија и донесување закон, во согласност со рамката на ЕУ 2030 и да развие Национален план за енергија и клима, во согласност со обврските на Енергетската заедница.


change
climate
change
change
climate
change
change climate change

# ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

Во однос на хоризонталното законодавство, ќе се продолжи со усогласување со законодавството на ЕУ презентирано на Објаснувачкиот состанок 2019 г, односно ќе бидат донесени следните акти: Закон за животна средина, Закон за инспекција во животната средина, нов Кривичен законик со засилени одредби во делот на санкционирање на повреди на животната срединасетот на закони за отпад и посебни текови на отпад. Во насока на подобрување на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина и ќе се донесат Стратегија за инвестиции во животна средина и Национална стратегија за животна средина и климатска акција. Ќе се воспостави систем на инспекциски надзор со законска рамка, кој ќе се темели на планирање согласно воспоставени критериуми за процена на ризикот. Ќе се продолжи со зајакнување на административните капацитети во областа на животната средина и климатски промени.

Во секторот цивилна заштита, во наредниот период ќе се спроведе реформа на системот за цивилна заштита а во насока на единствен национален систем за цивилна заштита согласно препораките од Оценската мисија на ЕК.

Во областа на климатските промени, главниот фокус ќе биде донесување на Стратегија и Закон за климатска акција, како и Национален план за клима и енергија. Ќе се спроведуваат активности согласно барањата од Парискиот Договор. Исто така Декларацијата за Зелениот Договор ќе биде интегрирана во политиките на земјата.

# Тековна состојба

- Донесен е нов Закон за инспекциски надзор (Сл.В бр.102/2019). Дел од одредбите кои беа уредени со **предлог текстот на Законот за инспекција во животната средина** се уредени во новиот Закон за инспекциски надзор. Во таа насока, во тек е усогласување на текстот на предлог Законот за инспекција во животната средина со новиот текст на Законот за инспекциски надзор
- Во однос на напредокот во исполнувањето на обврските кон Архуската конвенција, во ноември 2020 година, се отвори **Архус центар во Скопје**. Истиот се формираше со средства од европските фондови. МЖСПП и Архус Центарот склучија Меморандум за соработка за подобрување на информирањето на јавноста, олеснување на вклучувањето на јавноста при донесување на одлуки и пристап до правда.
- Продолжија активностите за спроведување надзор над работата на дел од единиците на локалната самоуправа согласно донесениот План за вршење надзор за 2020 година. Се спроведе надзор на 15 општини, главно помали и рурални општини, на начин што им беше доставен претходно подготвен прашалник. Истиот беше одговорен со податоци, статистика и приложени документи. Врз основа на одговорениот прашалник беа подготвени извештаи со препораки за понатамошно постапување на општините при спроведување на законодавството од областа на животната средина.
- МЖСПП редовно врши собирање, обработка и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг-мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад.
- Редовно се известува за состојбата со животната средина до Европската агенција за животна средина (ЕЕА). Земјата е со статус на земја-соработник и е дел од работните групи на Агенцијата. Од особено значење е тоа што нашите експерти учествуваат на редовните состаноци во работните групи на Агенцијата.
- Во тек се активности за изработка на Извештај за состојбата на животната средина со индикаторски пристап, со кој истовремено ќе се ажурираат и дополнат индикаторите за животна средина и

Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина. Се очекува истиот да биде усвоен од Владата и публикуван на веб страната на Министерството.

- Во тек се активности за спроведување на ИПА проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина", кој се реализира преку ИПА2 програмата на Европската Унија.
- Континуирано се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата. Во 2020 година продолжи имплементацијата на Стратегијата за РИПЗ 2016-2020 година. Исто така, континуирано се спроведуваат активности за ажурирање на Катастарот на загадувачи (воздух, вода, бучава) и Регистарот на испуштање и пренос на загадувачи.
- ИПА 2 Проект за Имплементација и планирање за апроксимација во приоритетни области во животната средина е во тендерска процедура.
- Во рамките на Агендата 2030 на НАТО го усвоивме Акцискиот План за климатски промени, во насока на значително намалување на емисијата на стакленички гасови од воените активности и инсталации.

# ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Во првата половина на 2020 година од вкупно планираните 868 редовни инспекциски надзори, поради пандемијата со вирусот COVID-19, реализирани се само 749 редовни инспекциски надзори. Во овој период се реализирани и дополнителни 126 вонредни и 72 контролни инспекциски надзори односно во првото шестмесечие, реализирани се вкупно 947 инспекциски надзори.
- Согласно Законот за инспекциски надзор се изготвуваат два извештаи: Шестмесечен и Годишен извештај за работата на ДИЖС. Првиот Шестмесечен извештај за работата на ДИЖС за 2020 година согласно новиот правилник е одобрен од страна на Инспекцискиот совет и е објавен на интернет страницата на ДИЖС

заради информирање на јавноста. Годишниот извештај за работата за целата 2020 година е изготвен и по одобрувањето од страна на ИС е објавен на интернет страницата на ДИЖС.

- Во последното тромесечје од годината со отпочнување на зимската/грејната сезона реализирани се надзори кај сите субјекти кои се под надлежност на ДИЖС кои емитираат емисии во воздухот и работат со А-ИСКЗ интегрирани еколошки дозволи, односно со ДУОП-Дозволи за усогласување со оперативен план, како и Елаборати за животна средина кои ги одобрува МЖСПП.
- Во овој период посебно е нагласена координацијата со локалните општински инспектори за животна средина на територијата на целата држава, заради слабиот административен капацитет за спроведување на законодавството од обласа на животната средина на локално ниво од страна на овластените инспектори за животна средина.
- Во текот на целата година продолжи меѓународната соработка на ДИЖС во европските мрежи, проекти и останати настани. Исто така ДИЖС заедно со Одделот на Европол при МВР и Царинската управа учествуваше во оперативна акција наречена Ретровирус посветена на сузбивање на криминал во животната средина сврзано со медицинскиот отпад, при што од страна на ДИЖС во периодот април-август беа реализирани 46 инспекциски надзори и изготвени 5 санкции – глоби/платни налози за правни лица и одговорни лица во правни лица.

## УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ (УХМР)

- Во 2020 година започна УНДП Проект: Интегрирано прекугранично климатски отпорно управување со ризик од поплави, во сливот на реката Дрим на Западен Балкан (Integrated climate-resilient transboundary flood risk management in the Drin River basin in the Western Balkans), со цел подобра

вклученоста на засегнатите страни во дримскиот регион во справувањето со ризикот од поплави.

- Секторот  за хидрологија при УХМР во рамки на Вториот ГИЗ Проект: Адаптација кон климатските промени во прекуграничното управување со ризикот од поплави во Западен Балкан (CCAWB II) ги продолжи активностите битни за проектот, особено од аспект на имплементацијата на Панта Реи софтверот за прогноза на вода во сливот на Дрим. Во рамки на проектот се набави компјутерза подобро реализирање на активностите околу ПантаРеи софтверот, дополнително беа обезбедени два монитора за подобро презентирање на прогнозите и графичките презентации и карти, се доби Сервер за работа на новиот софтверски пакет кој ќе подржува ICONПрогноза.
- Секторот за хидрологија при УХМР во рамки на проектот на УНДП:Подобрување на отпорноста од поплавите во Полошкиот регион, продолжи со имплементација на добиената опрема и во текот на годината беше инсталирана опрема на следните станици: БалинДол, Равен, Радиовце, Сараќино, Орќуше, Боговиње, Еленскок, Лакавица, Неготино (Полог), Волковија (Ничпурска). Секторот за метеорологија во рамки на истиот проект, инсталираше автоматски метеоролошки станици во Гостивар, а автоматски дождомерни станици во Стенче, Корито, Доброште и Јегуновце. Беше извршена надградба на базата на климатолошки податоци CLIDATA.

Во 2020 година, во  МЖСПП и органите во состав, беа реализирани 29 унапредувања во различни сектори тоа: Сектор за индустриско загадување и управување со ризик (1), Сектор за води (3), Сектор за животна средина (1) Сектор за природа (4) Сектор за ЕУ (6) Сектор за финансиски прашања (2) Сектор за просторно  планирање (1), Сектор за одржлив развој и инвестиции (3), Сектор за правни и општи работи (5), Сектор за соработка со локална самоуправа и управно – надзорниработи (1), Одделение за стратешко планирање (1), Служба за просторноинформативен систем (1).

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

- Ќе се донесе **Закон за инспекција во животната средина** со цел воспоставување инспекциски надзор кој ќе се врши врз основа на претходно повеќегодишно планирање на инспекциски надзор во животната средина на централно и локално ниво, врз основа на воспоставени критериуми за процена на ризикот кој го имаат субјектите на надзорот врз животната средина.
- Во овој период, планирано е да се донесе нов **Закон за животната средина** со кој ќе се изврши ревизија на постојниот Закон за животната средина преку транспозиција на корпус ЕУ мерки како 32001L0042, 32003L0004, 32003L0035, 32004L0035, 32011L0092и 32014L0052. Подобрување на постапките за СЕА и ЕИА се предвидени во новиот Закон за животна средина.
- Предвидено е да се донесе нов **Кривичен законик**, кој дополнително ќе се усогласи со Директивата за еколошки криминал 32008L0099.
- Предвидено е донесување на **Програма за инвестиции во животната средина за 2022 година** согласно Законот за животната средина.
- Предвидено донесување на **Национален план за справување со опустинување** и ублажување на ефектите од суши.
- **Национален план за инспекција во животната средина** ќе биде изработен по донесување на Законот за инспекција во животната средина, со кој план ќе се изврши повеќегодишно планирање на инспекцијата во животната средина.
- Во текот на 2021 година ќе продолжат активностите за спроведување на ИПА проектот „Развивање на мониторинг и информативен систем за животна средина". Во рамки на проектот предвидена е подготовка на **Национална мониторинг стратегија за животна средина** со Акционен план, Национална програма за мониторинг на животната средина, како и воспоставување на **Национален информативен систем за животна средина.**
- Во текот на 2022 година, продолжуваат активностите за изработка на Извештај за состојбата на животната средина со индикаторски

пристап, со кој истовремено ќе се ажурираат и дополнат индикаторите за животна средина и Годишниот извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина.

- Ќе се подготви публикацијата Статистики во животната средина во соработка со Државниот завод за статистика.
- Во текот на 2021 година, ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата. Континуирано ќе се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата.
- Ќе продолжат да се спроведуваат активности за ажурирање на Катастарот на загадувачи (воздух, вода, бучава) и Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ).
- Ќе продолжи спроведувањето на надзор над единиците на локалната самоуправа.
- Е-системот за управување со документи од инспекциски активности и модулот за електронско архивирање документи во Државниот инспекторат за животна средина ќе биде оперативен.
- Ќе започне ИПА 2 Проект за Имплементација и планирање за апроксимација во приоритетни области во животната средина (Implementation and Planning for Approximation in Priority Areas of Environment), во кој ќе се изработи Стратегија за инвестиции во животна средина и Национална стратегија за животна средина и климатска акција. Ќе се подготватдетални планови за спроведување на директиви од областа на животната средина за кои се потребни големи финансиски средства, како и План за зајакнување на административните капацитети за управување со животната средина. Ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите на МЖСПП за подготовка на документи за пристапување и преговори за поглавјето 3.27 Животна средина и климатски промени.
- ИПА Проектот Поддршка за имплементација на Хоризонтално законодавство ќе започне со имплементација. Преку проектот ќе се спроведат активности за анализа на националното законодавството кое ги уредува постапката за проценка на оценката на влијанието врз животната средина и постапката за стратегиска оценка на влијание на животната средина

со анализа на нивното спроведување, како иподобро спроведување на процесот на јавни консултации. Ќе се изработи нов **Предлог-закон за животна средина** во кој ќе се транспонираат директивите од хоризонтално законодавство.

- УХМР ќе продолжи со поставување и одржување на постојана хидролошка база на податоци. Ќе се врши модернизација на преостанатата мониторинг мрежа на хидролошки станици на површински и подземни води. УХМР ќеаплицира во проектот ИНТЕРРЕГ III за добивање средства од прекуграничната програма за потребите за подобрување на мониторингот на водите во долниот дел од сливот на река Вардар.
- Во континуитет ќе продолжи надградбата и одржувањето на мрежата на реките и подземните води.
- Во рамки на активностите на **Архус центарот** и МЖСПП планирано е следното: Анализа на податоци за имплементација на Архуската конвенција добиени од локалните и државите институции,како и од НВО кои работат во областа животната средина;Изработка на Национален извештај за имплементација на Архуската конвенција;Поддршка и олеснување на пристапот на јавноста во процесот на одржување на јавни расправи; Едукација на државни службеници и локална администрација за имплементација на трите столба од Архуската конвенција.

## Институционална рамка

ДИЖС планира во 2021 година нови вработувања како советници-инспектори и помлади инспектори за животна средина, за природа и за водостопанство, по еден помлад инспектор за заштита на природата и еден помлад водостопански инспектор. 10 нови вработувања.

МЖСПП ќе подготви **План за зајакнување на административните капацитети** за управување со животната средина(во рамки на ИПА 2 проектот).

Во 2021 година,се планира да се зајакнат административните капацитети на МЖСПП за ИПА прашања, преку 12 нови вработување и 1 унапредување во Секторот за ЕУ.

## Среднорочни приоритети

- Во овој период ќе се донесат **Стратегија за инвестиции во животна средина и Национална стратегија за животна средина и климатска акција.** Исто така, ќе се подготват детални планови за спроведување на директиви од областа на животната средина за кои се потребни големи финансиски средства, како и План за зајакнување на административните капацитети за управување со животната средина. Ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите на МЖСПП за подготовка на документи за пристапување и преговори за поглавјето животна средина.
- Во овој период и понатаму ќе продолжат активностите за донесување на **Програма за инвестиции во животната средина** согласно Законот за животната средина на годишно ниво.
- Исто така, планирано е спроведување надзор над единиците на локалната самоуправа од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање следната календарска година.
- Во овој период ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување на релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата.
- Продолжуваат активностите за изработка на Извештај за состојбата на животната средина со индикаторски пристап, со кој истовремено ќе се ажурираат и дополнат Индикаторите за животна средина и Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина.
- Во текот на 2023 и 2025 година ќе се спроведат активности за подготовка на Статистики за животна средина во соработка со Државен завод за статистика.
- Континуирано ќе се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата.
- Континуирано ќе се спроведуваат активности за ажурирање на Катастарот на загадувачи (воздух, вода, бучава) и Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ).
- Ќе заврши ИПА Проектот Поддршка за имплементација на Хоризонтално законодавство.



- УХМР ќе работи на: развивање на мрежа на автоматски метеоролошки станици (АМС) за надградба на постојниот систем врз основа на обединување на техничките и софтверски компоненти, во согласност со насоките и препораките на Светската метеоролошка организација; поправка или обнова на веќе застарените радарски системи во Ѓуриште и Тополчани; инсталацијата на автоматски метеоролошки станици на сите главни метеоролошки станици, климатолошки и дождомерни станици со цел постепено да се заменат класичните мерења со мерењата од АМС; инсталирање АМС надвор од постојната метеоролошка мрежа; воспоставување на лабораторија за контрола, одржување и калибрација на метеоролошките инструменти и АМС-сензори; одржување; дигитализација на основните климатолошки податоци и информации; користење ГИС-формат за прикажување на климатските услови за различни параметри; јакнење на компјутерските (хардверски и софтверски) ресурси за користење при подготовка на сезонски прогнози за територијата на земјата. Превод и усогласување на упатствата на Светската метеоролошка организација. Акредитација на лабораторија за детерминација на загадувачки материи во водите. Воспоставување на Информациски систем за климатски услуги за потребите на генерирање, заштита и дистрибуција на климатски податоци и информации кои произлегуваат од обврските согласно заклучоците од страна на Вонредната сесија на Светскиот метеоролошки конгрес во 2012 година за воспоставување на Глобална рамка за климатски услуги (GFCS Global Framework for Climate Services).

# ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

## Тековна состојба

- Справување со Ковид 19: Во ноември 2020г. на целата територијата на земјата се прогласи кризна состојба за да се заштити јавното здравје во услови на постоење на пандемија

предизвикана од вирусот САРС-КОВ 2, прогласена од Светската здравствена организација. Активиран е Главен штаб за управување со кризи со кој раководидиректорот на Центарот за управување со кризи и во него членуваат директорот на Дирекција за заштита и спасување и претставници од Министерство за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Црвен крст, Агенција за разузнавање, Министерство за одбрана, Армијата, Дирекција за безбедност на класифицирани информации и други. Сите релевантни институции ги ставија на располагање своите капацитети на располагање за справување со пандемијата. Армијата е вклучена во справувањето со кризната состојба во поддршка на здравствените институции. Донесен е Акциски план за превенција кој содржи соодветни мерки за почитување на донесените протоколи, како и зголемен број на активности за медиумски едукативно-превентивна кампања.

- Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), го активираше **Европскиот механизам за цивилна заштита** на 23.03.2020 година. Во текот на пандемијата, ДЗС координираше и спроведуваше активности поврзани со олеснување на царински процедури за влез во земјата, прием, складирање и дистрибуција на помошта, во соработка со релевантните национални институции. На месечно ниво, ДЗС доставува епидемиолошки податоци, добиени од Министерството за здравство, до Центарот за координација на одговор од катастрофи (ERCC), како дел од Механизмот за цивилна заштита.

## Реформа на секторот за цивилна заштита

- Во тек е анализа на **реформите на системот за заштита и спасување и за управување со кризи.** Со заклучок на Владата[110], Министерството за одбрана е органот назначен за координација на работната група за спроведување на реформите. Работната група е задолжена да направи анализа на Извештајот на Оценската мисија на ЕУ (Peer Review), реализирана во период од 15-25 октомври 2018 година и да изготви План со

110 заклучок на Владата, бр. 45-8447/1 од 24 декември 2019 година

динамика за имплементирање на препораките од истиот. Во март 2020 година, се одржа работилница за процена на подготвеност на капацитети/способности на земјата за одговор при катастрофи, во организација на Министерството за одбрана и Инженерискиот корпус на Армијата на САД, во рамките на Програмата на цивилно-воена подготвеност за итни ситуации, за 2020 година. Конечната процена се презентираше во септември 2020 година. Во Процената извршена е анализа на изграденоста и дадени се препораки за надминување на слабостите и активности за подготовки при катастрофи: националниот систем за одговор; оперативните способности за управување при катастрофи; можноста на МО/Армијата за поддршка на цивилните надлежни институции; способноста за меѓусебна поддршка за одговор при катастрофи; прифатени стратешки партнерства; процена на ризици и катастрофи; национални планови за вежби; планирање; ГИС; кризни/стратешки комуникации; и справување со масовни последици/жртви.

- Во 2020 започна проект за изработка на **Национална стратегија за заштита и спасување**, имплементиран од Светска Банка, финансиран преку ИПАво рамките на Програмата за управување со ризици од катастрофи за земјите од Западен Балкан. Оваа Програма има за цел унапредување на агендата за управувањето со ризици од катастрофи во регионот, преку поддршка на активности кои ќе овозможат подобро разбирање на катастрофите и климатските ризици и, понатаму, идентификување на потребните инвестиции. Ова е прва мисија од оваа Програма во Северна Македонија. Целта на проектот е зајакнување на системот за управување со катастрофи и преглед на клучните придружни национални планови и документи за проценка, со користење на модифициран пристап за решавање на предизвиците поставени и од КОВИД-19 пандемијата. Дирекцијата за заштита и спасување е носител на активноста и одговорна за имплементација на проектот, кој би требало да заврши во август 2021 година.
- Дирекцијата за заштита и спасување започна со операција на уништување на 12,300 парчиња неексплодирани убојни средства – артилериски гранати калибар 75мм, останати од Првата светска војна, а пронајдени во централното градско

подрачје на Битола. Акцијата ја извршуваат пиротехничарите од ДЗС, МВР и Армијата, на армискиот полигон „Криволак". За овој настан, известени се и Делегацијата на ЕУ и други меѓународните партнери, со кои веќе се договараат активности во насока на поддршка и натамошен развој на овој сегмент на цивилната заштита, како и користење на инструментот TAIEX.

- Воспоставена е **Национална платформа за намалување на ризиците од катастрофи** за да се подобри ублажувањето и одговорот на катастрофи.
- Дирекцијата за заштита и спасување **редовно учествува на состаноците на Комитетот за цивилна заштита на ЕУ**, како: учество на 45. Состанок на Директори за цивилна заштита на ЕУ и партнерските држави, под покровителство на Германското претседателство со Советот на ЕУ;Редовно учество на координативните состаноци на авторитетите на цивилната заштита на ЕУ и партнерските држави, во организација на Центарот за координација на одговор при катастрофи – ERCC.
- Во текот на 2020 година,  Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) работеше на воспоставување на **билатерална соработка** на полето на цивилна заштита со: Агенцијата за справување со катастрофи и управување со вонредни ситуации - АФАД  на Република Турција; НАТО Центарот за извонредност за управување со кризи и одговор при катастрофи, со седиште во Софија, Р. Бугарија;и со Руската Федерација.
- **Националниот координатор за имплементација на Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи** (Национален координатор) има улога да ја следи имплементацијата на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, да ја проучува и анализира системската поставеност на системот за кризи и да предлага решенија за обезбедување на поголема ефективност и ефикасност. Воедно, во соработка со субјектите на системот за управување со кризи има задача да подготви тригодишен акциски план за развивање и јакнење на капацитетите на системот за кризи и јакнење на отпорноста, како и имплементација на меѓународните стандарди и исполнување на обврските од ООН.

Се усвои **четвртата ревидирана Национална платформа усогласена со приоритетите на Акционата рамка Сендаи за 2015-2030 година.** Сите релевантни институции работат на целосна имплементација на Националната платформа, како и на имплементација на приоритетите на Акционата рамка Сендаи која претставува сеопфатен документ и правно заснован инструмент со остварливи цели за намалување на ризикот од катастрофи.

Специфични приоритети на дејствување се разбирање на ризиците од катастрофи, зајакнување на процесот на управувањето со катастрофи, инвестирање во намалување на ризиците и зголемување на подготвеноста за катастрофи и ефективен одговор. За поддршка на проценката на глобалниот напредок во постигнувањето на резултатот и целта на **Рамката Сендаи**, договорени се седум глобални цели:

1. Намалување на глобалната смртност од катастрофи
2. Намалување на бројот на погодени лица на глобално ниво до 2030 година, со цел да се намали просечната глобална бројка на 100,000 помеѓу 2020-2030 година во споредба со 2005-2015 година;
3. Намалување на економската загуба на директна катастрофа во однос на глобалниот бруто-домашен производ до 2030 година;
4. Намалување на штетите од катастрофа на критичната инфраструктура и нарушувањето на основните услуги, меѓу кои и здравствените и образовните установи, вклучително и преку развој на нивната прилагодливост до 2030 година;
5. Зголемување на бројот на земји со национални и локални стратегии за намалување на ризиците од катастрофи до 2020 година;
6. Зајакнување на меѓународната соработка со земјите во развој преку соодветна и одржлива поддршка за надополнување на нивните национални активности за спроведување на рамката до 2030 година;
7. Зголемување на достапноста и пристапот до повеќе системи за рано предупредување од опасност и информации и проценки за ризиците од катастрофи до луѓето до 2030 година.

Националниот координатор формираше тим со претставници од сите релевантни институции кои ќе работат на собирање и доставување на потребни податоци и информации за **електронскиот систем за мониторинг на имплементација на Акционата рамка Сендаи.** Покрај тоа, во соработка со

Канцеларијата на ООН за намалување на ризици од несреќи и катастрофи беше спроведена и онлајн обука за пополнување на податоци во Сендаи системот за мониторинг.

## Краткорочни приоритети

- Во 2021 година, Меѓуресорската работната група ќе продолжи да работи на насоките и препораките дадени во **Извештајот за Оценската мисија** од 2018 (peer review) и во **Проценката за подготвеноста на способностите/капацитетите на Република Северна Македонија за одговор на катастрофи**, изработена од страна на ЦМЕП експерти од САД (кои воедно се и НАТО експерти), а со цел да се дадат финални согледувања на работната група кои наредно ќе бидат презентирани на Владата со цел да се одбере најсоодветниот модел за реформа на секторот.
- Предвидено е донесување на **Закон за цивилна заштита и спасување** кој ќе се усогласи со европското законодавство, вклучително и со Одлуката 32013D1313 на Механизмот за цивилна заштита, како и со Одлуките за имплементација на директивите 32014D0762, 32018D0142, 32019D0570. Се предвидува барање поддршка во делот на изготвување правна анализа за транспонирање на овие мерки во Законот за заштита и спасување.
- Предвидено е поврзување со **Заедничкиот информациски и комуникациски систем на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ (CECIS)** до крајот на 2021 година.
- Ќе се донесе **Национална стратегија за заштита и спасување,** која се изработува во рамки на проектот имплементиран од Светска Банка, финансиран преку ИПА.
- Националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи во соработка со другите субјекти на системот за кризи ќе пристапи кон изработка на **Акциски план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи.** Целта на Акцискиот план е унапредување, развивање и јакнење на системот за кризи. Овој план треба да го поттикне планирањето, лидерството, управувањето, мониторингот и евалуацијата на сите активности и мерки кои се преземаат за намалување на

ризиците од катастрофи, како и усогласеност помеѓу субјектите одговорни за намалување на ризиците од катастрофи, одржливиот развој и еколошките аспекти. Акцискиот план е сублимат на сите проекти на субјектите на системот за кризи, со дефинирање на активностите, носителите и роковите за нивна имплементација. Акцискиот план на секои три години го усвојува Владата.

- Во текот на 2021 година, ДЗС ќе побара поддршка преку TAIEX во насока на изработка на процена и мапирање на ризици од природни и техничко-технолошки катастрофи во Северна Македонија, со акцент на подрачјата  кои се најмногу загадени со неексплодирани убојни средства (НУС) останати од Првата и Втората светска војна, како и обука на пиротехничари за пронаоѓање и уништување на НУС и други експлозивни направи.

## Среднорочни приоритети

Во овој период предвидено е да се имплементираат реформите во секторот за цивилна заштита, преку соодветно законско решение.

Исто така ќе се имплементира и Националната стратегија за цивилна заштита, Акцискиот план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи и други стратешки документи од оваа област.

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

## Тековна состојба

- Собранието го ратификува **Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото и УНФЦЦЦ**[111] и Законот за ратификација на **Кигали амандманот кон Монтреалскиот протокол**[112].
- Подготвен е првиот **нацрт-Закон за климатска акција и Стратегија за климатска акција**, во рамки на ИПА проектот, и истите се консултираат во рамки на управувачкиот комитет на проектот. Преку одредбите од предлог законот ќе се воспостави механизам за следење на емисиите на стакленички

111 Службен весник бр. 152/2019

112 Службен весник бр. 34/2020

гасови во согласност со Регулативата за механизам за мониторинг на ЕУ бр. 525/2013 и нејзините одредби за спроведување. Исто така, се подготви план за зајакнување на административните капацитети за климатски промени. Се зајакнуваат административните капацитети во согласност со пристапот на ЕУ за постигнување на ниско јаглероден раст и развој, и се подига јавната свест.

- Земјата е првата договорна страна од Енергетската заедница која ги интегрираше 5-те столба на ЕУ политиката за енергија, која интегрира не-енергетски и климатски пристап, во **Националната стратегија за развој на енергетиката до 2040 година.** Стратегијата директно ги вметнува сценаријата за ублажување на емисиите на стакленичките гасови во енергетскиот развој. Зеленото сценарио од усвоената Национална Стратегија за развој на енергетиката, надградено со дополнителни анализи во не енергетски сектори од **Третиот двогодишен извештај за климатски промени** се во основата на изработката на ревидираниот **Национален утврден придонес** кон Договорот од Париз, **Интегрираниот План за енергија и клима**, како и предлог **Долгорочната Стратегија за климатска акција**. Ревидираниот **Национален утврден придонес** и **Третиот двогодишен Извештај за климатски промени** се усвоени од Владата во 2021 година. Донесувањето на ревидираниот Национален утврден придонес кон Договорот од Париз е во согласност и со заклучоците од 16-от и 17–от Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, и наодите од Извештајот за напредокот на ЕК за 2020 година. Изработен е и Националниот извештај за инвентар на стакленички гасови до 2016 година во рамките на 3-от двогодишен извештај за климатски промени.
- Започнаа подготвителни активности за изработка на проектна задача за **Национален план за адаптација** во рамки на механизмот на Зелениот климатски фонд (Green Climate Fund – GCF).

## Краткорочни приоритети

- Во овој период ќе се донесе **Закон за климатска акција**, во кој ќе се транспонираат следниве ЕУ мерки; 32013R0525 Механизам за следење и известување за емисиите на стакленички гасови и за известување за други информации на национално и на ниво на Унија; 32014R0666 Воспоставување на суштински барања за систем на залихи на Унијата, земајќи ги предвид промените во глобалните потенцијали на затоплување и меѓународно договорените упатства за инвентари; 32014R0749 за структурата, форматот, процесите на поднесување и прегледот на информациите што ги поднесуваат земјите-членки во однос на Регулативата 525/2013; 32018R1999 Управување со енергетската унија и климатската акција. Директивата 32003L0087 за воспоставување на шема за трговија со емисии на стакленички гасови во рамките на Заедницата (ЕТС) ќе биде делумно транспонирана во Законот за климатска акција. Предлог законот за климатска акција предлага рамка за системот за набљудување и известување (членовите 26, 27, 28, како и членовите 37-46). Рамката за ЕТС ќе треба да се спроведе со подзаконски акти. Сепак, основните правила треба да бидат вклучени во Законот за климатска акција.
- Предлог-законот за климатска акција ќе обезбеди делумна транспозиција на Регулативата 32018R0842[113] за обврзувачки годишни намалувања на емисиите на стакленички гасови од страна на земјите-членки од 2021 до 2030 година, придонесувајќи за климатските активности за исполнување на обврските од Парискиот договор и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 525/2013, преку основни одредби за соодветните сектори, како и обврски за мониторинг и известување (Член 29, 30, 31, 32 како и членовите 37-46). **Обврските за намалување мора претежно да се постигнат преку секторско законодавство.** Законот за климатска акција нема да ги опфати обврските за намалување по сектори.
- Во Предлог-законот за климатска акција, дополнително ќе се рефернцираат и следните мерки: 31998L0070, 32009R0443, 32011R0510, кои се транспонирани во други закони и се однесуваат на квалитет на горива, нови патнички и нови комерцијални возила.

113 On binding annual greenhouse gas emission reductions by Member States from 2021 to 2030 contributing to climate action to meet commitments under the Paris Agreement and amending Regulation (EU) No 525/2013.

- Ќе продолжи работата за изработка на нов **Закон за клима**.
- Ќе се донесе **Долгорочна Стратегија за климатска акција** со перспектива до 2050 година со Акциски План.
- Ќе се донесе **Интегриран План за енергија и клима** (носител е МЕ), кој ќе ги вгради 5 те димензии согласно регулативата на ЕУ за управување со енергија.
- Ќе започне изработка на Четвртиот Национален План за климатски промени кон Рамковната Конвенција за климатски промени на Обединетите нации.

## Среднорочни приоритети

- Согласно **Законот за климатска акција**, ќе се подготват и следниве два подзаконски акти: Регулатива за националниот систем за инвентаризација и системот за известување за политики, мерки и проекции; и Правилник заизвестување за емисиите настакленички гасови, подзаконски акт кон регулатива за мониторинг и известување. Двата подзаконски акти заедно со релевантните одредби од Законот за климатска акција ги транспонираат 32013R0525, 32014R0749 и 32014R0666 .
- Ќе се донесе **Четвртиот Национален План за климатски промени** кон Рамковната Конвенција за климатски промени на Обединетите нации.
- Ќе се донесе **Национален План за адаптација**, во рамки на механизмот **Зелениот климатски фонд** (Green Climate Fund – GCF).

# КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ

Во наредниот период, во оваа приоритетна област, ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на законот за квалитет на воздухот во насока на подобрување на координацијата и консултациите со единиците на локалната самоуправа при изработката на плановите за подобрување на квалитетот на воздухот, а во насока на зголемена ефикасност на предложените мерки во истите. Исто така на среднорочен план ќе се донесе нов Закон за квалитет на воздухот кој ќе се усогласи со Директивата за чист воздух, како и Национален план за заштита на амбиенталниот воздух за 2022-2026 година и Национална програма за контрола на загадувањето на воздухот за 2022-2032. Исто така се планира континуирано обновување и одржување на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиенталниот воздух.



## Тековна состојба

- Во текот на 2020 година, се подготви **Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентален воздух** со цел усогласување со Директивата 32008L0050, поврзан со начинот на донесување на планските документи на локално ниво и поефикасна имплементација на краткорочните мерки при надминување на прагот на алармирање. Со ова ќе се зголеми бројот на градови задолжени за подготовка на планови за квалитет на воздухот, а воедно преку казнените одредби се очекува поефикасна имплементација на дефинираните мерки во плановите, како и обезбедување на доволни финансиски средства за нивно спроведување.
- Подготвен е **инвентар на емисија на загадувачки супстанци во воздух за 2018** година со целосен тренд на емисии за период 1990-2018 година, кој е доставен до Европската агенција за животна средина и до Секретаријатот на Обединети нации согласно ратификуваните меѓународни договори. Воедно, подготвен е и доставен Информативен извештај за инвентарот до споменатите институции. Во втората половина на 2020 година се започна со подготовка на

новиот циклус на инвентаризација, кој ги вклучува и емисиите за 2019 година. Во текот на мај-август 2020 направена е ревизија на ниво 3 на инвентарот и Информативниот извештај испратени во 2020 година пришто е утврдено дека истите се во согласност со упатствата на Обединетите нации. Дадените забелешки во најголем дел ќе се инкорпорираат во изработката на инвентарот за период 1990-2019 година.

- МЖСПП континуирано врши одржување на **Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентален воздухот (ДАМСКАВ)**, во согласност со расположливите резервни делови и потрошни материјали.Беше усвоена Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиенталниот воздух за 2021 година. Со цел понатамошно обновување на мерните инструменти, како и набавка на новиинструменти, МЖСПП презема бројни активности за финансирање на овие активности како преку националниот буџет, така и преку меѓународни проекти. Од буџетот на МЖСПП, објавена е јавна набавка за резервни делови и потрошен материјал за ДАМСКАВ за 2020 година, која што беше поделена во два дела (за набавка на резервни делови за мерни инструменти за мерење на NO-NO2-NOx, SO2, CO и O3 како и за набавка на резервни делови за мерни инструменти за мерење на суспендирани честички со големина до 10 и до 2.5 микрометри PM10/PM2.5). Беа потпишани два одделни Договори во вкупен износ од скоро 5 милиони денари. Испораката на резервните делови, согласно договорот, беше до крајот на месец август 2020 година. Исто така, од буџетски средства на МЖСПП, се спроведе постапка за набавка на мерни инструменти: автоматски анализатор за мерење на озон (O3), автоматски анализатор за мерење на сулфур двооксид (SO2), автоматски анализатор за мерење на јаглерод моноксид (CO), метеоролошка опрема/сензори, автоматски анализатор за мерење на суспендирани честички со големина до 2.5 микрометри PM2.5, автоматски секвенцијален стандарден/референтен ниско волуменски семплер за мерење на суспендирани честички (со PM10, PM2.5, PM1 влезови/глави за земање примероци), калибрациона кула за калибрација на автоматски анализатор за мерење на суспендирани честички PM10 и PM2.5, со што ќе се изврши

модернизација и замена на дел од мерните инструменти од веќе постојните автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентален воздух. Склучени се 2 договори во вкупен износ од 19 милиони денари и мерните инструменти се испорачани и инсталирани во предвидениот рок.

- Во месец март 2020 година, потпишан е договор со консултантска куќа за јавна набавка на услуга за подготвување на документите за акредитација на **Централната лабораторија за животна средина**, како и Калибрационата лабораторија за квалитет на амбиентален воздух. Со ова активност ќе се ажурира целокупната документација неопходна за започнување на процесот за **акредитација на калибрационата лабораторија и лабораторијата за животна средина.**
- Податоците за измерените концентрации на загадувачките супстанци од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух за 2019 година се обработија и се доставија до Европската агенција за животна средина согласно одлуката 2011/850/ЕУ.
- Во текот на 2020 година се продолжи со спроведување на **Законот за контрола на емисии на испарливи органски соединенија при користење бензини.** Во завршна фаза е пријава и регистрација на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици. Исто така, сепостапува согласно Правилникот за технички барања и стандарди за опрема за бензински станици и складирање на терминали, односно се врши усогласување на постојните со нов план за инсталирање на соодветна опрема.
- Годишниот **План за следење на квалитетотна екстра лесно масло за домаќинство и мазут**[114] се спроведува континуирано со што се имплементираат барањата на ЕУ мерката 31999L0032.
- Координација помеѓу централните и локалните власти, како и меѓусекторската соработка во однос на спроведувањето на мерките за намалување на **загадувањето на воздухот** продолжува да се спроведува преку работата на Интерсекторската работна група за воздух. Оваа група одржува редовни и тематски состаноци на кои се дефинираат и се координира имплементацијата

114 Службен Весник бр. 154/2016.

на мерките за намалување на загадувањето на воздухот кои ги преземаат релевантните институции на централно и локално ниво. Исто така, на состаноците на ИРГсе разгледува статусот на спроведување на мерките од Планот за чист воздух и програмите кои произлегуваат од него.

Согласно **Планот за чист воздух за период 2019-2020 година**, се подготви **Програма за намалување на аерозагадување за 2020 година**[115] со цел финансирање на мерки за намалување на аерозагадувањето. Активностите од програматасе однесуваат на замена на постојните нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта, зголемување на енергетска ефикасност,набавка на прочистувачи за воздух, уредување на урбани зелени површини на градинки и изработка на web платформа за следење на имплементација на мерките за воздух. Реализацијата на активностите од Програмата, е тековна, но со забавено темпо заради ситуацијата предизвикана од Ковид-19 пандемијата.

- **Град Скопје** продолжи да ги спроведува мерките од Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух кои се однесуваат на доделување на субвенции за набавка на печки на пелети. Во 2019 годинасе исплатени близу 15 милиони денари и субвенционирани се 497 граѓани. Во 2019 година потрошени се 18.670.404,00 денари за субвенционирање на граѓаните за набавка на посовремени уреди за затоплување, при што субвенционирани се 1379 граѓани.Градот Скопје продолжува да доделува субвенции за домаќинствата и други субјекти за чистење на оџаци како финансиска поддршка. Во 2019 година, доделени се субвенцииво висина од 497.871,00 денари и субвенционирани се 424 граѓани. Исто така, набавени се 33 автобуси на компримиран природен гас (CNG) и издадени 50 такси лиценци кои користат метан. Во 2019 година за субвенционирање на велосипеди се потрошени 11.793.384,00 денари преку субвенционирање на 4,121 граѓани, додека за електрични тротинети потрошени се 1.360.772,00 денари и субвенционирани 204 граѓани.
- Дополнително и општините во Градот Скопје преземаат одредени активности за подобрување на квалитетот на воздухот, како субвенционирање на набавка на велосипеди и заштита на постојните зелени површини, засадување на дрвја и зголемување на зелени површини.

115 со буџетски средства во висина од 100.000.000,00 денари.

- Во **општина Прилеп** субвенционирани се 305 граѓани кои купиле велосипед, набавени се 4 автобуси на метан наменети за јавен превоз, набавени се ново возило ЕУРО 5 стандард за подигање на комунален отпад и кипер 20 метри кубни, претоварно возило за отпад и чистење на големи диви депонии. Инсталирани се фотоволтаични системи на Градски пазар и Дневен центар за лица со церебрална парализа во Прилеп, инвестицијата во висина од 3.411.151,00 денари. Изработен е идеен проект, основен проект и ревизија, за секундарна гасоводна мрежа.
- **Општина Куманово** има изградено 17 км секундарна и терцијарна гасоводна мрежа на која се приклучени 30 јавни објекти и 150 – 200 приватни објекти. Општината ги субвенционира домаќинствата за приклучок во износ од 150 евра. Изработена е и техничка документација и основен проект за гасификација на Општа Болница Куманово. Потпишанисе Договор за изготвување на план за подобрување на квалитетот на воздухот, Договор за набавка на услуги за изготвување на Катастар на загадувачи на животната средина, како и Договор за набавка на услуги за изготвување на локален акционен план за заштита на животната средина.
- Во општина **Кочани** има донесено Програма за активностите во областа за заштита на животната средина преку кои се субвенционираат жителите за купување на печки на пелети и инвертер клими. Средствата кои се одделуваат на годишно ниво изнесуваа 1.000.000,00 ден (одобрени 100 барања) во 2019 година и 700.000,00 денари во 2021 год.
- **Општина Велес** има План за квалитет на воздух за периодот 2018 – 2022 година. Општината дава поддршка и субвенционирање на правни субјекти и домаќинства за замена на азбесни кровови, при што е реконструиран азбесниот кров на СОУ Јовче Тесличков во вредност од 4.500.000,00 денари. Општина Велес врши субвенционирање со цел поголемо користење на велосипеди и алтернативни/обновливи извори на енергија. Во таа насока, во 2019 година, доделени се субвенции од 15.000,00 денари на 26 физички лица, додека обезбедени билевкупно 500.000,00 денари. Во 2020 година се доделени субвенции за купен велосипед на 167 физички лица во вредност од 3.000 денари, од вкупно

предвидените 500.000,00 денари. Дополнително, општината додели вкупно 49 субвенции за купен сончев колектор на физички лица со вредност од 20.000 денари, од вкупно обезбедени 500.000,00 денари. Изработен е проект за инфраструктура и основен проект за изградба на примарна и секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во Општина Велес за Делница 1 – Речани со должина од 3190 м во вредност од 640.216,00 денари, а во тек е изработка на проект за инфраструктура и основен проект за изградба на примарна и секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во Општина Велес за Делница 2 – градско подрачје во должина од 8600м со вредност од 1.826.984,00 денари. Изработена е стратегија за искористување на обновливи извори на енергија. Извршена е замена на прозорците во ООУ Панко Брашнаров во вредност од 500.000,00 денари и на ООУ Блаже Конески во вредност од 1.900.000,00 денари.

- **Општина Струмица** има План за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на воздухот 2019 – 2024. Во општината се прошири гасоводната мрежа за нови седум километри со што вкупната гасоводна мрежа ќе изнесува 41 километар. Доделени се субвенции за набавка на велосипед во висина од 800.700,00 денари, односно 229 велосипеди. Извршена е промена на дрвена столарија за поголема енергетска ефикасност на објектите Струмица гас и Дом на армијата со вкупно 2.247.735,00 денари. Извршена гасификација во ЈПКД Комуналец, Урбанизам, Клон 1 Стар театар, Маршал Тито ПР Банско со вкупна сума 2.247.735 денари, а во процес на гасификација односно постапка на јавна набавка се Клон 5 Јахаја Кемал, Кирил и Методиј – Дабиље, Маршал Тито – Муртино, ГерасЦунев за вкупно 2.648.530 денари. Во процес на гасификација е и Општа Болница Струмица во вкупна сума од 5.000.000,00 денари. Во план е и гасификација на ОУ Даме Груев со вкупна сума 2.200.000,00 денари.
- Во **Општина Тетово** се спроведе Програмата за субвенционирање на граѓаните со високо ефикасни инвертер клима уреди за 2020 година, во висина од 93.000.000 денари, при што субвенции во висина од максимум 62.000 денари за оваа активност добија околу 1500 домаќинства.

## Програми и проекти

- Во текот на 2020 година продолжија активностите од проектот**„Развој и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот”, финансиран од програмата ИПА** – Прекугранична соработка со Грција за период 2014-2020 година. Се изработи анкета за користење на енергенси во домаќинствата, како и локален инвентар на емисии во воздух за Југоисточниот регион и се подготви дел од поглавјата од Планот за квалитет на воздухот во Битола (во однос на оценка на податоците за квалитетот на воздух, географски карактеристики и осврт на релевантното законодавството и стратегии). Воедно, во рамките на овој проект се набави и една мониторинг станица за квалитет на амбиентален воздух и истата е поставена во пограничната област, односно во општина Гевгелија. Во рамките на истата набавка се изврши замена на мерните инструменти со нови за станицата Битола 1 во Битола.
- Во рамките на компонентата за воздух од проектот **„Поддршка на Северна Македонија во пристапувањето кон ЕУ во областа на животната средина 2019-2021”** кој се спроведува во соработка со Шведската агенција за животна средина (SEPA), финансиран преку **Шведската меѓународна развојна агенција (SIDA)** се изврши надградба на системот за управување со податоци AIRVIRO и беше распишан оглас за набавка на инструменти за замена на дел од застарените инструменти од мониторинг станиците за квалитет на воздух со одобрен буџет од 400.000 евра. Опремата е испорачана.Во март 2020 година започна имплементацијата на проектот **„Зајакнување на капацитетите на централно ниво за намалување на цврсти честички во воздух преку користење на нуклеарните технологии”**, финансиран од IAEA (Меѓународна агенција за атомска енергија). Во рамките на проектот се подготвија техничките спецификации и започна постапка за набавка на инструмент кој користи нуклеарни технологии за анализа на составот на ПМ честичките и набавка на семплери за земање напримероци на воздух. Инструментите се испорачани.



- Во рамки на проектот **„Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух" од програмата ИПА 2**, се планира докомплетирање на законската рамка за воздух, односно подготовка на нов **Закон за квалитет на амбиентален воздух** и повеќе подзаконски акти, подготовка на планови за имплементација на директивите за квалитет на воздух, подготовка на национални плански документи за заштита на амбиенталниот воздух и извештаи за стратегиска оценка за нивното влијание врз животната средина, подготовка и спроведување на план за мониторинг на тешки метали, VOCs и PAHs, и воспоставување на зони и агломерации за овие супстанци, подготовка на извештај за оценка на квалитет на воздух и извештај за оценка на влијанието на природните извори врз квалитетот на воздухот. Се очекува проектот да започне во вториот квартал на 2021 година.
- Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на online работилници и семинари за спроведување на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот. Во февруари 2020, реализирана е **обука за инвентаризација на емисии** во воздухот во секторот отпад, на која учествуваа три лица, во рамки на соработката со Агенцијата за животна средина на Австрија. Во тек е реализација на **TAEIX експертски мисии за примена на COPERT моделот за пресметка на емисии од транспорт.**

Во однос на зајакнување на институционалниот капацитет во текот на 2020 година види подрачје 3.27.1 Хоризонтално законодавство.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Подготвен е **Закон за измени и дополнувања на Законот за квалитет на амбиентален воздух** со кои се прецизира начинот на усвојување на планските документи на ниво на ЕЛС, проверката и одобрувањето на истите од централната власт, краткорочните мерки во локалните краткорочни акциони планови и тие предложени од Интерсекторската работна група и усвоени од страна на Владата, како и контролата врз имплементацијата од страна на инспекциските служби. Истиот е во Собраниска процедура.

До декември 2023 година, ќе се подготват и донесат следните правни акти со кој ќе се усогласи националното законодавство со ЕУ Директивите 32004L0107, 32008L0050, 32015L1480, 32016L2284, 32010L0075 и 32015L2193:

- **Закон за квалитет на амбиентален воздух** кој ќе се доусогласува со ЕУ мерките32004L0107, 32008L0050, 32015L1480, 32016L2284, 32010L0075и 32015L2193.;
- Правилник за методологија на мониторинг за квалитетот на амбиенталниот воздух (32004L0107, 32008L0050 и 32015L1480).
- Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори (32010L0075)
- Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (32010L0075 и 32015L2193)
- Правилник за методологија за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (32016L2284),
- Ќе се подготви **Програмата за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиенталниот воздух за 2022 и 2023 година.** Ќе се продолжи со редовно одржување на мониторингсистемот за квалитет на воздух со која управува МЖСПП.

Ќе се продолжи со замена на застарените инструменти од мониторинг системот со финансиски средства од Буџетот на МЖСПП, како и со донаторски средства од ИПА 2 и Шведската меѓународна агенција за развој и соработка.

- Ќе се започне со индикативни мерења на тешки метали и полициклични ароматични јаглеводороди во фракција на цврсти честички на едно мерно место во Битола, во рамките на проектот за прекугранична соработка со Грција.
- Ќе се обработат и ќе се достават податоците за концентрациите на загадувачките супстанци од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух за 2020 година до Европската агенција за животна средина согласно одлуката 2011/850/ЕУ, во предвидениот краен рок на доставување 01 октомври 2021 година.
- Во текот на 2021 - 2022 година ќе продолжи имплементацијата на мерките пропишани во Националниот план за заштита на амбиенталниот воздух и Плановите за квалитет на воздух донесени од страна на ЕЛС. Продолжува процесот за спроведување на гасификацијата на земјата, која значително ќе придонесе за намалување на емисии од секторот за затоплување на домовите и административните капацитети.
- Ќе се донесе **Програма за намалување на аерозагадување за 2021 година**, при што активностите од програмата, повторно ќе се однесуваат на замена на постојните нееколошки системи за греење во домаќинства, градинки, основни и средни училишта,зголемување на енергетска ефикасност и уредување на урбани зелени површини на градинки. За имплементација на мерките дефинирани во програмата ќе се обезбедат 80.000.000 денари. Сумата е пониска во однос на претходните две години заради ограниченоста на државниот буџет имајќи ја предвид ситуација со пандемијата.
- Град Скопје ќе продолжи со имплементација на мерките од Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.
- Ќе се спроведува **Годишниот план за контрола на квалитетот на течните горива** пуштени на пазарот во земјата кој претставува основа за подготвување месечни и годишни извештаи за количините на течни горива кои се употребуваат и нивниот

квалитет. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

- Во текот на 2021-2022 година, ќе продолжи процесот на доставување на План и Програма за постигнување на техничките барања за заштита на животната средина од страна на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици.
- Во февруари 2021 Инвентарот на емисија на загадувачки супстанци во воздух за 2019 година со целосен тренд на емисии за период 1990-2019 година (подобрен согласно вградени забелешки од Ревизијата на ниво 3) е испратен до Европската агенција за животна средина (ЕЕА) и до Секретаријатот на Обединети нации согласно ратификуваните меѓународни договори. Подготвен е Информативен извештај за инвентарот и испратен до ЕЕА и ОН во април 2021 година. Во мај 2021 ќе се достават податоци за емисии на Големи точкасти извори и емисии по гридови со димензии 0.1° x 0.1°.

## Програми и проекти

Во рамките на проектот „Развој и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот", финансиран од програмата ИПА – Прекугранична соработка со Грција за период 2014-2020 година се очекува финализирање на следните активности:

- Подготовка на **нов петгодишен План за подобрување на воздухот во Битола;**
- Спроведување на индикативни мерења на составот на ПМ честичките;
- Изработка на Оценка на здравствените ефекти од загадувањето и
- Организирање на кампањи за подигнување на јавна свест.

Проектот „Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух" од програмата ИПА 2 на Европската Унија се очекува да започне и да се реализираат следните активности:

- Донесување на **Националната Програма за контрола на загадувањето на воздухот за период од 2022 до 2032 година;**
- Донесување на **Национален план за заштита на амбиенталниот воздух за период од 2022 година до 2026 година;**
- Подготовка на Акционен двогодишен план за имплементација Национален план за заштита на амбиенталниот воздух;
- Оценка на квалитет на амбиенталниот воздух;
- Обука „Сервисирање и одржување на мониторинг станиците за квалитет на воздухот";
- Обука за инвентаризација на емисии во воздухот и
- Индикативни мерења на загадувачки супстанцина тешки метали, VOCs и PAHs.

Во рамките на проектот „Поддршка на Северна Македонија во пристапувањето кон ЕУ во областа на животната средина 2019-2021", финансиран од Шведската меѓународна агенција за развој и соработка се планира имплементација на следните активности:

- Набавка на инструменти за мониторинг на квалитет на воздух;
- Надградба на систем за обработка на податоци и известување и
- Обуки за зајакнување на капацитетите за управување со квалитет на воздух.

Во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на централно ниво за намалување на цврсти честички во воздух преку користење на нуклеарните технологии" финансиран од Меѓународната агенција за атомска енергија, се планира реализација на следните активности:

- Спроведување на мерна кампања и
- Подготовка на Национална студија за одредување на главните извори на ПМ честичкиво поголемите градови во земјата.

Во однос на институционалната рамка, континуирано ќе се спроведуваат обуки за зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Во текот на јануари 2023 - декември 2024 година, ќе се подготват и донесат следните правни акти за усогласување на националното законодавство со ЕУ Директивите 32004L0107, 32008L0050, 32015L1480, 32016L2284, 32010L0075 и 32015L2193:

- Уредба за количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво (32016L2284);
- Подготовка на Упатство за примена Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот усогласено со 32010L0075 и 32015L2193;
- Подготовка на Правилник за методологија за мониторинг на ефектите од аерозагадување, кој ќе се усогласи со Директивата 32016L2284;
- Подготовка на Упатствоза начин на подготовка и формат на Националната контрола на аерозагадувањето, кој ќе се усогласи со Директивата 32018D1522 и ќе ги следи насоките од Директивата 2016/802.

## Програми и проекти

Ќе се финализираат активностите предвидени во рамките на проектот „Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух ” од програмата ИПА 2 на Европската Унија.

## Институционална рамка

- Ќе се продолжи со редовно одржување и обновување на мониторинг системот за квалитет на воздух со кој управува МЖСПП.
- Податоците за измерените концентрации на загадувачките супстанци од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух ќе продолжат да се доставуваат на годишно ниво до Европската агенција за животна средина согласно одлуката 2011/850/ЕУ.
- Ќе продолжи имплементацијата на дефинираните мерки одНационалниот план за заштита на амбиенталниот воздух за период од 2022 година до 2026 година, Националната Програма за контрола на загадувањето на воздухот за период од 2022 до 2032 година, како и локалните планови за подобрување на квалитетот на воздухот.
- Ќе продолжи подготовката на инвентаркој годишно ќе се доставува до Европската агенција за животна средина и до Секретаријатот на Обединети нации согласно ратификуваните меѓународни договори. Воедно, ќе се подготвуваат и испраќаат Информативни извештаи за инвентарот на годишно ниво во март секоја година. Во текот на 2025 година ќе се подготват и испратат емисии на загадувачки супстанци во воздухот по гридови (0.1°x 0.1°), како и емисии на загадувачки супстанци од големи точкасти извори.



# УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

ФОКУСОТ И ПОНАТАМУ ОСТАНУВА НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА УСОГЛАСЕНА СО ЕУМЕРКИТЕ ЗА ОТПАД И **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНО РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**, ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ВЕЌЕ АЛОЦИРАНИ СРЕДСТВА ПРЕКУ ИПА ФОНДОВИТЕ ЗА 2 РЕГИОНА, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОСТАНАТИТЕ РЕГИОНИ (ГРАНТОВИ, ЗАЕМИ И СЛ.) КАКО И ПОДГОТОВКА ДРУГИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ.

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година се доработија подготвените предлог закони, по извршените меѓуресорски консултации со останатите државни органи и локалната самоуправа, како:

- **Предлог-законот за управување со отпад** (со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 2008/98/ЕУ),
- **Предлог-закон за управување со батерии и акумулатори** и отпад од батерии и акумулатори (доусогласување со ЕУ Директива 2006/66),
- **Предлог-закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема** (до усогласување со ЕУ Директива 2012/19/),
- **Предлог-закон за управување со пакување и отпад од пакување** (усогласување со новата ЕУ Директива за пакување и отпад од пакување 2015/720),
- **Предлог-закон за управување со посебни текови на отпад** (до усогласување со ЕУ Директива2008/98/ЕУ) и
- **Предлог-закон за проширена одговорност на производителите** (до усогласуање со ЕУ Директива 2008/98/ЕУ).

Во рамките на овие закони се дефинирани и националните цели за годишните целни вредности за главните текови на отпад и нивното исполнување. Пакетот закони беше усвоен од страна на Владата на 22 декември 2020 година и проследен до Собранието за донесување.

- Се реализираше постапката за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за предложениот текст на **Националниот план за управување со отпад (2020 – 2030)** и подготвен и одобрен е нацрт извештајот за Националниот план за управување со отпад (2020 – 2030). Националниот план за управување со отпад е подготвен, но ќе се донесе паралелно со донесувањето на Законот за управување со отпад во текот на 2021 година. Исто така, Програмата за управување на отпад од пакување, Програмата за управување со отпад од електрична и електронска опрема и Програмата за управување со отпадни батерии и акумулатори се дел од Националниот план за управување со отпад 2020 - 2030.
- Во 2020 година општините од Источниот и Северо-Источниот регион и општината Свети Николе (вкупно 18 општини) донесуваа нови одлуки за формирање на јавно регионално претпријатие за управување со отпад, заради дополнување на веќе донесените одлуки во 2019 година, во насока на избор на директор на претпријатието.
- Постапката за избор на понудувачи за затворање на нестандардните депонии/диви депонии и постапката за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот за овие општини е реализирана, но изборот на компанијата за надзор доцни, така што затворањето на нестандардните депонии/диви депонии во овие 18 општини ќе се реализира во првиот квартал од 2021.
- Постапката за избор на понудувачи за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот за овие општини е реализирана и опремата е доставена до сите 18 општини.

- Со претставниците од овие општини продолжија редовните состаноци на кои учествуваат и претставници на ЕУД, како и градоначалниците од регионите, со цел имплементирање на идните 2 проекти, кои се планирани да бидат финансирани со ИПА 2 програмата, а се однесуваат на изградбата на регионалната депонија и претоварните станици и техничка помош за зајакнување на капацитетите на локалната администрација за управување со овие инсталации.
- Во 2020 година се достави финалниот извештај за спроведениот проект од Европската банка за реконструкција и развој (ЕБРД) за Вардарскиот, Пелагонискиот, Југозападниот и Југоисточниот регион. Утврдена е потенцијална синергија во однос на инфраструктурата за управување со отпад во овие четири региони, со опции за финансирање, каде се предлага воспоставување на заеднички систем за управување со отпад за Југозападен и Пелагониски и еден заеднички систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион. МЖСПП подготви информација до Владата со предлог за обезбедување на средства преку кредитни линии со цел изградба на овие два меѓурегионални системи со што би можело да се започне со инфраструктурните работи најдоцна во четвртиот квартал од 2021 година.
- Во текот на 2020 година продолжи да се спроведува проектот за „Изработка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Полошкиот плански регион", кој е финансиран со фондови обезбедени преку билатерална соработка на Владата и Швајцарија. Во рамките на проектните активности изработен е и одобрен од страна на МЖСПП Регионалниот план за управување со отпад за Полошкиот регион и изработена е Физибилити Студија за интегриран систем за управување со отпад во Полошкиот регион. МЖСПП аплицираше за инвестициски грант за овој проект на 25-тиот повик на Инвестициската рамка за Западен Балканна 26 февруари 2021 година
- Започна постапката за издавање на А- интегрирана еколошка дозвола за депонијата „Дрисла", Скопје која е регионална депонија за скопскиот регион.
- МЖСПП одвои 22 милиони денари од буџетот за чистење на диви сметилишта во две општини.

Во однос на зајакнувањето на капацитетите, за Секторот за отпад при МЖСПП, види подрачје 3.27.1 Хоризонтална политика, Институционална рамка.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

- Ќе се донесе **Закон за изменување и дополнување на законот за животна средина**, согласно препораките од Извештајот на Европската комисија за 2020 година, во однос на делот за контаминирани подрачја , а во насока на воведување на системско решение кое пропишува следно:
    - дефинирање на контаминирани подрачја,
    - воспоставување на правен основ за донесување на методологија за идентификување на контаминирани подрачја, односно воспоставување на одредби со кои се уредува постапувањето со контаминирани подрачја;
    - доуредување на делот за финансирање во животната средина.
- Ќе се донесе Упатство за постапување со опасен и неопасен отпад произведен од **државните институции**. Целта е институциите соодветно да управуваат со отпадот кој се генерира, особено опасниот отпад (потрошен тонер, отпадна хартија и друг канцелариски материјал).
- Ќе се **ревидира националната Стратегија за управување со отпад** (2008-2020).
- **Ќе се донесе Национален план за превенција на создавање на отпад 2021-2027година.**
- Ќе се донесе Правилникот за Листата на видови на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема, сошто Листата ќе се доусогласи со ЕУ Директива 2012/19.
- Ќе започне подготовката на подзаконски акти согласно новите пакет закони за управување со отпад.
- Согласно Законот за управување со отпад ќе се формира нова единица за комунални работи во рамки на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, која ќе го утврдува надоместокот за управување со отпадот за секој плански регион.

- Ќе се реализира набавката на опрема за собирање и транспорт на комуналниот отпад, финансирани од ИПА проектите:
- Ќе се затворат **нестандардните депонии/дивите депонии во** двата региони финансирани од ИПА проектите „Затворање на нестандардни депонии во Источниот регион - прва фаза, (јануари 2021 – јануари2022)" и „Затворање на нестандардни депонии во Североисточниот регион - прва фаза, (јануари 2021 – декември2022)".
- Ќе започне постапката за воспоставување на **интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад** за Вардарски, Југозападен, Југоисточен и Пелагониски плански регион, согласно резултатите добиени од проектот финансиран од ЕБРД, односно врз основа на студиите за опциите за финансирање и  резултатите од горенаведената анализа.
- Ќе започне реализацијата на проектите за изградба на **регионална депонија** за комунален отпад и **шест претоварни станици** за општините од Североисточен и Источен регион и општина Свети Николе во рамките на ИПА проектот„Воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион и проектот „Надзор на работите од Договорот за основање на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион, договор зауслуги".

## Институционална рамка

Континуирано ќе се зајакнуваат капацитетите на централно ниво, како и на локалната самоуправа за спроведување на моделот за реформа на јавните комунални претпријатија, во насока на одвојување на секторот за отпад и секторот за води и формирање на регионални претпријатија за управување со комунален отпад.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

- Имплементација на пакетот закониза отпад и донесување на подзаконски акти од истиот.
- Ќе се воспостави регионалниот систем (како депонија за отпад, потребните трансфер станици и станици за преработка на отпад) во Југоисточен, Југозападен, Вардарски и Пелагониски регион, преку изградба на потребната инфраструктура.
- Во овој период ќе се воспостави интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Полошкиот плански регион.
- Ќе се реализираат проектите за изградба на регионална депонија за комунален отпад и шест претоварни станици за општините од Североисточен и Источен регион и општина Свети Николе во рамките на ИПА проектот „Воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“ и проектот „Надзор на работите од Договорот за основање на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион, договор зауслуги“.
- Се предвидува донесување на **План за управување со тиња во 2023** година, кој треба да биде во насока на усогласување со Директивата за урбани отпадни води.

## Институционална рамка

Ќе се зајакнат капацитетите на централно ниво, како и локалната самоуправа за спроведување на моделот за реформа на јавните комунални претпријатија, во насока на одвојување на секторот за отпад и секторот за води и формирање на регионални претпријатија за управување со комунален отпад.

# КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

Во областа води, ќе се продолжи со усогласување на националното законодавство од областа на водите со правото на ЕУ, донесување и имплементација на плановите за управување со речни сливови со цел подобрување на статусот на водните тела. Исто така, ќе се изработат планови за управување со ризик од поплави за сите подрачја на речен слив со карти за ризик од поплави и штети од поплави. Ќе се идентификуваат агломерации и сензитивни подрачја на испуштање на урбани отпадни води и ќе се спроведат програми и инвестициски плановии проекти за собирање, одведување и третирање на отпадните води. Ќе се подобри управувањето со мониторингот на површински и подземни водни тела.

## Тековна состојба 2020

- **Во однос на ГЕФ Проектот за изработка на План за управување со сливот на Црн Дрим** во извештајниот период континуирано се спроведуваа активности согласно планот на проектот. Главната целна Проектот е поддршка на заедничкото управување со сливот на Дрим, градење на консензус помеѓу земјите (Северна Македонија, Албанија, Грција, Црна Гора и Косово) за клучните прашања во сливот, вклучувајќи ги и ефектите од климатските промени, зајакнување на техничките и професионалните капацитети и имплементација на пилот проекти. Се одржа онлајн јавна расправа на нацрт План за управување со сливот на Охридско Езеро, согласно барањата на Рамковната директива за води, каде учествуваа сите засегнати страни. Се изработи предлог проектна задача за подготовка на План за управување со сливот на проширеното подрачје на Црн Дрим.
- Исто така, од страна на сите држави од Сливот, се усвои и потпиша **Прекугранична дијагностичка анализа / Нацрт Стратегиска акција** (ПДА / САП). Главната техничка улогана ПДА е да ги идентификува, квантификува и поставува приоритетите за еколошки проблеми од прекугранична природа. Како резултат на тоа, ПДА ја обезбедува фактичката основа за

формулирање на САП. САП-от беше подготвен како резултат на активностите спроведени на повеќе настани: работилници, конференции или состаноци соекспертитеодземјитеодсливот, фокус групи, претставници на ресорни министерства во секоја оддржавитекорисничкиодсливот, итн.

- Продолжи да се спроведува Вториот **ГИЗ Проект „Адаптација кон климатските промени во прекуграничното управување со ризикот од поплави во Западен Балкан" (CCAWB II)** чија цел е прелиминарна процена на ризикот од поплави во Дримскиот слив во Северна Македонија, Косово, Албанија и Црна Гора. Се одржаа онлајн национални и регионални работилници и обуки за користење на моделот за првична проценка на ризик од поплави.
- **УНДП Проектот „Подобрување на отпорноста од поплавите во Полошкиот регион"** финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), со период на траење 2017 година - ноември 2021 година. Целта на проектот е да се подобри вклученоста на засегнатите страни во Полошкиот регион воспрaвувањето со ризикот од поплави имајќи го предвид одржливиот и инклузивен раст на регионот. Со проектот меѓу другото ќе се обезбеди напредок во усвојувањето на целите и принципите на ЕУ Директивата за поплави и Рамката на Сендаи на ООН за намалување на ризиците од катастрофи (Sendai Framework for Disaster Risk Reduction). Во рамките на овој проект беа реализирани следните активности: изработка на студии за управување со урбани текови за Тетово и Гостивар, како и активности за изработка на физибилити студија за подготвеност, одговор и систем за рано предупредување за поплавување. Исто така, започнаа активности за изработка на приоритетни мерки за ублажување на поројните поплави, како и активности за изработка на модели за финансирање на подобрена енергетска ефикасност за намалување на притисокот врз шумското покритие, дефинирани и имплементирани како изложба на 2 пилот општини.

- Одржана работилница за градење отпорност кон интегрирано управување со прекуграничниот ризик од поплави во сливот на Црн Дрим, во рамки на регионален УНДП проект. Проектот ќе се реализираво период од 5 години (2020- 2025) со цел подобрување на институционалните капацитети за управување со ризикот од поплави и спроведување на соодветни мерки.
- Со поддршка на Швајцарскиот државен секретаријат за економски работи SECO и ГИЗ се реализираше Проектот „Програми за развој на капацитетот во делот на управување со отпадните води”. Главна цел на Проектот е преку работилници и обуки од специфичен тип да се зајакнат капацитетите на вработените во јавните комунални претпријатија (ЈКП) и единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) со целсоодветно управување со отпадните води.
- Се реализираа активности во рамки на ЕУ Проектот Програма за партнерство за пристапување во областа животна средина (EPPA) во делот на квалитет на водите, каде што во рамките на овој проект се одржаа 2 онлајн регионални работилници за Директивата за поплави и Стратегијата за морињa.
- Во рамките на проектот за **спроведување на ПУРС Струмица** се одржа првичен онлајн состанок за презентирање на проектот за изработката на Катастар на подземни води за целата територија на Република Северна Македонија.
- Во текот на 2020 година започна евалуација на тендерот за проектот ИПА 2 Проектот за имплементација на **Директивата за поплави** со подготовка на **План за управување со поплави** со предвидени мерки за ризик од поплави. Во рамки на истиот ќе се спроведат активности за транспонирање на барањата на ЕУ Директивата за поплави и активности за проценка на ризикот од поплави и подготовка на планови за ризик од поплави за секој речен слив со карти за ризик од поплави и карти на критични подрачја.
- Во врска со операционализирањето на мрежата за мониторинг на водите, односно реализација на **ИПА Проектот за набавка на посебна опрема за информационен систем за мониторинг на водите**,во моментот се чека на одобрување на тендерската документација од страна на ДЕУ во прва половина на 2021.

- Во овој период се подготви Проектна задача во рамки на **ИПА проектот „Идна поддршка во имплементација на реформи во секторот води".** Со истиот ќе се овозможи спроведување на резултатите утврдени со реформите во делот на управување со водите на ЈКП и РКЕ.
- Во овој период се подготви идентификација на операции (ОИС) за ИПА проектот Подготовка и имплементација на мерки на ПУРСза сите речни сливови (Вардар, Црн Дрим, Струмица), со намера содржината и мерките утврдени во плановите да бидат усогласени и утврдени во ист временски период.

**Инвестиции во делот на управување со водите:**

- Во врска со проектот **„Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје"** - тендерската документација, за двата договори за градба и надзор на градба е во завршна фаза на подготовка. Целта на Проектот е да се даде значаен и мерлив придонес за подобрување на животната средина во градот Скопје, да се подобри квалитетот на комуналните услуги за третман на отпадни води, односно да се подобри ефикасноста во третманот на отпадни води, прочистувањето и елиминацијата на милта со цел достигнување на европските стандарди за квалитет на водите. Фазата на изградба е завршена на 10.02.2020 година. Во моментот изведувачот го започна 12 месечниот период за одговорност за дефекти (Defect Liability/ Notification Period - DLP/DNP).
- Во 2020 година, заврши проектот за Третман на отпадни води во Кочани. Потпишан е Анекс на проектниот Договор за пречистителна станица за отпадни води во Кочани, со кој се обезбедија дополнителни средства за реализација на овој важен инфраструктурен проект. Во рамките на овој Анекс, во тек е подготовка на тендерската документација за приклучување на Виница и соседните села со ПСОВ Кочани и рехабилитација на канализациона мрежа во **Виница**. Исто така, со тие средства ќе се овозможи корпоративен развој на јавните комунални претпријатија во Кочани и Виница, ќе се развијат вештини за управување со отпадни води во претпријатијата и во инфраструктурната компонента ќе се реализираат приоритетни мерки

за рехабилитација на канализационите систем во Кочани и соседните Оризари и Тркање.

- Продолжи имплементацијата на проектот Водоснабдување на **Делчево** поддржан од швајцарската Влада.
- МЖСПП ја реализираше Програмата Колекторски систем **Охрид и Струга** во износ од 150.000.000,00 денари за реализација на проект за Санација и унапредување на функционалноста на колекторскиот систем на Охридското езеро.
- Се имплементира ИПА **проектот за подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје.** Изградбата на колекторите во  Град Скопје требаше да се реализира од 2018 до 2020 година, и гарантен период од 365 дена. Но, поради некои оштетни побарувања, градежните активности сѐ уште не се завршени и сѐ уште не е започнат гарантниот период.
- Во рамки на ИПА II започнаа активности за рехабилитацијата и проширување на канализациона мрежа и изградба на пречистителните станици за отпадни води во општините **Битола и Тетово.** Очекувањата се дека договорите за градба и надзор на градежни работи за изградба на пречистителните станици за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во двете општини ќе се склучат вопрвата половина на 2021 година.
- Започнаа активности за рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во **Кичево, во рамки на ИПА 2 проект.** Тендерот за градежни работи е објавен на 15.03.2021. Тендерската постапка за избор на надзор на градежните работи е завршена и  потпишан е договор.
- Изградбата на пречистителна станица во Гевгелија е завршена.



# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

- Во овој период, ќе се донесе **Закон за измена и дополнување на Законот за водите**, со цел понатамошно усогласување со соодветните правни акти на ЕУ во областа на водите, Рамковната директива за води, Директивата за урбани отпадни води 91/271/ЕЕЗ, Директивата за вода за пиење 98/83/ЕЗ, Директивата за подземни води 2006/118/ЕЗ и Директивата за стандарди на квалитети на животната средина 2008/105/ЕЗ.
- Исто така, ќе се донесат **подзаконски акти** во кои ќе се транспонираат барањата на ЕУ Директивата за вода за пиење 31998L0083, Рамковната директива за води - 32000L0060, Директивата за урбани отпадни води 91/271/ЕЕЗ, Директивата за подземни води 2006/118/ЕЗ.
- Во насока на подобро управување со речните сливови, во 2021 година ќе продолжат активностите за изработка на **Планот за управување со речен слив на Охридско Езеро** (ГЕФ проектот за овозможување на прекугранична соработка и интегрирано управување со водните ресурси на проширениот слив на Црн Дрим). Ќе се пристапи кон усвојување на Планот за управување со речен слив на Охридско Езеро. Ќе се усвои предлог проектната задача за подготовка на План за управување со сливот на проширеното подрачје на Црн Дрим.
- Ќе биде усвоена **Стратегиска акција** како документ за преговарање за политика, во делот управување со водите на подрачјето на Црн Дрим.
- Ќе заврши спроведувањето на Вториот **ГИЗ Проект: Адаптација кон климатските промени во прекуграничното управување со ризикот од поплави во Западен Балкан (CCAWB II).** Ќе завршат активностите за реализација на **УНДП Проектот: Подобрување на отпорноста од поплавите во Полошкиот регион**, со цел подобра вклученост на засегнатите страни од Полошкиот регион во справувањето со ризикот од поплави.

- Ќе продолжат да се спроведуваат активностите во рамките на регионалниот проект на УНДП **Градење отпорност кон интегрирано управување со прекуграничниот ризик од поплави во сливот на Црн Дрим** (2020-2025) со цел подобрување на институционалните капацитети за управување со ризикот од поплави и спроведување на соодветни мерки.
- Ќе продолжи реализацијата на **ГИЗ и СЕКО Проектот: Програми за развој на капацитетот во делот на управување со отпадните води,** со цел зајакнување на капацитетите на јавните комунални претпријатија (ЈКП) и единиците на локалната самоуправа (ЕЛС).
- Ќе заврши проектот за спроведување на ПУРС Струмица за изработката на Катастар на подземни води за целата територија на земјата.
- Во текот на овој период ќе започне со реализација на ИПА Проектот за имплементација на **Директивата за поплави** со подготовка на **План за управување со поплави** со предвидени мерки за ризик од поплави.
- Во овој период ќе се подготви идентификација на операции (ОИС) за ИПА проектот Подготовка и имплементација на мерки на **ПУРС за сите речни сливови** (Вардар, Црн Дрим, Струмица) во насока на усогласување и утврдување на содржината и мерките утврдени во плановите.
- Ќе заврши имплементација на ИПА Проектот за набавка на посебна опрема за информационен систем за мониторинг на водите.
- Ќе се објави Тендерот за реализација на ИПА проектот: Идна поддршка во имплементација на реформи во секторот води.

- Во рамки на ИПА проект, ќе продолжи надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа на Град Скопје со изградба на колектори на левата и десната страна на р. Вардар. Во рамките на проектот "Студија за финансирање, изградба и работа на пречистителната станица за Град Скопје, кој е финансиран од француската влада, изработката на тендерската документација за изградба на пречистителната станица во градот Скопје е во завршна фаза. Втората фаза на евалуација се очекува за започне во јули 2021 година. Договорот се очекува да се склучи во мај 2022 година. Од страна на WBIF се доставени коментари на апликацијата за инвестициски грант за  пречистителна станица Скопје. Во следна фаза ќе се пристапи кон постапување по коментари заедно со МЖСПП и ЈП Водовод и канализација и Град Скопје и ревидирана апликација ќе се врати до WBIF.
- ИПА проектот за изградба на колекторскиот систем за Град Скопје, во тек се преговори со изведувачот за завршување на проектот.
- Во овој период ќе се изработат студии за изводливост и техничка документација за подобрување на собирањето и третман на отпадните води во Гостивар, Кавадарци и  Дебар,како и ревизија и ажурирање на постојните документации/студии за отпадните води во Велес и Штип.
- Во рамки на ИПА проект ќе започне надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа на Град Кичево.
- Во рамки на ИПА проект ќе започне надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води на градовите Битола и Тетово.



## Институционална рамка

Предвидено е зајакнување на административните капацитети во управувањето со водите на Секторот за води преку одржување обуки иработилници во рамки на ЕУ Проектот Програма за партнерство за пристапување во областа животна средина , како и во рамките на останатите проекти.

## Среднорочни приоритети (2023- 2025)

Ќе се донесат **подзаконски акти**, со кои ќе се транспонираат наведените ЕУ мерки **32000L0060, 31991L0271, 31991L0676, 31980L0068 и 32006L0118.**

## Програми и проекти

- Во насока на подобро управување со речните сливови, во овој период ќе започне имплементација на ГЕФ регионалниот проектот за изработка на **План за управување со сливот на проширеното подрачје на Црн Дрим**, каде ќе бидат вклучени државите (Р. Грција, Р. Албанија, Косово и Црна Гора) на чии територии е сливното подрачје на проширениот Црн Дрим.
- Ќе завршат активностите во рамки на регионалниот УНДП Проект „Градење отпорност кон интегрирано управување со преку граничниот ризик од поплави во сливот на Црн Дрим".
- Ќе заврши реализацијата на ГИЗ И СЕКО Проектот „Програми за развој на капацитетот во делот на управување со отпадните води", со цел зајакнување на капацитетите на јавните комунални претпријатија (ЈКП) и единиците на локалната самоуправа (ЕЛС).
- Во овој период ќе се реализира во целост ИПА проектот Подготовка и имплементација на мерки на ПУРС за сите речни сливови (Вардар, Црн Дрим, Струмица), со намера содржината и мерките утврдени во плановите да бидат усогласени и утврдени во ист временски период.
- Во овој период се очекува во целост да се реализира ИПА проектот „Идна поддршка во имплементација на реформи во секторот води".



- Во овој период се очекува во целост да се реализира ИПА Проектот за имплементација на Директивата за поплави, со подготовка на **План за управување со поплави** со предвидени мерки за ризик од поплави.
- Во рамките на проектот „Изградба на пречистителната станица за Град Скопје ќе продолжат активностите за градба на **централната пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје.**
- Во рамки на ИПА проект ќе продолжи **надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа на Град Кичево.**
- Во рамки на ИПА проект ќе продолжи надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа и изградба на пречистителан станица за отпадни води на градовите Битола и Тетово.

## Институционална рамка

Предвидено е зајакнување на административните капацитети во управувањето со водите на Секторот за води преку одржување обуки и работилници во рамки на ЕУ Проектот Програма за партнерство за пристапување во областа животна средина, како и во рамките на останатите проекти.

# ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Ќе се продолжи со понатамошно хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ за заштита на природата, преку донесување на нов Закон за природа и обезбедување негово понатамошно усогласување со ЕУ Директивата за живеалишта, Директивата за птици, Регулативата за ЦИТЕС и изработка на подзаконските акти. Ќе продолжат активности за подготовка на инвентар за идентификација на идни потенцијални Натура 2000 подрачја на национално ниво и спроведување мониторинг на биолошка разновидност. Ќе се овозможи поефикасна заштита на природата преку имплементација на активности од Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план (2008-2013) и Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027). Ќе се изготват Национални црвени листи за најмалку две таксономски групи. Ќе се продолжи со зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво.

## Тековна состојба

- **Новиот Закон за заштита на природата** во кој целосно се транспонираат барањата од ЕУ мерките 31992L0043 и 32009L0147 е доставен во меѓуресорска консултација.
- Донесени се протоколи за мониторинг на живеалишта, растенија, животни и птици од ЕУ значење, согласно ЕУ директивите за живеалишта и птици.
- Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со УНЕП и национални експерти го изготви Нацрт Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (ЦБД).
- Согласно Законот за заштита на природата направен е значителен напредок во постапките за прогласување на нови заштитени подрачја.
- Владата донесе Одлуката (бр.44-3707/1 од 5 мај 2020) за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од **Шар Планина** за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк. МЖСПП изготви Нацрт-Закон за прогласување

на дел од Шар Планина за национален парк и одржа јавни расправи со засегнати страни, а МЖСПП, во соработка со невладиниот сектор, спроведе кампања за промоција на Шар Планина за национален парк. На седница одржана на 2.3.2021, Владата го усвои предлог-законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк и го проследи до Собранието.

- Владата на предлог на МЖСПП  донесе Одлука за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од **Осоговските Планини за заштитен предел**[116]. МЖСПП спроведе јавни расправи по однос на Предлог-Одлуката со засегнати страни. На предлог на МЖСПП Владата ја донесе Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел (Сл.В бр. 277/2020). Во соработка со невладини организации. МЖСПП спроведе кампања за прогласување на Осоговски Планини за заштитено подрачје.
- Започнаа постапките за прогласување на **Водно и Студенчишко Блато за заштитени подрачја.** Владата на предлог на МЖСПП ги донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје во категоријата V заштитен предел (бр.44-4543/1 од 17.11.2020) и Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природата (бр.44-8352/1 од 17.11.2020).
- Продолжија активностите за валоризација на природното наследство при што се изготвени **студии за валоризација** на природните вредности на Шар Планина, Водно, Студенчишко Блато и НП Пелистер. Тековно се работи и на изработка на Студија за валоризација на Малешевските планини
- Подобрено е управувањето со заштитените подрачја преку изготвување на планови за управување. Изработен е **Планот за управување со Националниот парк Пелистер.** Изработени се нацрт-планови за управување со споменицитe на природата **Маркови Кули и Преспанско Езеро и Националниот парк Галичица.**

116 Службен весник бр. 116/2020

- Изготвено е Досие за номинација на локалитетот Длабока Река во НП Маврово на Прелиминарната листа на УНЕСКОза старите букови шуми.
- Во соработка со невладиниот сектор,МЖСПП изготви апликационо досие за номинација на Охридско Езеро и Студенчишко Блато на Листата на Рамсарската Конвенција. Досието е одобрено од Владата и пратено во Секретаријатот на Рамсарската конвенција
- Во извештајниот период се зајакна соработката на МЖСПП со Јавните установи НП Пелистер, НП Маврово и НП Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (земјоделците, сопствениците на земјиште, ловците и риболовците) и невладините организации вклучени во заштита на природата.
- Во рамки на ГЕФ/УНЕП Проектот „Постигнување заштита на биодиверзитет преку креирање и ефективно управување со заштитените подрачја и одржување на биодиверзитетот во планирање на користење на земјиштето” (STAR 5) во соработка со Канцеларијата на IUCN ENCARO во Белград, под координација на МЖСПП започнаа активности за селекција и идентификација на два пилот-коридори од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН); идентификација на шуми со високи природни вредности и идентификација на диви видови растенија(мечкино грозје и модра смрека) од економска важност загрозени од неконтролирана или неодржлива употреба и спроведување анализа на националното законодавство за употреба на диви видови. Започнати се активности и за изготвување на Нацрт-План за управување со Шар Планина, Студија за валоризација и Нацрт-План за управување на Охридско Езеро.
- Продолжи спроведувањето на Проектот „Програма за зачувување на природата на Македонија”, Фаза II финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка“ (SDC), кој е фокусиран на сливно подрачје на р. Брегалница. Спроведени се активности за идентификација на потенцијални Натура 2000 подрачја во Брегалничкиот регион (Овче Поле, Долна Брегалница и Ченгино

Кале). За овие подрачја преку спроведена идентификација на живеалишта, растенија, животни и птици пополнети се стандардните формулари/обрасци за Натура 2000.

- Одржани се работилници со засегнати страни и беше спроведена кампања за Натура 2000 во Источниот плански регион.
- Извршена е **идентификација и мапирање на екосистемите и утврдување на состојбата на екосистемите на национално ниво.** Мапирани се екосистемските услуги на основните екосистеми на национално ниво, со посебен акцент на заштитените подрачја. Механизам за плаќање на екосистемски услуги е тестиран на едно пилот заштитено подрачје - Споменик на природа Вевчански извори. Изготвена е брошура за екосистемски услуги и долгорочен план за јакнење на капацитети на сите засегнати страни. Како дел од имплементација на планот спроведени се обуки за засегнатите страни за прашања поврзани со екосистемските услуги.
- Ревидирана е **Регионална листа на ендемични видови** и развиена е апликација на софтвер за собирање и обработка на податоци за биодиверзитет, во рамки на ГИЗ Проектот „Управување со податоци за биодиверзитет и известување".
- Продолжи да се спроведува регионалниот ЕУ проект: Програма за партнерство за животна средина во процесот на пристапување (ЕППА) за Западен Балкан и Турција. Претставници од МЖСПП, Сектор за природа учествуваа на регионални работилници за размена на информации и најдобри практики за **управување со илегална сеча и трговија со дрво, инвазивни алохтони видови и зелена инфраструктура и еколошка поврзаност** и имплементација на ЕУ Регулативата за трговија со диви растителни и животински видови.
- Се изготвија **Национални црвени листи за габи и крупни ѕверови** (мечка, рис, волк, видра и шакал) во рамки на проектот:„Програма за градење на капацитетите на биолошката разновидност", поддржан од ЕБОР.
- Заврши ЕУ/УНДП Проектот „Унапредување на управувањето со заштитените подрачја" (Грантова шема).

- Отпочнати се активности во рамки на регионалниот проект АДАПТ: „Решенија засновани врз природата за поотпорни општества на Западниот Балкан". Проектот е финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА) и имплементиран од страна на Меѓународната унија за заштита на природата – I (IUCN ECARO). Партнери на проектот од нашата земја се МЖСПП и Центарот за управување со кризи. Заедничка цел на проектот е зголемување на отпорноста на екосистемите и човековите заедници во однос на климатските промени и ризиците од катастрофи со примена на решенија засновани врз природата.
- Прекуграничната соработка за заштита на природата е унапредена во рамки на **Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ)**, при што беа опфатени заштитените подрачја (НП Пелистер, НП Галичица, СП Преспанско Езеро и Езерани.)

Во однос на институционалната рамка за 2020 година види подрачје 3.27.1 Хоризонтално законодавство.

## Краткорочни приоритети (2021-2022)

### Правна рамка

- Ќе се донесе новиот **Закон за заштита на природата** во кој целосно ќе се транспонираат ЕУ мерките 31992L0043 и 32009L0147. Ќе се изготват и донесат подзаконските акти (правилници) за означување и визуелизација на заштитените подрачја; воспоставување на Национален информативен систем за природа и размена на податоци; за формата и содржината на известувањето пред почетокот на проектна активност во природата или научно истражување во природата.
- Ќе се изврши ревизија на подзаконскиот акт - **Листи за утврдување на строго заштитени и заштитени диви видови.**
- Ќе се изготват **Национални црвени листи за различни таксономски групи на растенија и животни.**
- Ќе се изготви посебно законско решение за регулирање на меѓународната трговија со диви загрозени растителни и животински

видови согласно ЕУ Регулатива 338/97.

- Ќе продолжи процесот на валоризација/ ревалоризација на природните вредности на заштитените подрачја и валоризација на природните реткости.
- Согласно постојниот Закон за заштита на природата ќе продолжи процесот на прогласување на заштитени подрачја и природни реткости.
- Во делот на управувањето со заштитените подрачја согласно Законот за природата ќе се донесат **планови за управување со спомениците на природата Маркови Кули и Преспанско Езеро, Национален парк Пелистер и Национален парк Галичица.** Ќе се продолжи со изработка на планови за управување со заштитени подрачја.
- Со цел МЖСПП да може да одговори на обврските од националното законодавство за заштита на природата, ЕУ директивите за живеалишта и птици, директивата за зоолошки градини, стапици, Регулативата за заштита на видови на дивата флора и фауна со регулирање на нивната трговија и др, како и на обврските од ратификуваните меѓународни конвенции и договори од областа на заштитата на природата, неопходно е формирање на **Завод/Агенција за заштита на природа** како посебна правна стручна институција.
- Ќе продолжи реализацијата на активностите од **Националната стратегија за биолошка разновидност** со Акционен план (2018-2023) и **Националната стратегија за заштита на природата** со Акционен План (2017-2027).
- Ќе продолжи процесот на идентификација на типови живеалишта и на дивите видови од европско значење и ќе се изработат Стандардни податочни формулари за идни потенцијални Натура 2000 подрачја.
- Ќе продолжи реализацијата на ГЕФ/УНЕП Проектот „Постигнување заштита на биодиверзитет преку креирање и ефективно управување со заштитените подрачја и одржување на биодиверзитетот во планирање на користење на земјиштето“ (STAR 5). Под координација на МЖСПП и во соработка со УНЕП и Канцеларијата на IUCN ENCARO во Белград ќе се изготват Нацрт-План за управување со Шар Планина, Студија за валоризација и Нацрт-План за управување на Охридско Езеро.

- Ќе започне ИПА проект за Натура 2000 и ЦИТЕС со кој ќе продолжи процесот на идентификација на живеалишта и видови од ЕУ значење заради утврдување на идни подрачја за Натура 2000, како и за унапредување на имплементацијата на ЕУ Регулатива бр.338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора преку регулирање на трговијата со нив.
- Ќе продолжи со реализација регионалниот проект АДАПТ: „Решенија засновани врз природата за поотпорни општества на Западниот Балкан".
- Ќе се изработи Каталог на хабитати од европско значење според Директивата за живеалишта.
- Ќе се воспостави Национален информативен систем за природа.
- Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност (CBD) ќе биде изготвен и доставен до Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност (CBD).
- **Ќе се донесе Акциски План за борба против отрови за диви животни.**
- Регионалната работна група за биодиверзитет (БДТФ) ќе продолжи со работа на исполнување на целите на Зелениот договор на ЕУ, како и новата ЕУ Стратегија за биодиверзитет по 2020, како и препораките на COP 15 од Конвенцијата за биодиверзитет.
- Во рамките на Преспа-Охрид Фонд за природа ќе продолжи реализација на проекти за поддршка на трошоци на заштитени подрачја во Преспанскиот и Охридскиот Регион.
- Ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, јавните установи НП Пелистер, НП Маврово и НП Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници.
- Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 за сите засегнати страни.
- Ќе се реализираат обуки за спроведување ЕУ мерки од областа на заштитата на природата.

## Институционална рамка, имплементација и спроведување

Планирано е зајакнување на капацитетите на Секторот за природа со нови вработувања.

# Среднорочни приоритети (2023-2025)

## Правна рамка

Согласно Законот за заштита на природата ќе се донесат подзаконските акти, кои се усогласуваат со Директивите за живеалишта и птици:

- Уредбата за Листите на Европските типови живеалишта и Европските видови, вклучувајќи ги и приоритетните Европски типови живеалишта и приоритетните Европски видови за кои е потребно да се определат Европски области и Листата на видови птици за кои е потребно да се определат Европски области за птици;
- Правилник за критериуми за избор на локалитетите кои се соодветни за идентификација и утврдување како Европски области;
- Правилник за формата и содржината на образецот за податоци за Европска област и Европска област за птици;
- Правилник за соодветна оценка на планови и проекти во природа;
- Уредба за утврдување на Национална еколошката мрежа, како и мерките за заштита на подрачјата од еколошката мрежа.
- Ќе се изготват Национални црвени листи за различни таксономски групи на растенија и животни
- Ќе се донесе Закон за регулирање на меѓународна трговија со диви загрозени растителни и животински видови усогласен со Регулатива 31997R0338.
- Ќе се продолжи со процесот на валоризација/ревалоризација на природните вредности на заштитените подрачја и валоризација на природните реткости.

- Согласно постојниот Закон за заштита на природата ќе продолжи процесот на прогласување на заштитени подрачја и природни реткости.
- Ќе се продолжи со изработка на планови за управување со заштитени подрачја.
- Ќе се продолжи со реализација на активностите од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017- 2027).
- Ќе продолжи процесот на идентификација на типови живеалишта и на дивите видови од европско значење и ќе се изработат Стандардни податочни формулари за идни потенцијални Натура 2000 подрачја.
- Во рамките на Преспа-Охрид Фонд за природа ќе продолжи реализација на проекти за поддршка на трошоци на заштитени подрачја во Преспанскиот и Охридскиот Регион.

## Институционална рамка, имплементација и спроведување

Се предвидува зајакнување на капацитетите на Секторот за природа преку нови вработувања.

Воспоставување на Завод/Агенција за заштита на природата, како стручно правно тело, согласно препораките од ИПА проект за НАТУРА и предлог Законот за заштита за природа.

Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 за сите засегнати страни. Ќе се реализираат обуки за спроведување ЕУ мерки од областа на заштитата на природата. Регионалната работна група за биодиверзитет (БДТФ) ќе продолжи со работа на исполнување на целите на Зелениот договор на ЕУ, новата ЕУ Стратегија за биодиверзитет по 2020, како и препораките на COP 15 од Конвенцијата за биодиверзитет

# КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Во наредниот период ќе се транспонира и имплементира новото законодавство за индустриски емисии односно Директивата 32010L0075 како и зајакнување на капацитетите

## Тековна состојба

Нацрт Законот за индустриски емисии, кој се усогласува со Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ е во фаза на доработка.

Вотекот на 2020 година, во МЖСПП се доставени вкупно 3 нови барања за добивање А–ИСКЗ дозвола, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 175. Во 2020 се издадени 15 А–интегрирани еколошки дозволи, 2 измени на А–интегрирани еколошки дозволии 2 Б-интегрирани еколошки дозволи. Изготвени се10 нацрт А-интегрирани еколошки дозволи. Во фаза на разгледување се 4 барања за добивање на А-интегрирани еколошки дозволи. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи,се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

## Институционална рамка

Вработени од Секторот за Индустриско загадување и управување со ризик учествуваа на обуки  организирани од ТАЕКС и други тековни проекти во врска со Директивата за индустриски емисии и рудните резерви. (За повеќе детали види подрачје 3.27.1 Хоризонтално законодавство).

# Краткорочни приоритети (2021-2022)

## Правна рамка

- Во 2021 година ќе се донесе нов Закон за индустриски емисии кој ќе ја транспонира Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ.
- Ќе се продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирани еколошки дозволи за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт-дозволи за истите. Истовремено,ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање интегрирани еколошки дозволии дозволи за усогласување со оперативен план. При тоа, особено ќе се вложат напори во делот за учество на јавноста во издавањетона дозволите.

## Институционална рамка

Во делот на превенција на хаварии што вклучуваат опасни супстанции предвидено е континуирано ажурирање на регистарот за системите во кои се присутни опасни супстанции, како и понатамошни активности со цел дефинирање на прелиминарна листа на оператори каде евентуална хаварија со присуство на опасни супстанции може да има прекугранични последици.

# ХЕМИКАЛИИ

Во областа на хемикалиите, REACH и CLP регулативите се транспонирани во Законот за хемикалии[117] и наоѓаат широката примена во регулација на хемикалиите применети во секоја сфера на работењето, како во бизнис релациите, така и во институциите и регулаторните тела на национално ниво. Спроведувањето на одредбите од REACH регулативата ќе воспостави подобар систем на менаџирање со ризикот од хемикалиите во насока на заштита на здравјето на луѓето и почиста животна средина. Континуирано се спроведуваПлан за елиминација на хлорофлуоројаглеводородни (HCFC) супстанцииво земјата. Планирано е донесување на нов Закон за биоцидни производи, усогласен со Регулативата 528/2012 за биоцидни производи.

## Тековна состојба

- Во февруари 2020 година ратификувани се два меѓународни документа со донесување на **Законот за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка**[118], како и **Законот за ратификација на Минамата конвенција за жива**[119].
- Во областа на хемикалиите, **REACH Регулативата** е транспонирана во **Законот за хемикалии** и наоѓа широката примена,врзана за хемикалии во однос на нивната безбедна употреба и користење. Со спроведувањето на одредбите од REACH регулативата се воспоставува подобар систем на менаџирање со ризикот од хемикалиите во насока на заштита на здравјето на луѓето и почиста животна средина. Класификацијата, одбележувањето и пакувањето на хемикалиите согласно Глобално хармонизиран систем е транспониран во Законот за хемикалии со што е овозможен единствен систем на предупредување за опасноста од хемикалиите и производите што се во промет во државата. Системот на претходно известување за одредени супстанции (PIC постапка) за кои е утврдено ограничување и/или забрана за употреба во производство во производи што ја содржат супстанцијата,

117 Сл.В бр. 145/10, 53/11, 164/13, 116/15, 149/15 и 37/16

118 Службен Весник бр. 34/20.

119 Службен Весник бр. 34/20.

со кое се дава согласност за нивна употреба и/или забрана, а со цел унапредување и поделба на одговорностите во меѓународната трговија со хемикалии, регулативата за увоз-извоз на опасни хемикалии е исто транспониран во Законот за хемикалии. **CLP Директива** е транспонирана во Законот за хемикалии и Правилник за начинот на класификација и означување на опасни хемиски супстанци.

- Во врска со управувањето и контролата на супстанциите од анексите на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, подготвени се нацрт-подзаконски акти во кои ќе се транспонира ЕУ мерката 32009R1005.
- Континуирано се спроведува Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентни органски загадувачи (POPs).

Во рамките на проектот за чистење на локациите контаминирани со α-HCH, β-HCH и γ-HCH (линдан) во ОХИС, се воспостави **Повеќепартнерски фонд за животна средина**. Беа направени важни одлуки и ќе се започне со активности за расчистување на загадувачките материи на почетокот на 2021.

- Се потпиша договор за расчистување на малиот базен во Охис (Лот 1) кој ќе се покрие со средства од УНИДО, со која ќе овозможи санација на 450 тони на HCH и загадена почва од 200 тони.
- УНОПС во согласност со регулативата за организациска набавка, ќе го идентификува најефективниот тендерски пристап во избор на изведувач за расчистување на Лот 2 (санација на отпад од 1.151 тон HCH и 3.860 тони загадена почва со HCH) и Лот 3(санација на 1.000 тони загадена бетон HCH и ревитализација / обновување на локацијата на постројката) УНОПС ќе ги разгледа опцијата за распознавање и ре-употреба на тендерските резултати на УНИДО во текот на првото тромесечие од 2021 година.
- Проценетата поделба на трошоците во врска со расчистувањето на малиот базен би била според следното:
    - 2 милиони евра се обезбедени преку УНИДО, проект ГЕФ (Лот 1)
    - 5,4 милиони евра преку УНОПС (лот 2),
    - 1 милион евра преку УНОПС (Лот 3).

- Во оваа фаза, обезбедени се средства преку УНОПС и УНИДО и истите изнесуваат 3,5 мил евра: од кои:
    - 1 милион евра од Владата на Северна Македонија,
    - 1.5 милиони евра од Владата на Норвешка,
    - 2 милиони евра УНИДО.
- Финансирањето на кусокот од 3.9 милиони евра ќе биде обезбедено од Владата на Северна Македонија и ЕУ. Владата во писмена форма потврди до УНОПС и Амбасадата на Кралството Норвешка дека ќе обезбеди 1.4 милиони евра од сопствениот национален буџет за 2021 за расчистување на малиот базен во ОХИС, додека ЕУ ќе обезбеди 2.5 милиони евра - средства преку ИПА 3. Потпишувањето на договор може да биде изведено во доцна 2021 година или во рана 2022 година. Секако ова нема да го загрози напредокот на расчистувањето, откако финансирањето обезбедено преку оваа активност, и финансирањето обезбедено и потврдено од Владата, се доволни за одржување на активностите.

Планирано е и спроведување на кампања за подигање на јавната свест со цел да се подигне свеста на различните целни групи (владините институции, локалните заедници, медиумите, невладините организации, јавноста, а особено ранливата популација) за претстојните активности во насока на расчистување на контаминиранителокации во ОХИС.

- Како дел од имплементацијата на **Планот за елиминација на HCFC супстанции**, со цел да се зајакне контролата во управувањето на супстанциите од Монтреалскиот протокол, организирана е **обука на царинските работници за контрола на супстанции, смеси и опрема контролирани** од Монтреалскиот протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка. Како поддршка на овие активности изработен е Прирачник за контрола на супстанции, смеси и опрема контролирани од Монтреалскиот протокол за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, како и мини-брошура „Да ја заштитиме озонската обвивка – да го спречиме илегалното тргување со супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка”.

- Согласно евиденцијата на опремата која содржи 3 и повеќе килограми на средство за ладење, регистрирани се 183 компании-поседувачи на опрема и 1,129 парчиња на опрема (612 парчиња се евидентирани, а 517 парчиња се евидентирани и обележани.
- Во текот на 2020 година издадени се 131 дозволи за увоз на средства за ладење и други хемикалии кои се во надлежност на МЖСПП, како и 35 дозволи за увоз и извоз на опрема за ладење.

(За институционалната рамка за повеќе детали види 3.27.1 Хоризонтално законодавство).

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во врска со управувањето и контролата на супстанциите од анексите на **Монтреалскиот протокол** за супстанциите што ја осиромашуваат озонската, планирано е усвојување на следните подзаконски акти во кои ќе се транспонира ЕУ мерката 32009R1005:

- Наредба за намалување на увозот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка,
- Наредба за забрана на увозот на хлорофлуоројаглеводороди (HCFCs),
- Наредба за забрана на промет со 1,1-дихлоро-1-флуороетан (HCFC-141b) и смеси кои содржат HCFC-141b.

Министерство за здравство, како надлежна институција за спроведување на Законот за хемикалии, тековно врши регистрација на правни лица кои вршат промет со хемикалии и промет со прекурзори и произведуваат хемикалии. Тековно се врши регистрацијата на биоцидните производи и детергентите кои се ставаат во промет.

Преку Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки се врши контрола на ограничените и забранети хемикалии за употреба. Контролата над спроведувањето на глобално хармонизираниот систем за класификација, пакување и означување на хемикалиите се врши преку редовни инспекциски надзори.

Продолжува соработката со релевантни научни институции на национално ниво, со Европската агенција за хемикалии и останати европски и меѓународните институции.

Во предвидената временска рамка, Министерството за здравство, Секторот за хемикалии, ги планира следните активности во насока на воспоставување на бази што ќе овозможат следење на информации поврзани со системот на управување со хемикалии:

- Ревидирање и дополнување на Регистарот на правни лица кои работат со хемикалии,
- Ревидирање и дополнување на Регистарот на правни лица кои работат со биоцидни производи,
- Ревидирање и дополнување на Регистарот на правни лица кои работат со детергенти.

Во однос на **Минамата конвенцијата**, предвидени се следните активности за нејзино спроведување:

- Ажурирање на податоци поврзани со состојбата на живата во земјата.
- Ревизија на постојната шема за синергетска имплементација на хемиските меѓународни договори заради вклучување на Минамата конвенцијата за жива.

Како дел од активности за синергија и **стратешко управување со хемикалии** и отпад планирано е следното:

- Преглед на институционалната рамка за хемикалии и отпад;
- Преглед на правната рамка за хемикалии и отпад;
- Обука за зајакнување на институционалните капацитети за синергија во управување со хемикалиите во сите фази од животниот циклус, како и за синергиско спроведување на обврските кон конвенциите кои го уредуваат управувањето со хемикалии и отпад (Базелска, Ротердамска, Стокхолмска и Минамата конвенциите);
- Подготовка на Акционен план за стратешко управување со хемикалии.

# Среднорочни приоритети

Од аспект на надлежностите на Министерство за здравство, планирана е транспозиција на **Регулативата (ЕУ) бр. 528/2012** за ставање во промет и употреба на биоцидни производи во националното законодавство, односно со донесување на **Закон за биоцидни производи** (2023).

Во однос на Минамата конвенцијата, во 2023 година планирано е дефинирање на четирикратна шема за синергија на меѓународните договори за хемикалии и отпад.

Министерството за здравство е надлежно за имплементација на **Регулативата 649/2012 за извоз и увоз на опасни хемикалии.** Правна основа за транспонирање на оваа регулатива е поставена во Законот за хемикалии. Предвидено е донесување на:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за случаите за кои се спроведува PIC (Prior Information Consent) и содржина на барањето,
- Измени и дополнување на Правилник за случаите во кои се спроведува постапката на претходно известување, случаите во кои не е потребно натамошно спроведување на постапка на претходно известување, содржина на известувањето за извоз и документите кои се доставуваат заради спроведување на постапка на претходно известување,
- Измени и дополнување на Списокот на опасни хемикалии и производи чии извоз е забранет,
- Измени и дополнување на Списокот на земјите членки на Ротердамската конвенција кои бараат информации за транзит на хемикалии и содржина на тие информации.
- Измена и дополнување на Правилникот за начинот за класификација,пакување и означување на хемикалии.
- **Упатство за насоки за изготвување** на безбедносен лист, кое произлегува од Законот за хемикалии, кое ќе биде усогласено со Регулативата 830/2015.

## Институционална рамка, имплементација и спроведување

Се планира зајакнување на Секторот за хемикалии при Министерство за здравство, со нови вработувања, како би се подобрила функционалноста во делот на спроведување на законодавството и поголема ефективност во работењето. Се планира зајакнување на инспекциската служба со вработување на нови инспектори.

Ќе продолжат активности за синергија и стратешко управување со хемикалии и отпад. Ќе биде донесен Акционен план за стратешко управување со хемикалии.

Ќе продолжи да се имплементира проектот „Отстранување на техничките и економските бариери за започнување на активности за чистење на локациите контаминиранисо α-HCH, β-HCH и γ-HCH (линдан) воОХИС".

Ќе продолжи да се имплементираат активности во рамки на имплементацијана План за елиминација на хлорофлуоројаглеводороди (HCFC) супстанции во земјата.

## Програми и проекти

Проектот во рамки на ИПА соработката со Европската Агенција за хемикалии (ECHA) „Подготвителни мерки за учество на земјите кандидати и потенцијални кандидати за ЕУ и нивна соработка" продолжува.

# Среднорочни приоритети

- Во овој период планирано е да се донесе **Правилник за видовите на опасните супстанции и количините за присуство на опасните супстанции, како и Правилник за поблиските критериуми врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија**. Двата правилници ќе се усогласуваат со **Директива CEBECO III 32012L0018.**
- Во делот на превенција на хаварии што вклучуваат опасни супстанции предвидено е континуирано ажурирање на регистарот за системите во кои се присутни опасни супстанции, како и дефинирање на прелиминарна листа на оператори каде евентуална хаварија со присуство на опасни супстанции може да има прекугранични последици.
- Во зависност од одобрените финансиски средства, предвидено е продолжување на активностите во однос на активностите за промоција на еколошко означување.
- Во областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето, ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање интегрирани еколошки дозволи.

# ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година,со цел спроведување на одредби од  Законот за генетски модифицирани организми (Сл.В бр.35/08, 163/13 и 146/15) во однос на категоријата ограничено користење на ГМО, се изготви работна верзија на подзаконски акт за Процена на ризик за ограничено користење на ГМО, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32009L0041.

## Краткорочни приоритети

- Ќе се продолжи со понатамошното усогласување на националното законодавство за ГМО согласно ЕУ законодавството, преку донесување на измени наЗаконот за генетски модифицирани организми, во кој ќе се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ мерките: 32001L0018 и 32009L0041.
- Предвидено е донесување на подзаконски акт за Процена на ризик за ограничено користење на ГМО, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32009L0041 година согласно Законот за генетски модифицирани организми

## Институционална рамка

Надлежен орган за спроведување на Законот за генетски модифицирани организми и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Во рамките на Управата за животна средина (УЖС), Секторот за природа има Одделениеза биодиверзитет и генетски модифицирани организми. Во моментот е определено 1 работно место, кое ги врши работите поврзани со ГМО.

Врз основа на Законот за безбедност на храна, Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за издавање одобренија за производство на храна од ГМО (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика). Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

## Среднорочни приоритети

Ќе започне да се разгледува можноста за започнување на постапка за ратификација на Протоколот за одговорност и надомест на штета согласно член 27 од **Картагенскиот Протокол за биосигурност.**

подрачје 3.27.9.





# БУЧАВА

ЌЕ ПРОДОЛЖИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА БУЧАВА, КАКО И ПОНАТАМОШНО УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ ОД ОВАА ОБЛАСТ И ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕШКИ КАРТИ И АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА БУЧАВА.

## Тековна состојба

Стратешките карти за бучава и акциони планови за бучава произлегуваат од ЕУ Директивата за бучава 32002L0049 која е транспонирана во Законот за бучава. Предвидено е изработка на истите во рамки на ИПА проект.

Во однос на следењето на бучава, како континуирана активност, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Битола, Куманово и Кичево) собираат и обработуваат податоци од мерењата од други лаборатории, кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории создавачи на бучава (индустрија, аеродроми,угостителско-туристички капацитети други активности).

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година ќе започне спроведувањето на ИПА 2 Проектот за подготовка на **Стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава.** Со изработката на стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава ќе се добие целосна слика за нивото на бучава во животната средина, како и мерките кои ќе бидат преземени со цел намалување на нивото на бучава, а со тоа и намалување на штетните ефекти кои произлегуваат од истата. Во работата проектот ќе бидат вклучени претставници од МЖСПП, како и претставници од општините Куманово, Тетово, Битола и Град Скопје.





## Институционална рамка

Се планира зајакнување на капацитетите МЖСПП и на ЕЛС за управување со бучавата на централно и  локално ниво, преку нови вработувања и спроведување на обуки, кои се однесуваат првенствено на спроведување на законодавството од областа на бучавата во животната средина на централно и локално ново.

## Среднорочни приоритети

- Во овој период, ќе се донесе подзаконски акт за поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, со кој ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020. Со донесување на овој правилник, ќе се уреди контролата на бучавата, која потекнува од патниот, железничкиот и водниот сообраќај и ќе се утврдат стандардите за заштита од бучава во животната средина предизвикана од овие извори на бучава.
- Ќе се реализира ИПА 2 проектот за подготовка на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава. Исто така, ќе се спроведуваат обуки каде што ќе бидат вклучени повеќе експерти од ЕУ земји кои веќе имаат искуство околу подготовка на стратешки карти за бучава.

## Институционална рамка

- Во овој период, ќе започнат активности за воспоставување Геодетски Информативен систем (ГИС) на податоци од бучавата во животната средина со цел целосно спроведување на барањата од ЕУ Директивата за воспоставување инфраструктура за просторно информирање во ЕЗ (ИНСПИРЕ). Директивата обезбедува законска рамка за спроведување на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (СЕЕИС).
- Ќе започнат активности за воспоставување на информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина, како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во земјата, којќе ги опфаќа податоците добиени од следењето на бучавата, стратешките карти и акционите планови и други соодветни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.
- Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина.

# ШУМАРСТВО

## Тековна состојба

Во земјата, 39% од територијата на земјата е под шуми (1.001.665 ха). Според Законот за шумите постојат само два вида на сопственост на шумите – државна и приватна – од кои 89,1% се шуми во државна сопственост, а 10,9% се шуми во приватна сопственост (Државен завод за статистика, 2015 година). Со државните шуми управува Јавното претпријатие Национални шуми, додека со шумите во заштитените подрачја управуваат јавните установи, национални паркови и Јавната установа за управување со повеќенаменско подрачје Јасен.

Во однос на регулативите за дрво и дрвни сортименти ЕУ регулативите EUTR бр. 995/2010 и 607/2012 година, регулативите на ЕУ ФЛЕГТ бр.2173/2005 и 1024/2008 година, Одлуката на ЕУ ЛУЛУЦФ бр.529/2013 од објаснувачки состанок одржан во мај 2019 година, Секторот шумарство и ловство при МЗШВ ги започна следните активности:

- Со поддршка на Европската унија, во јуни 2020 година, заврши проектот **ИПА Преглед на шумарскиот сектор во Северна Македонија и изработка на ИПА проект за шумарство за 2019 година.** Главната цел на проектот беше да ја олесни имплементацијата на релевантните ЕУ стратегии и политики од секторот шумарство и да го зајакне развојот на секторот шумарство во државата. Исто така, во рамките на проектот се направи Анализа на законодавство и административните капацитети во секторот шумарство.
- Во тек е тендерска постапка за **ИПА проектот „Зајакнување на управувањето со шумарскиот сектор”.** Проектот има за цел поддршка на МЗШВ за евалуација на статусот и надградба на правната рамка за регулирање на активностите во секторот шумарство, како и за подготовка на националната политика после 2020 година во насока на пристапувањето во ЕУ.

## Институционална рамка

Структурата поврзана со шумарскиот сектор при **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ**) е следна: Сектор за шумарство и ловство со своите 4 одделенија: Заштита на шумите од биотски и абитоски фактори; Одгледување на шумите и пошумување; Уредување и користење на шумите и Ловство. Сектор за шумска полиција со 30 шумска полициски станици и едно одделение за внатрешна контрола  Вкупниот број на вработени, главно шумски полицајци изнесува 384.

**Шумарски и ловен инспекторат** (ШЛИ), субјект во рамките на МЗШВ, функционално под владиниот Инспекциски совет пред кој известуваат сите инспекторати. Инспекторатот има една централна (административна) и 5 регионални (оперативна) единици.

# Краткорочни приоритети

Во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на управувањето со шумарскиот сектор" ќе се врши проценка на сегашната организација на шумарскиот сектор со цел да се подобри институционалната поставеност преку оптимизирање на улогата и одговорноста на секој учесник. Во рамките на проектот ќе се реализираат  следните активности:

- Изготвување на нов **Закон за шумите** кој ќе биде усогласен со европските регулативи;
- Воспоставување на **интегриран шумарски информативен систем;**
- Имплементација на **шема за сертификација на шумите** и др.

Согласно Законот за шуми, ќе биде донесена **Програма за проширена репродукција на шумите за 2021** година.

Исто така, ќе се направи Идентификување и назначување компетентна/и институција/и за спроведување на Регулативата ЕУ/995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и производи од дрво на пазарот.

## Среднорочни приоритети

Новиот Закон за шумикој ќе ги транспонира регулативите на **ЕУ ФЛЕГТ Регулативите 2173/2005** и 1024/2008, се планира да биде донесен во 2023 година.

## Институционална рамка

Во овој период ќе се реализираат следниве активности:

- Воспоставување на интегриран шумарски информативен систем (IFIS);
- Инвентаризација на шумите и
- Унапредување и воспоставување на одржливоста на шумарството и доближување на шумарскиот сектор кон современото европско шумарство.



# КЛАСТЕР 5



# ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РЕСУРСИ И КОХЕЗИЈА



**Кластерот Земјоделство, ресурси и кохезија** ги дефинира краткорочните и среднорочните приоритети поврзани со реформите на земјоделството и руралниот развој, безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика, рибарство, регионалната политика и координацијата на структурните инструменти, и финансиските и буџетски одредби. Овие се особено важни области кои треба да придонесат за развојот на земјоделстово, регионалниот и локален разој,и да нè подготват за идното учество и ефикасно користење на средствата од заедничката земјоделска политика на ЕУ, структурните и кохезиони фондови и идното учеството во Буџетот на ЕУ.

Кластерот ги опфаќа поглавјата (11,12,13,22, 33).
Ќе се спроведува **Стратегијата за земјоделство и рурален развој**, соодветните програми и ќе се унапредуваат политиките на **квалитет** на земјоделските производи, ќе се донесе новото рамковно законодавство и подзаконски акти, во поглавјето на **безбедност на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика,** усогласени со најновото европско законодавство, како и структурните мерки и државната помош во поглавјето на рибарство и аквакултура. Земјоделските политики се вградени и хоризонтално со Зелената Агенда 2030 на ОН, за одржливо земјоделство, запирање деградација на земјата и губење биодиверзитет, одржливо управување со шумите, и одржлива потрошувачка и производство.

Ќе се работи на **градење на политиката на задржување на кадарот во ИПА** оперативните структури - секторските групи,и понатамошно јакнење на капацитетите за ИПА-секторско програмирање, вклучително и **ИПА 3**, за користење, следење и оценување, и финасиска контрола наИПА фондовите.

Ќе се имплементира усвоената долгорочна **Стратегијата за регионален развој**, преку **5-годишни развојни програми, за секој од 8-те плански региони,** со посебни Акциски планови, **за локален одржлив развој.**

Понатаму ќе се јакнат капацитетите за воспоставување на системот на **сопствени ресурси** преку прилагодување на царинскиот, даночниот и статистичкиот систем, со идниот **интегриран информатички систем за управување на јавните финансии.**

Кластерот е директно поврзан со Кластерот **Темели** - економско владеење, Зелена агенда и одржливо поврзување, Внатрешен пазар, **Конкурентност и инклузивен раст** и Надворешни односи.

Приоритетите од кластерот Земјоделство, ресурси и кохезија се поврзани со **стратешките приоритети** на Владата во однос на забрзан и одржлив економски раст, повисоки **стандарди и заштита на животна средина, зелен развој,** намалување на аерозгадувањето и влијанието на климатските промени.

Приоритетите се поврзани и со одредени цели и структурни реформи од **ПЕР**, како што се развојот на земјоделскиот сектор преку подобрување на системите за **наводнување и консолидација на земјоделското земјиште.**

Од аспект на Инструментот за претпристапна помош **(ИПА-3)**, реформите се поврзани со СП4: Конкурентност и инклузивен раст и СП2: Добро владеење, acquis, добрососедски односи и стратешка комуникација.

Стратешките развојни цели на **ОН (СРЦ)** за намалување на сиромаштијата и гладот - **пристап до храна за сите, здравје, вода,одржлива потрошувачка и производи, одржливо земјоделство, заштита и одржлива употреба на екосистемите, одржливо управување со шуми, запирање на деградација на земјата и губење на биодиверзитет,** се исто така адресирани преку реформите од овој кластер.

Во однос на планираните **финансиски ресурси**, за реформите во овој кластер предвидени околу 770 милиони евра од националниот Буџет и околу 55 милиони евра од ИПА и друга донаторска помош за следните пет години (вклучително и кредити).

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Северна Македонија останува **умерено подготвена** во областа на земјоделството и руралниот развој. Постигнат е добар напредок во извештајниот период, особено во однос на спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД II) и Мрежата за сметководствени податоци од фарма (ФАДН).

Бидејќи не се спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

- да донесе стратешки одлуки за раздвојување на директните плаќања и да ги зајакне улогата и капацитетот на Платежната агенција во врска со интегрираниот административен и контролен систем (ИАЦС);
- да спроведе активности за понатамошно институционално и правно усогласување со правото на ЕУ во областа на заедничката организација на пазарот;
- да го зголеми административниот капацитет на Управниот орган на ИПАРД и Агенцијата за ИПАРД за да се обезбеди целосно спроведување на достапното финансирање за ИПАРД II.

# Резиме

Законите врз чија основа се темели земјоделството и руралниот развој се веќе донесени. Воспоставен е Интегриран административен контролен систем (ИАКС), а системите за спроведување на програмите за финансиска поддршка: Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП), Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) и Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) се функционални.

Во рамки на успешно завршениот твининг проект: „Финализирање на мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства“ усогласено е националното со законодавството на ЕУ за ФАДН и методологијата на ЕУ за ФАДН, подобрен е квалитетот и зголемено е користењето на ФАДН податоците.

Во 2019 година се донесе новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи, со кој ќе се подобрат законските одредби кои ќе го опфатат уредувањето на пазарот на тутунски производи и сродни производи, кој е делумно усогласен со Директивите 40/2014 и 64/2011.

Согласно Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2014-2020 година – НСЗРР (Сл.В бр. 197/14) и согласно Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2018-2022 (Сл.В бр. 32/18) се предвидуваат мерки за рурален развој, кои ќе се реализираат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку која ќе се искористат националните финансирања за подобрување на состојбите во земјоделството и руралниот развој.

Во 2019 година донесена е Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година во која преку мерки на финансиска поддршка ќе се реализираат насоките од НСЗРР.

Во тек е реализацијата на Националниот план за органско производство за периодот 2013 – 2020 година, кој е дел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година.

Уредувањето на пазарите и минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи со цел нивно пуштање во промет е уредена со Закон на квалитетот на земјоделските производи. Во глава III од законот е регулирана заштитата на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за традиционален специјалитет. Законот за квалитетот на земјоделските производи генерално е усогласен со Европските регулативи и прописи од соодветните области.

# ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

## Тековна состојба

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој (Сл.В бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19, 152/19 и 244/19), донесена е Национална Програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година (Сл.В бр. 32/18). Врз основа на Програмата се донесоа Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година и Уредба за поблиски критериуми за директни плаќања, корисници на средствата, максимални износи и начин на директни плаќања за 2020 година (Сл.В бр.278/2019). Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирање на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка.

Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), од почетокот на 2020 година континуирано преку доставувачите на пазарни податоци, прибира, обработува, проверува квалитет, веродостојност и објавува дневни пазарни информации преку веб-страницата www.zpis.gov.mk. Редовно се објавуваа неделни и месечни извештаи, а на 01 февруари 2021 година беше објавен Годишниот извештај за ЗПИС 2020, во кој е даден осврт на движењата на цените на земјоделските производи за изминатите две години, согласно регулативата на ЕУ CR (ЕС) бр. 479/10.

Во целосна функција е поддомејнот „понуда-побарувачка",со кој заинтересираните страни (производители на земјоделски производи и откупувачи на земјоделски производи, земјоделски задруги и др.) можат да нудат и/или побаруваат податоци за расположливите количини, квалитет и цени на земјоделски производи и добиток.

Согласно Планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства во 2020 година, во структурата на примерокот според основен тип на земјоделско производство и класа на економска големина вклучени се вкупно 750 земјоделски стопанства од кои се прибираат сметководствени податоци.
Подготовката на селекциониот план за 2020 година се заснова на податоците од структурните истражувања на земјоделските стопанства спроведени во 2016 година и податоците за

референтниот период 2013 со што репрезентативноста на примерокот е значително подобрена. Во тек се активности на тестирање и корекција на грешки во сетот на податоци за 2019 година, внесени во новиот софтвер за ФАДН.

Во рамки на проектот: „Идна надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)", финансиран од ИПА – ТАИБ 2011 беше изработена нова платформа за ЗПИС која е во фаза на тестирање и со која се очекува да се подобри квалитетот и достапноста на пазарните податоци до крајните корисници.

Во тек е систематско ажурирање на СИЗП податоците со цел подобрување на квалитетот на истите. Исто така тековно се врши и регистрирање на нови СИЗП парцели. Овие активности се директно поврзани со процесот на аплицирање за директните плаќања за финансиска поддршка во земјоделството каде СИЗП е еден од регистрите на интегрираниот систем за администрирање и контрола кој се користи во овој процес.

Во 2017 година започна проектот MAINLAND, финансиран од ИПА 2015, а го спроведува ФАО, преку кој во период 2017–2020 година е предвидена реализација на вкупно 23 физибилити студии, подготовка на 9 планови за консолидација и четири имплементирани проекти за консолидација. Рокот за финализирање на проектот е пролонгиран и се очекува да заврши во декември 2022 година.

Реализацијата на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството се реализира и следи преку Интегриран Административен Контролен Систем - ИАКС (IACS). Примарни модули на ИАКС се Системот за примање и обработка на барањата за финансиска поддршка, Интегрираниот систем за контрола (ИСК) и Системот за авторизација на исплати, а во истиот е вклучен и дополнителен модул за база на референтни цени. Конфигурацијата на софтверот е во тек и е во фаза на финално тестирање.

Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директни плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постојното софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.

Со цел приближување и усогласување на постојниот ИАКС до европското законодавство, во тек е промена на Законот за земјоделство и рурален развој во однос на делот со кој се регулира функционирањето на ИАКС. Со промената на Законот, надлежна институција за имплементирање и управување на сите компоненти од ИАКС ќе биде АФПЗРР. За таа цел во тек е подготовка за префрлање на постојниот Систем за идентификација на земјишни парцели (СИЗП) од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во АФПЗРР заедно со човечките ресурси кои работат на истиот. Дополнително, во рамките на ИПА во тек е реализација на проект „Прилагоден софтвер за Интегриран Административен Контролен Систем (ИАКС) за поддршка во земјоделството и руралниот развој", со кој што се планира да биде интегриран и надграден Единствениот регистар на земјоделски стопанства во рамките на ИАКС во рамките на АФПЗРР, со кои ќе треба идните програми за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да се имплементираат само врз основа на Систем за идентификација на земјоделски парцели (LPIS – Land Parcel Identification System), односно врз принципите на кои се спроведува финансиската поддршка во земјите членки во ЕУ. По изградбата на новиот СИЗП софтвер се планира подготовка на нов изменет и дополнет Правилник за СИЗП. Во делот на тековното работење на СИЗП, континуирано се одвива на процес на ажурирање на постојните, како и внесување на нови СИЗП парцели.

Освен тоа, проектот се прошири и на делот на спроведување на ИПАРД Програмата со што треба да се зголеми брзината и ефективноста на обработка на барањата за финансиска поддршка по оваа програма.

Донесен е нов „Правилник за методологијата за пресметка на Стандард Аутпут коефициентите, како и начинот на прибирање на податоците и информациите од мрежата, методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства, класификација на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделски стопанства, максималниот број на сметководствени стопанства и минималната економска големина на сметководствените стопанства и формата и содржината на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства" (Сл.В. бр.138/20), усогласен со актуелните барања на ЕУ Регулативата за ФАДН.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Согласно Националната Стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021 – 2027 година (Сл.В. бр. 16/2021), се дефинираат идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација. Предвидено е да се подготви и реализира Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2021 и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисници на средствата, максимални износи и начин на директни плаќања за 2021 година.

Во 2021 година предвидено е да се донесе нов Закон за директни плаќања во земјоделството.

## Институционална рамка

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.

# Среднорочни приоритети

Предвидено е да се подготви и реализира Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2022 и 2023 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 и 2023 година.

За потребите на ФАДН ќе се подготви План за избор на репрезентативни земјоделските стопанства за 2022 и 2023 година.

Се планира до крајот на 2022 година да се изработи „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на репрезентативни пазари на земјоделски производи и видот и обемот, роковите и субјектите кои ги доставуваат податоците", кој ќе биде усогласен со регулативите 32017R1185 и 32019R1746. Заради реализација на овие активности потребно е да се зголеми и унапреди административниот капацитет со цел да се завршат подготовките за извршување и практична примена на правилата, методологијата и стандардите на заедничката земјоделска политика, особено меѓуи нституционалната соработка за размена на информации и статистики за анализа на земјоделската политика.

Со цел подобрување на квалитетот на СИЗП податоците како и подобрување на ефикасноста и ефективноста на СИЗП, наредниот период ќе се продолжи со ажурирање на физичките блокови во СИЗП системот со што истите ќе бидат класифицирани како референтни парцели.

# ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

## Тековна состојба

Во Република Северна Македонија, Заедничкото уредување на пазарите - ЗУП не е регулирано со единствена регулатива како што е случај во ЕУ, со Регулативата (ЕУ) бр. 1308/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 17 декември 2013 година за основање на заедничка организација на пазарите на земјоделските производи, туку постојат повеќе законски и подзаконски акти со кои се регулира оваа област. Имено, основен закон за уредување и поддршка на земјоделските пазари е Законот за земјоделство и руралниот развој (Сл.В бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19, 27/19 и Сл.В бр. 152/19, 244/19 и 275/19), со кој се утврдуваат: интервенциски мерки, мерки за поттикнување на потрошувачката, мерки за заштита на пазарот и условите за стекнување на статус на признаена организација на производители, како и условите на нивното финансирање. Врз основа на Законот, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство формирани се 12 потсекторски постојани групи за одделни земјоделски производи или групи производи.

Делот од ЗУП, кој се однесува на утврдување на пазарни стандарди за квалитет на земјоделските производи, се регулира со Законот за квалитетот на земјоделските производи (СЛ.В бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16). Со овој закон се утврдуваат стандардите за квалитет, класификацијата, означувањето на квалитетот и информативниот систем за житарки и ориз, брашно, храна за животни, свежо овошје и зеленчук, јајца и месо од живина, говедско месо, свинско месо, овчо и козјо месо, млеко и млечни производи, производи од пчели, заштитата и регистрацијата на географскиот или традиционалниот назив на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, како и контролата и надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Правната рамка за уредување на винскиот сектор и пазарот со вино е доуредена со Законот за виното (Сл.В бр. 50/10, 53/11,06/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16, 235/19), како и со правилниците донесени врз основа на законот. Врз основа на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, изработени се и објавени 17 подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон. Во 2020 година обезбедена е функционалност на електронскиот систем за евиденција на договорени и откупени количини тутун по откупувачи.

Во тек е многу значаен проект за ЗУП кој започна во декември 2018 година, во рамките на ИПА /2015/037-907, **„Воведување и спроведување на мерките за ЗУП - Заедничко уредување на пазарите"**, со референтен број EuropeAid/139105/DH/SER/MK. Општата цел на проектот е зголемување на пазарните можности, економскиот развој и севкупното производство во земјоделскиот сектор, истовремено подобрувајќи ја конкурентноста на земјоделскиот сектор во согласност со барањата за пристапување во ЕУ. Специфичните цели на проектот се да се зајакне капацитетот на јавните институции во осмислувањето, спроведувањето и следењето на политиките на ЗУП, воспоставување на усогласени пазарни и интервенциски мерки за избрани категории на производи и соодветно имплементирање на минималните стандарди за квалитет и маркетинг на **свежо овошје и зеленчук.** Во моментов се спроведуваат две детални анализи на пазарните синџири во потсекторите **вино и мед.** Исто така во тек е изработка на Технички спецификации на постојните географски индикации за вино.

## Краткорочни приоритети

Како краткорочен приоритет е потребата од зголемување на бројот на вработени кои ќе работат на ЗУП, системско решение на организацијата на вработените на ЗУП, затоа што заедничкото уредување на пазарите претставува огромен сет на правила, за чија имплементација потребни се соодветен број на човечки и технички ресурси.

Во 2021 година се планира да се донесе засебен **Закон за заедничко уредување на пазарите** и Закон за изменување и дополнување на **Законот за виното,** со кој е предвидено дополнително усогласување со правната рамка на ЕУ,

односно со регулативите за означување и заштита на вината со географски назив, како и воведување на органското вино. По донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за виното ќе се изработат подзаконските акти кои произлегуваат од донесениот закон.

Со цел усогласување на европските регулативи, како и потребата од регулирање на производството, квалитетот, описот, означувањето, етикетирањето, како и други прашања како што се преработка и складирање и се од важност за жестоките алкохолни пијалаци, во 2022 година се планира да се донесе **Закон за жестоки алкохолни пијалаци.**

Предвидено е до крајот на 2021 година да се донесе **нов Закон за сточарство,** со кој ќе се изврши усогласување со ЕУ Регулатива 1012/2016.

## Среднорочни приоритети

Од аспект на производите од растително потекло, предвидено е донесување останатите подзаконски акти согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, делумно усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

Согласно препораките кои произлегуваат од проектот „Воведување и спроведување на мерките за ЗУП - Заедничко уредување на пазарите", се работи нов Закон за заедничко уредување на пазарите, како и на подзаконски акти, а со цел повисок степен на усогласување со европското законодавство, усогласување со сегашните и предвидените идни политики на ЕУ итн. Иако дел од овие активности можеби ќе се спроведат во текот на 2021 година, сепак станува збор за сериозни прилагодувања кои бараат повеќе време за спроведување, па затоа истите се предвидени во среднорочни планирања и приоритети.

## Програми и проекти

Во декември 2018 година започна реализацијата на проектот „Воведување и имплементација на ЗУП мерки во Република Северна Македонија" ("Introduction and Implementation of Common Market Organisation measures in the Republic of North Macedonia") кој е финансиран од ИПА 2015.

# РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Тековна состојба

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, донесена е Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година (Сл.Вбр. 12/2021).

Мерката 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство” со која се стимулира зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на земјоделските стопанства чии носители се лица од младото население (18-40 години), се воведе во 2020 година. Висината на поддршката од оваа мерка може да биде најмногу до 1.200.000 денари за период на реализација на деловниот план.

Воедно, во мерката 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи” се проширува опсегот на финансиска поддршка за инвестиции за кои е склучен договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети, а е наменета за мали, микро и средни претпријатија и земјоделски задруги кои имаат склучено договор за користење на претпристапна помош за рурален развој, кои по реализирање на инвестицијата се должни да го вратат износот на добиена поддршка во период од осум годишни рати.

За потребите на уредување на областа за потребите на проектот „Поддршка за развој на земјоделските задруги во Република Северна Македонија” (EuropeAid/154252/DD/ACT/MK), финансиран од ИПА 2015, формирана е работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за земјоделски задруги. Работната група донесе одлука овој закон да се укине, а уредувањето на задругите да се дефинира преку Законот за задругите. Финансиската поддршка наменета за земјоделските задруги ќе се уреди преку Законот за земјоделство и рурален развој.



# ИПАРД Програма 2014-2020

По завршување на процесот на усвојување на Програмата и реакредитација на нејзините мерки во 2017 година, спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 продолжи со објавување на јавни повици за доставување на барања за користење на средства од Програмата.

До ноември 2020 година објавени се 6 јавни повици и тоа:

- Јавен повик 01/2017 за поднесување на барања за користење на средства од мерките 1, 3 и 7;
- Јавен повик 01/2018 за поднесување на барања за користење на средства од мерката 3;
- Јавен повик 02/2018 за поднесување на барања за користење на средства од мерката 1;
- Јавен повик 01/2019 за поднесување на барања за користење на средства
- Јавен повик 02/2019 за поднесување на барања за користење на средства од мерката 3 и
- Јавен повик 01/2020 за поднесување на барања за користење на средства од мерката 1.

Откако ќе се сумираат резултатите од досегашните јавни повици, ќе се направи анализа на останатите средства за секоја од мерките на Програмата, по што ќе следи трета модификација на Програмата со цел расположливите средства од секоја мерка да се префрлат во мерката 7. Во текот на 2021 година се очекува објавување на уште еден јавен повик за мерка 7.

Во досегашниот период (до ноември 2020) поднесени се вкупно 3.890 барања за користење на средства од Програмата. Склучени се 1.622 договори за финансиска поддршка, а одбиени се вкупно 1.039 барања, што значи дека 1.229 барања сѐуште се во фаза на обработка во ИПАРД Агенцијата.

| МЕРКА | ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА | ЕУ ДЕЛ | ОДОБРЕНИ БАРАЊА | ЕУ ДЕЛ | ИСПЛАТЕНИ БАРАЊА | ЕУ ДЕЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕРКА 1 | 3.251 | 57.306.327 | 1.485 | 14.207.820 | 1.020 | 6.509.136 |
| МЕРКА 3 | 183 | 45.098.137 | 85 | 13.522.467 | 53 | 5.840.202 |
| МЕРКА 7 | 448 | 85.164.058 | 44 | 4.445.858 | 12 | 643.472 |
| МЕРКА 9 | 8 | 142.348 | 8 | 142.348 | 7 | 9.319 |
| **ВКУПНО** | **3.890** | **187.710.870** | **1.622** | **32.318.493** | **1.092** | **13.002.129** |

Во досегашниот период на спроведување на Програмата, Телото за управување со ИПАРД во два наврати изврши модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, а подготвува и трета модификација. Правилото за комплетност на доставените барања за користење на средства од Програмата беше воведено со првата модификација на Програмата. Воведувањето на ова правило е заради забрзување на постапките на контрола на комплетност и соодветност во АФПЗРР и отворање на можност за објавување на повеќе јавни повици за поднесување на барања за користење на средства од Програмата. Покрај ова, модификациите се однесуваа и на некои технички прилагодувања на Програмата, допрецизирање на Листата на прифатливи трошоци во делот за наводнување на нови површини, како и воведување на микро претпријатијата како прифатливи во рамки на мерката 3.

Користејќи поддршка од мерката 9 (Техничка помош), Телото за управување со ИПАРД ангажира експертски услуги за ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013. Конечниот извештај за ex-post евалуацијата е доставен до Генералниот Директорат за земјоделство во октомври 2020 година.

По остварените првични средби со експертите ангажирани во рамки на проектот „Прилагодување на Интегриран Систем за Администрација и контрола (IACS)", Телото за управување со ИПАРД очекува (како краен резултат на работата на проектот) обезбеден кориснички пристап до базите на податоци на АФПЗРР. Со реализирање на активностите во овој модул на проектот ќе се овозможи точно и навремено информирање за статусот на спроведување на ИПАРД Програмата, што позитивно се рефлектира на функциите за следење и известување за спроведувањето на ИПАРД.

Од аспект на комуникација и публицитет на Програмата, користејќи поддршка од мерката 9, Телото за управување со ИПАРД спроведе обемна кампања за информирање и публицитет. Кампањата се спроведе во текот на 2019 и 2020 година и опфати информативни настани од најразличен карактер (инфо денови за корисници, работилници, форуми, изработка и емитување на видео спотови, подготовка и печатење на информативни материјали – барање, упатства, брошури, постери, банери).

## Краткорочни приоритети

Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година (Сл.В бр. 278/19, 13/20, 26/20, 89/20, 112/20, 153/20 и 264/20) е во вкупен износ од 980.380.000 денари распределен по ставки: ставка 464 Разни трансфери во износ од 190.380.000 денари, и ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации 790.000.000 денари и опфаќа 19 мерки за финансиска поддршка на руралниот развој и 3 мерки преку кои е опфатена техничката помош во руралниот развој.

По своето донесување претрпе измени со кои се врши прераспределба на средствата од мерка во мерка (за реализација на неподмирени обврски по започнати постапки), односно зголемување на вкупниот износ на средствата за 80.000.000 денари во мерките за рурална инфраструктура, додека пак едно од изменувањата на Програмата е направено согласно Одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите поради санирање на последиците во економијата настанати со КОВИД-19 пандемијата.

Со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година се планира следење на динамиката на исплата на капиталните инвестиции. Во текот на 2021 година се предвидува паралелно со донесувањето на Законот за директни плаќања во земјоделството да се донесе Закон за рурален развој.

Со оглед на претпоставките од ИПАРД Агенцијата за резервирање на финансиските алокации за секоја мерка поединечно, третата модификација на ИПАРД Програмата ќе биде од финансиски карактер со цел пренасочување на расположливите средства од останатите мерки во мерката 7.

Имајќи предвид дека во претстојниот период, а се до усвојување на ИПАРД Програмата 2021-2027, останува да се објави уште еден јавен повик, Телото за управување со ИПАРД планира нова кампања за комуникација и публицитет на Програмата со посебен акцент на промоција на добрите практики од спроведувањето на ИПАРД и одржување на актуелност на Програмата во пресрет на новиот програмски период.Во 2021 година ќе се продолжи со зајакнување на административниот капацитет на Секторот за ИПАРД со вработување и/или унапредување и обука на дополнително вработените лица и дообука на постојните вработени.

Без оглед на состојбата со пандемијата на КОВИД-19, Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно.

Во пресрет на новиот програмски период, Телото за управување со ИПАРД ги активира сите постоечки капацитети за подготовка на ИПАРД Програмата 2021-2027. Во таа насока, одржани се состаноци со потсекторски работни групи и останати чинители засегнати од спроведувањето на ИПАРД Програмата, а заради сублимирање на потребите и барањата за новиот програмски период.

АФПЗРР во 2020 година ќе продолжи со обработката на барањата пристигнати во рамките на јавните повици објавени во текот на 2018 и 2019 година за ИПАРД 2014-2020 и склучување на договори. Заради забрзување на процесот на обработка на барањата за финансиска поддршка и барањата за исплата и зголемување на апсорпцијата на доделените средства, АФПЗРР согласно анализата на работна оптовареност за 2019 година, ќе вработи уште 20 лица.

Во однос на Политиката за задржување и мотивација на кадарот, а поради одлив на обучен и квалитетен кадар од Агенцијата и во насока на остварување на приоритетната цел од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата (Сл.В бр. 243/20) наведена во член 2, став 1, алинеја 8 (одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови), потребно е на ниво на цела ИПАРД структура да се донесат мерки за зголемување на платите на вработените во Агенцијата или да се искористат постојните механизми во Законот за административни службеници за таа цел.



# Среднорочни приоритети

Во приоритетна среднорочна активност ќе се развие постапка за следење на ефектите од спроведените политики преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Заради следливост на ефектите од политиката потребно е да се дефинираат мерливи индикатори во фаза на програмирање, поврзување на системите на министерството со системите за рурален развој преку кои ќе се следи ефектот од имплементираните политики во насока на развој на земјоделството и руралните средини.

Со оглед на тоа што во прелиминарна фаза е нов проект за Советодавен систем во земјоделството, Законот за советодавен систем во земјоделството ќе се донесе во 2023 година.

Планирано е уредување на законската рамка за воведување на мерка за поддршка на советодавните услуги во годишната програма за рурален развој, како и пропишување на процедури за спроведување на мерката.

Среднорочен приоритет на Телото за управување со ИПАРД е акредитација - пренесување на правото за управување со средствата од мерката 6 (Инвестиции во рурална јавна инфраструктура), како и проширување на ИПАРД Програмата 2021-2027 со нови мерки, агроеколошки – климатски мерки и органско производство, поддршка на советодавните услуги и спроведување на стратегии за локален економски развој – LEADER пристап.

На среден рок се планира прилагодување на кампањата за комуникација и публицитет кон новиот програмски период и нејзино засилување особено во насока на промовирање на новите мерки во Програмата. Соодветно, напорите ќе се насочат кон целосно искористување на планираните средства од ИПАРД Програмата 2021-2027.

# ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## Тековна состојба

Органското производство е регулирано со Законот за органско земјоделско производство (Сл.В бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16).

Во тек е реализација на Националниот План за органско земјоделско производство за периодот 2013 – 2020 година.

Согласно Националната програма за земјоделство и рурален развој 2018 – 2022 година, финансиската поддршка на органското производство продолжи и во 2020 година. Поддршката за органското производство во 2019 година беше за 30% повисока од висината на директните плаќања за конвенционалното производство за фуражни култури, 50% за полјоделски култури, сточарско и пчеларско производство, 70% за овоштарство и лозарство и 100% за градинарско производство, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

Со цел интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулатива на Комисијата бр. 834/2007, 889/2008 и 1235/2008 за увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, се донесе „Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатот за сообразност на производство на органски производи со земјата увозник, како и начинот на издавањето и пропратната документација која ја придружува пратката со производи со органско потекло" (Сл.Вбр.38/19), „Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатите дека производот, процесот на производство, подготовката или пуштањето во промет на истиот е во согласност со правилата и постапките утврдени со овој закон, како и на евиденцијата која ја водат субјектите" (Сл.Вбр.38/19), „Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација за исполнетост на условите, содржината и начинот на водење на евиденцијата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство" (Сл. Вбр. 33/19) и „Правилник за одгледување на водни животни, начинот на исхрана, начинот на спречување од појава на болести и ветеринарен третман кај водните животни и средствата за чистење и дезинфекција кои дополнително се употребуваат при одгледувањето на водни животни" (Сл.Вбр.188/20).

## Краткорочни приоритети

Во Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2021 година се предвидени мерки за поттикнување и развој на органското земјоделско производство.

Во Одделението за органско земјоделско производство, предвидени се обуки за кадарот на институционално ниво. Освен придонесот кон понатамошно усогласување на Законот и подзаконските акти од областа на органското производство, институционално ќе се зајакнуваат и засегнатите страни во органското производство во земјата.

## Среднорочни приоритети

Предвидено е подготвување на нов **Закон за органско производство во 2022 година,** како и подготовка и реализација на мерки за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2022 и 2023 година.

Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство и Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на дополнително вработените лица и дообука на постојните вработени.

# ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

## Тековна состојба

Законот за квалитетот на земјоделски производи ја регулира заштитата на географските и традиционалните називи за земјоделски и прехранбени производи (Заштитена ознака за потекло -ЗОП, Заштитена географска ознака - ЗГО и Географски традиционален специјалитет - ГТС) и истиот е усогласен со регулативата на ЕУ 32012R1151.

Заштитата на виното со географски карактер е регулирана со Законот за вино и има три вида на заштита: Трпезни вина со заштитена географска ознака, вина со контролирано потекло, вина со контролирано и загарантирано потекло.

Заштитата на квалитетот на жестоките пијалаци и земјоделски производи кои не се користат како храна е регулирана со Законот за индустриска сопственост и има два вида на заштита: Заштитена ознака за потекло и Заштитена географска ознака.

Надлежни органи за спроведување на шемите за квалитет се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи - Одделение за стандарди за квалитет е одговорно за заштита на земјоделско-прехранбени производи согласно Законот за квалитет на земјоделски производи; Сектор за лозарство, винарство и овоштарство е надлежен за заштита географско потекло на вино согласно Законот за вино; Државен завод за индустриска сопственост е одговорен за заштита според Законот за индустриска сопственост. Државниот земјоделски инспекторат и Агенцијата за храна и ветеринарство се одговорни за официјалните контроли на шемите за квалитет.

Во февруари 2019 година со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од страна на невладината организација Slow Food Macedonia, беше објавена **листа од 150 македонски производи** кои имаат потенцијал за заштита на нивниот назив. Со цел поттикнување на производителите и преработувачите да спроведуваат заштита на квалитетот на своите производи и со тоа да се спречи злоупотреба, имитација и лажно декларирање, предвидени се мерки за финансиска поддршка од годишнатапрограма за финансиска поддршка на руралниот развој. Со 80% ќе се покриваат трошоците направени за воведување на заштитна ознака за квалитет, за изработка на елаборат на производот,

анализи, трошоци за контрола и верификација за соодветноста на елаборатот со производот. За 2020 година беа обезбедени средства за оваа мерка за најмалку пет нови елаборати за заштита на земјоделски и прехранбени производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет. Мерката за прв пат се спроведе во месец јули 2020 година и интерес пројавија 6 здруженија, но само едно од барањата беше комплетно и тоа барањето за заштита на името – Слатко од диви смокви. Веќе е склучен договор за финансирање на активностите поврзани со заштитата.

## Краткорочни приоритети

Продолжување на мерката за финансирање на активностите потребни за воведување на заштитна ознака за квалитет.

## Среднорочни приоритети

Во текот на 2022 и 2023 година се планира повторно спроведување на кампања за едукација на групи на производители кои се заинтересирани за поднесување на барање за заштита на земјоделски производи со заштитена ознака за потекло, географска ознака и гарантиран традиционален специјалитет.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата има **добро ниво на подготвеност** во областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика. Постигнат е **добар напредок** во земјата,особено во подобрувањето на контролата на болести кај животните предизвикани од штетни организми.

Сепак, бидејќи не се спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

- и понатаму да го усогласува законодавството за службена контрола со правото на ЕУ;
- да ги зајакне капацитетите за анализа на податоци за безбедноста на храната;
- да донесе и спроведува законодавство за контрола на заштитата на растенијата.



# Резиме

Во делот на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика приоритетите за наредниот период се следни:

- ќе се донесе ново рамковно законодавство како и подзаконски акти што ќе произлезат од истото, усогласени со Законот на ЕУ за здравствена заштита на животните, Регулативата (ЕУ) 2016/429 како и Регулативата за официјални контроли, 2017/625 заедно со нивните делегирачки и акти за спроведување;
- ќе продолжат да се спроведуваат активностите утврдени со проектот во рамките на IPA/ TAIB Национална програма – 2019 во насока на подобрување на институционалните капацитети на институциите надлежни за Поглавјето 12;
- во однос на воспоставување на системот за нус производи од животинско потекло, во рамките на IPA2 / IPA 2019, со дополнителна финансиска поддршка од Светска банка ќе се продолжи со подготвителните активности за изградба на кафилерија;
- спроведувањето на мерките за контрола на болести кај животните ќе продолжи со цел подобрување на здравствениот статус кај животните на територијата на Република Северна Македонија, како и прогласување на статус слободни и официјално слободни од одредени болести кај животните;
- ќе се продолжи со подобрување на мерките за биосигурност на фармите со посебен осврт на заштита и спречување на појава на Африканска чума кај свињите;и
- во однос на статусот на штетни организми, Фитосанитарната управа ќе продолжи со ажурирање на веќе воспоставениот систем со податоци за присуство/отсуство на штетни организми во земјата (согласно ISPM No 8). Во Собраниска постапка е Закон за фитофармација усогласен со новото ЕУ законодавство.

# ОПШТИ НАЧЕЛА

## Тековна состојба

Агенцијата за храна и ветеринарство - АХВ е една од институциите во државата која интензивно продолжува да го подобрува својот капацитет во однос на човечки, технички и материјални ресурси. Како доказ за тоа се високите оцени од корисниците на услугите и зголемување на платите на инспекторите за 30% (10% почнувајќи од 2020 па сѐ до 2022). Со тоа се обезбедуваат услови за поквалитетно и поефикасно извршување на инспекцискиот надзор. Агенцијата за храна и ветеринарство доби позитивна препорака по првата надзорна проверка на ресертифицираниот Систем за квалитет согласно барањата на ISO 9001 2015 стандардот.

Проектот Договор за услуги: „Подобрување на спроведувањето на законодавството за здравствена заштита на животните, безбедноста на храната и фитосанитарната политика и соодветните IT системи" е во втората година на имплементација, а предвидено е да заврши во мај 2021 година.

Во втората половина на 2020 година започна спроведувањето на новиот Договор за услуги склучен со Европската агенција за безбедност на храната, ЕФСА (EFSA IPA II Program (NP/EFSA/ENCO/2019/01 CT 05). ЕФСА го објави техничкиот извештај за Република Северна Македонија во рамките на проектот ЕФСА СИГМА.(https://efsa.onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.2903/sp.efsa.2020.EN-1833).

Хемиските контаминенти (VMPs, резидуи од пестициди и хемиски контаминенти) се собирани и обработени и пријавени до крајот на август 2020 година. Дополнително, завршени се и бројни други активности поврзани со продлабочување на соработката со ЕФСА.

Во однос на **проценка на ризик и комуникација со ризик,** завршени се следниве активности: подготвен е научен документ во врска со проценка на ризик на гликоалкалоиди во компири, домати и модри патлиџани (обработен текст од ЕФСА, научно мислење за ова прашање); подготвен е документ поврзан со односот помеѓу COVID-19 и храната[120]. Подготвени се три публикации кои се однесуваат на здравствените придобивки на различните прехранбени производи од областа на исхраната (Здравствени придобивки од вода за пиење и овошјето, Здравствени придобивки од зеленчукот

120 Овој оригинален научен труд е подготвен од Меѓународната комисија за микробиолошки спецификации за храна

и Здравствени придобивки од житарки, ореви, семиња и масла за јадење). Исто така, избрани се експерти од сите 10 научни панели на Националната платформа во согласност со претходно објавените критериуми.

АХВ во соработка со Институтот за јавно здравје го спроведува проектот „Поддршка за национални истражувања во исхраната во сообразност со методологијата на ЕУ Мени (шеста поддршка) – Истражувања кај деца".

Во 2020 година, АХВ потпиша Договор за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната со надлежниот орган во Република Словачка.

## Краткорочни приоритети

Ќе се донесе Стратешката рамка и Акциски план за безбедност на храната во Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, согласно последните трендови на ЕУ и почитување на стандардите на Европската Унија.

Во тек на 2021 година ќе се продолжи со обработка на собраните податоци, односно "data cleaning" (чистење), кодирање и проследување на истите до ЕФСА (2020-2021) во рамки на проектот Поддршка за национални истражувања во исхраната во сообразност со методологијата на ЕУ Мени (шеста поддршка).

## Среднорочни приоритети

Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе се следат континуирано од страна на АХВ и следствено ќе се транспонираат во националното законодавство. Продолжуваат активностите за акредитација на инспекциските служби на АХВ, согласно Европскиот стандард–МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17020:2012.

# ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Донесени се подзаконски акти, со што е постигнато усогласување со ЕУ законодавството од понов датум од следните области: мерки за контрола на здравјето на животните – болест на чвореста кожа (32019D0081 и 32019D1992); внатрешен промет со живи животни–услови и официјални контроли (32015D0819 и 32016D2002) и ветеринарно-здравствени услови и контрола на увозот и транзитот на живи животни, нивни производи и аквакултура (32020R0352 и 32020R1166) и од областа зоонози, официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарниинтоксикации (32019R0268).

Донесени се мерки за контрола на болести кај животните и решенија – забрани за увоз и транзит, со цел заштита на здравјето на луѓето и животните, усогласени со известувањата на ADNS системот на ЕУ како и меѓународниот систем (известувања на ОИЕ), во однос на високо патогенаАвијарна инфлуенца, Африканска чума кај свињите, Њукастелска болест, Западно-нилска треска.

Како новина во областа на здравствената заштита на животните, во втората половина на 2020 година завршени се повеќе посети на одгледувалишта со животни, како дел од Програмата за мониторинг на Класична чума на свињите и Африканска чума кај свињите што има за цел рано откривање на болестите. Податоците од извршените посети се внесени во базата на АХВ. Во рамки на активниот надзор за Класична чума кај свињите, продолжува да се врши тестирањето за присуство на антитела. Согласно потврдените резултати, сите позитивни случаи се елиминирани.

Со цел подигнување на свеста во однос на Африканска чума кај свињите, на страницата на АХВ подготвени се едукативни и рекламни материјали за домашната јавност, како и на меѓународните превозници на свињи и производи од свињи. Ветеринарните друштва имаат обврски околу посетите на фармите со мал обем, потоа едукацијата на фармерите во насока на подигнување на свеста за значењето на мерките за заштита и спречување на болеста Африканска чума кај свињите како и пасивниот надзор на дивите свињи. Подготвени се видео и аудио материјали со синхронизација и адаптација на достапните материјали на видеата обезбедени од ОИЕ и ЕФСА.

АХВ започна со спроведување на надзор и идентификација на вектори – носители и преносители на причинителот на заразни болести кај животните од родот Culicoides во Република Северна Македонија. Одредувањето на потенцијалниот ризик за пренос на патогени микроорганизми преку вектори има за цел проценка на ризикот за можна појава. Примероците се испитуваат од страна на Факултетот за ветеринарна медицина, кој подготви интерактивна мапа со геолокација на поставените мамки.

Спроведена е кампања за подигање на свеста од областа на благосостојба и заштита на животните. При тоа, сегментот за благосостојба на коњите наменети за работа започна да се спроведува на 24 септември 2020 година. Се спроведува процедурата за одобрување на превозници за кратки дестинации. Одобрени се вкупно два превозника, а во меѓувреме тече постапката за 20 поднесени барања за одобрување. Планирана е и подготовка на брошури за одгледувачите на кокошки несилки, како и организирање состаноци со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и со поголемите одгледувачи на кокошки несилки за разгледување на можноста на финансирање на активноста отфрлање на основните кафезни системи и нивна замена со подобрени или алтернативни системи.

За целите на спроведување на Регулативата на ЕУ за официјални контроли, Регулатива 2017/625 и со цел интеграција на постојниот/класичен TRACES систем со интегрираниот систем предвиден со горенаведената Регулатива во однос на официјални контроли, IMSOC, се изврши миграција на класичната платформа на TRACES во платформата со нова технологија, TRACES-NT. Платформата TRACES-NT е применлива од 14 јануари 2020 година, согласно барањата на Регулативата на ЕУ 2017/625. АХВ побара поддршка од Европската Комисија за ИТ надградба со цел земјата да биде корисник на новиот IMSOC систем. Барањето е прифатено, процедурата е во тек. Надградбата на Генералниот информатички систем за гранична инспекција (НФАП) е ставен во функција од 1 јануари 2020 година. Во наредниот период се очекува поврзување на НФАП со EXIM  системот.

АХВ го донесе Годишниот план за мониторинг на увозот на пратки со храна од животинско потекло за 2020 година, кој се базира на методологија за проценка на ризик со анализа направена врз податоците собрани од 2019 година.

Зголемен е бројот на акредитирани лабораториски методи на Факултетот за ветеринарна медицина Детали: http://www.iarm.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=161%3Alt-001&catid=69%3Aaccr-lab-test-cat&Itemid=119&lang=mk.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во тек е постапката за донесување на Закон за здравствена заштита на животните, со кој ќе се постигне усогласување со Регулативата 32016R0429. Следствено на донесувањето на Законот за здравствена заштита на животните, предвидена е измена или донесување на нови подзаконски акти во однос на мерки за заштита на здравјето на животните и спречување на внес на болести, здравствени барања за увоз и транзит на животни, како и внатрешен промет со живи животни и нивни производи со цел усогласување со новото законодавство на ЕУ, како и останатите области од ветеринарната политика (Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2021-2023-2025)[121].

Ќе се донесе нова Програма во однос на мониторинг и известување за антимикробна отпорност на зоонотските агенси за период 2021-2023, усогласена со новоусвоеното законодавство на ЕУ, Одлуката 2020/1729.

## Институционална рамка

Заради исполнување на една од стратешките цели на АХВ, стекнување статус на земјата „официјално слободна од болеста класична чума кај свињите" и извоз на свинско месо на пазарите на ЕУ, кон изготвениот Акциски план (веќе доставен до ЕК) за преземање на активности после престанувањето на вакцинацијата против класична чума кај свињите ќе се надоврзе и документ - Countryprofile CSF кој ќе се испрати до ОИЕ. Исто така, ќе се врши клинички мониторинг на болеста и земање примероци од животните (домашни и диви свињи).

121 Во најголем процент дополнување со нови објавени ЕУ мерки во текот на 2020 година на тековните активности.

Ќе се продолжи со подобрување на мерките за биосигурност на фармите со посебен осврт на заштита и спречување на појава на Африканска чума кај свињите.

Во однос на идентификација и регистрација (ИиР) на животните и нивните движења, следна фаза за целосна имплементација на системот за ИиР на копитарите е пуштање во продукција на модулот за регистрирање на копитарите.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

АХВ следствено на усвоените измени и дополнувања на европското законодавство кои ги регулираат областите опфатени со ветеринарната политика, ќе врши усогласување на националното законодавство.



# СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА, ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И НУС ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

## Тековна состојба

Согласно Законот за безбедност на храната (Сл.В бр. 157/10, 53/11, 01/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/19) дополнително се усвоени подзаконски акти со кои е извршено понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во неколку области и тоа: земање примероци и анализа во однос на присуство на ерука киселина во храната (постигнато усогласување со 32015R0705), исклучоци од општите барања за здравствена заштита на животните при преработка на производи од животинско потекло (постигнато усогласување со 32013D0417), земање на мостри и аналитички методи за контрола на нивоата на диоксини (постигнато усогласување со 32017R0644), микробиолошките критериуми за храната (постигнато усогласување со 32019R0229), општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна (постигнато усогласување со 32014R0579, 32016R0238 и 32019R0978) и земање на примероци за храна за животни (усогласување со 32013R0051).

Регистарот на АХВ за примарни производители редовно се ажурира.

За да се обезбеди промоција на квалитетот на сирово млеко и усогласеност со релевантното законодавство на Европската унија во поглед на критериумите за бројот на микроорганизми и соматски клетки односно хигиенските и здравствени барања, АХВ продолжува со спроведување на Акцискиот план донесен од страна на Владата за категоризација на одгледувалиштата на млечни крави врз основа на ризик, а во насока на подобрување на квалитетот на сирово млеко. Категоризацијата продолжува да се врши на ново регистрираните одгледувалишта.

## Краткорочни приоритети

### Правна рамка

Во однос на подготвениот текст изминатата година, предвидено е донесување на Закон за нус производи од животинско потекло и подзаконски акти од истата област со што ќе се постигне усогласување со новото законодавство на ЕУ (32019R1084, 32019R1177 и 32018R0969). Исто така во делот на безбедноста на храната, ќе се донесат неколку подзаконски акти за вршење на мониторинг на резидуи во храната како и официјални контроли на храна, при тоа ќе се постигне усогласување со новото законодавство на ЕУ (усвоено во 2020 година). (Детали, Матрица на цели и активности 2021 – 2023 – Поглавје 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика)[122].

Планот за следење на Salmonellaenteritidis и Salmonellatyphimurium се спроведува само кај кокошки несилки (GallusGallus). Во наредниот период се предвидува планот да се прошири на јатата на бројлери и стада на свињи.

## Институционална рамка

Во постапката на унапредување на објектите и усогласувањето на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство и релевантните прописи на Европската унија, АХВ во наредниот период ќе продолжи со предвидените активности – контрола на преостанатите оператори со храна од животинско потекло.

Со Законот за нус производи од животинско потекло, чие донесување е во тек, се регулира постапката за собирање, транспорт, употреба и отстранување на производите од животинско потекло со цел истите да се сметаат како активности од јавен интерес. Основањето на јавно претпријатие од страна на Владата надлежно за собирање, складирање, обработка, употреба и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло на територијата на целата земја е овозможено со одредбите од Законот. Со овој пристап ќе се обезбедат услови за ставање во функција на целиот систем за управување со нус производи од животинско потекло.

122 Во најголем процент дополнување со нови објавени ЕУ мерки во текот на 2020 година на тековните активности

## Среднорочни приоритети

АХВ ќе продолжи со усогласување на законодавството од подрачјето правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

# ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

## Тековна состојба

Согласно Законот за безбедност на храната донесени се подзаконски акти со што е извршено понатамошно усогласување со последните измени во законодавството на ЕУ во однос на храна произведена со иновирани технологии (усогласување со 32015R2283) и информации поврзани со храната (усогласување со 32018R0775).

Со цел да обезбеди информации за потрошувачите, Регистарот за здравствени тврдења е редовно ажуриран и достапен на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство (www.fva.gov.mk).

## Краткорочни приоритети

Се очекува усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната, со кој се врши усогласување со политиките на ЕУ, дел од одредбите на Регулативата за официјални контроли, 32017R0625. Исто така, според досегашното искуство со измените на Законот се овозможува поедноставување на постапките за одобрување, како и постапките за известување/нотификации од постојниот Закон за безбедност на храната во однос на нутритивните и здравствените тврдења, барањата за збогатената храна и додатоци на исхрана, барањата за производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, адитиви, ензими, ароми, храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии итн. во насока на олеснување трговијата со истите. Во исто време, со ваквиот начин на нотификација/известување фокусот на официјалните контроли на ваквите производи се префрла на терен, со што ќе се добие соодветен увид во начинот и степенот на спроведување на законските одредби во пракса.

Предвидено е донесување на подзаконски акти усогласени со последните измени од европското законодавство во однос на посебните барања за одредени видови храна, (вклучително храна добиена со иновирани технологии) како и чистота на адитивите (Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2021-2023-2025)[123].

123 Во најголем процент дополнување со нои објавени ЕУ мерки во текот на 2020 година на тековните активности.

Со поддршка на ИПА 2015 проектот ќе се реализираат активности во различни компоненти во насока на зајакнување на капацитетите од областа на безбедноста на храната и подготовка на Стратегија за комуникација и План за комуникација за подигнување на јавната свест (потрошувачи и оператори со храна) во однос на означување на храната, со посебен осврт на информации за нутритивни и здравствени тврдења како и квалитетот на храната (активностите се во тек).

## Среднорочни приоритети

АХВ ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.



# ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

## Тековна состојба

Донесена е Мониторинг програмата за безбедност на храна за животни за 2020 година.

Согласно Законот за безбедност на храна за животни (Сл.В бр. 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/2015 и 53/2016) донесени се подзаконски акти и постигнато е усогласување со новодонесеното законодавство на ЕУ во делот на условите за ставање во промет на суровини за храна за животни и непожелни супстанции во храната за животни, со што се врши усогласување со Регулативата 32019R1869.

Регистарот на адитиви редовно се ажурира и е објавен на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## Краткорочни приоритети

Планирано е донесување на нов Закон за безбедност на храната за животни, со што ќе се допрецизираат одредени прашања и ќе се овозможи поуспешно спроведување на истиот.

## Среднорочни приоритети

По усвојувањето на новиот Закон за безбедност на храната за животни следува донесување на повеќе правилници со кои ќе се допрецизираат одредени области од соодветниот закон.

# ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година, Фитосанитарната управа (ФУ) спроведе активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на здравјето на растенијата.Дополнително:

- подготвени и донесени се упатства за преземање мерки за справување со штетните организми: Diabroticavirgiferavirgifer и Ceratitiscapitata;
- реализирана е Мониторинг програмата за 2020 година;
- изработена е Мониторинг програмата за 2021 година врз база на анализа на ризик, наменета за следење на здравствената состојба на земјоделските култури во Република Северна Македонија и во рамки на истата се прошири бројот на приоритетни карантински штетни организми по вид и по број на визуелни и лабораториски анализи.;
- континуирано се спроведува системот за пасоши на растенија во Република Северна Македонија;
- финализирани се активностите поврзани со дерогација за извоз на семенски и меркантилен компир од РСМ во ЕУ;
- потпишана е Спогодбата за соработка во фитосанитарната област со Република Албанија и финализиран е текстот на Спогодбата со Украина;
- изработени се предлог Листи на штетни организми, растенија и растителни производи и други предмети и објекти согласно новиот пакет ЕУ законодавство за здравје на растенијата и истите се во процедура на одобрување;
- Фитосанитарниот информациски систем е оперативен и следи обука за негово користење;
- Државниот инспекторат за земјоделство- ДИЗ подготви стандардни оперативни процедури за работа на граничните фитосанитарни инспектори врз основа на анализа на ризик на пратките кои се увезуваат во Република Северна Македонија.

Управата за семе и саден материјал (УССМ) продолжува со реализација на своите редовни активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на семенскиот и саден материјал за земјоделски растенијата и тоа: регистрација на снабдувачи на семенски и саден материјал за производство, подготовка за трговија, увоз-извоз и трговија на семенски и саден материјал;организира производство на сертифициран семенски материјал од житни, фуражни, градинарски, маслодајни, влакнодајни, репа, компир и тутун и сертифициран саден материјал од украсни растенија, овошни растенија и винова лоза;издава Сертификат за конечно сертифицирано семе со официјални етикети и Сертификат за конечно сертифициран саден материјал со официјални етикети за материјал за размножување и саден материјал;организира постконтрола на опитни полиња на партии на семе произведен во земјата и увезени партии на семе за понатамошно размножување во нашата држава;

- дозволен е увоз на странски сорти од земјоделски растенија запишани во Европски заедничкиот каталог на сорти согласно европското законодавство;
- запишување на сорти и автохтони сорти од земјоделски растенија во Национална сортна листа и нивно објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.
- склучени се договори со овластени правни лица за вршење стручна контрола на производство на семенски посеви и насади, постконтрола и испитување на сорти на земјоделски растенија, како и договори со овластени лаборатории за испитување на квалитетни својства семенскиот материјал.
- спроведена постапка за доделување на селекционерско право на селекционер на сорти од земјоделски растенија со издавање на решение за доделување на селекционерско право за земјоделски вид - круша.

Во текот на 2020 година, Фитосанитарната управа продолжи со изработка и донесување на подзаконски акти, во кои се транспонираат релевантните ЕУ Директиви и меѓународни фитосанитарни стандарди, при што се изработени „Упатство за преземање на мерки за спречување на појава и ширење на штетниот организам DiabroticavirgiferavirgiferaLeConte и мерки за негово сузбивање" и „Предлог листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети", согласно регулативата на ЕУ 2072/2019 и 2031/2016.

Дополнително беа изработени следните документи:

- Анализа на ризик од појава и утврдување на превентивни мерки против ширење на штетниот организам **Aromiabungi** и **PotatoSpindleTuberviroid** и
- План за преземање на итни мерки во случај на појава и ширење на штетниот организам **Xylellafasstidiosa** и **Ralstoniasolanacearum.**

Во областа на производите за заштита на растенијата (ПЗР), на 26 декември 2020 година беше донесен Законот за фитофармација.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во однос на усвојување на фитосанитарното законодавство кое се усогласува со релевантните ЕУ директиви, во 2021 година се планира донесување на Предлог – Закон за здравјето на растенија и негови подзаконски акти.

Во текот на 2021 година планирано е да се започне со изработка на предлог Законот за исхрана на растенијата. Дополнително, а по донесување на Законот за фитофармација ќе се донесат подзаконските акти кои се однесуваат на обука на професионални корисници, дистрибутерите и советниците, како и сертификацијата на опремата за апликација на производи за заштита на растенија и за интегрална заштита на растенијата.

Преземени се активности за изработка на измени и дополни на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја (Сл.В бр.55/07, 148/11 и 39/16) со цел да се постигне потполна усогласеност со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи.

Во наредниот период се планира проширување на Фитосанитарниот информациски систем – ФИС за официјални контроли.

## Институционална рамка

Во текот на 2020 година продолжи реализацијата на ИПА проектот 2015 „Подобрување на спроведувањето на законодавството за здравствена заштита на животните, безбедноста на храна и фитосанитарното законодавство и соодветните информативни системи", во рамките на кој се развива ФИС и се реализира техничка помош од областа на фитосанитарната политика. Проектот ќе трае до јули 2021.

Воспоставување на интегриран фитосанитарен систем односно интегрирање на активностите на сите надлежни органи во еден систем со јасно дефинирани обврски и задачи, координација, поделба и делегирање на задачите меѓу надлежните служби согласно постојните важечки законски акти чија цел е подобрување на комуникацијата и координацијата на надлежните служби во фитосанитарниот систем.

Во наредниот период планирано е понатамошно јакнење на капацитетите на Фитосанитарната Управа, ДИЗ и Државната фитосанитарна лабораторија, преку реализација на планираните обуки во рамките на тековните проекти, одржување на постојните и акредитирање на нови методи.

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Ќе се продолжи со понатамошно подготвување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за здравјето на растенијата, согласно Регулативата за здравје на растенија 2016/2031 ЕЕЦ и законодавството за спроведување, согласно Регулативата 2019/2072, како и Регулативата за официјални контроли 625 од 2017 година.

Со донесување на новиот Закон за фитофармација, ќе се подготват и донесат подзаконските акти кои ќе произлезат од овој Закон, а се усогласуваат со ЕУ законодавството.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, се планира етапно донесување на неколку подзаконски акти во насока на потполно усогласување со соодветното законодавство на ЕУ.

## Институционална рамка

Се планира постојано зајакнување на капацитетите на надлежните органи од фитосанитарниот систем преку нови вработувања и редовни обуки на вработените заради потребата од надградба на знаењата и стручно усовршување на меѓународни обуки (GD SANCO, TAIEX, EFSA итн.).

Ќе се врши понатамошен развој на IPM (интегрирано управување со штетници) што претставува значајна активност и тоа преку следење и прогноза на климатските параметри, со што се одредува препорака за оптимална примена на пестициди кај одредени земјоделски култури. На тој начин во пракса ќе се имплементираат одредбите од ЕУ Директивата 128/2009 ЕЕЦ за одржлива употреба на пестициди.

Воедно се планира редовно спроведување на системот за пасоши на растенија, редовно ажурирање на ФИС, како и континуирана обработка на податоци за статусот на штетни организми во земјата.



# РИБАРСТВО

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во областа на рибарството. Постигнат е **ограничен напредок** во секторот со спроведување на структурни активности за поддршка на инвестициите во рибарството. Продолжи борбата против нелегалниот, непријавен и нерегулиран риболов. Во наредната година, земјата особено треба:

- да ги засили своите напори за понатамошно усогласување и спроведување на релевантното право на ЕУ во областа на рибарство;
- да го подобри системот за собирање податоци и известување;
- да постави повеќегодишни програми за поддршка на структурни мерки.

# РЕЗИМЕ

Активностите во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој, како и непречен пласман на рибите и производите од риба на пазарот. Се предвидува завршување на започнатите постапки за доделување на концесии за вршење стопански и организирање рекреативен риболов за нареден период од шест години и следење на спроведувањето на тековните концесии, како и следење на тековното производството во аквакултурата преку зголемен број на инспекциски контроли. Исто така, ќе се продолжи со следењето на состојбите и активностите на здравствената заштита на рибите, надзорот и контролата на здравствената заштита, примарното производство и ставањето во промет на производите од риби, безбедноста на производите од риби кои се пласираат на пазарот и контролата на увозот.

Ќе се интензивира усогласувањето во делот на пазарната политика и државната помош. Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми.

Областа на рибарството согласно европските регулативи може да се подели на делови и тоа:

- Управување со ресурси и флота;
- Инспекција и контрола;
- Пазарна политика;
- Аквакултура - вклучувајќи и органско производство и употреба на туѓи и локално отсутни видови
- Структурни мерки;
- Државна помош и
- Меѓународни договори.

Со оглед на тоа дека Република Северна Македонија нема излез на море и нема морски рибарски активности голем дел од европските регулативи не се релевантни и не е потребно нивно имплементирање во националното законодавство. Сепак како земја која претендира кон членство во Европската Унија потребно е усогласување со европските барања во областа на рибарството.

# Тековна состојба

## Правна рамка

Областа рибарство покрај Законот за рибарство и аквакултура(Сл.Вбр.7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16и 83/18) и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон е уредена и со други закони и нивните подзаконски акти кои ќе бидат претставени по делови како следи:

## Управување со ресурси и флоти

Во овој дел правната рамка е регулирана со Законот за државна статистика (Сл.Вбр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 and 31/20) и преку Програмата за статистички истражувања за период 2018-2022 (Сл.Вбр. 22/18, 224/18, 18/20).

За собирањето на податоци е надлежен Државниот завод за статистика. За таа цел, Државниот завод за статистика и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во текот на 2020 година изработија образец за собирање податоци согласно регулативата 762/2008, со кој од 2021 ќе почнат да се собираат податоци и ќе се доставуваат до ЕУРОСТАТ.

Во 2020 година во рамките на ГИЗ проектот изработен е Нацрт план за управување со јагулата во сливното подрачје на реката Дрим. Нацрт планот е изработен врз основа на европското искуство на германски експерти и како резултат на меѓународна соработка со Република Албанија и Република Црна Гора согласно регулативата 1100/2007.

Голем дел од ЕУ регулативите од овој дел се неприменливи со оглед на тоа дека се однесуваат на воспоставување на рибарски регистри, флоти и квоти за излов, како и технички мерки. Сепак во овој дел се и регулативите кои се однесуваат на собирањето на податоци, како и регулативата за европската јагула.

## Аквакултура (вклучувајќи и органско производство и употреба на туѓи и локално отсутни видови)

Делот на аквакултура е уреден со Законот за рибарство и аквакултура и неговите подзаконски акти.

Согласно законот донесена е Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2013 -2024 (Сл. Вбр. 46/2012) која претставува национален повеќегодишен стратешки план за рибарството и аквакултурата.

Органската аквакултура е уредена со Законот за органско производство и подзаконските акти: Правилник за начинот и постапката за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство, Правилник за формата и содржината на потврдата, начинот на нејзиното издавање, како и постапката за собирање, пакување, превоз и складирање на органски производи и Правилник за одгледување на водни животни, начинот на исхрана на животните, начинот на спречување од појава на болести и ветеринарен третман кај водните животни и средствата за чистење и дезинфекција кои дополнително се употребуваат при одгледувањето на водни животни.

Употребата на туѓи и локално отсутни видови е регулирана со Законот за рибарство и аквакултура (Сл.В бр.7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18) и со Законот за заштита на природа (Сл.Вбр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 и 13/13).

## Инспекција и контрола

Инспекцијата и контролата се уредени со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (Сл.В бр.20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16, 83/18) како материјален закон и донесените пратечки прописи врз основа на овој закон.

Државниот инспекторат за земјоделство во водењето на прекршочните и кривичните постапки за сторени повреди во областа на рибарството и аквакултурата, покрај материјалниот закон ја применува и законската рамка преку Законот за инспекциски надзор (Сл.В бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18, 120/18 и 102/19). Покрај овие во овој дел се применуваат Законот за безбедност на храна (Сл.В бр. 157/10, 53/11,1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 и 129/15), како и подзаконските акти:

- Правилник за квалитет, големина и тежина, како и начин на декларирање на рибата која е наменета за ставање во промет (Сл.В бр.57/13);
- Правилник за формата и содржината на документот за потеклото на рибата и начинот на неговото издавање и пополнување (Сл.В бр. 117/10);
- Правилник за формата и содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал и начинот на неговото издавање и пополнување (Сл.В бр. 117/10);
- Правилник за информации поврзани со храната (Сл.В бр. 150/15 и Сл.В бр. 241/20) и
- Правилник за квалитетот на рибите, раковите, школкарите, морските ежови, жабите, желките, полжавите и нивните производи (Сл.В бр.65/79).

## Пазарна политика

Делот на уредувањето на пазарната политика е уреден со следните акти:

- Закон за рибарство и аквакултура (Сл.В бр.7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16и 83/18)
- Законот за безбедност на храна (Сл.В бр. 157/10, 53/11,1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 и 129/15),
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на организации на производители, како и постапката за запишување односно бришење од регистарот (Сл.В бр..7/09 и Сл.В бр.215/19)
- Правилник за информации поврзани со храната Сл.В бр. 150/15 и Сл.В бр. 241/20)
- Правилник за квалитетот на рибите, раковите, школкарите, морските ежови, жабите, желките, полжавите и нивните производи (Сл.В бр.65/79)
- Правилник за квалитет, големина и тежина, како и начин на декларирање на рибата која е наменета за ставање во промет (Сл.Вбр.57/13).

## Структурни мерки

Делот на структурните мерки е уреден со Законот за рибарство и аквакултура(Сл.Вбр.7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16и 83/18) и со Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2013-2024 (Сл.Вбр. 46/2012) која претставува оперативна програма во која е претставена моменталната состојба во рибарството и аквакултурата, како и предвидени активности, цели и мерки за реализација на истите со потребни средства. Исто така во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 (Сл.Вбр.197/14) и Националната Програма за развој на земјоделството и руралниот развој 2018-2022 (Сл.Вбр.32/18) се одредуваат средствата кои ќе бидат ставени на располагање за секторот рибарство. Врз основа на горенаведените акти се изработува годишна Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во која се предвидуваат мерки за финансиска поддршка на секторот.

Покрај ова со Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (Сл.Вбр.72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и 190/19) воспоставена е Агенција која покрај реализацијата на земјоделската политика и руралниот развој, реализација на мерки од претпристапните фондови спроведува и реализација на мерките во секторот рибарство: објавува повици, административни и контроли на лице место, како и исплата на средства.

Годишната програма за финансиска поддршка во аквакултурата се изработува согласно Законот за рибарство и аквакултура (Сл.Вбр.7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18) и Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2013 -2024 (Сл.В бр. 46/2012), како и врз основа на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 (Сл.Вбр.197/14) и Националната Програма за развој на земјоделството и руралниот развој 2018-2022 (Сл.В бр.32/18). Финансиските средства обезбедени во годишната програма се наменети за поддршка во рибарството, во аквакултурата, за пилот проекти, за техничка помош, за развој на нови пазари и промотивни кампањи. Во годишните програми се содржи и уредба за критериумите и условите за користење на средствата.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во 2020 година продолжи со реализација на неподмирените обврски од Програмите за финансиска поддршка за рибарството и аквакултурата од претходните години.Во текот на 2020 година беа исплатени вкупно околу 25.000.000,00 денари како пренесени обврски од претходните години.

Агенцијата објави и јавни повици за поднесување на барања за користење на средства/барања за исплата на средства од Програмата за рибарство и аквакултура за 2020 година.По извршената административна контрола и обработка на барањата примени по јавниот повик број 1 од 22.02.2020 година од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултура за мерка 2 – Финансиска поддршка во аквакултура, подмерка 2.1 – Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултура се примени 12 апликации со вкупно барани финансиски средства на поднесените апликации околу 20.479.443,00 денари.

По однос на јавниот повик 02 од 2020 кое се однесуваше за мерка 2.2 поддршка за порибителен материјал каде се предвидени 29.000.000,00 денари, поднесени се 15 барања и истите се во фаза на административна обработка односно финална фаза пред исплата. За мерка 1.6 поддршка за дополнителна заштита на рибите каде се предвидени 1.500.000,00 денари поднесени се 2 барања.

## Државна помош

Делот на државната помош за рибарство не е прецизно уреден и потребно е понатамошно усогласување со европското законодавство.

## Меѓународни договори

Релевантните интернационални договори во делот на рибарството ќе станат дел од законодавството со денот на пристапување на државата во Европската Унија.

## Проекти

Во 2020 година во рамките на Проектот за зачувување и одржливо користење на биодиверзитетот на Охридското, Преспанското и Скадарското езеро (CSBL) изработен е Нацрт план за управување со јагулата во сливното подрачје на реката Дрим. Нацрт планот е изработен врз основа на европското искуство на германски експерти и како резултат на меѓународна соработка со Република Албанија и Република Црна Гора согласно Европската регулатива за јагула ЕС 1100/2007.

Во рамките на проектот „Нордиска поддршка на напредокот на Северна Македонија" беше одржана Работилница за претставување на европското законодавство во делот на рибарството. Покрај тоа беа направени анализи на националното законодавство од областа на законодавството за риболов, како и ГАП анализа со препораки за понатамошно усогласување со барањата на ЕУ.

Во периодот од 24 до 28 февруари 2020 година беше одржана TAIEX Експертска мисија за усогласување на европското законодавство, посебно за пазарната политика и собирање на податоци.

## Институционална рамка

Во рамки на МЗШВ, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во Одделението се вработени две лица. Во Одделението тековно се ажурираат: Регистарот на одгледувачи на риби, Регистарот на регистрираните репроцентри, евиденцијата на производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, евиденцијата на корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, евиденцијата за производство на риба со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа и евиденцијата на државната помош во рибарството и аквакултурата.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, преку Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство. Две одделенија, и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата со 8 вработени и Одделение за физичка заштита на риболовните води со вработени 9 службеници се директно надлежни за оваа проблематика.

Државниот инспекторат спроведува редовни, вонредни инспекции и контроли. Во делот на инспекцијата и контролата во периодот од јануари до декември 2020 година, постапувајќи по Законот за рибарство и аквакултура, има извршено вкупно 785 организирани и координирани контроли и составено исто толку записници. Контролите се вршат на риболовните ревири на начинот на организирање на рекреативниот риболов,

вршење на аквакултурата, водењето на евиденциите, следење на договорите за концесија и потеклото на рибата. При контролите констатирани се 17 неправилности за отстранување на констатираните недостатоци има донесено 17 решенија. За непостапување по донесените решенија и за непочитување на одредби од законот поднесени се 28 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови.

При инспекциските контроли за кој е покрената постапка одземени се: 165 килограми разни видови риба и 320 броја разен риболовен алат, предмети, средства и чамци.

Заради констатирано недозволено ловење риба и ловење риба со недозволени средства во време на забрана како и напад на службено лице по овој закон поднесени се 16 кривични пријави.

| ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ | 2020 |
|---|---|
| Организирани контроли | 650 |
| Издадени решенија | 17 |
| Барања за поведување на прекршочна постапка | 28 |
| Издадени платни налози | 55 |
| Издадени покани за наплата на глоба | - |
| Одземени риболовни средства | 320 |
| Одземена риба (kg) | 165 |
| Поднесени кривични пријави | 16 |

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), преку Секторот за инспекциски надзор се надлежни за надзор и контрола на здравствената заштита кај аквакултурата, примарното производство на аквакултура, ставањето во промет на аквакултура, безбедноста на производите од аквакултура кои се пласираат на пазарот и контрола на увозот на аквакултура. Спроведени се редовните официјални контроли на рибниците од аспект на здравствената заштита на рибите, ветеринарно медицинските препарати, безбедноста на храна и храна за животни и нуспроизводите од животинско потекло.

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година предвидена е ревизија и измена на законската регулатива заради понатамошно усогласување со европското законодавство. За таа цел, предвидено да се донесе **нов Закон за рибарство и аквакултура** до крајот на 2021 година. Покрај цитираниот закон, потребна е и измена на други акти кои ја уредуваат оваа област.

Во рамките на УНОПС проектот „Нордиска поддршка за напредокот на Република Северна Македонија" во текот на 2021 година ќе се реализира работилница за подготовка за билатералниот скрининг (подготовка на материјал и обука на претставниците од администрацијата кои ќе учествуваат во процесот).

TAIEX студиската посета во функција на соодветна промена на законската регулатива и усогласување со ЕУ регулативите која беше планирана за 2020 година поради состојбата со пандемијата со Ковид-19 е одложена и која зависно од ситуацијата би требало да се реализира во текот на 2021 година. Исто така активностите околу регионалниот проект "Improved data methodology for sustainable management of inland fisheries resources in the West Balkans", поддржан од ФАО во кој учествуваат Република Албанија и Црна Гора кои беа планирани за 2020 година се одложени за 2021 година. Во рамките на проектот ќе се одржи експертски состанок, по што ќе следи изработка и промоција на водич кој ќе придонесе за подобрување и унифицирање на начинот на собирање на податоци и доставување до релевантните институции.

Во последниот квартал на 2021 година или првиот квартал на 2022 година ќе се изработи и донесе годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2022 година со мерки и начин/упатство за реализација на истите.

## Среднорочни приоритети

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2022 и 2023 година.

Исто така се предвидува и изработка на подзаконските акти по донесување на Законот за рибарство и аквакултура. Со оглед на тоа дека областа на рибарството ја уредуваат бројни регулативи во наредниот период ќе биде потребно изменување на постојните или донесување на нови акти кои ќе бидат согласно европските барања во областа на рибарството.

Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура и Одделението за инспекциски надзор на рибарството и аквакултурата при ДИЗ се предвидуваат дополнителни вработувања.


United Fish Auctions
VISAF. SCHEVENINGEN
2018
United Fish Auctions
2015

# РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата е **умерено подготвена** во областа на регионалната политика и координација на структурните инструменти. Постигнат е **одреден напредок** во зајакнувањето на националниот капацитет за стратешко планирање и секторско програмирање и следење. Воспоставените управувачки и контролни системи се функционални и го поддржуваат спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Во наредната година, земјата особено треба:

- да го надгради административниот и техничкиот капацитет низ структурите за управување со ИПА, да ја донесе политиката за задржување и да ја подобри динамиката во спроведувањето на проектите финансирани од ЕУ, особено во областите на транспорт и животна средина;
- значително да ја зајакне политиката за регионален развој, да ги подобри финансиските инструменти воспоставени за нејзино спроведување и да го подобри административниот капацитет на централно и локално ниво;
- да обезбеди одржливост на резултатите од проектот.

# Резиме

Со целмаксималната апсорпција на ИПА фондовите, и ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, преку почитување на принципите и начелата на финансиското управување и контрола, националните власти во наредниот период интензивно ќе работат на политика на задржување на кадарот, како и да се изнајдат механизми за намалување на флуктуацијата и одливот на кадар во ИПА структурите со цел непречена работа на системот во целост.Ќе се работи на одржување на најниска стапка на одбивање на тендерската документација, со посебен акцент на одржливоста на проектите и подобрување на динамиката на спроведување на проектите. Континуирано ќе се следат измените во воспоставената правна и институционална рамка согласно европското законодавство во насока на подготовка на земјата за идно користење на структурните фондови, како и зајакнат и воспоставен систем за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА 1 и ИПА 2. Владата повторно ќе изврши проценка на постојниот систем за децентрализирано/индиректно управување и ќе ги разгледа сите потребни дополнителни измени кои ќе овозможат поефикасно користење на фондовите на ЕУ, а кои ќе и бидат дадени на располагање на земјата по нејзиното пристапување.

Во однос на регионалниот развој, во наредниот период ќе се продолжи со активностите за развој на сите региони во земјата преку соодветната институционална и законска рамка на рамномерниот регионален развој. Ова значи и континуирана модификација на Законот за рамномерен регионален развој и на подзаконските акти со кои треба да се донесат поефикасни решенија за натамошно намалување на разликите во степенот на развиеност помеѓу планските региони како и за ефикасна и одговорна јавна администрација, надлежна за спроведување на политиката.

# ЗАКОНОДАВНА РАМКА

## Тековна состојба

### Финансиска перспектива 2014-2020

По спроведувањето на ИПА I инструментот (2007-2013), финансиската соработка со Европска Унија продолжи преку спроведувањето на ИПА II претпристапната помош на ЕУ, 2014-2020 преку комбинирано т.н. **директно и индиректно управување.** Како основа за воспоставување на потребните структури и надлежни органи за управување со ИПА помошта при децентрализирано управување особено во делот регионален развој, воспоставената законодавна и институционална рамка[124] под индиректно управување за Финансиската перспектива 2014-2020 се функционални и во сила, и сите активности за воспоставување на системот се уредно завршени.

### ИПА III (2021-2027)

Европската комисија е во фаза на подготовка на новата Повеќегодишна индикативна финансиска рамка (МИФФ) за периодот 2021-2027 година. Во истата треба да се предвидат средства за поддршка на регионот на Западен Балкан и Турција во рамките на новата ИПА за истиот референтен период. Во 2020 година, заради многу причини (избори за Европскиот парламент, избор на нова Комисија, преговори помеѓу Европски парламент и Совет на ЕУ), вклучително и справување со корона вирусот, значително се задоцни со усвојување на МИФФ. Оттаму, доцни и донесувањето на регулативата за ИПА III, регулативата за воспоставување и регулативата за правилата за спроведување.

Во вакви услови, на 23 април 2020 година, Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување, извести за потребата за отпочнување на програмирањето на стратешкиот одговор и програмирањето на годишните програми за 2021 и 2022 година.

Според нацрт текстот на Регулативата за воспоставување на ИПА III, Комисијата предлага Програмска рамка за периодот 2021-2027 година во која ги адресира сите приоритетни области кои би ги финансирала во наредниот период. Врз основа на програмската рамка, секоја земја подготвува стратешки одговор во кој објаснува како ЕУ приоритетите најнапред стратешки ги покрива во националните и секторските стратешки документи, а подоцна со кои проекти конкретно ќе работи на исполнување на овие приоритети.

Инструментот за претпристапна помош ИПА III за периодот 2021-2027 година предвидува 5 т.н. прозорци и тоа, и соодветни тематски приоритети, и тоа:

124 Рамковна спогодба со Европската комисија за правилата за имплементација на финансиската помош според Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2), Уредба за утврдување на меѓусебните односи меѓу органите и структурите за индиректно управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА 2), сите документи за регулирање на процесите (како што се Спогодба за спроведување, Оперативни договори, протоколи, соодветни Прирачници за процедури итн.)

програмската рамка, секоја земја подготвува стратешки одговор во кој објаснува како ЕУ приоритетите најнапред стратешки ги покрива во националните и секторските стратешки документи, а подоцна со кои проекти конкретно ќе работи на исполнување на овие приоритети.

Инструментот за претпристапна помош ИПА III за периодот 2021-2027 година предвидува 5 т.н. прозорци и тоа, и соодветни тематски приоритети, и тоа:

| | | ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТИ |
|---|---|---|
| **ПРОЗОРЕЦ 1** | ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА И ДЕМОКРАТИЈА | • Правосудство<br>• Борба против корупција<br>• Борба против организиран криминал<br>• Миграција и управување со граници<br>• Фундаментални права<br>• Демократија<br>• Граѓанско општество |
| **ПРОЗОРЕЦ 2** | ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО, ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ И СТРАТЕШКА КОМУНИКАЦИЈА | • Добро владеење<br>• Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство<br>• Добрососедски односи и помирување<br>• Стратешка комуникација, мониторинг, евалуација и комуникациски активности |
| **ПРОЗОРЕЦ 3** | ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВА ПОВРЗАНОСТ | • Животна средина и климатски промени<br>• Транспорт, дигитална економија и енергетика |
| **ПРОЗОРЕЦ 4** | КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ | • Образование, вработување, социјална заштита и инклузивни политики и здравство<br>• Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации<br>• Земјоделство и рурален развој<br>• Рибарство |
| **ПРОЗОРЕЦ 5** | ТЕРИТОРИЈАЛНА И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА | • Прекугранична соработка со ИПА земјите<br>• Учество во микро регионалните стратегии |

Програмирањето се спроведува во две фази. Во првата фаза се подготвија Акциски фишеа каде накратко се објаснија предложените проекти. Комисијата ги анализираше овие фишеа од аспект на нивната релевантност. Во втората фаза се подготвуваат Акциските документи, само за оние проекти која ја поминале првата фаза, односно целосно се елаборираат проектите кои пак од своја страна, Комисијата ги анализира од аспект на зрелост. По одобрувањето на овие Акциски документи, до Комисијата се доставуваат тендерските документи за одобрените проекти во двете фази на одобрување.

Во август 2020 година Секретаријатот за европски прашања ги достави првите нацрт верзии на Стратешкиот одговори за ИПА 3 до Генералниот директорат и политика за проширување и првите нацрт верзии на Акциските фишиња за ИПА 3 Годишните програми за 2021 и 2022 година. Сите акциски фишеа беа одобрени од аспект на нивната релевантност, врз основа на кои во моментов се финализираат стратешките одговори за ИПА 3 Акциските документи за ИПА 3 годишните програми за 2021 и 2022. Согласно најавите од страна на Делегацијата на ЕУ, се очекува финансиските спогодби за ИПА 3 Годишните програми за 2021 и 2022 година да се потпишат во текот на 2021 година.

## Програми за прекугранична соработка 2020

Согласно ЕУ Регулативата 231/2014 за воспоставување на ИПА 2, територијалната и прекуграничната соработка ИПА 2 ја поддржува територијалната и прекуграничната соработка со цел промоција на добрососедските односи, поддршка на европската интеграција како и промоција на социоекономскиот развој.

Северна Македонија учествува во 5 програми за прекугранична соработка со соседните држави во рамки на ИПА 2: три ИПА програми со Република Албанија, Република Косово и Република Србија, кои се спроведуваат по моделот на директно и индиректно управување и две програми за прекугранична соработка со држави членки на ЕУ – Република Грција и Република Бугарија, кои се спроведуваат по моделот на поделено управување.

Во поглед на ИПА програмите за прекугранична соработка, во текот на 2020 година се спроведуваа два паралелни процеси: имплементација на програмите за прекугранична соработка од програмскиот период 2014-2020, односно 2016-2020 за програмата со Република Србија, при што беа во тек и два повици за проектни предлози во рамки на програмата со Грција и програмата со Албанија, како и планирање и подготовка на новите програмски документи за прекугранична соработка за програмскиот период 2021-2027, во рамки на ИПА 3. Во рамки на втората активност, беа формирани заеднички тела за програмирање за 5те идни програми за прекугранична соработка со соседните држави, при што до крајот на 2020 година беа доставени до Европската комисија првите нацрт верзии на програмите за прекугранична соработка 2021-2027 на Северна Македонија со Албанија, Србија и Косово, додека подготовката на програмите со Грција и Бугарија е во тек.

Евидентен е интересот за финансирање на стратешки проекти во рамки на новите програми за прекугранична соработка и во таа насока се водат консултации за вклучување на стратешки проекти во програмата со Албанија (воспоставување на бродска линија Охрид-Поградец, реконструкција на Граничен премин Блато-Спас), Бугарија (стратешки проект поврзан со Граничен премин Клепало-Струмјани) и со Грција (стратешки проект поврзан со Граничниот премин Маркова нога-Лаимос),

## Краткорочни приоритети

Во претстојниот период се очекува продолжување на реализацијата на програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 2. Во поглед на програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3, во претстојниот период ќе продолжат процесите на програмирање согласно воспоставените процедури и се очекува финализирање на финалните програмски документи до крајот на 2021 година.

## Среднорочни приоритети

Во поглед на приоритетите на среден рок, фокус ќе биде ставен на успешна реализација, а понатаму и затворање на ИПА 2 програмите за прекугранична соработка, како и успешно спроведување на ИПА 3 програмите за прекугранична соработка по нивното усвојување од страна на Европската омисија и потпишување на соодветните спогодби за финансирање.

## Регионален развој

Поглавјето 22 вклучува координација и соработка со повеќе институции во земјата кои се вклучени во подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА во делот регионален развој. Министерството за локална самоуправа во соработка со Бирото за регионален развој донесоа неколку акти во областа на регионалниот развој кои се веќе во функција. Законот за рамномерен регионален развој беше донесен од страна на Собранието на 27 јануари 2021 година (Сл.В. бр 24/2021). Новиот закон се заснова на принципите на програмирање, партнерство, усогласеност, кофинансирање, транспарентност, супсидијарниот и одржливост. Тој треба да обезбеди зголемена ефикасност во користењето на средствата за регионален развој и треба да предизвика ефикасност на органите и институциите надлежни за регионален развој на национално ниво. Понатаму, новиот закон треба да ги усогласи приоритетите за регионален развој на национално ниво со приоритетите на ЕУ, односно урбаниот развој, ЕУ поблиску до граѓаните, итн. развија и да обезбедат задолжително учество во сите релевантни тела за регионален развој.

Што се однесува до финансирањето на рамномерниот регионален развој, новиот закон предвидува средствата распределени во Буџетот на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој да бидат планирани во рамките на тригодишна програма за развој, додека за други

релевантни министерства и државни агенции кои спроведуваат програми од значење за регионалниот развој, задолжително е кога се издвојуваат средства наменети за регионален развој, да се земе предвид степенот на развој на планските региони. Покрај тоа, нивните годишни програми треба да бидат доставени на преглед до Советот за рамномерен регионален развој во пропишаните рокови.

Во врска со финансирањето на работата на Центрите за развој на планските региони, се предлага средствата што ги добиваат за својата работа од државниот буџет, преку Буџетот на Министерството за локална самоуправа, да се зголемат од тековниот износ од 1,2 милиони денари до износ до 2 милиони денари. Останатите потребни средства Центрите за развој на планските региони треба да ги обезбедат од своја работа, пред се од општините кои се крајни корисници на проектите за развој на планските региони, што ги спроведуваат Центрите.

Воедно, подготвена е Стратегија за регионален развој 2020-2030, која е доставена до Собранието за донесување. Со Стратегијата како долгорочен плански документ се утврдуваат принципите, целите и приоритетите на регионалниот развој во Република Северна Македонија и се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација.

Останатите акти во делот регионален развој кои се веќе донесени и во сила, се следните:

- **Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година**[125] донесена од Владата. Одлуката е донесена во согласност со барањата на Законот за рамномерен регионален развој да има таква класификација што ќе послужи како основа за утврдување на распределби на Централниот буџет насочени кон поддршка на избалансиран регионален развој, т.е. за финансирање на проекти за натамошен развој на планските региони.
- **Програма за рамномерен регионален развој:** Во март 2021 година, Владата ја донесе Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година (53/21), изменета и дополнета со Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година, донесена на 13.4.2021 година. Согласно наведениот документ, распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој во 20210 година, кои изнесуваат 932.380.000 денари е извршена според следната табела:

125 Службен весник бр. 234/18

## ТАБЕЛА 2 – Распределба на средствата за рамномерен регионален развој за 2021 година

| | |
|---|---|
| **1. АКТИВНОСТИ ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА 2021 ГОДИНА** | |
| 1.1 Расходи за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година | 9.880.000 |
| **2. АКТИВНОСТИ ПРЕКУ БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА** | |
| 2.1 Активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | 88.600.000 |
| **3. АКТИВНОСТИ ПРЕКУ БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА И ИНДИКАТИВНИ ИЗНОСИ ЗА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2022 ГОДИНА** | |
| 3.1 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на планските региони | 457.875.000 |
| 3.2 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | 124.875.000 |
| 3.3 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на селата | 124.875.000 |
| 3.4 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја | 124.875.000 |
| 3.5 Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | 1.400.000 |

Извор: Министерство за локална самоуправа

## Подготвеност на земјата за идно користење на Кохезиони/структурни фондови

Иако во моментов не постои законска рамка во однос на имплементацијата на идните кохезиони/структурни фондови, иницијални дискусии се започнати и мислењето на релевантните засегнати страни е дека институционалната и правната поставеност треба да биде од слична природа, согласно веќе воспоставениот систем за децентрализирано/индиректно управување со претпристапната помош на ЕУ.

Проценката е дека е потребен период од 6-12 месеци за институционализација на модификациите на постојниот систем со усвојување на потребното законодавство, како и за назначување на потребните структури. Најголем дел од постапките поврзани со воспоставување на работните односи меѓу различни органи ќе се усвојуваат во форма на интерни процедури или пак ќе биде потребна согласност од неколку различни владини институции (т.е. министерства, агенции, итн.).

## Краткорочни приоритети

Во наредниот период Министерството за локална самоуправа и понатаму ќе работи на соодветното ажурирање на постојната правна рамка за рамномерен регионален развој.

Во таа смисла се очекува во првата половина на 2021 година да се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Закон за рамномерен регионален развој со кои треба да се донесат поефикасни решенија за натамошно намалување на разликите во степенот на развиеност помеѓу планските региони, како и за ефикасна и одговорна јавна администрација, надлежна за спроведување на политиката.

Исто така, по донесувањето на новата Стратегија за регионален развој 2020-2030 ќе се пристапи кон изработка на Акционен план за спроведување на Стратегијата.

На краток рок соодветно внимание ќе се посвети на усвојувањето на правната рамка за новата ИПА (ИПА III) и тоа преку ратификација на законот за новата Рамковна спогодба. Ова ќе се случи по усвојувањето од страна на Европската комисија на новите Регулативи за воведување на новата ИПА придружени со регулативата за начинот на спроведување. Земајќи ја предвид новата регулатива која треба да се донесе, актите кои ги регулираат надлежностите и односите помеѓу структурите во земјата надлежни за индиректно управување

ќе претрпат измени со цел нивно усогласување, во насока на воспоставување на систем без претходни контроли од страна на ДЕУ (преминување од exante кон expost контрола).

## Среднорочни приоритети

Во однос на приоритетите на среден рок, акцентот ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постојната правна и институционална рамка согласно европското законодавство во насока на подготовка на земјата за идно користење на структурните/кохезионите фондови, како и зајакнат и воспоставен систем за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА инструментот.



# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## Тековна состојба

Врз основа на веќе воспоставената правна рамка, функционираат сите структури на национално ниво согласно ИПА регулативата (т.е. НИПАК, НАО, Раководител на оперативна структура, Ревизорско тело итн.). Исто така, сите документи за регулирање на процесите (како што се Договори за спроведување, Оперативни договори, протоколи, соодветни Прирачници за процедури итн.) беа подготвени и потпишани, со што се овозможи воспоставување на систем за имплементација со јасно дефинирани задачи и одговорности на сите вклучени тела. Раководителот на Секторот за централно финансирање и склучување договори беше назначен за раководител на соодветните оперативни структури за индиректно управување со ИПАинструментот во рамките на финансиската перспектива 2014-2020.

НИПАК како целокупен ИПА координатор во земјата овозможува координација меѓу различните засегнати страни. Редовните средби се одржуваат со сите релевантни ИПА власти, како и со претставниците на ЕУ. НИПАК, исто така, редовно ја известува и Владата во однос на сите прашања поврзани со ИПА.

Исто така, покрај првично воспоставената Оперативна структура за ИПА 1 (2007-2013), беше воспоставена и Оперативна структура за секоја програма од ИПА 2 што треба да се спроведе, односно четири Оперативни структури (7 институции - Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи,Министерството за образование и наука и Министерство за труд и социјална политика и Сектор за централно финансирање и склучување на договори во рамките на Министерството за финансии).

Од институционален аспект голема важност имаатсекторските работни групи формирани да го помогнат секторскиот дијалог во рамките на секторите. Формирани се 13 секторски работни групи. Овие секторски работни групи во текот на 2019 година работеа на Рамката за оценка на изведбата (Performance assessment framework) односно на дефинирање на сет на индикатори кои се дефинирани на макро ниво, а напредокот во нивното остварување ќе се следи на редовна основа. Рамката ќе биде достапна на широката јавност.

Воспоставен уште во 2008 година, во областа на регионалниот развој, во наредниот период продолжува со функционирање заедничкиот консултативен Комитет на Комитетот на регионите на Европската унија и Република Северна Македонија (JCC). Членови на заедничкиот консултативен комитет се 11 претставници од редот на избраните лица во локалната самоуправа од државите членки на Европската унија и 11 претставници од Република Северна Македонија. Заради ситуацијата со пандемијата на глобално ниво, не е одржан состанок во текот на 2020 година.

Во делот на институционалната рамка, значаен аспект според кој се мери капацитетот на структурите задолжени за индиректно управување со ИПА фондовите и директно влијае врз степенот на апсорпција е квалитетот на подготвените тендерски/проектни документи. Заради тоа, дел од процесот на проверка на квалитет, во рамките на Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) е следење на т.н. „стапка на одбивање”. Ова подразбира следење на два параметри, и тоа „внатрешната стапка на одбивање” која се пресметува врз основа на размената на документи помеѓу ЦФЦД и институциите кои се крајни корисници на проектите, како и на „надворешната стапка на одбивање” која се пресметува врз база на размена на документи помеѓу ЦФЦД и Делегацијата на Европска Унија се дел од пресметките.

**Анализата на научени лекции (LLA) за 2019 година,** која ги претставува стапките на надворешно и внатрешно одбивање, беше подготвена од страна на ЦФЦД и доставена до засегнатите страни на 9 јуни 2020 година. Анализата покажува дека, во споредба со 2018 година, податоците покажуваат мало зголемување на стапките за одбивање и суспендирање на тендерски документи. Просечната стапка на надворешно одбивање за 2019 година е 29% во споредба со стапката од 28% во 2018 година. Исто така, овде е вклучена и стапка на надворешна суспензија од 17% и надворешна стапка на одбиени документи од 13%. Покрај тоа, LLA 2019 покажува дека стапката на внатрешно одбивање, заснована на размена на документација помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства, е зголемена во споредба со 2018 година, односно 39% во 2019 година наспроти 37% за 2018 година.

Една од главните причини за ваквата статистика е и заминувањето на искусен кадар, што се случи и во 2020 година, вклучувајќи ги и испразнетите раководни позиции низ целата ИПА структура.

Оваа анализа беше доставена и споделена со структурите на ИПА, со цел да се осигура дека научените лекции ќе се претворат во применети лекции.

Преку поддршка од тековниот ИПА проект насловен „Управување со фондовите на ЕУ", се продолжува со практиката на поддршка на работата на секторските работни групи, но исто така и со сесии преку кои се утврдуваат определени практики и решенија, се извлекуваат научени лекции и се работи на примена на најдобрите решенија.

Тековниот регионален проект „Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – Промоција на ЕУ интеграција преку регионална соработка" имплементиран преку Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) предвидува посистематски пристап за размена на искуства и добри практики помеѓу земјите кои се претпристапниот процес преку воспоставување на регионална мрежа на Договорни органи од земјите во регионот на Западен Балкан, како регионална платформа за дијалог на теми од заеднички интерес.

ЦФСД/ЦФЦУ продолжува со спроведување обуки за откривање на неправилности, решавање на неправилности и измами на правилен начин и нивно известување во системот за управување со нерегуларности (ИМС).

Се финализираше проектот „Поддршка на националните власти за ефикасно исполнување на условите предвидени во договорите за финансирање и наодите од ревизијата во врска со примената на помошта од ИПА 2" преку кој националните ИПА структури добија поддршка во процесот на ефективно исполнување на условите утврдени во договорите за финансирање и наодите од ревизијата во врска со спроведувањето на ИПА 2 помошта во областа на внатрешната ревизија, управување и ИТ безбедност.Изготвен е сеопфатен пакет на политики, процедури и прирачници за безбедност на информации кои ги опфаќаат сите теми/области од Акцискиот план, беа организирани неколку обуки и работилници за ИТ безбедност за вработените во ИПА и беше донесено Упатство за финалните корисници за начинот како да се овозможи и обезбеди одржливоста на проектите.

## Краткорочни приоритети

Почитувајќи го правилото за доставување на Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА 1, како и Годишната декларација за управување со системот за индиректно управување со ИПА 2 средствата на годишно ниво, во секоја претстојна година истите ќе бидат доставени од Раководителот на Оперативната Структура до НАО согласно утврдената динамика, најдоцна до крајот на февруари, а потоа од страна на Националниот координатор за авторизација (НАО) до Европската комисија.

Дополнително, на годишно ниво ќе се подготвува и Анализата за научени лекции за претходната година, по која ќе следи и презентација на истата на која ќе се дискутираат најчестите грешки и научени лекции со вработените во ЦФЦД, ДЕУ и Оперативната структура.

Заедничкиот консултативен Комитет на Комитетот на регионите на Европската унија и Република Северна Македонија (JCC) ќе продолжи со редовните состаноци кои се одржуваат два пати во годината.

Исто така, се планира проект финансиран од ИПА за набавка на опрема за безбедност на информации за сите институции опфатени со Акциониот план за ИКТ. Доколку биде одобрен, ќе се спроведе и проект за дополнителни обуки за вработените во ИПА структурите и ИТ.

## Среднорочни приоритети

На среден рок, стратешките цели и приоритети се дефинирани во насока на ефикасно и ефективно функционирање на системот за индиректно управување со приоритетните области од ИПА 2 средствата согласно барањето за доделување на право за имплементирање на буџетот од Европска комисија за финансиската перспектива 2014-2020, но и воспоставување на системот за ИПА 3 финансиска перспектива 2021-2027.

Во иста насока, фокусот останува на поголема апсорпција на ИПА средствата како и одржување најниска стапка на одбивање на тендерската документација.

Акцентот исто така ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постојната правна и институционална рамка согласно европското законодавство во насока на подготовка на земјата за идно користење на структурните фондови.

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

## Тековна состојба

Во текот на 2020 година е евидентен голем одлив на кадар во ИПА структурите, кој заклучно со периодот на известување изнесува 16 лица, при што најкритично беше заминувањето на Раководител и негов помошник на сектор во ЦФЦД, Раководител на Одделение за општи работи и контрола и Раководител на Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување договори во ЦФЦД, како и двајца искусни сметководители во управувачката структура и искусни вработени во линиските министерства (МТВ/МЖСПП/МОН) и НИПАК канцеларијата.

Годишната стапка нафлуктуација/ одливна вработените во структурата континуирано се зголемува со текот на годините, достигнувајќи го својот врв на крајот на 2019 година, што резултира во вкупна стапка од 15% според податоците на ИПА Ревизорското тело. Овој процент на административните капацитети се зголеми и во текот на 2020 година.

Во согласност со утврдените процедури, Раководителот на оперативната структура, како и НАО, постојано го следат развојот на административните капацитети во однос на бројот на вработени, преку различни алатки, како:

- Редовна подготовка на Анализи на обем на работа, Планови за вработување и Плановите за замена на вработените, на секоја од вклучените институции, (детален преглед на бројот на вработени по институција е даден во Табела 4.1.4 во Анексот кон овој документ),
- Оценка на потребните вештини и знаење коишто ги поседуваат вработените врз основа на различни показатели за успех и преглед на резултатите од примената на методологијата за пресметка на индикатори на успешност на институциите коишто се дел од Системот за децентрализирано управување;
- Подготовка на Изјава за уверување/Годишна декларација за управување со цел да се потврди дека системот за управување и контрола во соодветната Оперативната структура функционира ефективно и ефикасно на годишна основа. Изјавата за уверување/Годишна декларација за управување ќе биде доставена од НАО до службите на Европската комисија во февруари секоја година.

Со цел да се надгради административниот капацитет низ структурите за управување со ИПА, СЕП како Национален ИПА координатор започна со подготовка на политика за задржување на ИПА кадарот. Основата за оваа политика се наодите добиени од Ревизорскиот тим при Генералниот директорат за европска соседска политика и преговори за проширување, во рамките на доделената акредитација за индиректно управување со ИПА 2, од ревизорски извештаи од Ревизорското тело за ИПА, како и врз основа на анализи за обемот на работа на ИПА структурите. Врз основа на Заклучоци усвоени од Владата во октомври 2020, беше формирана меѓуресорска работна група која интензивно работи на подготовка на потребните законски измени за политиката за задржување на ИПА кадарот, а со поддршка на СИГМА се започна и со изготвување на документот за политики. Едновремено, СЕП спроведе и анкета со вработените во ИПА структурите во министерствата и други релевантни институции – корисници на ИПА средства, со цел да се добијат дополнителни информации кои ќе се искористат за соодветно насочување на мерките во документот за политика. Работната група работи на две паралелни решенија и тоа (1) системско решение во форма на сеопфатна политика за задржување на ИПА кадарот, како и времено решение за задржување на ИПА кадарот, со цел да се премости периодот до донесувањето на системското решение.

## Обука на ИПА кадарот

IPA Training Facility, односно Центарот за обука на СЕП вообичаено подготвува и спроведува двегодишна анкета за процена на потребите од обука и Општ план за обука. Прашалникот за потреба од обуки за 2020 година беше доставен на 13 јануари 2020 година. Центарот за обука исто така раководи со група експерти-обучувачи од јавната администрација, како и база на податоци за потребите за обука собрани од различни институции, спроведување обуки поврзани со процесот на пристапување во ЕУ, како и искористување на европските фондови. Годишна програма за работа заедно со нацрт - предлог за начинот на ангажирање на државните службеници како обучувачи, што е од клучно значење за обезбедување на релевантни и ажурирани обуки на администрацијата и пошироко се иницијативи внесени кон Годишната програма на Владата за 2021 година.

Во текот на 2020 година, беа организирани 4 настани со физичко присуство во периодот јануари и февруари (обуки и работилници). Но, во периодот по прогласувањето на пандемијата испораката на настани со предзнак и карактер – јакнење на капацитети, беше минимизирана. Во летото 2020 г. се отпочна соактивности за јакнење на капацитети во он-лајн формат (обуки и работилници) и трендот на динамиката на нивно изведување ќе се зголемува и во иднина.

Во однос на подобрувањето на административните капацитети на вработените кои работат на ЕУ финансирани програми/проекти, од најголема важност се проектите за зајакнување на капацитетите на вработените, но сепак, размената на искуства, соработката и воспоставување мрежа со администрацијата на другите земји кои користат претпристапна помош се покажаа како најкорисна алатка за зголемување на знаењето и подобрување на капацитетите на ИПА структурите. Соработката се одвива преку студиски посети, семинари, работилници и состаноци организирани на сопствена иницијатива или преку службите на ЕК или ЕУ финансирани проекти.

Исто така, заради воведувањето на правилата за секторски пристап на планирање на помошта во рамките на ИПА 2, административниот капацитет на структурите ќе мора и понатаму да се зајакне. Во овој контекст, во јуни 2017 започна проектот финансиран од EUIF 2014 „Поддршка за управување со фондовите на ЕУ" и ќе биде завршен до крајот на јуни 2022 година.Проектот дава поддршкана Секретаријатот за европски прашања и Секторските работни групи, и се состои од две главни компоненти:

Компонента 1 - Зајакнување на секторскиот пристап; и
Компонента 2 - Подобрување на програмирањето, следењето и евалуацијата на програмите.

## Краткорочни приоритети

Фокусот останува на понатамошно јакнење на административниот капацитет на Секторот за централно финансирање и склучување на договори и институциите кои се дел од Оперативните структури, како и на јакнење на капацитетите во институциите кои користат ИПА средства преку системот на директно управување.

Во рамки на Оперативните структури, на двегодишна основа се спроведува Анализа на потреба од обуки за  ИПА ОС/членови на сите секторски работни групи, а согласно истата се подготвува годишен План за обуки.

Во наредниот период посебно внимание ќе се посвети на зајакнување на капацитетите за спроведување на ИПА 2014-2020, подготовките за ИПА 2021-2027, но и на подигнување на капацитетите за спроведување на Европските структурни и инвестициски фондови.

СЕП ќе го финализира документот за политика за задржување на ИПА кадрите и истиот ќе биде усвоен од Владата. Со усвојувањето на оваа политика за ИПА кадарот ќе се воспостави систем за континуирана обука на ИПА кадарот, ќе се овозможат подобри услови за работа, ќе се овозможи финансиска и нефинансиска мотивација, академски размени, вмрежување, итн.

## Среднорочни приоритети

На среден рок, ќе се продолжи со континуирано зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури преку вработувања и интензивни обуки, со цел да се достигне оптималниот број на вработени во ИПА структурите даден во Анализите за обем на работа, а со тоа и оптимална распределба на работните обврски и квалитетна работа на истите.

Политиката за задржување на ИПА кадарот континуирано ќе се спроведува, а по потреба и ќе се ревидира за да одговори на потенцијални нови предизвици.

# ПРОГРАМИРАЊЕ

## Тековна состојба

Во однос на финансиската имплементација на Оперативните програми, ИПА фондовите се планираат како дел од националниот буџет, што значи дека за секој сектор покриен преку ИПА постои посебна програма за развој во Буџетот. Овие програми се дел од развојниот буџет, во којшто најчесто се презентирани повеќегодишните проекти кои во најголем дел се капитални инвестиции. Овие програми ги вклучуваат средствата добиени од грантови од ЕУ ИПА и задолжителното национално кофинансирање кое се обезбедува од државниот буџет. Планирањето на овие средства се врши на среден рок, во период од три години.

Финансиската спогодба за имплементација акциите „ЕУ за младите" и „ЕУ за вклучување" од ИПА програмата 2019 се потпиша и започна да се спроведува во март 2020. Првата фиксна транша од 3 мил. евра од акцијата „ЕУ за младите" беше исплатена на Министерството за финансии. Во однос на акцијата „ЕУ за инклузија", во тек или подготовка се постапките на набавка за трите предвидени активности.

Во периодот април-јуни 2020, Владата и Делегацијата на ЕУ иницираа дијалог со цел создавање нов пакет активности што ќе ја поддржат економијата во периодот на закрепнување. Пакетот на мерки содржани во програмата „Поддршка на ЕУ за социјална и економска отпорност" (EU4Resiliance) ќе ја поддржи земјата во ублажувањето на негативните социо-економски влијанија на COVID-19 во вкупен износ од 40 мил. евра. Преку овој пакет се финансираат владини мерки насочени кон подобрување на ликвидноста на микро, малите и средни претпријатија, како и поддршка на реинтеграција на невработените жени и мажи на пазарот на труд, со посебен фокус на младите и жените. Меѓу другото, програмата предвидува поддршка на активните мерки за пазарот на труд во висина од 10 мил. евра за одржливо и правично закрепнување во периодот по короната. Измените на финансиската спогодба за ИПА програмата 2020 помеѓу Владата и Европската Комисија со кои се воведува новата буџетска програма „ЕУ за социјална и економска отпорност во Република Северна Македонија" се потпиша во септември 2020.

Започна програмирањето на претпристапната помош за програмскиот период 2021-2027 (ИПА III). Се подготви Стратешкиот одговор (Strategic Response) 2021-2027 во кој се содржани стратешките приоритети на земјата за кои се очекува финансиска поддршка од ЕУ преку ИПА III. (за повеќе детали види 3.22.1 Законодавна рамка, Тековна состојба, ИПА III (2021-2027)

Статусот на имплементација на ИПА II програмите е даден во Табела 3 во анекс на овој документ.

Целокупните податоци за апсорпција на средствата во рамките на ИПА компонентите III и IV во периодот од 2013 година до крајот на 2017 година се дадени во Табела 4 во анекс на овој документ.

## Подготвеност за спроведување на Кохезиони/Структурни фондови

За идно спроведување на Кохезионата политика, најрелевантни се стратешките документи поврзани со транспортот и животната средина, како и оние поврзани со вработувањето/образованието и социјалната вклученост.

Во однос на секторот - транспорт, главниот стратешки документ е Националната стратегија за транспорт 2007-2017 и која беше основа за програмирање на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 и Секторската **Оперативна Програма за транспорт 2014-2020.** Стратегијата посебно се фокусира на проекти кон основното и сеопфатното индикативно проширување на ТЕН-Т мрежата во Република Северна Македонија. **Новата национална транспорт стратегија 2018-2030** е продолжение на претходната НТС. Националната транспортна стратегија предлага активности и политички мерки за среднорочен и за долгорочен период за ефикасно и ефективно решавање на клучниот предизвик за подобрување на квалитетот на транспортната инфраструктура и услуги.

Координацијата и приоритизацијата на планираните инвестиции ќе бидат направени преку Министерството за транспорт и врски како креатор на политиката во областа на транспортот и преку програмата на Владата на повисоко национално ниво. Од 2018 година, координацијата се врши преку Договорот за транспортна заедница.

Во Секторот за животна средина и климатски акции, основниот плански документ е **Секторската оперативна програма за животна средина и климатски акции 2014-2020**, која беше подготвена преку процес на јавни консултации со релевантните јавни институции, донаторската заедница и претставниците на невладините организации. Овој документ служи како основа за идентификување на конкретни проекти кои ќе ја поддржат земјата во надминувањето на идентификуваните недостатоци.

Во текот на 2019 година, Министерството за животна средина и просторно планирање започна со изготвување на **долгорочна Стратегија и Законот за климатска акција,** поддржан од проект за техничка помош во износ од 1,15 милиони евра. Министерството за животна средина и просторно планирање, заедно со проектниот тим во изминатите 18 месеци работат на проценка на тековната состојба и условите кои ќе послужат како основа за подготовка на долгорочната Стратегија и Законот за климатска акција, воспоставување силна и одржлива рамка за климатска акција преку развој на националната стратешка и правна рамка за климатско дејствување, преку воспоставување на механизам за следење на емисиите на стакленички гасови согласно Регулативата за следење на ЕУ бр. 525/2013 и нејзините одредби за спроведување, како и за подигнување на свеста за климатските активности во земјата.

.

## Краткорочни приоритети

Што се однесува до Акциската програма 2017 (ИПА II), МТСП и МОН во соработка со Секторот за централно финансирање и склучување договори и Делегацијата на ЕУ ќе ги продолжат постапките на јавни набавки за предвидените проекти. Дел од проектите веќе започнаа во втората половина 2019.

Исто така започнува спроведување на Акциската програма за ИПА 2019 во следните области:

- Секторот земјоделство
- Секторот конкурентност и иновации
- Секторот образование, вработување и социјална вклученост (еден акциски документ и еден секторски буџетски договор)

Дополнително согласно насоките од ЕУ, но и дискусиите на секторските работни групи, една третина од сите активности во рамките на акциските документи се со регионална компонента/димензија.

Паралелно на овие активности се спроведуваат активности за поддршка на Преспанскиот регион.

Во 2020 се потпиша и Финансиската спогодба за Акциската програма за 2020 година, а ќе се работи на спроведување на Акциските документи.

Во текот на 2021 година, секторските работни групи, координирани од СЕП ќе ги продолжат со активностите за користење на новата генерација на ИПА преку подготовка на **стратешките одговори и акциски документи** за сите **тематски приоритети од прозорците на ИПА III.** Во рамките на овие подготовки ќе влезат и активностите што СЕП ги спроведува во рамките на **Националниот инвестициски комитет** за да може да се селектираат **инвестициски проекти** кои се во напредна фаза на подготовка на техничката документација и со тоа се овозможува брзо започнување на тендерските постапки. Во наредниот период, според најавите Европската комисија нема веќе да финансира проекти само со грантови, туку ќе се бара проектите да бидат финансирани дел со грантови и дел со заеми. **Притоа Инвестициската рамка за Западен Балкан ќе финансира инвестициски проекти кои имаат регионално значење на ниво на Западен Балкан, а домашните инвестиции ќе се финансираат преку ИПА 2021-2027.**

## Среднорочни приоритети

Среднорочни приоритети се насочени кон заокружување на стратешката рамка за спроведување на ИПА 2021-2027, како и подготовката на структурите за премин од exante кон expost контрола. Активности околу подобрување на секторскиот пристап ќе продолжат и во среднорочната перспектива.

Исто така, релевантните национални тела ќе ги разгледаат сите можности и опции за надградба и реформирање на постојните структури за индиректно управување со ИПА во насока на идно користење на Структурните фондови.

# СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

## Тековна состојба

Со цел обезбедување на навремено известување за статусот на планирање на програмите и проектите, навременото известување на имплементацијата на проектите споредено со планот за имплементација и навремено известување на секое ниво за ефективноста на интерните контроли, согласно ревизорските препораки од Европска Комисија, се потпиша изапочна со имплементација договорот „Надградба на постојниот Менаџмент информациски систем со сеопфатна алатка за следење" за развој на посебна алатка за следење. Финализацијата на овој проект доведе до подобрувања во функционалноста во делот на мониторинг, јавни набавки и анализата на научени лекции. Одржувањето на овој систем се финансира од националниот буџет преку јавни набавки, на годишно ниво.

Дополнително, редовно се одржуваат Секторските комитети за следење на ИПА II. Во делот на следењето на ИПА, во текот на 2020 година спроведени се 9 состаноци на ИПА секторските мониторинг комитети, вклучително и Мониторинг комитетот на ниво на ИПА 2007-2013 и 2014-2020. Исто така, подготвен е годишниот извештај за спроведување на ИПА 2014-2020 за 2019 година и Секторскиот извештај за спроведување на ИПА компонента за транзициска помош и институционално зајакнување за 2019.

## Видливост и комуникациски активности

Секретаријатот за европски прашања, Секторот за централно финансирање и склучување договори и ресорните министерства континуирано спроведуваат активности со цел да обезбедат соодветна видливост на ЕУ поддршката преку почитување на Прирачникот за видливост и комуникација на ЕУ. Во иста насока, Секретаријатот за европски прашања во функција на НИПАК ја подготви и Стратегијата за видливост на проекти финансирани од ЕУ фондови.

Во соработка и со помош на Делегацијата на ЕУ се организираа кампањи за поддршката на ЕУ преку ИПА средствата во инвестирањето и развојот на транспортната инфраструктура и заштитата на животната средина.

Подобра транспарентност е забележана во користењето на фондовите на ЕУ. Националните власти работат на активности за подобро информирање на граѓаните и заедниците за можностите и придобивките на фондовите на ЕУ за земјата. Покрај тоа, постојат активности за видливост преземени од страна на секој проект.

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година, фокусот останува на континуираното подобрување на процесот на мониторинг и евалуација преку редовно известување интерно во рамки на ИПА структурите, како и до Европската комисија за искористувањето на средствата од ИПА, со цел подобрување на ефективноста.

Исто така се очекува да се продолжи со координацијата на ниво на НИПАК за да се следи напредокот на спроведување на Оперативните програми (на ниво на плановите за набавка и спроведување на проектите/програмите).

Во текот на 2021 година ќе продолжат посетите на проектите кои се финализирани заради проверка на одржливоста.

Во текот на 2021 година се очекува да се следи напредокот во исполнувањето индикаторите кои се поставени на макро и микро ниво во рамките на ИПА 2014-2020 година, а се очекува целосно да биде операционализирана и Рамката за проценка на изведбата. Со оваа активност се очекува да се олесни годишното известување и да се подобри функционирањето на секторскиот пристап.

## Среднорочни приоритети

Во следниот период се предвидува континуирано спроведување на системот за мониторинг и евалуација на имплементацијата на Оперативните програми, преку редовно известување до Европската комисија еднаш годишно за спроведување на Оперативните програми во рамките на ИПА 1 и ИПА 2, редовното одржување на состаноците на Секторскиот мониторинг комитет (до два пати годишно), спроведување на редовен мониторинг, согласно Мониторинг плановите и анализата на ризици на поединечните проекти, како и спроведување на евалуации на ниво на Оперативните програми.

На среднорочен период ќе се реализираат обуки за подобрување на капацитетите за работа со индикатори преку поттикнување на институциите да собираат и обработуваат статистички податоци од нивата надлежност.

# ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

## Тековна состојба

Во однос на финансиската имплементација на ИПА I и ИПА II програмите, ИПА фондовите се планираат како дел од Националниот буџет, што значи дека за секоја ИПА компонента постои посебна програма за развој во Буџетот. Овие програми се дел од Развојниот буџет, во којшто најчесто се презентирани повеќегодишните проекти кои во најголем дел се капитални инвестиции. Планирањето на овие средства се врши на среден рок, во период од три години.

Владата во јануари 2021 година го усвои и достави до Собранието новиот предлог-закон за буџети. Новиот Закон за буџети, кој треба да важи од 1.1.2023 година, се вклопува во концептот СМАРТ финансии, односно истиот е со цел имплементација на реформите во процесите на планирање и извршување на буџетот, зајакнување на фискалната дисциплина, стабилни фискални проекции за среднорочен период, интегрирање на процесите во јавните финансии и подобрена транспарентност. Законот исто така воведува фискални правила, како и формирање на Национален фискален совет, кој треба да обезбеди независна и професионална анализа и мислење за макроекономски и фискални претпоставки, фискална стратегија, буџет, извештаи за извршување на буџетот, фискални ризици и усогласеност со фискални правила.

Во однос на натамошно усогласување на националната законска рамка за финансиска контрола и независна внатрешна ревизија, Министерството за финансии во текот на 2019 година имаше интензивна соработка со хрватската администрација во рамките на твининг проектот на ЕУ, „Понатамошно подобрување на системот за внатрешна контрола". Се подготви гап анализа за усогласеноста на тековната состојба во финансиската контрола и внатрешната ревизија во нашата земја со меѓународно прифатените стандарди. Врз основа на оваа проценка, проектниот тим и Министерството за финансии изготвија нов Закон за систем на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и неколку подзаконски акти, кои Владата ги утврди во декември 2020 година и ги проследи во собраниска процедура. Целта на овој предлог закон е дефинирање

рамка на современ, соодветен и ефективен систем на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, кој ги вклучува финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и централната координација и хармонизација, како и зајакнување на внатрешната финансиска контрола преку создавање нов систем на раководна отчетност.

.

Тековно се спроведува Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија за периодот 2019-2022 година. Изготвени се нацрт-уредба за неправилност и предлог-одлука за мрежата АФКОС. Текстовите на двата документа беа дискутирани меѓу сите засегнати страни во системот, како и со претставниците на ОЛАФ и ДЕУ. Конечниот текст на двата документи се очекува да биде финализиран во текот на 2021 година, односно по донесувањето на Законот за буџети, кој во моментов се наоѓа во собраниска процедура..

Системот за управување и контрола е предмет на ревизија од страна на внатрешна ревизија, независна надворешна ревизија од Ревизорско тело за ИПА и ревизори од Европска комисија. Во текот на октомври 2020 година ЕК достави конечен извештај со нови ревизорски наоди и препораки доставен од страна на Генералниот Директорат за проширување - DG NEAR, во врска со спроведена верификациска мисија од нивна страна во текот на јуни 2019 година. НАО во ноември 2020 година изготви и достави на постапување Акциски план за имплементација на препораките од горенаведениот извештај со кратки рокови до крајот на 2020 или почетокот на 2021 година.

Националниот координатор за авторизација на редовна основа (квартално) врши следење на спроведувањето на препораките од спроведените ревизии согласно важечките процедури.

## Краткорочни приоритети

Во однос на ИПА 2 перспективата во 2021 година, приоритет ќе биде ефективна и ефикасна имплементација на ИПА II средствата во услови на системот за индиректно управување. Понатамошно зајакнување на системот преку спроведување на контроли, исполнување на условите утврдени од Европската комисија во финансиските спогодби за финансирање на ИПА 2 помошта како и имплементација на наодите од Ревизорско тело.

Предвидени се и краткорочни мерки за зајакнување на капацитетите на функцијата на внатрешна ревизија во институциите одговорни за имплементација на програмите за регионален развој во делот на нивна доедукација и практична обука (преку имплементација на твининг договор).

## Среднорочни приоритети

Континуирано зајакнување на контролниот механизам во насока на ефективна и ефикасна имплементација на ИПА 2 програмите.

# ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Подготовките во оваа област се во **рана фаза**. Во рамките на ова поглавје беше постигнат **ограничен напредок**, првенствено во врска со правната рамка за оданочување, царина, статистика и финансиска контрола. Сè уште не е воспоставена цврста институционална поставеност за да се овозможи ефикасно функционирање на системот на сопствени ресурси.

Бидејќи не беа спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата треба:

- дополнително да ја усогласи правната основа за основните области на политиките што влијаат на правилната примена на системот на сопствени ресурси;
- да ги зајакне административните капацитети и механизмите за координација помеѓу клучните засегнати страни во системот.



# ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ

## Резиме

Поглавјето финансиски и буџетски одредби ги покрива правилата и воспоставувањето на потребните услови и капацитети на системот на сопствени средства, со цел навремена и прецизна пресметка на прибирањето, плаќањето и надзорот на средствата кои Република Северна Македонија од денот на нејзиното пристапување во ЕУ ќе ги уплаќа во буџетот на Европската Унија. Овие средства се таканаречените традиционални сопствени средства, кои потекнуваат од прибраните приходи од царини, данок на додадена вредност и бруто националниот доход на секоја земја членка.

Правната легислатива во ова поглавје е задолжителна и не бара транспонирање во националното законодавство. Во рамките на веќе воспоставените институции (Министерство за финансии, Државен завод за статистика, Царинска управа и Управата за јавни приходи), како и врз основа на утврдените механизми и процедури кои се применуваат во областа на буџетирањето, даночната, царинската регулатива и статистиката, не се очекуваат позначајни потешкотии со имплементацијата на правото на Европската Унија во ова поглавје.

## Тековна состојба

Министерството за финансии во соработка со Светска Банка работеше на подобрувања на системот за управување со јавни финансии, како што се Законот за буџети, развој на детален план на сите функционални процеси во Министерството за финансии и нивно мапирање, како и на подготовка на детална техничка спецификација за Интегриран информатички систем за управување со јавни финансии (ИФМИС).

Во тек се разговори со развојните партнери (Светска Банка, Делегација на ЕУ, Амбасади на САД и Обединето Кралство, УСАИД) за разгледување на можностите за обезбедување финансиска рамка за ИФМИС, со оглед на зрелоста на проектот и направените подготовки во изминатиот двегодишен период. Се очекува проектот да започне во 2021 година.

Државниот завод за статистика работеше на подобрување на квалитетот на компонентите на Бруто национален доход. Направена е поделба на средствата на вработените на плати и придонеси со користење на податоци од завршните сметки кои деловните субјекти ги доставуваат во Централниот регистар и фискални податоци од Министерството за финансии. Во финалните податоци за секторските сметки за 2018 таа поделба е имплементирана на ниво на институционални сектори и потсектори на страната на употреба во сметката Создавање на доход. Исто така, направено е балансирање на податоците за платите и придонесите помеѓу институционалните сектори и потсектори.

Трансмисионата табела 800 Годишни секторски сметки, која содржи детални податоци од нефинансиската сметка по институционални сектори и потсектори за периодот 2014-2016 година е доставена во Евростат. Исто така, во текот на овој период до Евростат се доставени повеќе табели со користење на SDMX алатка во согласност со ЕСС 2010 трансмисионата програма.

Во рамки на Државниот завод за статистика во тек е повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2017 која е со времетраење до 31.10.2021 година. Предвидено е подобрување на квалитетот на податоците и подготовка на поголема серија на податоци за пополнување на табелата 800 Годишни секторски сметки, за период 2012-2020.

Во септември 2020 година објавени се дефинитивните податоци за Бруто домашниот производ за 2018 година,а во октомври претходните податоци за 2019 година, произведени за прв пат со помош на складиштето на податоци во Националните сметки.

Во рами на проектот Секторски сметки, како дел од ИПА 2017 повеќекорисничка програма, извршено е и издвојување на делот од придонесите на вработените за пензиско осигурување, кои се вклучени во вториот и третиот пензиски столб.

Во овој период, Државниот завод за статистика работеше на рекласифицирање на одредени институции според институционалните сектори, со што се придонесува за подобрување на квалитетот на дефинитивните податоци за БДП за 2018 година. Исто така, се работи на подобрување на квалитетот на балансирачките ставки помеѓу институционалните сектори, како и на концептуалните прилагодувања.

Во рамки на проектот Унапредување на производството и дисеминацијата на статистичките податоци како дел од Националната програма ИПА 2018, во тек е подготовка на сметката на владините финансии на квартално ниво за периодот 2017-2018 година.

Во рамките на Управата за јавни приходи по однос на активноста Зајакнување на административните капацитети се работеше на градење на капацитетите на даночната администрација за администрирање на даночни приходи и придонеси и за обезбедување на квалитетни услуги на корисниците, унапредување на вештините и знаењето на даночните службеници, управување со промени заради поддршка на даночните реформи и модернизацијата - електронска даночна администрација.

## Краткорочни приоритети

Предлог Законот за буџети се очекува да биде усвоен во Собранието до крајот на првиот квартал на 2021 година. Новиот закон е во согласност со определбата за подобрување на системот за управување со јавните финансии, со цел обезбедување рамка за водење здрава, предвидлива и одржлива фискална политика и зголемување на буџетската дисциплина и одговорност.

Во законот содржани се одредби кои се однесуваат на:

- објавување регистар на субјекти од јавниот сектор;
- формирање на независен фискален совет
- подобрување на процесот на среднорочна фискална стратегија, подготовка на основно сценарио и нови иницијативи; и
- подобрување на транспарентноста (поднесување податоци за јавни претпријатија, единици на локална самоуправа)
- воспоставување Интегриран информационен систем за управување со јавни финансии

Во наредниот период, Министерството за финансии, во соработка со Светска банка и Владата на Обединетото Кралство, како и преку твининг проектот од ИПА преку ЕУ, ќе продолжи да работи на подготовка на подзаконски акти, насоки, прирачници и сл., чија цел е операционализација на новиот Закон за буџетите, понатамошни подобрувања на системот за управување со јавните финансии, како и развивање детален план за сите работни процеси во Министерството за финансии.

## Среднорочни приоритети

Во јануари 2020 година, Министерството за финансии започна имплементација на новиот проект финансиран од ЕУ за „Подобрување на наплатата на приходите и даночната и царинската политика". Проектот ќе биде во времетраење од 3 години. Овој проект се состои од четири компоненти:

- Компонента 1 - Законодавство во областа на оданочувањето и обичаите усогласени со законодавството на ЕУ, стандардите и најдобрите практики;
- Компонента 2- Зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии за спроведување на анализа и предвидување на даночна политика;
- Компонента 3 - Подобрување на оперативните и административните капацитети на Царинската управа за спроведување на националното законодавство и процедури, управување со сметководство и ИТ услуги; и
- Компонента 4 - Подобрување на оперативните и административните капацитети на Управата за јавни приходи за спроведување на националното законодавство, ИТ услуги и процедури.

Во наредниот период ќе се реализираат активности во функција на зајакнување на капацитетите за даночна анализа, подобрување на даночното известување врз основа на најдобрите практики на ЕУ и подобрување на точноста на моделите за проектирање на приходите. Исто така и активности кои се поврзани со Компонента 3 во однос на зајакнување на капацитетите за спроведување на изменетата царинска и даночна регулатива, зголемен обем на употреба на поедноставени постапки во царинското работење, подобрување во ефикасноста на царинските контроли и откривање на царинска измама, како и подобрување на капацитетите за воспоставување систем на традиционални сопствени ресурси (сметки А и Б).

Во претстојниот период ЕУ Твининг проектот „Зајакнување на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола" ќе се фокусира на изготвување нацрт-подзаконски акти, правилници/упатства/насоки и методолошки алатки за трезорско работење, управување со јавен долг и макроекономски прашања, како и на зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии и буџетските корисници, при што сите наведени активности се опфатени во Компонента 1 од проектот. Проектот ќе биде во времетраење од 3 години.

Државниот завод за статистика ќе продолжи со редовна трансмисија на податоци со користење на SDMX алатка во согласност со ЕСС 2010 трансмисионата програма. Исто така, континуирано се работи и на ажурирање на листата на единици во институционалниот сектор Држава.

До крајот на 2023, Државниот завод за статистика ќе подготви Упатство за пресметка на просечна пондерирана стапка на ДДВ.

Управата за јавни приходи во наредниот период ќе продолжи со реализација на мерките и активностите во борба за превенција и заштита за спречување на даночни измами и сива економија, воспоставување на ефикасна институционална структура, процеси и механизми за откривање и борба против даночните измами, за идентификување и формализирање на неформалната економија.

Во рамките на активноста Мобилизација на приходите од Програмата за реформа во управувањето со јавните финансии ќе се работи на подобрување во реализацијата на наплатата на даночните приходи и обезбедување долгорочна стабилност на ИТ системите во случај на криза.

CTR
14.65%
10.6%
Quality Score
9.38
-0.1%

# КЛАСТЕР 6



# НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ



Кластерот **Надворешни односи** пред сè ги содржи нашите реформски приоритети во однос на усогласувањето со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, учеството во заеднички мисии, регионалните иницијативи и трговската соработка со трети страни.

Кластерот надворешни односи ги опфаќа поглавјата **(30,31).**

Приоритетите во Поглавјето 3.30- надворешни односи, се насочени кон исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), од ЦЕФТА и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим, кон реализацијата на Повеќегодишниот Акциски план за Регионалната економска област (MAP REA), како и усогласувањето со acquis.

Во Поглавјето 3.31 - ЗНБП, земјата континуирано се придружува кон декларациите, изјавите и другите документи на ЕУ, вклучително и одлуките на Советот, со кои се воведуваат рестриктивни мерки. Земјата својатапосветеност кон глобалниот мир и безбедност и споделување на исти вредности со земјите членки на Евроатланската заедница го изразува преку својот придонесво мисии на ОН како и во мисиите предводени од НАТО. Земјата продолжува да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ.

Кластерот надворешни односи е директно поврзан со Кластерот **Темели** - демократија и добро владеење, регионалната соработка, и економско владеење, како и со другите кластери Внатрешен пазар, Конкурентност и инклузивен раст, Зелена агенда и одржливо поврзување, Земјоделство, ресурси и кохезија.

Приоритетите од кластерот Надворешни односи се поврзани со **стратешките приоритети** на Владата во однос на успешно водење на пристапните преговори и ефикасно справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19.

Приоритетите се поврзани и со одредени цели од **ПЕР**, како што се реформите за олеснување на трговијата и подобрување на трговските односи.

Од аспект на Инструментот за претпристапна помош **(ИПА-3)**, реформите се поврзани СП5: Територијална и прекугранична соработка.

Стратешките развојни цели на **ОН (СРЦ) за намалување нееднаквоста помеѓу земјите и градење партнерство** се исто така адресирани преку реформите од овој кластер.

Во однос на планираните **финансиски ресурси**, за реформите во овој кластер предвидени околу 14 милиони евра од националниот Буџет и околу 4.5 милиони евра од ИПА и друга донаторска помош за следните пет години.

# НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Под Северна Македонија е умерено подготвена во областа на надворешните односи и **одреден напредок** е постигнат во исполнувањето на препораките од 2019 година за време на извештајниот период. Земјата ја продолжи добрата соработка со ЕУ, вклучително и во рамки на Светската трговска организација (СТО). Институционалниот капацитет за целосно учество во трговските, развојните и хуманитарните политики на ЕУ сè уште е недоволен. Во текот на наредната година, земјата особено треба:

- да го зајакне целокупниот административен капацитет во однос на трговската политика, Централно европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и обврските во рамките на СТО, особено ефикасно да го спроведе повеќегодишниот акциски план за развојот на Регионалната економска област (РЕА) во Западен Балкан;
- да ги спроведе активностите кои се дел од повеќегодишниот акциски план за развој на РЕА: особено, да осигури целосно спроведување на Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА за трговија со стоки, да го ратификува и спроведе Дополнителниот протокол 6 на ЦЕФТА за трговија со услуги, да се вклучи во преговорите и да осигури брзо спроведување на Дополнителниот протокол 7 на ЦЕФТА за решавање на спорови, да донесе регионални стандарди за меѓународни договори за инвестиции и да го изврши спроведувањето на „индивидуалниот реформски акционен план" (ИРАП) за инвестиции.

# Резиме

Активностите во Поглавјето 3.30 се насочени кон исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), од ЦЕФТА 2006 договорот и другите договори  за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Фокусот на активности беше подеднакво насочен кон подготовка и координација на активностите за спроведување на Втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија во Светската трговска организација,преговорите за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки,преговорите за изменана Договорот за слободна трговија со Украина, преговорите за склучување на Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, реализацијата на Повеќегодишниот Акциски план за Регионалната економска област (MAP REA), како и усогласувањето со acquis.

# ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Во текот на 2019 година беше спроведена и успешно оценета Втората ревизија на трговската политика на земјата во СТО. Во текот на 2020 година продолжија преговорите за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавкиии имплементацијата на Спогодбата за олеснување на трговијата.Во однос на имплементацијата на компонентата 1 – Трговија од МАП РЕА беше усвоена Одлуката за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук. Со ова, ЦЕФТА страните започнаа да го развиваат договорот за заемно признавање (МРА) и спроведување на програмите за заемно признавање - гранични документи, каде што е применливо (како што е наведено во АП5) и програмата за овластени економски оператори. Започна со имплементација SEED системот. Исто така започнаа преговорите за Дополнителен протокол за решавање на спорови на ЦЕФТА и се ратификуваше Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги. Беше предложен Патоказ за дијалог за регулаторни прашања во електронската трговија во ЦЕФТА. Одржувањето на платформата за статистички податоци за трговија со услуги, FATS и СДИ е во тек.

Согласно Програмата за економски реформи 2020-2022, продолжува мерката за олеснување на трговијата, односно за спроведување на Дополнителниот протокол 5 на Договорот ЦЕФТА 2006, чија цел е поедноставување на инспекциите поврзани со сите постапки на царинење и максимално намалување на формалностите преку електронска размена на информации помеѓу царинските органи.

Во декември 2020 година Владата донесе Одлука за предвремена примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и СевернаИрска и Република Северна Македонија.

Продолжија активностите за усогласувањето на текстот на измените во соодветните протоколи на Договорот за слободна трговија со ЕФТА државите, во однос на правилата за потекло следејќи ги правилата на Пан–Еуро-Мед (ПЕМ) конвенцијата и преговорите за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско- прехранбените производи по Договорот за слободна трговија со Украина и за измена на Протоколот Ц за потекло на стоката од Договорот, согласно ПЕМ конвенцијата.

Донесен е Закон за контрола на надворешнотрговскиот промет со необработени дијаманти (Сл.В бр.143/2019), подготвен е нацрт текст на Закон за надворешна трговија со стоки и услуги кои може да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување. Во текот на 2020 година усвоени се подзаконските акти по Законот за контрола на надворешнотрговскиот промет со необработени дијаманти(Сл.В бр.99/20 и 183/20).

Донесена е Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба (Сл.В бр.81/20), усогласена со регулатива на Советот на ЕЗ бр.2019/2199 од 17 октомври 2019 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 на Советот за воспоставување на систем на Заедницата за контрола на извозот, преносот, посредништвото и транзитот на стоки со двојна намена (CELEX бр.32019R2199).

Регулативата за кредитирање на извозот 1233/2011 го уредува начинот и условите за поддршка на извозот на стоки и услуги, со рок на отплата од над 2 години. Поддршката може да биде во форма на: 1) извозни гаранции или осигурување, 2) директно кредитирање (финансирање и рефинансирање) и 3) комбинација на овие две форми. Средства за поддршка се обезбедуваат од страна на државата.

Кредитите за извоз и осигурување на извозот ги обезбедува Македонската банка за поддршка на развојот, со рок на отплата до максимум 2 години за кредити, односно 180 дена за осигурување. Средствата за кредитирањето и осигурувањето се обезбедени главно од странски кредитни линии.

## Краткорочни приоритети

Во текот на 2021 година ќе продолжат преговорите за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки, со имплементацијата на Спогодбата за олеснување на трговијата во рамки на Светската трговска организација и со исполнување на другите обрски кои произлегуваат од членството во СТО.

Во рамки на ЦЕФТА 2006 се планира да продолжат активностите за имплементацијата на Дополнителниот Протокол 5 за олеснување на трговијата, како и да завршат преговорите за воспоставување на механизмот за решавање на споровите.

Во текот на 2021 година се планира од страна на Мешовитиот комитет по Договорот за слободна трговија помеѓу Република Северна Македонија и ЕФТА државите да се усвојат и потпишат Одлуките за измена на Протокол Б на Договорот за слободна трговија, кој се однесува на дефиницијата на концептот производи со потекло и методи на административна соработка, следејќи ги правилата на ПЕМ Конвенцијата, измена на Протоколот за земјоделство со Исланд, измена на Протоколот за земјоделство со Кралството Норвешка и измена на Договорот за земјоделски производи со Швајцарската Конфедерација, како и да се спроведе процесот на нивна ратификација.

Во 2021 ќе се ратификува и Спогодбата за партнерство, трговија и соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и ќе отпочнат преговорите занатамошна либерализација на трговијата со Турција.

Исто така во 2021 година се очекува да продолжат и завршат преговорите за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско- прехранбените производи по Договорот за слободна трговија со Украина, да се донесат двете Одлуки на Мешовитиот комитет за измена на протоколите Б и Ц од Договорот и да се спроведе процесот на нивна ратификација.

Вопрвиотквартал во 2021година, ќе се донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба во согласност со Делегираната регулатива 2020/1749 на Советот на ЕЗ за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 на Советот за воспоставување на систем на Заедницата за контрола на извозот, преносот, посредништвото и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба(CELEX бр.32018R192).

Во вториотквартал во 2021година ќе се донесе Закон за изменување и дополнувања на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

## Среднорочни приоритети

Ќе се донесат подзаконските акти од Законот за надворешна трговијата со стоки и услуги кои можат да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување или казна и ќе се ажурира Листата на стоки и технологии за двојна употреба. Дополнително, ќе се развие и програма завнатрешна усогласеност за стратешката контрола на трговијата.

Ќе се имплементираат Спогодбата за партнерство, трговија и соработка со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, постојните Договори за слободна трговија, Дополнителниот протокол 5 и Дополнителниот прокол 6 на ЦЕФТА, како и измените на Протоколите за потекло на стоката.Ќе се продолжи со имплементацијата на контролата на извоз на стоки и технологии со двојна употреба и ќе отпочне имплементацијата на Законот за надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување или казна.

# БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Република Северна Македонија досега има склучено (потпишано) 42 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите. Од нив, 40 билатерални договори се влезени во сила, додека 2 договори се ратификувани само од страна на нашата земја и ќе влезат во сила по завршување на процесот на ратификација во соодветните земји.

Од вкупниот број на склучени договори, 19 договори се склучени со земји членки на Европската Унија и сите се влезени во сила.

На 16 октомври 2019 година престана да важи Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Република Индија.

## Краткорочни/ Среднорочни приоритети

Ќе се подготви нов Нацрт-текст на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите кој претствува основа за преговарање со трети земји. Потребата за негова подготовка е со цел подобрување и усогласување на постоечкиот Нацрт-текст на Договор со современите европски стандарди за ваквиот тип на договори.



# РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА

## Тековна состојба

Не е донесена никаква методологија за пресметување на дадената помош и воведување на механизам за обединување на податоците за доделена развојна помош.

## Краткорочни приоритети

Во областа на развојната политика и хуманитарна помош, на краток рок се планира Министерството за надворешни работи, како надлежна институција за спроведување на развојната политика и соработка, да ги запознае останатите ресорни министерства и надлежни институции со принципите и политичките заложби на ЕУ на овој план содржани во документите на ЕУ и други релевантни меѓународни документи.

## Среднорочни приоритети

Ќе се работи надефинирање на географски и тематски приоритети, создавање дата база за расположивите капацитети на земјата за доделување развојна помош и воведување механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Се очекувадека и новите сознанија околу функционирањето на IATI и EU-DEVFIN ќе помогнат на тој план.

Се планира подготовка на Национална стратегија за развојна соработка, како и подготовка на Закон за спроведување на меѓународна развојна помош.

Дополнително, во наредниот период ќе се работи врз стекнување сознанија за методологија што се користи при известувањето за официјалната развојна помош и обука на администрацијата за методологијата што ја користи OECD/DAC, како би се зголемила институционалната подготвеност за обврските што ќе претстојат на овој план со членството во ЕУ. Се планира да се интензивира соработката со невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

# ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

## Тековна состојба

По избувнувањето на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, Дирекцијата за заштита и спасување го активираше Европскиот механизам за цивилна заштита преку кој се обезбеди помош за справување со здравствените последици од корона вирусот.

Претставниците на ДЗС редовно учествуваат на сите координативни состаноци на Комитетот за цивилна заштита на ЕУ и на Центарот за координација на одговор при катастрофи – ERCC;

Во рамките на програмата Humanitarian Mine Action Program на EUCOM на САД, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување за реализација на заеднички обуки и проекти од областа на антитерористичката заштита и спасување од неексплодирани убојни и други експлозиви.

Во делот на меѓународна соработка, Дирекцијата за заштита и спасување пристапи кон усогласување на меморандуми за соработка за справување со катастрофи и управување со вонредни ситуации со сродни институции од Република Турција, НАТО и Руската Федерација.

Изработен Оперативен план за имплементација на вториот Национален акциски план (НАП) на Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 на ООН – Жени, мир и безбедност 2020-2025;

## Краткорочни приоритети

- Имплементација н апрепораките од Европската оценска мисија – peer review;
- Имплементација на процесот на поврзување со Заедничкиот информатички систем за комуникации во вонредни ситуации на ЕУ – CECIS.

## Среднорочни приоритети

- Развивање Национална стратегија за заштита и спасување со поддршка на Светска Банка, преку проектот за Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Република Северна Македонија и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена со користење на модифициран пристап за решавање на предизвиците поставени од досегашната пандемија, финансиранод ЕУ.
- Измени на Законот за заштита и спасување, паралелно и усогласување со европското законодавство.

## Тековни проекти

- ИПА проектна ЕУ забезбеденпреку-граничен транспорт на опасни материи – во тек.
- ИПА проект за преку-гранична соработка за управување со поплави за реката Вардар – во тек.
- Проект за воспоставување на Инцидентен команден систем (NICS) – со поддршка од САД – во тек.
- Проект за техничка поддршка на Светска Банка за развивање на Национална Стратегија за заштита и спасување (финансиранод ЕК) – во тек.
- ЕУ Проект X-STOCK, за зајакнување на прекуграничната соработка и подготвеност преку взаемно управување со средства и опрема за справување со катастрофи во Југоисточна Европа – во тек е потпишување на Договорот за грант.
- FOC2S проект „Технологии за припадниците на итните служби” ,во рамките на Програмата Хоризонт 2020. Поднесена е апликацијата за проектот.
- НАТО Проект VECTOR (НАТО програма Наука, мир и безбедност) кој обезбедува паметно решение за припадниците на безбедносните служби - апликација за мултимедијално снимање и платформа за команда и контрола во релано време – вотек.
- ИПА регионална програма – ЕУ поддршка за превенција на поплави и управување со ризик од шумски пожари во Западниот Балкан и Турција.


ÖSTERREICHISCHES ROTES KREUZ
RETTU

# ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

## Наоди и препораки од Извештајот на ЕК 2020

Земјата и понатаму е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во текот на извештајниот период, со континуирано учество во мисиите и активностите на ЕУ за управување со кризи. Северна Македонија стана полноправна членка на НАТО во март 2020 година. Во наредната година, земјата особено треба:

- да продолжи да ја подобрува усогласеноста со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.



# Резиме


Република Северна Македонија континуирано се придружува кон декларациите, изјавите и другите документи на ЕУ. Земјата, исто така се придружува и кон одлуките на Советот, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Земјата својатапосветеност кон глобалниот мир и безбедност и споделување на исти вредности со земјите членки на Евроатланската заедница го изразува преку својот придонесво мисијата на ОН „Унифил“ во Либан, во операцијата на ЕУ во БиХ, ЕУФОР „Алтеа“,мисијата за обука на ЕУ во Централноафриканската Република – EUTM RCA како и во мисиите предводени од НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан и „КФОР“ во Косово

Земјата продолжува да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ.

Визниот режим на земјата континуирано се усогласува со визниот режим на ЕУ и истото се спроведува преку размена на ноти, потпишување на меѓународни договори, потпишување на билатерални Спогодби и донесување времени и постојани одлуки на Владата.

# ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА (ЗНБП)

## Тековна состојба

На покана на ЕУ, земјата редовно се придружува кон декларациите, изјавите и другите документи на ЕУ за различни прашања од нејзината надворешна политика, како и на одлуките на Советот со кои се воведуваат рестриктивни мерки против држави, ентитети и лица. Земјата редовно и активно учествува во билатералниот политички дијалог со ЕУ во различни формати и тела.

Советотза борба против перење пари и финансирање на тероризам подготви Извештај за спроведена проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, кој Владата го усвои во март 2020 година. Врз основа на наодите и заклучоците од овој Извештај, Советот подготвува Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Дополнително, Советот ги координира активностите на работната група за проценка на ризик од финансирање на тероризам на непрофитните организации.

Северна Македонија има склучено вкупно 20 билатерални спогодби и договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации со други држави, кои стапиле во сила и се обврзувачки, од кои 15 спогодби се склучени со државите членки на ЕУ. Во тек се активности за склучување билатерални договори со Грција, Португалија, Норвешка и САД.

Земјата продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. Во 2020 година, земјата продолжи со прифаќање на декларациите, изјавите и правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.

Законот за класифицирани информации во кој е транспонирана Одлуката на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ (CELEX бр. 32013D0488) влезе во сила на 3

јануари 2020 година. Во тек се активности за усогласување на текстовите на релевантните подзаконски акти и активности за позиционирање на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во националното законодавство поврзано со сајбер заштитата.

Владатаго достави до Собранието новиот Предлог Закон за развој, производство и промет на воени стоки. Предлог законот е делумно усогласен со Заедничката позиција на Советот 2003/468/ ЗНБП од 23.06.2003 за контрола на посредувањето во трговијата со оружје во насока на контрола на прометот со оружје со цел да се избегне заобиколувањето на ембаргото на ОН, ЕУ или ОБСЕ за извоз на оружје, како и да се имплементираат критериумите утврдени во Заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП од 8 декември 2008 година со која се дефинираат заедничките правила коишто ја пропишуваат контролата на извозот на воена технологија и опрема, со оглед на тоа што одделни членови на Заедничките позиции се однесуваат само за земјите членки во ЕУ.

Формирана е Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки.

Со цел усогласување со Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година, за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање на оружје со цел да се осигура дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено, како и со измената на регулативата од 05 Март 2018 година, донесен е Правилник за техничките спецификации за деактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на деактивираното оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за деактивирање на огнено оружје. Правилникот е донесен и објавен во Службен весник, број 221 од 16.09.2020. Истиот е во сила од 17.09.2020 година.

# Краткорочни приоритети

## Правна рамка

Во Министерството за внатреши работи во тек е изготвување на Нацрт на нов Закон за експлозивни материи за цивилна употреба. Истиот ќе ги опфати двата закони кои во моментот се применуваат, а се од поранешната СФРЈ, односно Законот за заштита на експлозивни материи и Закон за промет на експлозивни материи. Текстот на законот ќе биде усогласен со регулативата на ЕУ за експлозиви за цивилна употреба. Планирано е истиот да биде донесен до крајот на 2021 година. Заради понатамошно усогласување со правото на ЕУ, се врши усогласување на правната рамка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од V Директива (2018/843), односно се подготвува нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и подзаконските акти.

## Институционална рамка

Ќе продолжат активностите за обука на државните службеници во доменот на ЗНБП. Приоритет ќе биде ставен на обука на извршителите задолжени за спроведување на меѓународните рестриктивни мерки и контрола на оружјето.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ и користење на ТАИЕКС инструментот на ЕК. Воедно, ДБКИ ќе продолжи и со активното учество во регионалните иницјативи за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите на поранешна Југославија (форумот 6С) и на земјите од Југоисточна Европа (форумот СЕЕНСА).

Се планира зајакнување на секторот за хемикалии со нови вработувања, за да се подобри функционалноста во делот на спроведување на Конвенцијата и поголема ефективност во работењето.

Во рамки на активностите на Министерството за надворешни работи се набавија 10 базни и 6 мобилни станици наменети за дипломатско-конзуларните претставништва со вкупна вредност од 160,000 евра проект финансиран од националниот буџет. Планирана е надградба и поврзување на Националниот визен информациски систем НВИС со интегрираната база на податоци за странци ИБАС.

Во делот на обележување на граничната линија со Грција планирано е поставување на пловки на Преспанското езеро, согласно Спогодбата за отворање на граничен премин меѓу двете земји во регионот на Преспанското езеро. Планирано е и отворање на локален граничен премин Лојане–Миратовацсо Србија.

Проектот за борба против економски криминал- II Фаза имплементира[127] мерки за унапредување на демократијата и владеењето на правото преку спречување и контрола на перењето пари и финансирањето на тероризам во согласност со европските и другите меѓународни стандарди. Проектот со времетраење од 36 месеци е финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа. Согласно утврдениот работен план, предвидена е реализација на активности за усогласување на законодавството со новите меѓународни стандарди, за зајакнување на аналитичките капацитети, унапредување на капацитетите за супервизија, како и капацитетите за имплементација на рестриктивните мерки против финансирање на тероризам и пролиферација на оружје за масовно уништување.

Проектот Спречување на нелегални финансиски текови (2019-2022), германско-норвешка соработка имплементирана од страна на ГИЗ, за главна цел има да ги унапреди на капацитетите Управата за финансиско разузнавање и Народната банка за борба против нелегалните финансиски текови. Проектот има три подрачја во кои ќе се реализираат мерки за превенција, истраги и утврдување на негелно стекнатиот имот. Мерките за превенција треба да обезбедат: унапредување на регулативата преку обезбедување поголема транспарентност на сопственоста на правни лица (функционирање на Регистарот на вистински сопственици), иматели на сметки (воспоставување на Регистар на иматели на сметки), утврдување на изложеноста на непрофитните организизции на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, зајакнување на капацитетите на субјектите и др.

УФР е главен корисник и на проектот финансиран од страна на Амбасадата на Холандија - “Зајакнување на капацитетите на Управа за финансиско разузнавање во Северна Македонија”, чија главна цел е унапредување на капацитетите на УФР за ефикасна имплементација на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање тероризам.

127 Со период на имплементација 2019-2023

# Среднорочни приоритети

## Правна рамка

Се предвидува измена и дополнување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја[128] со вметнување на одредби за контрола на хемикалии кои се во Листата I од Конвенцијата за забрана на хемиско оружје.

## Институционална рамка

По однос на среднорочните приоритети на Министерството за надворешни работи планирани се надградба на Националниот визен информациски систем НВИС, Трета генерација до 2023 година, финасиран преку националниот буџет и отворање на граничниот премин со Република Грција Маркова Нога – Лемос,финасиран преку ЕУ во вредност од вкупно 4,5 милиони евра до крајот на 2023 година.

Во рамки на долгорочните приоритети на Министерството за надворешни работи планирани се надградба на Националниот визен информациски систем НВИС за земање и чување на биометриски податоци во постапката за барање и издавање на визи, отварање на меѓународен граничен премин Лојане –Миратовацсо Србија до крајот на 2025 годинаи врз основа на потпишаната  спогодба (02 април 2019 година во Скопје) отварање на нов граничен премин со Република Грција (Мајден - Промахои), финасиран проект од ЕУ.

128 Сл.В бр. 71/06,

# ЗАЕДНИЧКА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА (ЗБОП)

## Тековна состојба

Со депонирање на документот за ратификација во Вашингтон на 27 март 2020 година, Република Северна Македонија официјално стана 30-та земја членка во Северноатлантскиот сојуз (НАТО), со што нашата земја исполни голем приоритет на стратегиската агенда во делот на надворешната политика. Во ноември 2020 година беше заокружена правната рамка и беа ратификувани преостанатите договори, меѓу кои и двата обврзувачки Договори, 1) во врска со статусот на нивните сили (Лондонскиот СОФА договор) од 19 јуни 1951 година и 2) Протоколот за статусот на меѓународните воени команди воспоставени со Северноатлантскиот договор (Протоколот од Париз) од 28 август 1958 година.

Со изработката на Стратегискиот одбранбен преглед, дадена е визија за развој на идните капацитети и способностите на Министерството за одбрана и Армијата, согласно стандардите на Алијансата. Во март 2020 година Претседателот на Република Северна Македонија ја потпиша новата Стратегија за одбрана. Со Стратегијата се поставени амбициозни, но остварливи цели - создавање модерен и ефикасен систем за одбрана, распоредлива, одржлива и интероперативна Армија, опремена со современи борбени системи и обучена согласно стандардите на земјите членки на НАТО. Стратегијата ја зема предвид и потребата од сеопфатен пристап, транспарентност, интензивирана соработка и заеднички пристап во справувањето со современите закани, ризици и предизвици, кои се хибридни по природа.

Со цел поврзување на комуникациско информациските системи на Република Северна Македонија со НАТО, извршена е безбедносна акредитација на Систем за размена на класифицирани информации преку NSWAN (NATO Secret Wide Area Network) до степен Строго Доверливо (NATO SECRET).

Во 2021година продолжи придонесот на земјата во операцијата на ЕУ во БиХ,ЕУФОР „Алтеа”, со 1 штабен офицер, во мисијата на ОН „УНИФИЛ” во Либан со 3 штабни офицери, во мисијата предводена од НАТО „Одлучна поддршка” во Авганистан, која ја завршивме во јуни 2021 година, како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” на Косово, преку Координативниот центар за поддршка на силите на КФОР во Косово. Од 01 ноември 2020 година, Република Северна Македонија за прв пат како полноправна членка на НАТО упати свој контингент (вкупно 44 лица) во НАТО мисијата „КФОР” во Косово, а се планира и дополнителен и зајакнат придонес. Дополнително, за прв пат беа упатени 2 лица – штабен персонал во мисијата за обука на ЕУ во Централноафриканската Република – EUTM RCA, во која во моментов се одвива втората ротација.

Исто така, заради поддршка на авганистанските власти да преземат потполна одговорност за нивната безбедност, почнувајќи од 2019 година Северна Македонија придонесува со 200.000 евра (225.000 USD) на годишно ниво во Доверителниот фонд за Авганистанската национална армија (ANA Trust Fund) и ќе продолжи со истиот придонес на годишно ниво до 2022 година.

Во јуни 2019 г. земјата за прв пат се вклучи во НАТО процесот на одбранбено планирање (NATO Defence Planning Process - NDPP). Во септември 2020 година Владата ги прифати првите нацрт Цели на способности 2021, вклучувајќи ги и распоредливите способности за НАТО предводени операции. Согласно планираната динамика на процесот, здружените консултации со НАТО се одржаа на 30-31 март 2021 година, а мултилатералните консултации се закажани за 13 јули 2021 година.

Државата на покана на ЕУ, продолжи да учествува на состаноците на Политичкиот безбедносен комитет (ПБК) на ЕУ со земјите кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ (ЕУ + 8), состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ + 8, на Комитетот на Контрибутори во операцијата „Алтеа” и на ЕУ Глобалните конференции за генерирање сили/на сесиите за „Алтеа” и „EUTM RCA”,како и на координативните конференции за борбените групи на ЕУ.

Воената академија „Генерал Михајло Апостолски” стана придружен соработник на мрежата (Associated Network Partner) на Европскиот колеџ за безбедност и одбрана (ESDC), на 18 мај 2020 година, кога беше прифатена апликацијата од страна на управувачкиот комитет на ESDC. Воената академија од тогаш зема активно учество на поголем дел од состаноците организирани од страна на Извршниот академски одбор на ESDC, групата за Сајбер безбедност, како и други работни групи во рамките на ESDC.

Република Северна Македонија изрази подготвеност за учество во борбената група на ЕУ во првата половина на 2023, ЕУБГ 2023/1- HELBROC, предводена од Грција.

Земјата континуирано и активно спроведува одбранбена соработка на билатерално, регионално и мултилатерално ниво, преку учество во регионалните иницијативи, А-5 Јадранската повелба, процесот на соработка на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа (SEDM) и Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа (SEEBRIG), Балканските медицински наменски сили (БМНС), Концептот на рамковни нации – Групација предводена од Италија (FNC ITA Grouping) и др. Учествува во сите регионални иницијативи кои имаат за цел унапредување на безбедноста, споделување на заедничките способности и капацитети за постабилна иднина на граѓаните.

Почнувајќи од јули 2020 година командата на Мултинационалната бригада на Југоисточна Европа (SEEBRIG) е стационирана во нашата земја, односно во кумановската касарна „Боро Менков". SEEBRIG претставува најзначаен и најкомлексен проект во регионалната Иницијатива за соработка на министрите за одбрана на Југоисточна Европа (SEDM), а честа да бидеме домаќини на командата ни е доделена за периодот до 2026 година.

Северна Македонија е еден од иницијаторите за изградба на Балканските медицински наменски сили (BMTF), чија постојана организација (штаб) е со постојано седиштето во Скопје. Во период од 2014 до 2020 година земјата претседаваше со Управниот одбор на BMTF. Почнувајќи од 2020 до 2022 година, Северна Македонија од Република Србија ја презеде обврската на Рамковна земја на BMTF што подразбира преземање на Командата со BMTF и обезбедување на сопствената маневарска копнена полска болница ниво 2, како и придонес со најголем дел во персонал и останата опрема.

Во октомври 2020 година, Министерството за одбрана одлучи да се приклучи кон Концептот на рамковни нации – Групација предводена од Италија (FNC ITA Grouping) за унапредување на одбранбените капацитети и придонес кон колективната безбедност во НАТО и ЕУ контекст.

Земјата продолжува со поддршка на работата на САД-Јадранската Повелба како важен регионален формат за развојот на политичко безбедносната соработка меѓу земјите од регионот и заеднички одговор на кризните ситуации.

Од октомври 2020 година, земјата заедно со останатите земји од Западен Балкан учествува како набљудувач во иницијативата Централно Европска безбедносна соработка (Central European Defense Cooperation - CEDC), на покана од Република Словенија како претседавач со истата. Унапредувањето на соработката на ЕУ со земјите од Западен Балкан, во „ЗБОП форматот плус" претставува можност за поголемо вклучување на регионот во ЗБОП, односно регионална соработка која би имала за цел изградба на капацитети во областа на хибридните закани, сајбер одбраната, борбата против дезинформации, подобрување на стратегиските комуникации, заеднички вежби од областа на кризното управување, заеднички курсеви и обуки во ЗБОП контекст, заеднички напори во медицинска евакуација во случај на кризни состојби, подобрување на воената мобилност и сл. базирани на проценетите потреби на партнерите од регионот.

Министерството за одбрана презеде главна улога во координација на родовата перспектива и спроведувањето на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН. Министерството за одбрана е надлежна институција за координација на процесот на изработка и имплементација на Вториот национален акциски план (НАП) на земјата за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност" (2020 – 2025). Вториот НАП за Рез.1325 беше изработен преку инклузивна општествена интеграција, како и со експертска поддршка обезбедена од Обединетото Кралство. Вториот НАП за Рез.1325 – стратегиска рамка беше усвоен од страна на Владата во месец јули 2020 година. Истиот претставува петогодишен стратегиски план за постигнување на вистинска родова еднаквост, интеграција и транспарентност на национално ниво, а во насока на исполнување на нашата меѓународна обврска кон агендата Жени, мир и безбедност, со што се заокружи првата етапа од процесот на изработка на Вториот НАП. Завршена е втората етапа – изработка на Оперативни планови за имплементација на Вториот НАП (2020 – 2025) од страна на институциите на национално и локално ниво,. Процесот на имплементација на Вториот НАП за Рез.1325 започна од месец јануари 2021 година и ќе трае до крајот на 2025 година. Во третата етапа ќе следи процес на координација, мониторинг и евалуација на спроведувањето на Вториот НАП за Рез.1325 во периодот 2021 – 2025 година. За оваа цел Министерството за одбрана формираше Тело за координација, мониторинг и евалуација, кое е примарен национален оперативен механизам за обезбедување на ефикасно и транспарентно спроведување на Вториот НАП.

Република Северна Македонија спроведе сеопфатен процес на проценка на капацитетите на институциите за справување со хибридните закани во текот на 2019 година. Проценката ја спроведе Работна група за градење отпорност од хибридни закани и ризици, согласно насоките и барањата на Европската унија. Европската служба за надворешно дејствување даде препораки за надминување на утврдените слабости, кои беа усвоени од страна на Владата. Согласно препораките, беше изработена нацрт Стратегија за градење отпорност и справување со хибридни закани, која со примена на приниципот на „сеопфатен пристап на општеството", беше разгледана на јавна расправа од страна на владини и невладини организации, приватниот сектор и академската заедница. Стратегијата и придружниот Акциски План се во фаза на одобрување од страна на Владата на Република Северна Македонија.

## Краткорочни приоритети

Република Северна Македонија е посветена на определбата за споделување на товарот со земјите членки на Алијансата. Во таа насока е определбата за достигнување на 2% од БДП за одбранбените трошоци до 2024 година,како и инвестирање на 20% од одбранбениот буџет за опремување и модернизација, почнувајќи од 2021 година. Тежиштето е ставено на опремувањето на копнените сили и капацитетите декларирани за НАТО и ЕУ.

Во 2021 година ќе продолжи придонесот во операцијата на ЕУ во БиХ, ЕУФОР „Алтеа" со 1 лице штабен офицер, како и учеството со 2 лица – штабен персонал во мисијата за обука на ЕУ во Централноафриканската Република – EUTM RCA.

Ќе продожли учеството на координативните конференции за борбените групи на ЕУ, како и учество на вежбата на ЕУ, MILEX , по покана од ЕУ (земавме учество на вежбата на MILEX 21, во својство на набљудување, со 2 лица).

.

Во насока на градење на административни капацитети, земјата ќе продолжи да учествува со свои претставници на обуки од доменот на ЗНБП и ЗБОП согласно потребите и можностите.

Ќе продолжи унапредувањето на соработката во доменот на ЗБОП преку мултилатерални и регионални иницијативи и преку билатерална соработка со земјите членки на ЕУ.

Земјите од САД-Јадранската повелба со заеднички сили ќе продолжат да работат на имплементација на проектите во духот на НАТО концептот за Паметна одбрана во сферата на опремувањето и модернизацијата, заедничко образование и обука, заеднички придонес во меѓународните операции и други заеднички регионални проекти.

Република Северна Македонија ќе продолжи со следење на процесот и предизвиците во меѓународните операции и мисии за поддршка на мирот, а во согласност со капацитетите и способностите дефинирани во среднорочниот план за учество во операции и мисии и алоцираниот буџет, ќе го зголеми своето учество во НАТО предводени операции и мисии.

Имено, заради споделување на исти вредности и предизвици со земјите членки на НАТО, во НАТО Процесот на одбранбено планирање (NDPP), на земјата и се доделени Цели на способности, меѓу кои и еден хируршки тим (шест лица медицински персонал) со високо ниво на готовност. Хируршкиот тим беше распореден во НАТО операцијата „Одлучна поддршка" во Кабул, ИР Авганистан, во период од март до јуни 2021 година во рамките на ROLE2 полска болница на Кралството Норвешка.

Во текот на 2021 година значително ќе го зголемиме придонесот во НАТО операцијата КФОР на Косово. Во тој контекст, почнувајќи од мај, нашиот придонес во оваа операција е 44 лица, и дополнително од август придонесот ќе го зголемиме за 21 лице.

Во рамките на мисијата на НАТО во Ирак, во 2021 година планираме придонес со 4 лица (2 воени и 2 цивилни), кои треба да бидат распореддени до крајот на годината.

Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата продолжуваат со следење на состојбата во зоната на распоредување на силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата - Засилено истурено присуство во регионот на Балтикот и во тој контекст ќе продолжат консултациите и координација со сојузниците за распоредување на персонал во текот на 2021 година.

Земјата во рамките на планираната динамика на НАТО процесот на одбранбено планирање (NATO Defence Planning Process - NDPP, а согласно расположивите капацитети и способности, ги доби првите Цели на способности (Capability Targets) во 2021 година.

## Среднорочни приоритети

Со цел унапредување и зајакнување на постојната соработка со ЕУ, согласно своите можности и капацитети, земјата ќе ја разгледа можноста за дополнително зголемување на своето учество во меѓународни мисии предводени од ЕУ во периодот кој следи, додека за првата половина од 2023 година изрази намера за придонес во борбената група на ЕУ - HELBROC предводена од Грција (EUBG 2023-1).

Со цел унапредување и зајакнување на постојната соработка со НАТО, државата планира да го зголеми своето учество во меѓународни вежби и мисии предводени од НАТО согласно обврските и расположивите капацитети.



